Ноам Чомски

Нужни илузии:
контрола на мислата во демократските општества

СОДРЖИНА

Вовед
Прва глава: Демократијата и медиумите
Втора глава: Задржувајќи го непријателот
Трета глава: Границите на изразливото
Четврта глава: Додатоци на владата
Петта глава: Корисноста на толкувањата
Прв додаток
1. Моделот на пропаганда: некои методолошки разгледувања
2. За критичката рамнотежа
Втор додаток
1. Доктрината на задржувањето
2. Црвеното застрашување
Трет додаток
1. Светоста на границите
Четврт додаток
1. Вештината на "историски инженеринг"
2. Обврската за молчење
3. Самитите
4. Медиумите и меѓународното мислење
5. Демолирање на договорот
Петти додаток
1. САД и костариканската демократија
2. "Злата клетва на тероризмот"
3. Херои и ѓаволи
4. "Мировниот процес" на Блискиот исток
5. Најдобрата одбрана
6. "Ла пренса" и нејзините колеги
7. "Храброста за зачувување на граѓанските слободи"
8. Борбата што продолжува
Поговор: Медиумите и контролата на мислата во демократските општества (Здравко Савески)

Вовед

Петте поглавја што следат се модифицирани верзии на петте предавања од Мејси 1988 година што ги одржав преку радиото на Канадската радиодифузна корпорација во ноември 1988 година. Овие предавања сугерираат одредени заклучоци во врска со функционирањето на најнапредните демократски системи на современата ера и особено во врска со начините преку кои мислата и разбирањето се обликуваат во интерес на домашната привилегираност. Овие пет поглавја се пропратени со додатоци чија намера всушност е да послужат како проширени фусноти што ќе зајакнат некои од изнесените поенти, а кои се одвоени од текстот со цел да не се замагли премногу континуитетот на расправата. За секое поглавје има додаток поделен во оддели. Секој оддел се однесува на делот од текстот кому му служи како додаток. Овие додатоци треба да се сметаат само како илустрации. Како што посочуваат референците, некои од темите допрени во текстот и додатоците подетално се истражени на друго место. Многу од нив заслужуваат сериозни истражувачки проекти.

Проблемите што се јавуваат имаат корени во природата на западните индустриски општества и за нив се дебатирало уште од нивните почетоци. Во капиталистичките демократии постои одредена тензија во поглед на локусот на моќта. Во демократиите, во принцип, владее народот. Но моќта за донесување одлуки во одредено области на животот лежи во приватни раце, што има далекусежни ефекти врз општествениот поредок. Еден начин да се реши тензијата би било проширување на демократскиот систем врз инвестициите, организацијата на трудот итн. Тоа би претставувало главна општествена револуција што, барем според мене, ќе ги доврши политичките револуции на претходната ера и ќе оствари некои од слободарските принципи врз кои тие делумно беа засновани. Или тензијата може да се разреши, и понекогаш така се разрешува, со насилно елиминирање на јавното попречување на државата и на приватната моќ. Во напредните индустриски општества на проблемот обично му се пристапува на таков начин што демократските политички структури преку најразлични средства се лишуваат од суштинската содржина, при што се остваат формално недопрени. Голем дел од оваа задача ја вршат идеолошките институции кои ја канализираат мислата и ставовите во прифатливи граници, пренасочувајќи го секое потенцијално предизвикување на етаблираната привилегираност и авторитет пред тоа да се оформи и да се здобие со сила. Потфатот има многу страни и причинители. Јас во главно ќе се занимавам со еден аспект: контрола на мислата што се врши со посредство на националните медиуми и на поврзаните елементи на елитната интелектуална култура.

Според мене, овие работи се премалку истражени. Мое лично чувство е дека граѓаните на демократските општества треба да преземат курс на интелектуална самоодбрана за да се заштитат себеси од манипулацијата и контролата и за да воспостават темели за една позначајна демократија. Ова е грижата што го мотивира материјалот што следи и на многу од наведените трудови во прилог на расправата.

Прва глава
Демократијата и медиумите

Под насловот "Бразилските бискупи го поддржуваат планот за демократизација на медиумите" еден јужноамерикански весник заснован врз црквата го опишува предлогот околу кого се дебатираше во конститутивното собрание кој "ќе ги отвори бразилските моќни и високо-концентрирани медиуми за граѓанската партиципација." "Бразилските католички бискупи се помеѓу главните бранители (на овој - Н. Ч.)... законодавен предлог за демократизација на средствата за комуникација во земјата" - продолжува извештајот, забележувајќи дека "Бразилската телевизија е во рацете на пет големи мрежи (додека - Н. Ч.)... осум огромни мултинационални компании и разни државни претпријатија го претставуваат мнозинството од вкупното рекламирање со посредство на комуникациите." Предлогот "предвидува создавање на Совет за национални комуникации составен од јавни и владини претставници (што - Н. Ч.)... ќе развие демократска комуникациска политика и доделување дозволи на радио и телевизиските оператори." "Бразилската конференција на католичките бискупи постојано го нагласува значењето на средствата за комуникација и се залага за партиципација од базата. Таа ги одбра комуникациите за тема на својата Лентенска кампања во 1989 година," секојагодишна "кампања на рефлексија околу некое социјално прашање на ниво на парохија."[1]

Во многу делови од светот сериозно се расправа за прашањата изнесени од бразилските бискупи. Во неколку земји од Латинска Америка и од останатиот дел од светот во тек се проекти преку кои тие се истражуваат. Се расправа околу "Новиот светски информациски поредок" што ќе го диверсифицира пристапот кон медиумите и ќе ги охрабри алтернативите на глобалниот медиумски систем со кого владеат западните индустриски сили. Истражувањето на УНЕСКО во врска со таквите можности предизвика крајно непријателска реакција во САД.[2] Наводната грижа беше слободата на печатот. Меѓу прашањата што би сакал да ги изнесам како што напредуваме се: колку оваа грижа е сериозна и што е нејзината суштинска содржина? Останатите прашања што лежат во позадина се поврзани со демократската комуникациска политика: што би можела таа да биде, дали е пожелна, и ако е, дали е можна. И поопшто, каков вид на демократски поредок е оној кон кого се стремиме?

Концептот за "демократизирање на медиумите" нема реално значење во рамките на политичката расправа во САД. Всушност, изразот има парадоксален па дури и нејасно субверзивен призвук. Граѓанската партиципација ќе се смета за кршење на слободата на печатот, за удар врз независноста на медиумите што ќе ја искриви мисијата што тие ја презеле со цел без страв или наклонетост да ја информираат јавноста. Реакцијата заслужува одредено промислување. Зад неа стојат верувањата за тоа како функционираат медиумите и како треба да функционираат во нашиот демократски систем, а и одредени имплицитни концепции за природата на демократијата. Да ги разгледаме овие теми по ред.

Стандардната слика за медиумската изведба, искажана од судијата Гарфајн при една одлука со која се отфрлаа владините обиди за забрана на

[1] José Pedro S. Martins, *Latinamerica Press* (Lima), March 17, 1988.
[2] Види Philip Lee, ed., *Communication for All* (Orbis, 1985); William Preston, Edward S. Herman, and Herbert Schiller, *Hope and Folly: the United States and UNESCO, 1945-1985* (U. of Minnesota).

издавањето на "Вашингтон пејпрс", е дека имаме "зајадлив печат, тврдоглав печат, сеприсутен печат" и дека ваквите трибини за народот "оние на власт мораат да ги трпат со цел да се зачуваат уште поголемите вредности на слобода на изразувањето и на правото на луѓето да знаат." Коментирајќи ја оваа одлука, Ентони Луис од "Њујорк тајмс" смета дека медиумите не секогаш биле толку независни, внимателни и непослушни во однос на власта како што се денес, но за времето на Виетнам и Вотергејт тие научија да ја практикуваат "моќта да се вкоренат во нашиот национален живот за да го разобличуваат она што сметаа дека треба да се разобличува" без обзир на надворешните притисоци или на барањата на државата или на приватната моќ. И ова е општо прифатено верување.[3]

Во овој период многу се дебатираше околу медиумите, но не во врска со проблемот на "демократизирање на медиумите" и на нивното ослободување од стегите на државата и приватната моќ. Напротив, прашањето околу кое се расправа е дали медиумите не ги преминале пристојните граници при избегнувањето на таквите стеги, дури и загрозувајќи го опстанокот на демократските институции преку своето контроверзно и неодговорно спротивставување на власта. Една студија на Трилатералната комисија од 1975 година за "владејачкиот капацитет на демократиите" заклучи дека медиумите станале "важен нов извор на националната моќ", еден аспект на "прекумерноста на демократијата" што придонесува за "намалување на владиниот авторитет" дома и следствено "опаѓање на влијателноста на демократијата во странство." Оваа општа "криза на демократијата", смета Комисијата, е резултат на обидите на претходно маргинализираните делови од населението да се организираат и да притиснат во прилог на своите барања, создавајќи на тој начин преоптоварување кое го спречува демократскиот процес правилно да функционира. Порано, "Труман можеше да владее со земјата преку соработка со сразмерно мал број на правници и банкари од Волстрит" - размислува американскиот *rapporteur** Семјуел Хантингтон од Харвардскиот универзитет. Во тој период немаше криза на демократијата, но во 60-тите кризата се разви и достигна сериозни размери. Затоа студијата повикува на "умереност во демократијата" за да се ублажи прекумерноста на демократијата и да се надмине кризата.[4]

Зборувајќи со јасен јазик, општата јавност мора да се сведе на својата традиционална апатија и послушност и да се отстрани од аренатa на политичката дебата и делување, ако демократијата треба да опстане.

Студијата на Трилатералната комисија ги одразува перцепциите и вредностите на либералните елити на САД, Европа и Јапонија, вклучувајќи ги тука и водечките фигури на Картеровата администрација. Кај десницата, перцепцијата е дека демократијата е загрозена од организираните обиди на оние што се нарекуваат "посебни интереси", концепт во современата политичка реторика што се однесува на работниците, фармерите, жените, младите, старите, хендикепираните, етничките малцинства итн. - накратко општото население. За време на претседателските кампањи во 80-те во САД, демократите беа обвинети дека се инструменти на овие посебни интереси и дека на тој начин го

[3] "Freedom of the Press -- Anthony Lewis distinguishes between Britain and America," *London Review of Books,* Nov. 26, 1987.

[*] Rapporteur (фра) - известувач (заб. на прев.).

[4] M. P. Crozier, S. J. Huntington, and J. Watanuki, *The Crisis of Democracy: Report on the Governability of Democracies to the Trilateral Commission* (New York University, 1975).

поткопуваат "националниот интерес", при што преќутно се смета дека тој е претставен од секторот кој маркантно е изоставен од листата на посебни интереси: корпорациите, финансиските институции и останатите бизнис елити.

Малку вреди обвинението дека демократите ги претставуваат посебните интереси. Напротив, тие ги претставуваат останатите елементи од "националниот интерес" и учествуваа со мала грижа на совеста во десното свртување на елитните групи во пост-виетнамската ера, што вклучуваше расклопување на ограничените социјални програми создадени за да ги штитат сиромашните и непривилегираните; трансфер на ресурсите до богатите; претворање на државата, уште повеќе од порано, во социјална држава за привилегираните и проширување на државната моќ и на заштитениот државен сектор на економијата врз воениот систем - средство за да се натера јавноста дома да ја субвенционира индустријата за висока технологија и да обезбеди државно-гарантиран пазар за неговото опаднато производство. Поврзан елемент на ова десно свртување беше "поактивната" надворешна политика со цел проширување на моќта на САД преку субверзии, меѓународен тероризам и агресии: Регановата доктрина, која медиумите ја окарактеризираа како енергична одбрана на демократијата ширум светот, при што само понекогаш ги критикуваа реганистите поради нивните екцеси при оваа благородна кауза. Општо кажано, опозицијата на демократите нудеше ограничена поддршка за овие програми на Регановата администрација, кои всушност во голема мера беа екстраполација на иницијативите од времето на Картер и на кои, како што анкетите јасно покажуваат, општото население со мали исклучоци силно се противеше.[5]

Предизвикувајќи ги новинарите на конвенцијата на демократите во јули 1988 година во врска со постојаното реферирање кон Мајкл Дукакис како "премногу либерален" за да победи, организацијата за набљудување на медиумите "Чесност и точност во известувањето" (ФАИР) ја цитираше анкетата од декември 1987 година на "Њујорк тајмс" и CBS која покажуваше преовладувачка јавна поддршка за владините гаранции за полна вработеност, за медицинска и дневна грижа и 3 наспроти 1 разлика во корист на намалување на воените трошоци помеѓу 50-те проценти од населението што се согласува со промените. Сепак изборот на демократ со регановски стил за потпретседател измами само восхит од медиумите за прагматизмот на демократите при спротивставувањето на левоориентираните екстремисти кои се повикуваа на политиките поддржани од големото мнозинство на населението. Всушност, додека јавните ставови за време на 80-тите продолжија да се движат кон еден вид на либерализам од типот на Њу Дил, "либералноста" стана ужасен збор во политичката реторика. Анкетите покажуваат дека скоро половина од населението верува дека американскиот устав - свет документ - е изворот на Марксовиот израз "секој според своите способности, секому според неговите потреби," толку очигледно правилно се чини ова чувство.[6]

---

[5] Види ги моите *Turning the Tide* (South End, 1985, глава 5) и *On Power and Ideology* (South End, 1987, петто предавање). За подетални испитувања на овие проблеми види Thomas Ferguson and Joel Rogers, *Right Turn* (Hill & Wang, 1986). За сумирање на домашните последици види Emma Rothschild, "The Real Reagan Economy" и "The Reagan Economic Legacy," *New York Review of Books,* June 30, July 21, 1988.

[6] FAIR, Press Release, July 19, 1988. Poll on Constitution, *Boston Globe Magazine,* Sept. 13, 1987, цитирано од Julius Lobel, in Julius Lobel, ed., *A Less than Perfect Union* (Monthly Review, 1988, 3).

Регановите "убедливи" изборни победи во целата земја не треба да залажуваат. Реган ги освои гласовите на помалку од 1/3 на електоратот; од оние што гласаа, јасно мнозинство се надеваше дека неговите законодавни програми нема да бидат донесени, додека половината од населението продолжи да верува дека владата ја водат "неколку крупни интереси кои се грижат за себе."[7] Можејќи да избираат помеѓу реганистичката програма на кејнзијанистички растеж проклети-да-се-последиците придружен со џингоистичко мафтање со знамето од една страна и алтернативата на фискален конзерватизам и на "ние ги одобруваме вашите цели, но се плашиме дека цената ќе биде превисока" на демократите од друга страна, оние што вложија напор да гласаат го преферираа првото - не многу зачудувачки. Елитните групи ја имаат задачата ладнокрвно да ги истакнуваат и да им се восхитуваат на брилијантните успеси на нашиот систем: "модел на демократија и на општество кое исклучително добро ги обезбедува потребите на своите граѓани" - како што изјавија Хенри Кисинџер и Сајрус Венс во прецизните "Двопартиски цели за надворешната политика" во пост-регановата ера. Но настрана од едуцираните елити, голем дел од населението изгледа дека ја смета власта за средство на моќта надвор од неговото влијание и контрола; и ако неговото искуство не е доволно, еден поглед кон споредбените статистики ќе покаже колку прекрасно најбогатото општество во светот, со своите неспоредливи предности, "ги обезбедува потребите на своите граѓани."[8]

Всушност, феноменот Реган може да понуди индикација за насоката во која се движат капиталистичките демократии со своето растечко отстранување на синдикатите, независните медиуми, политичките здруженија и, поопшто, на облиците на народни организации кои ѝ се мешаат на концентрираната приватна моќ во превласта врз државата. Голем дел од надворешниот свет на Реган гледаше како на "бизарен каубојски водач" вмешан во акти на "лудило" при организирањето на "банда на сечачи на грла" кои ја нападнаа Никарагва, помеѓу останатите нивни намени (според зборовите од уводниците на "Глоуб енд мејл" од Торонто),[9] но американското јавно мислење изгледа дека него го сметаше за нешто само малку повеќе од симбол на национално единство, нешто како знаме, или пак како англиска кралица. Кралицата го отвора Парламентот читајќи одредена политичка програма, но никој не прашува дали таа верува во неа или дури дали ја разбира. Согласно со тоа, јавноста не изгледаше загрижена поради доказите, што тешко се побиваат, дека претседателот Реган поседуваше само најматна претстава за политиките што се донесуваа во негово име или за фактот дека штом не беше правилно програмиран од својот персонал, редовно излегуваше со изјави толку чудни што би биле засрамувачки ако сериозно би се сфатиле.[10] Процесот на исклучување на јавното попречување во важните работи оди чекор напред кога изборите не ѝ овозможуваат на јавноста дури ниту да избира помеѓу програми што потекнуваат од други места и наместо тоа стануваат само процедура за избор на симболичка фигура. Токму затоа од

[7] *New York Times*-CBS poll; Adam Clymer, *NYT*, Nov. 19, 1985.

[8] Kissinger and Vance, *Foreign Affairs,* Summer 1988. Како еден пример, помеѓу 20 индустријализирани земји САД се рангирани како 20-ти според стапката на смртноста на новороденчињата со стапка повисока од Источна Германија, Ирска, Шпанија итн. *Wall Street Journal,* Oct. 19, 1988. За истражување на продлабочувачката сиромаштија, особено за време на Регановата администрација, види Fred R. Harris and Roger Wilkins, eds., *Quiet Riots* (Pantheon, 1988).

[9] *Globe and Mail,* March 28, 18, 5, 1986.

[10] За илустрација, види Mark Green and Gail MacColl, *Reagan's Reign of Error* (Pantheon, 1987).

одреден интерес е тоа што САД осум години функционираа скоро без главен извршен орган.

Враќајќи им се на медиумите, обвинети дека ги разгоруваат злокобните пламени на "прекумерноста на демократијата", Трилатералната комисија заклучи дека "пошироките интереси на општеството и на владата" бараат во случај новинарите да не пропишат "стандарди на професионализам", "алтернатива да биде регулација од страна на владата" со цел "да се обнови рамнотежата помеѓу владата и медиумите." Одразувајќи ја сличната загриженост, извршниот директор на "Куќата на слободата",* Леонард Сасмен запраша: "Дали слободните институции мораат да бидат соборени токму поради самата слобода што ја поддржуваат?" А Џон Рош, официјален интелектуалец за време на Џонсоновата администрација, одговори со повик на истрага во Конгресот во врска со "работата на овие приватни влади" кои толку грубо ги искривуваа извештаите при својата "анти-Џонсоновска мисија", иако тој искажа страв дека Конгресот исто така ќе биде "заплашен од медиумите" при преземањето на таа итна задача.[11]

Сасмен и Рош коментираа во врска со двотомната студија на Питер Бреструп, спонзорирана од "Куќата на слободата", за медиумското покривање на Тет офанзивата од 1968 година.[12] Оваа студија беше широко поздравена како придонес со важност на граничен камен, што нуди краен доказ за неодговорноста на овој "важен нов извор на националната моќ." Рош ја опиша како "едно од главните дела на истражувачкото репортерство и првостепен научен труд за изминатата четвртина век", "педантна студија на случај за некомпетентноста на медиумите, ако не за нивната злонамерност." Оваа класика на современите научни трудови наводно покажа дека со своето некомпетентно и пристрасно покривање што беше одраз на "антагонистичката култура" на 60-тите, всушност медиумите ја изгубија војната во Виетнам, наштетувајќи им на тој начин на каузата на демократијата и слободата за кои САД залудно се бореше. Студијата на "Куќата на слободата" заклучува дека овие неуспеси се одраз на "непредвидливиот новинарски стил - охрабруван од воздржаноста и самозадоволството на менаџерите - што стана толку популарен од времето на доцните 60-ти." Новото новинарство е придружено со "често безумна подготвеност да се бара конфликт, да се верува во најлошото за власта и врз таа основа да се делат актерите во било кое прашање на 'добри' и 'лоши'." "Лошите" актери ги вклучуваат американските сили во Виетнам, "воено-индустрискиот комплекс", ЦИА и воопшто американската влада; додека "добрите" во очите на медиумите по претпоставка беа комунистите, кои, тврди студијата, конзистентно се натценуваа и се штитеа. Студијата предвидува "продолжување на тековниот непредвидлив стил, секогаш придружен со мрачна можност, ако менаџерите не преземат самите акција, тогаш некој однадвор - судовите, Сојузната комисија за комуникации или Конгресот - да гледа да воведе сопствена терапија."

Конвенционална вистина досега е дека "тежнееме да се стигматизираме себеси како Американци во врска со разни аспекти на нашите сопствени политики и дејствија кои не ги одобруваме" и дека, како што покажа виетнамското искуство, "скоро неизбежно е таквото широко покривање да ја

* "Freedom House" - позната организација за заштита на човековите права со седиште во САД (заб. на прев.).

[11] John P. Roche, *Washington Star,* Oct. 26, 1977.

[12] Peter Braestrup, *Big Story* (Westview, 1977).

поткопа поддршката за воените напори," што особено се однесува на "често ужасно сликовитите репортажи на телевизиите" (Ландрум Болинг на конференцијата што тој ја организира во врска со прашањето дали навистина "не постои начин да се постигне некој вид на рамнотежа помеѓу предностите што ги уживаат тоталитарните влади поради својата способност за време на војна да ги контролираат или да ги отстранат неподобните вести и слабостите на слободните општества што дозволуваат отворено покривање на сите воени настани").[13] Аферата Вотергејт, во која истражувачкото репортерство "помогна да се принуди Претседателот да даде оставка" (Ентони Луис) ги зацврсти оние ужасни слики на надвиснувачко уништување на демократијата од неограничените, независни и спротивставени медиуми, исто како што тоа го направи и иранско-контристичкиот скандал*. Разгласувачките одбрани на слободата на печатот како оние на судијата Гарфајн и Ентони Луис се одговор на обидите да се контролираат испадите на медиумите и да им се наметнат стандарди на одговорност.

Два вида на прашања се појавуваат во врска со овие енергични дебати околу медиумите и демократијата: прашања околу фактите и прашања околу вредностите. Основно прашање околу фактите е дали медиумите навистина имаат завземено спротивставувачки став, можеби и со прекумерен жар; особено дали ја поткопуваат одбраната на слободата во време на војна и им се закануваат на слободните институции преку "стигматизирање на себеси" и на оние на власт. Ако тоа е така, тогаш можеме да се запрашаме дали би било правилно да се наметнат одредени надворешни ограничувања за да се обезбеди дека тие ќе се држат до границите на одговорноста, или треба да го прифатиме принципот искажан од судијата Холмс, во неговото класично одвоено мислење, дека "најдобар тест на вистината е моќта на мислата да биде прифатена во конкуренцијата на пазарот" преку "слободна трговија на идеи."[14]

Прашањето околу фактите ретко се аргументира; за случајот се претпоставува дека е докажан. Сепак, некои сметаат дека фактичките премиси едноставно се погрешни. Почнувајќи со најшироките тврдења, да го разгледаме функционирањето на пазарот на идеи. Во својата студија за мобилизацијата на јавното мислење со цел да се поткрепи државната моќ, Бенџамин Гинсберг смета дека "западните влади ги користат пазарните механизми за да ги регулираат јавните погледи и чувства. 'Пазариштето за идеи' изградено во 19-от и 20-от век, успешно ги шири верувањата и идеите на високите класи, истовремено поткопувајќи ја идеолошката и културната независност на ниските класи. Преку изградбата на ова пазариште, западните влади ги фалсификуваат цврстите и трајни врски помеѓу општествено-економската позиција и идеолошката моќ, дозволувајќи им на високите класи да ја користат секоја од нив при зајакнувањето на останатата... Особено во САД, способноста на високите и високо-средните класи да доминираат со пазариштето за идеи во главно им дозволува на овие класи да ја обликуваат перцепцијата на целото општество за политичката реалност и за опсегот на реалистички политички и

[13] Landrum Bolling, ed., *Reporters under Fire: U.S. Media Coverage of Conflicts in Lebanon and Central America* (Westview, 1985, 35, 2-3).

* Иранско-контристичкиот скандал беше откриен во 1986 година во врска со тајното продавање на оружје на непријателскиот режим во Иран од страна на американската влада, која подоцна профитот од оваа трговија го употребуваше за финансирање на никарагванската контра (заб. на прев.).

[14] Justice Holmes, одвоено мислење во *Abrams v. United States,* 1919.

општествени можности. И додека западњаците вообичаено го изедначуваат пазариштето со слободата на мислењето, невидливата рака на пазарот може да биде скоро еднакво моќна како средство за контрола како и железната тупаница на државата."[15]

Заклучокот на Гинсберг поседува одредена почетна веродостојност за претпоставките околу функционирањето на управуваниот слободен пазар кои и не се особено контроверзни. Оние сегменти од медиумите што можат да дојдат до значителен аудиториум се големи корпорации и се тесно интегрирани во уште поголеми конгломерати. Како и останатите бизниси, тие им продаваат одреден производ на купувачите. Нивниот пазар се оние што рекламираат, а "производот" е аудиториумот, со наклонетост кон побогатиот аудиториум, што ги подобрува стапките на рекламирање.[16] Пред повеќе од еден век, британските либерали гледаа дека пазарот ќе ги поткрепи оние весници "кои ги уживаат преференциите на јавноста која рекламира"; и денес, Пол Џонсон, бележејќи го откажувањето на еден нов весник на левицата, невкусно ќе прокоментира дека тој си ја заслужил својата судбина: "Пазарот уште на почетокот објави правилна пресуда преку откажувањето да обезбеди капитал", а сигурно никој што правилно размислува не може да се сомнева во тоа дека пазарот ја претставува јавната волја.[17]

Накратко, главните медиуми - особено елитните медиуми кои ја утврдуваат агендата која останатите главно ја следат - се корпорации кои им го "продаваат" привилегираниот аудиториум на останатите бизниси. Тешко дека би се сметало за изненадувачко тоа што сликата на светот што тие ја прикажуваат ги одразува погледите и интересите на продавачите, купувачите и на производот. Концентрацијата на сопственоста во медиумите е висока и се зголемува.[18] Понатаму, оние што ги заземаат управувачките позиции во медиумите или што се здобиле со статус како коментатори во нив, им припаѓаат на истите привилегирани елити и може да се очекува дека ќе ги делат перцепциите, аспирациите и ставовите на своите пријатели, кои исто така ги одразуваат интересите на сопствената класа. Новинарите што влегуваат во системот веројатно нема да си направат пат, освен ако не се сообразат со овие

---

[15] Benjamin Ginsberg, *The Captive Public* (Basic Books, 1986, 86, 89). На студијата на Гинсберг ѝ недостигаат докази и логиката често е слаба: на пример, неговото верување дека постои противречност помеѓу сметањето и дека (воената програма - заб. на прев.) "Војната на Ѕвездите" "не може да ги заштити САД од нуклеарен напад" и дека тоа може "да ја зголеми можноста таков напад да се случи," што е дел од неговиот аргумент дека одбраната на "либералните политички сили" на нивната кауза е мотивирана од "политички интерес"; иако е јасно дека не постојат противречности, кои и да се вредностите на неговиот заклучок околу либералните политички сили. Тој верува и дека "студентите демонстранти и сличните на нив се соочуваат со малку потешкотии при обезбедувањето на наклонет публицитет за себе и за својата кауза", особено протестантите против војната во Виетнам, и некритички ги прифаќа познатите тврдења за "противничкиот став прифатен од медиумите во 60-тите и 70-тите", меѓу останатите неодржливи претпоставки.

[16] Ставајќи ја поентата делумно поразлично, В.О. Кеј смета дека "издавачите на весници всушност се луѓе кои им ги продаваат белите простори за печатење на вести на оние што рекламираат." Цитирано од Jerome A. Barron, "Access to the Press -- a New First Amendment Right," *Harvard Law Review,* vol. 80, 1967; од Key, *Public Opinion and American Democracy*.

[17] Sir George Lewis, cited in James Curran and Jean Seaton, *Power without Responsibility* (Methuen, 1985, 31); Paul Johnson, *Spectator,* Nov. 28, 1987.

[18] Група на медиумски критичари кои годишно ги организира Карл Јансен и кои избираат "десет најцензурирани приказни" на годината, во 1987 година првата награда ѝ ја доделија на студијата во врска со овие прашања на Бен Багдикијан, мислејќи, се разбира, не на буквалната државна цензура, туку на одбегнувањето на медиумите или на деформацијата на критичките прашања.

идеолошки притисоци, вообичаено преку интернализирање на вредностите; не е лесно да се кажува едно а да се мисли друго, додека пак оние што не успеале да се сообразат ќе се тежнее да бидат отстранети преку познатите механизми.

Влијанието на оние што рекламираат понекогаш е далеку подиректно. "Проектите кои се неприкладни за корпоративно спонзорирање имаат тенденција да замрат уште при самиот зачеток", забележува лондонскиот "Економист", пишувајќи дека "станиците научија да имаат разбирање и кон најделикатните склоности на корпорациите." Весникот го наведува случајот на јавната телевизиска станица WNET која "ја изгуби својата корпоративна финансиска поддршка од 'Gulf+Western' како резултат на документарецот насловен 'Глад за профит' кој се однесуваше на мултинационалните компании што купуваат огромни парцели на земја во Третиот свет." Ваквите дејствија "не се дејствија на пријател" - му пиша на станицата главниот извршен човек на компанијата при што додаде дека документарецот беше "злобно анти-бизнис, ако не и анти-американски ориентиран." "Многу од луѓето веруваат дека денес WNET не би ја направила истата грешка" - заклучува "Економист".[19] Ниту пак останатите. Предупредувањето доволно е да биде и имплицитно.

Многу други фактори ги поттикнуваат медиумите да се сообразат со барањата на државно-корпоративниот нексус.[20] Спротивставувањето на моќта е скапо и тешко, а критичката анализа природно дека не е добредојдена за оние кои се во можност остро да реагираат и да го одредат изборот на награди и казни. Од друга страна, сообразувањето со "патриотската агенда" не наметнува такви ризици. На обвинувањата против официјалните непријатели едвај да им треба докажување; понатаму, тие се заштитени од корекции, кои можат да се отфрлат како апологетика на криминалците или пак како негледање на шумата од дрвјата. Системот се заштитува себеси со индигнација против предизвикувањето на правото на мамење во служба на моќта, а самата идеа на подложување на рационално испитување на идеолошкиот систем предизвикува неразбирање или бес, иако тоа често се маскира со други термини.[21] Оној што на американската влада ѝ припишува најдобри намери, иако можеби не го оправдува неуспехот и некомпетентноста, не бара никакви докази во прилог на ова гледиште, кога ние би запрашале зошто "успехот продолжува да не́ одбегнува" на Блискиот исток и во Средна Америка, зошто "држава со толку големо богатство, моќ и добри намери (не може - Н. Ч.) да ги оствари своите цели побрзо и поефективно" (Ландрум Болинг).[22] Стандардите се радикално поинакви кога гледаме дека "добрите намери" не се сопственост на државите и кога САД, како и секоја држава минатата и сегашна, следи политики кои ги одразуваат интересите на оние што ја контролираат државата преку доблеста на внатрешната моќ, труизми кои ретко доаѓаат до израз кај естаблишментот, колку тој факт и да е изненадувачки.

Никому не му се потребни докази за да го осуди Совестскиот сојуз поради агресијата врз Авганистан и за поддршката на репресијата во Полска; доста поразлично е кога некој ќе се сврти кон американската агресија во Индокина или кон американските напори да се спречи политичкиот договор во арапско-израелскиот конфликт што траат многу години, кои се лесно

[19] *Economist,* Dec. 5, 1987.
[20] За пошироко проучување на овие прашања, види Edward S. Herman and Noam Chomsky, *Manufacturing Consent: the Political Economy of the Mass Media* (Pantheon, 1988), прва глава.
[21] За одредена расправа, види Додаток 1, оддел 1.
[22] Bolling, *op. cit.,* 8.

документирани, но кои не се добредојдени и поради тоа се не-факти. Не се бараат аргументи за осудата на Иран или Либија во врска со државно-поддржуваниот тероризам; расправата за истакнатата - можеби и доминантната - улога на САД и на неговите клиенти при организирањето и спроведувањето на оваа чума на модерното време предизвикува само ужас и презир за ваквото гледиште, а доказите што го поткрепуваат, колку и да се убедувачки, се отфрлаат како нерелевантни. Всушност, медиумите и интелектуалните списанија или ја воздигнуваат американската влада што се има посветено себеси на борбата за демократија во Никарагва или ја критикуваат поради средствата што ги употребува при спроведувањето на овие пофални цели, не нудејќи никакви докази дека навистина токму тоа е целта на политиката. Предизвикувањето на суштествената патриотска претпоставка е практично незамисливо помеѓу естаблишментот и, ако и му се дозволи изразување, ќе биде отфрлено како варијација на идеолошки фанатизам, како апсурдност, па дури и кога тоа е поткрепено со непобитни докази - што во случајов воопшто не е тешка задача.

Случај по случај, дознаваме дека конформизмот е лесен пат, пат кон привилегираноста и престижот; дисидентството носи лична цена која може да биде сурова, дури и во општество на кое му недостигаат такви средства на контрола како одреди на смртта, психијатриски затвори или кампови за истребување. Самата структура на медиумите е така дизајнирана што предизвикува конформизам во однос на етаблираните доктрини. Во три-минутната пауза помеѓу рекламите, или пак во 700 зборови не е возможно да се прикажат невообичаени мисли или изненадувачки заклучоци заедно со аргументите и доказите потребни за да им се придаде одреден кредибилитет. Натурањето на добродојдените светости не се соочува со такви проблеми.

Природно очекување е, втемелено врз неконтроверзни претпоставки, главните медиуми и останатите идеолошки институции главно да ги одразуваат погледите и интересите на етаблираната моќ. Дека ова очекување и се исполнува имаат докажувано бројни аналитичари. Едвард Херман и јас имаме издадено опсежна документација, одвоено и заеднички, за да ја поткрепиме концепцијата во врска со тоа како функционираат медиумите, а која остро се разликува од стандардната верзија.[23] Според овој "модел на пропагандата" - кој поседува претходна веродостојност поради причините како оние што пред малку беа прегледани - медиумите им служат на интересите на државата и корпоративната моќ, кои тесно се испреплетени, составувајќи ги своите извештаи и анализи на начин поддржан од етаблираната привилегираност и соодветно ограничувајќи ја дебатата и расправата. Проучивме широк спектар на примери, вклучувајќи ги и оние што обезбедуваат најостро тестирање на моделот на пропагандата, имено, случаите кои критичарите на наводните анти-естаблишментски испади на медиумите ги нудат како своја најцврста основа: покривањето на војните во Индокина, аферата Вотергејт и останатите случаи извлечени од периодот за кого се смета дека медиумите го надминале

[23] Herman and Chomsky, *Manufacturing Consent*; Chomsky, *The Culture of Terrorism* (South End, 1988). Види ја и нашата двотомна *Political Economy of Human Rights* (South End, 1979), проширување на една поранешна студија која беше потисната од конгломератот што го поседуваше издавачот; види во предговорот на авторот за подробностите. Види ги и Herman, *The Real Terror Network* (South End, 1982); мојата *Pirates and Emperors* (Claremont, 1986; Amana, 1988) и многу други трудови во последните 20 години. Исто и James Aronson, *The Press and the Cold War* (Beacon, 1970); Michael Parenti, *Inventing Reality* (St. Martin's, 1986).

конформизмот од минатото и дека превзеле воинствена улога. За да го подложиме моделот на правилно тестирање, систематски одбиравме примери кои се толку меѓусебно блиску поврзани во пар колку што тоа историјата го дозволува: злоделата што им се припишуваат на официјалните непријатели наспроти оние за кои сносат одговорност САД и неговите клиенти; добрите дела, особено изборите спроведени од официјалните непријатели наспроти оние на клиентските држави на САД. Беа употребени и други методи, кои допуштаа понатамошни потврди.

Досега постојат илјадници страници документација како поткрепа за заклучоците на моделот на пропагандата. Тој е многу добро потврден според стандардите на општествените науки, а неговите предвидувања често значително се надминуваат. Ако постојат сериозни предизвикувања на овој заклучок, јас не сум запознаен со тоа. Природата на аргументите што се нудат против него, при ретките прилики кога темата може да биде отворена помеѓу естаблишментот, сугерира дека моделот навистина е издржан. Високоценетата студија на "Куќата на слободата", за која се смета дека нуди убедлива демонстрација за антагонистичкиот карактер на медиумите и нивната закана за демократијата, пропаѓа при анализата и штом безбројните грешки и погрешни толкувања бидат поправени, се сведува на нешто малку повеќе од протестирање што медиумите се премногу песимистички во својата потрага по правилната кауза; јас не знам друга студија која би минала подобро.[24]

Сигурно дека постојат и други фактори кои влијаат врз изведбата на толку сложените општествени институции какви што се медиумите и дека може да се најдат исклучоци од општата шема што ја предвидува моделот на пропагандата. Сепак, верувам дека тој покажува дека обезбедува разумно точна прва приближност, која ги опфаќа суштинските својства на медиумите и воопшто на доминантната интелектуална култура.

Едно од предвидување на моделот на пропагандата е тоа дека успешно ќе биде исклучен од расправите, поради тоа што се сомнева во точноста на претпоставката која е најкорисна за интересите на етаблираната моќ: имено, тоа дека медиумите се антагонистички и неразумни, дури и можеби дека се претерано такви. Колку и да е овој модел добро поткрепен, тој ќе биде недопустлив и, моделот предвидува, ќе остане надвор од спектарот на дебати во врска со медиумите. И овој заклучок е емпириски добро потврден. Забележете дека моделот има доста збунувачки карактеристики. Разбирливо, тој е или точен или неточен. Ако е неточен, тој може да биде отфрлен; ако е точен, тој *ќе* биде отфрлен. Како и во случајот на осумнаесто-вековната доктрина за бунтовничките памфлети, вистината не е одбрана; напротив, таа ја зголемува чудовишноста на злочинот на сметање дека власта нема углед.

Ако се точни извлечените заклучоци на моделот на пропагандата, тогаш критиките кон медиумите во врска со нивната антагонистичка позиција единствено можат да се сфатат како барање до медиумите да не го одразуваат дури ниту опсегот на дебатата околу тактичките прашања помеѓу доминантните елити, туку само да им служат на оние делови што во даденият момент се нашле во состојба да управуваат со државата и тоа да треба да го прават со соодветен ентузијазам и оптимизам во врска со каузите - по дефиниција благородни - во кои државната моќ е вмешана. Не би го изненадило Џорџ Орвел тоа што ова е

[24] За одредени понатамошни коментари во врска со овој коментар, дискутирани пошироко во врска со претходната забелешка, види Додаток 1, оддел 1.

значењето на критиката на медиумите од една организација што себеси се нарекува "Куќа на слободата."[25]

Новинарите често ги задоволуваат високите стандарди на професионализам во својата работа, при што покажуваат храброст, интегритет и иницијативност, од што не се исклучени многу од оние што известуваат за медиуми кои тесно се придржуваат кон предвидувањата на моделот на пропагандата. Тука нема противречност. Она што е во прашање не е искреноста на искажаните мислења или интегритетот на оние што ги бараат фактите, туку изборот на теми и акцентирањето на проблемите, опсегот на мислења на кои им е дозволено изразување, непорекливите премиси врз кои се засноваат известувањето и коментирањето и општата рамка наметната за прикажување на одредени светогледи. Попатно кажано, нема потреба да се задржуваме околу такви изјави како следнава, запишана за време на израелската инвазија врз Либан на насловната страница на "Њу рипаблик": "Многу од она што сте го прочитале во весниците и списанијата во врска со војната во Либан - и уште повеќе она што сте го виделе или слушнале на телевизија - едноставно не е точно."[26] Такви изведби можат да потекнуваат од жалосните архиви на апологетика за sверставата на државите кои се фаворизираат.

Ќе наведам примери за да го илустрирам делувањето на моделот на пропагандата, но при тоа ќе го превземам основниот случај убедливо утврден со широкиот материјал кој веќе е печатен. Овој труд предизвика многу бес и фалсификување (на некои од нив Херман и јас се осврнавме во "Произведувањето согласност" и на други места), но и збунетост и недоразбирање. Но, колку што јас знам, не е вложен сериозен напор со цел да се одговори на ваквите и другите слични критики. Напротив, тие едноставно се отфрлаат, во сообразност со предвидувањата на моделот на пропагандата.[27] Вообичаено, дебатата околу медиумската изведба помеѓу естаблишментот ја вклучува критиката на антагонистичката позиција на медиумите и одговорот на нивните бранители, но не и критиката на медиумите поради придржувањето кон моделот на пропагандата или признавањето дека тоа може да биде замислива позиција. Во однос на случајот со војните во Индокина, на пример, американската јавна телевизија во 1985 година прикажа ретроспективна серија

[25] За улогата на "Куќата на слободата" како безмалку пропагандна рака на власта и на меѓународните десничарски кругови, види Edward S. Herman and Frank Brodhead, *Demonstration Elections* (South End, 1984, appendix I), и *Manufacturing Consent*. Според меморандумот на службеникот во Советот за национална безбедност, Валтер Рејмонд, "Куќата на слободата" беше една од примачите на пари подигнати од пропагандниот апарат на Регановата администрација (види подолу, забелешка 45), обвинение кое во името на "Куќата на слободата" го отфрли Сасмен. Види Robert Parry and Peter Kornbluh, "Iran-Contra's Untold Story," *Foreign Policy,* Fall 1988; кореспонценција, Winter 1988-89. За да ја покаже непристрасноста и добрата волја на "Куќата на слободата," Сасмен изјави дека "ние го наведуваме ужасното досие за човековите права на сандинистите исто како што ги обзнануваме прекршувачите на човековите права и во многу други земји, како Чиле и Парагвај." Никарагва, Чиле и Парагвај се трите латино-американски земји што Регановата администрација официјално ги осудува за кршење на човековите права, и, не на изненадување на оние што се запознати со нивните досиеја, "Куќата на слободата" ги избра овие 3 примери. Сепак, Сасмен не ги избра Ел Салвадор и Гватемала, каде кршењата на човековите права значително го надминуваат сето она што може да им се припише на сандинистите, но кои не беа обжалени од Регановата администрација, која сноси голем дел од одговорноста за нив. Фактот што "Куќата на слободата" се зема сериозно, во светлото на нејзиното досие, е сензационално.

[26] Martin Peretz, *New Republic,* Aug. 2, 1982. Види го мојот *Fateful Triangle* (South End, 1983), за повеќе околу овој интересен документ и за останатите како него; и Додатокот 1, оддел 2.

[27] Види Додаток 1, оддел 1 за одреден коментар.

која беше придружена со осуда од страна на десничарската организација за мониторинг на медиумите "Прецизност во медиумите" и со расправа ограничена на критичарите на наводните антагонистички испади на серијата и на нејзините бранители. Никој не спореше дека серијата е сообразна со очекувањата на моделот на пропагандата, како што всушност и е. Претходно спомнатата студија за медиумското покривање на конфликти во Третиот свет следи слична шема, што е доста конзистентна, иако јавноста ги смета медиумите за премногу конформистички.[28]

Медиумите со задоволство ги објавуваат осудите на сопствениот "вчудоневидувачки недостиг на урамнотеженост па дури и непројавување на непристрасност" и на "болестите и опасностите на денешниот непослушен печат."[29] Но само тогаш кога, како во овој случај, критичарот ја осудува "медиумската елита" за "робување на либералните погледи на политиката и на човечката природа" и за "очигледните потешкотии што мнозинството либерали ги имаат при употребата на поимот диктатура за да ги опишат дури и најфлагрантните диктатури на левицата"; сигурно никој нема да најде опис на Федел Кастро опишан како диктатор во етаблираниот печат, секогаш толку мек кон комунизмот и подложен на само-стигматизација.[30] Од ваквите подбуцнувања не се бара да ги задоволат дури ниту минималните стандарди на докажаност; конкретно ова содржи вкупно една референца за која може да се смета дека можеби е факт, матна алузија за претпоставеното местење на статистиката од страна на "Њујорк тајмс" со цел да се "замагли падот на каматните стапки за време на првиот мандат на Роналд Реган", како за таа работа веќе да не е целосно известено. Обвинувањата од овој вид често не се недобредојдени, прво, бидејќи одговорот е едноставен или одвишен; и второ, бидејќи дебатата во врска со овие прашања помага да се зацврсти верувањето дека медиумите се или независни и објективни, со високи стандарди на професионален интегритет и отвореност за сите разумни погледи, или, ако не тоа, дека инклинираат кон помодарското левичарско подбивање со власта. И двата заклучоци се доста прифатливи за етаблираната моќ и привилегираност - дури и за самите медиумски елити кои немаат аверзија кон обвинувањата дека можеби отишле предалеку со своите пакосни и дрски начини на непослушност кон ортодоксијата и моќта. Спектарот на расправите го одразува она што

---

[28] Bolling, *op. cit.* Види Додаток 1, оддел 2 и "*Manufacturing Consent"* во врска со телевизиските ретроспективи на војната во Виетнам и на останатите. За јавните ставови кон медиумите како недоволно критични во однос на владата и премногу подготвени за паѓање под влијание на моќта воопшто, види Mark Hertsgaard, *On Bended Knee* (Farrar Straus Giroux, 1988, 84-85).

[29] Поранешниот главен уредник на "Тајм", Тимоти Фут, кој проценува дека "секој обзирен читател" на тој весник ќе знае дека неговите пристрасности некогаш се "очигледни колку и лицата на Монт Рушмор" (Преглед на William Rusher, *The Coming Battle for the Media, WP Weekly,* June 27, 1988). Рашер ја осудува "медиумската елита" поради искривувањето на вестите при својата либерална пристрасност. Критичарот на печатот, Дејвид Шо од "Лос Анѓелес тајмс", пишувајќи преглед на истата книга во "*New York Times Book Review,"* одговара со исто толку конвенционалното гледиште дека "новинарите љубат да го предизвикуваат статус квото" и дека тие се "критичари, ситничари, злонамерници" кои "се жалат на сé."

[30] За подробна анализа на медиумското покривање на Куба, види Tony Platt, ed., *Tropical Gulag* (Global Options, 1987). Вејн Смит, поранешен раководител на Одделот на американските интереси во Хавана и водечки специјалист за Куба, напиша дека оваа студија нуди "вознемирувачка" потврда на "доминантно негативното" третирање на Куба во медиумите, во согласност со верзијата на Стејт департментот" и со одбивањето да се покријат важните докази кои ги побиваат реганистичките обвинувања; *Social Justice,* Summer 1988. Види и Додаток 1, оддел 1.

моделот на пропагандата би го предвидел: осуда на "либералната пристрасност" и одбрана од оваа осуда, но не и признавање на можноста дека "либералната пристрасност" едноставно би можела да биде израз на една варијанта на државно-корпоративната идеологија - а, очигледно, таа е тоа - и особено корисна варијанта, која носи имплицитна порака: до тука, не подалеку.

Навраќајќи им се на предлозите на бразилските бискупи, една причина зошто тие би изгледале одвишни или лекомислени ако бидат изнесени во нашиот политички контекст е тоа дека се претпоставува дека медиумите треба да бидат посветени на служењето на јавното добро, ако веќе не се премногу екстремни при својата независност во однос на власта. На тој начин тие ја исполнуваат својата вистинска општествена улога, како што ја објаснува судијата на Врховниот суд Пауел, цитиран до збор од Ентони Луис при неговата одбрана на слободата на печатот: "Никој поединец не може самиот да дојде до потребните информациите за интелигентно ослободување на своите политички одговорности... Со оспособувањето на јавноста да воспостави значителна контрола врз политичкиот процес, печатот врши клучна улога во спроведувањето на содружничките цели на Првиот амандман."

Едно поинакво видување, кое мислам дека е валидно, е дека медиумите навистина вршат "содружничка цел," но од еден поинаков вид. Тоа е содружничката цел што ја дава државното образование, онака како што е видена од страна на Џејмс Мил во раните години на воспоставувањето на овој систем: "да се дресираат мозоците на луѓето во доблесна приврзаност кон нивната власт" и кон аранжманите на општествениот, економскиот и политичкиот поредок воопшто.[31] Далеку од придонесувањето за "кризата на демократијата" од типот од кого се плаши либералниот естаблишмент, медиумите се претпазливи чувари кои ја штитат привилегираноста од заканите на јавното разбирање и учество. Ако овие заклучоци се правилни, првата забелешка до демократизирањето на медиумите е заснована на фактичка и аналитичка грешка.

Втората основа за правење забелешки е посуштествена и не е без потврда: повикот за демократизирање на медиумите може да ги замаскира крајно недобредојдените обиди за ограничување на интелектуалната независност преку јавни притисоци, што е варијанта на грижите познати во политичката теорија. Проблемот не може лесно да се отфрли, но не е инхерентна сопственост на демократизацијата на медиумите.[32]

---

[31] Цитирано од Ginsberg, *Captive Mind,* 34.

[32] Понекогаш аверзијата кон демократијата достигнува такви крајности што државната контрола се смета за единствена замислива алтернатива на доминација на концентрираното приватно богатство. Мора да е оваа пређутната претпоставка што го натера Николас Леман (*New Republic,* Jan. 9, 1989) да процени дека во нашата книга "Произведување согласност", Херман и јас се залагаме за "повеќе државна контрола" врз медиумите, засновајќи го ова тврдење врз нашата изјава дека "долгорочно, демократскиот политички поредок бара далеку поширока контрола врз и пристап до медиумите" од страна на општата јавност (p. 307). Оваа цитирана изјава следи еден преглед на некои од можните модалитети, вклучувајќи го и ширењето на телевизиските канали со јавен пристап кои "ја ослабија моќта на мрежните олигополи" и имаат "потенцијал да го унапредат пристапот на локалните групи," "локалните непрофитабилни радио и телевизиски станици," поседувањето на радио станиците од "комуналните институции" (една мала задруга во Франција е спомната како пример), радио станиците поддржани од слушателите во локалните заедници итн. Ваквите можности навистина го предизвикуваат корпоративниот олигопол и владеењето на богатите воопшто. Затоа тие можат да бидат протолкувани како "државна контрола" само од некој кој смета за незамисливо општата јавност да може, или да треба, да се здобие со пристап до медиумите како чекор кон обликување на своите сопствени работи.

Мене ми изгледа дека основното прашање е поразлично. Нашата политичка култура има концепција на демократијата која се разликува од онаа на бразилските бискупи. За нив демократијата значи дека граѓаните треба да ја имаат можноста да се информираат себеси, да земат учество во испитувањето и дискутирањето и обликувањето на политиката и да ги сподвижуваат своите програми преку политичка акција. Кај нас демократијата е потесно замислена: граѓанинот е потрошувач, набљудувач, но не и учесник. Јавноста има право да ги одобри политиките што потекнуваат од друго место, но ако ограничувањата се надминат, немаме демократија, туку "криза на демократијата" која некако мора да биде решена.

Овој концепт е заснован врз доктрините утврдени од нашите Татковци основачи. Федералистите, пишува историчарката Џојс Аплби, очекуваа дека "новите американски политички институции ќе продолжат да функционираат во рамките на старите претпоставки за политички активната елита и почитувачкиот, послушен електорат" и дека "Џорџ Вашингтон се надеваше дека неговиот огромен престиж ќе доведе до тоа секогаш од големите, трезвени, здраворазумски граѓански политичари да биде барано да ги увидат опасностите на самосоздаденото општество."[33] Без обѕир на нивниот изборен пораз, нивната концепција преовлада, иако во поинаква форма додека се обликуваше индустрискиот капитализам. Тоа беше изразено од Џон Џеј, претседател на Континенталниот конгрес и прв главен судија на Врховниот суд на САД, во она што неговиот биограф го нарекува една од неговите омилени девизи: "Луѓето што ја поседуваат земјата, треба да управуваат со неа." При тоа тие не мораат да бидат премногу нежни во својот стил на управување. Алудирајќи на растечкото незадоволство, во една телеграма од јуни 1783 година гувернерот Морис му пиша на Џон Џеј дека иако "е веројатно да се развие голем дел од протестите", нема потреба од вистинска загриженост. "Народот е добро подготвен" за владата да ја преземе "онаа моќ без која владата не е ништо повеќе од само име... Исцрпен од војната, на неговата согласност може да се смета со целосна сигурност, и ти и јас, мој пријателе, знаеме од искуство дека штом неколку луѓе со смисла и дух се здружат и објават дека тие се власта, оние малкуте со различно мислење можат лесно да бидат убедени во својата грешка преку тој моќен аргумент - ортомата." Под "луѓе", забележува историчарот на Уставот Ричард Морис, "тој подразбираше мала националистичка елита, која тој беше премногу внимателен за да ја именува" - белите мажи поседници за кои беше воспоставен уставниот поредок. "Големиот егзодус на лојалистите и на

[33] Appleby, *Capitalism and a New Social Order* (NYU, 1984, 73). За апсурдниот култ на Џорџ Вашингтон измислен како дел од напорите "да се култивира идеолошката верност на граѓанството" и на тој начин да се создаде смисла за "изводлива државност", види Lawrence J. Friedman, *Inventors of the Promised Land* (Knopf, 1975, втора глава). Вашингтон беше "совршен човек" со "неспоредлива совршеност", кој се издигна "над нивото на човештвото" итн. Овој кимилсунгизам истрајува помеѓу интелектуалците, на пример, при величањето на Франклин Рузвелт и неговата "грандиозност", "величественост" итн. во *New York Review of Books* (види *Fateful Triangle,* 175, за некои тешко веројатни цитати). Понекогаш некој странски лидер ќе се искачи до истата полубожественост и може да биде опишан како "прометејска фигура" со "колосална надворешна сила" и "колосална моќ", како при уште покомичните моменти на Сталиновото време или при оддавањето почит на израелската премиерка Голда Меир од страна на Мартин Перец од каде се земени штотуку наведените цитати (*New Republic,* Aug. 10, 1987).

Црнците" во Канада и на други места делумно беше одраз на нивното увидување на тоа каква е реалноста.[34]

Морис на друго место забележува дека во постреволуционерното време "всушност имаше политичка демократија манипулирана од една елита," а во државите каде што "егалитарната демократија" можеби изгледаше дека преовлада (како во Вирџинија), во стварноста "доминацијата на аристократијата беше имплицитно прифатена." Истото важи и за доминацијата на растечките бизнис класи во подоцнежниот период, за кои се смета дека го одразуваат триумфот на народната демократија.[35]

Всушност, девизата на Џон Џеј е принципот врз кој Републиката беше заснована и се одржува, а по самата своја природа капиталистичката демократија не може да застрани далеку од оваа шема поради причини кои лесно се забележуваат.[36]

Дома, овој принцип бара политиката фактички да се сведе на интеракција помеѓу групи на инвеститори кои се натпреваруваат за контрола врз државата, во согласност со она што Томас Фергусон го нарекува "инвестициона теорија на политиката", која, аргументира тој разумно, објаснува голем дел од политичката историја на САД.[37] Во нашите зависни држави, истиот основен принцип наложува дека демократијата е остварена кога општеството е под контрола на локалните олигархии, на бизнис елементите поврзани со американските инвеститори, кога војската е под наша контрола, а професионалците на кои може да им се верува ги извршуваат наредбите и им служат на интересите на американската моќ и привилегираност. Ако постои народно предизвикување на нивното владеење, САД е овластен да употреби насилство "за да се обнови демократијата" - да го прифатиме терминот кој конвенционално се употребува во однос на Регановата доктрина кон Никарагва. Медиумите ги контрастираат "демократите" со "комунистите," при што првите се оние кои им служат на интересите на американската моќ, а вторите се оние кои се заразени од болеста што во тајните планерски документи се нарекува "ултранационализам", што директно објаснува дека закана за нашите интереси се "националистичките режими" кои одговараат на внатрешните притисоци за подобрување на животниот стандард и за општествени реформи, со недоволно обзирање кон потребите на американските инвеститори.

Медиумите единствено ги следат правилата на играта кога ги контрастираат "демократиите во повојници" од Средна Америка, под воена и бизнис контрола, со "комунистичката Никарагва". И можеме да процениме зошто тие ги потиснаа анкетите од 1987 година во Салвадор кои откриваа дека само 10 % од населението "верува дека во моментот постои процес на демократија и слобода во земјата." Непросветената салвадорска сомничавост не успева да го сфати нашиот концепт на демократија. А истото мора да важи и за

---

[34] Frank Monaghan, *John Jay* (Bobbs-Merrill, 1935); Richard B. Morris, *The Forging of the Union* (Harper & Row, 1987, 46-47, 173, 12f.). Види ја *Political Economy of Human Rights,* II, 41ff. за бегалските бранови по Американската револуција, вклучувајќи ги и бродарите кои во страв ја напуштаа можеби најбогатата земја во светот за да страдаат и умрат среде зима во Нова Шкотска; сразмерно на населението, бројките се споредливи со бегалските бранови од разорениот Виетнам. За неодамнешна проценка, во која се вклучени од 80.000 до 100.000 лојалисти, види Morris, 13, 17.

[35] *The American Revolution Reconsidered* (Harper & Row, 1967, 57-58).

[36] Види Joshua Cohen and Joel Rogers, *On Democracy* (Penguin, 1983), за забележителна анализа и следната глава за понатамошни коментари.

[37] За одредена расправа и понатамошни референци, види *Turning the Tide,* 232f.

уредниците на водечкиот хондураски весник "Ел тиемпо". Тие во својата земја гледаат "демократија" која нуди "невработеност и рецесија" при карикираност на демократските процеси и пишуваат дека не може да постои демократија во земја која е под "окупација на северно-американските трупи и на контрата," каде "виталните национални интереси се напуштени за да им се служи на целите на странците", додека продолжува репресијата и незаконските апсења, а одредите на смртта на војската злокобно демнат во позадина.[38]

Во согласност со преовладувачките концепции во САД, не постои прекршување на демократијата ако неколку корпорации го контролираат системот на информирање: всушност, во тоа е суштината на демократијата. Во "Аналите на Американската академија на политичките и општествените науки", водечката фигура на индустријата на односи со јавноста, Едвард Бернејс, објаснува дека "самата суштина на демократските процеси" е "слободата да се убедува и сугерира", која тој го нарекува "градење на согласност." "Лидерот", продолжува тој, "често не може да ги чека луѓето да постигнат барем воопштена согласност... Демократските лидери мораат да ја одиграат својата улога во... градењето... согласност за општествено конструктивните цели и вредности," користејќи "научни начела и испробани пракси за задачата луѓето да ги поддржат идеите и програмите"; и иако останува неизречено, доволно е очигледно дека оние што ги контролираат ресурсите ќе бидат во позиција да пресудат што е "општествено конструктивно", да ја градат согласноста преку медиумите и да спроведуваат политики преку механизмите на државата. Ако слободата да се убедува е концентрирана во рацете на неколкумина, мораме да знаеме дека таква е природата на слободните општества. Индустријата за односи со јавноста троши огромни ресурси "образувајќи ги Американците за економските факти на животот" со цел да се обезбеди поволна клима за бизнисот. Нејзината задача е да го контролира "народниот мозок", кој е "единствената сериозна опасност што ѝ се спротивставува на компанијата" како што пред 80 години забележа еден извршен службеник на AT&T.[39]

Сличните идеи се стандардни низ политичкиот спектар. Доајенот на американските новинари, Волтер Липман, ја опиша "револуцијата" во "практикувањето на демократијата" како "произведување на согласност" која стана "самосвесна уметност и вообичаен орган на јавната власт." Тоа е природен развој кога "заедничките интереси на големо и целосно го заобиколуваат јавното мислење и можат да бидат насочувани само од една специјализирана класа чии лични интереси досегаат од другата страна на локалното." Тој пишуваше кратко време по Првата светска војна, кога либералната интелектуална заедница беше многу импресионирана од своите успеси во служењето како "верни и корисни толкувачи на она што изгледаше дека е еден од најголемите потфати преземени кога и да било од еден американски претседател" ("Њу Рипаблик"). Потфатот беше толкувањето на Вудроу Вилсон на својот изборен мандат за "мир без победа" како прилика да се

[38] Уводници, *El Tiempo,* May 5, 10; преведено во *Hondupress* (Managua), May 18, 1988, весник на хондураските бегалци кои се плашат да се вратат во "демократијата во повојници", зашто им се заканува убиство и исчезнување. Повеќе за салвадорските анкети, види *Culture of Terrorism,* 102 и Додатокот 4, оддел 5. Не најдов референци во медиумите, иако постои вообичаен хор на восхитеност за напредувањето на овој благороден експеримент на демократија под старателство на САД.

[39] Alex Carey, "Reshaping the Truth," *Meanjin Quarterly* (Australia), 35.4, 1976; Gabriel Kolko, *Main Currents in American History* (Pantheon, 1984, 284). За опсежна расправа, види Alex Carey, "Managing Public Opinion: The Corporate Offensive," ms., U. of New South Wales, 1986.

практикува победа без мир, со поддршка на либералните интелектуалци, кои подоцна се фалеа поради тоа што "му ја наметнаа својата желба на неволното или индиферентно мнозинство" со помош на пропагандните измислици за хунските sверства и останатите такви средства.

Петнаесет години подоцна, во "Енциклопедијата на општествените науки" Харолд Ласвел објасни дека не треба да му подлегнеме на "демократскиот догматизам за тоа дека луѓето се најдобри судии за своите сопствени интереси." Тие тоа не се, најдобри судии се елитите, на кои поради тоа мора да им се обезбедат средства за да ја наметнат својата волја, во корист на општото добро. Кога општествените аранжмани ним им ја одрекуваат потребната сила за да наметнат послушност, нужно е да се изврши свртување кон "целосно новите техники на контрола, главно преку пропаганда", поради "неукоста и празноверието (на)... масите." Во истите години, Рајнхолд Нибур докажуваше дека "рационалноста им припаѓа на студените набљудувачи", додека "пролетерот" го следи не разумот туку верата, заснована врз клучните елементи на "нужната илузија." Без ваква илузија, обичната личност би потонала во "инерција". Потоа преку своите марксистички фрази, Нибур ги убедува оние на кои им се обраќа - по претпоставка, студените набљудувачи - да ја признаат "глупавоста на просечниот човек" и да обезбедат "емоционално моќни упростувања" потребни за пролетерот да се држи на курсот на создавање на ново општество, што се основни концепции кои претрпеа мали измени откако Нибур стана "официјален теолог на естаблишментот" (Ричард Ровер), нудејќи им совети на оние што "се соочуваат со одговорностите на моќта".[40]

По Втората светска војна, бидејќи неуката јавност му се врати на својот мрзлив пацифизам во времето кога елитите ја разбираа потребата да се биде мобилизиран поради обновениот глобален конфликт, историчарот Томас Бејли забележа дека "поради тоа што масите се ноторно кратковиди и главно не можат да ја видат опасноста сè додека не им дојде до вратот, нашите државници се присилени да ги мамат, имајќи ги во предвид нивните сопствени долгорочни интереси. Мамењето на луѓето всушност може да стане сé повеќе и повеќе нужно, освен ако ние на нашите водачи во Вашингтон не им дадеме поодврзани раце." Коментирајќи во врска со истиот проблем кога во 1981 година беше покрената обновената крстоносна војна, Семјуел Хантингтон потенцираше дека "можеби ќе мораш да ја продадеш (интервенцијата или останатите воени акции - Н. Ч.) на таков начин што ќе создадеш погрешен впечаток дека војуваш против Советскиот сојуз. Тоа е она што САД го прави уште од времето на Труманова доктрина[*]" - продорно согледување кое објаснува една од суштествените функции на Студената војна.[41]

На другиот дел од спектарот, Сер Луј Намие концизно го артикулира презирот на конзервативците за демократијата, кога пишува дека "нема

---

[40] За референци, види ја мојата *Towards a New Cold War* (Pantheon, 1982, прва глава). Niebuhr, *Moral Man and Immoral Society* (Scribners, 1952, 221-23, 21; повторно печатење на изданието од 1932 година); исто и Richard Fox, *Reinhold Niebuhr* (Pantheon, 1985, 138-39). Повеќе за неговите идеи и за нивното прифаќање, види во мојот преглед на неколку книги на Нибур во *Grand Street,* Winter 1987.

[*] Труманова доктрина е надворешно-политичка доктрина на американскиот претседател Хари Труман (1945-52) според која САД ги помагаше владите кои се соочуваа со опасноста да бидат симнати од власт од страна на комунистите (заб. на прев.).

[41] Bailey, цитиран од Jesse Lemisch, *On Active Service in War and Peace: Politics and Ideology in the American Historical Profession* (New Hogtown Press, Toronto, 1975). Huntington, *International Security,* Summer 1981.

слободна волја во мислењето и делувањето на масите поголема од движењето на планетите, од преселбите на птиците и од групите на леминзи што пливаат во морињата."[42] Може да се случи само катастрофа ако им се дозволи на масите на позначаен начин да влезат во арената за донесување одлуки.

Некои се восхитувачки директни при својата одбрана на доктрината: на пример, холандскиот министер за одбрана пишува дека "оној што ќе се сврти против произведувањето согласност му се спротивставува на секој облик на ефективна власт."[43] Секој комесар би климал со главата со одобрување и разбирање.

Во својата суштина, логиката е онаа на Големиот инквизитор, кој огорчено го напаѓа Христос, поради тоа што им нуди на луѓето слобода и на тој начин ги осудува на беда. Црквата мора да го поправи злото дело на Христос со тоа што им го нуди на бедните човечки маси подарокот кој тие најмногу го посакуваат и кој најмногу им треба: апсолутна потчинетост. Таа мора "да ја поништи слободата" за да "ги направи луѓето среќни" и за да ја обезбеди "целосната заедница на обожавање", која тие ненаситно ја бараат. Во модерното секуларно време, ова значи обожавање на религијата на државата, која во западните општества е инкорпорирана во учењето за потчинување на господарот на системот на јавно субвенционирање, приватен профит, наречен слободно претпријатие. Луѓето мора да се држат во неукост, да се сведат на џингоистички мантрачи, за нивно сопствено добро. И исто како Големиот инквизитор, кој ги употребува силите на чудото, мистеријата и авторитетот "за да ја освои и засекогаш да ја држи во затвор свеста на овие немоќни бунтовници во корист на нивната среќа" и за да им ја одрече слободата на избор од која тие толку се плашат и ја презираат, така и "студените набљудувачи" мораат да создадат "нужни илузии" и "емоционално моќни упростувања" кои ќе ги држат неуките и глупави маси дисциплинирани и задоволни.[44]

И покрај искреното давање до знаење за потребата да се мами јавноста, би било грешка да се претпостави дека практичарите на оваа уметност вообичаено се замешани во *свесно* мамење; малкумина го достигнуваат нивото на софистицираност на Големиот инквизитор или ги задржуваат ваквите мисли на подолго време. Напротив, кога интелектуалците ја вршат својата работа, која е неумолива и бара многу, тие подготвено ги прифаќаат верувањата што им служат на институционалните потреби; оние што тоа нема да го направат, ќе мораат да си бараат работа на друго место. Претседавачот на бордот може искрено да верува дека секој негов свесен момент е посветен во служба на човековите потреби. Ако тој би делувал врз основа на овие илузии наместо да го следи профитот и уделот во пазарот, тој повеќе не би бил претседавач на бордот. Веројатно е дека најнечовечните чудовишта, дури и Химлерите и Менгелеата, беа убедени дека вршат благородни и одважни дејствија. Психологијата на водачите е тема што побудува мал интерес. Институционалните фактори што ги насочуваат нивните дејствија и верувања е она што заслужува внимание.

---

[42] *England in the Age of the American Revolution* (Macmillan, 1961, 40); цитирано од Francis Jennings, *Empire of Fortune* (Norton, 1988, 471).

[43] Министерот за одбрана Frits Bolkestein, *NRC Handelsblad,* Oct. 11, 1988. Тој коментира (со индигнација) во врска со материјалот што го презентирав во 1977 година во Лајден како предавање за Хујзинга, препечатено во *Towards a New Cold War,* прва глава.

[44] Fyodor Dostoyevsky, *The Brothers Karamazov* (Random House, 1950).

Преку широкиот спектар на артикулирани мислења, фактот дека гласот на народот кој се слуша во демократските општества се смета за проблем кој треба да биде надминат преку осигурување народниот глас да ги изговара вистинските зборови. Општата концепција е дека водачите нé контролираат нас, а не дека ние ги контролираме нив. Ако населението не биде контролирано и ако пропагандата не делува, тогаш државата е принудена да отиде во илегала, да води прикриени операции и тајни војни; степенот на прикриени операции често е добро мерило за јавното несогласување, како што тоа беше случај за време на Регановиот период. Помеѓу оваа група на самоназначени "конзервативци", посветеноста на неограничената извршна моќ и презирот кон демократијата достигнува невообичаени височини. Соодветно, истото се случи и со средствата на пропагандните кампањи чија целна група беа медиумите и општото население: на пример, создавањето на Канцеларијата на Стејт департментот за латино-американска јавна дипломатија посветена на проекти како "Операцијата вистина", кои еден висок владин службеник ги опиша како "огромна психолошка операција од типот кој војската ги превзема за да повлијае врз населението на ничија или непријателска територија".[45] Термините јасно го изразуваат однесувањето кон заскитаната јавност: таа е непријателска територија која треба да се освои и потчини.

Во своите зависни држави, САД често мора да посега по насилството "за да ја обнови демократијата". Дома се потребни посуптилни средства: производство на согласност, мамење на глупавите маси со "нужни илузии", прикриени операции кои медиумите и Конгресот се прават дека не ги гледаат сé додека сето тоа не стане премногу очигледно за да биде потиснувано. Тогаш се поместуваме кон фазата на контролирање на штетата за да обезбедиме јавното внимание да се пренасочи кон пре-ентузијастичките патриоти или кон карактерните грешки на водачите кои застранија од нашата благородна посветеност, но не и кон институционалните фактори што ја одредуваат трајната и суштинска содржина на оваа посветеност. Задачата на Слободниот Печат, во вакви околности, е сериозно да ги сфати случувањата и да ги опише како придонес кон цврстината на нашите себе-поправувачки инситуции, кои тој внимателно го штити од јавното испитување.

Поопшто, медиумите и едуцираните класи мораат да ја исполнат својата "општествена цел" спроведувајќи ги своите нужни задачи во согласност со преовладувачката концепција за демократијата.

[45] Alfonso Chardy, *Miami Herald,* July 19, 1987. Канцеларијата на Стејт департментот за јавна дипломатија, насочувана од ЦИА и од Советот за национална безбедност, работеше на организирањето на поддршката за контрата и на заплашувањето и манипулирањето на медиумите и Конгресот. За нејзините активности, кои во септември 1987 година правобранителот на ГАО ги осуди како незаконски, види Staff Report, *State Department and Intelligence Community Involvement in Domestic Activities Related to the Iran/Contra Affair,* Committee on Foreign Affairs, U.S. House of Representatives, Sept. 7, 1988; Parry and Kornbluh, *op. cit.* Исто и *Culture of Terrorism,* глава 10 во однос на поранешните изложувања на Чарди во две исклучителни иако општо занемарени статии во *Miami Herald*.

Втора глава
Задржувајќи го непријателот

Во првата глава спомнав три модели на организација на медиумите: 1) корпоративен олигопол; 2) државно-контролиран; 3) демократска комуникациска политика за каква што се залагаат бразилските бискупи. Првиот модел ја редуцира демократската партиципација во медиумите на нула, како што и останатите корпорации, во принцип, ја исклучуваат јавната контрола од страна на работната сила или на заедницата. Кај случајот на државно-контролираните медиуми, демократската партиципација може да варира во зависност на тоа како функционира политичкиот систем; во стварноста, државните медиуми обично се држат во линија од страна на силите кои ја имаат моќта да владеат со државата и од апаратот на културни управители кој не може да отстапи далеку од границите што овие сили ги воспоставиле. Третиот модел во голема мера не е испитан во стварноста, исто како што и општествено-економскиот систем со значително јавно инволвирање останува грижа за во иднината: надеж или страв, во зависност од вреднувањето на правото на јавноста да ги обликува своите сопствени работи.

Моделот на медиуми како корпоративен олигопол е природен систем на капиталистичката демократија. Согласно со тоа, тој својата највисока форма ја достигна во најразвиените од овие општества, особено во САД, каде што концентрацијата на медиумите е висока, јавните радио станици и телевизии се ограничени според опсегот, а елементите на радикалниот демократски модел постојат само на маргините кај феномените како радио поддржано од заедницата на слушатели, алтернативен или локален печат, кои често имаат забележителен ефект врз општествената и политичката култура и врз чувството на здобивање со моќ во заедниците кои имаат полза од овие опции.[46] Во оваа смисла, САД го претставува обликот кон кого се стремат капиталистичките демократии; поврзаните тенденции вклучуваат растечка елиминација на синдикатите и на другите народни организации што и' се мешаат на приватната моќ; изборен систем кој сè повеќе е сценски управуван како делокруг на односите со јавноста, одбегнување на социјалните мерки како што е државното здравствено осигурување што исто така ги загрозува прерогативите на привилегираните итн. Од оваа гледна точка, може да се разбере тоа што Сајрус Венс и Хенри Кисинџер го опишаа САД како "модел на демократија", при што демократијата е сфатена како систем на контрола врз политичките и останатите главни институции од страна на бизнисот.

Останатите западни демократии во оваа смисла главно се неколку чекори поназад. Многу од нив сеуште не го достигнале американскиот систем на една политичка партија со две фракции контролирани од менливи делови на бизнис заедницата. Тие сеуште содржат партии втемелени врз работните луѓе и сиромашните и до одреден степен ги претставуваат нивните интереси. Но тие се во опаѓање, заедно со културните институции кои ги одржуваат различните вредности и грижи и со организационите облици кои на изолираните поединци

[46] Види прва глава, забелешка 32. Се разбира, постојат разни сложености и исклучоци, штом се свртиме од многу општите карактеристики на системот кон фините подробности и минорните ефекти. Треба да се сфати дека ова се карактеристики на анализата на било кој сложен систем.

им даваат средства да мислат и делуваат надвор од рамката наметната од приватната моќ.

Ова е природниот тек на развој на настаните во капиталистичките демократии, поради она што Џошуа Коен и Џоел Роџерс го нарекуваат "ограничување на ресурсите" и "ограничување на побарувачката".[47] Првото е нескриено: контролата на ресурсите е силно концентрирана, со предвидливи ефекти врз секој аспект на општествениот и политичкиот живот. Ограничувањето на побарувачката е посуптилен начин на контрола, од таков вид што нејзините ефекти ретко можат непосредно да се согледаат во капиталистичките демократии кои правилно функционираат како и САД, иако се евидентни, на пример, во Латинска Америка каде што политичкиот систем понекогаш дозволува поширок спектар на политички опции, вклучувајќи ги и програмите за општествена реформа. Последиците се добро познати: бегство на капиталот, губење на довербата на бизнисмените и на инвеститорите и севкупен општествен пад во сразмерност на тоа како оние што "ја поседуваат земјата" ја губат способноста да управуваат со неа - или едноставно воен удар, вообичаено поддржан од бранителот на поредокот и добрите облици во Хемисферата. Подоброќудниот одговор на реформските програми го илустрира ограничувањето на побарувачката - барањето интересите на оние што ја имаат ефективната моќ да бидат задоволени за општеството да може да функционира.

Накратко, нужно е да се гарантира дека оние што ја поседуваат земјата ќе бидат среќни, или сите ќе страдаат, зашто тие ги контролираат инвестициите и одредуваат што ќе се произведува и распределува и кои оскудни бенефиции ќе им се дадат на оние што ќе им се изнајмат себеси на сопствениците кога ќе можат. Понатаму, за бездомниците по улиците највисок приоритет мора да биде да гарантираат дека жителите на дворците ќе бидат примерно задоволни. При даденост на опциите кои се на располагање во рамките на системот и на културните вредности што тој ги поткрепува, максимализацијата на краткорочната добивка на поединецот изгледа дека е рационалниот курс, заедно со потчинетоста, послушноста и напуштањето на јавната арена. Рамките на политичката акција се соодветно ограничени. Штом облиците на капиталистичката демократија еднаш се воспоставени, тие стануваат стабилни, без обзир на пропратно страдање - факт што од поодамна го разбрале американските планери.

Една од последиците од распределбата на ресурсите и на моќта за донесување одлуки во општеството во целина е тоа што политичката класа и културните управители вообичаено се поврзуваат себеси со секторите кои владеат со приватната економија; тие или директно се повлечени од овие сектори или од нив се очекува да им се придружат. Радикалните демократи од времето на Англиската револуција во 17-от век сметаа дека "никогаш нема да постои добар свет сè додека витезите и благородниците ни ги прават законите, кои се одбрани за да заплашуваат и не прават ништо освен што нè угнетуваат, а не ги знаат народните болки. Никогаш нема да ни биде добро сè додека не добиеме Парламент со луѓе како нас, што ги знаат нашите потреби." Но Парламентот и проповедниците имаа различна визија: "кога ние го спомнуваме народот, не мислиме на збрканото разнородно тело на народот" - сметаа тие. По јасниот пораз на демократите, преостанатото прашање, содржано во еден

[47] Види ја нивната *On Democracy,* каде што се обработени пошироките консеквенци.

левелерски* памфлет, беше "чии робови ќе бидат сиромашните", на кралот или на Парламентот.[48]

Истата контроверза се појави во раните денови на Американската револуција. "Составувачите на уставите на државите" - забележува Едвард Кантримен - "инсистираа претставничките собранија силно да го одразуваат народот или самата држава"; тие беа против "одделната каста" на политички лидери изолирани од народот. Но Сојузниот устав им гарантираше на "пратениците, сенаторите и претседателот да знаат дека тие се исклучок од тоа." Под Конфедерацијата,* занаетчиите, фармерите и останатите обични луѓе бараа да бидат претставени од "луѓе како нив", знаејќи од сопственото револуционерно искуство дека тие се "исто толку способни како и било кој да одлучуваат што не е во ред во нивниот живот и да се организираат со цел да преземат нешто во врска со тоа." Тоа нема да се случи. "Последниот здив на оригиналниот дух на Револуцијата, со својата верба во заедницата и соработката, дојде од фармерите во Масачусетс" за време на Шејсовиот бунт во 1786 година. "Резолуциите и обраќањата на нивните земски комитети една до две години пред бунтот го искажуваа токму она што сите типови на луѓе го кажуваа во 1776-та година." Нивниот неуспех им ја соопшти болната вистина дека "стариот начин веќе не функционира" и дека "се принудени да коленичат и да бараат прошка од владеачите кои тврдеа дека се слуги на народот." Така и остана. Со најретки исклучоци, претставниците на народот не доаѓаат од и не се враќаат на работното место, туку, напротив, од адвокатските канцеларии блиски до бизнис интересите, управувачките свити и од останати места на привилегираност.[49]

Кога станува збор за медиумите, во Англија постоеше жив лабуристички ориентиран печат кој беше достапен за широката јавност до 60-тите, кога пазарните механизми конечно го уништија. Во времето на својот престанок во 1964 година, "Дејли Хералд" имаше повеќе од пет пати повеќе читатели од "Тајмс" и "скоро дупло повеќе читатели од 'Тајмс', 'Фајненшал тајмс' и 'Гардијан' заедно" - забележува Џејмс Каран, наведувајќи ја анкетата која покажува дека неговите читатели "беа исклучително посветени на својот весник." Но весникот кој делумно беше во сопственост на синдикатите и имаше големо читателство помеѓу работничката класа "се обраќаше кон погрешните луѓе", продолжува Каран. Истото важеше и за другите компоненти на социјалдемократскиот печат кои замреа во истото време, во голема мера поради тоа што беа "лишени од истото ниво на субвенционирање" преку рекламирање и приватен капитал што го одржа "квалитетниот печат", кој "не само што ги одразува вредностите и интересите на своите читатели од средната класа", туку и "им дава сила, јасност и кохерентност" и "игра важна идеолошка улога за зацврстување и обновување на владеачкиот политички консензус."[50]

---

* Левелери - Радикална група на страната на Парламентот за време на Англиската револуција што се залагаше за уставни реформи со кои би се гарантирала еднаквоста пред законот особено во однос на политичките и економските права (заб. на прев.).

[48] Christopher Hill, *The World Turned Upside Down* (Penguin, 1984, 60, 71), кој цитира тогашни автори.

* Чомски овде мисли на периодот недосредно по независноста, кога од 1777 до 1789 година САД беше конфедерација (заб. на прев.).

[49] Edward Countryman, *The American Revolution* (Hill and Wang, 1985, 200, 224ff.)

[50] James Curran, "Advertising and the Press," in Curran, ed., *The British Press: A Manifesto* (London: MacMillan, 1978).

Последиците се важни. Кај медиумите, заклучува Каран, постои "исклучителен растеж на уредувачките карактеристики поврзани со рекламирањето" и "растечка конвергенција помеѓу уредувачката и рекламната содржина" што го одразува "растечкото прилагодување на менаџментот на националните весници кон пребирливите потреби на оние што рекламираат" и кон бизнис заедницата воопшто; истото важи и за покривањето на вестите и за нивната интерпретација. За општеството во целост, продолжува Каран, "губењето на единствените социјалдемократски весници со големо читателство, кои им посветуваа сериозно внимание на тековните прашања", вклучително и на деловите од работничката класа што останаа "значително радикални во своето однесување кон широк спектар на економски и политички прашања", придонесе за "растечката ерозија на народната радикална традиција во повоената Англија" и за дезинтеграцијата на "културните основи кои ја одржуваа активната партиципација во работничкото движење", кое "престана да постои како масовно движење во повеќето делови на земјата." Ефектите се доста очигледни. Со елиминирањето на "изборот и третманот на вестите" и на "релативно деталните политички коментари и анализи (кои - Н. Ч.) помагаа секојдневно да се одржува социјалдемократската супкултура помеѓу работничката класа," повеќе не постои јасна алтернатива на сликата на "светот каде потчинетоста на работните луѓе (е - Н.Ч.) прифатена како природна и неизбежна" и нема продолжување на изразувањето на погледите дека работните луѓе се "морално овластени да имаат поголем удел во богатството што го создаваат и повеќе глас при неговата распределба." Истите тенденции се очигледни во кое и да било индустриско капиталистичко општество.

Потоа, делуваат природни процеси кои ја олеснуваат контролата на "непријателската територија" дома. Слично, глобалното планирање со кое се зафатија американските елити за време и по Втората светска војна претпоставуваше дека принципите на либералниот интернационализам во главно ќе послужат за да се задоволи она што беше опишано како "потреба од САД во светот во кој се претпоставува дека поседува неспорна моќ."[51] Оваа глобалната политика е позната под името "задржување"*. Произведувањето на согласност дома е нејзин внатрешен пандан. Двете политики, всушност, тесно се исплеплетени, зашто домашното население мора да биде подготвено да ги плати трошоците на "задржувањето", кои можат да бидат остри - и материјално и морално.

Реториката на задржувањето е дизајнирана со цел да му даде одбранбен призвук на проектот на глобално управување и како таква таа служи како дел од домашниот систем на контрола на мислата. Зачудувачко е тоа што терминологијата толку лесно е прифатена, кога се имаат во предвид прашањата кои тоа ги поставува. Ако погледнеме поблиску, ќе дознаеме дека овој концепт затскрива многу работи.[52]

Суштинската претпоставка тука е дека постои стабилен меѓународен поредок кого САД мора да го брани. Општите контури на овој меѓународен поредок беа развиени од страна на американските планери за време и по Втората светска војна. Знаејќи го исклучителниот степен на моќ на САД, тие предложија создавање на глобален систем со кој САД ќе владее и во кој

[51] Lawrence Shoup and William Minter, *Imperial Brain Trust* (Monthly Review, 1977, 130), студија на проектот на студиите за војна и мир на Советот за меѓународни односи на Стејт департментот од 1939 до 1945 година.
[52] Види додаток 2, оддел 1 за понатамошна расправа.

американските бизнис интереси ќе процветаат. Што поголем дел од светот би ја сочинувал Великата област, како што беше наречена, која ќе им биде подредена на потребите на американската економија. Во рамките на Великата област, другите капиталистички општества би биле охрабрувани да се развиваат, но без протекционистички мерки кои би им попречиле на американските привилегии.[53] Особено важно, само на САД би му било дозволено да владее со регионалните системи. САД почна да ја превзема ефективната контрола врз светското производство на енергија и да го организира светскиот систем во кој неговите различни составни делови ќе ги исполнуваат своите функции како индустриски центри, како пазари и извори на репроматеријали или како зависни држави кои ги следат своите "регионални интереси" во "сеопштата рамка на поредокот" управуван од САД (како што подоцна објасни Хенри Кисинџер).

Советскиот сојуз се смета за главна закана за планираниот меѓународен поредок и тоа со причина. Ова делумно следи од тоа што се работи за голема сила која контролира империјален систем кој не може да биде инкорпориран во Великата област, а делумно и од неговите повремени обиди да ги прошири подрачјата под своја моќ, како во Авганистан, и од наводните закани за инвазија врз Западна Европа, ако веќе не и освојување на светот, видување кое посериозните аналитичари го отфрлаат и во јавните и во интерните документи. Сепак, потребно е да се разбере колку широко се толкува концептот на "одбраната" ако сакаме да ја оцениме проценката за советските злостори. Така, Советскиот сојуз е закана за светскиот поредок ако ги поддржува народите што им се противат на американските планови, на пример, ако го поддржува народот на Јужен Виетнам инволвиран во "внатрешна агресија" против своите несебични американски бранители (како што тоа го објаснуваа Кенедиевите либерали), или Никарагванците кои нелегитимно се борат против пустошењето на "демократскиот отпор" управуван од САД. Таквите дејствија докажуваат дека советските лидери не се сериозни во врска со детантот и дека не може да им се верува, забележуваат трезвено државниците и коментаторите. Така, "Никарагва ќе биде главното место каде што ќе биде испитано оптимистичкото предвидување дека (Горбачов - Н. Ч.) сега ја намалува жештината во Третиот свет" - објаснуваат уредниците на "Вашингтон пост", обвинувајќи ги Русите за американскиот напад врз Никарагва, истовремено предупредувајќи на опасноста оваа советска истурена позиција "да ги надвладее и тероризира" своите соседи.[54] САД би "ја добиле Студената војна", според оваа гледна точка, кога би бил слободен да ја спроведува својата волја во остатокот од светот без советско попречување.

Иако "задржувањето на Советскиот сојуз" стана доминантна тема на американската надворешна политика дури откако САД по Втората светска војна се разви во вистинска глобална сила, Советскиот сојуз се сметаше за неподнослива опасност по поредокот уште од времето на Болшевичката револуција. Во согласност со тоа, тој беше главниот непријател на независните медиуми.

---

[53] Исклучоците се толерираа во почетните години, поради посебните потреби центрите на индустрискиот капитализам да закрепнат преку експлоатација на своите бивши колонии, но ова се сфаќаше само како привремена мерка. За подробности, види William S. Borden, *The Pacific Alliance: United States Foreign Economic Policy and Japanese Trade Recovery, 1947-1955* (Wisconsin, 1984); Andrew J. Rotter, *The Path to Vietnam: Origins of the American Commitment to Southeast Asia* (Cornell, 1987).

[54] *WP Weekly,* Dec. 28, 1987.

Волтер Липман и Чарлс Мерц во 1920 година напишаа критичка студија за покривањето на Болшевичката револуција од страна на "Њујорк тајмс", опишувајќи го како "ништо помалку од катастрофа... од гледна точка на професионалното новинарство." Уредувачката политика, која беше длабоко непријателски настроена, "темелно и грубо влијаеше врз неговите колумни со вести." Тимот на "Тајмс"* "ги прифаќаше субјективните причини и му веруваше на многу од она што им беше кажано" од страна на американската влада и од "агентите и следбениците на стариот режим." Тие ги отфрлаа советските понуди за мир како очигледно тактички со цел болшевиците да можат "да ја концентрираат својата енергија за обновениот поход кон светска револуција" и за неизбежната "црвена инвазија на Европа". Болшевиците, пишуваа Липман и Мерц, беа прикажани "истовремено... и како лешеви и како светска закана", а Црвената опасност "секој пат се појавуваше за да го опструира обновувањето на мирот во Источна Европа и во Азија и за да го фрустрира закрепнувањето на економскиот живот." Кога Претседателот Вилсон повика на интервенција, "Њујорк тајмс" одговори со повици да ги истераме "болшевиците надвор од Петроград и Москва."[55]

Да изменеме неколку имиња и датуми и ќе имаме доста правилна процена за третманот на Индокина вчера и Средна Америка денес од страна на медиумите. Слични претпоставки во врска со Советскиот сојуз се преповторувани од современите историчари на дипломатијата за кои развојот на алтернативен општествен модел сам по себе е неподнослив облик на мешање во работите на другите и против кого Западот е целосно овластен да се брани со насилни дејствија на возвраќање, што ја вклучуваше и одбраната на Западот преку воената интервенција во Советскиот сојуз за време по Болшевичката револуција.[56] Под овие претпоставки, широко прифатени и почитувани, агресијата лесно станува самоодбрана.

Враќајќи се на политиката и идеологијата по Втората светска војна, непотребно е, се разбира, да се *измислуваат* причини за противење на бруталноста во владеењето на советските лидери како со внатрешната империја така и со зависните држави, додека истовремено радосно се помагаат такви современи чудовишта како етиопската воена хунта или неонацистичките генерали во Аргентина. Но еден чесен преглед ќе покаже дека главните непријатели се домородните населенија во Великата област, кои паѓаат жртви на погрешните идеи. Тогаш станува нужно да се надминат овие девијации преку економски, идеолошки и воени средства, или пак преку терор и субверзии. Домашното население мора да биде привржано кон каузата, во одбрана против "комунизмот".

Практично ова се основните елементи на задржувањето во странство и на неговите домашни пандани овде. Во однос на Советскиот сојуз, концептот со текот на годините се здоби со две варијанти. Гулабите се помирија со оној облик на задржување според кој Советскиот сојуз ќе ги владее приближно оние области кои Црвената армија ги зазеде за време на војната против Хитлер. Јастребите имаа далеку пошироки аспирации, како што беше изразено во

* За да нема недоразбирања, кога Чомски во понатамошниот текст ќе пишува за "Тајмс", треба да се има во предвид дека при тоа тој го користи скратениот назив за "Њујорк тајмс" во САД, а не дека мисли на лондонскиот "Тајмс" (заб. на прев.).

[55] Lippmann and Merz, "A Test of the News," Supplement, *New Republic,* Aug. 4, 1920. Овде е наведено според цитирањето во Aronson, *The Press and the Cold War,* 25f.

[56] Види додаток 2, оддел 1.

"стратегијата на тркалање назад", скицирана во документот 68 на Советот за национална безбедност од април 1950 година, кратко пред Корејската војна. Овој клучен документ, кој во 1975 година стана достапен за јавноста, го толкуваше задржувањето како намера "да се одгледува семето на уништувањето во рамките на советскиот систем" и да се направи можно "преговарањето за договор со Советскиот сојуз (или земјата или земјите наследнички)." Во раните повоени години, САД ги поддржуваше војските кои Хитлер ги основа во Украина и Источна Европа, со помош на лица како Рајнхард Гелен, кој беше на чело на нацистичкото воено разузнавање на Источниот фронт и кој беше обвинет за шпионажа во корист на Западна Германија, а под надзор на ЦИА, со задача да развие "тајна војска" составена од илјадници луѓе на СС за помагање на силите што се борат во рамките на Советскиот сојуз. Толку далечни се овие факти од конвенционалното разбирање што добро-запознатиот специјалист за надворешни работи на либералниот "Бостон глоуб" ја осуди преќутната американска поддршка за Црвените Кмери, нудејќи ја како краен апсурд следнава аналогија: "Тоа е исто како кога САД гледаше низ прсти на присуството на нацистичко партизанско движење за да ги вознемирува Советите во 1945 година" - точно она што САД и го правеше сé до раните 50-ти, а тоа не беше само гледање низ прсти.[57]

Исто така се смета дека е сосема природно Советскиот сојуз да биде опкружен од непријателски сили и да се соочува со главни НАТО бази со проектили во состојба на готовност исто како во Турција, додека во случај Никарагва да се снабди со млазни авиони за одбрана на својот воздушен простор против вообичаените американски нарушувања, тоа и гулабите и јастребите да го сметаат за доволно за да поддржат американска воена акција, а со цел да се заштитиме од таа сериозна закана по нашата безбедност, во согласност со доктрината на "задржувањето".

Воспоставувањето на принципите на Великата област во странство и на нужните илузии дома едноставно не чека на невидливата рака на пазарот. Либералниот интернационализам мора да се надополни со периодично избирање на насилното интервенирање.[58] Дома, државата често користи сила за да го заузда несогласувањето и постојат вообичаени и доста самосвесни кампањи на бизнисот за контролирање на "јавниот ум" и потиснување на предизвиците на приватната моќ во случаите кога имплицитната контрола не е доволна. Идеологијата на "анти-комунизмот" им служи на овие цели уште од времето на Првата светска војна, со повремени исклучоци. Во раните години, САД се бранеше себеси од други сили на злото: Хуните, Британците, Шпанците, Мексиканците, канадските паписти и "немилосрдните индијански дивјаци" од Декларацијата на независноста. Но од Болшевичката револуција и особено од времето кога од пепелите на Втората свеска војна се појави како

[57] H. D. S. Greenway, *Boston Globe,* July 8, 1988. За позадината на ова, види *Turning the Tide,* 194f., и наведените извори; Christopher Simpson, *Blowback* (Weidenfeld & Nicolson, 1988).

[58] До доцните 60-ти веќе беше јасно дека ова се основните фактори зад американската интервенција во Југоисточна Азија, која, според американските глобални планови, требаше да се реконституира како јапонска "сфера на заеднички просперитет", во рамките на Великата област владеана од страна на САД, при што требаше да послужи и како пазар и како извор на репроматеријали и рециклирани долари за обнова на западно-европскиот капитализам. Види ги моите *At War with Asia* (Pantheon, 1970, introduction); *For Reasons of State* (Pantheon, 1973); Chomsky and Howard Zinn, eds., *Critical Essays*. vol. 5 of the *Pentagon Papers* (Beacon, 1972); и други дела од тој период. Види ги исто така, меѓу останатите, и Borden, *Pacific Alliance*; Michael Schaller, *The American Occupation of Japan* (Oxford, 1985); Rotter, *Path to Vietnam*.

биполарна светска сила, поверодостоен непријател е "монолитниот и безмилосен заговор" кој тежнее да ги поткопа нашите благородни потфати, според исказот на Џон Кенеди: имено,"империјата на злото" на Роналд Реган.

Во раните години на Студената војна Дин Ачесон и Пол Нице планираа "да го претепаат масовниот ум на 'врховната власт'," како што се изрази Ачесон во документот 68 на Советот за национална безбедност. Тие презентираа "застрашувачки портрет на комунистичката опасност со цел да се совладаат јавните, бизнис и конгресменски желби за мир, ниски даноци и 'звучни' фискални политики" и да се мобилизира јавната поддршка за севкупно вооружување, за кое тие сметаа дека е нужно за "да се совлада комунистичката идеологија и западната економска ранливост", забележува Вилијам Борден во студијата за поствоеното планирање. Корејската војна восхитувачки им послужи на овие цели. Двосмислените и сложени меѓуодноси што доведоа до војната беа игнорирани во корист на покорисната слика за кампањата на Кремљ за освојување на светот. Во меѓувреме, Дин Ачесон забележа дека корејските непријателства "нудат одлична можност за попречување на советската мировна офанзива, која... зазема сериозни размери и има јасен ефект врз јавното мислење." Структурата на голем дел од подоцнежната ера беше одредена од овие манипулации, кои обезбедија и стандард за понатамошното практикување.[59]

Во раните години, Црвеното застрашување[*] на Вудроу Вилсон ги разби синдикатите и останатите дисидентски елементи. Позната карактеристика беше потиснувањето на независната политика и на слободниот говор, врз основа на принципот дека државата е овластена да ги спречи несоодветните мисли и нивното изразување. Крил комисијата на Вилсон, посветена на создавањето воена треска помеѓу обично пацифистичкото население, ја покажа ефикасноста на организираната пропаганда во соработка со лојалните медиуми и интелектуалци, кои им се посветија на задачи како "историскиот инженеринг", поим кој беше развиен од историчарот Фредерик Паксон, еден од основачите на Националниот борд за историски потреби, основан од американските историчари за да ѝ служи на државата преку "објаснување на проблематиките на војната која можевме подобро да ја добиеме." Лекцијата беше научена од оние што беа на позиција од која можеа да ја употребат. Две трајни институционални последици беа растежот на индустријата за односи со јавноста, чија една од водечките фигури, Едвард Бернајс, за време на војната служеше во комисијата за пропаганда, и основањето на ФБИ како, фактички, државна политичка полиција. Ова е примарната функција, која тоа продолжи да ја извршува како што, на пример, покажа при своите криминални акти на поткопување на растечката "криза на демократијата" во 60-тите и на надгледување и попречување на јавната опозиција на интервенцијата на САД во Средна Америка 20 години подоцна.[60]

Успешноста на државно-корпоративната пропаганда ја илустрира судбината на Први мај, светски празник на работниците, кој потекна како одговор на законското убиство на неколку анархисти по Хајмаркетската афера од мај 1886 година, во кампањата на меѓународна солидарност со американските работници кои се бореа за осум-часовен работен ден. Во САД сето ова е заборавено. Први мај стана "Ден на законот", џингоистичка прослава

[59] Acheson, *Present at the Creation* (Norton, 1969, 374, 489); Borden, *op. cit.,* 44, 144.
[60] Acheson, *Present at the Creation* (Norton, 1969, 374, 489); Borden, *op. cit.,* 44, 144.

на нашето “200 години старо партнерство помеѓу законот и слободата”, како што истакна Роналд Реган при прогласувањето на Први мај за Ден на законот во 1984 година, додавајќи дека без закони може да постои само “хаос и безредие”. Претходниот ден тој соопшти дека САД ќе ги игнорира постапките пред Меѓународниот суд на правдата, преку кои подоцна американската влада беше осудена поради својата “незаконита употреба на сила” и поради прекршување на договорите при своите напади врз Никарагва. “Денот на законот” му послужи на Реган и како прилика да прогласи ембарго против Никарагва на Први мај 1985 година “како одговор на вонредната ситуација која ја создадоа агресивните активности на никарагванската влада во Средна Америка”, што всушност значеше прогласување на “национална вонредна состојба”, која секоја година се обновуваше, поради тоа што “политиките и дејствијата на владата на Никарагва претставуваат невообичаена и исклучителна опасност за националната безбедност и надворешната политика на САД” - и сето тоа со одобрување на Конгресот, медиумите и интелектуалната заедница воопшто; или, во одредени кругови, со молк од засраменост.

Потчинетоста на општеството на превласта на бизнисот, што ја осигура Црвеното застрашување на Вилсон, почна да се разјадува во време на Големата депресија. Во 1938 година Бордот на директори на Националното здружение на произведувачите, прифаќајќи ја марксистичката реторика, вообичаена за интерните записи на бизнис и владините документи, ја опиша “опасноста со која се соочуваат индустријалците” поради “ново-разбраната политичка моќ на масите”: “Освен ако нивното мислење не биде насочено”, се предупредува, “дефинитивно ќе се соочиме со несреќа.” Не помалку заканувачки беше растежот на работничките организации, делумно поддржан од индустријалците кои на нив гледаа како на средство за регулирање на пазарот на трудот. Но што е премногу, премногу е и бизнисот набрзо се здружи за да ја совлада опасноста преку “стопанственичка мобилизација на јавноста” за разбивање на штрајковите, како што забележа една академска студија за штрајкот во индустријата за челик од 1937 година во Џонстаун. Оваа “формула”, ликуваше бизнис заедницата, беше онаква за каква “бизнисот се надеваше, сонуваше и се молеше.” Комбинирани со методите на цврста рака, пропагандните кампањи успешно се користеа за да се потисне работничкото движење во подоцнежните години. Овие кампањи трошеа милиони долари “за да и’ кажат на јавноста дека ништо нема погрешно и дека сериозните опасности демнат во предложените решенија” на синдикатите, како што Сенатскиот комитет на Лафолет забележа во својата студија за бизнис пропагандата.[61]

Во повоениот период се засилија кампањите на односите со јавноста, употребувајќи ги медиумите и другите средства за таканаречената слободно претпријатие - што значи државно субвенционирање на приватниот профит без мешање во прерогативите на менаџментот - да биде поистоветено со “американскиот начин”, кого го загрозуваат опасните субверзивци. Во 1954 година, Даниел Бел, тогашен уредник на списанието “Форчун” напиша дека “прва грижа на индустријата во годините по војната е промена на климата на мислење која ја донесе... Депресијата. Оваа кампања има две суштествени цели за 'слободните претпријатија': повторно да се придобие лојалноста на работникот кој сега оди во синдикатот и да се запре наморничавиот социјализам”, поточно, умерено реформскиот капитализам на Њу дилот.

[61] Carey, "Managing Public Opinion."

Степенот на бизнис кампањите на односи со јавноста, продолжува Бел, достигна "вртоглави" висини преку рекламирањето во печатот и радиото и преку други средства.[62] Ефектите беа видливи во легислативата со која се ограничува делувањето на синдикатите, при нападите врз независното мислење, кои често погрешно се етикетираат како мекартизам, и при уништувањето на секој артикулиран предизвик на превласта на бизнисот. Медиумите и интелектуалната заедница соработуваа со ентузијазам. Беа спроведени чистки особено на универзитетите кои останаа на тоа ниво сè додека не зазори "кризата на демократијата" и студентите и помладите факултетски наставници не почнаа да поставуваат погрешни прашања. Тоа предизвика обновена иако помалку успешна чистка, додека при понатамошното прибегнување кон "нужните илузии" се тврдеше, и сеуште се тврди, дека универзитетите всушност се заземени од лево-ориентираните тоталитаристи - што значи дека прегратката на ортодоксијата делумно попуштила.[63]

Еден службеник за односи со јавноста во Стејт департментот уште во 1947 година забележа дека "мудрите односи со јавноста и порано се исплатувале и ќе се исплатуваат и во иднина." Јавното мислење "не се движи кон десно, него го движат - паметно - кон десно." "Додека остатокот од светот се движеше кон лево, го прими трудот во власта, донесе либерализирани закони, САД застана против општествените промени, против економските промени, против трудот.[64]

Оттогаш, "остатокот од светот" беше подложен на слични притисоци, како што Трумановата администрација, одразувајќи ја загриженоста на бизнис заедницата, енергично дејствуваше за да ги запре таквите тенденции во Европа, Јапонија и на други места, со средства кои се движеа од крајно насилство за да се контролира очајно потребната храна до дипломатски притисоци и широк спектар на останати средства.[65]

Сето ова премалку се сфаќа, но јас овде тоа не можам соодветно да го следам. Низ целиот модерен период се користат мерки за контрола на "јавниот ум" за да се развијат природните притисоци на "слободниот пазар", домашниот пандан на интервенциите во глобалниот систем.

Вреди да се забележи дека и покрај целото говорење околу либералната политика на слободната трговија, двата главни сектори на американската економија кои останаа компетитивни во светската трговија - индустријата за висока технологија и капитално-интензивното земјоделие - во голема мера се потпираат на државното субвенционирање и на државно-гарантираниот пазар.[66]

---

[62] *Ibid.,* цитирајќи го Bell, "Industrial Conflict and Public Opinion," во A. R. Dubin и A. Ross, eds., *Industrial Conflict* (McGraw-Hill, 1954).

[63] Види Додаток 5, оддел 5.

[64] Carey, "Managing Public Opinion." За чистките на универзитетите во 50-тите, види Ellen Schrecker, *No Ivory Tower* (Oxford, 1986). За мал дел од подоцнежната чистка, види ги неколкуте есеи во Philip J. Meranto, Oneida J. Meranto, and Matthew R. Lippman, *Guarding the Ivory Tower* (Lucha publications, Denver, 1985).

[65] За одредена дискусија, види ја мојата статија "Democracy in the Industrial Societies" во *Z Magazine,* Jan. 1989.

[66] Програмата "Храна за мир" (ПЛ 480) е важен пример. Опишана од Роналд Реган како "еден од најголемите хуманитарни акти кој кога и да е го извршила некоја нација за потребите на другите нации," ПЛ 480 успешно им служеше на целите за кои беше наменета: субвенционирање на американскиот агро-бизнис, создавање услови луѓето "да станат зависни од нашата храна" (сенаторот Хјуберт Хамфри, еден од нејзините архитекти во интерес на неговиот фармерски електорат од Минесота); придонесување за операциите против бунтовништвото; и финансирање на "создавањето на глобална воена мрежа за да се поткрепат капиталистичките влади на Западот

Како и во другите индустриски општества, во почетните години економијата во САД се развиваше со помош на протекционистички мерки. Во повоениот период САД свечено ги прокламира либералните принципи под претпоставка дека американските инвеститори можат да ја надвладеат било која конкуренција, уверливо очекување во светлината на тогашните економски реалности, кое долги години и се остваруваше. Поради слични причини Велика Британија беше страстен поборник на слободната трговија во периодот на својата хегемонија, но во периодот меѓу војните, кога не можеше да ја издржи јапонската конкуренција, го напушти ова учење и надуената реторика што го придружуваше. САД денес во многу го следи истиот курс, соочувајќи се со истите предизвици, кои беа доста неочекувани пред 40 години, всушност до пред Виетнамската војна. Нејзините непредвидени трошоци ја ослабнаа американската економија, истовремено зајакнувајќи ги нејзините економски соперници, кои се збогатија од своето учество во уништувањето на Индокина. Јужна Кореја својот економски растеж им го должи на овие можности, кои обезбедија важен стимуланс и за јапонската економија, исто како што Корејската војна го означи почетокот на економското закрепнување на Јапонија и го даде главниот придонес за европското закрепнување. Друг пример е Канада, која стана најголем извозник на воен материјал по глава на жител во годините на Виетнам, истовремено ламентирајќи околу неморалноста на американската војна кон која со ентузијазам придонесуваше.

Операциите на домашна контрола на мислата вообичаено се превземаат при војни и други кризи. Таквите метежи ја охрабруваат "кризата на демократијата" која е траен страв за привилегираните елити, кои бараат мерки за да го одвратат притисокот на народната демократија што ѝ се заканува на етаблираната моќ. Вилсоновото Црвено застрашување им служеше на своите цели по Првата светска војна, а моделот беше повторно усвоен кога заврши Втората светска војна. Беше нужно не само да се совлада јавното мобилизирање што се појави во времето на Големата депресија, туку и "да се доведат луѓето до сознание(то) дека војната во никој случај не е завршена", како што советникот на претседателот, Кларк Клифорд, забележа при објавувањето на Трумановата доктрина во 1947 година, "отворајќи оган во (оваа - Н. Ч.) кампања".

Виетнамската војна и народните движења од 60-те предизвикаа слични грижи. Населениците на "непријателската територија" дома мораа да бидат контролирани и потиснати, а требаше и да се обнови способноста на американските корпорации да се натпреварууваат на сѐ поразличниот светски пазар преку намалување на реалните наемнини и социјалните бенефиции и преку ослабнување на организациите на работничката класа. Младите луѓе посебно требаа да бидат убедени дека мораат да се грижат само за себе, во "културата на нарцисизмот"; секое лице може приватно да знае дека претпоставките не се точни за него, но за време на животот кога некој е несигурен во поглед на сопствениот идентитет и своето место во општеството, сето тоа е премногу искушувачки за да се прилагоди на она што пропагандниот

и на Третиот свет" преку барање тековните локални фондови на панданите да се користат за вооружување (Вилијам Борден), на тој начин обезбедувајќи и индиректно субвенционирање на американските воени производувачи. САД употребува вакви "извозни субвенции (кои универзално се сметаат за 'нечесна' трговска практика) за да го зачува својот огромен јапонски пазар" меѓу останатите случаи (Борден). Ефектот врз земјоделството и опстанокот во Третиот свет често е разорен. Види Tom Barry and Deb Preusch, *The Soft War* (Grove, 1988, 67f.); Borden, *Pacific Alliance,* 182f.; и други извори.

систем го проценува дека е нормално. Останатите ново-мобилизирани сектори на "посебните интереси" исто така мораа да бидат ограничени или распуштени, задачи кои некогаш бараа и одреден степен на сила, како при програмите на ФБИ за поткопување на етничките движења и останатите елементи на растечката дисидентска култура преку поттикнување на насилство или негово директно спроведување и преку други средства на застрашување и вознемирување. Друга работа што требаше да се надмине беше ужасниот "виетнамски синдром" кој ја попречуваше употребата на насилни средства за контролирање на зависните држави, како што тоа го објасни уредникот на "Коментари", Норман Подхорец, при што задачата беше да се надминат "болникавите инхибиции против употребата на воена сила" што се развија при промената во однос на војните во Индокина,[67] проблем што беше решен, изразуваше тој надеж, со величественото освојување на Гренада, кога 6000 елитни трупи успеаја да го совладаат отпорот на неколку десетици Кубанци и неколку припадници на милицијата на Гренада, добивајќи 8000 медали во чест на своето јунаштво.

За да се надмине виетнамскиот синдром, беше неопходно САД да се прикаже како погодена страна, а Виетнамците како агресори - тешка задача, би можеле да помислат оние кои не се запознати со расположливите мерки за контрола на јавниот ум, или барем со оние нивни елементи кои се бројат. До подоцнежните фази на војната, општото население беше надвор од контрола, при што големо мнозинство војната ја сметаше за "темелно погрешна и неморална" а не за "грешка", како што до ден денес откриваат анкетите. Едуцираните елити, наспроти тоа, не претставуваа сериозен проблем. Спротивно на ретроспективните нужни илузии негувани од оние што сега се прогласуваат себеси за "рани противници на војната", во стварноста во овие кругови имаше само најразредена опозиција кон војната, надвор од загриженоста околу изгледите за успех и околу растечките трошоци. Дури и најострите критичари во рамките на естаблишментот ретко одеа потаму од кукањето што добрите намери отстапија од вистинскиот пат, достигајќи го тоа ниво на несогласност дури откако корпоративната Америка одлучи дека потфатот се покажа како премногу скап и дека треба да се ликвидира, факт што го имам документирано на друго место.

Механизмите преку кои се утврдуваше позадоволителна верзија на историјата, исто така се разгледани на друго место,[68] но неколку збора мораат да се кажат во прилог на нивниот исклучителен успех. Претседателот Картер веќе во 1977 година беше кадар да објасни на прес конференција дека Американците немаат потреба "да се извинуваат ниту да се казнуваат ниту пак да усвојуваат статус на вина" и дека не "се должни", бидејќи нашите намери беа "да се брани слободата на Јужните Виетнамци" (уништувајќи ја при тоа нивната земја и масакрирајќи го населението) и бидејќи "уништувањето беше взаемно" - изјава која, според она што јас го знам, помина без коментар, веројатно поради тоа што се сметаше за доста разумна.[69] Ваквите урамнотежени оцени не се ограничени, попатно да спомнеме, на сесрдните бранители на човековите права. Тие редовно се даваат без да предизвикаат коментари. Да земеме еден неодамнешен случај, откако американскиот воен брод "Винсен" собори еден ирански цивилен авион над иранските територијални води, "Бостон глоуб"

[67] *NYT,* Oct. 30, 1985.
[68] Види *Political Economy of Human Rights* и *Manufacturing Consent*.
[69] *NYT,* March 25, 1977; транскрипт од прес конференцијата.

објави колумна на политикологот Џери Хау од Џук универзитетот и Брукингс институтот, во која тој објасни: "Ако катастрофата со паѓањето на иранскиот авион ја води оваа земја кон оддалечување од нејзината опсесија со симболичната контрола на нуклеарното оружје и кон концентрирање на проблемите на водење војни, контролирање и командување со војската и ограничувањата на конвенционалното вооружување (сигурно вклучувајќи ја и флотата), тогаш 290-те луѓе не загинаа залудно" - проценка која само делумно се разликува од медиумскиот бараж по паѓањето на КАЛ 007. По неколку месеци "Винсен" се врати во своето домашно пристаниште пречекан со "енергично знаме-мафтачко добредојде... комплетирано со балони и со морнаричка група која свиреше оптимистички песни", додека бродскиот "мегафон ја трубеше темата од филмот 'Огнени кочии', а блиските бродови на морнарицата отпоздравуваа со истрели од пушките." Службениците на морнарицата не сакаа бродот "да се прикрадне до пристаништето", според зборовите на службеникот за јавни работи.[70] Толку за 290-те Иранци.

Еден уводник на "Њујорк тајмс" индиректно направи исклучок во врска со интересниот морален суд на претседателот Картер. Под насловот "Индокинескиот долг што се задржа" уредниците забележуваат дека "никаква дебата околу тоа кој кому колку му должи не може да се дозволи за да се замаглат најлошите ужаси (на - Н. Ч.)... нашето вмешување во Југоисточна Азија", мислејќи на "ужасите што ги искусија многу од оние што отстапуваа" пред комунистичките чудовишта - во тоа време, мала група од многуте стотици илјади кои ги напуштаа своите домови во Азија, вклучувајќи ги и преку 100.000 луѓе од чамците на Филипините во 1977 година и илјадниците што бегаа пред теророт поддржан од САД на Тимор, да не зборуваме за уште десетиците илјади што бегаа од терористичките држави поддржани од САД во Латинска Америка, кои не предизвикаа ниту таква загриженост па дури ни попатно бележење во колумните за вести.[71] Останатите ужаси во врска со разрушувањето на Индокина не се спомнуваат и сигурно не наметнуваат никаков заостанат долг.

Неколку години подоцна, загриженоста дојде до тезата дека "Долгот на Индокинезите станува фискално истоштување", искажано преку зборовите на еден наслов од "Тајмс", мислејќи на "моралниот долг" кој го направивме со нашето "вмешување на страната која губи во Индокина"; според истата логика, ако Русите ја добиеја војната во Авганистан, тие нема ништо да должеа. Но сега нашиот долг целосно е "платен", објаснува еден службеник на Стејт департментот. Ние ја порамнивме моралната сметка со прифаќањето на виетнамските бегалци кои ја напуштија земјата која ние ја опустошивме, што претставува "еден од најголемите и најдраматичните хуманитарни напори во историјата", според Роџер Винтер, директор на Американскиот комитет за бегалци. Но "без оглед на гордоста", продолжува дипломатскиот дописник на "Тајмс", Бернард Гверцман, "одредени гласови во Регановата администрација и во Конгресот повторно прашуваат дали данокот на војната е сега платен."[72]

Далеку е и од помисла во одговорните кругови тоа дека ние можеби сносиме одредена вина за масовното крвопролевање и уништување, или дека нешто им должиме на милионите осакатени и сираци, или на селаните кои сеуште умираат од неексплодираните бомби од американските напади, додека Пентагон, кога ќе го запрашаат дали постои некој начин да се отстранат

[70] *Los Angeles Times,* Oct. 25, 1988; Robert Reinhold, *NYT,* истиот ден.
[71] За споредбените проценки од тоа време, види *Political Economy of Human Rights,* II, глава 3.
[72] *NYT,* March 3, 1985.

стотиците илјади анти-персонални мини кои денес убиваат деца во областите како Рамнината на несогласиците во Лаос, услужливо коментира дека "луѓето не треба да живеат во тие области. Тие го знаат проблемот." САД одбива дури и да им ги даде минските карти на Индокина на тимовите на цивилни деминери. Бившите маринци кои во 1989 година го посетија Виетнам за да помогнат при отстранувањето на мините кои тие ги поставиле, известија дека многу од нив останаа во областите кои луѓето се обидуваат да ги обработуваат и насадат и дека им било кажано дека луѓето сеуште, до јануари 1989 година, се ранувани и усмртувани.[73] Ништо од ова не заслужува коментар или загриженост.

Ситуацијата, се разбира, е доста поинаква кога ќе се свртиме кон Авганистан - каде, попатно кажано, режимот поставен од Советите *ги објави* своите минско карти. Во овој случај, во насловите може да се прочита: "Советите им оставаат убиствено наследство на Авганистанците", "Мините ги доведуваат Авганистанците во опасност при враќањето", "САД ги укорува Советите во врска со расчистувањето на авганистанските мини", "САД ќе помогне во обучувањето на бегалците да ги уништат авганистанските мини", "Мините оставени од Советите на заминување ги осакатуваат Авганистанците" итн. Разликата е во тоа што се работи за советски мини, па затоа е природно што САД повикуваат на "меѓународни напори за да им се обезбеди на бегалците обука и опрема за да ги уништат или отстранат" мините и за да ги осудат Русите поради нивната недоволна соработка при овој вреден потфат. "Советите не сакаат да го признаат проблемот што тие го создадоа или да помогнат за да се реши", забележа со тага помошникот државен секретар Ричард Вилијамсон; "Ние сме разочарани." Печатот одговара со вообичаениот селективен хуманитарен ентузијазам.[74]

Медиумите не се задоволуваат со "взаемното уништување" што ја поништува целата одговорност за главните воени злосторства. Напротив, товарот на вината мора да им се пренесе на жртвите. Под насловот "Виетнам, обидувајќи се да биде пољубезен, сеуште има многу пат да помине", азискиот дописник на "Тајмс" Барбара Кросет го цитира Чарлс Принц од Интернационалата на бранителите на човековите права, кој рече дека "е време Виетнамците да покажат одредена добра волја." Принц мислеше на преговорите во врска со амеро-азиските деца кои претставуваат мал дел од жртвите на американската агресија во Индокина. Кросет додава дека Виетнамците не се доволно пресретливи и во врска со преостанатите американски војници, иако нивното однесување може да се подобри: "Постои напредок, иако бавен, во врска со исчезнатите Американци." Но Виетнамците сеуште не ни го платиле долгот, па хуманитарните грижи предизвикани од војната остануваат неразрешени.[75]

---

[73] T. Hunter Wilson, *Indochina Newsletter* (Asia Resource Center), Nov.-Dec. 1987. Mary Williams Walsh, *Wall Street Journal,* Jan. 3; George Esper, AP, Jan. 18; *Boston Globe,* picture caption, Jan. 20, 1989.

[74] Walsh, *Wall Street Journal,* Jan. 3, 1989. Robert Pear, *NYT,* Aug. 14; Elaine Sciolino, *NYT,* Aug. 17; Paul Lewis, *NYT,* Oct. 8; Mary Williams Walsh, *Wall Street Journal,* Sept. 1, 1988. Во својата статија од 3 јануари 1989 година, Волш забележува, сожаливо допрена, дека "објавувањето на авганистанските карти дури може да се смета и за мала пропагандна победа на кабулскиот режим, бидејќи неговите непријатели во Вашингтон" ќе имаат многу работа цели 14 години по неговото заминување. Пропагандната победа ќе биде крајно мала, бидејќи не се признава дека САД не успеа да ги обезбеди ваквите информации, или дека има било каква одговорност да го стори тоа.

[75] Barbara Crossette, *NYT,* Nov. 10, 1985.

Навраќајќи се на истата тема, Кросет објаснува дека Виетнамците не ја разбираат својата "ирелевантност" за Американците, надвор од моралните прашања кои сеуште се истакнати - особено, виетнамската тврдоглавост "по прашањето за Американците во служба исчезнати од крајот на војната." Отфрлајќи го виетнамското "ламентирање" во врска со американската неподготвеност да се подобрат односите, Кросет цитира еден "азиски службеник" кој рече дека "во случај лидерите во Ханој да се сериозни околу изградбата на нивната земја, Виетнамците би морале да се однесуваат фер кон САД." Таа ја цитира и изјавата на Пентагон со која се изразува надеж дека Ханој ќе преземе дејствија со цел "да го реши ова долготрајно хуманитарно прашање" околу судбината на американските војници соборени од злите комунисти над Северен Виетнам - единственото хуманитарно прашање кое ни паѓа на памет, по сé изгледа, кога го разгледуваме наследството од војната која зад себе остави многу милиони мртви и ранети во Индокина и три земји целосно разрушени. Еден друг извештај го обжалува одбивањето на Виетнамците да соработуваат "во клучните хуманитарни области", цитирајќи ги либералните конгресмени во врска со "ужасното и сурово" однесување на Ханој и околу одговорноста на Ханој за непостоењето напредок во хуманитарните прашања, имено, во врска со американските војници "од Виетнамската војна кои сеуште се исчезнати". Тврдоглавоста на Ханој "ги буди горките спомени кои Виетнам сеуште може да ги евоцира" кај страдалните Американци.[76]

Природата на загриженоста "да се реши ова долготрајно хуманитарно прашање" за американските војници исчезнати во акција (ИВА-нци) е осветлена од одредената статистика што ја наведува историчарот (и ветеран од Виетнам) Тери Андерсон: "Французите сеуште имаат 20.000 ИВА-нци од нивната војна во Индокина, а Виетнамците наведуваат преку 200.000. Понатаму, САД сеуште од Втората светска војна има 80.000 ИВА-нци и 8.000 од Корејската војна, бројки кои респективно претставуваат 20 и 15 проценти од потврдените загинати во тие конфликти; додека процентот за Виетнамската војна е 4%."[77] Французите воспоставија дипломатски односи со Виетнам, како што Американците направија со Германија и Јапонија, забележува Андерсон, додавајќи: "Ние, се разбира, победивме во 1945-та, па така изгледа дека ИВА-нците единствено се важни кога САД ќе изгуби некоја војна. Вистинската 'благородна кауза' за (Регановата - Н. Ч.) администрација не е поранешната војна, туку нејзината емоционална димензија и кампањата да се вратат назад 'сите останки што можат да се повратат'." Попрецизно, "благородната кауза" е во тоа да се искористи личната трагедија за политички цели: за да се надмине виетнамскиот синдром дома и за да "му се пушти крв на Виетнам".

Влијателниот демократ во Конгресот, Ли Хамилтон, пишува дека "скоро 15 години по Виетнамската војна, Југоисточна Азија останува регион на голема хуманитарна, стратегиска и економска грижа за САД." Хуманитарната грижа вклучува два случаи: 1) "На околу 2.400 американски војници во Индокина не може да се смета"; 2) "Повеќе од 1 милион Камбоџанци умреа под немилосрдниот режим на Црвените Кмери на Пол Пот." Далеку поголемиот број на Индокинези кои умреа поради немилосрдните напади на Вашингтон и кои сеуште умираат не заслужува внимание. Ние треба, продолжува Хамилтон, "да ги преоцениме нашите односи со Виетнам" и да бараме "нови односи", иако

[76] Crossette, *NYT,* Feb. 28; E. W. Wayne, *Christian Science Monitor,* Aug. 24, 1988.
[77] Anderson, "The Light at the End of the Tunnel," *Diplomatic History,* Fall 1988.

не напуштајќи ги при тоа нашите хуманитарни грижи. "Ова може да биде добро време за политиките кои го мешаат продолжителниот притисок со наградувањето на напредокот околу исчезнатите американски војници и дипломатските концесии во Камбоџа." Кај лево-либералниот дел од спектарот, во списанието на Центарот за меѓународна политика, проект на Фондот за мир, еден висок соработник на Карнегиевата фондација за меѓународен мир повикува на помирување со Виетнам, настојувајќи да ја оставиме настрана "агонијата на виетнамското искуство" и "раните од минатото" и да ги надминеме "омразата, лутината и фрустрираност" што ни ги донесоа Виетнамците, иако не смееме да заборавиме на "хуманитарните прашања што останаа од војната": ИВА-нците, оние што се квалификуваа за емигрирање во САД и преостанатите нашинци во камповите за превоспитување. Толку темелни се хуманитарните импулси што го водат ова длабоко морално општество што дури и десничарскиот сенатор Џон Меккејн сега повикува на воспоставување на дипломатски односи со Виетнам. Тој вели дека не гаи "никаква омраза" кон Виетнамците, дури и покрај тоа што е "поранешен морнарички пилот кој помина пет и пол години како неволен гостин во Ханојскиот Хилтон", коментира уредникот Дејвид Гринвеј од "Бостон глоуб", додавајќи дека "штом Меккејн може да ја остави настрана својата огорченост, тогаш можеме и ние да го направиме истото."[78] Гринвеј добро го познава Виетнам, составувајќи едно исклучително досие како тамошен воен дописник. Но во преовладувачката морална клима, едуцираната заедница на која тој и' се обраќа не би го сметала за непотребно убедувањето да ја надминеме нашата природна огорченост кон Виетнамците поради она што ни го направија.

"Во историјата", забележува Френсис Џенингс, "човекот со кошула во набори и со добро сплетен елек некако се издигнува над крвта која тој им нареди на подредените со валкани раце да ја пролеат."[79]

Овие примери ја илустрираат моќта на системот што произведува нужни илузии, барем помеѓу едуцираните елити кои се главни мети на пропагандата и нејзини доставувачи. Тешко би било да се сетиме на некое постигнување што би лежело надвор од досегот на механизмите на индоктринацијата што го прикажува САД како невина жртва на Виетнам, истовремено контемплирајќи над испадите на себе-стигматизирање кај нацијата.

Новинарите кои не се подложени на истото влијание и стандарди гледаат поинаква слика. Во еден израелски дневен весник со масовна циркулација, Амнон Капелиук објави серија од промислени и сочувствителни статии околу посетата на Виетнам во 1988 година. Една од нив е насловена: "Илјадници Виетнамци сеуште умираат од ефектите на американското хемиско оружје." Тој известува за проценките од четвртина милион жртви во Јужен Виетнам и уште илјадници убиени од неексплодираните бомби - 3700 од 1975 година само во областа Дананг. Капелиук ги опишува "застрашувачките" сцени во болниците на југот каде што децата умираат од рак и од грди деформации при раѓањето; се работи, се разбира, за Јужен Виетнам кој беше цел на хемиско оружје, а не за Северен Виетнам, каде на вакви последици не може да се наиде, известува тој. Постои малку надеж за подобрување во следните години, се плашат виетнамските лекари, бидејќи ефектите се задржуваат во разрушениот јужен регион на оваа "ожалостена земја" со своите милиони загинати и милиони

[78] Lee H. Hamilton, "Time for a new American relationship with Vietnam," *Christian Science Monitor,* Dec. 12, 1988; Frederick Z. Brown, *Indochina Issues* 85, Nov. 1988; *Boston Globe,* July 8, 1988.
[79] Jennings, *Empire of Fortune,* 215.

вдовици и сираци, каде човек слуша "приказни од кои се крева косата на главата и кои ме потсеќаат на она што го слушавме за време на судењата на Ајхман и Демјанук" од жртви кои, треба да се забележи, "не искажуваа никаква омраза кон американскиот народ." Во овој случај, се разбира, на престапниците не им се суди, туку за нивните злостори во цивилизираниот западен свет им се оддава почит.[80]

И тука некои се загрижени околу ефектите од војувањето со хемиско оружје кое истури милиони галони од агенсот оранж и од останатите хемикалии врз област со големина на Масачусетс во Јужен Виетнам, а уште повеќе во Лаос и Камбоџа. Доктор Грејс Зим, специјалист за хемиска изложеност и болести, која предава на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Мериленд, ја отвори оваа тема по двонеделната посета на Виетнам, каде што во 60-тите работеше како лекар. Таа ги опиша и посетите на болниците на југот, каде што изврши инспекција на запечатените видливи контејнери со грди деформирани бебиња и многу пациенти од тешко погодените области, на жените со крајно ретки малигни тумори и на децата со деформитети далеку од нормалата. Но нејзиното објаснување испадна далеку од она на етаблишментот, чија приказна, кога воопшто и се известува за неа, има доста поразличен отсјај и фокусираност. Така, во статија за тоа како Јапонците се обидуваат да ги сокријат своите злосторства од Втората светска војна, читаме дека еден јапонски апологет, кажувајќи за растурањето на отрови со хелихоптери од страна на американските трупи, "веројатно", објаснува репортерот, мислел на "агенсот оранж, дефолијант за кој постои сомневање дека предизвикува нарушувања при раѓањето кај Виетнамците и кај децата на американските војници." Никакви понатамошни размислувања не се сугерираат, во контекст на ова. А можеме да прочитаме за "180-те милиони долари компензација од хемиските компании до жртвите на агенсот оранж" - американските војници, а не виетнамските цивили кои далеку повеќе настрадаа. И, некако, овие работи едвај се појавуваат и тоа како индигнација која во 1988 година нарасна во врска со наводните планови за развивање на хемиско оружје од страна на Либија.[81]

Десното свртување кај елитите се здоби со политички облик во време на доцните години на Картеровата администрација и за време на Регановите години, кога предложените политики беа спроведени и проширени со двопартиски консензус. Но, како што откриј реганистичките управувачи со државата, "виетнамскиот синдром" се покажа како тврд орев; оттука големото зголемување на тајните операции како резултат на тоа што домашниот непријател ја принуди државата да оди во илегала.

Кога во средината на 80-тите стана неопходно соочувањето со трошоците на реганистичката воена кејнзијанистичка политика, вклучувајќи го огромниот буџетски и трговски дефицит и надворешен долг, беше предвидливо, и предвидено, дека "империјата на злото" ќе стане сè помалку заканувачка и дека чумата на меѓународниот тероризам ќе спласне, не толку зашто светот толку се променал, туку поради тоа што државниот менаџмент се соочуваше со нови проблеми. Неколку години подоцна, резултатите се очигледни. Меѓу самите идеолози кои беснееја против неотстранливото зло на советските

[80] Kapeliouk, *Yediot Ahronot,* April 7, 1988; исто и April 1, 15.
[81] Ziem, *Indochina Newsletter* (Asia Resource Center), July-August 1988; Susan Chira, *NYT,* Oct. 5, 1988; *Wall Street Journal,* April 4, 1985. Види *Manufacturing Consent* за тоа како ретроспективите по повод 10-годишнината (во 1985 година) ги одбегнаа ефектите на војната врз Јужно-виетнамците, главните жртви на американските напади.

варвари и на нивните следбеници, државничкиот пристап сега е задолжителен, заедно со самитувањето и преговорите околу вооружувањето. Но основните долгорочни проблеми остануваат и ним ќе мора да им се обрне внимание.

Во овој периодот на глобална хегемонија на САД, настрана од егзалтираната реторика, не постои двоумење при избирањето на силата штом биде загрозена благосостојбата на американските елити од она што во тајните документи се опишува како закана од "националистичките режими", кои одговараат на јавните барања за "подобрување на нискиот животен стандард на масите" и за производство за домашните потреби и кои сакаат да ги контролираат своите сопствени ресурси. За да им се спротивстави на таквите закани, објаснуваат високите планерски документи, САД мора да охрабрува "политичка и економска клима благопријатна за приватно инвестирање како на странскиот така и на домашниот капитал" вклучувајќи ја и "можноста да се заработи, а во случајот на странскиот капитал да се репатрира разумната добивка."[82] Ова значи, искрено е тоа објаснато, дека на крајот мора да се употреби сила, зашто ваквата политика некако не успева да се здобие со многу јавна поддршка и нејзе постојано ѝ се заканuваат субверзивните елементи нарекувани "комунистички".

Во Третиот свет мораме да обезбедиме "заштита на нашите репроматеријали" (како што тоа го кажа Џорџ Кенан) и да го охрабруваме извозно-ориентираното производство, одржувајќи ја рамката на либералниот интернационализам - барем додека им служи на потребите на американските инвеститори. Меѓународно, исто како и дома, слободниот пазар е идеал кој заслужува да се велича штом неговите резултати се во согласност со перцепираните потреби на домашната моќ и привилегираност; ако не, пазарот мора да биде воден преку ефикасна употреба на државната моќ.

Ако медиумите, и угледната интелектуална елита воопшто, треба да и' служат на својата "општествена цел", ваквите работи мораат да ги држат надвор од заштитената област, далеку од јавната свест, а енормните докази што ги даваат документите и историјата што се развива мораат да им се доверат на прашливите архиви или на маргиналните изданија. Ретроспективно можеме да зборуваме за грешки, погрешно толкување, претерување во врска со комунистичката закана, погрешни проценки на националната безбедност, лични чувства, па дури и за корупција и мамење на лидерите кои застраниле, но проучувањето на институциите и на тоа како тие функционираат мора скрупулозно да се игнорира, настрана од периферните елементи или од релативно опскурната стручна литература. Овие резултати доста задоволувачки се постигнати.

Во капиталистичките демократии на Третиот свет, ситуацијата често е многу слична. Костарика, на пример, со право се смета за модел на демократија за Латинска Америка. Печатот е цврсто во рацете на крајната десница, па така нема потреба од загриженост за слободата на печатот во Костарика и никој не изразува загриженост. Во овој случај, резултатот беше постигнат не преку сила, туку во прв ред преку слободниот пазар потпомогнат од законските мерки за контрола на "комунистите" и, по сè изгледа, од приливот на северно-американски капитал за време на 60-тите.

[82] NSC 144/1, 1953; NSC 5432, 1954 и многу други. За подетална дискусија, види ја *On Power and Ideology*. Основните принципи постојано се преповторуваат, често со истите зборови.

Таму каде што ваквите мерки не се доволни за да ја наметнат одобрената верзија на демократијата и на слободата на печатот, другите мерки се веднаш достапни и очигледно се сметаат за правилни и соодветни, сè додека вродуваат со плод. Ел Салвадор во изминатата декада даде драматична илустрација за ова. Во 70-тите постоеше ширење на "народните организации" од кои многу беа под патронат на Црквата, а вклучуваа селански здруженија, групи за самопомош, синдикати итн. Реакцијата беше насилен излив на државен терор, организиран од САД со двопартиска поддршка, а и со општа медиумска поддршка. Сета преостаната сомничавост се распрсна, откако "демонстративните избори" беа спроведени за доброто на домашниот фронт,[83] додека Регановата администрација нареди намалување на повидливите sверства кога се сметаше дека населението е доволно трауматизирано и кога се појави страв дека извештаите за мачењата, убиствата, осакатувањата и исчезнувањата можат да го загрозат финансирањето и поддршката за пониските нивоа на државен терор кои сеуште се сметаа за нужни.

Постоеше независен печат во Ел Салвадор: два малечки весници, "Ла кроника" и "Ел индепендиенте". И двата беа уништени во 1980-81 година од силите за безбедност. По една серија на бомбардирање, еден уредник на "Ла кроника" и еден фотограф беа одведени во продавница за кафе во Сан Салвадор и со мачети беа исечени на парчиња; одредите на смртта вршеа рации, бомбардирања и палежи на службените простории, а издавачот пребегна во САД. Издавачот на "Ел индепендиенте", Хорхе Пинто, пребегна во Мексико кога неговите зданија беа нападнати, а опремата уништена од страна на трупите. Загриженоста во врска со овие настани во САД беше толку висока што во колумните со вести на "Њујорк тајмс" немаше ни збор околу ова, ниеден уводник не коментираше во врска со уништувањето на весниците и ниеден збор не е изречен во годините што следеа, иако на Пинто му беше дозволена изјава на страницата за мислења, во која тој ја осуди "хунтата на Дуарте" што "успеа во искоренувањето на изразувањето на било кое дисидентско мислење" и го изрази своето верување дека таканаречените одреди на смртта "не се ништо повеќе или помалку, туку самата војска" - заклучок што го потврдија и Црквата и меѓународните монитори на човековите права.

Во годините пред конечното уништување на "Ел индепендиенте", службените простории беа два пати бомбардирани, вработено момче беше убиено кога беше пукано врз местото, автомобилот на Пинто беше разрешетан од огнот на автоматските пушки, беа извршени два други обиди да се изврши убиство врз него, а два дена пред весникот конечно да биде уништен воени трупи со тенкови и оклопни возила дојдоа во неговите службените простории за да го побараат. Овие настани останаа незабележани. Кратко пред целосно да биде уништена, "Ла кроника" беше четири пати бомбардирана во шест месеци: едно од нив, последното, заслужи 40 зборови во"Њујорк тајмс".[84]

Не дека медиумите во САД не се загрижени за слободата на печатот во Средна Америка. Во остар контраст со молчењето околу двата салвадорски

[83] За ова пропагандно средство, кое цели на домашниот фронт, види Herman and Brodhead, *Demonstration Elections*.

[84] Jorge Pinto, *NYT* Op-Ed, May 6, 1981; Ricardo Castañeda, постар партнер на една салвадорска адвокатска фирма, Edward Mason Fellow, Kennedy School, Harvard University; "Salvador Groups Attack Paper and U.S. Plant," World News Briefs, *NYT,* April 19, 1980. Информациите за покривањето на "Њујорк тајмс" е засновано врз пребарувањето на индексот на овој весник од страна на Крис Берк од ФАИР.

весници е случајот на опозицискиот весник "Ла пренса" во Никарагва. Медиумскиот критичар Франсиско Голдман изброја 263 референци за неговите страданија во "Њујорк тајмс" во времетраење од четири години.[85] Критериумот за дистинкцијата не е опскурен: салвадорските весници беа независни гласила замолкнати од убиственото насилство на клиентите на САД; "Ла пренса" е застапник на кампањата на САД за рушење на владата во Никарагва и поради тоа е "достојна жртва", чие вознемирување побудува патење и лутина. Да се вратиме на понатамошните докази кои покажуваат дека ова навистина е применуваниот критериум.

Неколку месеци пред неговиот лист да биде уништен, доктор Хорхе Наполеон Гонсалес, издавачот на "Ла кроника", го посети Њујорк за да побара меѓународен притисок за "терористите да бидат одвратени од уништувањето на неговиот лист." Тој ги наведе десничарските закани и "она што (неговиот лист - Н. Ч.) го нарекува владина репресија", забележа непристрасно "Тајмс". Тој извести дека добивал закани од страна на одред на смртта кој "несомнено ја ужива поддршката на војската", дека две бомби биле најдени во неговата куќа, дека на службените простории на листот се пука и им се подметнува пожар и дека неговиот дом е опкружен од војници. Овие проблеми почнаа, рече тој, кога неговиот лист "почна да бара реформи на земјопоседите", разлутувајќи ги "владејачките класи". Не се разви никаков меѓународен притисок, па силите за безбедност ја довршија својата работа.[86]

Тие години, радио станицата на Црквата во Ел Салвадор повеќепати беше бомбардирана, а трупите го окупираа зданието на надбискупијата, уништувајќи ја радио станицата и пљачкосувајќи ги службените простории на весникот. Повторно, тоа не предизвика медиумска реакција.

Овие работи не се случија при ентузијастичкото известување за "слободните избори" во Ел Салвадор од 1982 и 1984 година. Подоцна дописникот на "Тајмс" од Средна Америка, Џејмс Лемојн, редовно нé известуваше дека земјата ужива поголема слобода од непријателската Никарагва, каде што не се случи ништо ни оддалеку споредливо со салвадорските sверства и каде опозициските лидери и медиуми, кои се финансирани од владата на САД и отворено ги поддржуваат нејзините напади врз Никарагва, се жалат на вознемирување, а не на тероризирање и убивање. Ниту пак дописниците на "Тајмс" од Средна Америка ќе известат дека водечките лица на Црквата кои пребегнаа од Ел Салвадор (вклучувајќи го и блискиот соработник на убиениот надбискуп Ромеро), добро-познатите салвадорски писатели и другите кои ни под разно не спаѓаат меѓу политичките активисти, а кои им се добро познати на дописниците на "Тајмс", не можат да се вратат во демократијата на одредите на смртта, која тие ја величаат и заштитуваат, од страв да не бидат убиени. Уредниците на "Тајмс" ја повикуваат Регановата администрација да го употреби "својот притисок во прилог на мирот и плурализмот во Никарагва", каде власта има "застрашувачко досие" на "вознемирување на оние што се осмелуваат да го користат... слободниот говор" и каде што никогаш не постоеле "слободни, компетитивни избори."[87] Никакво слично структурирање не се применува за Ел Салвадор.

---

[85] "Sad Tales of La Libertad de Prensa," *Harper's Magazine,* Aug. 1988. Види Додаток 5, оддел 6, за понатамошна дискусија.

[86] Deirdre Carmody, *NYT,* Feb. 14, 1980. Можеби можеме кратката вест, наведена горе, од 19-ти април, да ја сметаме како одговор на неговото барање.

[87] *NYT,* Editorial, March 25, 1988.

На ваков начин Слободниот Печат работи за да ги имплантира илузиите кои се нужни за да се задржи домашниот непријател.

Трета глава
Границите на изразливото

Иако се признава дека ретко кога нешто е сосема ново под сонцето, сепак можеме да утврдиме некои моменти кога се преобликуваат традиционалните идеи, кога се кристализира нова свест и кога можностите кои стојат пред нас се појавуваат во ново светло. Фабрикацијата на нужните илузии за управување со општеството е стара колку и историјата, но годината 1917 може да се смета како преодна точка на модерниот период. Болшевичката револуција и' даде конкретен израз на ленинистичката концепција на радикалната интелигенција како авангарда на општествениот напредок, искористувајќи ги народните борби за да се здобие со државна моќ и за да ја наметне власта на "црвената бирократија" од Бакуниновите претскажувања. Таа тоа веднаш започна да го спроведува, отстранувајќи ги фабричките одбори, советите и останатите облици на народни организации за населението успешно да биде мобилизирано во "трудовите армии" под контрола на далековидите лидери кои ќе го сподвижат општеството напред - со најдобри намери, се разбира. За оваа цел, механизмите на агитпропот се од темелна важност; дури и тоталитарните држави од Хитлеров или Сталинов тип се потпираат на масовната мобилизација и доброволното потчинување.

Една важна доктрина на советската пропаганда е дека тоа што Ленин и Троцки го елиминираа секое обележје на контрола врз производството од страна на произведувачите и на народно учество во утврдувањето на општествената политика претставува триумф на социјализмот. Целта на ова практикување на новоговорот[*] е да се искористи моралниот апел на идеалите кои успешно беа уништени. Западната пропаганда посегна кон истите можности, поистоветувајќи го отстранувањето на социјалистичките облици со воспоставувањето на социјализам за да ги поткопа лево-либертаријанските идеали преку нивно поврзување со дејствијата на грубата црвена бирократија. До ден денес, и двата системи на пропаганда ја прифаќаат оваа терминологија, за своите различни цели. Кога двата главни светски системи на пропаганда се во согласност, невообичаено тешко е за поединецот да им избега на нивните пипала. Растерувањето на слободата и демократијата во целиот свет е исклучително.

Во истата година, 1917-та, кругот на либерални прагматисти на Џон Џуи си ја припиша заслугата за водењето во војна на пацифистичкото население "под влијание на моралната одлука донесена по најтемелни размислувања од страна на попромислените членови на заедницата... класа која мора сеопфатно но и лабаво да се опише како 'интелектуалци'," кои, сметаа тие, "ја исполнија... корисната и решавачка работа во поглед на војната."[88] Ова достигнување, или барем искажана автоперцепција, имаше широки последици. Џуи, интелектуалниот ментор, објасни дека оваа "психолошка и образовна лекција" докажа "дека е можно човечките суштества да се вмешаат во човечките работи и да ги управуваат." "Човечките суштества" кои ја научија лекцијата беа "интелигентните луѓе на заедницата", Липмановата "специјализирана класа",

[*] Новоговор - израз што го употреби Џорџ Орвел во својата "1984-та" за да го означи новосоздадениот осиромашен и идеологизиран јазик на тоталитарната власт (заб. на прев.).
[88] *New Republic,* April 7, 1917.

Нибуровите "студени набљудувачи". Тие сега мораат да ја употребат својата дарба и разбирање "за да остварат подобар, реорганизиран општествен поредок" преку планирање, убедување па дури и сила каде што е неопходно, но, инсистираше Џјуи, само "префинета, суптилна и посредна употреба на сила", а не "сурови, очигледни и непосредни методи" употребени пред "напредувањето на знаењето". Софистицираното одбирање на силата е оправдано ако ги задоволува условите на "споредбена ефикасност и економија при својата употреба." Новоизречената доктрина на "произведување на согласност" беше природен сопатник и во подоцнежните години многу ќе слушаме за "технократските и практично ориентирани интелектуалци" кои ја трансцедентираа идеологијата и кои ќе ги решат преостанатите општествени проблеми преку рационална примена на научните принципи.[89]

Од тоа време, главното тело на артикулирани интелектуалци тежнее кон еден или друг од овие полови, избегнувајќи ги "демократските догматизми" за луѓето кои ги разбираат сопствените интереси и станувајќи свесни за "глупавоста на просечниот човек" и за неговата потреба да биде воден кон подобриот свет кој неговите надредени го планираат за него. Чекорот од едниот до другиот пол може да биде доста брз и безболен, зашто не се ризикува никаква темелна промена на доктрината или вредностите, освен проценката на можностите за здобивање со моќ и привилегии: дали да се биде носен на брановите на народните борби или му се служи на етаблираниот авторитет како општествен или идеолошки менаџер. Вообичаениот премин на "богот што не успеал" од ленинистички ентузијазам до сервисирање на државниот капитализам верувам дека може во суштинска мера да се опише преку овие термини. Иако постоеја автентични елементи во раните фази, помина долго време откако тие дегенерираа до ритуалистичка фарса. Посебно добродојдена, и сигурен билет до успехот, е фабрикацијата на едно лошо минато. Така, грешникот што признал може да опише дека ги поздравувал тенковите на улиците на Прага, го поддржувал Ким Ил Сунг, го осудувал Мартин Лутер Кинг како предавник и така натаму за оние што не ја виделе светлината имплицитно да бидат премачкани од четката.[90] Кога ќе се изврши преминот, патот кон престижот и привилегиите е отворен, зашто системот високо ги вреднува оние што ги увиделе грешките на своите убедувања и што сега можат да ги осудат независните умови како апологети од сталинистички тип, а врз основа на супериорниот увид со кој се здобиле во својата погрешно помината младост. Некои можат да изберат да станат "експерти" во стилот отворено изразен од Хенри Кисинџер, кој го дефинира "експертот" како личност која умее "да го елаборира и дефинира консензусот (на - Н. Ч.)... својот електорат", оној што "има јасен интерес за општоприфатените мислења: елаборирањето и дефинирањето на високо ниво, на крајот, и го направи него експерт."[91]

Една генерација подоцна, САД и Советскиот сојуз станаа суперсили на првиот вистински глобален систем, остварувајќи ги очекувањата на Александар Херцен и останатите од пред еден век, иако димензиите на нивната моќ никогаш не биле споредливи, а и двете неколку години не успеаја во својата способност да влијаат и да присилуваат. Двата модели на улогата на интелектуалците, слични во своите корени, се задржаа, прилагодени на двата преовладувачки

[89] За цитати, референци и позадина, види ја мојата *Towards a New Cold War,* глава 1 и наведените извори.
[90] За некои примери, види *Manufacturing Consent,* 343n.
[91] *American Foreign Policy* (Norton, 1969).

системи на хиерархија и доминација. Согласно на тоа, системите на индоктринација се разликуваат во зависност од способноста на државата да присилува и од модалитетите на ефективната контрола. Поинтересен систем е оној на капиталистичката демократија, која се потпира на слободниот пазар - воден преку директно интервенирање каде што е потребно - за да се воспостави сообразие и да се маргинализираат "посебните интереси".

Главни мети на произведувањето на согласност се оние кои се сметаат себеси за "попромислени членови на заедницата", "интелектуалците", "мненските водители". Еден службеник на Труманова администрација забележа: "За општата јавност не претставува голема разлика тоа кои се подробностите на некоја програма. Она што се брои е тоа како на планот гледаат лидерите на заедницата"; оној "кој ја мобилизира елитата, ја мобилизира и јавноста", заклучува еден стручен труд за јавното мислење. "'Јавното мислење' кое Труман и неговите советници го сфаќаа сериозно и трудољубиво гледаа да го култивираат" беше она на елитата на "мненски водители", "надворешно-политичката јавност", забележува историчарот на дипломатијата Томас Патерсон;[92] истото постојано важи, настрана од моментите кога мора да се совлада некоја "криза на демократијата" и кога се потребни поригорозни мерки за општата јавност да се врати на своето вистинско место. Постои надеж дека во другите случаи тие можат да се задоволат со диверзиите и вообичаената доза на патриотска пропаганда и со грмење против различните непријатели кои можат да ги загрозат нивните животи и домови, освен ако нивните водачи брзо не застанат наспроти заканата.

Во демократските системи, нужните илузии не можат да се наметнат со сила. Напротив, тие во јавниот ум мораат да се инсталираат преку посуптилни средства. Тоталитарните држави можат да се задоволат со помал степен на приврзаност кон бараните вистини. Доволно е луѓето да се покоруваат, она што тие го мислат е секундарна грижа. Но во демократските политички поредоци секогаш постои опасноста независната мисла да премине во политичка акција, па затоа е важно заканата да биде уништена во својот корен.

Дебатата не може да биде замолкната и всушност, кај пропагандата која правилно функционира, не ни треба да биде, зашто таа има системско-зацврстувачки карактер ако биде задржана во правилните граници. Она што е суштествено е границите цврсто да бидат воспоставени. Контроверзите можат да беснеат сè додека се придржуваат до претпоставките што го одредуваат консензусот на елитите па дури и треба да бидат охрабрувани во рамките на овие граници за на тој начин да се помогне воспоставувањето на овие доктрини како исклучителен услов на промислената мисла, истовремено зацврстувајќи го верувањето дека царува слободата.

Накратко, она што е суштинско е дека моќта ја воспоставува агендата. Ако контроверзата околу Студената војна може да се фокусира на задржувањето на Советскиот сојуз - околу соодветната комбинација на сила, дипломатија и други средства - тогаш пропагандниот систем веќе ја извојува победата, без разлика на заклучоците до кои ќе се дојде. Основната претпоставка веќе е утврдена: Студената војна е конфронтација помеѓу две суперсили, едната агресивна и експанзионистичка, додека другата го брани статус квото и цивилизираните вредности. Надвор од агендата е проблемот на

[92] Thomas Paterson, *Meeting the Communist Threat* (Oxford, 1988, 82-83), цитирајќи го Труановиот службеник и политиколог Габриел Алмонд.

задржувањето на САД и прашањето дали проблемот воопшто и е правилно дефиниран, дали Студената војна всушност не произлегува од напорите на суперсилите да си обезбедат меѓународни системи кои ќе можат да ги владеат и контролираат - системи кои се разликуваат многу во степенот, како одраз на енормните разлики во богатството и моќта. Советските прекршувања на договорите во Јалта и Постдам се теми за голем број трудови и се доста добро утврдени во општата свест; ние тогаш пристапуваме кон дебатирање околу нивниот степен и важност. Но ќе биде потребно внимателно пребарување за да се најде некоја расправа за прекршувањата на воените договори од страна на САД и за нивните последици, иако оцената на моментално најдобриот научен труд, години подоцна од настанот, е дека "всушност, советскиот модел на приврзаност (кон Јалта, Постдам и другите воени договори - Н. Ч.) квалитативно не беше различен од американскиот модел."[93] Ако агендата може да се сведе на двосмисленоста на Арафат, на злоупотребите и неуспесите на сандинистите, на тероризмот на Иран и Либија и на останатите правилно врамени проблеми, тогаш во основа играта е завршена; од дискусијата е исклучена недвосмислената политика на отфрлање на САД и на Израел и тероризмот и останатите злодела на САД и на неговите клиенти, кои не само што далеку се поголеми во степенот, туку и од гледна точка на било која морална димензија се неспоредливо позначајни за американските граѓани, кои се во состојба да ги ублажат или окончаат овие злодела. Истото размислување држи во однос на кое и да е прашање кое би го разгледувале.

Една клучна доктрина, стандардна во историјата, е дека државата зазема одбранбен став, пружајќи им отпор на предизвиците врз поредокот и врз своите благородни принципи. Така, САД секогаш без разлика и' пружа отпор на агресијата, понекогаш и на "внатрешната агресија". Водечките научници нѐ уверуваа дека војната во Виетнам беше "превземена во одбрана на слободниот народ што му се спротивставува на комунистичката агресија" во времето кога во раните 60-ти САД го напаѓаше Јужен Виетнам, бранејќи ја својата клиентска диктатура од јужно-виетнамските агресори кои само што не ја соборија; никаков доказ не мора да се понуди за да се утврдат ваквите очигледни вистини и никаков нема да има. Некои дури и ласкаво упатуваат на "стратегијата на Ајзенхауеровата администрација на одвраќање на агресијата преку заканување со употреба на нуклеарно оружје" во 1954 година во Индокина, "каде француските сили се соочија со пораз" во Диен Биен Ву "и беа во рацете на комунистичкиот Виетмин", агресорот што го нападна нашиот сојузник Франција, која ја бранеше Индокина (од сопственото население).[94] Култивираното мислење главно го интернализира ова гледиште. Согласно на тоа, логичка невозможност е некој да се спротивставува на американската агресија, категорија која не може ни да постои. Како и да се преправаат, критичарите мора да се "војници на Ханој" или "апологети на комунизмот"

[93] Melvyn Leffler, "Adherence to Agreements: Yalta and the Experiences of the Early Cold War," *International Security,* Summer 1986.

[94] Robert W. Tucker, "Reagan's Foreign Policy," *Foreign Affairs*, "America and the World 1988/89," Winter 1989, водечка статија на бројот. John Lewis Gaddis, *The Long Peace* (Oxford, 1987, 129). Обидот за ослободување на Индокина од француските сили поддржани од САД делумно беше и граѓанска војна, како што и воопшто е точно при борбите против странската окупација и колонијална власт - Американската револуција, на пример. Треба да биде јасно дека овој факт не му дава никаков кредибилитет на бизарното поимање дека САД "ја одвраќаше агресијата" помагајќи ги француските обиди за повторно освојување на Индокина, при тоа размислувајќи дури и за употреба на нуклеарно оружје за оваа цел.

било каде и да било, бранејќи ги "агресорите", па можеби и обидувајќи се да ги затскријат нивните "тајни планови".[95]

Поврзана доктрина со ова е дека "копнежот да се види дуплицирање на демократијата од американски стил во целиот свет е трајна тема на американската надворешна политика", како што изјави дипломатскиот дописник на "Њујорк тајмс", откако воената влада поддржана од САД ги задуши во насилство изборите во Хаити, за што нашироко се предвидуваше дека ќе биде веројатна последица на американската поддршка на хунтата. Овие тажни настани, забележува тој, се "најново потсетување за потешкотиите со кои се соочуваат американските творци на политиката при обидите да ги спроведат своите желби, без разлика колку се тие добронамерни, врз другите нации."[96] На овие доктрини не им требаат никакви аргументи и се отпорни на планините од противаргументи. Понекогаш, изговорите колабираат поради својата манифестна бесмисленост. Тогаш е дозволено да се признае дека не сме биле секогаш толку добронамерни и толку темелно посветени на демократијата како што сме денес. Честото користење на оваа згодна техника на "промена на курсот" со текот на годините не предизвикува потсмевање, туку оди за нашата неисцрпна добронамерност, при што се подготвуваме за некоја нова борба во "одбрана на демократијата".

Ние немавме проблеми при воочувањето дека советската инвазија на Авганистан е брутална агресија, иако многумина би се колебале околу опишувањето на авганистанските герилци како "демократски сили на отпорот" (Ендрју Саливен, уредник на "Њу Рипаблик").[97] Но американската агресија врз Јужен Виетнам во раните 60-ти, кога државата на теророт од латиноамерикански тип наметната од американските сили повеќе не можеше да го контролира домашното население преку насилство, не може да се воочи онаква каква што е. Точно, американските сили директно беа вмешани во сеопфатно бомбардирање и дефолијација во обид да се натера населението во концентрационите кампови каде што ќе било "заштитено" од непријателот кого, се признаваше, волно го подржуваше. Точно, огромни американски експедициски сили подоцна ја нападнаа и опустошија земјата, и нејзините соседи, со експлицитна намера да се уништи она за кое јасно се знаеше дека е единствена политичка сила со масовна поддршка и да се отстрани опасноста од политички договор кого го поддржуваа сите страни. Но и покрај сето ова, САД и' пружаше отпор на агресијата во својот копнеж за демократија. Кога САД ја воспостави убиствената диктатура на Дием како дел од своите обиди за поткопување на Женевските договори и блокирање на ветените избори, зашто се очекуваше дека ќе победи погрешната страна, тогаш ја бранеше демократијата. "Земјата е поделена на комунистички режим на север и на демократски режим на југ", извести "Њујорк тајмс", коментирајќи во врска со тврдењето дека "комунистичкиот Виетмин 'на најбучен начин' увезува оружје и војници од Црвената Кина", заканувајќи му се на "слободниот Виетнам" откако "му ја продаде својата земја на Пекинг."[98] Во подоцнежните години, како што

[95] Види Додаток 5, оддел 8 за еден пример, иако таков што е надвор од просекот.
[96] Neil Lewis, *NYT,* Dec. 6, 1987.
[97] *Daily Telegraph* (London), Jan. 28, 1988.
[98] *NYT,* June 2, 1956. Обвинувањето беше покренато од помошникот државен секретар Волтер Робертсон. Сеуште можеме да прочитаме за "помнењето на демократијата на југот" (Clayton Jones, *Christian Science Monitor,* Jan. 19, 1989) - под воените диктатури наметнати преку насилството на САД.

“одбраната на демократијата” тргна накриво, се разви жестока дебата помеѓу јастребите, кои чувствуваа дека со доволна посветеност непријателот би можел да биде уништен, и гулабите, кои се плашеа дека одбирањето на насилството со цел да се постигнат нашите благородни цели може да се покаже како премногу скапо; некои преферираа да бидат бувови, дистанцирајќи се од двете крајности.

Во текот на целата војна, во рамките на естаблишментот се земаше здраво за готово тоа дека САД го брани Јужен Виетнам; не многу мудро, гулабите веруваа во тоа. Години оттогаш, доктрината останува непредизвикана. Ова не е точно само за оние кои со зголемувањето на sверствата парадираа како најбесрамни комесари, не гледајќи во заситувачките бомбардирања на густо населените области ништо повеќе од “несреќни губитоци на живот при обидите на американските воени сили да го потпомогнат јужно-виетнамското одвраќање на инвазијата на Северен Виетнам и на неговите партизани”- на пример, во делтата на Меконг, каде што немаше северно-виетнамски трупи дури ни долго по проширувањето на агресијата на САД врз Северен Виетнам и каде локалниот народ кој им пружаше отпор на американските напаѓачи и на нивните клиенти очигледно не се квалификуваше за “јужно-виетнамски”. Можеби и не изненадува тоа што од ваквите извори сеуште и ден денес можеме да прочитаме, по сето она што сега е познато, дека “народот на Јужен Виетнам ја посакуваше својата слобода од доминацијата на комунистичката земја на нивната северна граница” и дека “САД интервенира во Виетнам... за да го утврди принципот дека промените во Азија не треба да се наложуваат од страна на надворешни сили.”[99] Далеку поинтересен е фактот што, дури и ако вулгарноста на апологетиката за крупните sверства одврати многумина, големото мнозинство од едуцираните луѓе би нашло малку изненадувачко во оваа проценка на историјата, што претставува најбележита демонстрација на успешноста на демократските системи на контрола на мислата.

На сличен начин денес САД во Средна Америка е посветен на одбрана на слободата во “демократиите во повојници” и на “обновувањето на демократијата” во Никарагва - што упатува на периодот на Сомоза, ако зборовите имаат значење. На екстремот од изразливата несогласност, во огорчена осуда на американскиот напад врз Никарагва која отиде толку далеку што потсети на пресудите од Нирнберг, уредникот на “Атлантик мантли”, Џек Бити, напиша дека “демократијата е нашата цел во Никарагва и за да ја постигнеме ние го спонзориравме убивањето на илјадници Никарагванци. Но убивањето за демократијата - па дури и убивањето под овластување на демократијата - не е доволно добра причина за водење на војна.”[100] Тешко дека во корпоративните медиуми може да се најде поконзистентен критичар на американската војна од колумнистот Том Викер од “Њујорк тајмс”, кој ја осуди примената на Регановата доктрина врз Никарагва, зашто “САД нема историско или од бога дадено право да им носи демократија на другите нации.”[101] Критичарите без премислување ја прифаќаат претпоставката дека нашиот традиционален “копнеж по демократија” навистина ја води американската

[99] Sidney Hook, "Lord Russell and the War Crimes `Trial'," *New Leader,* Oct. 24, 1966; "Politics Tests Philosophy's Meaning," Преглед на Alan Ryan, *Bertrand Russell: A Political Life, Insight* (издадено од *Washington Times*), Oct. 3, 1988. Коментарот на Хук за Расел ќе му биде познат на секој што е запознат со нападите врз дисидентите во печатот на Комунистичката партија за време на сталинистичките години.
[100] *Boston Globe,* Jan. 15, 1988.
[101] *NYT,* Aug. 6, 1987.

политика по 19 јули 1979 година, кога беше соборен американскиот клиент Сомоза, иако не и пред да се случи, мора да се признае, чудесната и чудно темпирана преобразба, предизвикана од некој мистериозен процес. Едно вредно пребарување во сите медиуми би открило некој попатен исклучок од оваа шема, но таквите исклучоци се ретки, што е уште еден доказ за успешноста на индоктринацијата.[102]

"Средна Америка има очигледен сопствен интерес да ги прогонува" сандинистите "за да и' се оддаде признание на нејзините ветувања дека ќе се демократизира", а "оние Американци кои одново и одново ги убедуваат другите 'да им дадат шанса на мирот', сега имаат должност да го свртат своето внимание и своите страсти кон гарантирањето дека и демократијата ќе има шанса", опоменуваат уредниците на "Вашингтон пост", веднаш под главниот поднаслов кој го етикетира нивниот "независен весник".[103] Не постои проблемот на "гарантирањето на демократијата" во државите на теророт поддржани од САД и цврсто под воена власт зад цивилната фасада.

Истиот уводник предупредува дека "од навлегувањата во Хондурас (во март 1988 година - Н. Ч.) јасно е какви се заканите на Никарагва до Хондурас." Ова се однесуваше на воените операции во северна Никарагва близу до необележената граница при што никарагванските сили во остра потера по контристичките инвазионисти навлегоа неколку километри во областите кои Хондурас им ги отстапи на американските "ополномоштени сили" - како што тие се опишуваат од лобистите на контрата во интерните документи кои кружат во Белата куќа и од нивните сопствени гласноговорници.[104] Во САД, ваквите акции предизвикуваат обновен бес во врска со заканата од сандинистите да ги срушат своите соседи служејќи им на своите советски господари.

Оваа срцепарателна загриженост за светоста на границите е многу импресивна - дури и ако понекогаш е оцрнета од чудната концепција на границата како еднонасочно огледало, при што нивната светост не е нарушена од летовите за снабдување на ЦИА за ополномоштените сили што од своите бази во Хондурас вршат инвазија врз Никарагва, или од американските надзорни летови над никарагванската територија за водење и насочување на овие сили, меѓу останатите злодела. Оставајќи ги настрана овие работи, можеме да ја процениме сериозноста на загриженоста преку свртување кон резултатите на контролираниот експеримент што историјата љубезно го направи. Токму во времето кога Слободниот Печат беше преокупиран со бесот во врска со најновиот доказ за агресивноста на насилните комунистички тоталитарци, со главни стории и разлутени коментари, клиентската земја на САД, Израел, отпочна нова серија од своите периодични операции во Либан. Овие операции беа северно од секторот на јужен Либан кого Израел "скоро го анектира" како "зона на безбедност", обединувајќи ја областа со економијата на Израел и "присилувајќи" 200.000 либански жители "да обезбедат војници за јужно-либанската војска", израелска платеничка војска, преку збир од средства на

[102] За еден истакнат исклучок, види "Talk of the Town," *New Yorker,* Feb. 1, 1988.
[103] Уводник, *WP Weekly,* April 4, 1988.
[104] Bruce Cameron and Penn Kemble, "From a Proxy Force to a National Liberation Movement," ms., Feb. 1986, при што се дава пресек на тоа како треба да постапи САД за да повлијае на овој преод. Edgar Chamorro, *Packaging the Contras: A Case of CIA Disinformation,* Institute for Media Analysis Monograph Series, No. 2 (New York, 1987, 49); Чаморо беше гласноговорник одбран од ЦИА за управата на контрата од декември 1982 година до неговото напуштање на организацијата во декември 1984 година.

принуда и поткуп.[105] Израелските операции вклучуваа бомбардирање на палестинските бегалски кампови и на либанските градови и села со огромно уништување, десетици убиени и ранети, вклучувајќи и многу цивили. За овие операции едвај да беше известено и немаше забележителна реакција.

Единствен рационален заклучок е дека бесот во врска со далеку помалку сериозното и далеку поопрaвданото никарагванско навлегување е целосно непринципиелен, јасна измама.

Владата на САД со задоволство објаснува зошто го поддржува израелското насилство длабоко во Либан: основата е светото инхерентно право на самоодбрана, на кое легитимно можат да се повикаат САД и неговите клиенти, со доста широко толкување - но, се разбира, не и другите, а особено не жртвите на американскиот терор. Во декември 1988 година, токму додека внимателно се одмеруваше секој гест на Јасер Арафат за да се утврди дали тој ги исполнува ригорозните стандарди на САД за тероризам, на што ќе се навратиме, Израел го започна својот 26-ти напад во таа година врз Либан, напаѓајќи една база на Народниот фронт за ослободување на Палестина близу Бејрут. Како што е вообичаено, не беше направен обид да се обезбеди веродостоен изговор. "Израелците не беа во остра потера по терористи", забележува лондонски "Гардијан", "ниту пак тие го имаа нивното вообичаено оправдание за моментална одмазда: тие едноставно тргнаа напред и покажаа" дека "железната тупаница е во целосна работна состојба." "Мотивот за демонстацијата очигледно беше да се покаже силата." Оваа "спектакуларна изведба" комплетирана со "падобранци, хелихоптери и борбени чамци" беше "воено неоправдана (и оттука политички мотивирана) комбинирана операција." Тајмингот ја објаснува политичката мотивација: нападот беше превземен на првата годишнина од избувнувањето на палестинското востание на окупираните територии, каде што Израел наметна "масивно воено присуство, полициски час и стриктна цензура" за да го "блокира комеморативниот генерален штрајк." Како додаток на оваа очигледна политичка мотивација "може да се увиди и пресметлив обид да се поткопа господин Арафат" и неговите недобродојдени потези кон политичко прилагодување преку зајакнување на милитантите во рамките на ПЛО.[106]

Израелскиот напад дојде пред Советот за безбедност на ОН, кој гласаше 14 наспроти 1, без воздржани, за резолуција која "силно го осудуваше". Амбасадорката Патриша Бирн го оправда американското вето врз основа на тоа дека "резолуцијата ќе му го одземе на Израел неговото инхерентно право да се брани себеси" од "нападите и репресалиите кои потекнуваат од другата страна" на границата. A fortiori, Никарагва е овластена да презема масивни и редовни напади длабоко во Хондурас, па и да поставува бомби во Вашингтон.

[105] *Davar,* July 8, 1988. За подробно досие за извештаите околу овие операции, види Додаток 3.

[106] *Manchester Guardian Weekly* (London), Dec. 18, 1988. Цули Флинт во врска со истото извести од Либан дека оваа "бизарна и веројатно лошо испланирана операција" не остави видливи траги освен остатоците од човечки трупови и од "два ротфајлери врзани со експлозив. "Еден израелски офицер беше убиен, мораа да се спасуваат елитните командоси кои се прилепија за потпиралките на хелихоптерот, откако ја оставија својата опрема и вооружување (кои гордо беа изложени во Либан) и "нема докази дека Израелците уништија барем едно складиште за муниција - а тие ридови се презаситени со нив - или дека предизвикаа губитоци кои би можеле да ја оправдаат големината на нападната сила." Неуспехот на нападот може да биде одраз на падот на борбената ефективност на израелските сили, кое веќе неколку години е извор на голема загриженост во воените кругови и кое веројатно ќе се забрза како што на воените сили им се доверуваат мисии на тероризирање на беспомошни цивили.

Забележете дека таквите дејствија би биле далеку поопправдани од оние кои САД ги брани во случајот на својот клиент, како што е очигледно од споредбата на нивото на провокација. Нема потреба да се каже дека оваа вистина е неизразлива, всушност незамислива. Оттука заклучуваме дека коментарите на медиумите во врска со Никарагва се исто толку дволични колку и што е и неискреноста на државните власти, од кои и ништо друго не може ни да се очекува.[107]

Отсуството на коментари во врска со израелските дејствија па дури и на сериозно известување можеби е разбирливо. Овие операции беа, на крајот на краиштата, доста нежни според израелските стандарди. Така, тие не се споредливи со убиствените операции "Железна тупаница" во 1985 година во Либан; или со бомбардирањето на селата во долината Бека во јануари 1984 година, кога во еден напад беа убиени 100 а ранети 400 души, главно цивили, вклучувајќи и 150 деца од бомбардираното училиште; или со нападот врз училиштето на UNRWA* во мај 1979 година во Дамур од страна на израелски Ф-16 кој фрлаше касетни бомби, оставајќи зад себе 41 дете убиено или раното. За ова беше известено, но без тоа да влијае врз истакнатиот статус на "оваа малечка нација, симбол на човечката пристојност", како што уредниците на "Њујорк тајмс" го опишаа Израел во времето кога задушувањето на палестинското востание го достигна својот врв со помош на претепувања, убивања, користење гас и колективно казнување, "земја која се грижи за човечкиот живот" според воодушевените зборови на уредниците на "Вашингтон пост" при почетокот на sверствата на "Железната тупаница."[108] Фактот дека Израел ја одржува "зоната на безбедност" во јужен Либан контролирана од една терористичка платеничка војска поддржана од Израелците исто така поминува без забелешка, како што е случај и со редовното израелско грабнување на бродови во меѓународни води и со останатите дејствија за кои дури не се ни известува и кои можеби би предизвикале шепот на протест во случајот на "достојните жртви."[109] Ако советските Евреи страдаа од третманот на кој Арапите редовно се подложени, или ако некој официјален непријател како Никарагва наметнеше репресивни мерки приближни на оние што се стандардни во овој "симбол на човечката пристојност", изливот на бес би бил заглушувачки.

При некое понатамошно согледување ќе се навратам на исклучителната заштита која ја обезбедуваат медиумите за Израел при тоа опишувајќи ги

---

[107] AP, Dec. 14; *NYT,* Dec. 15, 1988. Краткиот извештај на "Тајмс" го цитира либанскиот амбасадор како да рекол дека Израел "не им придава ниту грижа ниту важност на не-израелските народи." Она што тој навистина го кажа е дека од Израел тешко може да се очекува "да покаже некаква милост кон животните" кога веќе не им придава никаква важност на не-израелските народи. Тој го повтори обвинението дека израелските сили при нападите врз луѓето што се кријат во подземните тунели употребуваат кучиња врзани со експлозив и солзавец и дури потоа го додава коментарот од кој беа отпечатени неколку зборови. Мртвите добермани со експлозив врзан околу нивните тела беа изложени од герилците (William Tuohy, *Los Angeles Times,* Dec. 10, 1988, види ја претходната забелешка).

* United Nations Relief and Works Agency for Palestine Refugees in the Near East - хуманитарна организација на ОН основана во 1949 година за помош на палестинските бегалци на Блискиот исток (заб. на прев.).

[108] *NYT,* Feb. 19, 1988; *WP,* June 30, 1985. За нападот врз училиштето во Дамур, види Liston Pope, *City Sun,* June 1-7, 1988; Поуп, кој предаваше англиски јазик во тоа училиште и кој пишува за нападот, еден меѓу мнозината, заслужи 20 зборови во "Њујорк тајмс". Види ја мојата *Pirates and Emperors,* глава 2, за операциите "Железна тупаница" и за бомбардирањето на долината Бека.

[109] Види ја главата 5 подолу и *Pirates and Emperors,* глава 2, за повеќе подробности.

неговите непријатели, во прв ред ПЛО, како зли инкарнации посветени единствено на терор и уништување; и на бележитите подвизи на "историскиот инженеринг" што со години се врши за да се одржи потребната слика.[110]

За време на израелски операции од март 1988 година, не стануваше збор за остра потера и Израел не е осиромашена земја која се обидува да опстане пред терористичките напади на една суперсила и пред нејзиното убиствено економско војување. Но Израел е клиент на САД и поради тоа го наследува правото на агресија. Наспроти тоа, на Никарагва ѝ се одзема правото дури и да ги истера напаѓачките сили од својата сопствена територија, со прекутна претпоставка дека никоја држава нема право да се брани од нападите на САД, што е уште една клучна доктрина што заслужува одговорна дебата.

Заслужува да се види колку длабоко е вкоренета оваа доктрина. Така, во САД ништо не предизвикува поголема хистерија отколку извештаите дека Никарагва планира да се снабди со борбени авиони МИГ. Кога реганистите ги пуштија во оптек таквите извештаи како дел од кампањата за отстранување и на најмалата опасност од чесно известување околу несаканите никарагвански избори од ноември 1984 година, дури и истакнатите гулаби предупредија дека САД ќе мора да ја бомбардира Никарагва за да ги уништи измислените МИГ-ови, бидејќи "тие можат да бидат употребени и против САД" и се ужасна закана за нашата безбедност (сенаторот од Масачусетс Пол Цонгас).[111] При другиот пропаганден удар од декември 1987 година беше произведен еден отпадник од сандинистите чии "откровенија" за намерите на сандинистите во медиумите беа придружени со елаборирани фанфари, а од кои најзапрепастувачко беше она дека Никарагва се надева дека ќе се снабди со млазни авиони за да ја брани својата територија од нападите на САД, што предизвика неиздржлив бес. Се разбира, добро се сфаќа дека за Никарагва нема друг начин да ја спречи ЦИА да ги снабдува силите со кои диригира во Никарагва или да ги попречи надзорните летови на САД со цел да им се обезбедат на овие сили до минута нови разузнавачки податоци за движењето на никарагванските трупи за тие да можат безбедно да ги напаѓаат "меките мети" (т.е. едвај бранетите цивилни мети) во согласност со директивите на Пентагон и на Стејт департментот. Но таквите размислувања не го попречуваат покажувањето на индигнација околу овој најнов доказ на комунистичката агресивност.[112]

Логиката е јасна: Никарагва нема право на самоодбрана. Неподносливо е и идентично со агресија Никарагва да го попречува американското насилство и терор, осмелувајќи се да го штити својот воздушен простор или да го брани населението од ополномоштените сили на САД, од "демократскиот отпор" според јавната реторика. Поради истата оваа причина, извештајот на отпадникот од сандинистите дека Никарагва намерава да ги намали своите воени сили истовремено обезбедувајќи лесно вооружување за населението за одбрана од можната инвазија на САД, предизвика понатамошен бес, откако Слободниот Печат го преобрази во закана за освојување на хемисферата.

---

[110] Исто, глава 1 и 2 и *Fateful Triangle,* за медиумската заштита на Израел. За најновите сознанија, види ги моите статии во *Z Magazine,* May, June 1988 и "The U.S. and the Middle East," предавање одржано на Универзитетот во Тел Авив во април 1988 година што излезе од печат во Zachary Lockman and Joel Beinin, eds., *Intifada: the Palestinian Uprising against Israeli Occupation* (South End, 1989).

[111] *Boston Globe,* Nov. 9, 1984.

[112] За подробности, види ја мојата статија во *Z Magazine,* March 1988.

Доктрината на консензус на елитата повторно изнесува на виделина многу работи како и фактот дека неговото значење не може да се перцепира. Можеме да си ја замислиме реакцијата ако Советскиот сојуз би одговорил на сличен начин на далеку посериозната закана за својата безбедност што ја претставуваат Данска или Луксембург.

Интересно е тоа што САД на 15 декември 1987 година, сред бранувањата околу сандинистичките планови за снабдување со средства за самоодбрана, почна да му испорачува на Хондурас напредни Ф-5 млазни авиони, што остана незабележано од "Њујорк тајмс."[113] Бидејќи само САД и неговите сојузници имаат безбедносни грижи, очигледно дека Никарагва не може да стави легитимна забелешка на овој развој и сигурно би било одвишно да се извести за протестите во хондураскиот печат околу "долговите кои неправедно ни се наметнати под притисок на САД" за да не́ присилат "да ја платиме сметката за Ф-5 борбените авиони кои ништо нема да направат за прехранувањето на нашиот гладен народ", иако тие ќе ги задоволат воените владеачи.[114]

Некој би можел да праша зошто Никарагва толку запна да се снабди со *советски* авиони. Зошто не француски Миражи наместо тоа? Всушност, сандинистите би биле доста среќни да се снабдат со млазни летала од Франција и отворено го кажуваат тоа. Тие не можат да го направат тоа, зашто американскиот притисок го блокира снабдувањето од било кој некомунистички извор. Сето ова не е за известување, зашто би ја уништило играта. Така Стивен Кинцер и Џејмс Лемојн од "Њујорк тајмс" никогаш не би ги нарушиле своите напори да се распали хистеријата во врска со сандинистичката опасност преку известување за вакви факти, ниту пак би се задржале на причините зошто сандинистите сакаат да се снабдат со млазни летала.[115] Таквото истражување ги нарушува границите на пристојноста, зашто би ја поткопало кампањата да се портретира американската агресија и терор како легитимна одбрана.

Поентата е поопшта. Нападите врз оние што се обележуваат како "комунисти" нормално дека нив ќе ги натера да се потпрат врз Советскиот сојуз за своја одбрана, особено кога САД ги притиска своите сојузници и водечките меѓународни институции да се воздржат од нудење помош, каков што е случајот со денешната Никарагва, каде беше доволно јасно веќе на почетокот од 1981 година дека "Никарагва порано или подоцна ќе стане уште еден советски клиент, поради тоа што САД наметнува задушување на нејзината обнова и развој, ги отфрла обидите за одржување на достојни односи и го поддржува вознемирувањето и мешањето - што е моделот на Кина, Куба, Гватемала на Арбенц, Чиле на Аљенде, Виетнам во 40-тите и во периодот по 1975 година итн."[116] Подоцна оваа предвидлива последица на политиката може да се земе како ретроспективен доказ дека ние навистина сме инволвирани во одбрана од плановите на Кремљ за освојување на светот, а новинарите кои добро се однесуваат можат со соодветно злокобни тонови да упатуваат на "сандинистите кои се снабдувани од Советите", како и што редовно постапуваат, внимателно избегнувајќи ги причините. Додатна корист од ова е тоа што сега ја тестираме искреноста на Советскиот сојуз околу неговото проповедање на детантот, прашувајќи се дали ќе се воздржи од помагањето на Никарагва ако ја намалиме

[113] Исто, за подробности, вклучувајќи ги и подоцнежните референци во цитатите од Ортега и Аријас во статиите за други работи.
[114] Уводник, *El Tiempo,* May 5, 1988; препечатено во *Hondupress,* May 18, 1988.
[115] Инаку, тие тоа го знаат, како што покажува една нивна попатна белешка.
[116] *Towards a New Cold War,* 51.

помошта за контрата. Идејата дека искреноста на САД може да се тестира преку воздржување на помошта за Турција или за Ел Салвадор е премногу нестварна за да заслужи дискусија.

Круна на принципот дека официјалните непријатели немаат право на самоодбрана е тоа што во случај Никарагва да ги нападне силите на контрата во рамките на својата територија откако тие ги прекинаа преговорите, САД има јасно право на своите ополномоштеници да им обезбеди понатамошна воена помош. Бирдовиот амандман за "помош на никарагванскиот отпор", усвоен во август 1988 година со ефективна поддршка на водечките сенатори гулаби, дозволува воена помош на ополномоштените сили во Никарагва при "сандинистичко започнување на непредизвикан воен напад и било какво друго непријателско дејствие насочено против силите на никарагванскиот отпор" или при "продолжување на неприфатливото ниво на воена помош од страна на земјите на советскиот блок, вклучувајќи ја и Куба" (при тоа сите останати извори се затнати, а американските власти го усогласија правото да одредат што е "прифатливо").[117] Медиумите зедоа здраво за готово дека би било прекумерно, уште еден знак за комунистичката ригидност, ако војската на Никарагва ги нападне терористичките сили во рамките на сопствената земја. Месеци претходно, печатот извести за писмото на претставниците демократи до претседателот Ортега со кое тие ја изразуваат својата "сериозна загриженост" околу можноста за воена офанзива против контрата, што би водело до разгледување на "обновувањето на воената помош за силите на отпорот."[118] Забраната за самоодбрана остана на сила и откако американските клиенти ги поткопаа преговорите со барања во последна минута кои беа измислени за оваа цел, а на што ќе се вратиме подоцна.

Реакцијата на медиумите е разбирлива, во врска со конвенционалната претпоставка дека "отпорот" и политичката опозиција која го поддржува во Никарагва се полегитимни гледано меѓу "двете никарагвански фракции", како што "Тајмс" ги опиша контрата и владата.[119] Двопартискиот консензус во врска со овие работи, вклучувајќи ги и истакнатите гулаби во Конгресот, го одразува разбирањето дека Никарагва нема право да пружа отпор на американските терористички сили што се воспоставени на нејзина територија или што ја напаѓаат од странство; клиентите на САД се имуни на такви ограничувања, па дури можат и да грабнуваат бродови, да бомбардираат цивилни мети во други земји итн. во "легитимна самоодбрана".

Дебатата во Сенатот од 5-ти август во врска со амандманот на Бирд се здоби со исклучителна важност поради своето време на одржување. Три дена пред тоа, "отпорот", откако му дозволи на еден воен патролен чамец да помине, го нападна преполниот патнички брод "Мисија на мирот", убивајќи двајца и ранувајќи 27-мина, вклучувајќи го и баптистичкиот свештеник од Њу Џерси, пречесниот Лусиус Вокер, кој беше на чело на една американска верска делегација. Сите жртви беа цивили. Сенаторите Бирд и Дод и останатите гулаби, кои огорчено ги осудија сандинистите истовремено фалејќи го "храброто раководење" на "демократските претседатели" на Гватемала, Ел Салвадор и Хондурас, не го спомнаа овој настан, можеби бидејќи ја пропуштиле малечката белешка што овој настан претходниот ден ја доби во "Њујорк тајмс",

[117] *Congressional Record,* Senate, Aug. 5, 1988, S 11002; Susan Rasky, *NYT,* Aug. 11, 1988.
[118] Robert Pear, *NYT,* May 25, 1988.
[119] Види Додаток 4, оддели 4 и 5, за јавната поддршка на политичката опозиција. За спротивставувањето на поддршката за контрата, види Додаток 5, оддел 6.

приковани со очите за колумната која известуваше во прилог на нивните размислувања.[120] Немаше подоцнежни коментари. Логиката повторно е јасна. Ако сандинистите сакаат да ги искоренат терористите управувани од САД кои го извршија нападот, тогаш тие докажуваат дека се комунистички тоталитарци и САД е овластен да испрати воена како и "хуманитарна" помош за "отпорот" за тој да може поуспешно да ги извршува таквите задачи. Бидејќи дадоа ентузијастичка поддршка во Сенатот, можеме да сметаме дека водечките либерални гласови во Сенатот - Харкин, Кенеди, Мичел, Пел и останатите - ги прифаќаат овие принципи.

Искрено се признава дека основниот аргумент за американското насилство е тоа дека "подолготрајната војна на исцрпување така ќе го ослабне режимот, ќе предизвика такво радикално заострување на репресијата и ќе се здобие со доволна поддршка од незадоволното население на Никарагва што режимот порано или подоцна ќе биде соборен преку народен бунт, ќе се самоуништи поради внатрешните борби за власт или поделби во раководството, или едноставно ќе капитулира за да спаси што може." Оваа формулација на Вајрон Веки, помошник државен секретар за меѓуамерикански работи за време на Картеровата администрација, само го преповторува протуркувањето на програмата на ЦИА од 1981 година, скицирана од страна на аналитичарот на ЦИА, Дејвид Мекмичел, при сведочењето пред Меѓународниот суд. Како гулаб, Веки сценариото го смета за "манливо", а стратегијата за неизводлива, зашто контрата не е способна да постигне воени успеси и покрај исклучителните предности што ним им ги пружа нивниот спонзор, или "да предизвика значителна политичка поддршка во рамките на Никарагва." "Колку и да е разумно или идеалистичко" американското барање сандинистите "да им ја предадат власта" на американските штитеници кои немаат политичка поддршка, продолжува тој, целата ни е надвор од досегот. Поради тоа тој притиска за "позитивно задржување" наместо "тркалањето назад" за да се спречи "Никарагва да претставува воена закана за САД" и да се наведе да ги исполнува човековите права и да тргне кон "помалку отровен... внатрешен систем." Бидејќи силата не е практична, САД треба да бара "други стратегии" за да ја следи "целта на унапредување на никарагванското самоопределување" која и досега толку идеалистички ја следеше. Треба да бара дипломатски договор преку "инспектори на границата, неутрални набљудувачи" и други средства кои Никарагва ги бара веќе неколку години (неспомнат факт), иако "САД ќе мора да го сноси најголемиот дел од спроведувањето." САД мора да биде подготвен да употреби сила ако утврди прекршување, истовремено помагајќи ги "средно-американските демократии" кои се загрозени од никарагванската субверзија и агресија.[121]

Спомнете си дека ова се мисли на водечки гулаб и дека тие не изгледаат невообичаено за американското либерално мислење, што е важен факт за политичката култура. Ваквите мисли целосно спаѓаат во рамките на концепцијата за американската политика скицирана од еден друг специјалист на Картеровата администрација за Латинска Америка, Роберт Пастор, од гулапската крајност на политичкиот и идеолошкиот спектар - до сега можеби

[120] *Congressional Record,* Aug. 5, 1988, S 10969f.; AP, *NYT,* Aug. 4; Bryna Brennan, AP, *WP,* Aug. 4, далеку поцелосен извештај; *Barricada* (Managua), Aug. 3; Julie Light, *Guardian* (New York), Aug. 17, 1988. "Бостон глоуб" објави малечка белешка за демантот на контрата, на четврти август.

[121] Vaky, *Foreign Policy,* Fall 1987. За поддршката на политичката опозиција во Никарагва, види Додаток 4, оддел 5.

доста преку тоа. Бранејќи ја долги години американската политика, Пастор пишува дека "САД не сакаше да ја контролира Никарагва или другите земји во регионот, но исто така не сакаше ни да дозволи развој на настаните што би излегол надвор од контрола. Тој сакаше Никарагва да делува независно, *освен* кога постапувајќи така штетно би влијаела врз американските интереси."[122] Накратко, Никарагва и останатите земји треба да бидат слободни - да го прават она што ние сакаме да го прават - и треба да го изберат независно својот курс, сé дотогаш додека нивниот избор соодветствува со нашите интереси. Ако тие не ја употребат мудро слободата за која ние сме согласни, тогаш природно дека сме овластени да одговориме во самоодбрана. Забележете дека овие идеи се близок пандан на домашната концепција за демократијата како облик на контрола на населението.

Основните претпоставки на дискурсот ги вклучуваат оние кои штотуку беа прикажани: надворешната политика на САД се води од "копнежот за демократија" и од општите добромислечки намери; историјата и тајните планерски досиеја можат да кажат доста поинаква приказна, но тие се надвор од агендата на медиумите. Следи дека употребата на сила единствено може да биде практикување на самоодбрана и дека оние што се обидуваат да пружат отпор мора да се агресори, дури и врз нивните сопствени земји. Уште повеќе, ниту една земја нема право на самоодбрана при напад од САД, а САД има природно право да ја наметне својата волја и тоа со сила ако тоа е неопходно и изводливо. Овие доктрини немаат потреба да бидат изразени, настрана од периодичните оди за нашата исклучителна благородност на целите. Напротив, тие едноставно се претпоставуваат, поставувајќи ги границите на дискурсот и, помеѓу соодветно едуцираните, границите на промислената мисла.

Во првата глава спомнав некои од начините на пристапување кон проучувањето на медиумите и кон оценувањето на моделите на медиумска изведба. Еден соодветен модел е разгледувањето на спектарот на мислења на кои им се дозволува изразување. Според моделот на пропагандата, би се очекувало спектарот да биде ограничен со консензусот на моќните елити при што тактичката дебата во неговите рамки бидува охрабрувана. И повторно, моделот е добро потврден.

Разгледајте ја американската политика кон Никарагва, тема која во последните неколку години веројатно предизвика повеќе контроверзи и емотивна реторика од било која друга. Постои дебата помеѓу јастребите и гулабите. Позицијата на јастребите е изразена во заедничката декларација на државниот и одбранбениот департмент на Меѓународниот ден на човековите права во декември 1986 година: "Не постои режим на американскиот континент кој ги прекршува човековите права на попостојан и потраен начин од сандинистичкиот режим." Слични чувства се искажуваат и во медиумите и во политичкиот систем, при што следи дека треба да го поддржуваме "демократскиот отпор" на комунистичкиот терор. На другиот крај, гулабите главно се согласуваат дека треба да го отфрлиме Меѓународниот суд, Обединетите нации и останатите "непријателски форуми" што им угодуваат на комунистите и на патолошкиот антиамериканизам на Третиот свет. Тие ја нудат својата поддршка за "благородната цел" на Регановата администрација - "некако 'да се демократизира' Никарагва" - но тие сметаат дека контрата "не е средството за постигнување на таа цел" (пратеникот Мајкл Барнс, еден од

[122] Pastor, *Condemned to Repetition* (Princeton, 1987, 32), негово подвлекување.

најистакнатите критичари на опцијата на контрата).[123] Водечкиот гулаб во Сенатот, Алан Кранстон, признава дека "обидот преку контрата е жалосно несоодветен за постигнување на... демократија во Никарагва", па затоа треба да изнајдеме други средства да ја "изолираме" "достојната за прекор" влада во Манагва и "да ја оставиме да загнои од сопствените сокови", истовремено блокирајќи ги обидите на сандинистите "да ја извезуваат насилната револуција."[124]

Медиумските гулаби забележуваат дека "политиката на господин Реган на поддршка (на контрата - Н. Ч.) е јасен неуспех", па затоа треба "да се сложиме на некој договорен регионален аранжман кого би го спровеле соседите на Никарагва" (Том Викер).[125] Изразувајќи ја истата мисла, уредниците на "Вашингтон пост" во контрата гледаат "несовршено средство", поради што мораме да изнајдеме други средства за "повторно да ја усогласиме Никарагва со средно-американската форма" и да наметнеме "разумно држење според регионалните стандарди." Мора да разбереме и дека "сандинистите се комунисти од кубанска или советска школа" и дека се "сериозна закана - за граѓанскиот мир и демократијата во Никарагва и за стабилноста и безбедноста на регионот." Мораме "да го задржиме... сандинистичкиот агресивен притисок" и да бараме "веродостојни докази за намалената поддршка на сандинистите за салвадорските герилци."[126] Ништо од ова не е дискутабилно: тоа "е дадено, тоа е точно", изјавуваат уредниците. Оттаму е ирелевантно што, на пример, Меѓународниот суд ги отфрли обидите на Регановата администрација да обезбеди докази за своето обвинување дека Никарагва ги поддржува салвадорските герилци како неосновани и кои всушност едвај заслужуваат и потсмев. На крајните граници на несогласноста, колумнистот на "Нејшн", Џеферсон Морли, напиша во "Њујорк тајмс" дека треба да признаеме дека Никарагва можеби е "надвор од досегот на нашите добри намери."[127]

Останатите гулаби чувствуваат дека не треба на брзина да го отфрлиме аргументот на Стејт департментот дека земјоделските задруги се легитимна цел на нападите на контрата, бидејќи "во марксистичките општества што се подготвуваат за војна, нема јасни граници што ги одделуваат службениците, војниците и цивилите"; она што е потребно е внимателна "анализа на трошокот и користа", одредување на "сумата на крв и беда што ќе се внесе и на веројатноста дека демократијата ќе се појави на другиот крај" (уредникот на "Њу рипаблик", Мајкл Кинсли).[128] Ниту Кинсли ниту Стејт департментот не објаснаа зошто сличните аргументи не ги оправдуваат нападите на Абу Нидал врз израелските кибуци, кои се далеку подобро бранети од неспоредливо

[123] Види ја *Culture of Terrorism* за референците околу Барнс и многу слични примери. Барнс беше сметан за "водач на дружината" на конгресната опозиција во однос на незаконските програми на Регановата администрација на домашна пропаганда и против-терор. Тој мораше политички да биде "уништен" како "практична лекција за другите", според белешките на еден од "приватните" соработници на ваквите операции (водени од Карл Чанел, кој беше прогласен за виновен зашто служеше како посредник за неодаточените пари за оружје на контрата). Барнс беше поразен по маркетиншката кампања водена од Чанел при што беше насликан како симпатизер на сандинистите, порака која се одрази врз Конгресот. Види Parry and Kornbluh, *op. cit.*

[124] U.S. Senate, Committee on Foreign Relations, Feb. 27, 1986.

[125] *NYT,* March 14, 1986.

[126] Уводник, *WP Weekly,* March 1, 1986.

[127] *New York Times Book Review,* April 12, 1987. Види ги писмата во *Z Magazine* од јануари 1989 година за толкувањето на Морли на цитираниот исказ.

[128] *Wall Street Journal,* March 26, 1987.

помалата опасност. И природно се зема дека е наше право, како владеачи на светот, да спроведуваме анализа на трошокот и користа и да внесуваме крв и беда ако утврдиме дека веројатноста на "демократијата" е доволно висока.

Забележете дека за гулабите е очигледно без коментирање дека постои потреба да им се наметне "регионален аранжман" на нашите салвадорски и гватемалски пријатели, кои масакрираа можеби 150 000 луѓе во овој период или на нашите клиенти во Хондурас, кои сè на сè имаат убиено помалку, но оставаат стотици илјадници луѓе прегладнети до смрт, додека истовремено земјата извезува храна за профит на агробизнисот. Ние не мораме "да ги изолираме" овие восхитувачки лица или "да ги оставиме да загнојат од сопствените сокови." Нивните земји веќе се сообразни со "средно-американската форма" на репресија, експлоатација и владеење на привилегираните елементи согласно со барањата на американската моќ ("демократија"), така што не се бројат дури ни најгнасните sверства; и тие заслужуваат помош и ентузијастичка поддршка, придружена со повремени воздишки на жалење во врска со насилните тенденции на овие заостанати општества штом теророт, тортурата и сакатењето што ние го организираме и поддржуваме станат премногу видливи за да се игнорираат или за да се напаѓаат погрешните мети (демохристијанските политички фигури наместо синдикалните или селанските организатори, на пример).

До 1986 година, на опцијата со контрата и' се спротивставуваа 80% од "лидерите", известија анкетите.[129] Моделот на пропагандата оттука би предвидел дебата околу помошта за контрата, но скоро еднодушност во спротивставувањето на сандинистите. За да ја испитаме хипотезата, ќе го разгледаме периодот на најголем интензитет на дебатата околу политиката кон Никарагва, првите три месеци од 1986 година, кога вниманието беше сконцентрирано врз прашањето за помош на контрата. За време на овие месеци, "Њујорк тајмс" и "Вашингтон пост" во врска со овие прашања донесоа не помалку од 85 колумни со мислења (вклучувајќи ги и редовните колумнисти). Како и што се очекуваше, тие беа поделени околу помошта за контрата. Но од 85 колумни, 85 беа критични кон сандинистите, од кои преовладувачкото мнозинство беше остро против нив; на тој начин беше постигната скоро стопроцентна сообразност во врска со главното прашање.

Не дека недостигаат посимпатизерски гласови кај естаблишментот. Постојат многумина кои лесно би се квалификувале за пристап кон форумот ако би имале да кажат правилни работи,[130] вклучувајќи ги и латино-американските научници чии статии со мислења редовно се отфрлуваат, или добротворната агенција за развој "Оксфам", со долго искуство во регионот, која најде дека досието на Никарагва е "исклучиво" помеѓу 76-те земји во развој во кои таа работи, посветена на тоа политичкото водство "да ги подобри условите на народот и да го охрабри нивното активно учество во развојниот процес."

Или видете го основачот на костариканската демократија, Хосе Фигерес, кој, токму во тоа време, при едно интервју себеси се опиша како "про-сандинист" и "доста пријателски настроен кон сандинистите", иако Костарика во главно не е, бидејќи јавното мислење е "во голема мера под влијание" на

[129] John E. Rielly, ed., *American Public Opinion and U.S. Foreign Policy 1987,* Chicago Council on Foreign Relations, March 1987. "Лидерите" се дефинираат како "истакнати поединци во САД од владините, бизнис, работничките, академските, медиумските и верските институции, приватните организации за надворешна политика и групите со посебни интереси."
[130] За примерок од ова, види ја *Culture of Terrorism,* глава 11.

"костариканската олигархија", која "ги поседува весниците и радио станиците." Тој додаде дека 2 на 1 разликата во корист на сандинистите за време на изборите од 1984 година, на кои присуствуваше како набљудувач, "сигурно изгледаше дека го одразува она што можеш да го најдеш на улиците." Фигерес ја осуди "неверојатната политика на прогонување на сандинистите од страна на Вашингтон" и на неговите обиди "да се расклопат костариканските социјални институции" и "целата наша економија да им ја предаде на бизнисмените... на локалната олигархија или на компаниите од САД или Европа", иако како посветен поддржувач на САД, тој смета дека овие обиди "без сомнение се добронамерни." САД "претвора многу Средно-американци во платеници" за своите напади врз Никарагва, продолжува тој. "Цел живот сум запознат со Никарагва" и "никогаш претходно не сум видел, како што гледам сега, никарагванска влада која што се грижи за својот народ." При едно друго интервју тој повтори дека "по прв пат Никарагва има влада која се грижи за својот народ." Коментирајќи во врска со една неодамнешна посета, тој рече дека наишол на "изненадувачка висина на поддршка за владата" во оваа "нападната земја", додавајќи дека САД треба да им дозволи на сандинистите "во мир да го довршат она што го започнале; тоа тие го заслужуваат."[131]

На ваквите коментари им недостига идеолошка употребливост, каква што има изјавата на Фигерес дека тој "разбира зошто" "Ла пренса" беше затворена, знаејќи дека и самиот тој го цензурираше печатот кога Костарика беше нападната од страна на Сомоза. Оттука, водечката демократска фигура на Средна Америка мора да биде цензурирана во медиумите, иако неговото име сеуште може да се спомнува при анти-сандинистичката крстоносна војна. Дописникот од Средна Америка на "Њујорк тајмс", Џејмс Лемојн, во една од своите анти-сандинистички пасквили, го спомнува Фигерес како "човекот за кого нашироко се смета дека е татко на костариканската демократија", но не ни кажува, ниту пак тој или неговите колеги кога и да е ќе ни кажат, што има Фигерес да каже околу сандинистите.[132]

Насловните страници на "Њујорк тајмс" ја прикажуваат сликата на Никарагва видена преку очите на Џејмс Лемојн при неговите патувања: сурова и репресивна држава под "еднопартиска власт" со "толпи на неранимајковци со подуени стомаци по улиците", "сеприсутни" агенти на државната безбедност и војска "насекаде", растечка поддршка за "селанската војска" што се бори против угнетувањето од страна на сандинистите и население сведено на "огорченост и апатија", иако некако успева да пружи отпор на странскиот напад од кого секоја друга држава во регионот, па во главно и на другите места, брзо би се срушила. Тие не ја прикажуваат сликата видена од страна на Фигерес или од страна на гласноговорникот на контрата назначен од ЦИА, Едгар Чаморо, при неговата тронеделна посета токму пред онаа на Лемојн. Зборувајќи со "десетици луѓе" на улиците по еден сандинистички собир, Чаморо увиде дека тие се "многу свесни, многу политички образовани, многу посветени. Тие мислеа за себе; тие беа таму, зашто сакаа да бидат таму." "Поминаа деновите кога диктаторот можеше да стане и да му се обрати на народот." "Она што јас го видов овде е многу, многу позитивно, луѓето стојат на сопствените две нозе", повторно здобивајќи се со "достоинството и национализмот" што го изгубија под Сомоза.

[131] Andrew Reding, интервју со Фигерес, *World Policy Review,* Spring 1986; *Culture of Terrorism,* 206-7, за подолги извадоци од интервјуто објавено од CONA, *Washington Report on the Hemisphere,* Oct. 1, 1986.
[132] *NYT Magazine,* Jan. 10, 1988.

Контристите се "како Гурките во Индија" со "колонијален менталитет" на луѓе кои "се борат за империјата." Тој зборуваше на радио и на телевизија во Манагва, велејќи дека "што и да мислев" го критикувал марксизмот-ленинизмот. Тој видел "многу малку милитаризација" и "длабока смисла за еднаквост", што е "едно од достигнувањата на револуцијата." "Не видов гладни луѓе"; "најголемиот број од луѓето изгледаат многу здраво, силно, живо" и видел само неколку питачи, за разлика од Хондурас "па дури и од градските улици во САД." Опозиција е старата олигархија која "се потпира на САД." Војната водеше кон чувство на "национализам, патриотизам" помеѓу мобилизираната младина. Сандинистите продолжуваат да бидат "партија на народот" со посветеност и цели "кои вдахнуваат толку многу луѓе." Тие се "никарагвански националисти, револуционери" кои "сакаат поегалитарен модел за да се подобри животот на мнозинството." Изборите беа "добри", владата е "легитимна" и ние треба да "се обидеме и да се промениме одвнатре." По напуштањето на контристите, Чаморо на друго место додаде дека го изгубил лесниот пристап до медиумите од неговите контристички денови.[133]

Читателите на "Њујорк тајмс" не добиваат опсег на перцепции како овие, туку само една: онаа што е во согласност со потребите на државата.

Една година по овие посети, почна да се јавува остра недохранетост во Манагва и во дел од селата, како што американскиот терор и економско војување продолжуваше да го зема својот горчлив данок од патетично сиромашната земја, која, поради очигледни историски и геополитички причини, е крајно зависна од економските односи со САД. Џорџ Шулц, Елиот Абрамс и нивната кохорта можеби не ја соборија владата, но можат да се гордеат што успеаја да ги совладаат развојните програми, превентивната здравствена заштита и социјалата која за прв пат му понуди надеж на сиромашното мнозинство. Нивните постигања можат да се мерат преку значителното зголемување на бројот на мртви новороденчиња, заразени и други нормални особини на "средно-американскиот модел" според кој Никарагва ќе биде "обновена", по милоста на САД.[134] Системот на пропагандата денес може да ги скрие нивните траги, но историјата ќе даде поинаков суд.

---

[133] James LeMoyne, "Bitterness and Apathy in Nicaragua," *NYT,* Dec. 29, 1987. Chamorro, *Update,* Central American Historical Institute, Georgetown University, Nov. 13, 1987; *Extra!* (FAIR), Oct./Nov. 1987. Бидејќи бев во Манагва токму кога и Лемојн запре на кратко, лично сум свесен колку беше искривена неговата верзија. Останатите со лични искуства ќе донесат свои заклучоци. Во секој случај, поентата е дека верзијата на Лемојн, а не останатите реакции, може да стигне до општата јавност. Само одредени видови на одговор - всушност оние кои се сообразни со условите на моделот на пропагандата - поминуваат низ медиумскиот филтер, со само повремени исклучоци.

[134] Mary Speck, "Nicaragua's Economic Decline Takes Toll on Health," *Miami Herald,* Sept. 15, 1988; William Branigin, "Let Them Eat Fruit Rinds," *Washington Post Weekly,* Oct. 10-16, 1988. Конзистентно со медиумската политика на занемарување на улогата на САД во неволјите на Никарагва, Бранигин тврди дека една анкета од јуни 1988 година покажува дека само 19 % од жителите на Манагва ја сметаат "американската агресија во било кој од нејзините облици" како "главна причина" за економските проблеми. Но, потпирајќи се врз вторични извори, тој погрешно ги чита резултатите на анкетата (види Додаток 4, оддел 5). Поставеното прашање беше да се определат "главните економски проблеми на земјата." Две третини од анкетираните ги избраа инфлацијата, недостигот на стоки, ниските плати, недоволното производство и "друго"; 8 % ја избраа "лошата власт", а Бранигиновите 19 % ја избраа "војната", "економската блокада" или "агресијата". Очигледно дека одговорите беа хетерогени. Без сомнение, многу од 67-те проценти кои ги одредија посебните економски проблеми би се согласиле дека тие се должат на американската интервенција и на економското војување; дури и десничарските про-сомозистички бизнисмени се начисто во врска со ова.

Враќајќи им се на 85-те колумни со мислења во "Тајмс" и во "Пост", дури поинтересно и од униформното непријателство кон сандинистите беше изборот на темите. Постојат две разлики што бодат очи помеѓу сандинистите и штитениците на САД кои се придржуваат кон "регионалните стандарди." Првата е дека сандинистите, кои и да се нивните гревови, не презедоа кампањи на масовни масакри, тортури, сакатење и општ терор за трауматизирање на населението. Во 85-те колумни, нема ниту еден единствен исказ во врска со ова, што е илустрација за нивната важност во американската политичка култура. Втората крупна разлика е дека сандинистите ги насочија ресурсите кон сиромашното мнозинство и презедоа мерки на важна општествена реформа - всушност доста успешно сè додека американските воени и економски мерки не успеаја да го запрат недобродојденото подобрување на здравствените и социјалните стандарди, на писменоста и на развојот. Овие факти заслужија две попатни фрази во 85 колумни, од кои едната беше изречена при огорченото осудување на "главно ужасната влада" на ова "репресивно општество". Нема ниту збор за фактот дека, за разлика на клиентите на САД, сандинистите ги заштитија сиромашните од гладување, при што нивното лошо економско управување предизвика многу презир - презир кого го нема во однос на Хондурас, кој дозволува селаните масовно да изгладнат, додека извезува специјалитетни жетви и луксузи во САД и во однос на американските творци на политиката, кои и' наметнуваат на Средна Америка развојни политики што резултираат со статистички растеж (што предизвикува многу самочеститање) и со гладување (во врска со што слушаме многу помалку). Не се спомнуваат ни сандинистичките напори да се одржи неутралистичката позиција - на пример, трговските бројки во времето кога ембаргото на САД скоро го отстрани приватниот бизнис и помогна економијата да се сведи на голо преживување: никарагванската трговија со советскиот блок тогаш беше на исто ниво како американската трговија со овие земји и доста под нивото на Европа и на поголемиот дел од Третиот свет.[135]

Ваквите работи не се од полза за потребната доктрина, па поради тоа подобро е да бидат игнорирани.

Поопшто кажано, сите овие 85 колумни се цврсто во рамките на потврдените граници. Дури и неколкуте соработници кои на други места зазеле независна позиција, тука не прават така.[136]

Една антологија овозможи објавената студија за спектарот на изразливото мислење да го привлече вниманието на гулабот од "Тајмс", Том Викер, кој дел од една своја колумна му го посвети на нејзиното побивање.[137] Тој даде две причини во прилог на отфрлањето на студијата. Прво, тој не гледа "никаква причина зошто да ги воздигнувам сандинистите", што е доста точно и целосно ирелевантно. Како што беше јасно и изречно кажано, не се работеше за индивидуалните написи, туку напротив за опсегот на дозволено мислење; прашањето не е дали на Викер треба да му се овозможи да го изрази своето

[135] Thomas W. Walker, *Nicaragua* (Westview, 1986, 67).

[136] Види го мојот вовед кон Morris Morley and James Petras, *The Reagan Administration and Nicaragua,* Institute of Media Analysis, Monograph Series No. 1 (New York, 1987), за поподробно истражување, при што се забележани некои маргинални исклучоци и нијанси, а се расправа и околу еден од најнеобичните прилози, оној на Роналд Радош, сега во својата "богот што не успеал" фаза и поради тоа со подготвен пристап до медиумите, кој претходно го немаше. Види го и моето поглавје "U.S. Polity and Society: the Lessons of Nicaragua" во Thomas Walker, ed., *Reagan versus the Sandinistas* (Westview, 1987).

[137] *NYT,* Dec. 31, 1987.

мислење дека "регионалниот аранжман" мора да и' се наметне само на Никарагва и да се спроведе од страна на државите на теророт на САД, туку дали, во слободниот печат, спектарот на мислења треба да биде ограничен со оваа позиција, како крајност на дозволената несогласност во однос на владината политика. Втората причина на Викер беше дека "критицизмот со мерач на должина и со дигитрон често е исто толку симплицистички колку и репортажата која намерава да ја измери." Љубопитен да дознаам дали Викер имаше некоја методолошка или друга критика како поткрепа на овој суд, му пишав серија на писма, не добивајќи одговор на нив, од што можам само да заклучам дека неговиот приговор се однесува на самата идеја на спроведување на рационално истражување за функционирањето на медиумите. Забележете дека неговата реакција, и општото отфрлање на широката документација која го поддржува моделот на пропагандата, е сосема во согласност со предвидувањата на моделот.[138]

Можеби сепак овој примерок од главните весници на врвот од дебатата е обманувачки. Поради тоа ќе се свртиме кон еден друг примерок што беше спроведен по една година. Во првите 6 месеци на 1987 година, истите два весници донесоа 61 колумна и уводник во врска со политиката на САД кон Никарагва. Од нив 13 ги фаворизираа дипломатските мерки пред помошта за контрата, не кажувајќи ништо за сандинистите. Од 48-те што изразуваа мислење, 46 беа анти-сандинистички, при што, повторно, главнината беше огорчено против. Од нив 18 беа про-контристички, а 28 анти-контристички, во главно врз основа на тоа што контристите беа неспособни и не можеа да победат, или поради тоа што целта на САД да се "присили Сандинистичката револуција во американските демократски облици" можеби не е достојна за "ризикот" (Џон Оукс од "Њујорк тајмс", на дисидентската крајност).[139] Од двете колумни што изразуваа одредена симпатија за сандинистите, едната беше од никарагванскиот амбасадор Карлос Тунерман, а другата од докторот Кевин Кахил, директор на центарот за тропски болести во болницата на Ленокс Хил во Њујорк, единствениот не-никарагвански коментатор кој можеше да се потпре врз личното искуство во Никарагва и на други места во Третиот свет;[140] негова беше и единствената колумна што ги одбележа успешните здравствени и описменувачки мерки на Никарагва и "борбата против угнетеноста и поткупеноста", преземена во крајно неповолни услови наметнати од американскиот терор и економско војување. Кахиловиот напис е еден од двата написи помеѓу 61-от што ја спомнува одлуката на Меѓународниот суд и меѓународното право; други два, вклучувајќи го оној на Тунерман, нив посредно ги спомнуваат. Овие факти го одразуваат однесувањето кон владеењето на правото помеѓу доминантната интелектуална култура. Читаме дека САД "делува преку контрата за да ја обнови демократијата во Никарагва и за да ги прекине кубанските и советските врски на сандинистите" и дека улогата на Вашингтон е "да помогне да се запре ширењето на Сандинистичката револуција надвор од Никарагва" (уредниците на "Вашингтон пост", кои сугерираат дека САД го испитува латино-американскиот консензус во врска со тоа дека "постојат подобри шанси за зауздување на сандинистите преку политички развој отколку преку воени напади"). И се закануваме со обвинениј за "геноцид" врз Мискито Индијанците (Вилијам Бакли, кој признава дека

[138] Види го додатокот 1 за расправа околу овие предвидувања.
[139] *NYT,* Feb. 10.
[140] *NYT,* Feb. 14.

сандинистите сеуште не го достигнале нивото на Пол Пот, иако јасно се движат во таа насока). Но настрана од Кахил, не можеме да прочитаме ниту збор за конструктивните политики кои успешно се спроведуваа и кои, во стварниот свет, го предизвикаа американски терор со цел "да се зауздаат сандинистите" - што е уште една неизразлива мисла.[141]

Повторно, нема ниту еден единствен израз во однос на фактот дека, за разлика од клиентите на САД во "демократиите во повојници", сандинистите не превзедоа кампањи на терор и масакрирање со цел да го трауматизираат сопственото население. Напротив, како што покажува огромната маса на вообичаено игнорирана документација, оваа задача им беше доделена на американските ополномоштени сили; овој незгоден факт поранешниот извршен уредник на "Тајмс", А. М. Розентал, го сместува во правилна перспектива, пишувајќи дека "внимателно известените, сензитивни дописи на Џејмс Лемојн за бунтовничките трупи во Никарагва покажуваат растечка самодоверба и умешност." Тоталитарните сандинисти се контрастираат со "залагачките демократии во Средна Америка": "несовршените но делотворни" демократии на Гватемала и Хондурас и на Ел Салвадор, кој, иако "под опсада од комунистичката герила" е "несовршена демократија, но демократија со избрана влада" (колумнистот на "Пост", Стивен Розенфелд), за разлика од Никарагва, каде што немаше избори, според пресудата на Вашингтон.[142]

Претпоставките изнесени на виделина преку овие примероци на изразливото мислење ги претставуваат самите темели на дискурсот, кои не се предизвикуваат.

Успешноста на државната доктрина околу тоа дека немаше избори во Никарагва, за разлика од американските држави на теророт, нуди корисни лекции за идните комесари. Тоа го потврдува судот на Комитетот за јавно информирање на Вудроу Вилсон (Крил комисијата) "дека едно од најдобрите средства за контрола на вестите беше преплавувањето на каналите за вести со 'факти' или со она што се сведува на официјална информација."[143] Под влијание на бесконечното повторување, во комбинација со избор на медиумското покривање во согласност со диктатите од Вашингтон, потребните доктрини стануваат утврдени вистини. Не може да се најде скоро никакво отстапување. Дури и групите за човекови права кои прават вистински обиди да заземат правилен курс паѓаат жртви на овие импресивни постигања на државно-медиумската пропаганда. Така, заменик директорот на "Хјуман рајтс воч" ги критикува реганистите за неконзистентност: тие "не сакаат да зборуваат (во врска со - Н. Ч.)... повредите под избраните влади" (тој ги спомнува Ел Салвадор и Гватемала), а ги осудуваат "повредите на човековите права на левоориентираните режими во Хемисферата - Куба и Никарагва." Од едната страна ги имаме "избраните влади" на Ел Салвадор и Гватемала, а од другата - Никарагва, која е левоориентирана и поради тоа нема "избрана влада". На крајниот досег на дисидентноста во медиумите, либералниот "Бостон глоуб" ги контрастира Ел Салвадор, Гватемала и Хондурас ("нестабилно демократските") со Куба, Никарагва, Гијана и Суринам ("социјалистичките"). "Демократските" влади имаат "цивилни претседатели" кои беа "избрани", иако тие се "борат со војската околу политичката контрола", но во Никарагва имаме само

[141] Уводници, *WP,* Jan. 9, March ll; Buckley, *WP,* May 21, 1987.
[142] Rosenthal, *NYT,* March 8; Rosenfeld, *WP,* April 24, 1987.
[143] Stephen Vaughn, *Holding Fast the Inner Lines* (U. of North Carolina, 1980, 194).

“социјалистичка хунта која е на власт од револуцијата во 1979 година” - без избори, без “демократија” како кај клиентите на САД.[144]

Да се избегне судирот со добро-функционирачкиот систем на пропаганда што ја отстранува несогласноста и несаканите факти, а што истовремено живо ја унапредува дебатата во рамките на дозволените граници е значително тешко.

Знаејќи ја важноста на спречувањето на слободниот протек на идеи, владата на САД долго време тежнее кај своите клиенти да ја внесе потребата од надзор и контрола на патувањата и на објавените материјали. Така, претседателот Кенеди во март 1963 година се сретна со седум средно-американски претседатели во Сан Хосе, Костарика, каде седумминатa се согласија на средба во април во Никарагва на Сомоза “за да се развијат и веднаш да се стават во дејство заеднички мерки за ограничување на движењето на субверзивните државјани во и од Куба и на протекот на материјали, пропаганда и финансии од таа земја.” Во тајните интерни документи, Кенедиевите либерали изразуваа загриженост во врска со прекумерниот либерализам на латино-американските режими, а особено поради “неволноста на владите да воспостават билатерални и мултилатерални договори за контрола на патниците”, какви што постојат и на широко се применуваат во САД.[145] Поради слични причини, тука нема загриженост кога во зависните земји на САД независните медиуми се уништуваат преку насилство, или кога се цврсто во рацете на доверливите десничарски елементи, или кога им се наметнува цензура со посредство на владиниот терор, убиства или затворање на новинарите. Дома, ваквите мерки очигледно се несоодветни. Потребни се поделикатни мерки, пософистицирани процедури на произведување на согласност.

Посветеноста кон блокирање на слободниот протек на идеи одразува подлабоки грижи. Глобалните планери на голем дел од Третиот свет му пропишуваат сервисна улога во однос на капиталистичките индустриски центри. Разните негови области мораат “да ги исполнуваат своите функции” како извори на репроматеријали и како пазари и мораат да бидат “експлоатирани” за обнова и развој на западниот капитализам, како што искрено објаснуваат тајните документи. Се разбира дека се сфаќа дека ваквите политики го прават САД “политички слаб”, иако и “воено силен”, што е

---

[144] Kenneth Roth, писмо, *NYT,* Aug. 17, 1988; *BG,* Dec. 26, 1988. Бранителите на насилството на САД ја осудуваат “Америкас воч”, бидејќи нејзиното внимателно и непристрасно известување не ги исполнува нивните стандарди за верност кон државната доктрина. Така, уредникот на “Њу рипаблик”, Мортон Кондрејк, обвинува дека “Америкас воч” и пропагандистите на Стејт департментот “се достојни едни на други”, поради тоа што секој претерува и искривува при својот навивачки потфат, штитејќи ја Никарагва или американските клиенти соодветно (“Broken Watch", *The New Republic,* Aug. 22, 1988; за некои примери за ценењето на успешното насилство од страна на Кондрејк и за сличните погледи, види *Culture of Terrorism*; исто и додаток 1, оддел 2). Всушност, “Америкас воч” се наврати за да ги детектира и да ги објави никарагванските повреди, посветувајќи им ним далеку поголемо внимание од она што го заслужуваат според споредбените факти. Таа отиде толку далеку што кажа дека би и’ се противела на поддршката за Никарагва ако би се поставило тоа прашање, поради нејзините повреди, иако не предложи САД да ја прекине помошта за Ел Салвадор, каде повредите се далеку посериозни, ниту пак набљудувачките групи повикаа на прекинување на помошта за Израел и за останатите главни прекршувачи на човековите права (види Americas Watch, *Human Rights in Nicaragua,* March 1986). Но “Америкас воч” се држеше до одредливите факти и тоа беше она скандалозното за разноразните комесари.

[145] Bernard Diederich, *Somoza* (E.P. Dutton, 1981, 74). *Memorandum* од секретарот за одбрана Robert McNamara до McGeorge Bundy, June 11, 1965; за понатамошни подробности, види *On Power and Ideology,* 22f. и библиографијата.

постојано ламентирање на владините специјалисти и на останатите коментатори, а и факт кого го знаат и жртвите во Латинска Америка, Југоисточна Азија и на другите места. Иако забранувањето на неприкладните мисли, на слободното патување и на "субверзивните државјани" можеби делумно можат да ја надоместат политичката слабост на САД и на неговите клиенти, планерите јасно и изречно знаат дека САД на крајот сепак ќе мора да се потпре врз силата, врз локалните сили за безбедност ако тоа е можно, за да се задржи дисидентството и народните движења. Основната посветеност го објаснува не само редовното потпирање врз воениот и државниот терор, туку и непријателството кон демократијата (во смисла на народното учество во јавните работи), кое е така јасна особина на политиката на САД во Третиот свет - а понекогаш станува и вистинска пасија, како во случајот со Регановата администрација.

Поради истите причини, Кенедиевата администрација ја помести мисијата на латино-американската војска од "одбрана на хемисферата" кон "внатрешна безбедност", а САД им даде поддршка на Државите на Национална Безбедност, кои во следните години се раширија во целиот регион. Латино-американистот Ларс Шулц забележува дека овие нови облици на "воен милитаризам" се развија како резултат на "зголемената народна политичка партиципација" и имаа за цел "трајно да ја уништат вооченатa закана за постојната структура на општествено-економски привилегии преку отстранување на политичката партиципација на бројчаното мнозинство, во прв ред на работничките или (да употребиме поширок и попрецизен термин) на народните класи."[146] Дури откако заканата на народната партиципација ќе биде надмината, може безбедно да се размислува за демократските облици.

Истите обзири објаснуваат зошто е нужно да се блокираат опасните идеи и "антиамериканската субверзивност", всушност сето она што би можело да има одек кај "народните класи" кои треба да бидат исклучени од политичкиот систем. Оваа комбинација на политичка слабост и воена јакост ја предизвика загриженоста на Стејт департментот во врска со тоа дека владата на Гватемала во раните 50-ти беше премногу демократска и дека и' се заканува Комунистичката партија "како автентична домашна политичка партија, а не како дел од светскиот заговор на советскиот комунизам."[147] Тоа исто така објаснува и зошто, во раниот повоен период, САД презеде светска кампања на поткопување на антифашистичкиот отпор, потиснувајќи ги синдикатите и останатите народни организации и блокирајќи ја демократската политика во Јапонија, Европа и во голем дел од Третиот свет сé додека не беа осигурани правилните резултати, а помладите партнери во глобалното управување не го воспоставија своето сурово владеење во своите потесни делокрузи.[148]

Една од основите за одржување на стабилноста во клиентските држави од латино-американски тип е симбиотската врска помеѓу домашниот либерализам и политичките фигури во зависните држави кои обезбедуваат фасада за владеењето на војската. Условите за врската се "демократите" во Средна Америка да ја исполнуваат својата задача на зачувување на привилегиите и на американските интереси, додека американските либерали го фалат охрабрувачкиот раст на нежното стебленце на демократијата,

[146] Schoultz, *Human Rights and United States Policy toward Latin America* (Princeton, 1981, 7).
[147] Цит. сп. F. Parkinson, *Latin America, The Cold War, and The World Powers* (London, 1974), 40.
[148] Види ја мојата статија "Democracy in the Industrial Societies" во *Z Magazine,* Jan. 1989, за понатамошна расправа и референци.

истовремено обезбедувајќи средства за продолжителните терористички напади врз населението од страна на службите за безбедност и одредите на смртта кои се тесно поврзани со нив.

Доста време по изборите од 1984 година со кои беше воспоставена "демократијата" во Ел Салвадор, на што Слободниот Печат ракоплескаше, организацијата за човекови права "Сокоро хуридико", која делуваше под заштита на архидијацезата на Сан Салвадор, забележа дека продолжителниот терор сеуште се врши од страна на "истите членови на вооружените сили кои уживаат официјална поддршка и кои се соодветно обучени за извршување на овие акти на колективно страдање... Салвадорското општество, под дејство на теророт и паниката, резултат на трајното кршење на основните човекови права, ги покажува следниве особености: колективна застрашеност и сеопшт страв, од една страна, а од друга страна интернализирано прифаќање на теророт, поради секојдневната и честа употреба на насилните средства. Воопшто, општеството го прифаќа честото појавување на измачувани тела, бидејќи основното право, правото на живот, апсолутно нема примарна вредност за општеството."[149] Последниот коментар се однесува и на надзорниците на ваквите операции, како што подвлече Џорџ Шулц при една од своите ламентации околу тероризмот, во обраќањето што го одржа токму во времето дури САД вршеше терористичко бомбардирање врз Либија. Тој изјави дека во Ел Салвадор "резултатите се такви што сите Американци можат да се гордеат со нив" - барем, сите Американци кои уживаат во глетката на измачувани тела, прегладнети деца, терор и паника и сеопшт страв. А Џејмс Лемојн, во еден од своите "внимателно известени, сензитивни дописи" заклучува дека "американската поддршка за избраните влади (во Ел Салвадор, Гватемала и Хондурас - Н. Ч.) е релативен успех." Тоа без сомнение е точно, според одредени стандарди.[150]

Опсервациите на "Сокоро хуридико" за салвадорското општество во "демократијата" беа презентирани на Првиот меѓународен семинар за тортурата во Латинска Америка, одржан во декември 1985 година во Буенос Аирес, а посветен на "репресивниот систем" кој "има на располагање знаење и мултинационална технологија за терор, развиена во специјализираните центри чија задача е да ги усовршат методите на експлоатација, угнетување и зависност на поединците и на целите народи" преку употреба на "државниот тероризам инспириран од Доктрината на Национална Безбедност." Оваа доктрина може да се прати до историската одлука на Кенедиевата администрација за поместување на мисијата на латино-американската војска кон "внатрешна безбедност", со последици кои се - или треба да бидат - добро познати.

Конференцијата помина незабележана од страна на медиумите во САД. Ништо од ова не спаѓа во рамките на каноните на тероризмот, како што тие се сфаќаат во цивилизираниот свет, ниту има и најблага врска со благородните напори на САД за одбрана на несовршените но напредувачки демократии и за "обновување на демократијата" во Никарагва. Слично на тоа, ниту една прослава на страсната посветеност на САД на човековите права нема да биде извалкана од спомнувањето на очебијната поврзаност помеѓу помошта на САД и тортурата ширум светот, која е документирана во неколку студии, особено во Латинска Америка, каде водечките академски специјалисти за човекови права

[149] *Torture in Latin America,* LADOC (Latin American Documentation), Lima, 1987.

[150] Секратарот Shultz, "Moral Principles and Strategic Interests: The Worldwide Movement Toward Democracy," State Dept. Bureau of Public Affairs, *Current Policy* no. 820, обраќање на Државниот универзитет во Канзас на 14 април 1986 година; LeMoyne, *NYT,* Feb. 7, 1988.

во регионот заклучуваат дека американската помош "се стреми несразмерно да протекува кон латино-американските влади кои ги измачуваат своите граѓани... кон релативно најфлагрантните прекршувачи на основните човекови права." Ова беше пред да дојде Регановата администрација со својата фанатичка посветеност на теророт и тортурата.[151]

Во еден од своите коментари од периодот што го разгледуваме, уредниците на "Тајмс" изјавија дека "сандинистите мораат да разберат дека нивните соседи и Вашингтон со право гледаат поврзаност помеѓу внатрешното и надворешното однесување."[152] Тогаш, оттука, однесувањето на "нивните соседи и на Вашингтон" мора да ја одразува оваа длабока посветеност кон човековите права. Уредниците исто така прашуваат и дали Регановата администрација може "себеси да се доведе до тоа да преземе (пресметан ризик за политички договор - Н. Ч.) и да го толерира марксистичкиот сосед, ако тој биде затворен со договори и со обврски кон рудиментираните човекови права", кои обврски не се неопходни за "демократиите во повојници" или за нивниот спонзор. Тие уверуваат дека САД ја разгледува можноста да "ја обезбедат согласноста на сандинистите да се забранат советските и кубанските бази, советници и проектили во Никарагва" и тие да се согласат "да не ја извезуваат револуцијата надвор од границите на Никарагва." Проектилите и советските и кубанските бази веројатно се додадени за да се постигне драматуршки ефект, додека не се спомнати повторените понуди на Никарагва за отстранување на странските советници и инсталации и редовно не се известува за тоа, исто како што не заслужи никаква белешка ни тоа што на почетокот на 1988 година министерот за надворешни работи на Куба "ја повтори понудата на неговата земја да ги повлече своите воени советници од Никарагва штом заврши кампањата на контрата поддржана од САД против сандинистите."[153] Секаде воочениот проблем е да се изнајде начин "за да се зауздаат сандинистите" и "да се задржи нивниот агресивен притисок" ("Вашингтон пост"), да се принудат сандинистите "да ја зауздаат својата револуционерна војска", како што бара сенаторот на демократите, Тери Сенфорд, војската која нелегитимно беснее во Никарагва при одбраната на земјата од нападите на САД.[154] Дека Никарагва на таков начин би се соочила со некои безбедносни проблеми останува надвор и од помислата.

Настрана од редовно непоткрепените изјави за сандинистичката помош за салвадорските герилци, на што ќе се навратам, прокламираната основа за овие стравови во однос на сандинистичката закана за хемисферата е еден друг успех на Операцијата Вистина на Стејт департментот, заснована врз еден говор на командантот Томас Борхе. Во него тој ги изрази своите надежи дека Никарагва ќе биде пример што другите ќе го следат, објаснувајќи дека Никарагва не може "да ја извезува нашата револуција", туку дека само може "да го извезува нашиот пример", а "самиот народ на овие земји... мора да ја изврши сопствената револуција"; во таа смисла, рече тој, Никарагванската револуција "ги трансцедентира државните граници." Преку свесна и целисходна измама, психолошките операции на Стејт департментот ги извртија овие зборови во закана со воено освојување при спроведувањето на "револуцијата без граници".

---

[151] Види *The Political Economy of Human Rights,* vol. I; Lars Schoultz, *Comparative Politics,* Jan. 1981. Види ја и неговата *Human Rights and United States Policy toward Latin America*.
[152] *NYT,* March 15, 1987.
[153] AP, Feb. 1, 1988.
[154] Уводник, *WP Weekly,* March 31, 1986; Pamela Constable, *BG,* March 15, 1987.

Изразот беше употребен како наслов за патетичната Бела книга на Стејт департментот од септември 1985 година за наводната сандинистичка субверзија[155] и постојано потоа се употребува, при што понекогаш тоа е придружено со тврдење дека тоа е сандинистичката "Мајн Кампф", како што го предупреди Џорџ Шулц Конгресот. Истата фабрикација послужи како климакс при Регановите успешни обиди да добие 100 милиони долари од Конгресот за ополномоштената војска токму во времето кога Меѓународниот суд го повика САД да ја прекине својата агресија и остана медиумска константа во колумните со вести и во коментарите, како што имам покажано на друго место. Лакрдијата веднаш беше откриена од страна на Советот за хемисферски работи[*] и дури се здоби со маргинална белешка во прегледот на "јавната дипломатија" на Стејт департментот во "Вашингтон пост". Но ништо од ова не ги одвраќа медиумските агитпропи во служба на вредниот проект "да се демонизира сандинистичката влада" и "во умовите на американските граѓани таа да биде претворена во вистински непријател и закана", како што ја изрази целта еден службеник на Регановата администрација.[156] Ниту пак ова практикување на "управување со перцепцијата" е одвратено од очигледната бесмисленост на идејата дека Никарагва *би можела* да се закани со агресија, а САД да не се ни подмрдне поради беспомошна неспособност. Повторно, ова е многу импресивна демонстрација за она што може да се постигне преку независниот печат ставен во акција.

Сигурно дека постоеше основа за перцепцијата дека Никарагва претставува опасност. Вистинскиот страв беше дека ќе се остварат Борхеовите надежи. Како што забележа Оксфам, Никарагва ја претставуваше "заканата на добриот пример". Како на Аревало и Арбенс во Гватемала, Аљенде во Чиле и многу други, на Никарагва се гледаше како на "црвјосано јаболко" кое може да ја "зарази гајбата", "вирус" што може да ги зарази другите, "рак" што може да се рашири, според терминологијата што постојано ја употребуваат планерите, кога размислуваат околу ужасните изгледи од независен развој во согласност со домашните потреби. Вистинскиот страв го изрази државниот секретар Шулц во март 1986 година, кога предупреди дека во случај сандинистите "да успеат во зацврстувањето на својата власт", "*сите* земји од Латинска Америка, кои *сите* заедно се соочуваат со сериозни внатрешни економски проблеми, ќе видат радикални сили бодри да ги искористат овие проблеми."[157] Поради тоа е нужно да се уништи вирусот и да се вакцинираат со терор околните региони, што е трајна особина на американската надворешна политика, заснована врз истите грижи кои што ги анимираа Метерних и рускиот цар во однос на заканата за цивилизираниот поредок што ја претставуваше американската демократија. Но и овие вистини лежат надвор од границите на она што можеме да го изразиме или да го замислиме.

Враќајќи му се на опсегот на изразливо мислење, вториот примерок на колумни со мислења, исто како и првиот, ги потврдува очекувањата на моделот на пропагандата, исто како и останатите. Известувањето за новостите ги

[155] За подробна анализа, види Morley and Petras, *op. cit.*

[*] Council on Hemispheric Affairs (COHA) – невладина организација од САД, основана во 1975 година, чија цел е преку истражување и информации да ги унапредува заедничките интереси на земјите од Западната хемисфера (заб. на прев.).

[156] Види ја мојата статија во Walker, *Reagan vs. the Sandinistas*; *Culture of Terrorism,* 219f.; *WP,* Oct. 15, 1985; Peter Kornbluh, *Nicaragua* (Institute for Policy Studies, Washington, 1987).

[157] *Ibid.*

задоволува истите услови, како што е документирано во многу истражувања, осигурувајќи дека јавното мислење нема да заскита надвор од правилните граници, барем помеѓу оние делови од населението што се бројат.

Четврта глава
Додатоци на владата

"Многу е интересно" - забележа сенаторот Вилијам Фулбрајт во 1966 година при испитувањето во Сенатот во врска со владата и медиумите - тоа што толку многу од нашите проминентни весници станале скоро агенти или додатоци на владата, што тие не оспоруваат па дури и не поставуваат прашања околу владината политика."[158] Овие забелешки не се сосема точни: медиумите ја оспоруваат и поставуваат прашањата околу владината политика, но тоа го прават скоро исклучиво во рамките определени од суштински споделените интереси на државно-корпоративна моќ. Поделбите помеѓу елитите имаат свој одраз во медиумската дебата,[159] но оддалечувањето од нивниот тесен консензус е ретко. Точно е дека тековните државни управувачи ја поставуваат агендата на медиумите. Но ако политиката пропадне, или ако се смета дека ќе им наштети на моќните интереси, медиумите често "ќе ја оспоруваат владината политика" и ќе укажуваат на поинакви средства за постигнување на целите кои остануваат од другата страна на предизвикувањето и, доста често, дури и на свесноста.

Како илустрација, имам прегледано неколку примероци на придонеси на медиумите кон владиниот проект на "демонизирање на сандинистите" со истовремено фалење на насилните држави на теророт во регионот поддржани или непосредно инсталирани од САД. При сиот скептицизам што лично го развив преку долгогодишното проучување на медиумската изведба, не очекував дека тие ќе му бидат дораснати на овој предизвик. Кога во 1985 година пишував за програмите на реганистите за дезинформација во однос на Средна Америка, не ја споредив Никарагва со Ел Салвадор и Гватемала за да ја покажам дволичноста на обвиненијата (во случаите кога не се работеше за целосни лаги); тоа изгледаше како навреда за интелигенцијата на читателот. Наместо тоа, ги споредив наводите околу Никарагва со однесувањето на "моделот на демократијата" на Израел за време на истиот период и со она на самиот САД во воени услови, покажувајќи дека досието на сандинистите беше за почит според овие - признавам, не многу импресивни - стандарди.[160] Но мојата проценка на медиумите беше наивна. За само една година тие успеаја да ги портретираат убиствените американски клиенти како напредувачки иако манливи демократии, додека сандинистите, кои не се виновни ниту за едно злодело кое барем приближно би било блиску до оние на љубимците на Вашингтон, станаа самото отелотворување на злото.

Прегледот во претходното поглавје на двата периоди на интензивна дебата околу американската политика кон Никарагва се држеше до спектарот на изразливо мислење. Известувањето за новостите е сообразно со истите имплицитни премиси. Дихотомното третирање на изборите во Ел Салвадор и во

[158] Испитување на Комитетот на Сенатот за односи со странство, 31 август 1966 година; цит. сп. Aronson, *The Press and the Cold War,* 226.

[159] Постојат исклучоци кога одредени попречувачки фактори го нарушуваат работењето на системот. Тогаш дури и на моќните делови од корпоративниот свет може да им се забрани готовиот пристап до јавниот форум; за еден пример, види го следното поглавје.

[160] *Turning the Tide,* 72f. и мојата статија во Walker, *Reagan versus the Sandinistas*. Види и Michael Parenti, "Afterword," во Morley and Petras, *The Reagan Administration in Nicaragua* и Michael Linfield, *Human Rights in Times of War,* ms., 1988.

Никарагва нуди еден пример, кој е подробно проучен на друго место. Периодот што беше прегледан во претходното поглавје нуди друг пример. Политикологот Џек Спенс проучи 181 статии во врска со Никарагва во "Њујорк тајмс" за периодот од првите шест месеци на 1986 година; заклучоците се слични со оние што се извлечени врз основа на уводниците и колумните со мислења.[161]

Спенс забележува дека Средна Америка беше скоро игнорирана сè додека во 1978 година американската контрола не се соочи со предизвик. Од 1969 па сè до 1977 година, телевизиските мрежи í посветија вкупно еден час на Никарагва, целосно само околу земјотресот од 1972 година. Тие ги игнорираа изборите од 1972 година во Ел Салвадор, кога очигледната победа на реформистичката опција на Дуарте и Унго беше поништена преку јасна измама и со мешање од страна на американските клиенти во Никарагва и Гватемала, гарантирајќи го владеењето на војската кое трае сè до денес. Кога нема предизвикување на американската доминација, не се појавува проблемот на воспоставување на "демократијата", како што не се појави ниту во Панама во 1984 година, кога ноторниот дилер на дрога, генералот Нориега, тогаш сеуште американски љубимец, одржа нерегуларни избори кои беа легитимизирани со присуството на Џорџ Шулц на инаугурацијата, при што тој "го пофали гласањето како триумф на демократијата, подбуцнувајќи ја Никарагва да го направи истото", откако беше брифиран од ЦИА и од американскиот амбасадор дека "Нориега украде повеќе од 50.000 гласови со цел да го осигура изборот" на неговите кандидати.[162]

Во текот на 70-тите, медиумите ја игнорираа растечката криза на пристап кон земјата во Средна Америка што лежи во корените на тековните метежи.[163] Спенс забележува дека во првите шест месеци од 1986 година "клучното прашање" на "пристап кон земјата и кон моделите за поседување на земјата" во Никарагва се здоби со една реченица во 181-та статија, а при покривањето на Ел Салвадор аграрната политика скоро беше игнорирана, освен при повременото спомнување без посериозно анализирање на салвадорските "прогресивни" реформи. Слично на тоа, "никарагванските прашања како ефектите на војната врз Никарагва, сандинистичките програми, популарност и помош не беа дел од агендата на вестите." Најголем дел од сториите "произлегоа од Вашингтон" и ја прикажуваа без оспорување или анализирање доктрината на Регановата администрација, вклучувајќи ги и ламентациите во врска со борците за слобода присилени да се борат само со "чизми и завои" против напредното советско вооружување и хелихоптерите управувани од Кубанци, бруталната репресија на овој "рак, токму овде на нашето копно" (Џорџ Шулц), оружјето за колумбиските терористи и субверзијата од Чиле за Гватемала, кубанските трупи кои "се појат во недоглед во Манагва", во тоа терористичко светилиште на само два дена возење од Тексас, втората Либија итн. по познатата литанија. Во своите

[161] Spence, "The U.S. Media: Covering (Over) Nicaragua," во Walker, *Reagan vs. the Sandinistas*. За покривањето на изборите, види Додаток 1, оддел 1 и наведените извори.
[162] Council on Hemispheric Affairs (COHA), "News and Analysis," Feb. 29, 1988.
[163] Поопшто гледано, би било многу тешко да се најде било каква расправа во медиумите за дејството на Сојузот за напредок (долгорочна програма за помош на Л. Америка, иницирана од страна на Џон Кенеди во 1961 година - заб. на прев.) во интензивирањето на кризата, со својот нагласок врз развојните програми кои го зголемија и БОП и човечките страдања (на пример, преку поместување на производството од животните намирици кон луксузите за извоз), а водеа кон сериозни еколошки уништувања и воопшто беа човечка катастрофа дури и таму каде што беа статистички успех.

колумни со вести, забележува Спенс, "'Тајмс' прекутно ги прифати (реганистичките - Н. Ч.) гледишта, не барајќи други и на тој начин придонесувајќи кон драстично стеснување на јавната дебата." "Во однос на обвинението против сандинистите, во 'Тајмс' не може да се најде скоро ниту едно спротивно гледиште (и - Н. Ч.)... докази како потврда никогаш не биле презентирани." "На никарагванската амбасада четири пати ѝ беше отстапен попатен ред или два" и во малку стории "репортерот додаде некој ред за балансирање во врска со позадината": "тоа беше како 'Тајмс' да има софтвер програма која, на ретки и чудни интервали, автоматски на печатерската хартија исфрла 'балансирани' гравури надвор од главната поента на сторијата." Се цитираа критичарите на реганистичката *тактика*, но скоро ништо не беше надвор од овие граници.

Како што е добро познато, изборот на изворите може да ја заштити крајната пристрасност зад фасадата на објективноста. Една студија организирана од специјалистот за медиуми, Ланс Бенет, од Универзитетот во Вашингтон ја истражуваше распределбата на потврдените извори на вести во "Њујорк тајмс" и во печатот на Сиетл за месец септември 1985 година. Во покривањето на "Тајмс" на Ел Салвадор, преку 80% од изворите ја поддржуваа владата на Ел Салвадор, а 10 % потекнуваа од опозицијата. Во покривањето на "Тајмс" на Никарагва, шемата беше обратна: повеќе од 2/3 од одбраните извори беа непријателски расположени кон владата на Никарагва, а под 20% потекнуваа од таа влада. Слично беше и со локалните медиуми. Всушност, наспроти очигледната разлика, двете шеми го одразуваат истиот критериум на одбирање на изворите: и во двата случаи, примарни извори беа американската влада и нејзините сојузници и клиенти (владите на Ел Салвадор, никарагванската политичка опозиција и контрата). Студијата забележува дека во двете земји "големото мнозинство на Средно-американци, обичните селани, градските жители, работниците и трговците, скоро да беа неми при покривањето на нивните животи во американските вести." На нив отпаѓаа 9% од потврдените извори на вести, при што 1/3 од нив беа "поединци од САД".

Студијата сугерира дека причината за ваквите отстапувања може да лежи во тенденцијата на потпирање врз "лесно достапните 'официјални' извори" и на останатите такви "институционални фактори." Тоа е основано, но не треба да заведува. Се разбира дека опозициските извори лесно можат да се најдат во Никарагва, каде што тие слободно и отворено делуваат наспроти владиното вознемирување, додека во Ел Салвадор и Гватемала најголем дел од нив беа убиени од страна на поддржаните од САД сили за безбедност или избегаа; нетривијална разлика која медиумите успеваат да ја потиснат, всушност и да ја направат обратна. При покривањето на Авганистан, Кремљ е "полесно достапен" извор од герилците по ридиштата, а покривањето е крајно наклонето во спротивна насока (како и што треба да биде). Слично на тоа, големи напори се прават за војната во Никарагва да биде прикажана од гледна точка на контрата. Известувањето од гледна точка на салвадорската или гватемалската герила, или на Виетконгот, е рамно на непостоечко, а важните извори што постојат, често едноставно се потиснуваат.[164] Истото важи и за издавањето на

[164] На пример, Кацуичи Хонда во јапонскиот печат објави опсежни студии за животот во селата кои ги контролираа јужно-виетнамските сили на отпорот и кои беа изложени на американски напади, но англискиот превод не наиде на прием. Специјалистот за Камбоџа Серж Тион во 1972 година во "Ле монд" извести за својата посета на камбоџанските герилци, но "Вашингтон пост"

студиите за бегалците, кои типично ги одразуваат политичките приоритети, а не леснотијата на пристапот.[165] "Институционалните фактори" без сомнение се реални, но насекаде постојат свесни избори кои потекнуваат од доктринерни потреби.[166]

На почетокот од 1986 година Спенс ги откри истите тенденции при своето проучување на известувањето за новостите околу Никарагва. Врвен приоритет ѝ беше даден на американската влада. На второ место беа американските ополномоштени сили. Контристите добија 727 инчи во колумните во споредба со 417-те за никарагванската влада, разлика што станува поголема со додавањето на 109-те инчи посветени на внатрешната опозиција во Никарагва поддржана од САД, пред сè на оние што по барање на американската влада одбија да учествуваат на изборите од 1984 година. Постоеја опсежни извештаи околу загриженоста на стопанственичкото здружение COSEP, вознемирувањето на списанието финансирано од САД, "Ла пренса", чиј еден од сопствениците во тоа време во Вашингтон бедно прикриено повикуваше на помош за контрата, и останатите злоупотреби. Покривањето на американските клиенти во голема мера беше позитивно; само една од 33-те стории за контристите се фокусираше врз кршењето на човековите права и имаше само неколку референци за злоделата кои дотогаш досегнаа значителна мера. Како и Стејт департментот и Конгресот, медиумите го преферираа она што истражувачите на човековите права го опишуваат како "намерно незнаење."[167]

Свртувајќи се кон Ел Салвадор, откриваме дека шемата е остро поинаква. Тука, герилците се осудуваат како марксистички терористи, а официјалната линија, според запишаното во уводниците на "Њујорк тајмс", е дека работите се подобруваат под водство на демократската влада на "почитуваниот г-ин Дуарте", "чесен, реформски ориентиран демохристијанин" кој очајно се обидува да го води својот народ кон подобар живот додека е "опкружен од неумоливи крајности", иако тој можеби е "помалку од строг при изнесувањето пред судовите на оперативците на одредите на смртта" (во превод: тој не направил ништо за да ги заузда силите за безбедност кои ги фали поради нивното "смело служење рамо до рамо со народот а наспроти

го одби истото. Специјалистот на "Ле монд"за југоисточна Азија, Жак Декорној, објави извештаи од прва рака за опустошувачкото американско бомбардирање на Лаос во 1968 година, но наспроти повторените обиди, ниту едно американско списание не сакаше повторно да ги печати неговите статии или барем да ги спомне фактите. Извештаите на странските новинари за злоделата на поддржаните од САД салвадорски сили па дури и директните сведочења на членовите на Белата куќа беа игнорирани. Види ги *For Reasons of State, Towards a New Cold War, Manufacturing Consent* околу овие и други примери.

[165] Камбоџанските бегалци на тајландската граница во доцните 70-ти не беа подостапни од камбоџанските бегалци во Пном Пен неколку години пред тоа, но во првиот случај тие имаа корисна приказна за раскажување, а во вториот случај немаа и поради тоа беа игнорирани. Камповите на тајландската граница исто така не беа подостапни од Лисабон или Австралија, наспроти некои важни тврдења на новинарите кои сигурно знаат подобро, но она што тиморските бегалци имаа да го кажат се судираше со барањата на американската моќ, за разлика од оние кои избегаа пред злоделата на Пол Пот. Види ги *Political Economy of Human Rights* и *Manufacturing Consent* за расправа и подробности, во овие и други случаи.

[166] Seattle Central America Media Project, *Out of Balance,* n.d. Види и додаток 5, оддел 6 околу изборот на "Тајмс" на извори во Никарагва.

[167] Donald Fox and Michael J. Glennon, "Report to the International Human Rights Law Group and the Washington Office on Latin America," Washington D.C., April 1985, 21, во однос на реакцијата на Стејт департментот кон нивното откривање на злоделата на контрата. Поголемиот дел од студиите беше, како и оваа, игнориран или отфрлен.

субверзијата", истовремено тивко признавајќи дека "масите се со герилците" кога ја превзема улогата на фронтмен во војната против населението). Известувањето за новостите е слично според стилот. Дуарте во главните медиуми се портретира како жртва, а не како согласен застапник чија улога е да осигура адекватно конгресно финансирање за државните терористи кои ги штити. Анализирајќи преку 800 статии во главните дневници од март 1984 до октомври 1985 година, новинарот Марк Купер откри конзистентна шема на потиснување на масивните злодела и на "пофално пеење за политиката на Администрацијата." Постоеја стотици инчи на колумни што ги величаа *ветувањата* на Дуарте дека ќе го прекине жестокиот државен терор што се врши под негова закрила, но ниту една единствена статија "не ја анализираше природата на сојузот на Дуарте со воениот естаблишмент", фактичкиот владеач.[168]

Во уводниците што беа прегледани за време на шест и пол години, "Тајмс" никогаш не ги спомна случувањата како убиството на надбискупот Ромеро или рацијата на силите за безбедност врз канцеларијата за правна помош на надбискупијата со цел да се уништат доказите кои нив ги поврзуваа со убиството; уништувањето и затворањето на универзитетот од страна на војската, со многуте убиени; физичкото уништување на независните медиуми и убиствата и протерувањето на нивните уредници и издавачи; или салвадорската опсадна состојба од март 1980 година, кога Дуарте и' се придружи на хунтата, при што злоделата се вршеа со негова поддршка и со постојана апологетика. За разлика од ова, кога на 15 октомври 1985 година Никарагва прогласи опсадна состојба, "Тајмс" огорчено ја осуди оваа демонстрација на никарагванскиот недостиг на "почит кон демократијата и кон човековите права", отфрлајќи го со презир "тврдењето на претседателот Ортега дека казнените мерки се по вина на 'бруталната агресија на Северна Америка и на нејзините внатрешни сојузници'"; *обновата* на далеку подраконската опсадна состојба во Ел Салвадор два дена подоцна не беше ниту спомната. Настаните кои беа игнорирани во уводниците, во голема мера беа потиснати или фалсификувани и во колумните со вести.

Не постоеше укажување или загриженост во уводниците и имаше малку (ако и воопшто имаше) известување за фактот дека "од 1981 година салвадорскиот печат или ја поддржуваше владата или ја критикуваше од десничарска гледна точка", избегнувајќи ги "сториите кои се критички кон владините сили од гледна точка на човековите права", како што во врска со слободата на печатот забележа "Американ воч". Политичките опозиционери беа убиени од Дуартеовите сили за безбедност или ја напуштија земјата, па така немаше ниту потреба да се известува или да се коментира во врска со овие проблеми.[169] Слично на ова, никакво премислување не настана поради фактот дека еден од водечките убијци беше одбран да биде Дуартеов министер за одбрана, откако ја заврши својата служба како директор на Националната гарда. Претходно тој мирно објасни дека "вооружените сили се подготвени да убијат

[168] За преглед на уводниците на "Њујорк тајмс" во врска со Ел Салвадор и Никарагва од 1980 па сé до средината на 1986 година, види ја мојата статија во Walker, *Reagan vs. the Sandinistas*. За споредба на имиџот на Дуарте тука и во Латинска Америка, вклучувајќи го и Ел Салвадор, види ја *Culture of Terrorism,* 101f. За досието на Дуарте и за ценењето на медиумите на истото, види ја *Turning the Tide*, глава 3, оддел 5.2; Cooper, "Whitewashing Duarte," U.S. Reporting on El Salvador, *NACLA Report on the Americas,* Jan./March 1986.

[169] Види ги погоре наведените извори за директни референци, а за понатамошни подробности, овде и подолу; Додаток 5, оддел 6, за средно-американските медиуми.

200 до 300 илјади, ако тоа е она што е потребно за да се запре комунистичкото освојување" и се однесуваше во согласност со тоа кога Гардата под негова команда ја администрираше својата "педагогија на теророт." Кога тој беше именуван за министер за одбрана, "Њујорк тајмс" го опиша овој масовен убиец и мачител како "пријатен човек со нежен глас, кој има репутација на одличен администратор." Признавајќи дека Гардата под негова команда е одговорна за ужасни злодела, вклучувајќи и силување и убиство на четири американски црквено-служителки и убиство на двајца трудови советници од САД, "Тајмс" додава дека "во негова одбрана, другите наведуваат дека под негова команда репутацијата на Националната гарда се подобри до таа мера што повеќе не се смета за најзверска од трите салвадорски сили за безбедност" - што без сомнение е импресивно постигнување.[170]

За разлика од ова, типичната шема во однос на Никарагва беше дека државната пропаганда служи за да се измислат некои обвинувања врз кои медиумите подоцна во голема мера и некритички се потпираат. Повремено, кога се увидува дека обвиненијата се премногу необични, на внатрешните страници ќе се појави благо оспорување. Често обвиненијата се одржуваа дури и кога се признаваше дека тие немаат основа па дури и дека се чисти фабрикации, шема која исто така е добро документирана при случаите на останатите официјални непријатели.[171]

За целосно да се разбере дихотомниот третман, мораме да го имаме на ум она што се случуваше во Никарагва и во Ел Салвадор за време на овие години, факти кои ги сметам за познати и поради тоа нема да бидат прегледани овде.[172] Осрамотувањето на Слободниот Печат тешко дека можеше да биде подраматично.

Вреди да се нагласи и дека овде се работи за нешто далеку повеќе од занемарување на должноста, некомпетентност или служење на моќта. Заштитата што им се обезбедува на државните терористи во "демократиите во повојници" ним им нуди престилка зад која можат да ги продолжат своите злодела со клучна поддршка од САД, додека пак гневното фокусирање врз далеку помалите злоупотреби во Никарагва ги потпомогнаа Регановите програми на терор и економско војување, кои го запреа општествениот и економскиот напредок во Никарагва и ја доведоа економијата до разрушеност, што го овозможи редовното ситење на медиумите во врска со "сандинистичката

[170] Lydia Chavez, *NYT,* April 24, 1983. Министерот за одбрана, генералот Видес Касанова, е цитиран од Ray Bonner, *Weakness and Deceit* (Times Books, 1984, 106).

[171] Види додаток 4, оддел 1 за неколку од многуте примери. За многу други случаи, види ја *Political Economy of Human Rights* и останатите извори што беа претходно наведени.

[172] За преглед на медиумската изведба во Ел Салвадор како што растеше теророт во 1980 и на почетокот од 1981 година, види *Towards a New Cold War,* вовед; делумно препечатено во *The Chomsky Reader*. Повеќе за одбивањето на медиумите да известат за владините злодела, види Ed Harriman, *Hack: Home Truths about Foreign News* (Zed, 1987); Хариман го покриваше Ел Салвадор за британските медиуми. Потоа следеше краток период на сериозно известување, откако злоделата достигнуваа крајни граници, но штом почна да изгледа дека теророт организиран од САД може доста да успее и штом беа одржани демонстративни избори, шемата се врати на претходниот облик на апологетика и запоставување, со спорадични исклучоци. Повлекувањето на Реј Бонер од страна на "Тајмс" беше исто така важно. "Службеници на американската амбасада се фалат дека тие го истераа (Бонер - Н. Ч.) од земјата, поради неговото неподобно (и прецизно - Н. Ч.) известување за салвадорската влада", според извештајот на Пери и Корнблух (*op. cit.*).

некомпетентност" и пакосност. Медиумите беа волни соучесници во исклучителниот излив на насилство и репресија.

Поентата е поопшта. Владата на САД беше кадра да обезбеди клучна поддршка за масовното убивање од страна на своите индонезиски клиенти во Тимор (со помош на останатите западни сили), бидејќи медиумите едноставно одбија да ги истражуваат фактите или да известат за она што го знаат. Истото важеше и при уништувањата на селските заедници во северен Лаос, Камбоџа и Јужен Виетнам, меѓу многуте останати случаи. Да спомнеме само еден тековен пример, Израел се осмели да ги изврши своите погроми во окупираните територии поради истата попустливост, знаејќи дека неговите американски апологети сето тоа ќе го објаснат како жалосен исклучок: тука спаѓаат уредничкиот персонал на "Њујорк тајмс", работничката бирократија на САД или Ели Визел, познатиот апостол на обврската за молчење во случајот на државата која тој ја љуби, помеѓу многуте останати.[173]

За да го подигне нивото на јавното разбирање околу настаните во Средна Америка за време на критичниот период на почетокот од 1986 година, "Тајмс" и' ја посвети кавер-сторијата од својот неделен магазин на анализата на Џејмс Лемојн околу подлабоките прашања што стојат зад растежот на "герилската мрежа."[174] Лемојн забележува дека "скоро секое проучување на регионот... заклучува дека револуциите во Средна Америка во прв ред се предизвикани од деценииите на сиромаштија, крвава репресија и фрустрирани обиди да се извршат политички реформи." Уште повеќе, секое посериозно пручување заклучува дека САД има одредена одговорност поради овие услови, па поради тоа и за растежот на "герилската мрежа", но нема да се најде ниту укажување во врска со тоа во расправата на Лемојн. Тој ја разгледува улогата на Куба, на Советскиот сојуз, Северна Кореја, ПЛО, Виетнам итн, но еден учесник во драмата недостига, освен во изјавата дека во Ел Салвадор "САД ја потпомага салвадорската војска, инсистира на избори и повикува на одредени реформи." Недостига и фактот дека војската која ја "потпомагаме" спроведе програма на убивања и мачења со цел да ги уништи "народните организации кои се борат за да ги одбранат своите најосновни човекови права", да ги позајмиме зборовите на надбискупот Ромеро кратко пред неговото убиство, кога тој залудно повикуваше со претседателот Картер да не се "потпомагаат" овие сили, кои "единствено знаат како да го угнетуваат народот и да ги бранат интересите на салвадорската олигархија."

Комбинацијата на удобно историско незнаење и на величање на добротворноста на нашите намери е типично за медиумите и за останатите коментатори. Да наведам уште само еден пример, во една поранешна кавер-сторија во "Тајмс магазин", Тед Шулц расправаше за "радикалните ветришта на Карибите", бележејќи дека "корените на карипските проблеми не се целосно кубански"; треба да се обвини и "советската офанзива" заедно со последиците на "колонијалната лакомост и лошо управување" на европските сили. САД е единствено виновен поради "индиферентноста" кон готовите проблеми. Изгледа дека малкумина се волни да го разберат согледувањето на поранешниот костариканскиот претседател Даниел Одубер дека "гангстерите" кои ги

[173] Види додаток 4, оддел 2.
[174] *NYT Magazine,* April 6, 1986.

загрозуваат "животите на Средно-американците и на нивните семејства... не се ленинистичките комесари, туку вооружените наредници обучени во САД."[175]

Спенс забележува дека "очигледно релевантната скорешна одлука на Меѓународниот суд не беше спомната во 171 (новински - Н. Ч.) стории кои и' претходеа на самата одлука на Меѓународниот суд" од 27 јуни 1986 година. Со таа одлука, Судот го осуди САД поради неговата поддршка на контрата и поради незаконското економско војување и му нареди да се откаже од своето кршење на меѓународното право и важечките договори и да плати оштета. Беше известено за одлуката, но таа беше отфрлена како минорно додевање. Нејзината содржина беше потисната или фалсификувана, Меѓународниот суд - а не САД - беше портретиран како злосторник, а за владеењето на правото се сметаше дека е неприменливо врз САД.

При својот уреднички одговор од први јули, "Тајмс" го отфрли Судот како "непријателски форум"; уредниците не пуштија ниту глас кога истиот "непријателски форум" пресуди во корист на САД во случајот со заложничката криза во Иран. Тие утврдија дека "дури и мнозинството (на Судот - Н. Ч.) потврди дека претходните напади врз Ел Салвадор од Никарагва ја направија 'колективната самоодбрана' можно оправдување за американското возвраќање." Уредниците претпоставуваат без коментар дека САД "возвраќаше" поради никарагванската агресија и не успеваат да спомнат дека Судот изречно го *отфрли* тврдењето за "колективна самоодбрана" како оправдување, дури и ако САД можеше да ги утврди обвиненијата против Никарагва, кои Судот по испитувањето на доказите во официјалните американски владини документи ги отфрли како неосновани; Судот исто така забележа, доста зајадливо, дека Ел Салвадор дури ниту обвинуваше за "вооружен напад" сè до август 1984 година, односно четири месеци откако Никарагва ги изнесе своите обвиненија пред Судот. Во отвореното писмо од 17 јули, Томас Франк од Правниот факултет на Универзитетот во Њујорк, познат бранител на светскиот поредок, тврдеше дека САД треба да ја отфрли пресудата на Меѓународниот суд, бидејќи "на Америка - делувала таа сама или заедно со своите сојузници - сеуште и' е потребна слобода за да ја штити слободата", како на пример во Никарагва.[176]

Никој не може да ги надмине владата на САД и медиумите во нивните фалби за величественото владеење на правото и при повикувањето на употреба на дипломатија наместо насилство - кога се работи за неуспесите на официјалните непријатели. Така, настаните од летото 1986 година побараа внимателно "управување со перцепцијата". До јуни, главна сторија беше неуспехот на Никарагва да го прифати нацрт договорот од Контадора[*]. "Њујорк

---

[175] *NYT Magazine,* May 25, 1980. Oduber, во Kenneth M. Coleman and George C. Herring, eds., *The Central American Crisis* (Scholarly Resources Inc., 1985, 196).

[176] Постоеја исклучоци, но реакцијата на медиумите главно беше слична, со тоа што некогаш досегаше изненадувачки крајности. Така, "Вашингтон пост" му се обрати за коментар на лобистот на контрата, Роберт Лајкен, кој "го обвини Судот, за кого рече дека пати од 'растечка перцепција' на имање тесни врски со Советскиот сојуз"; советскиот судија се повлече од случајот, но очигледно дека неговите потчинети ја извршија задачата која им беше наложена (Jonathan Karp, *WP,* June 28, 1986). За повеќе околу апелите на маоистичката линија на Лајкен и за неговата интересна улога кога латино-американските специјалисти во голема мера одбија да í се приклучат на каузата, види *Culture of Terrorism,* 205f.

[*] Контадора е панамски остров каде за прв пат се сретна т.н. контадорска група (Мексико, Колумбија, Панама и Венецуела) која се залагаше за постигнување на договор помеѓу средно-

тајмс" во мај објави долг извештај на Стивен Кинцер насловен "Никарагва го спречува латинскиот мировен договор", кој го критикуваше Ортега поради неговото несакање да го потпише договорот, без преземање одредени обврски од страна на САД. "Произлегува дека Никарагва е единствената средно-американска држава која не е волна да го потпише нацрт договорот", напиша Кинцер.[177] Неколку недели подоцна, Контадора беше надвор од агендата. Во средината на јуни клиентските држави на САД под американски притисок го отфрлија нацрт договорот. Овој факт беше исклучен од националниот печат, иако за него беше известено во странство. Никарагва на 21 јуни изјави дека е подготвена да го потпише договорот. "Вашингтон пост" го игнорираше недобродојдениот факт, но во "Њујорк тајмс" тој се здоби со две малечки белешки насловени "Никарагва нуди ограничување на одредени орудија" и "САД ја осудува понудата на Никарагва за договорот" (22 и 23 јуни), при што фокусот беше врз отфрлањето на потегот од страна на Регановата администрација како "пропаганден". Двете белешки се појавија и во прегледот на маргинални вести, "Околу светот".

За додатоците на владата вредноста на вестите е определена од нејзината корисност за идеолошкото војување.

Неколку дена по прифаќањето на нацрт договорот од страна на Никарагва кој беше блокиран од САД и неговите клиенти, Меѓународниот суд го осуди САД поради неговата "незаконска употреба на сила" и повика на прекинување на помошта на САД за контрата. Конгресот одговори со изгласување на 100 милиони долари воена помош за спроведување на незаконската употреба на сила, додека владините службеници среќно коментираа: "Ова е вистинито. Ова е вистинска војна."[178]

Сеуште придржувајќи се кон мирољубивите средства кои сите држави се должни да ги следат според меѓународното (и американското) право, Никарагва го изнесе проблемот пред Советот за безбедност на ОН, каде САД стави вето на резолуцијата (се гласаше 11 наспроти 1 со 3 воздржани), со која се повикуваа сите држави да го почитуваат меѓународното право. Тогаш Никарагва се обрати до Генералното собрание, кое донесе резолуција со 94 "за" и 3 "против", со која се повикуваше на усогласување со пресудата на Меѓународниот суд. Две клиентски држави, Израел и Ел Салвадор, му се придружија на САД во опозиционерството. Гласањето во Советот за безбедност заслужи кратка белешка во Службениот весник, но одлуката на Генералното собрание помина незабележана; дописникот на "Тајмс" од ОН тој ден преферираше да достави сторија за превисоките плати во ОН. На истата седница, Никарагва повика ОН да испрати независна мисија на границата каде што имаше конфликт за да се утврдат фактите; предлогот беше отфрлен од страна на Хондурас со поддршка на САД и за него не беше известено, општа судбина за никарагванските обиди да обезбеди меѓународен мониторинг на границите - кој, се разбира, би ја запрел сандинистичката агресија што толку ги ужаснува американските лидери и идеолошки менаџери. Една година подоцна, на 12 ноември 1987 година, Генералното собрание повторно повика на "целосно и итно усогласување" со

американските држави за намалување на вооружените сили, за ставање крај на надворешната помош за бунтовниците и за запирање на трговијата со оружје (заб. на прев.).

[177] *NYT,* May 12, 1986.

[178] *NYT,* June 29, 1986.

одлуката на Меѓународниот суд. Овој пат само Израел му се придружи на САД во спротивставувањето на придржувањето кон меѓународното право, што беше уште еден удар врз средно-американскиот договор, кој беше потпишан во август и беше големо понижување за Вашингтон. "Њујорк тајмс", "Вашингтон пост" и трите телевизиски мрежи* не известија за гласањето. Подоцнежните постапки на Меѓународниот суд во врска со отштетата за Никарагва поради американските злодела исто така ретко досегаа до влезната врата; така, изјавата на Меѓународниот суд од август 1988 година дека САД не успеа да го исполни крајниот рок на Судот за одредување на воената отштета помина скоро незабележана.[179]

Не се игнорираат сите резолуции на ОН. Еден ден пред неизвестувањето за резолуцијата на Генералното собрание од 1987 година со која САД се повикува да се покори на меѓународното право, "Тајмс" објави важна сторија насловена "ОН настојува Советите да ги извлечат силите од Авганистан", известувајќи дека Генералното собрание гласаше "уверливо денес за итно повлекување на советските сили од Авганистан, не придавајќи му внимание на првиот концентриран обид на Москва да ги одврати таквите критики во ОН." Прегледот на "Тајмс" за седницата на Генералното собрание од 26 декември има наслов "Генералното собрание им стави забелешки на САД и на Советите" и поднаслов "Вашингтон изгуби на буџетот, Москва на прашањето за Авганистан и за Камбоџа." Извештајот не спомнува ништо за гласањето 94 напроти 2 околу одлуката на Меѓународниот суд, при што мнозинството ги вклучуваше и американските сојузници Австралија, Данска, Исланд, Канада, Нов Зеланд, Норвешка, Холандија и Шпанија како и главните латино-американски земји (Аргентина, Бразил, Венецуела, Еквадор, Колумбија, Мексико, Перу, Уругвај) заедно со Финска, Шведска и други.[180]

Реакцијата на владата на САД и на медиумите кон светското мислење изразено преку меѓународните институции заслужува поголемо внимание. Истата седница на ОН нуди бројни интересни примери. Додека сите очи беа вперени кон Вашингтонскиот самит, НССД договорот* и Регановите постигнувања како миротворец,[181] ОН изгласа серија на резолуции за разоружување. Генералното собрание гласаше 154 наспроти 1, без воздржани, против изградбата на орудија во вселената, резолуција што директно целеше на Регановата Стратегиска одбранбена иницијатива ("Војна на ѕвездите"). Гласаше 135 наспроти 1 против развојот на нови оружја за масовно уништување. И во двата случаи, САД беше осамен во своето спротивставување. На САД му се придружи Франција во спротивставувањето на резолуцијата, изгласана со 143 наспроти 2, со која се повикуваше на сеопшт договор за забранување на тестовите. Уште едно гласање повика на запирање на сите тестирања со нуклеарни експлозии, со 137 наспроти 3, при што на САД му се придружија во отфрлањето Франција и Британија. Една недела подоцна, "Њујорк тајмс

* Чомски мисли на ABC, CBS и на NBC, кои се три најголеми телевизиски мрежи во САД (заб. на прев).

[179] *Extra!,* списание на организацијата за мониторинг на печатот FAIR, Dec. 1987. Изјавата на Меѓународниот суд, AP, *WP,* Aug. 4, 1988, кратка белешка; *Boston Globe,* 29 зборови.

[180] U.N. Press Release GA/7572, Nov. 12; AP, Nov. 12; Paul Lewis, *NYT,* Nov. 11, 13, Dec. 26, 1987.

* Intermediate-Range Nuclear Forces (INF) Treaty – Договор за нуклеарните сили со среден дострел што во декември 1988 година го потпишаа САД и СССР (заб. на прев.).

[181] За покривањето на самитите од декември 1987 и јуни 1988 година, види додаток 4, оддел 3.

магазин" го објави прегледот за програмата "Војна на ѕвездите" на својот дописник Вилијам Брод, кој забележа дека "од зазорувањето на вселенската ера, многу луѓе чувствуваат дека крајната граница за човекот, работ на универзумот, треба да се заштити и да се користи само за мирољубиви цели" и го постави прашањето дали вселената "треба да се вооружи". Но изразувањето на мислењето во врска со ова прашање на светската заедница не заслужи никаков коментар. За сите овие гласања не беше известено и тие не беа спомнати во "Забелешките до САД и до Советите" во ОН.[182]

Останатите извештаи на "Њујорк тајмс" во врска со истата седница на ОН нудат понатамошни согледувања околу стилот на покривање на светското мислење. Два дена по огромното гласање во ОН во прилог на неизвестените резолуции за разоружување при што САД беше скоро сам, една сторија на "Тајмс" извести за изгласувањето на резолуција со која "се потврдува претходното силно осудување на ОН на меѓународниот тероризам во сите свои облици" и која ги повикува "сите држави да соработуваат во отстранувањето на тероризмот" и "го поканува Генералниот секретар да бара мислења на државите членки за тероризмот и за 'начините и средствата' на борба против него." Резолуцијата беше изгласана со 128 наспроти 1 глас на Израел кој беше сам во спротивставувањето, додека САД се воздржа, а "останатите 128 членови изјавија гласање во корист на резолуцијата." Насловот на сторијата гласи: "Сирија, изолирана во ОН, се откажува од терористичките планови."[183]

По пет дена, Генералното собрание изгласа резолуција со која се осудува "тероризмот без разлика каде и од кој се врши". Се гласаше 153 наспроти 2, при што Израел и САД беа против, а единствено Хондурас беше воздржан. Особено важно, сите членки на НАТО гласаа за резолуцијата. За ова гласање не беше известено и тоа не беше спомнато во прегледот за седницата од 26 декември. Американско-израелското противење веројатно се темелеше врз изјавата дека "ништо во резолуцијата нема да го прејудицира правото на народите, особено на оние под колонијални и расистички режими или под странска окупација или под останатите облици на доминација, да се борат за самоопределување, слобода и независност, или да бараат и примаат помош за таа цел."[184]

Одбивањето на медиумите да известат за изолираноста на САД и Израел во врска со овие прашања не е од мала важност, како што се покажа една година подоцна, кога во ноември 1988 година Палестинскиот национален совет се состана во Алжир и усвои важна политичка резолуција која се фокусираше врз декларацијата за палестинска независност, утврдена на 15 ноември. Резолуцијата почнува со изјава дека "Ова заседание (на ПНС - Н. Ч.) е крунисано со декларација за палестинска држава на нашата палестинска територија." Ова, сепак, не беше по вкусот на американските творци на политиката, поради што прашањето брзо се помести на маргините од медиумската расправа. Резолуцијата на ПНС продолжува со предлагање на модалитети за политички договор кој би вклучил независна национална држава за Палестинците и "аранжмани за безбедност и мир за сите држави во регионот." Тука навлегуваме во области кои владата на САД е волна да ги

[182] U.N. Press Release GA/7591, 30 November; AP, Nov. 30; William Broad, "Star Wars is Coming, but Where is it Going?," *NYT Magazine,* Dec. 6, 1987.
[183] Paul Lewis, *NYT,* Dec. 2, 1987.
[184] U.N. Press release GA/7603, Dec. 7, 1987.

разгледа, па затоа овие прашања брзо стануваат фокус на вниманието на медиумите.[185]

Резолуцијата на ПНС повикува на меѓународна конференција "врз основа на резолуциите 242 и 338 на Советот за безбедност на ОН и на гарантирањето на легитимните национални права на палестинскиот народ и, најважното, на нивното право на самоопределување." Во својата изјава ПНС "повторно го објавува своето отфрлање на теророт во сите негови облици, вклучувајќи го и државниот терор" и "ја обновува својата посветеност кон резолуциите на ОН кои го потврдуваат правото на народите да пружат отпор на странската окупација, колонијализмот и расната дискриминација и нивното право да се борат за својата независност." Последните искази ја повторуваат содржината и зборовите на неизвестената резолуција на Генералното собрание за тероризмот. Отфрлањето и осудувањето на тероризмот не претставуваше ништо ново. Така, списанието на ПЛО, "Shu'un Filastiniyya", од мај-јуни 1986 година, го прикажува текстот на предлогот на ПЛО кој повикува на меѓународна конференција што би ја вклучила "израелската влада" и што би имала за цел постигнување на "мирољубив договор околу палестинскиот проблем врз основа на соодветните резолуции на ОН, вклучувајќи ги и резолуциите 242 и 338 на Советот за безбедност." Текстот продолжува: "ПЛО го објавува своето отфрлање и осудување на тероризмот, кое беше гарантирано со Каирската декларација од ноември 1985 година."[186]

Владата на САД објави дека декларацијата на ПНС е неприфатлива. "Крунисувачкото" постигнување се разбира дека беше отфрлено. Во поглед на работите што Вашингтон беше волен да ги земе сериозно, прво, прифаќањето на резолуцијата 242 на ОН од страна на ПНС беше премногу "двосмислено", бидејќи беше придружено со повик за признавање на правата на Палестинците покрај оние на Израел и поради тоа не успеа да ги исполни барањата на американско-израелската политика на отфрлање, поради која овие две земји се во голема изолација.[187] Второ, ПНС не ги исполни американските услови околу одрекувањето од теророт, што значи дека ПНС ја прифати позицијата на меѓународната заедница, која ја отфрлаат само САД и Израел.

Можат да се замислат два начина преку кои овие настани би можеле да се презентираат на медиумите. Едниот би бил да се извести дека највисокиот палестински авторитет усвои декларација за независност, официјално прифаќајќи ги принципите за поделба. Понатаму, дека ПНС, уште појасно од порано, ја искажа поддршката на ПЛО за широкиот меѓународен консензус во прилог на политички договор кој ќе ги признае правата на Израел и на Палестинците на самоопределување и безбедност и дека официјално ја потврди својата поддршка на позицијата на меѓународната заедница, вклучувајќи ги и силите на НАТО, во врска со тероризмот. Истовремено, САД и Израел остануваат во голема мера изолирани околу првото прашање, држејќи се до својата политика на отфрлање и повторно блокирајќи го мировниот процес, и дека се целосно изолирани во своето спротивставување на правото на народите да се борат за слобода и самоодредување, а против расистичките и

[185] Извадоци од преводот на американската влада се појавија во *New York Times,* Nov. 17, 1988.
[186] Yehoshafat Harkabi, *Israel's Fateful Hour* (Harper and Row, 1988, 31).
[187] Види Додаток 5, оддел 4.

колонијалните режими и странската окупација. И дека само Израел одбива да ја прифати резолуцијата 242 на ОН; за ова види подолу.

Втората алтернатива би била да се отфрли како ирелевантна декларацијата за независност, целосно да се игнорира изолацијата на САД и Израел во врска со другите прашања и да се прифати позицијата на САД како правилна по дефиниција, како "умерено стојалиште" и основа за понатамошна расправа. Потоа спроведуваме дебата околу тоа дали Палестинците треба да се охрабруваат да напредуваат понатаму кон умереноста сега кога, под наш патронат, тие ги презедоа овие запирачки чекори или нивниот строг ментор едноставно треба да ги отфрли овие потези и да побара од ПЛО да почне да биде сериозна или да исчезне.

Првата верзија, која би била во согласност со вистината, не може да се најде во американските медиуми. Втората верзија не само што преовлада, туку беше блиску до исклучливо постоење. Во "Њујорк тајмс" уредниците ја цитираат изјавата за тероризмот, опишувајќи ја како "стар изговор на Арафат" и не успевајќи да забележат дека таа ги повторува резолуциите на ОН кои ги отфрлаат само САД и Израел. Ентони Луис, кој скоро е сам во естаблишментот во своите обиди да им избега на ограничувањата на догмата по овие прашања, ја осудува неспособноста да се награди ПЛО поради нејзиното напредување кон американското стојалиште, додавајќи дека таа сеуште мора да стане "појасна" во своите политички изјави и дека "САД правилно зборува дека ПЛО мора недвосмислено да се откаже од тероризмот пред да може да земе учество во преговорите." Тој не го изнесува прашањето околу "јасноста" на американската политика на отфрлање и смета дека САД има право кога не сака да биде прелажан од "стариот изговор на Арафат", односно од позицијата која е прифатена од страна на целата светска заедница настрана од САД и Израел (и од Јужна Африка, се разбира). Ако Арафат не ни се придружи надвор од спектарот на светското мислење, јасно е дека не може да се смета сериозно на него. На другите места, истите граници се забележуваа, при што често тие беа дури и потесни.[188]

Накратко кажано, светот не се согласува со нас, па оттука следи, по едноставна логика, дека светот нема право; тоа е сè што може да се каже. Никаква алтернативна можност не може да се продискутира, па дури ни да се замисли. И уште поважно, не може да се знае дури ни фактот дека светот не се согласува со нас. Бидејќи не е способен да ја види светлината, светот надвор од нашите граници не постои (освен Израел). Тука ја гледаме прегратката на

[188] Уводник, *NYT,* Nov. 16; Lewis, *NYT,* Dec. 1, 1988. Во либералниот "Бостон глоуб", на пример, кога американската влада се согласи на разговори со ПЛО под изговор дека таа ги прифати американските барања, се појавија две колумни за да ја откријат разновидноста на мислењата околу оваа тема, насловени "Taking Arafat's `yes' for an answer" (*BG,* Dec. 24, 1988). Јастребите беа претставени од водачот на еврејската заедница во Бостон, Филип Пермутер, кој предупреди на измамата и на дволичноста на Арафат, додека гулабите беа претставени од поранешниот израелски амбасадор Бруно Вајзер Верон, кој изјави: "Јас не сум обожавател на мирот и не ми се допаѓаат неразумните 'Бреира', 'Нова агенда' и 'Мир сега'" - но израелските интереси бараат признавање на реалноста ("Бреира" и "Нова еврејска агенда" се гулапски ционистички групи, при што првата престана да постои поради успешното клеветење; "Мир сега" има двосмислен кредибилитет како израелска група за мир). Види го следното поглавје и додаток 5, оддел 4 за понатамошни подробности.

доктрината во облик кој длабоко би ја импресионирало средновековната Црква или денешните муласи во Кум.*

И повторно, последиците не треба да се занемарат. Долгогодишната автоцензура на медиумите им овозможува на САД и на Израел да го блокираат она што веќе долго е можен политички договор околу едно од најексплозивните и најзаканувачките прашања во светот. Тоа продолжи да биде така и откако САД под лажен изговор ја промени својата сè понеодржлива позиција во врска со разговорите со ПЛО, при тоа задржувајќи ја својата посветеност кон опструирањето на мировниот процес.[189] Согледувањето на сенаторот Фулбрајт е и умесно и многу важно.

Враќајќи се на покривањето на ОН, една сторија од март 1988 година, насловена "ОН ќе ги проучува правата во Куба: САД гледа дипломатска победа", известуваше за поканата на Куба до Комисијата за човекови права на ОН за истражување на лице место, а со цел да се обезвредни кампањата на САД за резолуција со која ќе се осуди Куба. Првите 13 пасуси го прикажуваат гледиштето на Вашингтон, претворајќи го неуспехот во голем триумф на американската дипломатија; последниот пасус цитира еден кубански службеник кој тврди дека "резултатот го покажува растечкото политичко единство на нашиот континент" во отфрлањето на американските обиди. Една друга статија на "Тајмс" известува за посетата на американски специјалисти за човекови права на кубанските затвори со еден ред во последниот пасус кој забележува, без коментар, дека Стејт департментот не им даде визи на кубанските официјални лица за возвратна посета на американските затвори, токму во времето кога Реган во Москва ја лансира својата офанзива за човековите права.[190]

Не е известено ниту за резолуцијата за Блискиот исток, која ја донесе Комисијата за човекови права истиот ден кога ја отфрли американската иницијатива за Куба. Резолуцијата, усвоена со 26 наспроти 1 при што само САД беше против, изразуваше сериозна загриженост околу "продолжувањето на актите на агресија и на арбитрерно делување од страна на израелските окупациони сили во јужен Либан, кои претставуваат флагрантно кршење" на меѓународното право и ги повикуваше израелските сојузници да вложат притисок врз нив за да прекинат со "својата агресивна и експанзионистичка политика во јужен Либан."[191]

Светско мислење мора да помине низ истите филтри што дома ги поставуваат границите на одговорноста. Ако не успее да ги исполни овие стандарди, ќе биде игнорирано или подложено на замрсени иследувања во врска со тоа зошто светот нема право. И повторно, моделот е сеопфатен.[192]

Владино-медиумската кампања на "демонизирање на сандинистите" се соочи со нови предизвици кога во август 1987 година средно-американските претседатели постигнаа договор за мир. Регановата администрација долго време гледаше да ги поткопа дипломатските иницијативи. Откако огорчено ги

---

* Кум - град во Иран кој е познат како теолошки центар на шиитскиот ислам (заб. на прев.).

189 Види додаток 5, оддел 4, за понатамошен коментар.

190 Paul Lewis, *NYT,* March 11; Joseph Treaster, *NYT,* May 31, 1988. Види Karen Wald, *Z Magazine,* July-August 1988, за поинакво гледање на дебатата во ОН во врска со Куба.

191 AP, March 11, 1988.

192 За понатамошен коментар, види додаток 4, оддел 4.

осудуваше сандинистите поради одбивањето да го потпишат контадорскиот нацрт од 1984 година, администрацијата брзо го промени својот тон кога Никарагва неочекувано објави дека ќе потпише, момент по кој нацртот стана измама и лага и САД почна со негово поткопување и со понатамошни обвинувања против подмолните сандинисти. "Вашингтон се обиде со сите средства да го блокира потпишувањето на контадорскиот мировен акт" - забележа костариканскиот заменик министер за надворешни работи, Херардо Трехос Салас, при едно интервју за кое не беше известено и во кое кажуваше за тоа како САД "силно ја притисна" Костарика и своите клиентски држави во 1985-6 година кога тој беше "сведок од прва рака."[193] Како што видовме, настаните го следеа истиот курс и во јуни 1986 година.

Иницијативите на Аријас од 1987 година беа исто така недобродојдени за Регановата администрација. Во јуни неговиот "мировен емисар", Филип Хабиб, ги информира "сенаторите од висок ранг" дека "во случај администрацијата да не чувствува дека нејзините погледи и интереси имаат одраз во регионалните аранжмани, ќе продолжи да ги финансира никарагванските контристички бунтовници и покрај постигнатите договори помеѓу (средно-американските - Н. Ч.) лидери", корисна забелешка која предизвика малку внимание. Истиот месец, администрацијата го притисна претседателот Дуарте да ја блокира предвидената средба на средно-американските претседатели во Гватемала. Еден гватемалски службеник извести дека Дуарте "лично му кажа на гватемалскиот претседател дека причината поради која бара одложување е притисокот од страна на САД", придодава Хабиб.[194] Гватемалскиот и хондураскиот печат го објавуваат дијалогот помеѓу Хабиб и Дуарте, каков што салвадорските службени лица ѝ го кажаа на гватемалската влада (а потоа на Конгресот на Гватемала). При разговорите, Хабиб го притисна Дуарте да го отфрли мировниот план на Аријас, информирајќи го дека барањето Ел Салвадор да преговара со неразоружаната опозиција би ја уништило "демократијата во Ел Салвадор". Дуарте се согласи и инсистираше на одложување на јунската средба.[195]

Американските медиуми не беа заинтересирани. Хабиб редовно се опишува како искрен бранител на дипломатијата и на мирот.

При последниот обид за поткопување на мировниот договор, Вашингтон на 5 август го презентира Реган-Рајтовиот план, кој повика на расклопување на политичкиот систем на Никарагва, ставање крај на помошта во оружје за Никарагва и демобилизација на сандинистичките сили. За возврат, САД ќе *предира* за запирање на испорачувањето на оружје за контрата. Овој предлог се здоби со широка медиумска акламација како правилен и праведен; иранско-контристичкото сослушување што заврши пред два дена премина во дамнешното минато заедно со неговите сугестии дека американското пледирање можеби ќе вреди помалку од златото. Сепак, на изненадување и за вознемирување на администрацијата, средно-американските претседатели на 7 август постигнаа договор.

---

[193] Види *Culture of Terrorism*, глава 7 за подолги извадоци и за понатамошни подробности околу дипломатските маневри и мировниот план во октомври 1987 година. Види ги моите статии во *Z Magazine,* јануари и март 1987 година, за расправа околу настаните и служењето на медиумите во февруари 1988 година. Види ги овие извори за референци ако не се наведени подолу.

[194] Dennis Volman, *Christian Science Monitor,* June 26, 1987.

[195] *El Tiempo,* July 3, 1987, кој го цитира списанието на гватемалската Латино-американска агенција за сервисирање на специјални информации (ALASEI).

Владината пропаганда тогаш се помести, што можеше да се предвиди, кон рушење на неприфатливиот договор. Медиумите верно ја следеа. Ги имам прегледано подробностите на друго место, така што овде ќе ја сумирам само најважната кампања.[196]

Проблемот кој се појави беше познат: една голема сила е неспособна да ја наметне својата волја и се наоѓа себеси во судир со условите и приликите кои не сака да ги прифати. Државата што командува со невообичаена сила, како САД, може да се справи со проблемот на различни начини. Еден од нив е да се преправа дека противникот капитулирал, прифаќајќи го американското стојалиште. Оваа опција може да се следи само ако може да му се верува на информацискиот систем дека ќе ја следи линијата, прикажувајќи ја верзијата на американската влада како да е точна, па колку и да е тоа преправање необично. Ако медиумите така ја исполнат својата одговорност, тогаш противникот мора и навистина да ги прифати американските услови или да страда од одмаздата поради кршењето на наводното свечено ветување дека ќе се придржува до нив.

Еден очебиен пример на оваа техника е третманот на мировниот договор од Париз во јануари 1973 година, кого САД беше принуден да го потпише по неуспехот на неговите обиди да се натера на потчинување Северен Виетнам преку бомбардирање на населените области на Божиќ. Американската влада веднаш понуди верзија на договорот која беше дијаметрално спротивна на неговите одредби во секоја клучна точка. Оваа верзија на мировниот договор беше униформно прифатена и разгласена преку медиумите, така што вистинските одредби на мировниот договор за неколку дена буквално беа фрлени во дупките за сеќавањата.* Тогаш САД и неговиот јужно-виетнамски клиент пристапија кон огромни прекршувања на вистинскиот договор во обид преку насилство да ги постигнат своите долго посакувани цели, а кога виетнамските непријатели одговорија со иста мера, тие сеопфатно беа осудени поради уништување на договорот и беа принудени да страдаат поради своето злодело.[197] Случајот со мировниот договор во Средна Америка беше сличен. Нужно беше тој да се преобликува за да биде сообразен со американските диктати, задача која беше извршена со предвидената соработка на медиумите, иако тоа одзеде малку повеќе време од победата остварена преку ноќ при Парискиот мировен договор - што можеби е знак дека медиумите навистина станале "понепријателски" отколку во минатото.

---

[196] Види додаток 4, оддел 5 за понатамошна документација и референци. Поради просторни причини, ќе се држам до Службениот весник. За понатамошни подробности, види ги референците во 36-та забелешка, вклучувајќи ги и исклучоците од општата шема, во прв ред во *Christian Science Monitor* и *Los Angeles Times* и уводниците во *Boston Globe*.

* "Дупки за сеќавањата" - израз од Орвеловата "1984-та" со кој се означуваа отворите во кои се фрлаа за да изгорат сите материјали кои во тој момент беа компромитирачки за власта, а сознанијата запишани на нив беше прикладно да исчезнат од сеќавањето на вршителот веќе во следниот момент (заб. на прев.).

[197] Види *Manufacturing Consent,* глава 5 и наведените извори. Една варијанта на оваа дипломатска стратегија кенедиевите интелектуалци ја нарекоа "Тролопов маневар" за време на кубанската нуклеарна криза, кога тие се обидуваа да го заобиколат предлогот на Хрушчов, за кого сфатија дека во главно би се сметал за разумен начин за прекинување на кризата; "маневарот" беше на Хрушчов да му се припише поинакво и поприфатливо гледиште, исто како што и хероината од Тролоповата новела толкува еден незначаен гест како понуда за брак. Промената на курсот со почнување на разговори со ПЛО од декември 1988 година е уште еден пример; види додаток 5, оддел 4.

Прво барање на кампањата на рушење беше да се утврди дека токму американската поддршка за контрата беше она што ги присили сандинистите да преговараат. Ова секогаш е важна доктрина, зашто може да се искористи за да го оправда подоцнежното одбирање на вооруженатa сила и на теророт. Тезата тешко дека може да им се спротивстави на доказите на историјата: никарагванските напори за следење на мирољубивите средства кои меѓународното право ги бара преку Меѓународниот суд, ОН и контадорскиот процес и успехот на Вашингтон "да триумфира" над овие иницијативи.[198] Таквите проблеми лесно се надминуваа преку фрлање на фактите во дупките за сеќавањата. Потоа потребната доктринерна вистина станува најочигледно клише. Поради тоа уредниците на "Њујорк тајмс" можеа, за време на кампањата за изборите 1988 година, да го критикуваат Мајкл Дукакис, бидејќи "ја потценува улогата на силата при донесувањето на сандинистите на преговарачката маса."[199] Би било неразумно да се очекува проблематичните факти да им стојат на патот на принципот што овластува продолжително потпирање врз насилството како нужно средство за носење мир. Поопшто кажано, што е корисно тоа е Вистинито. Точка.

Првата задача беше експресно извршена. Следниот проблем беше да се отстрани самиот договор. Неговата прва фаза траеше од потпишувањето во август 1987 година до јануари 1988 година, кога средно-американските претседатели требаа да го примат извештајот на Меѓународната комисија за верификација и мониторинг (МКВМ), надлежна за мониторинг на договорот. Целта на Регановата администрација беше целото внимание да се фокусира врз сандинистите и на тој начин да се осигура дека САД ќе може да продолжи со нападите на своите ополномоштени сили и дека неговите клиентски држави ќе бидат исклучени од одредбите на договорот. Медиумите веднаш им се посветија на овие нови задачи и до јануари исчезна и последната трага од оригиналниот договор, кој беше заменет од почетните услови на САД. Оттогаш па натаму, ирелевантните факти станаа интерес само за архиварите. Нужните илузии беа тие што преовладаа.

Мировниот план одреди еден "клучен елемент" за мирот, имено, прекинување на отворената или прикриената помош од било кој облик ("воена, логистичка, финансиска, пропагандистичка") за "нерегуларните сили" (контристите) или за "востаничките движења" (домородните герилци). Како одговор на тоа, САД веднаш ги зголеми незаконските летови на ЦИА за снабдување, кои веќе го достигнаа феноменалното ниво од еден лет дневно во обид ополномоштените сили да се задржат на теренот. Ова во септември се зголеми двократно и скоро трократно се зголеми во следните месеци. Се зголемија и летовите за надгледување. Успесите веднаш беа очигледни, бидејќи нападите на контрата врз цивилите се зголемија двократно по интензитет, вклучувајќи ги и заседите, убиствата, нападите врз земјоделските задруги и

[198] Еден доверлив извештај околу позадината за Советот за национална безбедност, откако САД ги минира можностите од 1984 година, ликуваше зашто "триумфиравме над најновиот никарагванско-мексикански обид да се стават потписи врз назадоволителниот контадорски договор", имено врз истиот договор што САД енергично го бранеше сé додека Никарагва не ја објави својата поддршка за него. Види Kornbluh, *Nicaragua,* 181f.

[199] Понатамошна мана на Дукакис е тоа што тој "сега на никарагванските бунтовници би им ја ускратил дури и економската помош" (како што се бараше со мировниот договор од 1987 година, заборавија да додадат уредниците; на овој договор тие постојано му аплаудираа - кога тоа можеше да се искористи како анти-сандинистичко оружје). Editorial, *NYT,* Aug. 28, 1988.

киднапирањата.[200] ЦИА исто така им нудеше поткуп на лидерите на Мискитите со цел да ги спречи во придржувањето кон мировниот процес.

На таков начин мировниот договор од првиот момент фактички беше мртов. Ова беа убедливо најзначајните случувања за време на фазата на договорот од август до јануари.

Кон овие неприфатливи факти медиумите одговорија потиснувајќи ги. САД, се разбира, не беше потписник, па технички кажано не можеше да го "прекршува" договорот. Сепак, едно чесно согледување би забележало - всушност би нагласило - дека САД веднаш делуваше во насока на сметање на договорот за безвреден. Ништо од овој вид не може да се најде. Надвор од маргиналните групи со пристап до алтернативните медиуми, кои не се подложени на правилата на дисциплината, дури ни најработливите медиумски приврзаници тешко дека беа повеќе од минимално свесни за овие клучни факти. Однесувањето на "Њујорк тајмс" беше особено бележито и вклучуваше целосни фалсификати заедно со обsирно потиснување.

Потиснувањето на доказите во врска со снабдувачките летови на САД продолжи и откако во јануари 1988 година договорот конечно беше срушен. Никарагванските извештаи, кои беа прецизни и игнорирани во минатото, продолжија да бидат игнорирани од страна на медиумите како неконзистентни поради сликите што тие ги пренесуваа. Во декември 1988 година, министерот за одбрана Умберто Ортега наведе дека Регановата администрација продолжува со снабдувачките летови за контристите во Никарагва, прекршувајќи ја забраната од Конгресот (да не зборуваме за заборавениот мировен договор и, уште потемелно, за ирелевантните одредби на меѓународното право). Тој тврдеше дека никарагванските радари во ноември откриј 10 тајни снабдувачки летови за Никарагва од воздушната база Илопанго близу Сан Салвадор - "Хасенфус рутата" - додавајќи дека "зборуваме за летови на ЦИА и не знаеме дали тие имаат одобрување од страна на салвадорската влада." Настрана од вербата во доктрината за чудесната "промена на курсот", постојат малку причини за сомневање во точноста на извештајот. Како и обично тој беше игнориран и не беше проследен со истражување, коментар или заклучоци. Ваквите доста важни извештаи од Никарагва им беа достапни на читателите на "Барикада интернасионал" (Манагва) на англиски јазик, но не и на оние на "Њујорк тајмс" или на другите весници, според она што јас го знам. Нападите врз цивилите од страна на терористичките сили водени од САД исто така продолжија, без да биде известено за нив, а во согласност со долгогодишниот општ модел.[201]

Договорот повикуваше на "правда, слобода и демократија" и ја гарантира "неповредливоста на сите облици на живот и слобода" и на "безбедноста на

[200] AP, Jan. 29, 1988, кој известува за една студија на "Сведоците на мирот". Постои прибелешка од Julia Preston, *WP,* Feb. 4.

[201] Ortega, *Barricada Internacional,* Dec. 22, 1988, Преглед од 1988 година (POB 410150, San Francisco CA 94103); исто и AP, Dec. 15, 1988 (бидејќи информацијата беше на брановите, беше лесно достапна за секој дел од мас-медиумите). За еден напад на контристите во ноември, види Ellen V.P. Wells, писмо, *NYT,* Dec. 31, 1988. Коментирајќи во врска со еден извештај на "Тајмс" дека контрата замина во минатото, Велс известува за своето искуство кога како набљудувач на "Сведоците на мирот" живееше со фармерите во областа Хинотега. На 18 ноември, контристите ја нападнаа нивната задруга, убија двајца и ги уништија куќите, залихите, жетвата на кафе и здравствената клиника (долги години главна мета). При еден напад од 17 август беа убиени четири деца.

луѓето", за "еден автентичен, плуралистички и партиципативен демократски процес за унапредување на социјалната правда" и за "почитување на човековите права". И овие одредби беа неприфатливи за САД, бидејќи беше јасно дека тие не можеа ниту приближно да бидат остварени во клиентските земји на САД без расклопување на владината структура, со која доминираат вооружените сили и службите за безбедност. Откако ги елиминираа одредбите што се однесуваа на САД, медиумите се соочија со втората задача: актите на клиентските држави да се отстранат од агендата. Овој проблем беше лесно надминат со помош на истите средства: едноставно одбивање да се извести за фактите или маргинализација и искривување, кога тие беа премногу видливи за целосно да бидат игнорирани. Државниот терор во клиентските држави на САД ескалира, но тоа не беше важно. Ласерското фокусирање на медиумите беше врз Никарагва, која доби далеку поголемо внимание во однос на сите други земји заедно - и кое скоро целосно беше концентрирано врз отстапувањата од договорот, според она како него го толкуваше Вашингтон.

Друга неприфатлива карактеристика на договорот беше улогата што им беше дадена на меѓународните набљудувачи, на МКВМ. САД не поднесува никакво мешање во својата сфера; оттука и долгогодишното противење на САД кон мировните напори на латино-американските демократии, а сега и на МКВМ. Потоа, присуството на МКВМ би го инхибирало кршењето на договорот, па така би им попречило на намерите на САД. Првата фаза на договорот заврши во јануари со извештај на МКВМ, кој покажа лош вкус и ги осуди САД и неговите клиенти, истовремено фалејќи ги чекорите што ги презеде Никарагва. Очигледно дека таа мораше да си оди. "Тајмс" соработуваше со скоро потиснување на извештајот на МКВМ и под притисок на САД набљудувачката комисија беше укината.

Победата беше целосна: не остана ниту трага од оригиналниот договор. Никарагва одговори со објавување дека унилатерално ќе ги исполнува одредбите на поранешниот договор, барајќи меѓународна супервизија што ќе го набљудува само нејзиното придржување. Верните медиуми одговорија со објавување дека Никарагва конечно се согласи да му се потчини на мировниот договор, иако, се разбира, на комунистите не може да им се верува.

Во меѓувреме ескалира државниот терор во клиентските држави, без тоа, сепак, да влијае врз судот дека Никарагва ја сноси главната одговорност за прекршувањето на договорот; што е правилен одговор, кога САД и неговите клиенти се ослободени од вината, според Вашингтонско-медиумскиот едикт. Во "Тајмс" теророт едвај и да беше забележан, настрана од теророт на *герилците* во Ел Салвадор, на кој владата понекогаш "одговара" - коментира Џејмс Лемојн со жалење. Во октомври 1988 година, Амнести Интернејшнл објави извештај во врска со наглото зголемување на бројот на убиства на одредите на смртта, на грабнувања, тортура и сакатење, припишувајќи им го теророт на владините сили за безбедност. "Тајмс" ја игнорираше сторијата, додека Сенатот усвои резолуција со која се предупредува Никарагва дека ќе им се прати нова воена помош на контристите ако *сандинистите* продолжат да го кршат мировниот договор.[202]

Враќајќи се на јануари 1988 година, со договорот сега ограничен само на никарагванското исполнување на диктатите на Вашингтон, клучно прашање

[202] Види Додаток 4, оддел 5 за понатамошни коментари околу овие прашања.

стана волноста на сандинистите да преговараат со од ЦИА воспоставениот цивилен фронт за вашингтонските ополномоштени сили. Самиот договор не бараше такви преговори, како што повремено се забележуваше со мали букви, но тој веќе одамна беше фрлен во заборав. На почетокот од 1988 година, Никарагва се согласи со овој американски услов, постигнувајќи неочекуван договор за прекин на огнот со контрата. Во меѓувреме, домородните герилци во Ел Салвадор и Гватемала постојано беа одбивани при нивните обиди да преговараат, но овие факти беа потиснати како ирелевантни, во согласност со Вашингтонско-медиумската верзија на договорот. Каде што не беа потиснати, фактите едноставно се порекнуваа, како во случајот кога во јуни Џин Киркпатрик напиша дека "Дуарте гледа како FMLN (герилците - Н. Ч.) ги отфрла неговите великодушни понуди за амнестија и за преговори, една по една." Оваа изјава дојде по Дуартеовото отфрлување на серија на обиди на FMLN, на политичката опозиција и на Црквата да договорат преговори; великодушната понуда за амнестија, како што Киркпатрик потполно сфаќа, беше понуда да се биде масакриран од страна на одредите на смртта, настрана од фактот што владата на Дуарте - за разлика од сандинистите - ја отфрлаше амнестијата за герилските водачи.[203]

Никарагванскиот прекин на огнот беше потпишан на 23 март. Договорот пропиша дека "ќе се преговара и ќе се прифаќа само хуманитарна помош во согласност со член 5" на договорот од август 1987 година, која "ќе биде канализирана преку неутрални организации." Осигурувањето на исполнувањето на договорот му беше доверено на генералниот секретар на Организацијата на американските држави (ОАС), Жоао Клементе Баена Соареш. Конгресот одговори со надмоќно мнозинство за кршење на одредбите на прекинот на огнот, одобрувајќи 47,9 милиони долари помош за контрата, која требаше да биде администрирана преку американската Агенција за меѓународен развој (AID). Помошта требаше да биде испорачана во Хондурас и внатре во Никарагва преку една "приватна компанија", извести Џејмс Лемојн, цитирајќи го лидерот на контрата Алфредо Сесар, со тоа што изразот "приватна компанија" е еуфемизам за ЦИА, за која се знае дека AID и' служеше како параван во минатото. Лидерот на контрата Адолфо Калеро утврди дека договорот за прекин на огнот го дозволува испорачувањето на помош преку никарагванската граница од страна на ЦИА, а конгресменот на демократите Дејвид Бониор додаде дека бунтовниците ќе одберат "приватни превозници". Преку никакво растегање на имагинацијата AID не може да се смета за "неутрална организација".[204]

Конгресната легислатива пропишува целата помош да мора да биде администрирана на начин конзистентен со договорот за прекин на огнот од 23 март и во согласност со одлуките на Верификационата комисија воспоставена со тој договор, а за која генералниот секретар Соареш беше одговорен авторитет. Во писмото до Џорџ Шулц од 25 април, Соареш му посочи на овој пасус на конгресната легислатива и утврди дека потпирањето врз AID е јасно кршење на договорот за прекин на огнот, изразувајќи ја својата "длабока загриженост поради целата оваа ситуација". Тој понатаму нагласи дека членот 5 од мировниот договор, кој одредува како помошта треба да биде испорачувана според договорот за прекин на огнот, доста изречно го отфрла секое помагање

[203] Kirkpatrick, *WP,* June 6, 1988. Види Додаток 4, оддел 5 за подробности.
[204] LeMoyne, *NYT,* March 26; Susan Rasky, *NYT,* March 29, 30, 1988.

на контристите освен за репатријација и преселување. Помошта може да им се праќа на контристите внатре во Никарагва преку средства кои се договорени од двете страни, како средства насочени кон нивна "реинтеграција во нормалниот живот", но не и за некоја друга цел. Забелешките на официјалното лице овластено за мониторинг врз договорот беа запоставени - всушност, колку што јас знам, не беше известено за нив - па незаконските операции продолжија.[205]

Интересно би било да се дознае дали било каква референца се појави во американските медиуми во врска со одлуката на Меѓународниот суд околу "хуманитарната помош" (член 243). Ако таквата помош треба да ја "избегне осудата" како незаконска интервенција, објави судот, тогаш "таа не само што мора да биде ограничена на целите осветени од делувањето на Црвениот крст, имено, 'да се спречи и да се олесни човечкото страдање' и 'да се заштити животот и здравјето и да се обезбеди почит за човечките суштества'; таа мора и, пред сè, да се дава без дискриминација на сите оние на кои им е потребна во Никарагва, а не само на *контристите* и на оние зависни од нив." "Суштествена црта на вистинската хуманитарна помош е тоа што таа се дава 'без дискриминација' од било каков вид." Дури и најимагинативниот коментатор би имал одредени потешкотии при прикажувањето на таа пресуда како компатибилна со конгресната легислатива. Оттука, најдобро е да се потисне прашањето, што е лесна работа во интелектуалната култура која го презира владеењето на правото како детска бесмисленост (кога се однесува на нас) и која скоро рефлексно се сообразува со барањата на моќта.

Извештајот на "Тајмс" во врска со одлуката на Конгресот за финансирање на контрата, со која се кршеше договорот за прекин на огнот, мировниот договор и меѓународното право, наведува гледишта кои се движеа од јастребите кои го осудија предавството на контрата "како најниска точка во историјата на САД" (сенаторот Џон Мекејн) до сенаторот Брок Адамс, кој гласаше против предлогот за помош врз основа на тоа дека "обидот на САД да создаде влада преку контрата е историска грешка, слична на нашиот обид да создадеме влада во Југоисточна Азија. Повторно сме во позиција да поддржуваме воена сила која нема да победи." Овие два цитати се појавија и во "Цитати на денот."[206] Соодветно кажано, посочените мислења добро се вклопуваат во прифатливите граници на само тактички несогласици.

Челникот на AID, Алан Вудс, рече дека помошта мора да се испорача преку "приватни американски летала" и дека не постои потврда дека сандинистите ќе дозволат такви воздушни пратки за контристите во Никарагва - со што ќе се крши договорот за прекин на огнот, како што утврди генералниот секретар Соареш. Статијата во "Тајмс" која известуваше за ова е насловена "Службено лице гледа проблеми околу помошта за контрата: големата препрека е сандинистичката недоверба." Потоа AID почна со испорака на залихите за контрата во Хондурас, кршејќи ја конгресната легислатива која одредуваше дека помошта треба да се испорачува "во зоните на прекин на огнот", од кои сите се во Никарагва, и кршејќи го договорот за прекин на огнот поради веќе кажаните причини, а во прв ред бидејќи "AID, агенција од САД, јасно дека не

[205] Писмо на генералниот секретар на ОАС до Џорџ Шулц од 25 април 1988 година.

[206] *NYT,* April 1. Сузан Рески извести дека Адамс исто така "кажа дека дури и хуманитарната помош за бунтовниците го достигна нивото на поддршка кон една војувачка сила", што можеби е индиректна референца кон одлуката на Меѓународниот суд.

е... неутрална организација", како што посочи Советот за хемисферски работи, забележувајќи го и протестот на Соареш и никарагванската жалба "дека во забранетите испораки се крие вооружување со потекло од базата на ЦИА на островот Сван во Хондурас." Радиодифузните сервиси известија дека Никарагва понуди залихите да се праќаат преку Црвениот крст и останатите неутрални агенции и дека претставниците на бунтовничките индијански групи "се согласија со владата дека Меѓународниот црвен крст треба да ја спроведи дистрибуцијата на хуманитарната помош до нив", што беа понуди кои беа отфрлени или игнорирани од страна на американската влада и на нејзините ополномоштеници.[207]

Групата за демократско проучување на Конгресот објави извештај во кој ја осуди администрацијата поради бројните прекршувања на договорот за прекин на огнот и на конгресната легислатива. Таа забележа дека сандинистите ги предложија Црвениот крст, УНИЦЕФ и останатите признати хуманитарни организации како застапници за испораката, но дека сите тие освен една беа отфрлени од страна на AID, која предложи неколку организации со десничарски политички врски и без никакво искуство во Латинска Америка. Групата за проучување извести и дека сандинистите "ги поканија контристите да предложат друга агенција" не добивајќи никаков одговор од контристите - што не е за изненадување, бидејќи тие беа снабдувани преку прекршување на договорот за примирје. Извештајот забележа и дека истовремено со незаконското праќање помош за контрата, администрацијата одбиваше да обезбеди помош за семејствата на индијанските бунтовници и дека би ги снабдувала само борците чии бази се во Хондурас, користејќи за тоа една компанија која им ги доставуваше залихите на контристите.[208]

Фактите во голема мера беа игнорирани од "Тајмс", кој понуди поинаква верзија. Џејмс Лемојн извести дека "поради тоа што сандинистите успеаја да ги опструираат напорите бунтовниците повторно да бидат снабдени, како што стои во одредбите за прекин на огнот, тие можат да ги нападнат во моментот на најголема слабост кога ќе заврши договорот за прекин на огнот." Роберт Пир тврдеше дека претседателот Ортега "ги блокира испораките" на помош дозволени од Конгресот врз основа на тоа "дека испораките ќе го нарушат договорот за прекин на огнот." Не беше спомнат фактот дека ова беше заклучокот и на одговорното службено лице за мониторинг на договорот; неговото име се појави во статијата, но само во контекст на одлуката на Регановата администрација дека тој не ги исполни нејзините финансиски "стандарди за пресметливост", поради што таа не ги исплати 10-те милиони долари обезбедени од Конгресот за комисијата за верификување на исполнувањето на договорот за прекин на огнот - разбирлива реакција кон верификационите механизми кога владата на САД намерава да ги прекрши договорите и меѓународното право со заштита од медиумите.[209]

При понатамошното кршење и на договорот за прекин на огнот и на конгресната легислатива, Регановата администрација им ги прати парите на контристите да ги трошат како сакаат, начин "кој AID го смета за доволно

[207] Robert Pear, *NYT,* April 6; COHA *Washington Report on the Hemisphere,* May 11; AP, May 12, 11; Reuters, *BG,* May 13, 1988.
[208] "Special Report," DSG, May 16, 1988.
[209] LeMoyne, *NYT,* May 12; Pear, *NYT,* May 10, 1988.

сметководителски", како што зајадливо коментираше конгресменот Тони Коељо. Службениците на AID објавија дека како додаток на помошта во храна "повеќе од милион долари вреден материјал - воена опрема и залихи - исто така беше испорачан", иако не и вооружување и муниција, извести "Вашингтон пост". Конгресот изгласа испорачување на помош за децата во Никарагва, иако пропиша дека "никаква помош не може да ѝ се даде или да се даде преку владата на Никарагва", која управува со најголемиот дел од медицинските средства и болниците. Предвидливо, AID на условот му придаде најтесно толкување, при тоа фактички ограничувајќи го овој доста циничен гест од страна на оние што ја финансираат "незаконската употреба на сила" против Никарагва. AID ги отфрли и понудите на непристрасните хуманитарни организации за испорачување на помошта до децата во Никарагва. Едно писмо од Медицинскиот факултет на Брауновиот универзитет со кое се нудеше поднесување на детализиран предлог за дистрибуција на оваа помош не беше дури ниту спомнато. Подоцна никарагванската влада ја одби сета оваа помош сè дури САД ги поддржува контристите, врз основа на тоа дека "нема смисла да се прима помош за децата од истото тело кое е одговорно за нивните повреди", како што рече службеникот за печат на амбасадата. "Тоа е исто како некој да те тепа и потоа, за да си олесни на совеста, да ти ја даде кутијата со завои. А потоа да ти удри нов ќотек."[210]

Националните медиуми цело време останаа смирени, во согласност со доктрината дека САД стои над секој закон или меѓународен договор - и, непотребно да се каже, над секој морален принцип.

Во меѓувреме, департментот за финансии на САД објави нова одлука со која се забранува увозот на никарагванското кафе кое доаѓа од трети земји, што "нема да се смета доволно преобразено во губењето на својот никарагвански карактер." Доволно е само да се замени изразот "никарагвански" со изразот "еврејски" за да се дознае на која фаза на историјата ѝ припаѓа овој едикт. "Јазикот е одек на дефинициите за етничка чистота во Третиот рајх", забележува "Бостон глоуб".[211]

За време на истите месеци, преговорите за политички договор се прекинаа поради ескалацијата на барањата од страна на контрата, без сомнение следејќи го сценариото на Стејт департментот. Секој нов договор на владата, кој излегуваше далеку надвор од одредбите на долго-заборавениот мировен договор, едноставно водеше кон нови барања. При својот краен обид да го спречи постигнувањето на договор, контрата на 9 јуни 1988 година поднесе листа на барања, која вклучуваше: итно ослободување на сите што се затворени поради политички или поврзани со тоа општи злодела; право за мобилизираните да ја напуштат војската кога сакаат; принудно поднесување на оставка на судиите на Врховниот суд (кои би биле заменети по одлука на контрата, на опозицијата и на владата, при што на вашингтонските клиенти би им се обезбедило мнозинство од 2 наспроти 1); враќање или компензација за одземената сопственост на контристите која беше распределена помеѓу малосопствениците и задругите (од што корист би имале главно поддржувачите на Сомоза); замрзнување на воената регрутација од страна на владата; отворање

[210] John Goshko, *WP,* May 14; John McCaslin, *WT,* June 14, 1988; COHA press release, May 12, 1988; Don Podesta, *WP,* Sept. 21, 1988.
[211] *NYT,* Peter Kilborn, April 5; уводник, *BG,* April 17, 1988.

на канцеларии на контрата во Манагва и давање на дозвола за работа на "независните" телевизиски станици (што фактички значи станици водени од страна на САД, кои брзо ќе надвладеат со брановите поради очигледните причини на пристап до ресурсите). Сите овие акции, некои од нив и неуставни, требаше да ги преземе владата, додека силите на контрата би останале вооружени и на своите места. Прегледувајќи го досието, Центарот за меѓународна политика забележа дека целта единствено би можела да биде "торпедирање на преговорите и враќање на проблемот назад во поделениот американски Конгрес." Џулија Престон коментираше дека "предлогот на шест страни на контрата повеќе беше гест на збогување отколку документ за преговарање", поради своите "далекусежни нови барања", проследени со нивно брзо заминување од Манагва пред преговорите и да бидат можни.[212]

Владата на Никарагва настојуваше на продолжување на разговорите, не добивајќи одговор ниту од Вашингтон ниту од контрата, која додаде нови барања. Дури и кардиналот Обандо, кој едвај да ги крие своите симпатии кон контрата, ги убедуваше да им се вратат на разговорите, но бесполезно. Следеше она што Советот за хемисферски работи го опиша како "управувана од ЦИА кампања на провокации и внатрешни вознемирувања во Никарагва" која "воспостави лажна атмосфера на криза" при која Конгресот би можел да пристапи кон нова помош за контрата. Гулабите во Конгресот иницираа легислатива со која се обезбедува нова помош, истовремено предупредувајќи ги сандинистите дека ќе следи воена помош ако Никарагва продолжи самата да му стои на патот на мирот и на демократијата, или ако ги нападне силите на контрата, кои ги отфрлаат преговорите и вршат sверства во Никарагва.[213] Медиумите радосно ги следеа трагите.

Како Регановата администрација доаѓаше до својот крај, така потпирањето врз теророт на контрата стануваше помалку реалистичко и помалку нужно како средство за казнување на Никарагва поради нејзините напори да ги насочи ресурсите кон сиромашното мнозинство, да ги подобри здравствените и социјалните стандарди и да го следи патот на независен развој и неутралност. И покрај нивото и облиците на воена поддршка нечуени за автентичните востанија и доминацијата на големи области на Никарагва од страна на американската пропаганда, САД не успеа да создаде животоспособна герилска сила, што е исклучителен факт. Новата администрација, помалку волна за казнување на непослушноста преку провидниот терор, веројатно ќе му се придружи на консензусот на елитите од претходните години, кои осознаа дека постојат позасновани начини според трошоците и користа за задушување и уништување на малата земја во регионот чиј опстанок е толку зависен од односите со САД. Тие се способни да ја сфатат проценката на мисијата на Светската банка од октомври 1980 година, која заклучи дека може да следи економска катастрофа ако Никарагва не добие опсежна странска помош за надминување на ефектите на уништувањето и ограбувањето од последните години на Сомоза: "Нивото на приход по глава на жител од 1977 година и при

[212] Center for International Policy, "The Nicaraguan Cease-Fire Talks: a Documentary Survey," June 13, 1988; види и *Cease-Fire Primer, International Policy Report,* CIP; Julia Preston, *WP,* June 10, 1988.

[213] COHA, "A Critique of the Dole Amendment," Aug. 1, 1988, што се однесува на настаните од јули, види додаток 4, оддел 5, како и глава 3.

најдобри прилики нема да биде достигнато сè до 90-тите."[214] Со приватни претпријатија во рушевини и со економија уништена веројатно до непоправливост поради економското војување од страна на САД, одбирањето на насилството - скапо за САД кај светското мислење и вознемирувачко дома - изгуби многу од својата убедливост кај оние што на нанесувањето болка и страдање не гледаат цели сами по себе. Сигурно дека има други и поефикасни начини да се отстрани опасноста од успешен независен развој во една слаба и малечка земја.

Потем можеме да станеме "пољубезна, попристојна нација"* која следи "попрагматска" политика за постигнување на своите цели.

Понатаму, иако владино-медиумската кампања успеа во рушењето на мировниот договор од 1987 година и на неговите ветувања, сепак беа ставени во движење сили кои администрацијата не можеше да ги контролира. Незаконската тајна поддршка за контрата стана потешка по делумното изложување за време на иранско-контристичката афера и повеќе не беше можно организирањето на конгресна поддршка за контрата на исклучителното ниво кое беше потребно за таа да ги задржи позициите. Како што на почетокот на 1988 година се намалуваа снабдувачките летови заедно со изгледите за обновена официјална помош, така ополномоштените сили пребегнуваа во Хондурас и многу лесно можеа да бидат уништени ако не беше испраќањето на американските елитни воени единици - односно "инвазијата" на Хондурас од страна на САД, како што тоа го опишаа тамошните етаблирани медиуми или одбраната на Хондурас од сандинистичката агресија според термините на американскиот дискурс.

Елементи на контрата можат и веројатно ќе бидат задржани во рамките на Никарагва како терористички сили со цел да се осигура дека Никарагва нема да се демобилизира и да ги насочи своите жалосно ограничени ресурси кон обнова на урнатините оставени од Сомоза и Реган. Трајната закана на САД со инвазија исто така може да биде задржана за да се гарантира дека Никарагва ќе ја задржи својата гарда, и покрај големите трошоци, додека коментаторите, следејќи го стилот на Џин Киркпартик, би ја исмевале сандинистичката параноја. Но повеќе нема да биде нужно контристите да се портретираат како луѓе обединети во спротивставувањето на своите мачители, непоколебливи селани кои се борат против советскиот "хегемонизам", како што трезвено објаснуваа омилените експерти на медиумите. На почетокот од 1989 година читаме дека "сандинистичките тврдења дека контристите се само платеници на САД се здобија со нов кредибилитет помеѓу Никарагванците... На контристите се гледа како на војска од Никарагванци кои мислеле дека ќе бидат добро платени и на кои САД ќе им обезбеди сигурна работа, но погрешно претпоставиле."[215] Теророт на ниско ниво, "управувањето со перцепцијата" и

[214] Цитирано од Michael Conroy во Thomas Walker, ed., *Nicaragua: The First Years* (Praeger, 1985, 232f).

* Ова е израз на Џорџ Буш Постариот, кој во моментот на пишување на оваа книга го почнуваше својот претседателски мандат (заб. на прев).

[215] Julia Preston, *WP Weekly,* Jan. 2-8, 1989; последниот коментар се однесува за Халапа на далечниот север. Околу чудниот спој на маоизам и десничарски џингоизам кој во раните 80-ти беше измислен кога автентичните специјалисти за Латинска Америка одбија да ги извршуваат должностите кои од нив ги очекуваа владата и медиумите, види *Culture of Terrorism,* 205f. Околу психијатриските согледувања на Киркпатрик во врска со сандинистичката параноја при

"задржувањето" ќе ја принудат никарагванската влада да одржи високо ниво на воена подготвеност и внатрешна контрола што заедно со економското и идеолошкото војување би требало да биде доволно за успесите на реганистичкото насилство да бидат осигурани, дури и ако понатамошната цел на обновување во Никарагва на "средно-американскиот модел" со жалење би морала да биде напуштена. Ова е она што следи во иднина ако домашното население на САД тоа го дозволи. Задачата на медиумите е да обезбедат дека тоа ќе постапи токму така.

Опустошувачкиот ураган од октомври 1988 година, со своите добродојдени изгледи за масовна изгладнетост и големи еколошки последици, го зацврсти ова сфаќање. САД природно дека одбија да пружат било каква помош. Дури и жителите на уништениот град Блуфилд на атлантскиот брег, со своите долготрајни врски со САД и длабока огорченост поради сандинистичките методи на проширување на никарагвансиот суверенитет врз таа област, мораат да бидат лишени од обезбедувањето на градежен материјал; тие мораат да гладуваат без покрив над главите што би ги заштитил од дождовите за да се казнат сандинистите. На крајниот досег на етаблираното критикување на политиката на Регановата администрација, "Бостон глоуб" во божиќната порака објасни зошто САД не праќа помош по ураганот. Под сликата на Даниел Ортега стои запишано: "Никарагва доби малку американска хуманитарна помош поради политиката на претседателот Даниел Ортега."[216] Американските сојузници, заплашувани од глобалниот принудувач и далеку поподложни на американската пропаганда отколку што сакаат да веруваат, исто така одбија да испратат повеќе од само многу ограничена помош. Некои искажуваа аверзија во однос на сандинистичката репресија, што е чиста дволичност, како што веднаш можеме да видиме од фактот дека далеку побруталните режими во Ел Салвадор и Гватемала не го навредуваат нивниот сензибилитет.

Под овие околности, задачата на медиумите е јасна. Прво, тие мораат да ги применат стандардните техники на историска амнезија и "да го променат курсот", кој го бриши целото помнење за американската политика и за нејзините ефекти. Скоро на ниво на рефлекс, ова средство може миговно да биде применето. Кога досието и ефектите на американското насилство ќе биде отстрането од свеста, заедно со природата и последиците од американското економско војување кое секогаш се потценува, доаѓаме до следната фаза. Целото страдање, незадоволство и неволји сега јасно може да му се припише на злите сандинисти. Корисно е и да се навести дека Никарагванците гледаат на ист начин на работите, на пример, преку внимателно одбирање на изворите или преку погрешно толкување на анкетите.[217] Еден добар модел е прикажан од Едвард Шиен во триделната серија за Никарагва во либералниот "Бостон глоуб", насловена "Земја сеуште во агонија". Трите долги статии, кои цело време огорчено ги обвинуваат сандинистите, содржат точно *еден израз* кој попатно бележи дека "САД делумно е виновен за никарагванската мака и за

нејзиното ширење на лаги околу американската политика, види Holly Sklar, *Washington's War on Nicaragua* (South End, 1988, 114f.).

[216] *BG,* Dec. 25, 1988.

[217] Види Глава 3, забелешка 47.

уништената економија."[218] За никарагванската агонија одговорни се сандинистите. Настана од сето останато, моралниот кукавичлак останува запрепастувачки, па колку често и да се репризира ова досие.

За интелигентните американски планери, разумно би било да се избегне целосното уништување на Никарагва па дури и нејзиното реинкорпорирање во "средно-американскиот модел", како што преферира либералното мислење. Тоа може и да послужи и како "практична лекција" за сиромашните земји кои можат да паднат во искушение да "полудат од фанатичен национализам", како што загрмеа уредниците на "Њујорк тајмс" кога ЦИА успешно го сруши парламентарниот режим во Иран.[219] При судир со земја од Третиот свет, насилната суперсила со само ограничено внатрешно воздржување тешко дека може да не успее во постигнувањето на својата цел на уништување на секоја надеж.

Постигањата на САД во Средна Америка во минатата декада се голема трагедија, не само поради ужасните човечки губитоци, туку и бидејќи пред една декада во целиот регион постоеја почетни и ветувачки чекори кон народно организирање и борење со основните човечки потреби, со брзи успеси кои на останатите обременети со слични проблеми можеа да им послужат како корисни лекции - што токму и беше стравот на американските планери. Овие чекори успешно беа саботирани и можеби никогаш повторно нема да бидат испробани.

Постигањата на Регановата администрација во Никарагва, прикажани преку студената статистика на тела, недоволна исхранетост, епидемичност кај децата и слично, добиваат почовечка димензија при попатното фрлање поглед врз животите на жртвите. Џулија Престон нуди еден од ретките примери помеѓу етаблираните медиуми под насловот: "Во Халапа, маките предизвикани од војната ја зацврстуваат сандинистичката кауза." Престон пишува дека Халапа е мал град на "изданок од земја кој навлегува во непријателскиот Хондурас", област во која "синовите на Реган" лесно навлегуваат од нивните хондураски бази и која во голема мера е доминирана од непријатската пропаганда на моќните радио станици во Хондурас кои се водени од САД. Тука, ако не на друго место, контристите можат да ги применат лекциите на кои ги научија нивните обучувачи од ЦИА и да ја покажат "растечката самодоверба и вештина", која толку го восхити А.М. Розентал кога тој ги читаше "внимателно известените, сензитивни дописи на Џејмс Лемојн."[220]

Во Халапа контристите се предмет на презирање, пишува Престон, платеници кои "погрешно претпоставиле" во врска со "добро платената и сигурна работа" која тие ќе ја добиеле од САД (види погоре). Но, "војната на

---

[218] *BG,* Oct. 30, 31, Nov. 1, 1988. Серијата содржи и многу искривувања и целосни лаги, на пример, тврдењето дека во декември 1988 година, министерот за одбрана Ортега "ја објави својата цел за воени сили од 600 000 припадници до 1995 година", кои ќе им бидат придодадени на оние "легии на трупите (кои - Н.Ч.) ништо не продуцираат." Како што Шиен и уредниците сосема добро знаат, Ортега објави планирано *намалување* на воените сили, со лесно вооружување кое ќе им биде распределено на општото работно население. Корисните пропагандни фабрикации со задоволство не се напуштаат.

[219] Види додаток 5, оддел 3 за референци и позадина.

[220] Preston, *WP Weekly,* Jan. 2-8, 1989. За американската доминација врз информацискиот систем во голем дел од Никарагва, види Howard Frederick, "Electronic Penetration," vo Walker, *Reagan vs. the Sandinistas*.

контрата ја направи трајната беда на халапанците далеку полоша од сé она што порано го знаеле.” Острата глад е надвор од контрола. Болницата, изградена во 1982 година како “симбол на сандинистичката посветеност кон подобрување на социјалните услови” е скоро празна, бидејќи луѓето се сомневаат дека таа “ќе ги има средствата за да се погрижи за нив”, благодарејќи на пренасочувањето на ресурсите поради војната и “далеку од овој вид на социјални проекти” - постигање со кое американските граѓани можат да се гордеат. Сепак “исклучителните тешкотии не ги свртија халапанците против Сандинистистичката револуција.” Дури и анти-сандинистичките жители на градот “гледаат на војната како на нова фаза од историјата на американското малтретирање на обичните Никарагванци, од што семејната династија на Сомоза беше нераздвоен пример.” Кампањите за описменување и “образовната експлозија”, нагло редуцирани поради насилството на САД, “привлекоа трајна верност” во Халапа, иако не и во САД, каде што тие многу се исмеваат како средство на тоталитаризмот. Многу жители на градот гледаат “денес понеформално, порамноправно општество.” Селаните повеќе не се “сервилни”, а земјопоседниците “супериорни”, како под режимот на Сомоза и под моделот на САД воопшто. “Сандинистите прв пат ги направија банкарските кредити достапни за ситните фармери” и денес “секој ја споделува истата сиромаштија”, иако со “крик на фрустрираност” поради Регановиот успех во врска со “одложувањето на револуцијата”, како што “вели еден исушен селанец-фармер.”

Далекусежните цели на Регановата администрација во Средна Америка беа јасни уште на почетокот. Додека Шулц, Абрамс, Киркпатрик и компанијата заземаа екстремни позиции на политичкиот спектар со својот ентузијазам за теророт и насилството, општите цели на политиката се конвенционални и длабоко вкоренети во американската традиција, во политичкото планирање и во институциите, парадитие и добија малку внимание или критики во рамките на естаблишментот. Поради истите причини, може да се очекува дека тие ќе истраат. Неопходно е да се демолираат “народните организации кои се борат за да ги одбранат своите најосновни човекови права” (надбискупот Ромеро) и да се отстрани секоја закана од “ултранационализам” во “демократиите во повојници”. Што се однесува до Никарагва, ако во неа не може да се обнови “средно-американскиот модел” на репресија и експлоатација, тогаш САД мора барем да ја спроведи известената фалба на инсајдерот од Стејт департментот од 1981 година: “'Никарагва да се претвори во Албанија на Средна Америка' односно во сиромашна, изолирана, радикална земја.” Владата на САД мора да осигура дека Никарагва ќе стане “некој вид на латино-американска Албанија” со цел “сандинистичкиот сон за создавање на нов, попримерен политички модел за Латинска Америка да биде разрушен” (британскиот новинар Џон Карлин).[221]

Целите во голем дел се остварени. Независните медиуми во голема мера се заслужни за тоа, служејќи како додатоци на владата.

[221] Thomas Walker, во Coleman and Herring, *The Central American Crisis*; Carlin, *Independent* (London), Feb. 1, 1988.

Петта глава
Корисноста на толкувањата

Дволичноста е, пишува Милтон, "единственото зло што може да оди невидливо, со исклучок на самиот Бог." За да обезбеди "ни Човекот ни Ангелот да не може да го распознае", злото е сепак вокација која многу бара. Паскал расправаше во врска со ова неколку години претходно, додека бележеше "како казуистите ги помируваат спротивностите помеѓу сопственото мислење и одлуките на папите, на советите и на Писмото." "Еден од начините на кој ние ги помируваме овие противречности", објаснува неговиот казуистички соговорник, "е преку толкувањето на некој израз." Така, ако Евангелието вели "давај милостина од она што го имаш прекумерно" и ако задачата е "да се растоварат најбогатите од обврската на давање милостина", "работата лесно се уредува преку давање на такво толкување на зборот 'прекумерност' што ретко или никогаш нема да се случи било кој да има проблеми поради овој запис." Премудрите научници посочуваат дека "тоа што световните луѓе оставаат настрана за да ја подобрат својата положба или положбата на своите роднини не може да се нарече прекумерност па, согласно на тоа, такво нешто како прекумерност ретко може да се најде помеѓу световните луѓе, па дури и кај кралевите" - ние денес ова го нарекуваме даночна реформа. Оттука, можеме верно да се придржуваме кон проповедите на Евангелието во врска со тоа дека "богатите се должни да даваат милостина од она што го имаат прекумерно... (иако - Н. Ч.) тоа ретко или никогаш нема да биде задолжително во стварноста." "Тука ја гледате корисноста на толкувањата", заклучува тој.[222]

Во наше време, ова средство, благодарение на Орвел, се нарекува новоговор; казуистите не се помалку способни, иако се помалку блиски до практиката од Паскаловиот свештеник.

Во последните две поглавја, бележејќи ја препораката на либералните интелектуалци дека со "унапредувањето на знаењето" треба да се држиме до "суптилните" и "префинети" методи за општествена контрола, избегнувајќи ги "суровите, очигледни и непосредни методи", расправав за некои од модалитетите на контролата на мислата развиена во демократските општества. Најуспешно средство е ограничувањето на помислителноста, што се постигнува преку толерирање на дебатата, па дури и охрабрувајќи ја, иако само во рамките на соодветните граници. Но демократските системи одбираат и погруби средства, при што методот на "толкување на некој израз" е важен инструмент. Така, агресијата и државниот терор во Третиот свет станува "одбрана на демократијата и на човековите права", а "демократијата" успешно е постигната кога владата е безбедно во рацете на "богатите луѓе кои живеат во мир во своите средини", кажано според рецептот за светски поредок на Винстон Черчил.[223] Владеењето на привилегираните дома мора да биде загарантирано, а

[222] Milton, *Paradise Lost,* Bk. III, 682-84; Pascal, *Provincial Letters,* Letter VI. За перцептивен опис на тоа како богатите и бизнис заедницата ја преобразуваат даночната реформа за да им служи на нивните интереси, користејќи го средството на "збунување на јавноста", а со цел тоа да се случи "додека изгледа дека тоа не се случува", види Linda McQuaig, *Behind Closed Doors: How the Rich Won Control of Canada's Tax System* (Penguin, 1987). Нејзината студија се однесува на Канада, но заклучоците се поопшти.

[223] Churchill, *The Second World War,* vol. 5 (Houghton Mifflin, 1951, 382).

населението да биде сведено на статус на пасивен набљудувач, додека во зависните држави можат да бидат потребни остри мерки за да се отстрани секое предизвикување на природните владеачи. Според правилното толкување на изразот, навистина е точно дека "копнежот да се види дуплицирање на демократијата од американски стил во целиот свет е трајна тема на американската надворешна политика" како што изјави дописникот на "Тајмс", Нил Луис.[224]

Согласно на тоа, нема "спротивставеност" кога копнееме по демократија и независност за Јужен Виетнам, додека истовремено ја демолираме земјата со цел да го уништиме Народно-ослободителниот фронт (НОФ), а потоа се свртуваме кон уништување на политички организираните будисти пред да дозволиме државно-контролирани "избори". Казуистиката дури ни дозволува и да продолжиме по овој курс, истовремено признавајќи дека иако принуден од американскиот терор "да употребува противсила за да опстане", домородниот непријател сепак инсистира дека неговиот натпревар со САД и неговите клиенти "треба да се одвива на политичко ниво и дека употребата на масивна војска само по себе е нелегитимно." Нашето отфрлање на политиката во корист на војната можеби е природно, бидејќи ние исто така признаваме дека НОФ беше единствената "политичка партија со вистинска масовна поддршка во Јужен Виетнам" и дека никој "со можен исклучок на будистите, не мисли за себе дека им е рамен според големината и моќта за да ризикува да влези во коалиција, плашејќи се дека големите риби ќе ги проголтаат малите."[225] Со помош на истото резонирање, единствено правилно беше да се поткопаат првите и последни слободни избори во историјата на Лаос, бидејќи победија погрешните луѓе; да се организира или да се поддржи рушењето на избраните влади во Гватемала, Бразил Доминиканската република, Филипините, Чиле и Никарагва; да се поддржува или директно да се организира опсежен терор за да се отстрани опасноста од демократија, општествена реформа и независност на Средна Америка во 80-тите; да се преземат силни мерки за да се обезбеди дека повоениот свет ќе се врати во вистинските раце и многу друго - и сето тоа при нашето "копнеење за демократија."

Од истата гледна точка, можеме да разбереме зошто, во декември 1965 година, уредниците на "Њујорк тајмс" требаа да го фалат Вашингтон поради "мудрото стоење во позадина по неодамнешните бунтови" во Индонезија. При овие "неодамнешни бунтови", индонезиската војска "го отстрани фитилот на политичката темпирана бомба во земјата, моќната Комунистичка партија на Индонезија (ПКИ)" преку елиминирање на "скоро сите од врвните и секундарните водачи на ПКИ" на еден или на друг начин - и, попатно кажано, убивајќи стотици илјади луѓе, во главно селани без земја, додека Вашингтон "мудро" набљудуваше во тишина, одбраа да веруваат уредниците.[226] Овој

[224] Види Трета глава.

[225] Научникот на американската влада, Douglas Pike, *Viet Cong* (MIT, 1966).

[226] Уводник, *NYT,* Dec. 22, 1965. Вашингтон профитира од помагањето при подготовките за воениот удар и тешко дека е неверојатна подиректната американска улога за време на ударот и во периодот по него; види *Culture of Terrorism,* 181 и важната студија на Peter Dale Scott, "The United States and the Overthrow of Sukarno, 1965-1967," *Pacific Affairs,* Summer 1985. Советникот за национална безбедност на Линдон Џонсон, Мекџорџ Банди, ретроспективно коментираше дека "нашиот напор" во Виетнам беше "одвишен" по овие настани во Индонезија, кои помогнаа регионот да биде имунизиран од виетнамски-инспирираниот национализам, продорно согледување во врска со позадината на Виетнамската војна, кое обилно е поткрепено со други докази; *Manufacturing Consent,* 174.

придружник на добродојдената победа за слободата не беше спомнат, иако уредниците предупредија дека се одржаа општествените услови, кои и' овозможија на ПКИ да организира 14 милиони членови. Тие настојуваа Вашингтон да остане внимателен во врска со обезбедувањето на помош за подготвувачите на колежот, поради страв дека националистичкиот водач Сукарно и остатоците на ПКИ сеуште ќе можат да профитираат и покрај охрабрувачките постигања на пријателите и на сојузниците на САД во спроведувањето на најмасовниот колеж од времето на Холокаустот.

Слично на ова, природно е тоа дека "Њујорк тајмс" треба да ја фали владата на шахот во Иран, кого ЦИА го врати на власт, поради неговата "многу успешна кампања против субверзивните елементи" и неговото "долгогодишно досие на успеси во поразувањето на субверзијата без да ја потиснува демократијата." Субверзивците, кои сега за среќа се потиснати без да биде потисната демократијата, ги опфаќаа "про-советската Тудех партија", поранешната "вистинска закана", која "сега се смета за целосно ликвидирана" и "екстремните националисти", кои беа скоро исто толку субверзивни колку и комунистите.[227] И всушност малкумина би нашле дека не е соодветно да се читаат оптимистичките извештаи околу "враќањето на демократијата" на Филипините под насловот "Указот на Акино ја забранува Комунистичката партија" со почетен пасус кој објаснува дека претседателскиот указ пропишува казна затвор за членовите на партијата, која беше легализирана за време на диктатурата на Маркос.[228] Не многу одамна, самиот Маркос беше модел за демократ, човек "што се заложува за демократија", според објаснувањето на Роналд Реган; "ние ја љубиме твојата приврзаност кон демократските принципи и кон демократските процеси" и твоето "служење на слободата", објави неговиот потпретседател, Џорџ Буш, во Манила.[229] Тоа, сепак, беше пред Маркос да ја изгуби контролата, а со тоа и својата веродостојност како слободољубив демократ.

Врз основа на истите принципи, можеме да се сеќаваме со носталгија на деновите на "демократија" под диктатурите на Дием и Тиу Ки во Јужен Виетнам (види Трета глава). И што е поприродно од тоа гордо да се забележи дека "демократијата е на нашиот идеолошки марш", бидејќи искуствата од последните неколку декади покажуваат дека тоа води кон просперитет и развој. "Како економски инструмент, демократијата очигледно работи", пишува Џејмс Маркам во почетната статија во "Тајмс вик ин ривју". Економскиот раст навистина се случи во "ново-индустријализираните земји", во прв ред Јужна Кореја, Тајван, Хонг Конг и Сингапур. Потоа, треба да сфатиме дека "демократијата" е систем што ги отфрла демократските облици за да ја олесни намалената потрошувачка и суперексплоатацијата, со државна контрола врз економијата во координација со домашните конгломерати и меѓународните корпорации, модел кој е поблизок до традиционалниот фашизам отколку до демократијата. Сепак, сето ова има смисла кога под "демократија" подразбираме доминација врз економијата и општествениот и политичкиот

[227] Sam Pope Brewer, "Iran is Reported Subversion Free," *NYT,* Dec. 2, 1956; *NYT,* Aug. 30, 1960. Цит. сп. William A. Dorman and Mansour Farhang, *The U.S. Press and Iran* (California, 1987, 77, 72).
[228] UPI, *BG,* July 27, 1987.
[229] Види ја *Turning the Tide,* 161.

живот од страна на домашни елементи кои правилно се сензитивни кон потребите на корпорациите и на американската влада.[230]

Ова се постојаните теми во медиумите и во политичкиот систем, а кои одразуваат поширок норми. Тука нема спротивности, сè додека го разбираме правилното толкување на поимот "демократија".

Сето ова е доста усогласено со доктрината дека другите земји треба да ја контролираат својата сопствена судбина, освен ако "развојот на настаните... излезе надвор од контрола" и "штетно влијае врз американските интереси" (види Трета глава). Логиката е слична кога "Проценката на Националното разузнавање" од 1955 година расправа во врска со недоумицата со која се соочи САД во Гватемала по успешното соборување на демократскиот капиталистички режим. "Многу Гватемалци страсно се привржани кон демократско-националистичките идеали на револуцијата од 1944 година" особено кон "социјалните и економските програми" на режимот кој беше соборен со воен удар на ЦИА, забележува студијата со одредена вознемиреност, но малку Гватемалци "ги разбираат процесите и одговорностите на демократијата", па "затоа е тешко да се оствари одговорна демократска влада."[231] Очигледната противречност се распрснува кога ќе ѝ го дадеме правилното толкување на "демократијата". Тоа е задача на медиумите и воопшто на специјализираната класа за да се обезбеди дека дволичноста "оди невидливо, со исклучок на самиот Бог."

Како што гледаме од овие и од многуте други примери, душегрижничката заинтересираност за демократијата и за човековите права може да оди рака под рака со толерирањето на масовните колежи или со директното учествување во нив. "Кришчан сајанс монитор" одобрувачки - и точно - забележува дека по импресивниот успех на генералот Сухарто во уништувањето на политичката закана во Индонезија преку масовни убиства, "многумина на Западот беа желни да го култивираат новиот умерен лидер во Џакарта, Сухарто", при што тука поимот "умерен" е употребен со соодветно казуистичко толкување. Подоцнежните успеси на Сухарто вклучуваа извонредно кршење на човековите права дома и колежи при агресијата врз Источен Тимор, која беше споредлива со Пол Пот од тие години и која ентузијастички беше поддржана од САД, со фактичка поддршка на Канада, Британија, Франција и на останатите чувари на моралноста. Медиумите соработуваа со едноставно отстранување на прашањето; покривањето на "Њујорк тајмс", на пример, се намалуваше со зголемувањето на sверствата и на американското учество, достигнувајќи до нулата кога sверствата го достигнаа својот врв во 1978 година; а малкуте коментари на неговиот познат дописник од Југоисточна Азија, Хенри Кам, нè уверуваа, потпирајќи се врз авторитетот на индонезиските генерали, дека војската ги штити луѓето кои бегаат од

[230] *NYT,* Sept. 25, 1988. Настрана од ефикасноста на квазифашистичките мерки, економските успеси го одразуваат клучниот главен ефект на Азиските војни на Америка и на задржаното влијание на јапонскиот колонијализам, кој ги експлоатираше своите колонии на различен начин од Западот, "носејќи ја индустријата до трудот и до репроматеријалите повеќе од обратното", забележува Брус Камингс, коментирајќи во врска со обновувањето на индустрискиот развој кој започна под јапонскиот империјализам со државно-корпоративно водство (Bruce Cumings "The origins and development of the Northeast Asian political economy," *International Organization* 38.1, Winter 1984).

[231] *FRUS,* 1955-57, Vol. VII, 88f., NIE 82-85. За повеќе околу овој просветен документ, кој ги одразува разузнавачките анализи на највисоко ниво, види ја мојата "Agenda of the Doves," *Z Magazine,* September 1988.

контролата на герилците. Обѕирно беа исклучени сведоштвата на бегалците, на црковните службеници и на останатите кои би можеле да ја попречат неволната јавна поддршка на она што изгледаше дека е најголем масакр, сразмерно на населението, по Холокаустот. Ретроспективно, лондонскиот "Економист" при една ода за Индонезија под владеењето на генералот Сухарто, го опиша него како "добар по срце", мислејќи, можеби, на неговата љубезност кон меѓународните корпорации.[232]

Во согласност со истите принципи, природно дека треба да се предизвика широк бес по повод режимот на Пол Пот, додека известувачите од Пном Пен во 1973 година, кога американското бомбардирање на населените области на руралната Камбоџа го достигна својот врв, требаа да ги игнорираат сведоштвата на стотиците илјади бегалци што им беа пред очите.[233] Ваквата селективна перцептивност гарантира дека малку ќе се знае за степенот и за карактерот на овие американски ѕверства, иако тоа е доволно за да посочи дека тие можат да се споредат со ѕверствата што им се припишуваат на Црвените Кмери од времето кога хорската индигнација во 1977 година се рашири низ Западот и дека тие значително придонесоа за растежот, а веројатно и за бруталноста, на Црвените Кмери.[234]

Овие успеси на "историскиот инженеринг" им дозволија на уредниците на "Њујорк тајмс" да забележат дека "кога во 1975 година очите на Америка се свртија од Индокина, само што почна бедата на Камбоџа" со "неславните варварства на Црвените Кмери, а потоа и со мрачната окупација од страна на Виетнам" (што, попатно, ги истера Црвените Кмери). "По долгата индиферентност", продолжуваат тие, "Вашингтон (сега - Н. Ч.) може да игра важна улога како чесен преговарач" и "да ги излечи долго игнорираните рани во Камбоџа." Бедата не почна во 1975 година, туку претходно, пред "очите на Америка", а уредниците не нé потсетуваат дека за време на периодот на "индиферентност", Вашингтон им понуди индиректна помош на Црвените Кмери, истовремено поддржувајќи ја коалицијата во која тие беа главен елемент, поради "континуитетот" со режимот на Пол Пот.[235]

Односите на САД со Црвените Кмери бараат одредено внимателно маневрирање. Црвените Кмери беа, и останаа, крајно лоши сé додека можат да бидат поврзувани со комунистичката опасност, можеби поради нивното потекло од лево-ориентираните париски кругови на Жан Пол Сартр. Дури полоши, јасно, се Виетнамците, кои конечно реагираа на бруталните и убиствени гранични инциденти со инвазија врз Камбоџа и со истерување на Црвените Кмери, прекинувајќи ги така нивните колежи. Поради тоа мораме да застанеме зад нашите тајландски и кинески сојузници кои го поддржуваат Пол Пот. На

---

[232] John Murray Brown, *CSM,* Feb. 6, 1987; *Economist,* Aug. 15, 1987. За медиумското покривање на Источен Тимор, види *Political Economy of Human Rights, Towards a New Cold War* и *The Chomsky Reader,* при што последната во себе вклучува и одредена расправа за подоцнежната бележита апологетика на западните новинари. Може многу да се придодаде кон подоцнежните напори да се прикрие ова жалосно досие, но тоа тука нема да го разгледувам. Иако во помала мера, теророт и репресијата продолжија со малку белешки во врска со тоа.

[233] За документација, види *Manufacturing Consent*, глава 6. Американското бомбардирање на руралниот Лаос кратко време пред тоа беше исто така потиснато за време на најлошиот период; *ibid* и цитираните извори.

[234] *Ibid.* и цитираните извори; Ben Kiernan, "The American Bombardment of Kampuchea," *Vietnam Generation* 1.1, Winter 1989.

[235] Уводник, *NYT,* July 16, 1988. За улогата на САД за време на периодот на "индиферентност", види *Manufacturing Consent,* шеста глава.

сето ова му се потребни коментатори за безбедно да чекори. "Њујорк тајмс" известува за "неволноста во Вашингтон премногу да настојува" да изврши притисок врз Кина за таа да ја прекине својата поддршка за Пол Пот - со цел искрварување на Виетнам, како што нашите кинески сојузници искрено ни објаснаа. Помошник државниот секретар за источно-азиски работи го отфрли апелот на Конгресот за прекинување на помошта за Пол Пот, бидејќи ситуацијата беше "деликатна". Американскиот притисок врз Кина "би можел непотребно да ги иритира односите", објасни "Тајмс" и овој обѕир ја совладува нашата страствена загриженост околу судбината на Камбоџанците изложени на теророт на Црвените Кмери. Печатот понатаму објаснува дека иако САД природно е "една од нациите кои се најзагрижени поради враќањето на Црвените Кмери", сепак "САД и неговите сојузници одлучија дека без некој знак на компромис од Виетнам за политички договор (според американски услови - Н. Ч.), на силите на Црвените Кмери мора да им се дозволи да служат како воен притисок врз Виетнам, без обѕир на нивното минато" - и без обѕир што мисли населението за "враќањето на Црвените Кмери". Не само односите со Кина, туку и задачите на пропагандистите се "деликатни", поради овие услови кои бараат многу.[236]

Прикладното казуистичко толкување на концептот на демократијата решава само половина од проблемот; потребен ни е и израз за непријателите на демократијата во земјите во кои копнееме неа да ја воспоставиме или да ја одржиме. Рефлексно средство е домородните непријатели да се наречат "комунисти", без разлика на тоа која е нивната општествена посветеност и политичка приврзаност. Тие мораат да бидат елиминирани во корист на "демократите", кои не се "надвор од контрола". Поради тоа Хосе Наполеон Дуарте и неговиот министер за одбрана Видес Касанова се "демократи", кои ја бранат цивилизацијата од "комунистите" од типот на стотиците убиени од силите за безбедност, кога во мај 1980 година се обидуваа да пребегнат во Хондурас преку Рио Сумпул. Тие сите беа "комунистички герилци", објасни Дуарте, вклучувајќи ги, веројатно, и бебињата исечени на парчиња со мачети; медиумите во САД го избраа полесниот пат за потиснување на масакрот, оној за отворањето оган при терористичката кампања за која Дуарте обезбеди легитимитет, што наиде на големо одобрување.[237]

Однесувањето на САД кон демократиите од "американски стил" на посуптилен начин ја илустрира преовладувачката концепција. Европа и Јапонија нудат интересни примери, особено во првите повоени години, кога беше нужно традиционалните елити да се вратат на власт и да се потисни антифашистичкиот

[236] Elaine Sciolino, *NYT,* Oct. 16; Clayton Jones, *CSM,* Aug. 24, 1988. За она што тој правилно го нарекува "дволичност" на Западот во врска со ова прашање, види Peter Carey, *Far Eastern Economic Review,* Dec. 22, 1988. Тој нагласува дека благодарејќи на "дарежливите залихи на кинеско оружје и пари" и на "западната помош во храна" испратена преку ОН, "Црвените Кмери станаа застрашувачка воена сила" која е добро утврдена во делови на Камбоџа. Тајландските воени власти играат клучна улога при дозволувањето на базите на Црвените Кмери и на "енклавите на терор" за делување во Тајланд. Голем дел од борбите се помеѓу Црвените Кмери и нивните некомунистички коалициони партнери кои САД тврди дека ги поддржува, од кои еден (KPNLF на Сон Сан) "скоро е уништен", а другиот (војската на Сиханук) е "лошо претепан". Со помош на тајландските и кинеските сојузници на САД, Црвените Кмери можат да бидат способни да дојдат на власт по повлекувањето на Виетнам, што е наводна цел на американската политика. Овој развој на случувањата веќе неколку години е јасен Види *Manufacturing Consent* за претходни референци.

[237] За референци, види *Turning the Tide* трета глава, оддел 5.2.

отпор и неговите поддржувачи, од кои многумина беа задоени со неприфатлива радикално-демократска посветеност.[238]

Третиот свет нуди неколку слични илустрации кои стојат во редот на многуте случаи при кои луѓето со погрешни идеи се контролираат преку насилство или се ликвидираат "без да се потисне демократијата". Да ја земеме Костарика, единствената функционална парламентарна демократија во Средна Америка во периодот по Втората светска војна. Понекогаш се тврди, дури и од страна на научници кои треба подобро да знаат, дека поддршката на САД за Костарика ја ослабнува тезата дека главна цел на политиката е да се отстранат "националистичките режими" кои несоодветно ги гарантираат правата на бизнисмените,[239] теза која е добро поткрепена со документација и историски записи. Овој аргумент одразува едно сериозно недоразбирање. САД не е принципиелно против демократските облици, сè додека климата за бизнис делување е зачувана. Како што правилно забележува Гордон Конел-Смит во својата студија за интер-американскиот систем за Кралскиот институт за меѓународни работи,[240] "концептот на демократија" на САД "тесно се идентификува со приватното, капиталистичко претпријатие" и само тогаш кога тоа ќе биде загрозено од она што редовно се нарекува "комунизам", се делува со цел "да се обнови демократијата"; "грижата на САД за претставничка демократија во Латинска Америка (како и на другите места - Н. Ч.) е појавен облик на неговата антикомунистичка политика", или попрецизно, на политиката на спротивставување на секое загрозување на економската пенетрација и политичката контрола на САД. А кога овие интереси сигурно се чуваат, демократските облици не само што се толерираат, туку и се одобруваат, дури и само поради причините во прилог на односите со јавноста. Костарика во голема мера се вклопува во овој модел и нуди интересни согледувања во врска со "копнежот за демократија", кој наводно ја води надворешната политика на САД.

Во Костарика системот воспоставен под водство на Хосе (Дон Пепе) Фигерес по воениот удар од 1948 година остана стабилен. Секогаш обезбедуваше топло гостопримство за странските инвестиции и промовираше облик на класна соработка кој често "ги жртвуваше правата на трудот", забележува биографот на Дон Пепе,[241] истовремено воспоставувајќи социјален систем кој продолжува да функционира благодарејќи на субвенциите од САД, при еден од највисоките долгови по глава на жител во светот. Уставот на Дон Пепе од 1949 година го забрани комунизмот. Со потиснување на најборбените синдикати, се намалија работничките права. "Законите за минимална наемнина не се спроведуваа" и работниците "ги изгубија сите колективни договори, освен оној што ја покриваше групата на работници со банани", бележи Волтер Лафабер. До 60-тите "беше како целото работничко движење да престана да постои", заклучува една академска студија. "Јунајтед фрут компани" просперираше, трикратно зголемувајќи го својот профит и не соочувајќи се со закани за експропријација. Во меѓувреме, Фигерес во 1953 година објави дека

[238] Види ја мојата статија "Democracy in the Industrial Societies," *Z Magazine,* January 1989.
[239] Види Victor Bulmer-Thomas, преглед на *On Power and Ideology, Third World Quarterly,* January 1988.
[240] Connell-Smith, *The Inter-American System* (Oxford, 1966).
[241] Charles Ameringer, *Don Pepe* (U. of New Mexico, 1978, 114).

"го сметаме САД за бајрактар на нашата кауза."[242] Кога САД се обиде да ги построи латино-американските држави зад своето планирано соборување на владата на Гватемала, Костарика и Боливија беа единствените две избрани влади кои им се придружија на латино-американските диктатури во давањето на полна поддршка на нацрт резолуцијата на Стејт департментот со која САД се овластува да го прекрши меѓународното право преку задржување и прегледување на "пловни објекти, авиони и други превозни средства кои се движат кон и од Република Гватемала" со цел да се блокираат испораките на оружје за одбрана на Гватемала од надвиснувачкиот американски напад и "патувањето на агентите на меѓународниот комунизам."[243]

Преку недвосмисленото сојузување со САД, поттикнувајќи ги странските инвестиции, гарантирајќи ја домашната предоминација на бизнис интересите и одржувајќи ја основата за репресија на трудот и на политичкото дисидентство, демократската влада ги задоволи основните услови што ги бараше САД. Согласно на тоа, таа се здоби со одредена американска поддршка. Така, во 1955 година, кога една малечка група од Костариканци ги нападнаа граничните области од Никарагва, Фигерес ги суспендира индивидуалните права и уставните гаранции и со американска помош го одврати навлегувањето - не губејќи го на тој начин својот демократски кредибилитет поради репресивните мерки што ги институционализира, а кои се дозволени за клиентите на САД.

Сепак, не стивна загриженоста во врска со Костарика. Резузнавањето на Стејт департментот во 1953 година предупреди дека Фигерес ја претвори земјата во "рај за прогонетите од диктатурите" и дека си игра со идеите за "широка програма за економски развој и за поцврста контрола врз странските инвестиции." Тој се надеваше дека ќе го финансира развојот "по можност преку домашниот капитал" и "не гледа со наклоност кон капиталот што е организиран над личното и семејно ниво. Големите приватни корпорации, како оние во САД, според неговото мислење се анатема." Исто така тој гледаше и "да ја зголеми преговарачката моќ на малите, неразвиени земји визави големите произведувачки нации." Тој беше опасен, коментира Лафабер, "бидејќи се надеваше дека ќе ја употреби владината моќ за да го ослободи внатрешниот развој на Костарика колку што е можно повеќе од странската контрола" и на тој начин ја поткопуваше "претпоставката на политиката на добрососедништво

---

[242] LaFeber, *Inevitable Revolutions* (Norton 1983, 187, 105); Charles F. Denton and Preston Lee Lawrence, *Latin American Politics: a Functional Approach* (San Francisco, 1972), цит. сп. LaFeber; Ameringer, *op. cit.,* 105.

[243] *FRUS,* 1952-54, vol. IV, 1170, белешките од состанокот со гватемалската група во Стејт департментот на 16 јуни 1954 година; Види pp. 1157f. за текстот на резолуцијата. Гватемала, постоеше надеж, ќе биде принудена да му се обрати на советскиот блок за оружје, зашто САД ѝ ги затвори останатите извори. Како што објасни службеникот на амбасадата во Гватемала сити, Џон Хил, запирањето на бродови во меѓународни води може "да ја попречи економијата на Гватемала". Тоа како резултат "ќе ја охрабри војската или некој друг од некомунистичките елементи да ја заземе власта", зашто инаку "комунистите ќе ја искористат ситуацијата за да ја прошират својата контрола", што од своја страна "ќе ја оправда Американската заедница, или, ако таа не сака да се придружи, САД да превземе силни мерки" (Bryce Wood, *The Dismantling of the Good Neighbor Policy* (Texas, 1985, 177).) Така ние ја принудивме Гватемала да се брани од нашиот заканувачки напад, создавајќи на таков начин закана за нашата безбедност, која ја искористуваме за да ја уништиме гватемалската економија со цел да предизвикаме воен удар или комунистичко преземање, кое би го оправдало нашиот насилен одговор, во самоодбрана. Тука го гледаме вистинското значење на изразот "закана за безбедноста", кој се кажува со голема согледливост.

дека Латинска Америка може да биде построена само преку економски притисок."[244]

Владата на САД особено беше загрижена околу тоа што Уставот на Костарика, иако го забранува комунизмот, сеуште обезбедува гаранции за граѓанските слободи кои го попречуваат оној вид на гонење на дисидентите што е задолжителен за добро-функционирачките демократии. Но и покрај соработката на Дон Пепе со американските корпорации и со ЦИА, поддршката на интервенциите на САД во регионот и долгогодишната општа верност кон САД, тој продолжи да појавува неприфатлив степен на независност, кој е толку голем што водечкиот претставник на капиталистичката демократија во Средна Америка мора да биде исклучен од медиумите, како што веќе видовме.[245]

Ако непријателите на демократијата не се "комунисти", тогаш се "терористи"; уште подобро "комунистички терористи", или терористи поддржани од меѓународниот комунизам. Растот и падот на меѓународниот тероризам во 80-тите нуди многу согледувања за "корисноста на толкувањата."[246]

Она што Роналд Реган и Џорџ Шулц го нарекуваат "зла клетва на тероризмот", напаст раширена од "изопачените противници на самата цивилизација" при "враќањето на варварството во модерното време", беше ставено на агендата на грижи на Регановата администрација. Уште од првите денови, администрацијата објави дека "меѓународниот тероризам" ќе ја замени Картеровата крстоносна војна за човекови права како "душа на нашата надворешна политика". Реганистите се посветија на одбраната на цивилизираниот свет против програмата на меѓународниот тероризам, која најбележито е прикажана во главни црти во влијателната книга на Клер Стерлинг, "Терористичката мрежа". Тука, Советскиот сојуз беше идентификуван како извор на напаста, со поддршка од новата научна дисциплина, чии практичари беа особено импресионирани од главното согледување на Стерлинг, кое нуди несоборлив доказ за советската вина. Несомнениот доказ, како што се изрази Волтер Лакур во прегледот на книгата на Стерлинг, е дека тероризмот се случува "скоро исклучливо во демократските или релативно демократските земји." Во 1985 година тероризмот во регионот на Блискиот исток и Медитеранот беше избран како главна сторија на годината од страна на анкетата на уредниците и радиодифузерите што ја спроведе Асошиејтед прес, а загриженоста достигна трескавични размери во месеците што следеа. Американското бомбардирање на Либија од април 1986 година во голема мера го скроти чудовиштето и во следните години напаста беше сведена на поприфатлива мера со тоа што Советскиот сојуз и неговите клиенти се повлекоа пред американската храброст и решеност, според оценката на преферираната верзија.

Растот и падот на напаста има малку врска со било кое случување во светот, со еден исклучок: нејзиниот раст се совпадна со потребата за мобилизирање на американското население во поддршката на реганистичката посветеност на државната моќ и на насилството, а нејзиниот пад - со растечката

[244] LaFeber, *op. cit.,* 105-6.
[245] Види Трета глава. За понатамошни подробности види додаток 5, оддел 1.
[246] За преглед на потеклото и напредокот на оваа пропагандна кампања, меѓу останатите, види го Herman, *The Real Terror Network* и моите *Towards a New Cold War* (вовед), *Fateful Triangle* и *Pirates and Emperors*; види ги нив за референци, доколку не се цитирани подолу.

загриженост околу потребата да дојде до соочување со трошоците на воените кејнзијанистички испади на реганистите со својата техника на пишување на "жешки чекови од 200 милијарди долари годишно" за да се создаде илузијата за просперитет, како што кандидатот за потпретседател Лојд Бентсен го изрази видувањето на конзервативните бизнис елементи на Конвенцијата на демократите од 1988 година.

Апаратот за односи со јавноста - со сигурност најсофистицираниот дел од Регановата администрација - во 1981 година се соочи со двоен проблем: доволно да го застраши домашниот непријател (општото население дома) за тој да ги поткрепи трошоците за програмите на кои им се противеше и истовремено да се одбегне директната конфронтација со самата Империја на злото како премногу опасна за нас. Решението на дилемата беше да се измисли сплет од малечки сатани, пипала на Големата Сатана, кои намераваат да нè уништат, но се слаби и неспособни за одбрана, поради што неказниво можат да бидат нападнати: накратко, меѓународен тероризам управуван од Кремљ. Фарсата совршено делуваше, во соработка со казуистите, чија задача беше да дадат правилно толкување на поимот "тероризам", штитејќи ја доктрината дека негови жртви во прв ред се демократските земји на Западот.

За успешно спроведување на оваа кампања на идеолошко војување, нужно беше да се замагли средишната улога на САД во организирањето и насочувањето на државниот терор и да се сокрие неговата опсежна вмешаност во меѓународниот тероризам од претходните години, како при нападот врз Куба, главниот пример за "злата клетва на тероризмот" од раните 60-ти. Беше потребен и одреден "историски инженеринг" во однос на тероризмот во регионот на Блискиот исток и Медитеранот, кој беше главен фокус на загриженоста во рамките на пропагандните дејствија. Тука, беше нужно да се потисне улогата на САД и на неговиот израелски клиент.

Овие задачи во голема мера се во рамките на способноста на медиумите и на терополозите.[247] Улогата на САД лесно се отстранува; на крајот, изразот "американски тероризам" е себе-противречен израз, исто како што е и "заглушувачката тишина" или "американската агресија". Израелскиот државен тероризам пребегнува со помош на истата литерарна конвенција, зашто Израел е клиентска држава, иако се признава дека во далечното и заборавено минато постоеле еврејски терористи. Овој факт може да се стави во правилна перспектива преку следење на сугестијата на уредувачот на збирката на научни есеи, кој се повикува на достојната дистинкција помеѓу "морално неприфатливите терористички напади" врз цивили и помалку јасните напади врз застапниците на власта и на гонителите. "Поради тоа ќе направиме остра разлика помеѓу нападите на Иргун зваи леуми* врз британските војници и насилството на Народниот фронт за ослободување на Палестина насочено кон авионските патници кои патуваат за Израел."[248]

Некој може да помисли на поразлична формулација, на пример, на острата дистинкција помеѓу нападите врз израелските и американските војници од страна на Арапите кои се нарекуваат "терористи" и многуте убиствени

[247] Види додаток 5, оддел 2.

* Иргун зваи леуми односно "Националната воена организација" беше екстремистичка организација на Евреите во Палестина која од 1931 до 1948 година настојуваше насилно да ги протера Британците од Палестина (заб. на прев.).

[248] Martha Crenshaw, ed., увод, *Terrorism, Legitimacy and Power: The Consequences of Political Violence* (Wesleyan, 1983).

напади врз арапските цивили од страна на Иргун зваи леуми и на израелската војска во подоцнежните години. Но тешко дека ова би создало правилна слика за јасната и трезвена анализа на "последиците од политичкото насилство."

Големата важност на меѓународниот тероризам како идеолошко средство се илустрира преку реакцијата кога некој што ќе ја злоупотреби положбата и ќе ја документира улогата што САД и неговите клиенти ја играат при спроведувањето, организирањето и поддржувањето на меѓународниот тероризам. Ако таквите трудови не можат едноставно да бидат игнорирани, тоа предизвикува вистинско беснило - "пореметеност", "бесмисленост" и "фантазии" се некои од изразите извлечени од еден коментар во 1988 година, кој не беше придружен дури ни со нешто налик на аргумент. Таквите реакции не се неинтересни и заслужуваат неколку мисли.

Постојат три позиции што некој може да ги заземе во однос на тероризмот: (1) Можеме да им го припишеме на официјалните непријатели, без оглед на фактите. (2) Можеме да ја отфрлиме целата расправа за тероризмот како идеолошки мотивирана бесмислица, која не заслужува внимание. (3) Можеме сериозно да го сфатиме феноменот, да се согласиме дека тероризмот заслужува загриженост и осуда, да го истражиме и да дозволиме вината да може да биде посочена било каде. Под рационални претпоставки, ја отфрламе првата и ја прифаќаме третата. Втората позиција во најмала рака е веројатна, иако според мене е погрешна; мислам дека постојат сите причини за да се сфати сериозно тероризмот и овој концепт е исто толку јасен колку и многуте што влегуваат во рамките на политичкиот дискурс.

Но обзирите на рационалноста не се релевантни. Првата и целосно ирационална позиција е стандардна за медиумите и за литературата на терорологијата, кои се убедливо доминантни. За втората позиција се смета дека може повеќе или помалку да се толерира, зашто ги ослободува САД и неговите клиенти од обвинението, настрана од нивните обиди за идеолошка манипулација. За разлика од ова, третата позиција е крајно непростлива, зашто кога неа ја следиме, брзо доаѓаме до целосно неприфатливи заклучоци, откривајќи, на пример, дека Мајами и Вашингтон спаѓаат помеѓу главните светски центри на меѓународниот тероризам од периодот на Кенеди до денес, под било која дефиниција на тероризмот - било на онаа од Законикот на САД, од меѓународните конвенции, воените прирачници или од било што друго.

Една варијанта на првата позиција, која сеуште може да се толерира иако заостанува зад чистата форма, е да се тврди дека не е фер да се осудуваат Палестинците, либанските киднапери итн. без разгледување на факторите што ги довеле до овие злодела. Оваа позиција заслужува преќутно прифаќање - на таков начин зацврстувајќи ги - одобрените премиси како при потеклото на напаста. Втората позиција може да се направи уште поприемчива преку нејзино ограничување на психокултурната анализа на опсесивноста на Западот со тероризмот, избегнувајќи ги институционалните фактори што водат до одбирањето на ова чудесно успешно средство на односите со јавноста во 80-тите (анализата на таквите институционални фактори, што е лесно препознатлива, може да се отфрли под етикетата за "теорија за заговор", уште еден познат рефлекс кога е нужно да се спречи мислењето и да се заштитат институциите од испитување). Идејата дека зборувањето за тероризам е чиста конфузија нуди корисна отстапна позиција во случај да се открие улогата на САД. Накратко кажано, некој може да го прифати ова средство за да ги одбие како фанатици и теоретичари на заговори оние што ја прифаќаат

неприфатливата трета опција, а потоа да и' се врати на омилената прва позиција при толкувањето на тековните настани.

Првата позиција, едноставна и несуптилна, целосно доминира со јавната расправа, со медиумите и со она што се смета за научна литература. Нејзината доминација и корисност се очигледни при секој потег. Да избереме еден пример од крајот на 1988 година и да го разгледаме одбивањето на Стејт департментот да му дозволи на Јасер Арафат да му се обрати на Обединетите нации во ноември. Официјалното стојалиште беше дека неговата посета претставува закана за американската безбедност, но никој не се преправаше дека тоа го сфаќа сериозно, дури ни Џорџ Шулц не веруваше дека телохранителите на Арафат ќе се обидат да грабнат некое такси во Њујорк или дека ќе го преземат Пентагон (можеби е од одреден интерес тоа што никој не се грижеше што официјалното објаснување не е вредно дури ни за побивање, но да го оставиме тоа настрана). Она што *беше* сериозно сфатено беше сторијата што ги придружуваше понудените измислени причини: дека на Арафат не му беше дозволено да стапне на американска почва, поради одвратноста кон тероризмот од страна на организаторите и поддржувачите на контристичката војна, на владино управуваните одреди на смртта во Ел Салвадор и Гватемала, на бомбардирањето на Триполи и на останатите бележити акти на насилство - кои сите се квалификуваат како меѓународен тероризам, или за уште полошо, ако сме волни да ја прифатиме третата позиција во врска со тероризмот, а тоа е позицијата што е чесна, рационална и поради тоа крајно незамислива.

Кога се разгледуваше поканата до Арафат, сенаторот Кристофер Дод предупреди дека во случај на Арафат да му биде дозволено да му се обрати на Генералното собрание, Конгресот ќе го прекине финансирањето на ОН. "Мислам дека не можете да го потцените силното чувство во врска со тероризмот во оваа земја", Дод го информира печатот; како водечки гулаб, Дод има доволно сознанија за Средна Америка и за тамошното организирање на теророт. Објаснувајќи го "Шулцовото 'не' за Арафат" насловот од првата страна на "Њујорк тајмс" гласи: "Личното гадење од тероризмот е коренот на одлуката на Секретарот да ја одбие ПЛО." Статијата продолжува со објаснување на Шулцовиот "интуитивен презир за тероризмот." Дописникот на "Тајмс" од Вашингтон Р.В. Епл додава дека г-ин Шулц "презеде нешто како лична крстоносна војна против тероризмот" кој "секогаш силно е важен за г-ин Шулц."[249] Печатот, телевизијата и радиото или го изразуваа своето восхитување за Шулц поради таквото негово искрено стојалиште наспроти напаста на тероризмот или го критикуваа што дозволи неговиот разбирлив и правилен бес да ја надвладее неговата државничка резервираност.

Новинските извештаите и коментарите не побараа од сведоците во Никарагва, Ел Салвадор и Гватемала, Ангола, јужен Либан, Газа и на други места да ги споделат своите видувања околу Шулцовиот "интуитивен презир за тероризмот" и за "силното чувство" во Конгресот во врска со одбирањето на насилството. Напротив, медиумите трезвено предупредија дека "Јасер Арафат не е ваш вообичаен политички контроверзен апликант за виза: неговата група убива луѓе."[250] Така, Арафат не е како Адолфо Калеро, Хосе Наполеон Дуарте и

[249] Dodd, AP, Nov. 25; Shultz, Robert Pear, *NYT,* Nov. 28, 1988. Една придружна статија од Алан Ковел се однесува на "бесните забелешки" на дел од арапските земји, откако Арафат беше исклучен. Шулц чувствува вистински "интуитивен бес", а Арапите прават "забелешки", можеби само во прилог на шоуто. Apple, Dec. 15, 1988.
[250] Уводник, *WP Weekly,* Dec. 5-11, 1988.

неговата кохорта, или како Ицак Шамир, помеѓу многуте лидери кои за нас се добродојдени, бидејќи, мора да се претпостави, тие не "убиваат луѓе".

Оние што можеби очекуваа дека медиумите ќе ја искористат приликата за да го разгледаат досието на одбрана и поддршка на тероризмот на Џорџ Шулц, можеби преку изнесување на прашањето дали постои нишка на дволичност при неговата "лична изјава" или при медиумското толкување на истата, длабоко беа разочарани. Сепак, како и во тоталитарните држави, карикатуристите имаа поголема слобода и беа кадри да ги портретираат лидерите кои Шулц можеби ги имаше на ум кога ламентираше дека "луѓето забораваат каква закана е меѓународниот тероризам": Митеран на Франција, кој "заборави дека го потопивме бродот на 'Гринпис'"; Тачер на Британија, која "заборави на оние типови од ИРА што ги застрелавме на Гибралтар"; Горбачов на СССР, кој "заборави на мините со кои ги убивме сите тие деца во Авганистан" и Шулц на САД, кој "заборави на сите цивили што нашите пријатели, контристите, ги убија во Никарагва."[251]

Можат лесно да се додадат и други примери. Тоа дека Арафат и ПЛО се вмешани во терористички дејствија е надвор од сомнение, како што е надвор од сомнение и тоа дека тие се ситни актери на аренатa на меѓународниот тероризам.[252]

Еден од актите на терор на ПЛО кои најмногу го разбеснија државниот секретар и неговите обожаватели во Конгресот и во медиумите беше грабнувањето на "Акиле Лауро" и убивањето на Леон Клингхофер, што без сомнение е подмолен терористички чин. Сепак, нивниот сензибилитет не се појави при израелското бомбардирање на Тунис само една недела претходно, кога со паметни бомби беа убиени 20 Тунижани и 55 Палестинци, кои ги разнесоа луѓето на непрепознатливи делови, помеѓу останатите ужаси што од лице место ги опиша израелскиот новинар Амнон Капелиук. Американските весници појавија малку интерес, бидејќи жртвите беа Арапи а убијците - американски клиенти. Сепак, секретарот Шулц беше апсолутно заинтересиран. САД соработуваше при масакрот преку одбивање да го предупреди својот сојузник Тунис дека бомбардерите се на пат, а Шулц лично му телефонира на израелскиот министер за надворешни работи, Ицак Шамир, кој и самиот беше познат терорист во раните 40-ти, за да го информира дека американската администрација "има значителни симпатии за израелската акција", извести печатот. Шулц се повлече од ова јавно одобрување кога Советот за безбедност на ОН едногласно го осуди бомбардирањето како "чин на вооружена агресија" (САД се воздржа од гласање). Неколку дена подоцна министерот за надворешни работи Шимон Перес беше пречекан како човек на мирот, додека печатот свечено расправаше околу неговите консултации со претседателот Реган во врска со "злата клетва на тероризмот" и она што може да се стори против неа.[253]

Бесот поради грабнувањата не ги опфаќа *израелските* грабнувања кои долги години се случуваат во меѓународните води, вклучувајќи ги и цивилните фериброди кои пловат од Кипар кон Либан, со голем број на киднапирани луѓе, преку 100 задржани во израелските затвори без судење и многу убиени, од кои

[251] Szep, *BG,* Dec. 4, 1988. Ставено на хартија, алузиите во врска со истите работи на уредникот на "Глоуб", Рендолф Ријан, од втори декември, се единствената сомничава белешка што ја имам откриено, иако поентата е толку транспарентна што мора да има и некои други помеѓу поплавата од послушни извештаи и коментари.

[252] За некои споредбени проценки, види ги цитираните извори погоре во забелешката 25.

[253] Види *Pirates & Emperors,* втора глава.

некои од страна на израелските снајперисти додека се обидуваа да останат на површината откако нивните бродови беа потопени, според преживеаните што беа интервјуирани по затворите. Силните чувства на Конгресот и на медиумите не се појавија ниту во случајот со Наил Амин Фатаир, кој во јули 1987 година беше протеран од Западниот брег. Откако помина 18 месеци во затвор под обвинение дека е член на забранета организација, тој беше ослободен и вратен во неговиот дом во Наблус. Кратко потоа, владата нареди негово протерување. Кога тој им се обрати на судовите, обвинителот тврдеше дека протерувањето беше легитимно, бидејќи тој незаконски влезе во земјата - кога во јули 1985 година го киднапира израелската морнарица, додека патуваше од Либан за Кипар на бродот "Хамдалах". Високиот суд го прифати ова елегантно резонирање како валидно.[254]

Интуитивниот бес околу тероризмот е ограничен на жртвите кои вредат, исполнувајќи го критериумот кој е премногу очигледен.

Грабнувањето на "Акиле Лауро" беше во знак на возвраќање поради бомбардирањето на Тунис, но Западот правилно го отфрли ова оправдување за терористичкиот чин. За возврат, бомбардирањето на Тунис беше возвраќање за терористичкото убиство на тројца Израелци на Кипар од група која, како што призна Израел, веројатно е поврзана со Дамаск, но не и со Тунис, кој беше избран како мета наместо Дамаск, зашто не можеше да се брани; Регановата администрација неколку месеци подоцна ги избра либиските градови како мета за бомбардирањата поради истата причина. Бомбардирањето на Тунис, со своите бројни цивилни жртви, секретарот Шулц го опиша како "легитимен одговор" на "терористичките напади", што наиде на општо одобрување. За возврат, извршителите на терористичките убиства на Кипар нив ги правдаа како возвраќање за израелските грабнувања во текот на претходната декада. Ако ова пледирање и беше слушнато, тоа ќе беше отфрлено со потсмев. И на поимот "возвраќање" мора да му се даде соодветно толкување, како што секој казуист би сфатил.

Истото важи и за останатите термини. Да го земеме, на пример, поимот "спречување" или "намалување" на насилството. Извештајот насловен "Палестинските жртви скоро се дуплираа" почнува со цитирање на израелскиот воен началник на штабот, кој вели "дека бројот на повредени Палестинци на окупираниот Западен брег и во појасот Газа скоро се дуплира во последните недели, но дека војската не успеа да го намали насилството во окупираните области." Изјавата е бесмислена, но еден поглед кон позадината на случувањата овозможува таа да биде декодирана. Кратко време пред ова, министерот за одбрана Ицак Рабин ополномошти употреба на пластични куршуми, изјавувајќи дека "повеќе жртви... е токму нашата цел": "нашата задача е да се зголеми бројот (на ранети) помеѓу оние што земаат учество во насилните активности." Тој го објасна и поимот "насилни активности": "Сакаме да ја отстраниме илузијата на некои луѓе од оддалечените села дека се имаат ослободено", кажа тој, објаснувајќи дека нападите на војската " ним им дава јасно на знаење каде живеат и во чии рамки." Палестинците мораат "да разберат дека решението може да се постигне само преку мирни средства", а не преку илузии за сопствено управување. Поради тоа војската ги засили нападите врз

[254] *Ibid*., 87f.; *Al-Fajr,* Aug. 2, 1987; Danny Rubinstein, *Ha'aretz,* Aug. 29, 1987; Комитет против поморскиот државен терориаам, *State Terrorism at Sea* (Jerusalem, n.d.); Joseph Schechla, "Israel's Piracy on the High Seas," *The Return* (September 1988); Joost Hiltermann, *Middle East International,* Oct. 10, 1987.

оддалечените села кои себеси се прогласиле за "ослободени зони", што резултира со зголемување на повредите, продолжува извештајот. При еден типичен пример, "вчера израелските трупи нападнаа повеќе од дузина села на Западниот брег и повредија 22 Палестинци"; една гласноговорничка на војската објасна дека ударот беше превземен и војската сакаше "да го спречи насилството" преку "зголемено присуство и преку вршење повеќе апсења."[255]

Сега можеме да му се вратиме на оригиналниот новоговор: "бројот на повредени Палестинци на окупираниот Западен брег и во појасот Газа скоро се дуплира во последните недели, но... војската не успеа да го намали насилството во окупираните области." Преведувајќи на разумен англиски јазик, војската го дуплира насилството во окупираните територии преку агресивни акции со посебна намера на зголемување на жртвите и преку проширување на своите насилни напади врз оддалечените и мирни села кои се обидуваа сами да управуваат со своите работи. Но таа досега не успеа да ги отстрани илузиите на луѓето за сопствено управување. За израелските власти и за американските медиуми, обидот на селаните сами да управуваат со своите работи е "насилство", а бруталниот напад со цел тие да се научат кој владее е "спречување на насилството". Орвел би бил импресиониран.

Извештајот по неколку дена насловен "Израелците убија тројца на Западниот брег, судири во Газа" опишува како војниците пукаа и повредија тројца Палестинци во "оддалеченият град ретко посетуван од војниците" и "главно игнориран од војската". "Министерот за одбрана Ицак Рабин пред две недели рече дека војската ќе ги засили своите акции во таквите села за да ги потсети нивните жители каде живеат и кој ја контролира ситуацијата." Тоа беше едно од 30-те села нападнати "во офанзивата насочена кон спречување на насилството", продолжува извештајот. И како што може да се види поентата, *откако* израелските војници убија тројца Палестинци од селото при својата "офанзива насочена кон спречување на насилството", "потоа разлутените жители ги каменуваа возилата во областа." Една придружна сторија е посветена на прашањето дали ПЛО навистина "ќе се откаже од теророт", при што се цитираат официјални лица од Лабуристичката партија на Рабин и други кои не веруваат во тоа.[256]

Преку соодветните толкувања, можеме да се одмараме задоволни што САД и неговите клиенти ја бранат демократијата, општествената реформа и самоодредувањето од комунистите, терористите и насилните елементи од сите видови. Одговорноста на медиумите е да ги величаат "демократите" и да ги демонизираат официјалните непријатели: сандинистите, ПЛО или секој оној што ќе застане на патот. Понекогаш, ова бара одредено имагинативно држење чекор, но предизвикот главно успешно се исполнува.[257]

Нашиот "копнеж за демократија" е придружен со не помалку длабок копнеж за мир при што медиумите се соочуваат и со задачата на "историски инженеринг" за утврдување на оваа барана вистина. Поради тоа ги имаме феномените наречени "мировни мисии" и "мировен процес", термини кои се употребуваат секогаш кога САД во некој момент нешто прави или брани. Поради тоа во медиумите или во одговорните научни трудови нема да се најдат изјави како "САД се противи на мировниот процес" или "Вашингтон мора да

[255] Радиодифузни сервиси; *BG,* Oct. 5, 4; Joel Greenberg, *Jerusalem Post,* Sept. 28; Mary Curtius, *BG,* Sept. 28, 1988.
[256] *BG,* Oct. 10, 1988.
[257] За еден информативен случај, види додаток 5, оддел 3.

биде убеден да му се приклучи на мировниот процес.” Причината е што таквите изјави би биле логички противречности. Низ годините, кога САД го “наткачуваше” Контадорскиот процес, поткопувајќи ги средно-американските мировни договори и одвраќајќи ја опасноста од мир на Блискиот исток, според прифатливите коментари тој никогаш не се противеше на мировниот процес, туку секогаш го поддржуваше мировниот процес и се обидуваше да го унапреди. Некој би можел да помисли дека дури и големата сила што е возвишена надвор од замисливото, понекогаш може да му стои на патот на некој мировен процес, можеби поради недоволно разбирање или погрешна одлука. Сепак, за САД тоа не е можно - по дефиниција.

Еден наслов од “Лос Анџелес тајмс” од крајот на јануари 1988 година гласи: “Се планира латинско мировно патување на Шулц”: “Мисијата ќе биде краен напор за да се отстрани опозицијата на помошта за контрата.”[258] Статијата цитира официјални лица од администрацијата кои ја опишуваат “мировната мисија” како “единствен начин да се спаси” помошта за контрата при “растечката опозиција во Конгресот”. На јасен англиски јазик, “мировната мисија” беше краен напор за блокирање на мирот и за мобилизирање на Конгресот позади “незаконската употреба на сила”, сега кога Вашингтон и неговите верни медиуми успеаја во целосното расклопување на несаканиот средно-американски мировен план и кога Ортега се согласи неговите одредби да се применуваат само на Никарагва, осуетувајќи ја надежта дека Никарагванците ќе ги отфрлат овие американски услови за да може тие да бидат претставени како расипувачи.

Понатамошна цел на “мировната мисија”, продолжува статијата, беше “четирите демократски соседи на Никарагва да се потиснат на маргините на мировните разговори” со тоа што САД ќе ја преземе командата; “демократиите”, иако попустливи, сеуште покажуваат досадни знаци на независност. Неколку месеци подоцна, “Њујорк тајмс” извести за понатамошните напори на администрацијата “да го 'задржи притисокот' врз сандинистите преку продолжувањето на обезбедувањето поддршка за контрата”, вклучувајќи “повеќе воена помош”, додека ги убедуваше американските сојузници “да му се придружат на САД во напорите дипломатски да се изолира Никарагва и да се оживее мировниот процес...”; Џорџ Шулц е цитиран како размислува дека тој можеби уште од порано е “вмешан во мировниот процес”. “Лос Анџелес тајмс” ги опиша овие обновени напори на администрацијата “да изгради поддршка за продолжувањето на воената помош на САД за никарагванската контра” под насловот: “Шулц ќе се обиде да го оживее латинскиот мировен процес.”[259]

На кратко, Војната е Мир.[*]

Задачата на “историски инженеринг” се исполнува со не помала ефикасност и во случајот со Арапско-израелскиот судир. Проблемот е САД и Израел да се прикажат како да копнеат за мир и како да го следат мировниот процес, додека во стварноста, од раните 70-ти, тие се предводници на кампот на отфрлувачи и ги блокираат мировните иницијативи што имаат широка меѓународна и регионална поддршка. Техниката е онаа вообичаената: “мировен процес” е, по дефиниција, она што САД ќе го предложи. Посакуваниот заклучок

[258] Michael Wines and James Gerstenzang, *LAT,* Jan. 26, 1988.
[259] Robert Pear, *NYT,* July 3, 1988; *LAT,* July 17, 1988.

[*] “Војната е Мир” е едно од клучните еуфемистички извртувања на тоталитарната власт од Орвеловата “1984-та” (заб. на прев.).

оттука следи, без разлика на фактите. Политиката на САД исто така по дефиниција е "умерена", така што сите што и' се спротивставуваат се "екстремисти" и "бескомпромисни". Историјата е поставена на глава на многу интригантен начин, како што имам покажано на друго место.[260]

Всушност постојат два фактори кои делуваат при допуштањето на исклучителните искривувања на досието во врска со "мирот", "тероризмот" и поврзаните работи на Блискиот исток. Еден е содружничката функција на медиумите при служењето на интересите на елитата во САД; другиот, специјалната заштита што му е дадена на Израел, откако тој стана "симбол на човечката пристојност" поради доблеста на разбивачката воена победа од 1967 година, која го утврди како вреден стратегиски квалитет.

Меѓузависноста на овие фактори доведе до одредено отстапување од вообичаената медиумска шема. Типично, како што се расправа цело време, медиумите ја охрабруваат дебатата околу тактичките прашања внатре во општата рамка на консензусот на елитите во врска со целите и стратегијата. Сепак, во случајот со Арапско-израелскиот конфликт, спектарот е уште потесен. Суштински делови од елитното мислење, вклучувајќи ги главните корпорации со интереси на Блискиот исток, му се приклучија на главнината на светот што се залага за политички договор, кого САД и Израел успеваат со години да го блокираат. Но нивната позиција во голема мера е исклучена од медиумите, кои се придржуваат до консензусот на двете главни политички групи во Израел, вообичаено сметајќи дека политиката на отфрлање на Лабуристичката партија ја претставува "мировната опција".

Се развива проблем кога позициите на САД и на Израел не се поклопуваат. Таков случај се појави во октомври 1977 година, кога преку една советско-американска изјава се повикуваше на "прекин на воената состојба и воспоставување на нормални мирољубиви односи" помеѓу Израел и неговите соседи, како и на меѓународно гарантирани граници и демилитаризирани зони. Изјавата беше прифатена од страна на ПЛО, но беше огорчено осудена од Израел и од неговото внатрешно лоби во САД. Реакцијата на медиумите беше поучна. Медиумите вообичаено го прифаќаат стојалиштето на своите водачи во Белата куќа во случај на судир со некоја странска држава. На администрацијата ѝ се дозволува да ги врамува проблемите и и' се доделува најважно покривање, додека на нејзините противници тука или таму им се дозволува некој ред за побивање, во интерес на објективноста и фер плејот. Сепак, во овој случај, шемата беше превртена. Како што е опишано во подробната анализа на Монтигју Керн за телевизиското покривање, медиумите ја нагласуваа израелската позиција, однесувајќи се кон Картеровата администрација на начин соодветен за официјалните непријатели. Премисите на Израел го врамуваа проблемот и израелските извори во главно доминираа со покривањето и толкувањето. Арапските извори, особено ПЛО, во голема мера беа отфрлани или третирани со презир. "Израел беше способен да го наметне своето видување на телевизиите", заклучува Керн, додека "ова не беше случај со администрацијата (на САД - Н. Ч.), која беше зад Израелците според сите показатели" на мадиумски пристап и влијание.[261] Наскоро Картер се повлече. Со одвраќање на заканата од мирољубив договор, "мировниот процес" можеше да го обнови својот отфрлувачки курс.

---

[260] Види додаток 5, оддел 4 за понатамошни коментари.

[261] Montague Kern, *Television and Middle East Diplomacy: President Carter's Fall 1977 Peace Initiative* (Center for Contemporary Arab Studies, Georgetown, Occasional Papers Series, 1983).

Сепак, медиумите огорчено се осудуваат како да се "про-ПЛО" и како да му наметнуваат неферски "двојни стандарди" на Израел. Потоа дебатираме околу изворите на оваа чудна пореметеност. Како и при останатите случаи, нападот е најдобра одбрана, особено кога доминацијата врз медиумите и исклучувањето на спротивните гледишта достига доволно ниво за секоја критика, без разлика колку е таа неоснована, да биде третирана со почит.[262]

Еднаш Рајнолд Нибур забележа дека "можеби најзначајна морална особина на нацијата е нејзината дволичност."[263] Поентата е добро утврдена. Постои едноставно мерило за дволичноста, кое правилно го применуваме врз нашите непријатели. Кога мировните групи, владините фигури, медиумите и лојалните интелектуалци од советската сфера ги осудуваат суровите и репресивни акти на САД и на неговите клиенти, ние ја тестираме нивната искреност преку прашања за тоа што тие ќе кажат околу нивните сопствени одговорности. Преку утврдување на одговорот, ние ги отфрламе нивните осуди, колку и да се тие точни, како очигледна дволичност. Минималната чесност бара истиот стандард да го примениме и врз себе.

Слободата на печатот, на пример, е главна грижа за медиумите и за интелектуалната заедница. Главен проблем во врска со слободата на печатот во 80-те со сигурност е вознемирувањето на "Ла пренса" од Никарагва. Покривањето на нејзините страданија веројатно ги надминува сите други извештаи и коментари во врска со слободата на печатот во целиот свет заедно и е уникатно според страста на својата реторика. Ниту едно злодело на сандинистите не предизвика повеќе бес од нивното цензурирање на "Ла пренса" и нејзината суспензија во 1986 година, веднаш по изгласувањето во Конгресот на 100 милиони долари за контрата, гласање кое досегна до фактичко објавување на војна од страна на САД, како што реганистите среќно објавија, и кое предизвика остра осуда од Меѓународниот суд. На издавачот на "Ла пренса", Виолета Чаморо, под итно ѝ беше дадена награда од страна на Новинарската фондација "Ниман" на Харвард, поради нејзината храбра борба за слобода на печатот. Во "Њујорк ривју оф букс", Мјурej Кемптон апелираше до сите оние што се посветени на слободното изразување да обезбедат финансиска помош за смелата борба на сопствениците и уредниците за задржување на својот персонал и опрема, при што таквите подароци би го надополниле финансирањето обезбедено од владата на САД, која отпочна кратко по победата на сандинистите, кога претседателот Картер ја овласти ЦИА да ја поддржува "Ла пренса" и анти-сандинистичката опозиција. Под насловот "Весник на одважност", "Вашингтон пост" ја велича Виолета Чаморо, коментирајќи дека таа и нејзиниот весник "заслужуваат 10 награди". Останатите медиумски коментари беа изобилни и не помалку чувствени, додека сандинистите огорчено се осудуваат поради вознемирувањето и замолкнувањето на овој Трибун на народот.[264]

---

[262] Види додаток 5, оддел 5.

[263] Niebuhr, *Moral Man and Immoral Society,* 95.

[264] Kempton, *NYRB,* Nov. 26, 1986; Bob Woodward, *Veil* (Simon & Schuster, 1987, 113); уводник, *WP,* March 29, 1987. Види John Spicer Nichols, *Columbia Journalism Review,* July/August 1988, за финансирањето на "Ла пренса" од страна на владата на САД, мрежата на Норт и од останатите извори поврзани со владата на САД и со контрата; исто и писмата, *CJR,* Sept./Oct. Според изворите за кои известува Советот за хемисферски работи, на Виолета Чаморо ѝ е дадена стипендија од ЦИА, а весникот има примено најмалку 500.000 долари од ЦИА и други извори во САД; *Washington Report on the Hemisphere,* March 16, 1988.

Сега прашуваме дали овие сентименти ги одразуваат слободарските вредности или службувањето на моќта, применувајќи ги стандардниот тест на искреноста. На пример, како истите луѓе и институции реагираа кога силите за безбедност на Дуартеовата влада што ја поддржуваме ги елиминира независните медиуми во клиентската држава на САД, Ел Салвадор - не преку престапна цензура и суспензија, туку преку убиства, сакатења и физичко уништување? Веќе го видовме одговорот. Постоеше молк. "Њујорк тајмс" немаше ништо што да каже околу овие sверства во своите колумни со вести или во уводниците, тогаш или потоа, а и останатите што ја изразуваат својата индигнација во врска со третманот на "Ла пренса" не се поинакви. Овој краен презир кон слободата на печатот останува на сила, додека ракоплескаме поради нашите успеси во носењето на "демократијата" во Ел Салвадор.

Заклучуваме дека, помеѓу артикулираните интелектуалци, оние што веруваат во слободата на печатот би можеле комотно да бидат сместени во нечија дневна соба при што би вклучиле малкумина од оние што ги прокламираат слободарските вредности, истовремено напаѓајќи ги државните непријатели.

За понатаму да го тестираме овој заклучок, можеме да се свртиме кон Гватемала. Никаква цензура не беше потребна во Гватемала, додека САД го поддржуваше теророт при неговиот врв; убиствата на дузина новинари беа доволни. Постоеја малку белешки во САД околу тоа. Со "демократската обнова" што гордо ја поздравуваме, постоеја некои неодредени обиди да се испита "политичкиот простор" што можеби се отвори. Во февруари 1988 година двајца новинари кои се вратија од прогонство го отворија лево-центристичкиот неделник "Ла епока", тестирајќи ја гватемалската "демократија". Едно коминике на Тајната антикомунистичка војска (ЕСА) ги предупреди новинарите повратници: "Ќе осигураме тие или да ја напуштат земјата или да умрат внатре во неа."[265] Никаква белешка не се појави во САД.

Во април се појави голема индигнација кога "Ла пренса" не можеше да се печати поради недостиг на печатарска хартија. За "Вашингтон пост" ова беше уште една "важна лекција од страна на арбитрерната моќ... преку одбивање на печатарската хартија за 'Ла пренса'." Следеа обновени изливи на бес кога во јули "Ла пренса" беше суспендирана на две недели, по она за што владата тврдеше дека се фабрикувани и потпалени акти на насилство кои еруптираа при демонстрациите.[266]

Во меѓувреме, на 10-ти јуни, до заби вооружени луѓе провалија во просториите на "Ла епока", ја украдоа вредната опрема и фрлија бомби во просториите, уништувајќи ги на таков начин. Исто така, тие го киднапираа ноќниот чувар, ослободувајќи го подоцна но заканувајќи му се со смрт ако каже нешто за нападот. Сведоштвото од лице место и останатите извори оставија малку сомневање дека ова беше операција на силите за безбедност. Уредникот одржа прес конференција на 14 јуни за да објави дека весникот ќе биде затворен, "бидејќи во земјата не постојат услови за да се гарантира практикувањето на слободното и независно новинарство." Откако се појави циркулар кој им се закани на "предавничките новинари", под што се подразбираа "комунистите и оние што се вратија од прогонство", предупредувајќи ги да ја напуштат земјата или ќе бидат "мртви во неа", тој

[265] *South,* Oct. 1988.
[266] Уводник, *WP,* April 25, 1988. Види глава 4 и додаток 4, оддел 5.

повторно замина во прогонство, придружуван до аеродромот од западен дипломат. Еден друг новинар исто така замина. Уништувањето на "Ла епока" "не само што го означи крајот на независниот медиумски глас во Гватемала, туку и служеше како предупредување дека владата или силите за безбедност нема да ја толерираат идната независност на печатот", коментираше "Американ воч".[267]

Овие настани не предизвикаа никаков јавен одговор од чуварите на слободното изразување. За фактите дури не беше ни известено во "Њујорк тајмс" или во "Вашингтон пост", иако сигурно не поради незнаење за нив.[268] Насилното уништување на независните медиуми едноставно не е важно, кога тоа се случува со некоја "демократија во повојници" поддржана од САД. Сепак постоеше реакција од Конгресот, извести NACLA*: "Во Вашингтон, либералните сенатори демократи одговорија со додавање на 4 милиони долари за барањето на Администрацијата за воена помош. Со сенаторот Ајној на чело, овие поранешни приврзаници на слободата на печатот понудија 9 милиони долари во готово и околу 137 милиони долари економска помош, вклучувајќи 80 милиони во готово, од кои голем дел ќе ги наполнат куферите на војската", додека уредникот на "Ла епока", Брајан Барера "е назад во Мексико", а "печатот во Гватемала повторно е ограничен на десничарското клеветење и на пропагандата на војската."[269] Будните чувари на слободата на печатот набљудуваа во тишина.

Неколку недели подоцна, израелските сили за безбедност ги нападнаа просториите на водечкиот дневен весник во Ерусалим, "Ал-фаџр", уапсувајќи го неговиот управен уредник Хатем Абдел-Кадер и затворајќи го на шест месеци без судење врз неодредена безбедносна основа.[270] Немаше разгласувачки уреднички осуди или повици за одмазда; всушност, за овие тривијалности не беше ниту известено во "Њујорк тајмс" или во "Вашингтон пост". За разлика од Виолета Чаморо, на која ништо од овој вид не и' се случи, Абдел-Кадер не "заслужува 10 награди", па дури ниту една, па дури ниту еден ред.

И повторно, фактите се јасни: наводната грижа за слободата на печатот во Никарагва е јасна измама.

Можеби некој би тврдел дека цензурирањето на "Ла пренса" е поважно од убиството на уредник од страна на силите за безбедност поддржани од САД и уништувањето на просториите од страна на војската или на нејзините терористички одреди, бидејќи "Ла пренса" е весник од голема важност, зашто

---

[267] *Central America Report* (Guatemala City), June 10, 17, 1988; Jean-Marie Simon, ed., *Guatemala News in Brief,* no. 23, May 11-July 1988, Americas Watch; Human Rights Watch, *The Persecution of Human Rights Monitors,* Dec. 1988.

[268] Еден месец подоцна, 17-от пасус од сторијата за Гватемала на Стивен Кинцер го спомнува бомбадирањето на "Ла епока", кое "некои дипломати им го припишуваат на силите за безбедност", а повторно беше спомнато во август во прегледот на книгите на "Тајмс" при извештајот за конференцијата на средно-американските писатели. Kinzer, *NYT,* July 6, 1988; David Unger, *NYT Weekly Book Review,* Aug. 7, 1988. Врз домот на дописникот на ТАСС беа фрлени бомби кратко време пред уништувањето на "Ла епока", а дописниците на ТАСС и на кубанската "Пренса латина" беа присилени да ја напуштат земјата по заканите со смрт; два традиционални одреди на смртта, поврзани со силите за безбедност, си го припишаа тоа како заслуга.

[*] NACLA – Северно-американски конгрес за Латинска Америка, невладина организација основана во 1966 година, чија главна цел е обезбедување на информации за случувањата во Латинска Америка и за нејзините односи со САД (заб. на прев.)

[269] "Freedom of the Press," NACLA *Report on the Americas,* May/June 1988.

[270] Радиодифузни сервиси, *Boston Globe,* Sept. 5, 1988.

храбро му се спротивставуваше на нашиот сојузник Сомоза, под водство на Педро Хоакин Чаморо, кого диктаторот го уби во 1978 година. Ова во најдобар случај би бил слаб аргумент; слободата на печатот малку би значела ако таа единствено им служи на моќните институции. Но постојат и други недостатоци. Еден од нив е тоа што "Ла пренса" по 1980 година скоро воопшто не е поврзана со весникот кој му се спротивставуваше на Сомоза. По убиството на Педро Хоакин Чаморо, уредник стана неговиот брат Хавиер, кој остана на тоа место сè додека во 1980 година сопствениците не го избркаа; 80 % од персоналот замина со него и го основа "Ел нуево диарио", кој е наследник на старата "Ла пренса", ако сметаме дека весникот го прават неговиот уредник и персонал, а не неговите сопственици и опрема. Новиот уредник на "Ла пренса", син на убиениот уредник, претходно продаваше реклами, а подоцна му се придружи на раководството на контрата управувано од страна на САД, останувајќи соуредник на весникот, кој јавно го поддржува неговото стојалиште.[271]

Овие факти не можат да се најдат помеѓу медиумските комплименти за храбрата традиција на "Ла пренса"; тие или не се спомнуваат при ламентациите во врска со судбината на овој "весник на одважноста" или се третираат во стилот на Стивен Кинцер, кој пишува дека "Ел нуево диарио" "е основан... од страна на отцепена група на вработени во 'Ла пренса' кои имаат симпатии кон каузата на сандинистите" - од "отцепената група" што вклучуваше 80 % од персоналот и уредникот, кој се противеше на новата линија на весникот поддржан од ЦИА.[272]

Широчината на дволичноста станува уште поочигледна кога поблиску ќе го разгледуваме "весникот на одважноста". Весникот доста отворено го поддржува нападот врз Никарагва. Во април 1986 година, како што се вжештуваше кампањата за обезбедување на воена помош за контристите, еден од сопствениците, Хаиме Чаморо, напиша отворено писмо до "Вашингтон пост" повикувајќи на помош за "оние Никарагванци кои се борат за демократија" (стандардна референца за ополномоштените сили на САД). Во неделите што му претходеа на летните гласања во Конгресот "навалица од статии од пет различни членови на персоналот на 'Ла пренса' ги осудуваа сандинистите во главните весници во целиот САД", забележува Џон Спајсер Николс, вклучувајќи ја серијата на отворени писма потпишани од уредниците на "Ла пренса" во "Вашингтон пост", кога тие отпатуваа во САД под покровителство на мрежата на Норт за финансирање на контрата. Под својата нова управа, "Ла пренса" едвај и да се преправаше дека е весник; напротив, таа е пропагандно списание посветено на поткопувањето на владата и на поддршката на нападот врз Никарагва од една странска сила. Од своето повторно отворање во октомври 1987 година, посветеноста е доста отворена и транспарентна.[273] Колку што јас знам, не постои преседан на опстанок и обновено објавување на вакво списание

[271] Види додаток 5, оддел 6.

[272] Kinzer, *NYT,* April 20, 1987. Кинцер на друго место пишува дека "во 1980 година 'Ла пренса' беше потресена од внатрешен судир, кога една група на вработени се противеше на нејзината растечки анти-сандинистичка линија. Несогласните вработени, предводени од Хавиер Чаморо Карденал, брат на покојниот издавач, дадоа отказ и основаа свој сопствен лист, 'Нуево диарио'" (*NYT,* Oct. 2, 1987). Испуштен е фактот дека Хавиер Чаморо беше уредник и дека "несогласните вработени" претставуваа 80 % од персоналот.

[273] Chamorro, *WP,* April 3, 1986; Nichols, *op. cit.*; види додаток 5, оддел 6.

за време на кризни периоди во било која западна демократија, а особено не во САД.[274]

Бранителите на слободарските вредности, од своја страна, треба да инсистираат на тоа дека Никарагва направи преседан во оваа област без оглед на своите крајни потешкотии и без оглед што на таков начин се осудуваше на неуспех. Сепак, како што е веќе спомнато, таквите бранители не можат лесно да се најдат, како што покажува најелементарниот тест на искреноста.

Може да се тврди дека споредбата со САД е несоодветна, поради бедното досие на САД. Можеме да се држиме до забелешките на судијата на Врховниот суд, Вилијам Бренан, кои тој ги истакна при говорот од декември 1987 година на Правниот факултет на Хебрејскиот универзитет, кога забележа дека САД "има долга историја на неуспеси при зачувувањето на граѓанските слободи, кога смета дека е загрозена неговата национална безбедност" - како за време на Првата светска војна, кога не постоеше дури ни далечна закана. "Може лесно да биде Израел, а не САД, оној што ќе понуди најголема надеж дека ќе изгради јуриспруденција што ќе може да ги штити граѓанските слободи пред барањата на националната безбедност", рече Бренан, додавајќи дека "нациите во светот, соочени со ненадејни закани по нивната сопствена безбедност, ќе гледаат на израелското искуство при справувањето со своите продолжителни безбедносни кризи и во тоа искуство лесно ќе најдат екпертиза за отфрлање на барањата за безбедност кои Израел ги разоткри како неосновани и храброст за зачувување на граѓанските слободи кои Израел ги зачува без да ѝ наштети на својата безбедност." Ако можеме да извлечеме поука од израелското ѕвездено досие, "несреќата може уште да биде и слугинка на слободата."[275]

Следејќи ги упатствата на ова карактеристично славење на "симболот на човечката пристојност" - и, неслучајно, верен американски сојузник и клиент - извлекуваме уште еден тест на искреноста за оние кои ги осудуваат тоталитарните сандинисти поради третманот кон "Ла пренса" и политичката опозиција. Да пристапиме кон негова примена.

Токму во времето кога во 1986 година "Ла пренса" беше суспендирана, по фактичката објава на војна на Никарагва од страна на САД, Израел трајно затвори два ерусалимски весници, "Ал Митак" и "Ал Ахд", врз основа на тоа дека "иако им нудиме слобода на изразување... забрането е да им се дозволи да ја искористуваат слободата со цел да ѝ наштетат на Државата Израел." Министерството за внатрешни работи објави дека беше обврзно да се делува "во интерес на државната безбедност и јавната благосостојба." Ние веруваме во слободата на печатот, тврдеше министерството, но "мора правилно да се урамнотежат слободата на изразување и благосостојбата на државата." Затворањето беше поддржано од Високиот суд врз основа на тоа дека "е незамисливо Државата Израел да треба да им дозволи на терористичките организации, кои сакаат да ја уништат, да започнат бизнис на нејзина територија, па колку и тој да биде легитимен"; владата ги обвини овие два арапски весници за добивање поддршка од непријателски групи.[276] Колку што знам јас, единственото спомнување на овие факти во еден американски весник беше во едно мое писмо до "Бостон глоуб".

---

[274] За споредба на никарагванското однесување со она на САД и на Израел, види ги референците во глава 4, забелешка 3.

[275] AP, Dec. 22, 1987; Cal Thomas, *BG,* Jan. 3, 1988.

[276] *Al-Hamishmar,* July 25, Aug. 13; *Jerusalem Post,* Aug. 12, 24; *Al-Hamishmar,* July 25, Aug. 13, 1986.

Кога во 1987 година "Ла пренса" беше повторно отворена, израелскиот печат извести за затворањето на едно политичкото списание од Назарет (во рамките на самиот Израел) врз основа на неговата "екстремно националистичка уредничка линија" и дека една канцеларија за вести во арапска сопственост од Наблус е затворена на две година; нејзиниот сопственик тогаш беше затворен на шест месеци без судење под обвинение за "членство во незаконска организација" и поради едно воено коминике кое наведуваше дека неговата жена одржувала врски помеѓу канцеларијата и ПЛО. Ваквите репресивни дејствија се "законски" при вонредната состојба која е на сила од основањето на државата во 1948 година. Високиот суд го поддржа затворањето на списанието од Назарет, наведувајќи дека силите за безбедност обезбедија докази за поврзаноста помеѓу списанието и "терористичките организации" и ја отфрли како ирелевантна одбраната на неговиот издавач дека сето она што се има појавено во весникот, поминало низ израелската цензура.[277] Изгледа дека тука за ништо од ова не е известено; дописникот на "Њујорк тајмс", Томас Фридман, го одбра денот на затворањето на канцеларијата во Наблус за да напише една од своите редовни оди за слободата на изразувањето во Израел.[278] Немаше изливи на протести помеѓу американските приврзаници на граѓанските слободи, никакво осудување па дури ни коментирање околу дејствијата кои далеку го надминуваат вознемирувањето и времето суспендирање на финансираниот од САД весник во Никарагва, кој отворено го поддржува соборувањето на владата, никакви повици за организирање на терористичка војска за спроведување на нашите високи стандарди, кои толку сериозно се нарушени. Молкот продолжи да владее и кога беше затворен неделникот од Назарет, "Ал Раија" по наредба од министерството за внатрешни работи, откако неговиот уредник без судење беше ставен во затвор на три месеци.[279]

И повторно, историјата создаде контролиран експеримент за да го прикаже крајниот презир кон слободата на говорот од страна на прокламираните приврзаници на граѓанските слободи. Критичарите на никарагванските злоупотреби на слободата на печатот, кои ќе поминат на најелементарниот тест на искреноста, навистина можат да се сместат во една малечка дневна соба, можеби дури и во телефонска говорница.[280]

Што се однесува до јуриспруденцијата која толку го импресионира судијата Бренан, хебрејскиот печат забележува дека "на израелското новинарство му недостигаат гаранции, па дури и најмалечки, за неговата слобода. Државата е вооружена со орудија кои немаат своја паралела во било кое демократско општество во светот", а што потекнува од британските колонијални прописи кои Израел ги прифати веднаш штом државата беше воспоставена. Овие драконски прописи вклучуваат мерки на забрана и казнување на изданијата кои можат да ги охрабрат "непослушноста и незадоволството помеѓу жителите на земјата" или "незадоволството кон

[277] *Yediot Ahronot,* Aug. 16, 1987, преведено во *The Other Israel* (Israeli Council for Israeli-Palestinian Peace), Sept. 1987; *Ha'aretz,* Jan 1, 1988; AP, Oct. 25, 26. За вонредната состојба, види Avigdor Feldman, B. Michael, *Hadashot,* Aug. 14, 1987.
[278] *NYT,* Oct. 26, 1987.
[279] Simon Edge, *Middle East International,* Jan. 20, 1989.
[280] Одбраната дека не сме знаеле е валидна за пасивните потрошувачи кои веруваат дека светот е таков каков што медиумите им го прикажуваат. Не е валидна за оние што имаат било каква блискост со идеолошките институции или што учествуваат во нив и што поради тоа сигурно мора да се свесни дека се потребни напор и претприемчивост за да се најдат нежните и недобродојдени факти.

властите". Законот го ополномоштува министерството за внатрешни работи "да го прекине појавувањето на некој весник, на било кој период кој ќе го смета за соодветен, ако објавува лаги или погрешни гласини кои веројатно, според неговото мислење, би предизвикале паника или очај." Мерките се држат во резерва, понекогаш и се применуваат, и придонесуваат кон стравот и кон "атмосферата на мекартизам" која ја поттикнува автоцензурата, што уредниците нормално ја практикуваат. Доброволната автоцензура, пишува израелскиот правен аналитичар Моше Негби, суштински придонесува кон ефектите на "богатиот и невообичаен сплет на средства за задушување на слободата на печатот" во рацете на владата. Цензорот има законско овластување да забрани било која информација "која, според него, би можела да ѝ наштети на одбраната на земјата, на јавната сигурност или на јавниот поредок." Воениот цензор е "имун на јавното испитување" и "законот му забранува на печатот објавување на било какво посочување дека цензорот нареди било каква измена, додавка или бришење", иако тој факт често е очигледен, како во случајот кога ќе биде избришан водечкиот уводник во најпочитуваниот весник во Израел, "Хаарец". Цензорот има и власт да го казни, без судење, секој весник за кој смета дека ги нарушува неговите наредби. Декларацијата на независноста од 1948 година, која ги изрази обврските на Израел во однос на слободата и граѓанските права, "не ја спомнува слободата на изразувањето", продолжува Негби, додавајќи дека тоа не беше случајно изоставување, туку напротив ги одразува ставовите на премиерот Давид Бен Гурион, кој "остро се спротивставуваше на посочувањето на овие права", придржувајќи се, заедно со своите соработници, до "ленинистичката доктрина" дека државата не треба да претрпи никакви критики поради дејствијата што ги смета за правилни. Државата дури е и овластена да одбие да регистрира весник (за тој да не може да се издава) или да му стави крај "без да понуди никаква мотивација за своето одбивање."[281]

Власта се користи, на пример, за во 1982 година да се забрани еден социјален и политички весник на арапски јазик во Израел уредуван од израелски Арап предавач на Хебрејскиот универзитет, одлука која беше потврдена од страна на Високиот суд поради ненаведени "безбедносни причини", или за апсење на еден Арап од Назарет по неколку месеци "поради објавување на весник без дозвола", имено четири информативни летоци. Судовите не нудат заштита кога државата ќе го употреби магичниот збор "безбедност".[282]

Иако арапските граѓани се вообичаени мети, ни Евреите не се имуни на овие принципи на јуриспруденцијата. Кога гулапската Прогресивна листа, меѓу чии водачи е и пензионираниот генерал Мати Пелед, сакаше да емитува реклама од кампањата што прикажуваше едно интервју со Арафат како објавува дека ги прифаќа резолуциите 242 и 338 на ОН, судијата на Високиот суд Голдберг пресуди дека тоа е незаконско, наведувајќи: "Од времето кога владата објави дека ПЛО е терористичка организација, на телевизиите им е дозволено да го емитуваат само она што е сообразно со оваа објава и да ја прикажуваат ПЛО на негативен начин како терористичка организација. Забрането е да се емитува

[281] Leah Enbal, *Koteret Rashit,* June 8, 1988, која наведува и серија на неодамнешни случаи на државна репресија на израелските Евреи. Moshe Negbi, *Politika,* Sept. 1986; "Press in Chains," *Shomer Hanitzotz,* May 1988 (објавено во знак на протест поради потиснувањето на хебрејскиот весник *Derech Hanitzotz* и апсењето на неговите уредници); "Paper Tiger: The Struggle for Press Freedom in Israel," *Jerusalem Quarterly,* #39, 1986. *Ha'aretz,* September 29, 1986.
[282] *Fateful Triangle,* 139.

било што ѝ противречи на објавата и што ја прикажува ПЛО како политичка организација.” Коментирајќи околу ова, адвокатот Авигдор Фелдман пишува: “Логиката е неумолива. На државната телевизија (друга не ни постои - Н. Ч.) не ѝ е дозволено да ја емитува стварноста што не е конзистентна со владините одлуки и ако фактите не се конзистентни со владиното стојалиште, тогаш не ги сакаме во нашите училишта, ве молам.”[283]

Во САД можат да се откријат малку посочувања во врска со долгогодишните остри ограничувања за слободното изразување во Израел. Сè до насилната реакција на Палестинското востание од декември 1987 година немаше дури ни површна белешка во врска со ваквото однесување. Во “Њујорк тајмс” немаше скоро ништо; потребна беше значителна дрскост за поранешниот главен уредник А. М. Розентал во мај 1988 година да процени дека цензурата во Израел “заслужува и добива западни критики.”[284] Уште повеќе, ретките исклучоци,[285] не водат кон осуди на овие отстапувања од нашите високи идеали или кон повици за преземање одредени дејствија од страна на водечкиот закрилник на Израел.

Реакцијата на медиуми во САД и на американската интелектуална заедница во однос на израелските закони и нивното применување обезбедува понатамошен драматичен доказ дека покажувањето загриженост за граѓанските слободи и човековите права во Никарагва е цинично преправање, кое им служи на други цели.

Стандардниот тест на искреноста дава слични резултати каде и да се свртиме. Овие заклучоци досега се доволно добро документирани, во таков широк опсег на случаи што предизвикуваат одредени сериозни прашања помеѓу луѓето што се волни да ги земат во предвид фактите и разумот. Одговорите на овие прашања нема да бидат пријатни за соочување, па можеме да бидеме сигурни дека прашањата нема да бидат поставени.

Расправајќи пред половина век за “нашиот неслободен печат”, Џон Дјуи забележа дека критиките на “конкретните злоупотреби” имаат само ограничена вредност: “Единствениот навистина темелен пристап кон проблемот е испитувањето на нужните ефекти на постојниот економски систем врз целиот систем на објавување; врз одлучувањето што е вест, врз одбирањето и отстранувањето на она што се објавува, врз третманот на вестите и во уводниците и во колумните со вести. Прашањето, според овој начин на пристап, не е колку има конкретни злоупотреби и како тие можат да се поправат, туку до каде се можни во било која поголема мера автентичната интелектуална слобода и општествената одговорност под постојниот економски режим.” За издавачите и уредниците, со својата посветеност на “јавниот и општествен поредок”, кој им оди во прилог, често се покажува дека се помеѓу “главните непријатели” на вистинската “слобода на печатот”, продолжува Дјуи. Неразумно е да се очекува од “менаџерите на овој бизнис потфат да постапуваат поинаку од водачите и симпатизерите на големиот бизнис” и “да ги одделуваат и да ги третираат *нивните* посебни производи од оваа гледна точка.” Ако идеолошките менаџери “и’ го даваат на јавноста она што го 'сака'“, тоа е поради “ефектите на постојниот економски систем при произведувањето на интелектуална незаинтересираност и апатија, при создавањето на побарувачка за

[283] Avigdor Feldman, *Hadashot,* Nov. 18, 1988. Види додаток 5, оддел 7 за понатамошни коментари.
[284] Rosenthal, *NYT,* May 27, 1988.
[285] На пример, Dan Fisher, *Los Angeles Times,* Oct. 5, 1985.

одвлекувањето на вниманието и за забавата и скоро на љубов за криминал, ако е обезбедено дека тоа ќе се исплати" помеѓу јавноста "заблудена од идеалот на бегање преку што и да може."[286]

Кон овие правилни размислувања можеме да ги додадеме интимните односи помеѓу приватната и државната моќ, институционално одредената потреба за прилагодување кон интересите на оние што ги контролираат основните општествени одлуки и успехот на етаблираната моќ во истрајното дезинтегрирање на секоја независна култура што се залага за вредности различни од алчноста, личната добивка и потчинување пред авторитетот и на секоја народна структура што ја одржува независната мисла и акција. Важноста на овие фактори е подвлечена од фактот што дури и формалното право на слобода на говорот беше освоено преку упорна народна борба што го предизвикуваше постојниот општествен поредок.[287]

Во рамките на владејачкиот општествен поредок, општата јавност мора да остане објект на манипулација, а не учесник во мислењето, дебатирањето и одлучувањето. Како што привилегираните одамна имаат разбрано, неопходно е заштитувањето од повремените "кризи на демократијата". Во претходните поглавја расправав за некои од начините преку кои овие принципи се изразуваат во модерниот период, но загриженоста е природна и се појави уште на самите почетоци на модерниот демократски пробив. Осудувајќи ги радикалните демократи кои за време на Англиската револуција во 17-от век се заканувааа дека "ќе го превртат светот наопаку", историчарот Клемент Волкер во 1661 година се жалеше: "Тие ги фрлија сите мистерии и тајни на владеењето... пред вулгарните маси (како бисери пред свињи) и ги учеа и војниците и луѓето да гледаат на себе при сведувањето на целото владеење врз првите принципи на природата... Поради тоа тие ги направија луѓето толку љубопитни и толку арогантни што никогаш нема да имаат доволно понизност за да му се потчинат на цивилното владеење."[288]

Волкеровите грижи брзо беа надминати, откако беше обновен среднеиот свет, а "политичкиот пораз" на демократите "беше целосен и неповратлив", како што забележа Кристофер Хил. Во 1695 година цензурата можеше да биде напуштена, "не врз основа на радикално-слободарските принципи, туку бидејќи цензурата веќе не беше неопходна" за "творците на мислења" кои "се цензурираа себеси" и кои "не печатеа ништо што би ги уплашило луѓето со сопственост." Во истата година, Џон Лок напиша дека "на секојдневните работници и на трговците, на плетачките и на млекарките" мора да им се каже во што да веруваат. "Најголемиот дел не може да знае и поради тоа мора да верува." "Но барем", коментира Хил, "Лок не намераваше свештениците да кажуваат, туку самиот Бог."[289] Со падот на религиозниот авторитет во модерниот период, задачата им припадна на "секуларното свештенство", кое ја разбира својата одговорност со одредена јасност, како што веќе беше расправано.

И покрај овие согледувања, некои продолжуваат да бидат заведувани од "демократските догматизми" кои се исмеани од оние што се посветени на уметноста на манипулирањето. Џон Стујард Мил напиша: "Не насилниот судир помеѓу деловите на вистината, туку тивкото потиснување на половина од неа е

[286] Jo Ann Boydston, ed., *John Dewey: The Later Works,* vol. II, од *Common Sense,* Nov. 1935.
[287] Види додаток 5, оддел 8.
[288] Цит. сп. Hill, *The World Turned Upside Down,* 72.
[289] *Ibid.,* 385, 353.

засташувачко зло. Секогаш постои надеж кога луѓето се принудени да ги слушнат и двете страни.” Доаѓајќи до сегашноста, Кодот за професионално однесување на Британската национална унија на новинарите им наложува на новинарите “да го елиминираат искривувањето” и “да се трудат да обезбедат дека информацијата што таа/тој ја раширува е чесна и точна, избегнувајќи го изразувањето на коментарите и нагаѓањата како утврдени факти и фалсификувањето преку искривување, одбирање или неправилно толкување.”[290] Манипулирањето со јавноста во 60-тите предизвика загриженост која во 1966 година ја изрази сенаторот Фулбрајт, кој претходно беше цитиран. Една година подоцна, Џером Барон предложи “толкување на Првиот амандман кое ќе се фокусира на идејата дека ограничувањето на владиното мешање е доста бескорисно при обезбедувањето на слободниот говор ако ограничувањето на пристапот е успешно осигурано од приватните групи”, односно од “новите комуникациски медиуми”: само тие “можат да и’ наложат чувства на јавноста и тие побрзо од владата можат најуспешно да го ускратат изразувањето преку анулирање на можноста една идеја да се здобие со прифатеност. Како конституционална теорија за комуникацијата на идеите, laissez faire е очигледно ирелевантна” кога медиумите се тесно контролирани од приватната моќ.[291]

Многумина гледаат на ваквите идеи со алармираност. Уредниците на “Сент Луис пост-диспач”, долги години еден од најнезависните сегменти на локалниот квалитетен печат, се согласија дека весникот “има обврска кон заедницата во која се печати при прикажувањето на доста непопуларните како и на популарните страни на некое прашање”, но “таквиот диктат” не треба да биде спроведен со закон. “Како практична работа”, сметаа тие, “весникот што постојано одбива да им дозволи изразување на гледиштата од кои се разликува, не е веројатно дека ќе успее, а тоа не го ни заслужува.”[292]

Уредниците грешат при својата фактичка проценка, иако нивната резервираност околу законските обврски не може лесно да се отфрли. Во стварноста, само оние медиуми што постојано ги ограничуваат “и двете страни” до тесниот консензус на моќните ќе успеат при наведуваниот слободен пазар.

Особено е важно да се разбере кои стории да не се бараат, кои извори на докази да се избегнуваат. Бегалците од Тимор или од бомбардирањето на Лаос и Камбоџа од страна на САД немаат корисни приказни за кажување. Важно е да се стои подалеку од камповите на хондураската граница, каде што бегалците “без исклучок” известуваат дека “сите избегале од војската која ние ја поддржуваме” и каде што “секој човек има приказна за сверствата на владините сили, истите оние што повторно ние ги опремуваме со оружје” при нивното спроведување на “систематски кампањи на тероризам” со “комбинација на убиства, измачувања, силувања, палења на посевите со цел да се создадат услови на изгладнетост” и брутални сверства; извештајот на конгресната делегација која дојде до овие заклучоци по своето истражување на лице место на почетокот од 1981 година беше исклучен од медиумите, кои го одбегнуваа

[290] Види Mark Hollingsworth, *The Press and Political Dissent* (Pluto, London, 1986) во кое дело изјавата на Мил служи како епиграф.
[291] Barron, "Access to the Press".
[292] *St. Louis Post-Dispatch,* Aug. 24, 1967, цит. сп. Jerome A. Barron, "An Emerging First Amendment Right of Access to the Media?," *George Washington Law Review* (March 1969), 498. Види Aronson, *The Press and the Cold War,* 273-74, за дискусија.

овој примарен извор на докази за руралниот Ел Салвадор.[293] Би било лош пристап ако би се подигнала јавната свест за никарагванскиот "забележителен напредок во социјалниот сектор, што поставува цврста основа за долгорочен општествено-економски развој", за што во 1983 година извести Интерамериканската банка за развој, на која под притисок на САД ѝ беше забрането да придонесе кон овие успеси.[294] Согласно на тоа, не е правилно да се изложат постигањата на Регановата администрација при уништувањето на овие рани успеси, да се забележи враќањето на болестите и на слабата исхранетост, на неписменоста и на новороденчињата што умираат, додека земјата е сведена до нулта ниво на живот поради гревот на независен развој. Наспроти тоа, одговорно новинарство е Џејмс Лемојн да ги осудува сандинистите за "огорченоста и апатијата" на која наиде во Манагва.[295] Оние што се надеваат дека ќе влезат во системот мораат да научат дека теророт што може да се поврзи со ПЛО, Гадафи или Хомеини остава жртви што вредат и кои заслужуваат сочувство и загриженост, додека оние врз кои целат САД и неговите сојузници не спаѓаат во оваа категорија. Одговорните новинари мораат да разберат дека нападот со граната врз регрутите на израелската војска и на нивните семејства што резултира со еден убиен и многу ранети заслужува фотографија на насловната страна и суштествена сторија, додека противнападот од претходниот ден врз патничкиот автобус со двајца убиени, двајца киднапирани и многу ранети воопшто не заслужува никаков извештај.[296] Категорија по категорија, истите лекции држат.

Всушност постои готов алгоритам за оние што сакаат да се здобијат со почитување и привилегии. Единствено е неопходно да го имаш на ум тестот на искреноста за кој веќе се расправаше и да се осигураш дека ќе паѓаш секој пат на него. Истата проста логика го објаснува карактеристичното однесување на независните медиуми и на едуцираните класи воопшто, поради причини кои тешко дека се нејасни.

Расправав за методите на контрола на мислата и за причините зошто тие се стекнаа со таква важност во демократските општества во кои општото население не може на сила да биде одвлечено од политичката арена. Расправата може да остави впечаток дека системот е семоќен, но тоа е далеку од точно. Луѓето поседуваат способност да пружаат отпор, а понекогаш тоа и го прават, со голем успех.

Земете го случајот со колежот во Тимор поддржан од Западот. Медиумите ги потиснаа ужасните случувања и соучеството на сопствените влади, но сторијата сепак на крајот изби на површината, досегајќи до делови на јавноста и на Конгресот. Тоа беше успех на неколку посветени млади луѓе, чии имиња нема да и' бидат познати на историјата, како и што е општо точно за оние чии дејствија го подобрија светот. Нивните напори не ставија крај на индонезискиот терор или на поддршката на САД за него, но сепак тие го ублажија насилството. На крајот, како резултат на нивниот труд, на Црвениот крст му беше дозволен ограничен пристап. На ваков или на поинаков начин, беа спасени десетици илјади животи. Постојат многу малку луѓе кои можат да тврдат дека постигнале толку многу од гледна точка на хуманите последици.

[293] Види ја *Towards a New Cold War,* 36-37, 228 за понатамошни подробности и за одредени доста маргинални исклучоци.
[294] Dianna Melrose, *Nicaragua: The Threat of a Good Example?* (Oxfam, London, 1985).
[295] *NYT,* Dec. 29, 1987.
[296] Thomas Friedman, *NYT,* Oct. 16; слика, p. 1. AP, Oct. 15, 1986.

Истото важи и во многу други случаи. Внатрешните ограничувања во рамките на моќната држава обезбедуваат маргинална можност за опстанок за нејзините жртви, што е факт кој никогаш не треба да биде заборавен.

САД е многу поцивилизирано место отколку пред 25 години. Кризата на демократијата и интелектуалната независност што толку ги ужаснуваат елитите се доволно реални, ефектите врз општеството се темелни, а рамнотежата во главно е здрава. Судирот веќе е препознатлив во врска со широк спектар на грижи, вклучувајќи ги расизмот, околината, феминизмот, насилните интервенции и многу други работи; а и во медиумите, кои во последните години дозволија одредено отворање кон дисидентското мислење и критичкото известување, значително над она што беше и замисливо дури и при врвот на превирањата во 60-тите, а да не зборуваме за порано. Една илустрација за подобрувањето на моралното и културното ниво е тоа што стана можно, за прв пат, спротивставувањето на сериозен начин на она што им беше направено на домородните Американци за време на освојувањето на континентот; и многу нужни илузии беа доведени во прашање и брзо се срушија при испитувањето, како и што се појавија многу предизвици на ортодоксијата и авторитетот. Малку е чудно тоа што 60-тите се период на ужас, хаос и уништувачка разузданост во размислувањата на привилегираните набљудувачи кои се вознемирени, па дури и шокирани од интелектуалната независност и моралниот интегритет на младината.

Истиот развој има свое влијание и врз политиката на државата. Не постоеја протести кога Џон Ф. Кенеди ги испрати американските воздушни сили да го бомбардираат селското општество на Јужен Виетнам. Дваесет години подоцна, Регановата администрација отиде во илегала, принудена во Средна Америка да се сврти кон прикриен терор. Климата на мислењата и на загриженоста, надвор од елитните кругови, се промени и способноста на државата да спроведува насилство соодветно беше намалена. Данокот на реганистичкиот терор беше исклучителен: десетици илјади измачувани и осакатени тела, масовно гладување, болести и уништување, стотици илјади бедни бегалци. Би било во голема мера и полошо без ограничувањата наметнати од луѓето кои најдоа начини да го избегнат системот на индоктринација и храброст и чесност за дејствување. Тоа не се мали постигања - и повторно, на луѓе чии имиња ќе бидат изгубени во историјата.

Постојат обилни можности за да се помогне создавањето на почовечен и подостоен свет, ако одбереме да дејствуваме во таа насока.

Започнав со прашањата што ги истакнаа бразилските бискупи во врска со проблемите на демократијата и медиумите. Можеби можам да завршам со моите сопствени заклучоци во врска со овие работи. Искажуваната загриженост за слободата на печатот на Западот не е многу убедлива во светлото на лесното отфрлање дури и на екстремните прекршувања на правото на слободно изразување во клиентските држави на САД и на фактичкото делување на медиумите во служба на моќните и привилегираните како агенции за манипулација, индоктринација и контрола. За разлика од тоа, една "демократска комуникациска политика" би гледала да развие средства за изразување и интеракција што ќе ги одразуваат интересите и грижите на општото население и што ќе го охрабрува нивното само-образование и нивното индивидуално и колективно делување. Политиката конципирана преку овие услови би била пожелна, иако постојат замки и опасности кои не треба да се превидат. Но проблемот е во голема мера академски, кога се гледа изолиран од општата

општествена сцена. Изгледите на демократската комуникациска политика неизбежно се ограничени од распределбата на ефективната моќ за одредување на курсот и функционирањето на главните општествени институции. Оттука, на целта може да и' се пристапи само како на интегрален дел од понатамошната демократизација на општествениот поредок. Од своја страна пак, овој процес бара една демократска комуникациска политика како своја централна компонента, која ќе придонесе на суштински начин. Сериозните чекори кон позначајна демократија би целеле кон распуштање на концентрацијата на моќта за донесување одлуки, која во нашето општество во главно е во рацете на државно-корпоративниот нексус. Таквата концепција на демократијата, иако толку позната од поранешните години што може дури и да го заслужи многу-злоупотребениот термин "конзервативна", е далеку од оние што доминираат со јавниот дискурс - што тешко дека е изненадување, знаејќи ја нејзината закана за етаблираната привилегираност.

Човечките суштества се единствениот вид со историја. Дали тие имаат и иднина не е така очигледно. Одговорот ќе лежи во изгледите на народните движења, со цврсти корени помеѓу сите делови на населението, посветени на вредностите кои се потиснати или сведени на маргините во постојниот општествен и политички поредок: заедница, солидарност, грижа за кршливата околина што треба да ги одржува идните генерации, креативен труд под доброволна контрола, независна мисла и вистинско демократско учество во различните аспекти на животот.

Прв додаток

1. Моделот на пропаганда: некои методолошки разгледувања[297]

Во првото поглавје беа спомнати некои методи за тестирање на моделот на пропагандата, вклучувајќи ја студијата на примерите во пар за злоделата и на мериторните дејствија, како и најсуровиот тест: испитувањето на случаите кои оние што ја застапуваат спротивната позиција ги одбираат како своја најцврста основа при тврдењето дека медиумите усвојуваат противнички ставови. Моделот доста добро ги издржува овие и другите предизвици.[298]

Студијата на примерите во пар открива конзистентна шема на радикално дихотомен третман, во предвидената насока. Во случајот на злоделата на непријателот, наоѓаме бес; тврдења засновани врз најтенки докази, кои често едноставно се измислени и кои се непоправливи, па дури и кога се признава дека се фабрикации; внимателно филтрирање на сведоштвата со цел да се исклучат спротивните докази, истовремено дозволувајќи го она што може да биде корисно; потпирање врз американските официјални извори, освен ако тие не нудат погрешна слика, во кој случај тие се избегнуваат (Камбоџа под Пол Пот е типичен случај); живописни подробности; инсистирање дека злоделата имаат извор во највисоките нивоа на планирање, дури и при отсуство на докази или на веродостојни аргументи итн. Онаму каде што фокусот е врз одговорноста дома, го наоѓаме токму спротивното: молк или апологетика; избегнување на личните сведоштва и на конкретните подробности; меланхолична мудрост за комплексностите на историјата и на странските култури кои не ги разбираме; стеснување на фокусирањето врз најниското ниво на планирање или врз разбирливите грешки во збунувачките прилики како и останати облици на избегнување.

Убиството на еден свештеник во 1984 година во Полска од страна на еден полицаец кој брзо беше уапсен, суден и затворен заслужи далеку поголемо медиумско покривање од убиството на 100 истакнати латино-американски верски маченици, вклучувајќи ги надбискупот од Сан Салвадор и четирите силувани црквено-служителки од САД, жртви на силите за безбедност поддржани од САД. Уште повеќе, покривањето во голема мера беше различно според стилот - во првиот случај ужасните подробности забележливо се повторуваа, а во вториот постоеше избегнување - што важи и за припишувањето на одговорноста: во првиот случај на највисоко ниво во Полска, па дури и во Советскиот сојуз, а во вториот - умерени алузии до центристичката влада која е неспособна да го ограничи насилството на левицата и на десницата, што крајно отстапува од фактичкото досие кое во голема мера беше потиснато.

Да земеме друг случај, затворските мемоари на ослободениот кубански затвореник Армандо Ваљадарес стана медиумска сензација, кога се појавија во мај 1986 година. Повеќекратните прегледи, интервјуата и останатите коментари го величаа овој "јасен опис на раширениот систем на мачење и затворање преку кој Кастро ја казнува и ја отстранува политичката опозиција", "инспиративен и незаборавлив опис" на "бестијалните затвори", "нечовечкото мачење" и на

[297] Додаток кон Прва глава.

[298] Види ги референците во глава 1, забелешка 23 за опсежна дискусија на случаите кои тука се цитирани без посебни референци.

“досието на државно насилство” под “уште еден од масовните убијци на овој век” (“Вашингтон пост”), кој, конечно дознаваме од оваа книга, “создаде нов деспотизам што го институционализира мачењето како механизам на општествена контрола” во “пеколот во кој Куба (односно Ваљадарес - Н. Ч.) живееше” (“Њујорк тајмс”). Постоеја многу други живи и разлутени осуди на “диктаторскиот гангстер” Фидел Кастро (“Тајм”) и на неговите sверства, кои тука се толку категорично откриени што “само најлекоумните и најладнокрвните западни интелектуалци ќе застанат во одбрана на тиранот” (“Вашингтон пост”). Во декември Роналд Реган при церемонијата во Белата куќа по повод Денот на човековите права го издвои Ваљадарес поради неговата храброст во текот на трајните “ужаси и садизам” на крвавиот кубански тиран. Подоцнежното покривање упатуваше во иста насока.[299]

Токму кога во мај 1986 година се појавија мемоарите на Ваљадарес, предизвикувајќи голема ужаснатост, многумина од членовите на невладината комисија за човекови права на Ел Салвадор (CDHES) беа уапсени и измачувани, вклучувајќи го и нејзиниот директор Херберт Анаја. Додека беа во затворот “Ла есперанса” (надеж, во превод), тие составија извештај од 160 страни од сведоштва под заклетва на 430 политички затвореници, кои даваа прецизни и опсежни подробности за мачењето што врз нив го вршеа поддржаните од САД сили за безбедност; во еден случај, се работеше за електрично измачување од страна на северно-американски униформиран мајор, кој е опишан со одредени подробности. Невообичаено експлицитниот и сеопфатен извештај беше прокриумчарен надвор од затворот заедно со една видео-касета со сведоштвата, токму сред фуријата предизвикана од мемоарите на Ваљадарес, и беше дистрибуирана до медиумите во САД. Тие не беа заинтересирани. Материјалот беше целосно потиснат, без ниту збор, во националните медиуми, каде повеќе од само неколку “лекоумни и ладнокрвни западни интелектуалци” им пеат пофални песни на Хосе Наполеон Дуарте и на Роналд Реган. Анаја не беше предмет за оддавање почит на Денот на човековите права. Напротив, тој беше ослободен при една размена на затвореници, а потоа и убиен, веројатно од силите за безбедност поддржани од САД; многу од релевантните докази околу неговото убивање не се појавија во националните медиуми во САД и малкумина се запрашаа дали присуството на медиумите ќе му понудеше одредена заштита во терористичката држава на САД.[300] Применувајќи го стандардниот тест на искреноста за кого веќе е расправано, точно знаеме како да ги вреднуваме бесните коментари предизвикани од мемоарите на Ваљадарес.

---

[299] Види го прегледот на медиумското покривање на Куба во 1986 година кај Платт, *Tropical Gulag* (глава 1, забелешка 30, погоре). Цитатите се од *WP,* Stephen Rosenfeld (July 18), Stephen Cohen (July 26), Charles Krauthammer (Dec. 14); *NYT,* Ronald Radosh, June 8; *Time,* June 30; *Miami Herald,* "President hails Valladares, raps Cuba on prisons," Dec. 11, 1986. Студијата известува дека националниот печат ги прифати обвинувањата на Ваљадарес без огради или обиди за верификување и дека целосно ја игнорираше верзијата на сторијата на кубанската влада и понудената документација како нејзина поткрепа, со еден исклучок (Tad Szulc, *WP,* Aug. 4, 1986, кој кратко забележа дека книгата има “непрецизности” и дека “кубанските службени лица го портретираат (Ваљадарес - Н. Ч.) како недоверлив и непријатен”). Тие наидоа на “професионално покривање на прашањето” со “долги колумни во прилог (Р. Емет Тирел) и против Ваљадарес (Ворен Хинкел) “ само во *San Francisco Examiner* (July 29, 1986).

[300] Види pp. 228f. Осамен исклучок од потиснувањето на студијата на CDHES, настрана од Александер Кокбурн во “Нејшн”, повторно беше “Сан Франциско егзаминер”. Види CDHES, "Torture in El Salvador," Sept. 24, 1986; за понатамошни подробности, *Culture of Terrorism,* 227f.

Покрај тоа, не помалку значајно од енормните двојни стандарди е неспособноста тие да се видат. Во екстремните случаи, читаме огорчени осуди на "либералните медиуми" поради нивната неволност дури и да го опишат Кастро како диктатор и поради нивните "двојни стандарди" при фокусирањето врз прекршувањата на човековите права во Ел Салвадор, додека истовремено се игнорираат кубанските прекршувања на човековите права, кои ги изложени Ваљадарес.[301]

Бројните други случаи што се истражени ја откриваат истата шема. Се разбира, таа е позната насекаде. Медиумите контролирани од државата и организациите за човекови права од советскиот блок со право се предмет на исмевање поради нивната голема индигнација при злоделата на непријателот, додека успеваат да не ги забележат оние што им се поблиску до дома. Доволно е и најмало ниво на морален интегритет за да се покаже дека шемата треба да биде обратно свртена: сопствената одговорност треба да биде главна грижа, а дејствијата треба во голема мера да бидат насочени од проценката за нивното фактичко влијание врз луѓето што страдаат - повторно, типично насочувајќи се кон сопствената одговорност - додека автентичните организации за човекови права ја превземаат обврската за собирање на сеопфатни фактички досиеја. Таквото елементарно морално резонирање е доста во рамките на опсегот на нашата интелектуална култура, кога станува збор за официјалните непријатели; екстремниот морален кулавичлак ефикасно ја забранува примената на истото дома.

Споредбата на изборите во непријателската Никарагва и во клиентските држави Ел Салвадор и Гватемала покажува слични резултати, како што е прикажано во неколку студии. Еден приод е да се спореди американското покривање во двата случаи, а другиот да се спореди американското и европското покривање на ист случај. Резултатите обезбедуваат драматична индикација за подреденоста на американските медиуми на целите утврдени од државните власти.[302]

Според било кој разумен стандард, изборите во Никарагва беа супериорни според околностите, условите и процедурите во споредба со оние во Ел Салвадор; медиумите ги совладоа овие факти преку прифаќањето на агендата на американската влада, која радикално се разликуваше во двата случаи. Слободата на говорот, на здружувањето и на организирањето, па дури и масивниот државен терор не беа на агендата при изборите во клиентските држави, додека вниманието нашироко беше фокусирано врз мирните гласачи (на изборите на кои гласањето е задолжително, а казните за неучеството можат да бидат остри), врз наводните закани од герилците (често измислени) итн. Самиот факт што изборите воопшто беа и одржани во услови на судири се сметаше за триумф на демократијата. Во случајот со Никарагва, агендата беше спротивна: терористичките дејствија на ополномоштените сили управувани од САД за попречување на изборите не беа на агендата, како што не беа ни правилните процедури, далеку помалата репресија во споредба со клиентските држави, широкото учество без никакво присилување и широкиот опсег на избор, кој не беше ограничен од никакво сериозно мешање, со исклучок на притисоците на САД да ги наведи своите омилени кандидати да се повлечат за да ги дискредитира изборите под изговор за "немање на било каков вистински

[301] Види p. 12-13; Mona Charen, "A double standard on human rights," *Boston Globe,* Jan. 2, 1989.
[302] За подробно испитување на првиот метод, види *Manufacturing Consent,* глава 3, исто и Spence, *op. cit.* За вторит метод, види ги референците во забелешките 7 и 8, подолу.

избор.” Секое отстапување од изведбата на напредните индустриски демократии под мирновременски услови беше иследувано и разлутено осудувано, а единственото сериозно прашање беа изгледите на кандидатот за претседател поддржан од САД, што се земаше за мерило на демократијата. Настрана од американската влада, главен извор на вести беше опозицијата поддржувана од САД, која, заедно со “цивилниот директорат” на контрата, воспоставен и обилно поддржуван од ЦИА, добиваше опсежно и позитивно покривање; фактот што кандидатот на САД изгледаше дека има малку јавна поддршка и, колку што беше познато, малку демократски кредибилитет, исто така не беше на агендата.[303] Во клиентските држави, немаше потреба да се известува за било каква внатрешна опозиција, бидејќи таа не беше способна да ги преживее условите на демократијата, од американски стил. Внимателната анализа на покривањето доста драматично ги открива овие и поврзаните шеми.

Изборите во Никарагва од 1984 година беа отфрлени со исмевање или беа игнорирани, додека студиите на висококвалификуваните набљудувачи и аналитичари беа, и останаа, непростливи, бидејќи постојано доаѓаа до погрешни заклучоци: на пример, подробното испитување од страна на една делегација на професионалното здружение на латино-американските научници (LASA), веројатно највнимателна студија на било кои избори во Третиот свет, како и придружните заклучоци на ирската парламентарна делегација, составено главно од десниот центар, помеѓу останатите, сите тие поминаа без да бидат спомнати.

Медиумите дури си дозволија и да бидат излажани од видливата измама, имено, добро-темпираното “откритие” на испорачување на борбени авиони МИГ за Никарагва, за што предвидливо се испостави дека е лажно и подоцна им беше припишано на интригите на Оливер Норт, но кое восхитувачки ја исполни својата цел при помагањето да се уништат несаканите избори во Никарагва. Кога стана очигледно дека не пристигнаа никакви МИГ-ови, започна нова фаза на дезинформирање, со поместување на вниманието кон истекувањето на тајни информации (односно, на планирано објавување на разузнавачки фабрикации, како што изгледа), што беше осудено како “криминално” од секретарот Шулц. Печатот повторно застана во линија, усвојувајќи го она што наводно беше истекување, а не пропагандно делување во кое и тие учествуваат, па дури и тврдеа дека залажувањето со МИГ-овите им наштети на САД и на анти-сандинистичките групи. Во стварноста, делувањето успеа во остварувањето на секоја достижна цел, помагајќи да се прикријат резултатите од изборите “под напливот на алармантни извештаи со вести”, како што забележува извештајот на LASA. Медиумите никогаш не се навратија кон оваа работа за да обезбедат значаен извештај или анализа на изборите. Соработката во измамата со МИГ-овите, се разбира, беше само едно од помошните средства употребени за отстранување на несаканите избори од официјалната историја, но ја одигра својата корисна улога.[304]

---

[303] За јавната поддршка за опозиционерните партии дури и по годините на војна и страдање, види додаток 4, оддел 5.

[304] Alfonso Chardy, *Miami Herald,* July 19, 1987, кој цитира “еден разузнавачки извор запознат со односите на Норт со” Канцеларијата за латино-американска јавна дипломатија, главната пропагандна агенција на Регановата администрација, која подоцна поцелосно беше разоткриена. За понатамошни коментари, види *Manufacturing Consent,* 137f. Види го и прегледот на книгата на Волтер Лафабер во *NYT Weekly Book Review,* Nov. 6, 1988 и размената на писма со Едвард Херман од 11 декември. Лафабер ја опишува подоцнежната фаза на дезинформациските напори како “клучен исклучок” од моделот на пропагандата; како што штотуку се расправаше, тоа сосема спаѓа во моделот. Тој забележува дека подоцнежната статија во “Њусвик” (од 26

За разлика од ова, изборите кои беа спроведени во исто време во државата на теророт Ел Салвадор изобилно се величаа како смел и храбар напредок кон демократијата, врз основа на засрамувачки пристрасното известување и неприродно одразувајќи ја агендата на американската влада и потпирањето на официјалните набљудувачи, кои едвај и ако се преправаа дека истражуваат нешто. Скоро и да немаше загриженост околу фактот дека политичката опозиција беше убиена, независните медиуми физички уништени од силите за безбедност организирани од САД, населението систематски трауматизирано од исклучителниот терор, а сигурно не беше спомнат ниту заклучокот на набљудувачите од Британската парламентарната група за човекови права дека изборите беа одржани во "атмосфера на терор и очај, на макабејски гласини и ужасна стварност", или доказите што го оправдуваат заклучокот. Истото важеше и при изборите во Гватемала, каде државниот терор достигна дури и поекстремни височини со постојана поддршка од САД. Дописникот на "Њујорк тајмс" Стивен Кинцер дури и сугерираше дека изборите во Гватемала нудат модел за Никарагва.[305]

Подоцнежните коментари, скоро без исклучок помеѓу естаблишментот, ги контрастираат "демократиите во повојници" во клиентските држави и нивните "избрани претседатели" со тоталитарната Никарагва, управувана од диктаторот Ортега, кој дојде на власт преку божемни избори и, оттука, не е избран. Изведбата заслужува споредба со официјалните медиуми на тоталитарните држави.

Покривањето на салвадорските избори од 1982 година беше споредливо. Трите американски телевизиски мрежи му посветија преку два часа на навивачкото и ентузијастичко покривање (за разлика од тоа, никарагванските избори од 1984 година заслужија 15 минути на скептицизам и исмевање). Британските мрежи имаа 8-минутно покривање, но карактерот на истото беше радикално поинаков. Американските мрежи со многу фанфари известија за заклучоците на официјалните набљудувачи на американската влада, кои, по кратко фрлање погледи, на прес конференција известија за својата восхитеност од ова возбудливо практикување на демократијата. За разлика од тоа, Мартин Бел од BBC во својот сумарен извештај коментираше дека фер избори под околности на државен терор што BBC ги забележа, воопшто не доаѓаат во предвид, додека комерцијалниот телевизиски канал ITN го прикажа лордот Читнис од Британската парламентарна група за човекови права, кој зборуваше не од велелепен хотел, туку од салвадорски слам, од каде што потенцира дека она што го видоа под присмотра на војската тешко дека вреди за известување кога ќе се имаат во предвид раширените околности на ужасна репресија и траума.[306]

Поопшто кажано, американските и европските медиуми дадоа радикално поразлични описи на салвадорските избори. Анализирајќи го споредбеното покривање, Џенифер Ширмер заклучува дека ентузијастичкото американско

ноември) "ја доведува до прашање фатаморганата со МИГ-овите" - доста време откако постоеше согласност, од врвот на владата па надолу, дека МИГ-ови не постојат. Тоа што медиумите го доведуваат во прашање она за што владата отворено признава дека е неточно, не е многу убедлива демонстрација на нивната независност од моќта.

[305] *NYT,* Dec. 27, 1985.

[306] Види ја студијата што наскоро ќе се појави од Денис Дрискол, од Правниот факултет на Колеџ универзитетот од Галвеј, Ирска, за споредбена анализа на американските и странските медиуми при овој и при останатите клучни случаи.

покривање беше "значително поразлично" од реакцијата на европскиот печат, кој се фокусира врз околностите на тероризирање што ги направија изборите бесмислени, врз присилното гласање и врз останатите клучни фактори кои беа потиснати при еуфоричните американски коментари. Таа забележува дека "главната разлика е во тоа што додека европскиот печат постојано го нагласуваше политичкиот контекст на страв и климата на официјален терор при која беа одржани изборите, американскиот печат преовладувачки се фокусираше врз изборните механизми и театар, повторувајќи ги американските и салвадорските службени лица при етикетирањето на оние што беа законски и физички исклучени од трката како марксисти, анти-демократски и насилни." Шефот на париското биро на "Њујорк тајмс", Џон Винокур, се придодаде кон измамата преку фалсификување на европската реакција со цел да ја стави во иста линија со позитивниот американски одговор. Заклучокот на Ширмер е дека сликата понудена од европските медиуми, без оглед на нејзината точност, беше скоро забранета во САД, каде што "создадената и претпоставената 'стварност' на американскиот печат е толку едностранa и пристрасна што владата на САД нема да мора да го цензурира својот печат при идното покривање на Третиот свет."[307]

А што се однесува до медиумите и Индокина, фактите се доста поразлични од она што вообичаено се наведува. За време на целата војна, постоеја поедини новинари кои чесно и храбро известуваа и кои правеа сериозни и понекогаш успешни напори да го избегнат конвенционалното потпирање врз владините соопштенија и официјалните премиси, но општата слика што ја прикажуваа медиумите со голема прецизност беше сообразна со официјалната верзија.

Во раните фази, неколку млади новинари (Дејвид Халберстам и други) им се обратија на офицерите на боиштата, чии описи не ја потврдуваа реториката на Вашингтон. Полковникот Џон Пол Ван беше главен пример, како што сега општо се признава. Поради тоа тие огорчено беа нападнати за поткопување на напорите на САД. Овие факти помогнаа да се создаде слика за противничкиот печат што беше доста погрешно. Известувачите кои му се обратија на Ван за проценка на воената стварност не ги информираа своите читатели за неговиот заклучок дека владата нема никаква политичка основа и дека селското население го поддржува НОФ.[308] Нивното известување остана во рамките на патриотската агенда; јужно-виетнамските герилци "се обидуваа да извршат субверзија на оваа земја" и беше единствено правилно за САД да го брани нејзиниот народ од "комунистичката агресија" и да им понуди на селаните "заштита од комунистите", терајќи ги "колку што е можно почовечно" во стратешките села (Дејвид Халберстам, Е.В. Кенворти, Хомер Бигарт).[309] Единственото прашање беше дали корупцијата и нечесноста им штетат на изгледите за победа на американското оружје, при што се земаше здраво за готово дека тоа е правилно и праведно. Спротивно на она во што често се верува, постоеше мало отстапување од ова стојалиште и огромното

[307] Jennifer G. Schirmer, "What You See Is What You Get: Comparing Realities of the U.S. and European Press Coverage of the 1982 and 1984 Elections in El Salvador," наскоро во *Creating Reality: Media Coverage of International Affairs*, заснована врз презентациите на летниот семинар на Центарот за меѓународни работи, Харвард (CFIA Publishers, Cambridge Mass., 1989) под водство на Денис Дрискол.
[308] Види *For Reasons of State,* 232-23; *Manufacturing Consent,* 181.
[309] *Ibid*., 177, 191.

искривување и потиснување во интерес на американската моќ остана главно својство на известувањето за вестите, како и на дозволените коментари сé до крајот и оттогаш до денес. Известувачите не се обидуваа да ја покријат војната и позадината на општествените и политички конфликти од гледна точка на домородното население или на герилците; за разлика од ова, авганистанскиот отпор на советската инвазија беше непроменливо и правилно покриен од оваа перспектива. Медиумите го поддржуваа американскиот напад со ентузијазам или најмногу со скептицизам во врска со изгледите и во рамките на потврдените претпоставки за "одбрана на Јужен Виетнам". Долго време откако елитните кругови одредија дека потфатот е премногу скап за да се продолжи, се слушнаа критики на овие "несмасни напори да се направи нешто добро" (Ентони Луис од крајните граници на изразливата несогласност). Понатаму, и повторно спротивно на општото верување, "често крваво живите репортажи на телевизиите" на кои мислат Ландрум Болинг и останатите, во голема мера се митски. Телевизиите ги минимизираа таквите слики, а јавното влијание врз медиумите, ако и воопшто постоеше, служеше за зголемување на народната поддршка за војната; тоа е особено точно за покривањето на Тет офанзивата.

Што се однесува до студијата на "Куќата на слободата" за Тет офанзивата, за која нашироко се смета дека го има докажано случајот на неодговорноста на медиумите и на нивното противничко стојалиште, бројните докази што се презентирани пропаѓаат при испитувањето. Кога ќе се отстранат дузината клучни грешки, погрешни толкувања и директни невистини, наоѓаме дека медиумите презентираа во голема мера на начинот што го предвидува моделот на пропагандата: со професионална компетентност во тесна смисла, но без било какво предизвикување на доктрината дека американските сили што го демолираа Јужен Виетнам ја "бранеа" земјата од домородните герилци.

Критиката на "Куќата на слободата" се сведува на обвинување што медиумите беа претерано песимистички - иако тие всушност беа помалку песимистички од интерните проценки на разузнавањето на САД, на владините службени лица и на советниците на високо ниво. "Куќата на слободата" пребегнува дека одговорноста на слободниот печат е да навива за домашната екипа. Жалби на типот на "Куќата на слободата" искажува и советската воена команда и идеолозите на Партијата во поглед на Авганистан. Советскиот министер за одбрана "остро го критикуваше советскиот печат поради поткопувањето на јавната почит за советската војска" со своите негативни коментари. Неделникот со масовен оптек "Огониок" беше подложен на посебно остри критики, поради тоа што прикажа "црна слика" за војната во Авганистан, опишувајќи го "бедниот морал и дезертерството" помеѓу авганистанските единици, неспособноста на советските сили да ја контролираат територијата и дрогата која се користеше помеѓу советските трупи и објавените извадоци од дневникот на еден пилот на хелихоптер што ја опишуваат "глетката и мирисот на јагленосаните тела на колегите" и давањето до знаење дека "хелихоптерските загуби се високи". Во декември 1987 година, "Московски новости" објави едно писмо од Андреј Сахаров во кое се повикува на итно повлекување на советските трупи, додека сличните изјави во американскиот печат во однос на Виетнам беа ретки до непостоење доста време откако Тет офанзивата ги убеди американските елити дека играта не вреди ни пет пари. Постоеше дури и исклучителниот пример на дописникот на "Московски новости", Владимир Данчов, кој во мај 1983 година, преку радио емисии кои траеја пет дена, ја осуди советската инвазија врз Авганистан и ги повика

бунтовниците на отпор, предизвикувајќи оправдани пофалби на Запад и бес, кога беше испратен во една психијатриска клиника, од каде што се врати на својата позиција. Не постоеше Владимир Данчов во САД за време на војните на САД во Индокина - и оттогаш до денес.[310]

Во еден преглед на медиумското покривање на САД и Индокина од 1950 година до денес, Херман и јас покажуваме дека овие заклучоци цело време важат, понекогаш на најзапрепастувачки начин.[311] Колку што знам, истото е точно и при останатите случаи кои нудат тестирање на ривалските концепции на медиумите.

Како што е забележано во текстот, едно од предвидувањата на моделот на пропагандата, доста добро потврдено, е дека тој мора да биде исклучен од тековната дебата преку медиумите и покрај својата почетна веродостојност и својата сообразност со потребите на пропагандата, како што тие се артикулирани од суштински делови од елитното мислење кои го бранат "произведувањето на согласност". Иако почетната веродостојност и одбраната од страна на елитата не докажува, се разбира, дека моделот е точен, тоа може да сугерира дека е кандидат за дискусија. Но ниту оваа мисла ниту пак значителната емпириска поткрепа на моделот не му дозволува да постигне таков статус.

Општо кажано, можноста за проучување на функционирањето на медиумите преку моделот на пропагандата едноставно се игнорира. Во рамките на естаблишментот, дискусијата на медиумите се држи до тесниот конзервативно-либерален спектар со својата претпоставка дека медиумите или отишле далеку во својата непокорност кон власта или дека тие вистински се независни и незастрашени од власта, посветени на "растргнатиот дух на отворената контроверза" што е типичен за американскиот интелектуален живот (Волтер Гудман), со ништо неограничен.[312] При ретките прилики кога ќе се појави можност за поинаква позиција, неспособноста да се сфати и нивото на резонирање повторно покажуваат дека застапуваната концепција е премногу оддалечена од доктринарната рамка на елитната интелектуална култура за да биде интелигентна.

Еден пример, веќе забележан, е реакцијата на колумнистот на "Тајмс", Том Викер, кон студијата на мислењата на кои им е дозволено изразување во националниот печат. Како и при овој случај, реакциите вообичаено ја одразуваат неспособноста дури и да се перцепира она што се кажува. Така, расправата за тоа како медиумскиот пристап може да се диверзифицира преку радио станици поддржани од слушателите и други локални иницијативи, националниот дописник на "Атлантик мантли", Николас Леман, може да ја разбере само како повик за државна контрола врз медиумите; идејата за диверзифициран медиумски пристап во локалните заедници нуди "застрашувачки" изгледи од "политизирање на печатот", продолжува тој, како онаму каде што печатот е "контролиран од левоориентираните политички поредоци", од сталинистички стил - за разлика од тековниот систем на корпоративен олигопол, каде што печатот за среќа не е "политизиран". Или, да земеме друг случај, извршниот уредник на "Харперс магазин" ја критикува

[310] Bill Keller, *NYT,* Jan. 21, 1988; Paul Quinn-Judge, *Christian Science Monitor,* July 21, 1987; *Extra!,* месечник на FAIR, December 1987, за писмото на Сахаров. За Данчов види ги извадоците од "Manufacture of Consent" во Peck, *Chomsky Reader,* 223f.
[311] Види *Manufacturing Consent,* глава 5 и 6 и додаток 3.
[312] *NYT,* April 30, 1987.

анализата на медиумите на Мајкл Паренти врз основа на тоа дека тој "ги превидува клучните особини на американското новинарство", имено, дека "печатот во главно ги дефинира вестите според она што ќе го кажат политичарите."Тезата на Паренти е дека истите групи - "корпоративната класа" - ја контролираат и државата и медиумите, па така критиката досега до обвинението дека тезата е валидна.[313]

Волноста да се признае дури и само можноста на анализирање на медиумите преку моделот на пропагандата, како во трудовите од минатите години кои се претходно наведени, толку е невообичаена што само неколку постојни случаи можеби заслужуваат мал коментар. Критиката на Леман на "Произведувањето на согласност" всушност е еден од ретките примери. Неговиот преглед содржи неколку алузии на книгата, од кои малку само се доближуваат до прецизноста; примерот кој штотуку беше наведен е типичен. Можеме да се откажеме од понатамошното расправање околу невистините,[314] породот на злоупотреби или околу повременото очигледно несогласување околу фактите, во врска со што неговите докази се сведуваат на "литературата" или на општото знаење, што наводно не го потврдува она за што тој тврди дека ние го сметаме.

Наместо тоа, да ги разгледаме критиките на Леман на нашата презентација на моделот на пропагандата. Неговата главна поента е: "тие не го докажуваат во ниту една инстанца" тврдењето дека печатот "со знаење печати невистини и ги потиснува незгодните вистини." Тој е сосема во право. Во емпириските истражувања, ништо и никогаш не е буквално докажано; некој презентира доказ и се обидува да покаже дека тој може да се објасни врз основа на застапуваната хипотеза. Потоа критичарот би можел рационално да тврди дека доказот е погрешен, бедно избран или несоодветен на друг начин, или дека постои подобра теорија за објаснување на фактите. Леман не сугерира никаква несоодветност на доказите (кога ќе ги отстраниме лажните наводи), но изгледа дека сугерира алтернативна теорија. Таа е дека "истакнатиот печат навистина делува во рамките на доста тесен опсег на претпоставки" и дека "интензивно се концентрира врз мал број на предмети во еден период", поместувајќи го вниманието "непредвидливо од една земја на друга" и одразувајќи го "она што Херман и Чомски, сакајќи да бидат саркастични, го нарекуваат 'патриотски премиси'." Сепак, тој не продолжува со кажување како овој концепт за медиумите ги објаснува фактите кои ние ги разгледуваме, или не кажува други во случај да смета дека тие се бедно избрани поради ненаведени причини. Така, земајќи ја скоро единствената референца кон книгата што е прецизна, тој со многу презир забележува дека даваме конкретни податоци (и што е уште

[313] Lemann, *New Republic,* Jan. 9, 1989; види глава 1, забелешка 32. Michael Pollan, *NYT Book Review,* April 6, 1986, кој врши преглед на Parenti, *Inventing Reality*.

[314] Спомнав само една, бидејќи Леман ја дава како несоборлив доказ за нашиот недостиг на "посветеност кон вистината": "Херман и Чомски велат дека 'принципиелниот и храбар отпор' беше повообичаен одговор помеѓу Американците на возраст за мобилизација во поглед на Виетнам отколку барањето одлагање." Цитираниот израз може да се најде на страна 252 при расправањето за тоа како серијата на PBS за Виетнамската војна му даде "нецелосно покајание" на мировното движење. Како еден пример, забележавме дека барањето одлагања "тешко дека го определува 'духот на времето', како што тврдеше серијата (преку интервјуто на колегата на Леман, Џејмс Фалоус), "иако тоа е лице на овој 'дух' кое е далеку поприфатливо за етаблираното мислење од принципиелниот и храбар отпор на многуте илјади млади луѓе." Фалсификатот на Леман на оваа прецизна изјава јасно покажува дека тој спаѓа во рамките на естаблишментот, а таму е и опишан, без да навлегуваме во прашањето за "посветеноста кон вистината".

полошо, на "табеларен јазик") во врска со релативното внимание посветено на убиениот полски свештеник, отецот Попиелушко и стотте латино-американски верски маченици. Јасно е дека случајот ја потврдува нашата хипотеза ("која, се разбира, излегува дека е точна", пишува тој и понатаму со презир). Дали овој случај ја поткрепува алтернативната теорија на Леман? Кога неговите предлози се разликуваат од нашите, тие очигледно немаат ништо релевантно да кажат околу овие факти или околу било кои други.

Во одговорот на писмото на Едвард Херман со кое се изнесуваше оваа поента, Леман елаборира: "Што се однесува до отецот Попиелушко, тој беше убиен кога американските медиуми беа најмногу фокусирани на Полска. Надбискупот Ромеро беше убиен пред печатот вистински да се фокусира на Ел Салвадор. Убиството на Попиелушко не беше поважно; дискрепанцијата може да се објасни преку кажување дека печатот има тенденција да се фокусира само на малку работи во еден период." Оттука, ова е објаснението во врска со тоа зошто медиумите му отстапија далеку поголем простор на убиството на отецот Попиелушко во однос на убиството на стотте верски маченици во Латинска Америка, вклучувајќи го надбискупот Ромеро и четирите силувани и убиени вернички од САД и во врска со тоа зошто покривањето беше толку радикално поразлично според карактерот, како што е покажано во подробности. Да поставиме само едно наједноставно прашање: колку простор медиумите им даваа на Ел Салвадор и на Полска кога беа убиени надбискупот Ромеро и отецот Попиелушко? Наоѓаме дека просторот беше скоро идентичен, елиминирајќи го на таков начин ова предложено објаснение без било какво понатамошно разгледување на неговите доста очигледни недостатоци.[315]

И уште еднаш, единствениот веродостоен заклучок е дека токму идејата за подложување на медиумите на рационално испитување е она што е подмолно, кога доведува до заклучоци во кои се преферира да не се верува.

Потврдувајќи понатаму дека токму ова е она што е ризично, Леман нè осудува поради "посветувањето на својот најголем конкретен презир кон либералните новинари... според долготрајната традиција на левицата", особено кон Стивен Кинцер, Сидни Шанберг и Вилијам Шоукрос. Сепак, тој не објаснува како некој може да го истражува покривањето на Средна Америка и на Камбоџа од страна на "Њујорк тајмс", а истовремено да ги избегнува трудовите на неговите дописници на тие места; или како некој може да го истражува значајниот успех на идејата дека левицата им наметна "тишина" на медиумите и на владата за време на годините на Пол Пот - и тоа преку публикации кои се печатеа по соборувањето на Пол Пот - без референци во однос на нејзиниот творец. Доста очигледно, темите што се обработуваат е она што е неприфатливо за Леман, поради причини кои лесно можат да се распознаат. Настрана од овие согледувања, Леман изгледа дека не ја разбира елементарната поента дека дискусиите на најдисидентските и најкритичните елементи на медиумите се од особено значење, поради очигледните и познати причини на истражување на границите што и' се стават на помислувачката мисла.

---

[315] Писма, *The New Republic*, March 6, 1989. Ромеро беше убиен на 24 март 1980 година; Попиелушко беше грабнат на 20 октомври 1984 година, а потоа беше и убиен. Оттука, една природна споредба се колумните од индексот на "Њујорк тајмс" за Ел Салвадор од 1980 година и за Полска од август 1984 година до јули 1985 година (споредлив период), очигледно исклучувајќи го покривањето на самите овие инциденти. Покривањето на Ел Салвадор е нешто поголемо според ова мерило.

А цело време Леман е посебно бесен поради вниманието кон фактите, како што покажуваат неговите презирливи коментари во врска со "табеларниот јазик". Така, тој пишува дека ние "ги отфрламе стандардните извори за земјите за кои пишуваат", како при расправањето за покривањето на никарагванските избори, каде што употребуваме такви апсурдни извори како извештајот на ирската парламентарна делегација од главно десно-центристички партии и подробната студија на професионалното здружение на латино-американските научници (кои ги нарекуваме "независни набљудувачи", додава тој со презир, веројатно сметајќи дека латино-американските научници не се "независни" ако нивното истражување не е сообразно со нашите предрасуди). Запрашан од Херман да објасни зошто наоѓа дека нашите извори се несоодветни при овој или при било кој друг случај, тој пишува: "Под стандардни извори мислам на американскиот печат, кој обично ги мери владините соопштенија и останатите извори." Оттука, она што тој го кажува е дека при истражувањето на тоа како медиумите се справија со никарагванските избори, мораме да се потпреме врз медиумите што ги испитуваме и да не употребуваме независни материјали за да ја процениме нивната изведба. Следејќи ја оваа генијална процедура, природно ќе заклучиме дека медиумите се однесуваат исклучително добро: она што тие го произведуваат точно му одговара на она што тие го произведуваат. Доста настрана од ова, изгледа дека Леман не разбира дека нашиот опис за тоа како медиумите радикално ја поместија агендата во случаите со Ел Салвадор и Никарагва на ниту еден начин не е зависен од изворите кои тој ги смета за неприфатливи и егзотични.

Истото важи цело време. Тешко е да се поверува дека таквите перформанси се со сериозна намера. Поверодостојно толкување е дека прашањата што се поставуваат толку многу не можат да се толерираат што не може да се одржи дури ни привид на сериозност.

Понекогаш се тврди дека моделот на пропагандата е поткопан од фактот дека некои му бегаат на влијанието на системот. Тоа е "аномалија" која моделот ја остава необјасната, наведува Волтер Лафабер. Така, "слабоста" на моделот е "неговата неспособност да го објасни анти-контристичкото движење што - досега - ја заслабнува политиката на Администрацијата." Лафабер понатаму тврди дека застапниците на моделот ги сакаат "и двете работи: да тврдат дека водечките американски весници 'создаваат пристрасност', но се бунат кога ќе наведам некои клучни примери што ја ослабнуваат" нивната теза; единствениот пример што е наведен, "клучниот исклучок", е случајот со непостоечките МИГ-ови. Тој промовира и трет аргумент против моделот, каков што е прикажан во нашиот труд "Произведување согласност". "Ако медиумите со вести се толку неспоредливо лоши, книгата требаше барем да објасни зошто толку многу публикации (вклучувајќи ја и мојата) можат да ги наведуваат нивните приказни при напаѓањето на средно-американската политика на претседателот Реган."

Ова е еден он многу ретките обиди да се оцени моделот на пропагандата преку конкретен аргумент наместо преку едноставно пцуење, а покрај тоа се работи за размислување на еден истакнат историчар со независен ум. Поради тоа вреди да се разјасни логиката на трите аргументи.

Да го разгледаме првиот аргумент: моделот е поткопан од фактот дека понекогаш обидите "да се создаде пристрасност" не успеваат. Според истата логика, описот за тоа како работи "Правда" при "создавањето на пристрасност" би било поткопано од постоењето на дисиденти. Јасно, тезата дека "Правда" служи како орган на државната пропаганда не е непотврдена од фактот дека

постојат многу дисиденти во Советскиот сојуз. Ниту пак би била потврдена тезата ако секој збор што го печати "Правда" би бил некритички прифатен од целото советско население. Тезата не кажува ништо за степенот на успешност на пропагандата. Првиот аргумент на Лафабер не е релевантен; тој не се однесува на моделот што ние го прикажуваме.

Што се однесува до различните прашања во врска со фактичкото медиумско влијание врз мислењето, недостигаат сеопфатни и систематски студии, но постои малку сомнение дека влијанието е суштинско, особено сигурно помеѓу едуцираните класи.[316] Од анализите од тој тип, кои сеуште не се превземени, би се очекувало поблиску да одредат колкаво влијание се должи на медиумското искривување и филтрирање, а колкаво на тесно-сфатениот личен интерес и на останатите причини при воспоставувањето на значителните илузии кои преовладуваат во врска со клучните прашања. Исто така е точно дека, со голем напор, некои се способни да изнајдат начини за да мислат со своја глава, па дури и успешно да делуваат на политичката арена, создавајќи на таков начин "криза на демократијата". Но ова ниту го потврдува ниту го побива описот на тоа како функционираат медиумите.

Да го оставиме за момент прашањето за "анти-контристичкото движење" и да се свртиме кон вториот аргумент, заснован на "клучниот исклучок". Околу ова веќе расправавме. Тоа не е исклучок, туку потврда на моделот на пропагандата (види ја забелешка 8). Овој факт го елиминира вториот аргумент. Но да претпоставиме дека беа прикажани вистинити случаи на медиумски неуспех при сообразувањето со владината линија. Застапниците на моделот нема да се "бунат", како што верува Лафабер; тоа е токму она што моделот го предвидува, како што гледаме кога ќе се надмине постојаното погрешно толкување.

Моделот на пропагандата не тврди дека медиумите ја папагализираат линијата на тековните државни управители на начин својствен за тоталитарните режими; напротив, дека медиумите општо го одразуваат консензусот на моќните елити на државно-корпоративниот нексус, вклучувајќи ги и оние кои се бунат во врска со некој аспект на владината политика, типично врз тактичка основа. Моделот тврди, од своите темели, дека медиумите ќе ги штитат интересите на моќните, а не дека ќе ги штитат државните управители од сопствената критика; трајното неуспевање да се увиди оваа поента може да е одраз на поопштата илузија во врска со нашиот демократски систем. Во дадениот случај, моделот на пропагандата не е побиен ако медиумите понудат платформа за моќните домашни елити што почнаа да се спротивставуваат на уништување на Никарагва преку опцијата со контрата; напротив, тој е поткрепен од овој факт. Како што претходно е забележано, до 1986 година 80% од "водачите" (извршни директори итн.) се противеа на контристичката политика - како манлива, премногу скапа и ненужна при остварувањето на споделените цели, судејќи според јавната расправа. Поради тоа моделот на пропагандата предвидува дека овие гледишта треба да имаат одраз во медиумите, доаѓајќи во судир на таков начин со владината линија. Всушност, моделот можеби навистина потфрли во случајот со контрата, иако на начин *спротивен* на она во што верува Лафабер: како што видовме, медиумите не само

[316] Малкуте студии што постојат го потврдуваат заклучокот. Види го "Произведувањето согласност" во врска со студиите на влијанието на медиумите, во прв ред на телевизијата, при создавањето поддршка за Виетнамската војна, вклучувајќи ја тука и себе-побивачката студија за покривањето на Тет офанзивата издадена од "Куќата на слободата".

што без размислување или без поставување прашања ги прифатија основните доктрини на тесниот (и доста значаен) елитен консензус во врска со средно-американската политика, туку дури и во голема мера се држеа до екстремистичката позиција на тековните државни управители, покажувајќи на таков начин степен на подреденост кон државните власти надвор од она што моделот го очекува.

Откако ја разјаснавме оваа поента, да се вратиме на "антиконтристичкото движење што... ја заслабнува политиката на Администрацијата." Тука е потребна одредена внимателност. Постојат две различни анти-контристички движења, исто како што постоеја и две различни движења против Виетнамската војна. Едното се спротивставуваше на политиката на администрацијата врз тактичка основа, додека другото врз основа на принципите. По Тет офанзивата, голем дел од корпоративната елита почна да и' се спротивставува на војната врз основа на тоа дека таа не е мудра или дека не е нужна. Истото важи и за контрата, како што беше пред малку забележано. Народната и принципиелна опозиција на американскиот напад врз Виетнам и Никарагва навистина "ја заслабнуваше политиката на администрацијата", но не преку медиумите. Овие движења ги зголемија трошоците на престапниците и на тој начин во голема мера беа одговорни што на крајот се појави тесно-заснованата и себична критика на елитата. Сепак, колку и да се важни овие прашања, нема потреба нив тука да ги истражуваме. Поентата е дека постоеја два различни видови на "анти-контристичко движење", дека медиумите ги одразуваа тесните, тактички забелешки сообразни со нивната содружничка функција, но дека никогаш не понудија повеќе од само маргинално отворање кон принципиелната критика, како што беше илустрирано преку претходно прегледаните примероци. И повторно, предвидувањата на моделот на пропагандата се потврдени.

Уште повеќе, моделот на пропагандата не е ослабнат од откривањето дека во медиумите може преку внимателно и критичко читање да се најде материјал кој може да биде употребен од оние што се противат на "средно-американската политика на претседателот Реган" врз основа на принципите, спротивставувајќи им се не само на нејзините неуспеси, туку и на нејзините успеси: скоро уништувањето на Никарагва и заслабнувањето на народните сили што се закануваа дека ќе донесат демократија и општествена реформа во Ел Салвадор, помеѓу останатите постигања. Аналогно на тоа, тврдењето дека советскиот печат ја емитува владината пропаганда и се обидува да "создаде пристрасност" на никој начин не е побиено кога во него ќе најдеме - и се разбира дека наоѓаме - материјал што го поткопува тврдењето дека херојската советска војска маршира од успех во успех, бранејќи го Авганистан од бандитите испратени од ЦИА. Поентата е очигледна во вториот случај, како што е и во првиот. Така пропаѓа и третиот аргумент.

Забележете го на крајот верувањето на Лафабер дека политиката на администрацијата беше неуспешна. Точно е, според одредбите на официјалната пропаганда, дека политиката пропадна: САД не ја "обнови демократијата" во Никарагва, ниту пак целосно воспостави "демократија" во Ел Салвадор и Гватемала. Како што предвидува моделот на пропагандата, медиумите со скоро еднодушност ја опишаа политиката како неуспех, усвојувајќи го официјалното преправање без скепса или истражување. Ако си дозволиме мерење на критичката непристрасност, подарувајќи си го на таков начин правото да го анализираме идеолошкиот систем на САД на начин на анализа на останатите општества, тогаш заклучоците се доста поинакви. Политиката на

администрацијата постигна значителен успех во остварувањето на основните цели, иако највисоките цели не беа постигнати и делумните неуспеси беа премногу скапи за интересите кои ги претставуваат планерите - што баш и не е непознат настан во историјата, при што војните во Индокина се другиот случај.

Можеби вреди да се нагласи една поента која треба да биде очигледна. Ако медиумите функционираат онака како што предвидува моделот на пропагандата, тогаш тие мораат да презентираат слика на светот што е толерантно блиска до стварноста. Инвеститорите мораат да донесуваат одлуки засновани врз фактите од стварниот свет, а истото важи и за државните управители. Привилегираните и политички активни елити, кои се потпираат на медиумите, мора да имаат одредена свест за основната стварност за да можат успешно да им служат на сопствените интереси и да ги играат своите општествени улоги. Често, оваа стварност ја покажува неспособноста, некомпетентноста, корупцијата и останатите неуспеси на државните управители и на нивните политики. Оваа стварност може да се детектира, па дури и да се нагласи во медиумите и би било така и ако нивната единствена функција би била да им служат на моќните. Повикувањето на овие факти за да се покаже дека медиумите не се обидуваат "да создадат пристрасност" е застранување кон сериозно неразбирање на општествената стварност, а да не зборуваме за логиката на објаснувањето.

Помеѓу естаблишментот ретко може да се открие било какво признавање на постоењето или на можноста за анализа на идеолошкиот систем преку моделот на пропагандата, настрана од обидот за негово спротивставување врз рационална основа. Неуспехот на аргументите во неколкуте примери што можат да се најдат, повторно сугерира дека моделот навистина е издржлив.

Еден од најсоодветните начини на тестирање на моделот на пропагандата, или на било која друга концепција за тоа како функционираат медиумите, е тесната споредба на примери во пар. Се разбира, историјата не нуди совршени експерименти, но постојат многу случаи кои се доволно блиски за да дозволат поучно тестирање. Во текстот и во додатоците се расправа за редица примери, а за многу повеќе се расправа на други места. Колку што знам, тие го потврдуваат моделот на пропагандата со степен на конзистентност што е изненадувачки за комплексниот општествен свет и на начин кој често е драматичен.

Мора да се примени одредена грижливост при одбирањето на таквите примери. Така, да претпоставиме дека треба да тврдиме дека "Бостон глоуб" применува двојни стандарди во однос на градот Бостон, подложувајќи го на нефер критики. За да ја докажеме поентата, земаме примери во пар: да речеме, корупцијата на градската власт во Бостон и Сиетл, или иследуваните убиства на полицијата во Бостон и Карачи. Без сомнение дека ќе најдеме дека покривањето на бостонските случаи е далеку поголемо и дека на таков начин ја докажува поентата: уредникот и персоналот се "себе-мразечки бостонци".

Аргументот јасно дека е бесмислен. Очигледно, споредбата мора да започне со поставување на основица околу вообичаеното ниво на покривање на работите во Бостон, Сиетл и Карачи во "Глоуб" и за причините за општото одбирање. Исто така мора да ги земе во обзир и таквите фактори како нивото на *позитивно* покривање на трите градови. Поправајќи ја поради очигледните грешки, теоријата за себе-мразечки бостонци брзо пропаѓа.

Овие поенти се толку тривијални што е доста запрепастувачко откритието дека тие вообичаено се игнорираат. Така, една позната осуда на

медиумите - што доста веројатно е и најчеста имајќи ги во предвид писмата до уредникот, страствените коментари итн. - е дека тие не се фер кон Израел и дека применуваат "двојни стандарди" кон него, можеби дури и анти-семитизам, било зашто новинарите се себе-мразечки Евреи или зашто се вљубени во левоориентираните фашисти или терористи од Третиот свет. Доказот што типично се нуди е тезата дека израелските злодела се здобиваат со поголемо покривање отколку споредливите или полошите злодела во Сирија, Јужен Јемен и останатите арапски и трето-светски држави.[317]

Измамата е провидна; таа е токму онаква за каква што пред малку расправавме. Нивото на медиумско покривање на Израел далеку го надминува покривањето на погоре наведените примери за да докаже "двоен стандард" и е тотално поразлично според карактерот. Би требало долго да се пребарува за да се најде некој позитивен збор за Сирија, Јужен Јемен итн. или воопшто некој збор. Покривање какво што постои е униформно негативно, главно на остар начин и без ублажувачки елементи.

Покривањето на Израел е радикално поразлично и по степен и по карактер. Израелските избори од 1988 година, на пример, добија опсежно и значајно покривање во националните медиуми, на второ место веднаш зад самиот САД.[318] Истото важи и при останатите случаи што некој би ги одбрал. Понатаму, покривањето на Израел е крајно поволно, па дури и сервилно, како што е илустрирано преку примерите наведени порано и подолу; во огромна мера за настаните се известува и толкува од израелска гледна точка. Се разбира, исто така следи дека штом израелските sверства станат премногу екстремни за да бидат превидувани, покривањето ќе биде посуштинско отколку во случајот на земјите на кои главно се пцуе или кои се игнорираат, како и во случајот со Бостон и Карачи. Потоа, ако било која земја што му се приближува на Израел според степенот и пофалниот карактер на покривањето (а што не постои, според она што го знам) изврши sверства од типот во кој Израел редовно е вмешан, или ако Евреите во Советскиот сојуз или на друго место се подложени на типот на третман што редовно се применува врз Арапите, постои малку сомнение за тоа каква би била медиумската реакција. Ќе се навратам на некои примери, а постои опсежна литература што го покажува заштитништвото на медиумите кон Израел, кое е очигледно за секој што е запознат со нив. Сепак, мојата поента тука е да се разјаснат методолошките поенти. Штом нив ги разбереме, оваа голема литература може да биде отфрлена, со ретки исклучоци.

---

[317] Понудените случаи се доста бесмислени (види го следниот оддел за неколку примери), но можат да се најдат и вистинити. Види го мојот *Fateful Triangle,* 371, за главните колежи кои беа потиснати, додека медиумите кратко се фокусираа врз масакрите од Сабра-Шатила, пред да ги прифатат заклучоците на Кахановата истражна комисија на израелската влада. Селективното фокусирање заслужува да биде обвинето за дволичност на израелската влада и на нејзините апологети, како што се расправа во *Fateful Triangle*. Извештајот на Кахановата комисија беше срамно перење на раце; види го *Fateful Triangle,* глава 6 и Shimon Lehrer, *Ha'ikar Hehaser* ("The Missing Crucial-Point"; Amit, Jerusalem, 1983). При внимателната критичка анализа на настаните и на извештајот на Кахановата комисија, Лерер покажува дека нејзините заклучоци беа неодржливи и тврди дека според израелското право министерот за одбрана и главниот командант треба да се соочат со 20-годишни затворски казни поради смислено убиство. Додека беше остро критикуван во Израел, во САД извештајот на Кахановата комисија беше насликан, без анализа, како многу импресивен па дури и дека се приближува до возвишеност.

[318] Интересно би било, на пример, да се спореди покривањето на израелските избори со она на канадските избори во истото време, значи на изборите во соседна земја која гласаше околу едно доста значајно прашање за бизнис интересите во САД, договорите за "слободна трговија".

Во литературата се расправа за доволен број на примери за кои мислам дека се правилно одбрани, а кои се наведени во референците, а и тука повторно. Постојат доста комплексности, така што секогаш е можно предизвикување на некој посебен избор. Но според моите сознанија, не е изнесено ниту едно сериозно предизвикување. Сепак, постојат одредени методолошки прашања кои вредат внимателно да се разгледаат ако анализата на идеолошките системи се прави на сериозен начин. Да разгледаме некои од нив.

Моделот на пропагандата врши предвидувања на различни нивоа. Постојат предвидувања од прв ред околу тоа како функционираат медиумите. Моделот врши и предвидувања од втор ред околу тоа како медиумската изведба ќе се расправа и оценува. И врши предвидувања од трето ниво околу реакциите кон проучувањата на медиумската изведба. Општото предвидување, на сите нивоа, е дека она што влегува во естаблишментот ќе ги поддржува потребите на етаблираната моќ. Предвидувањата од прв ред се оние со кои се занимаваме цело време. Предвидување од втор ред е дека медиумската дебата ќе биде омеѓена на начин кој ќе ги задоволува овие надворешни потреби, ограничувајќи се така на прашањето за наводното противничко стојалиште на медиумите, поента за која беше расправано во првото поглавје и на која ќе се навратам во следниот оддел. Но да претпоставиме дека некоја студија на медиумите ги избегне наведените меѓи и дојде до несакани заклучоци. Моделот поставува предвидувања од трет ред и во овој случај: конкретно кажано, тој предвидува дека таквото испитување ќе биде игнорирано или огорчено осудено, зашто се судрува со потребите на моќните и привилегираните. Веќе беа спомнати неколку примери,[319] но потребно е поблиско разгледување, бидејќи проблемот е од одредено значење за истражувањето на идеолошкиот систем. Вреди да се разберат средствата кои се користат за да се спречат таквите истражувања.

Бидејќи проблемот може да стане заплеткан, ќе земеме еден конкретен пример. Да го разгледаме испитувањето во "Политичката економија на човековите права" на трите категории на sверства: на она што таму го нарековме "конструктивно", "бенигно" и "порочно" крвопролевање. "Конструктивни крвопролевања" се оние што се во служба на интересите на американската моќ, "бенигни крвопролевања" се оние што во голема мера се ирелевантни од наведената гледна точка, а "порочни крвопролевања" се оние кои можат да им се припишат на официјалните непријатели и кои како такви се корисни и ја мобилизираат јавноста.

Предвидување од прв ред на моделот на пропагандата е дека конструктивните крвопролевања ќе бидат добродојдени (можеби со вртење со главите и со мисли околу варварството на заостанатите народи), бинигните ќе бидат игнорирани, а порочните страсно ќе бидат осудени, врз основа на верзија на фактите која мора да има мала веродостојност и која може да усвои стандарди што би предизвикале презир ако би биле применети при проучувањето на наводните злоупотреби на САД и на пријателските држави. Презентиравме серија на примери за да покажеме дека токму овие последици се она што го откривме.

Предвидувањето од втор ред на моделот е дека во рамките на круговите на естаблишментот нема да се најдат студии од овој тип и тоа е доста точно. Но сега имаме пример што ги избегнува овие меѓи. Поради тоа се свртуваме кон предвидувањата од трет тип: кои ќе бидат реакциите?

[319] Види го "Произведувањето согласност", глава 1, за дискусија на некои други примери.

На ова ниво, моделот предвидува дека разоткривањето на фактите ќе биде доста недобродојдено. Всушност, некој би можел да извлече уште поостар заклучок: разоткривањето ќе биде игнорирано во случајот на конструктивното крвопролевање, може повремено да биде забележано без интересирање во случајот со бенигното крвопролевање и ќе води кон голема индигнација во случајот со порочното крвопролевање. Причините се јасни: добредојденоста што му се дозволува на конструктивното крвопролевање не може да биде признаена, па дури и само поради тоа што ја изложува дволичноста на бесот во врска со порочните крвопролевања и злоупотребите на непријателот воопшто; разоткривањето на недоволното внимание во однос на бенигните крвопролевања не е премногу штетно, ако барем е потисната улогата на САД во спроведувањето на тие sверства; а разоткривањето на третманот и на реакциите во врска со порочните крвопролевања не само што повторно ја открива дволичноста и општествената улога на "специјализираната класа" на привилегирани интелектуалци, туку и го попречува вредното средство за мобилизирање на јавноста преку страв и омраза кон непријателот што се заканува.

Предвидувањата од прв ред на моделот систематски се потврдуваат. Конструктивните крвопролевања беа добродојдени и одобрувани, бенигните беа игнорирани, а порочните беа разлутено осудени врз основа на такви докази и обвинениј што би биле отфрлени со потсмев ако би биле понудени против САД или неговите сојузници. Во поглед на предвидувањата од втор ред, како што предвидува моделот на пропагандата, вакво испитување се смета за целосно надвор од границите и нема да биде најдено во рамките на естаблишментот.[320] И на крајот, што се однесува до предвидувањата од трет ред, и тие се потврдени. Нашата расправа за конструктивните крвопролевања беше целосно игнорирана, расправата за бенигните крвопролевања заслужи само еден попатен исказ во контекст што го оправдува САД, а нашето разоткривање на справувањето со порочните крвопролевања предизвика огромна осудувачка литература.

Овие реакции вредат да се истражат; тие имаат јасни импликации за проучувањето на идеолошките институции. За да видиме зошто, ќе фрлиме поглед на двата случаи што најдетално ги истражувавме: индонезиската инвазија врз Источен Тимор поддржана од САД (бенигна) и теророт во Камбоџа под Црвените Кмери (порочен).

Овие два случаи се добро избрани за целта на тестирање на моделот на пропагандата. И во двата случаи беше јасно дека постоеја ужасни масакри. Потоа, тие се случија во ист дел од светот и токму во истите години - иако индонезиското насилство и репресија во Тимор продолжува, со поддршка на САД и на другите индустриски демократии. Доказите во двата случаи се споредливи според пристапноста, веродостојноста и карактерот. Овие докази исто така покажуваат дека sверствата беа споредливи на апсолутен начин во

[320] Всушност, верзијата на оваа студија од почетокот на 1974 година беше потисната од конгломератот што го поседуваше издавачот, кој дури отиде дотаму што го прекина работењето на издавачот со цел да ја спречи дистрибуцијата; види ја воведната забелешка од издадената верзија на "Политичката економија на човековите права" од 1979 година за подробности. Проблемот им беше предочен на некои поборници за граѓански слободи, но тие не покажаа интерес, веројатно поради тоа што не беше вмешана државна цензура, туку само корпоративна цензура за која се смета дека е легитимна врз основа на претпоставката дека распределбата на моќта во граѓанското општество е легитимна.

периодот што се разгледува, иако релативно на населението тие беа поголеми во Тимор.[321] Клучната разлика беше тоа што масакрот во Тимор беше извршен од клиент на САД со клучна дипломатска и воена помош на САД која се зголемуваше заедно со ескалирањето на sверствата, додека масакрот во Камбоџа беше извршен од официјален непријател и, понатаму, беше високо функционален во тоа време при помагањето да се надмине "Виетнамскиот синдром" и да се обнови јавната поддршка за американските интервенции и насилства во Третиот свет "во одбрана од Пол Потовите". Всушност, неколку месеци откако напишавме во врска со овие изгледи, продлабочувачкото вклучување на американската влада во државниот терор од типот на Пол Пот во Ел Салвадор беше оправдано како нужно за да се спаси населението од "полпотовата левица".

Во нашето споредбено проучување на одговорот на масакрите во Камбоџа и Тимор, не извлековме посебни заклучоци од конкретните факти. Како што преповторувавме до точка на досадност, обидот да се проценат конкретните факти е различна тема и не е соодветна на нашето посебно истражување. Тоа е едноставна логика. Прашањето кое го разгледувавме беше како достапните докази се преобразуваа при поминувањето низ филтрите на идеолошкиот систем. Јасно дека врз тоа истражување на делувањето на пропагандниот систем не може да делува, на овој или на оној начин, што и да биде откриено во врска со конкретните факти. Ние навистина претпазливо сугериравме дека во случајот на Тимор црковните извори и студиите за бегалците се веродостојни и дека во случајот на Камбоџа специјалистите на Стејт департментот веројатно ги презентираат најверодостојните описи. И двете сугестии ретроспективно беа добро потврдени, но и прецизноста на нашите сомневања во однос на тоа дека фактите не се соодветни на прашањето што го разгледувавме, како што беше очигледно при тогашните мислења и што постојано го нагласуваме.

Потоа, нашата цел беше да го разгледаме односот помеѓу достапните извори и прикажаната слика во медиумите и во весниците со мислења; одредувањето на конкретните факти е различна задача. Подоцнежната задача, нагласивме, е доста вредна за преземање (но едноставно не беше наша задача). Така, пристапивме кон проблемот со тврдењето на Жан Лакутур од "Њујорк ривју оф букс" дека фактите не се важни; не го прифативме неговото спорење дека нема последици без разлика на тоа дали убиствата под Пол Пот се со илјади или со милиони (тој на почетокот тврдеше дека Црвените Кмери во 1976 година се фалеле дека убиле 2 милиони луѓе, но при поправките по неколку недели мртвите можеа да бидат само во илјади, додавајќи дека намалувањето на

[321] Потсетете се дека книгата почна да се печати веднаш по виетнамската инвазија која го собори Пол Пот и токму пред да стане достапен напливот на сведоштва од бегалците. Во времето кога пишувавме, скоро сите докази мораа да се однесуваат на годините 1975-1977 и скоро ништо не се знаеше за масакрите од 1978 година во Источната зона, кои беа далеку најопсежните за времето на Пол Пот, според тековната научна литература. Види Michael Vickery, *Cambodia* (South End, 1983), кој е најподробен научен извор, а кој скоро е игнориран во САД. За другите студии, види го мојот преглед во *Inside Asia*, кој беше повторно печатен во *The Chomsky Reader,* 289f. Како што забележува Викери, големата маса на докази што се појави подоцна, иако го збогатува разбирањето на тој период, не сугерира никаква значајна ревизија на она што ние го објавивме во 1979 година. Иако паралелите помеѓу Тимор и Камбоџа и проценките на службените лица за помош, на другите набљудувачи и на специјалистите за областа беа широко признати во раните 80-ти, не е веројатно дека на овие факти ќе им биде дозволено да го преживеат историскиот инженеринг во иднината.

неговата проценка со можеби фактор 1 000 не е од значење).[322] Посочивме дека оваа позиција, иако нашироко се фали и се почитува во овој случај, би била отфрлена со презир ако се примени од некој друг настрана од САД и неговите клиенти и сојузници; замислете ја реакцијата ако некои критичари на Израел наведеа дека Израел се фалеше дека убил неколку милиони луѓе за време на инвазијата на Либан во 1982 година, а потоа признаеја дека бројот беше во илјади, но дека тоа е разлика без последици.

Свртувајќи се кон предвидувањата од прв ред на моделот на пропагандата, во случајот со Камбоџа под Црвените Кмери,[323] уште од првиот момент постоеја обвинувања за геноцид, огромен излив на протести, фабрикување на докази на големо, потиснување на некои од најдоверливите извори (вклучувајќи ги и пазачите на Камбоџа на Стејт департментот, извор со најмногу сознанија од тоа време), бидејќи не ја поткрепуваа преферираната слика, повторувања на претераните фабрикации дури и откако беше отворено признаено дека тие биле измислени итн. Во случајот со Тимор, покривањето од суштинското ниво пред да почне индонезиската инвазија поддржана од САД се намали до нула кога sверствата го достигнаа својот врв со растечка поддршка од страна на САД.

Важноста на ова потиснување не може премногу силно да се нагласи. Поради него малкумина знаеја што се случуваше или му посветуваа доволно внимание на она малкуто што протекуваше. Како што треба да биде очигледно, ова е критика со голема острина. Не се исклучувам себеси од неа, морам да кажам со жалење. Sверствата на Тимор и во Камбоџа под Пол Пот започнаа скоро истовремено, но јас прв пат објавив во врска со првиот случај 19 месеци по пишувањето за sверствата на Црвените Кмери, иако масакрите на Тимор беа далеку поважни според било кој морален критериум од проста и едноставна причина што можеше да се направи нешто за тие да престанат. Благодарение на медиумската цензура, не постоеја суштински напори за организирање на оној тип на опозиција што можеби ќе го принудеше САД да се откаже од своето активно учество во колежот и така доста возможно да го доведе него до крајот. За разлика од ова, во случајот со Камбоџа никој не предложи мерки кои би биле превземени за да се ублажат sверствата. Кога Џорџ Мекговерн кон крајот на 1978 година предложи воена интервенција за да се спасат жртвите, беше исмеан од десното крило и од владините советници. А кога Виетнам нападна и му стави крај на колежот, беше предизвикано ново ужаснување во врска со "Прусите од Азија" кои го соборија режимот на Пол Пот и кои мораат да бидат казнети поради злоделото.

Оттука, предвидувањата од прв ред се добро потврдени. Предвидувањата од втор ред не само што беа потврдени, туку и беа далеку надминати; доктрината која беше измислена и која набрзо стана стандардна, иако беше крајно неконзистентна со лесно документираните факти, е дека постоеше

[322] Всушност, ова беше само едно погрешно тврдење. Статијата на Лакутур беше прикажана како преглед на *Cambodge année zéro* од François Ponchaud, но едвај да има референци кон книгата што би биле блиску до прецизноста. Во продолжението што далеку ги трансцедентира предвидувањата на моделот на пропагандата, погрешните тврдења на Лакутур беа нашироко цитирани како утврдени вистини долго време по појавата на неговото побивање. Види ја "Политичката економија на човековите права" за подробности околу овие разоткривачки факти.

[323] Нагласувам: *под Црвените Кмери.* Sверствата од првата половина на декадата за кои главно се одговорни САД беа доста многу потценети и сеуште се. Види го "Произведувањето согласност", глава 6 за подробности.

"молк" на Западот во врска со sверствата на Црвените Кмери.[324] Оваа фантазија е многу корисна, не само за потиснување на потчинетоста на едуцираните елити кон надворешната моќ, туку и за сугерирање дека во иднина мораме уште поинтензивно и потесно да го фокусираме вниманието врз злоделата на непријателите. И предвидувањата од трет ред се потврдени. Нашата расправа за Камбоџа под Пол Пот предизвика бура на протести.[325] На осудите, според она што го знам, целосно им недостига суштина, факт што не помина без забележување во научната литература,[326] и не сум свесен за ниту една грешка или заведувачка изјава што е најдена во било што од она што го напишавме. Голем дел од критиките е бесмислен, па дури и комичен; постоеше и импресивен наплив на невистини, често со сигурност свесни. Но нема да продолжам на оваа тема овде.[327] Многу поинтересна беше една поразлична реакција: дека целиот потфат е нелегитимен. Не е правилно, многумина чувствуваа, па дури и не е човечно убедувањето да се држиме најдобро што можеме до вистината околу sверствата на Пол Пот, или да ги разоткриваме начините преку кои судбината на бедните жртви беше сурово искористена за пропагандни цели.

Многу упадливо, втората одредба на споредбата - нашата расправа за медиумската реакција кон поддржаните од САД sверства на Тимор - беше скоро игнорирана, настрана од апологетиката за sверствата и за однесувањето на медиумите или од неколкуте попатно спомнати зборови. Повторно, ова до ситни подробности ги потврдува предвидувањата од трет ред.

Накратко, моделот е потврден на сите нивоа.

Да ја испитаме сега логиката на реакцијата што наведува дека не е правилно, човечно да се изложуваат фабрикациите на идеолошкиот систем во случајот на sверствата на Пол Пот. Очигледно, или е или не е легитимно да се проучува идеолошкиот систем на САД. Да претпоставиме дека е легитимно. Оттука е легитимно да се формулира моделот на пропагандата како хипотеза и да се тестира преку истражување на примери во пар: медиумскиот третман на Камбоџа и Тимор, на пример. Но, наведуваат критичарите, проучувањето на медиумскиот третман на Камбоџа е нелегитимно. Поради тоа, освен ако постои нешто посебно во врска со овој случај на што уште треба да се посочува, нивната позиција мора да е дека *не* е легитимно да се проучува идеолошкиот систем на САД. Фактот што реакцијата е одбележана со така исклучителна неискреност, како што повеќе пати е разоткриено, јасно го подвлекува очигледното: мора да биде заштитено правото да и' се служи на државата; идеолошкиот систем не може да биде подложен на испитување засновано врз

[324] Исто, за дискусија.

[325] Всушност постојат две такви расправи, една долга во "Политичката економија на човековите права", втор том и една статија-преглед во "Нејшн" што накратко истакнува слични поенти.

[326] Види Vickery, *op. cit.,* 308, 310.

[327] За примери и на бесмисленост и на лаги, види ја "Политичката економија на човековите права", втор том, глава 6 и "Произведувањето согласност", глава 6, оддел 6.2.8; исто и додаток 5, оддел 5, подолу. За еден пример од чудниот сплет на измислици и невистини, што некои го сметаат за "научни дела", види Leo Labedz, "Chomsky Revisited," *Encounter,* July 1980; статијата исто е значајна и поради својата апологетика за поддржаните од Западот sверства на Тимор. Дека лагите во овој случај беа свесни се покажува преку фактот дека весникот одби да дозволи одговор што ги изложуваше фалсификатите точка по точка, за статијата поради тоа да биде цитирана, препечатена со акламација итн. Стандардно е на дисидентите да им се одрекува правото на одговор при личните напади и разумно е да се претпостави дека при таквите случаи весникот ја знае потребата од заштита на фабрикациите, кои премногу лесно би биле разоткриени ако одговорот не би бил забранет.

хипотеза дека неговата содружничка функција е да и' служи на надворешната моќ. Логиката е многу јасна.

За да го утврдиме уште поцврсто овој заклучок, можеме да го одбележиме фактот дека не се изнесуваат приговори при разоткривањето на лажни или заведувачки описи на sверствата извршени од САД или неговите клиенти, било во ретроспектива или кога тие се во тек. Единствено разоткривањето на фабрикациите во врска со официјалните непријатели е подложено на општо срамотење. Така, никој од оние што беа шокирани од разоткривањето на големиот наплив на измами во врска со Камбоџа не мрдна ни со прст во знак на протест околу разоткривањето на лажните обвинениј против Израел, за што се смета дека е сосема легитимен и достоен за фалби напор. Или земете го случајот во врска со самата Камбоџа. Нашата статија-преглед од 1977 година, спомната погоре, вклучуваше преглед на француското проучување на Камбоџа под Црвените Кмери од страна на Франсоа Поншо, прв преглед според она што го знам што се занимава со текстот. Ја пофалivме книгата како "сериозна и вредна за читање" со својот "застрашувачки опис" на варварството на Црвените Кмери. Исто така изнесовме неколку прашања во врска со неа. Забележавме дека некои од цитатите што Поншо им ги припиша на Црвените Кмери изгледаат сомнително, зашто тој на друго место ги наведува на радикално поразличен начин на изразување и ги припишува на спектар од противречни извори; подоцна се покажа дека неговите наводни цитати, нашироко и значајно повторувани низ целиот свет, или беа драстично погрешни преводи или воопшто немаа извор. Исто така посочивме дека Поншо изгледа дека погрешно ги чита бројките и значително претерува во врска со степенот на sверства на САД во Камбоџа во раните 70-ти. Нашето сомничење на неговите цитати предизвика многу бес, но не се појави ниту збор околу нашето сомничење во врска со неговите обвинувања за sверствата на САД; предизвикувањето на погрешното претставување на оваа работа се смета дека е очигледно легитимно. Правилниот заклучок изгледа очигледен во иста мера: сé е во врска со тоа чиј вол ќе биде прободен.

За да го зацврстиме заклучокот уште повеќе, можеме да се свртиме кон другите примери. Се сомневам дека "Њујорк тајмс бук ривју" кога и да е има објавено подолга и поподробна студија од анализата од 1970 година на Нил Шихен околу "Разговорите со Американците" на Марк Лејн,[328] книга што прикажува сведоштва на американските војници за воените злосторства во кои тие велат дека учествувале. Шихен ја осудува оваа "јадна книга" поради заснованоста врз неоценети докази, изјави во противречност со изворите на Пентагон, спротивставени описи, неспособност да се разликуваат "разбирливите бруталности на војната, како убивањето на затворениците во страста на борбата" од далеку посериозните sверства и останати недостатоци што ја поткопуваат нејзината веродостојност. Тој продолжува со осудување на "новиот мекартизам, овојпат на левицата" што дозволува "секое обвинување, секоја инсинуација, секоја гласина" да биде "повторувана и објавувана како вистина", додека "обвинетите, било институции или поединци, немаат право да одговорат, зашто што и да кажат обвинетите ipso facto ќе биде лага." Тој огорчено го осудува Лејн поради наводното тврдење дека подробностите не се важни, туку само општата слика на sверствата - која точно беше позицијата што

[328] *NYT Book Review,* Dec. 27, 1970.

Лакутур и другите подоцна ќе ја воведат, на големо одобрување и акламација, во однос на Црвените Кмери.

Подробното излагање на Шихен се појави при врвот на американските sверства во Виетнам, во време кога таквите sверства енергично се одрекуваа (и сеуште е така). Не беше изнесен никаков приговор на неговото излагање или на неговата осуда на оние што тврдеа дека фактите не се важни при некоја вредна кауза.

Уште еден соодветен пример е оној на Бертранд Расел. Веќе длабоко во своите 80-ти, Расел имаше храброст и интегритет за да ја осуди Виетнамската војна и нејзините растечки sверства кога тоа не беше во мода и да предупреди на она што надоаѓа.[329] Ретроспективно, неговите коментари беа на место, сигурно особено при споредбата со невистините, избегнувањата и апологетиката од тоа време и се модел за чесноста и само-контролата во споредба со стандардите осуди на официјалните непријатели, како што е документирано надвор од сериозно сомневање. Сепак, некои од коментарите на Расел беа неправедни, претерани и неточни. Критикувањето на овие изјави би било прикладно. Сепак, она што се случи беше поразлично. Расел стана предмет на презир и злоупотреби; би било тешко да се најде барем збор во негова одбрана против отровните стрели на комесарите. Осудите беа само нагласени од волноста на Расел да се вклучи во ненасилната граѓанска непослушност во знак на протест против трката со нуклеарно вооружување, за разлика од останатите кои ги споделуваа неговите погледи во врска со заканата, но кои се задоволуваа со повремени мудри коментари, а потоа ѝ се враќаа на својата работа и на личниот живот. Се разбира, нападите не се реакција на Раселовите грешки и крајности. Напротив, на фактот што тој стоеше скоро сам против стадото и што се осмели да кажува вистини кои тогаш беа, и сега остануваат, неприфатливи, разоткривајќи го со својот пример однесувањето на оние што го избраа нормалниот пат на субмисивност кон државата и поддршка за нејзиното насилство.

Оставајќи ја настрана вулгарната дволичност, повторно забележуваме дека нема приговори за да се разоткријат лажните или претераните обвинувања против САД, во момент кога тој врши исклучителни злодела со скоро имунитет од коментар или критика. Ниту пак треба да се изнесе некој приговор. Вистината е вредна за напорот да биде поддржана. Поради причини какви што се овие, тешко е да се земе сериозно покажувањето на индигнација во врска со разоткривањето на фабрикациите во врска со sверствата на непријателот. Ако биде најдена некоја грешка во таквите разоткривања, тоа е друга работа, иако не е релевантна овде, зашто такви грешки не се најдени. Но да разгледаме понатаму. Ако навистина ваквите разоткривања се сметаат за нелегитимни, тогаш споредбеното проучување на примерите во пар е исто така нелегитимно и еден ветувачки пат за проучување на идеолошкиот систем на САД е затворен. Повторно го гледаме вистинскиот проблем што демне зад баражот на реториката: тоа е потребата идеолошките институции и оние што учествуваат во нив да се заштитат од анализирањето на нивното служење на моќта. Дека интелектуалците треба да го прифатат ова стојалиште тешко дека е

[329] За некои примери, види Russell, *War Crimes in Vietnam* (Monthly Review, 1967); Barry Feinberg & Ronald Kasrils, *Bertrand Russell's America: 1945-1970* (South End, 1983). Книгите содржат и материјал за хистеричната злоупотреба предизвикана од неговото излагање на недобродојдените вистини, за што комесарите никогаш не му простија.

изненадување за било кој што е запознат со поуките на историјата и со природата на современите општествени институции.

2. За критичката рамнотежа[330]

Како што штотуку беше расправано, моделот на пропагандата врши предвидувања околу медиумската изведба, но поставува и предвидувања од втор ред во врска со дебатата околу тоа како тие презентираат: и ова би се очекувало да биде ограничено на начин што им одговара на интересите на етаблираната моќ. Оттука, треба да очекуваме дека дебатата околу медиумите ќе се сврти кон прашањето за нивниот наводен анти-естаблишментски жар: критичарите на овие противнички испади ќе бидат спротивставени на оние што ги бранат медиумите како избалансирани и непристрасни.[331] Можноста дека медиумите се сообразни со моделот на пропагандата - природно очекување врз основа на неконтроверзни претпоставки, како што беше претходно расправано - треба да биде исклучена од дебатата, како штетна по интересите на привилегираните. Ова е токму она што го откривме.

Како и секогаш, сложениот општествен поредок дозволува одреден степен на варијација. Всушност, постои само една важна околност при која се добродојдени критиките на медиумите поради субмисивноста кон моќта. Општо земено, медиумите ги толерираат па дури и ги сметаат за добродојдени осудите на своето непријателство кон власта, поради очигледни себе-служечки причини. Но понекогаш таквите напади можат да станат вистинска закана. За да се одбранат, медиумите тогаш - накратко - можат да се свртат кон критичарите на својата сообразност. Ако се обвинети дека се непатриотски, или дека се премногу остри кон творбите на индустријата за јавни односи од Реганов тип, тие можат да бараат - па дури и да измислат - критики на својата потчинетост кон државата и на стравопочитта кон моќните личности. Медиумските гласноговорници тогаш можат да забележат дека се критикувани и од двете страни, па според тоа тие мора да се токму во средината, вршејќи си ја правилно својата работа. Аргументот би можел да биде заснован ако "критикувањето и од двете страни" навистина беше проценет. Сепак, тоа не е случај; за до ситници да и' се служи на целта, доволно е да постои критика на медиумската потчинетост.

Дури и ова оддалечување од нормата има свои граници. Критиките на медиумскиот конформизам мораат да се држат до личностите и до секундарните проблеми, јасно покорувајќи и' се на природата и на функционирањето на доминантните институции и на таквите вечни вистини како беневолентноста и копнежот за демократија на САД.

Постојат одредени интересни примери за овие минорни ефекти, но ќе ги оставам настрана и ќе се држам до главните предвидувања на моделот на пропагандата во однос на толерирачките контроверзи околу медиумската изведба.

Веќе се спомнати бројни примери. Извештајот за медиумското покривање на конфликтите во Третиот свет на Институтот за проучување на

[330] Додаток кон Прва глава.

[331] Во прилог на целовитоста, можеме да најдеме и такви што ќе објаснат зошто медиумите грешат при својот непокор на власта, зацврстувајќи ја така потребната премиса преку преќутна претпоставка.

дипломатијата од Универзитетот во Џорџтаун, кој сумира серија на семинари, е еден од најприродните избори за повнимателно тестирање на предвидувањата од втор ред.[332] Објавениот извештај се фокусира на покривањето на израелската инвазија на Либан од 1982 година и на конфликтите во Средна Америка. Статиите нудат малку докази во поткрепа на критиките што се нудат, но проучувањето навистина обезбедува просветен поглед врз тоа како луѓето во и блиски на медиумите ги перцепираат овие работи.

Агендата е поставена од оние што ги осудуваат медиумите поради нивната анти-американска и анти-израелска пристрасност. Расправата и документите[333] дебатираат околу валидноста на овие обвинувања, скоро без никакво признавање дека спротивната критика барем е логички веројатна.

Основните претпоставки ги постави уредникот Ландрум Болинг во своите воведни забелешки. Тој тврди дека "што друго и да се каже за нив, на американските медиумски извештаи за меѓународните работи не може да се смета дека ќе бидат ехо на соопштенијата на официјалните гласноговорници, наши или странски... официјалната верзија на работите нема монопол во јавниот печат... При контроверзни прашања, страсно се бараат спротивставени мислења и напати може, навистина, да им се даде внимание кое тие не го заслужуваат. Медиумите цветаат преку известувањето за дебатите и за потешките облици на судири."

Болинг го бележи спорењето дека "неспособноста да се победи во Југоисточна Азија... директно беше резултат на широкото, немилосрдно и подробно покривање на војната од страна на американските мас-медиуми", а "посебно на честите застрашувачко сликовити репортажи на телевизиите", кои "со време предизвикаа народни негодувања." Потоа доаѓа основното прашање: "Може ли во опасниот свет 'слободниот печат', демократското општество да се одбрани себеси и своите пријатели и сојузници од тоталитарните противници кои не мораат да спорат со слободниот печат и неконтролираните телевизии?"

Оттука, рамката за расправата околу медиумите е онаа што ја предвидува моделот на пропагандата. Истото важи и за претпоставките во врска со американската влада и нејзините меѓународни односи, кои се претставени како толку очигледни што не се потребни никакви докази, прашања или огради. Болинг смета дека во Третиот свет "успехот продолжи да нè заобиколува - до Гренада... Што не е во ред? Зошто една нација со толку големо богатство, моќ *и добри намери* не може побрзо и поефективно да ги постигне своите цели?... зошто не сме поуспешни при спроведувањето на нашата надворешна политика *во поткрепа на слободата*...?" (мое подвлекување). Наведени се примерите за нашите вознемирувачки неуспеси, особено Куба, "посебно болна (приказна - Н. Ч.) за народот и владата на САД. Како може овие ужасни работи да им се случат на и преку луѓето со топли срца на само 90 милји од брегот на Флорида?" Тоа дека Кубанците општо ја споделуваат оваа проценка на Кастровата Куба споредена со старите добри времиња под доминација на САД е можеби помалку од очигледно, како и што некој може да се сомнева во тоа дека оние врз кои имаат дејство политиките што се спроведуваат "преку Куба" се согласуваат со тоа дека последиците се "ужасни".[334] Некој исто така може да се запраша дали

[332] Landrum R. Bolling, ed., *Reporters Under Fire: U.S. Media Coverage of Conflicts in Lebanon and Central America* (Westview, 1985).

[333] Тие главно се исечоци, иако неколку се дадени во целост.

[334] Некој би можел, на пример, да ги тестира проценките на Болинг за земјите од Третиот свет кои ја сметаат Куба за "меѓународна суперсила", поради учителите, градежните работници,

при други "ужасни работи" што можат да им се случат на луѓето со топли срца не многу далеку во Карипско-средноамериканскиот регион, вклучувајќи ги и приказните што можат да бидат болни за народот на САД, дали тој ќе научи нешто за улогата што ја игра неговата влада, водена од "добрите намери". Ваквите прашања не прават пречки во процедурите.

Прашањето што *е* изнесено е дали слободниот печат треба да биде обвинет поради фрустрирање на американската беневолентност. Дали е точно дека "сентименталните и наивни претставници на медиумите во извештаите се наклонети кон револуциите на губитниците" и дека "се заведени од хуманитарната реторика на терористите"? Болинг верува дека "може да постои одредена вредност при ваквите жалби", иако, бидејќи е на либералниот дел од спектарот, се сомнева во тоа.

Цело време тврдам дека основните претпоставки утврдени како премиси за дебатите имаат мала вредност. Така, навистина "страсно се бараат" спротивставени мислења, но само кога тие се сообразни со доктринерните претпоставки. Не постои страсно барање на мислење дека САД го напаѓаше Јужен Виетнам и дека во последната декада гледа да ја поткопа слободата, независноста, демократијата и општествената реформа во Средна Америка; или дека никарагванските избори беа барем исто валидни како и оние во Ел Салвадор; или дека САД успеа (со помошта на слободниот печат) да ги уништи средно-американските мировни договори, во голема мера исто како и што го поткопа Парискиот мировен договор од 1973 година во врска со Виетнам (и повторно со критична медиумска помош); или дека скоро 20 години САД му стои на патот на мировниот процес на Блискиот исток; или други позиции кои воопшто не е тешко да се поткрепат со обилни докази, но кои се оддалечуваат од тесно поставените граници утврдени од етаблираната привилегираност и моќ. Медиумското покривање на војните во Индокина беше далеку од "немилосрдно"; сликовитите репортажи на телевизиите свесно беа омекнати, а ефектот на телевизијата врз јавноста, ако и постоеше, беше веројатно насочено кон зголемување на јастрепските чувства, според она што го откриваат проучувањата на јавното мислење; медиумите во голема мера ја поддржуваа војната долго време по свртувањето на корпоративната елита против потфатот како премногу скап, па дури и потоа оддалечувањата од рамката на моделот на пропагандата беа толку ограничени што се сметаа за статистичка грешка.[335] Спротивно на многу "нужни илузии" негувани во последните години, медиумите беа скоро целосно затворени за принципиелните критичари на војната и за претставниците на масовните народни движења кои спонтано се развија, всушност значително позатворени отколку што се во 80-тите.[336] Ова го

лекарите и другите што се вклучени во "меѓународна служба" (Michael Stuehrenberg, *Die Zeit* (West Germany), *World Press Review,* Dec. 1988.). Во 1985 година, известува тој, 16.000 Кубанци работеа во земјите од Третиот свет, повеќе од два пати во споредба со американските специјалисти на "Мировните трупи" и на AID; "Денес Куба има повеќе лекари кои работат во странство од било која индустриска земја и повеќе од Светската здравствена организација на ОН." Оваа помош главно е без компензација и "меѓународните емисари" на Куба се "мажи и жени кои живеат под услови кои многу работници за развојна помош не би ги прифатиле", што е "основа за нивниот успех." Кубанците, продолжува тој, "меѓународната служба" ја сметаат за "знак на политичка зрелост" и на училиште ги учат дека е "највисока доблест".

[335] Во врска со ова, види го "Произведувањето согласност", глава 5 и 6.

[336] Некои се заведени од фактот дека едно списание, "Њујорк ривју оф букс", во годините кога народните протести го достигнаа својот врв беше отворено за дисидентски мислења. Сепак, овие врати се затворија во 70-тите и постоеја само уште неколку други примери.

знам од лично искуство, а останатите што беа дел од дисидентската култура, претпоставувам дека ќе ја потврдат оваа оцена.

Останатите доктрини кои беа поставени како основа за расправите, колку и да беа конвенционални, исто така се едвај одржливи. Но мојата поента тука не е дека овие доктрини се погрешни, туку, напротив, дека тие се надвор од испитување или контроверзност, дека не се предмет на сомневање. Нема потреба тие да се поткрепуваат, бидејќи едноставно се дадени вистини што ја утврдуваат рамката во која расправата може да се одвива.

Извештајот тесно се придржува до оваа рамка. Расправата од 22 страни за медиумското покривање на Средна Америка започнува со вовед од Даниел Џејмс, екстремен јастреб, кој ги обвинува медиумите поради "значителното оддалечување од традиционалните принципи на новинарството - што ќе рече, од објективноста и правилноста"; "престижното медиумско покривање на Средна Америка е многу пристрасно (против американската влада и нејзините сојузници - Н. Ч.), што води до заклучок дека спаѓа во графата на тенденциозно или поддржувачко новинарство." Така, "постои јасно пренагласување на ова прашање за човековите права" при покривањето на Ел Салвадор, смета Џејмс; потсетете се дека овие расправи се појавија по исклучителниот изблик на sверства поддржани и организирани од американската влада и главно игнорирани од медиумите. А постои и еквивалентен неуспех, продолжува Џејмс, при соочувањето со "главното" прашање: "дали во Ел Салвадор ќе владее слободата или диктатурата", при што слободата е цел на САД, а диктатурата на нејзините непријатели (по дефиниција, додека доказите се ирелевантни). Но ситуацијата не е целосно црна. "За среќа, медиумите покажаа способност за самокритика. Во случајот на Ел Салвадор и во одредена мера и на Никарагва, се појави доволен број на прилози, особено во "Вашингтон пост", кои ја критикуваа сопствената изведба во првата земја" - мислејќи тука на нивната опсежна загриженост за човековите права и на неуспевањето да ја прифатат перспективата на американската влада. Ова е "многу здрав тренд" што нуди надеж дека медиумите ќе се откажат од својот антагонизам кон Вашингтон и од својата поддршка за неговите непријатели.

Следат 18 страни расправа, која се оптега од бранење на медиумското покривање на Средна Америка дека тоа не е "пристрасно и тенденциозно" (латино-американскиот научник Вилијам Леогранде) до поддршка за спорењето на Џејмс. Лобистот на контрата Роберт Лајкен тврди дека "политика на САД е да се брани и да се помогни во зачувувањето на демократијата во Средна Америка." Никој не навестува поинаква анализа. Нема ниту збор што би сугерирал дека медиумите можеби се пристрасни *во корист на* перспективата на американската влада. Нема расправа околу скандалозното одбивање на медиумите да ги покријат огромните sверства во клиентските држави на САД за време на овие години, околу нивното преправање дека за убиствата се виновни левицата и крајната десница, но не и силите за безбедност на режимите поддржани од САД и околу нивната апологетика за политичките фигури задолжени за задачата на одрекување на владините sверства и на прикажување на умерена слика пред Конгресот со цел убиствата да можат да продолжат - што сè е добро документирано, но е исклучено од ваквите иследувања.

Уште еднаш, мојата поента тука не е дека се лажни овие претпоставки околу политиката на САД и медиумите што ја ограничуваат расправата (иако тие се лажни), туку дека не може да се изнесе можноста тие да се лажни; тоа лежи надвор од замисливото.

Пропратно со расправата, има 23 страни документи, кои почнуваат со осуда на "Претходните заклучоци на Четвртиот сталеж*" од Ширли Кришчан. Концентрирајќи се на војната против Сомоза, таа тврди дека "Вашингтон пост" и "Њујорк тајмс" на неа гледаа "преку романтична магла. Ова романтично гледање на сандинистите до сега јавно и приватно е потврдено скоро од секој американски новинар кој беше во Никарагва за време на двете големи офанзиви на сандинистите. Веројатно од времето на Шпанија нема поотворена љубовна врска помеѓу странскиот печат и една од завојуваните страни во граѓанската војна." Следат одговорите на Карен де Јанг, која напиша најголем дел од сториите за Никарагва во "Вашингтон пост" и на Ален Рајдинг од "Њујорк тајмс", чии извештаи особено беа нападнати. Де Јанг кажува дека "никогаш не ја сретнала ниту зборувала со г-ца Кришчан" и точка по точка ги побива нејзините конкретни тврдења, а и Рајдинг се занимава со нејзините обвинувања. Никој не го прифаќа она за што Кришчан тврди дека е потврдено од скоро секого што известувал од Манагва.

Настрана од неколкуте кратки белешки за "флексибилноста на карипските демократии при економски потешкотии" и останатите прашања кои не се соодветни овде, единствената друга селекција е онаа на Ален Вајнштајн. Тој го осудува неуспехот на известувачите да покажат загриженост околу "статусот на печатот во Никарагва", "тоталната репресија на слободниот печат" таму и "многуте закани за физичката сигурност на новинарите во оваа земја". "Сандинистичката мода", пишува тој, "останува заразна за западните земји." "Никарагванската трагедија заслужува барем исто толку внимание од печатот - и од Конгресот на САД - колку и прашањето за американската вмешаност во Ел Салвадор", вклучувајќи ја "вонредната состојба" (во Никарагва, се разбира; не е спомната претходната и далеку потешката вонредна состојба во Ел Салвадор, исто како што беше игнорирана од медиумите) и заканата за "независните новинари" како оние од "независниот дневен весник, 'Ла пренса'... светилник на слободното изразување во цела Средна Америка."

Како што беше расправано во текстот, физичкото уништување на независниот печат во Ел Салвадор од страна на владиниот терор беше игнорирано од медиумите и буквално не беше спомнато во извештаите со вести или во уводниците на "Тајмс". "Цензурата" спроведена од одредите на смртта поддржани од владата во зависните држави на САД исто така малку се бележи. Ништо ни оддалеку споредливо не се случи во Никарагва, која цело време е главен предмет на обвинувањата за владина репресија. Неволјите на "Ла пренса" скоро се единствената грижа на наводните бранители на слободата на печатот во Средна Америка и се здобиваат со многу опсежно покривање. Значително благо е да се каже дека спорењето на Вајнштајн е погрешно. Кои и да се неговите мотиви, јасно дека меѓу нив не е грижата за слободата на печатот и дека вистината не е негова работа.

Но повторно, неточноста - па дури и јасната бесмисленост - тука не е предмет. Напротив, поентата е дека собраните документи, исто како расправата, целосно остануваат внатре во границите предвидени со моделот на пропагандата: осудата на медиумите поради нивното противничко стојалиште и анти-американска пристрасност и одбраната на медиумите како фер и урамнотежени. Овој случај на буквално стопроцентна сообразност особено е

* "Четврт сталеж" - популарен термин за печатот што се појави во времето на Француската револуција (заб. на прев.).

значаен во светлината на поразителните докази за медиумска потчинетост кон основните доктрини на реганистичкиот пропаганден систем во врска со Средна Америка (со најмногу тактичка дебата) и на нивното потиснување на растечките зверства како што Картеровата администрација се приближуваше до својот крај.

Вториот предмет што се истражуваше беше она што уредниците на "Њујорк тајмс" го викаат "ослободување" на Либанците од јаремот на Сирија и на ПЛО, или, да ги употребиме зборовите од почетокот на расправата во врска со ова, "навлегувањето на израелските сили во Јужен Либан", проследено со бомбардирање и опсада на Бејрут. Расправата ја отвора Бен Ватенберг - како и Даниел Џејмс, екстремен јастреб - кој ги осудува медиумите поради нивните "двојни стандарди" при клеветењето на Израел. Медиумите, продолжува тој, ни ги "наметнаа" истите двојни стандарди и нам во Виетнам, а повторно истото го прават во Средна Америка, каде што го свртија "американското јавно мислење, гледано според понатамошната конгресна помош итн, против она што го сметам за сразмерно умерен и морален одговор од страна на САД." "Сразмерно умереният и морален одговор" на Ватенберг е она за што дури и Даниел Џејмс признава дека е досие на "нечуена суровост" во Ел Салвадор од силите организирани, обучени и снабдени од САД. Понатаму, спротивно на она во што Ватенберг изгледа дека верува, нечуената суровост за која тој го изразува своето одобрување продолжи без падови во конгресната помош и предизвика само ограничена јавна загриженост. Оваа загриженост се разви и покрај апологетиката и избегнувањето на медиумите, потпирајќи се врз останатите канали на информации: врз групите за човекови права, црковните извори, алтернативните медиуми итн. Вреди да се забележи дека оваа апологетика на ужасните зверства од сите страни се третира со почит, факт што многу ни кажува за доминантната морална клима и интелектуална култура.

Милтон Виорст, гулаб, одговара на тврдењата на Ватенберг околу покривањето на Либанската војна, главно согласувајќи се. Една причина за анти-израелските двојни стандарди, сугерира тој, е тоа што "Израелците имаат репутација дека не го манипулираат печатот ниту така успешно ниту така намерно како другите нации" - перцепција што ќе ги изненади новинарите и останатите што се запознаени со софистицираните дејствија на израелскиот хасбара ("објаснување") апарат, кој лесно го надминува секој конкурент.[337] Виорст не посочува кои "други нации" се поуспешни во манипулирањето на печатот. Веројатно не мисли на арапските држави. Двојните стандарди, продолжува тој, резултираат и од нашите високи очекувања во поглед на Израел. Тој не објаснува како ова го опишува неизмерниот бес околу тероризмот на ПЛО и тивкиот одговор, или тоталниот молк, во врска со далеку поголемиот терор на државата која останува "симбол на човечката пристојност".

Дваесет и трите страни од расправата што следат се држат до истите одредби: осуда за медиумите поради нивните наводни двојни стандарди и одговори на обвинението за анти-израелска пристрасност. Поделбата грубо кажано е 50-50, при што скоро ништо не сугерира дека обратното обвинение е далеку поблиску до поентата или барем дека тоа е замисливо.

Спектарот на расправата се протега од Ватенберг и уредникот на "Њу рипаблик", Мортон Кондрејк на џингоистичката крајност до Виорст и Ник

[337] За опис на некои од неговите средства, види Robert I. Friedman, "Selling Israel to America: the Hasbara Project Targets the U.S. Media," *Mother Jones,* Feb./March 1987.

Тимеш од Американскиот претприемачки институт на крајниот досег на дисидентноста. Кондрејк ги осудува "противничките односи кои ги применуваме кон нашата сопствена влада - преку кои најдобро што можеме го распарчиме нашето сопствено општество, верувајќи дека тоа е наша професионална должност", однесување кое сега исто така се применува врз Израел. Како илустрација, тој нуди два примери: "бугарско-КГБ-овската вмешаност во пукањето врз папата", кое, тврди тој, "доби многу малку внимание во американскиот печат" настрана од NBC и "сензационалните" обвинениja на Стејт департментот, кои печатот гледаше да ги поткопа. Ова е интересен избор. За "сензационалните" обвинениja, врз кои медиумите се потпреа кога тие беа произведени од Стејт департментот, сега нашироко се признава дека имаат мала вредност. Што се однесува пак до бугарско-КГБ-овската врска, таа доби опсежно и многу некритичко медиумско покривање, многу повеќе од само документарецот на NBC од Марвин Калб, на кој веројатно мислеше Кондрејк. Понатаму, застапуваната линија на Клер Стерлинг, на бившиот службеник на ЦИА Пол Хенц и на Марвин Калб е целосно поткопана, но откако доминираше со покривањето при најуспешната владино-медиумска операција.[338] Тоа што Кондрејк ги нуди овие два примери за да ја илустрира анти-естаблишментската пристрасност на медиумите, јасно го открива интелектуалниот банкрот на позицијата што ја претставува.

На спротивниот крај од спектарот, Ник Тимеш се сомнева во оценката на Кондрејк дека "американскиот печат некако успеа да ја растргне земјата." Тој верува дека "сега поминавме низ долга метаморфоза од едностранo до двострано покривање. Сега имаме многу чесна и легитимна дебата околу клучните прашања на просветен начин. Поради тоа можеме да му бидеме благодарни на поагресивниот и поинтелигентниот печат."

Во расправата постои само едно ограничено оддалечување од овој спектар. Вилијам Рингл од "Ганет њуспејпарс" се согласува дека "некои луѓе беспоговорно прифаќаат сè што доаѓа од Арафат"; интригантно е да се знае токму кои ги има на ум. Но, додава тој, во минатото постоеја "бројни известувачи кои беспоговорно и искрено го прифаќаа сето она што Израел ќе го истакнеше или она што им беше покажано при спонзорираните од владата тури низ Израел." Настрана од оваа последна реченица, во расправата нема сугестии дека би можела да се разгледа една алтернативна перспектива.

Всушност постои голем куп од докази што покажуваат дека медиумите продолжија да ги прифаќаат основните американско-израелски премиси за време на целата Либанска војна и потоа, доста некритично.[339] Но релевантната поента тука, повторно, е дека можноста од произраелска пристрасност во медиумите (оттука и проамериканска пристрасност, зашто владата на САД до последен момент и' даваше силна поддршка на инвазијата) скоро не е изнесена, барем со цел да биде побиена, и очигледно е незамислива.

Болинг навистина забележува дека "имаме малку претставници (на состаноците - Н. Ч.) на Арапите и проарапите кои чувствуваат, и тоа долго време, дека покривањето на американските медиуми на Блискиот исток во основа е шумно произраелско и дека Арапите и нивните интереси и гледишта постојано се оцрнуваат - и кои не гледаат причина за промена на своето мислење врз основа на покривањето на војната во Либан." Тој не објаснува

[338] Види Edward S. Herman and Frank Brodhead, *The Rise and Fall of the Bulgarian Connection* (Sheridan Square Publications, 1986); *Manufacturing Consent,* глава 4.
[339] Види го, *inter alia,* мојот *Fateful Triangle* и референците од глава 3, забелешка 23.

зошто само "Арапите и проарапите" можат да извлечат такви заклучоци од истражувањето на медиумите. Преќутната претпоставка е дека луѓето имаат само страсти, но не и мисли. Претпоставката не само што е значајна, туку е и очигледно погрешна; спорењето дека американските медиуми се значително пристрасни во корист на Израел е познато помеѓу американските, европските и израелските коментатори кои не се ниту Арапи ниту проарапи и кои во многу случаи се крајно критички кон арапските држави и ПЛО. Болинг исто така не покажува кои напори се потребни да се направат за да се обликуваат гледиштата кои се оддалечуваат од рамката на семинарите, но селекцијата веројатно е правилен примерок на интелектуалното мислење во САД.

Следат 48 страни документи, кои тесно се држат до рамката. Почетниот есеј, од Роџер Морис, ги брани медиумите поради високо професионалното известување на воените настани (во голема мера точна оцена, според мое лично мислење) и поради "обезбедувањето на урамнотежени коментари" (што е друга работа). За да ја илустрира правилната рамнотежа, тој цитира уводник од "Њујорк тајмс" од почетокот на август, кој вели: "Обвинете ја ПЛО за страдањата во Западен Бејрут и обвинете го Израел не помалку од тоа." Спомнете си дека овие зборови беа напишани за време на деновите кога израелската артилерија и воздухопловство убиваа илјадници луѓе, главно цивили, уништувајќи болници и демолирајќи населени области на беспомошниот град, држејќи го населението како заложник во остра опсада и терор за да го принуди да побара евакуација на ПЛО. Морис забележува и дека новинарите "покажаа изворна емпатија кон страдалниот град и вчудоневиденост од уништувањето направено од опкружничката војска, *колку и да е разбирливо нејзиното присуство*" (мое подвлекување). И повторно, правилна рамнотежа.

Во сите документи медиумите огорчено се напаѓаат како анти-израелски или се бранат поради одржувањето на високи стандарди на објективност под тешки услови. Од 48-те страни, приближно 32 се посветени на осудите на медиумите поради нивниот нефер однос кон Израел, 12 на одговорите на овие обвинувања, а остатокот на медиумската анализа на проучувачот на Блискиот исток Ерик Хуглунд, објавена од Американско-арапскиот анти-дискриминациски комитет, кој тврди дека покривањето на израелската инвазија "открива постојана произраелска пристрасност". Анализата на Хуглунд не предизвика реакција.[340] На едно место, забележува Роџер Морис, доста точно, дека медиумите "продолжија да веруваат во израелското оправдување за инвазијата - сè до портите на Бејрут", а всушност и потоа. Милтон Виорст пишува дека "до скоро, Израел тешко дека знаеше за критичко известување." Ова го исцрпува признавањето дека би можела да се разгледа една алтернативна перспектива за медиумската изведба.

Оттука, од збирот на расправите и дискусиите, преку 60% се посветени на обвиненијата против медиумите поради нефер однос кон Израел, а 5% на (неодговорените) обвинениј за произраелска пристрасност. Рамнотежата е благо подобра од 100-те проценти посветени на анти-американската пристрасност и на одбраната од овие обвинувања во одделот за Средна Америка, но уште еднаш, наоѓаме силна потврда за моделот на пропагандата.

[340] Во мојата *Pirates & Emperors,* глава 2, забелешка 26, погрешно наведувам дека не е вклучен документот на Анти-дискриминацискиот комитет. Многу од истиот материјал се појавува, со истата грешка, во моето поглавје во Edward Said and Christopher Hitchens, eds., *Blaming the Victims* (Verso, 1988).

Посебните прашања околу кои се расправа не се помалку поучни. Неколку статии се однесуваат на обвинението - едно од главните во баражот на медиумски критики - дека печатот и телевизијата беа неодговорни при известувањето за бројот на жртвите и на бегалците во јужен Либан. Една студија на Анти-клеветничката лига* обвинува дека "ниту една мрежа не извести" за заклучокот на Црвениот крст дека изворната бројка од 600.000 бегалци е претерување и дека точната бројка е 300.000. Две реченици подолу, студијата на АКЛ го цитира извештајот со ревидираната бројка од 300.000 на Џон Ченселор од NBC; примерот обезбедува доволен показател за квалитетот на оваа критика и за крајниот презир на АКЛ кон својата публика, како елементарна рационала и факт.[341] Норман Потхорец го повторува тврдењето пуштено во оптек од израелската хасбара дека вкупното население во областа беше нешто над 500.000, па така бројките за бегалците јасно дека се бесмислени. Едвард Александер пишува дека бројките за бегалците се "патентирана бесмисленост", бидејќи "целокупното население" во областа "е под 500.000." Во рок од една година, израелската војска ги ревидира бројките за населението што добија широк публицитет помеѓу израелските пропагандисти во САД, проценувајќи дека населението е близу милион,[342] но овие факти никаде не се спомнати.

Александер ги презира и известувачите кои го цитираат Меѓународниот комитет на црвениот крст, зашто тој работи "со Палестинското друштво на црвената полумесечина (на чие чело испадна дека е братот на Јасер Арафат)." Тој сепак не заклучува дека мораме да ги отфрлиме и извештаите на било која организација што работи со Израелците, а да не зборуваме за израелските извори. Да претпоставиме дека некој тоа го предложи, со сличен подбивен израз на лицето. Пискотниците за антисемитизам би биле заглушувачки. Но овие белешки, објавени во "Вашингтон пост" и повторно печатени овде, поминаа без да бидат забележани, што е одраз на лесното прифаќање на малигниот анти-арапски расизам.[343]

Што се однесува до почетните бројки за жртвите за кои беше известено од јужен Либан, обезбедени од либанската полиција и од други извори, тие изгледаат веродостојни во ретроспектива. И изгледа дека има малку причини за сомневање дека крајните проценки за близу 20.000 убиени, главно цивили, обезбедени од полицијата, агенциите за помош и либанската маронитска влада која ја поддржува Израел и на која и' помогна да се инсталира. Понатаму, како што забележува израелската војска и другите, овие бројки веројатно се пониска проценка, можеби и сериозно пониска проценка, бидејќи тие се засновани врз конкретните пресметки на болниците, клиниките и на центрите за цивилна одбрана и не ги вклучуваат луѓето кои се закопани во масовни гробници или што загинаа под урнатините при бомбардирањето.[344]

Во своите обиди да ја докажат анти-израелската пристрасност, неколку коментатори посочуваат на несоодветното покривање на сверствата во

---

* Anti-Defamation League е еврејска организација во САД, основана во 1913 година, која за своја цел го смета запирањето на клеветењето на Евреите (заб. на прев.).

[341] Овој цитат е изоставен од извадокот што се појави во *Reporters under Fire*. За подробна анализа на извештајот на АКЛ, види *Fateful Triangle,* 284f.

[342] Reuven Padhatzur, *Ha'aretz,* Nov. 14, 1983; Ya'acov Friedler, *Jerusalem Post,* Feb. 24, 1984; Drew Middleton, *NYT,* Feb. 26, 1984.

[343] Види додаток 5, оддел 4 за одреден понатамошен коментар.

[344] Види *Fateful Triangle,* 221f.

граѓанската војна во Либан, конкретно, на уништувањето на христијанскиот град Дамур од страна на ПЛО во 1976 година, кое е спомнато неколкупати. Чарлс Краутхамер ги осудува медиумите поради нивниот неуспех "да ја раскажат историјата на убиства од страна на ПЛО и нејзините сојузници на христијанските селани, кои ги извлекуваа од нивните домови." Кондрејк потсетува дека "немаше покривање сé до фактот дека она што се случи во Дамур беше Палестинци што скоро уништија христијански град." Ватенберг додава дека "таквите работи како Дамур, што ги покажуваат sверствата на ПЛО, не влегоа во медиумските кругови како големи теми." Џим Хоагланд од "Вашингтон пост" реплицира дека Дамур "беше сторија од една страница." Никој не го спомнува муслиманскиот слем Карантина, разорен од христијанските сили кратко пред нападот врз Дамур, а потоа и запален и срамнет до земја со булдожери, при што имаше и голем број на масакрирани луѓе - што не е сторија од една страница, ниту пак воопшто е сторија и е заборавена - или sверствата на израелските фалангистички сојузници врз Палестинците и либанските муслимани, кои ја воведоа ПЛО во граѓанскиот судир.[345] Никој не го спомнува нападот со касетни бомби врз училиштето на ОН во Дамур од страна на израелските млазни борбени авиони, кој уби или рани 41 дете (види глава 3). Повторно, приврзаниците на САД и на неговиот израелски сојузник ја поставуваат агендата, а останатите одговараат во рамките поставени од критичарите.

Sверствата на ПЛО во Дамур се основа за израелската пропаганда, која редовно се прикажува изолирана од својата позадина. Степенот на sверствата за време на граѓанската војна не е познат и сите проценки мораат да се земаат со внимание. Политикологот од Јеил унервизитетот, Наоми Вајнбергер, во една научна студија ја дава бројката од 1.000 убиени муслимани и Палестинци во масакрот во Карантина, цитирајќи стандардни извори, а не дава бројка за Дамур. Израелскиот потполковник Дов Јермија, известувајќи од Дамур каде што во јуни 1982 година беше со израелските окупациони сили и со (христијанската) фалангистичка војска, процени дека во Дамур беа масакрирани 250 луѓе и забележува дека градот беше "делумно уништен од Сиријците и терористите (ПЛО - Н. Ч.), а делумно од нашето воздухопловство и артилерија", соодветно во 1976 и 1982 година. Останатите измислуваат бројки за да им служат на нивните каприци. Така, Волтер Лакур тврди дека во Дамур беа убиени 600 цивили, не наведувајќи никаков извор и одбегнувајќи ја позадината, а новинарот Ерик Силвер, цитирајќи "доверливи израелски извори", зборува за "убиството на илјадници либански христијани" во Дамур. Една чесна референца се појавува во студијата на израелската војна во Либан на израелскиот воен специјалист Зеев Шриф и на арабистот Ехуд Јаари, кои го опишуваат Дамур како "место на еден од многуте ова-за-она масакри во овој дивјачки судир" од 1975-6 година.[346]

Кондрејк се жали и поради ограниченото покривање на "50-те илјади луѓе кои беа убиени во Либан пред Израелците да нападнат." Ватенберг проценува дека "5 до 10 пати повеќе луѓе беа убиени во Либан" од 1975 до 1982

[345] *Ibid.,* 184f., и цитираните извори.

[346] Naomi Joy Weinberger, *Syrian Intervention in Lebanon* (Oxford, 1986, 179); Dov Yermiya, *My War Diary* (South End, 1983, 62) (преведено од хебрејскиот оригинал); Laqueur, *The Age of Terrorism* (Little, Brown and Co., 1987, 218); Silver, *Manchester Guardian Weekly,* Oct. 3, 1982; Schiff and Ya'ari, *Israel's Lebanon War* (Simon and Schuster, 1984, 87). За расправата на Лакур, види додаток 5, оддел 3.

година "во споредба со убиените за време на израелската акција од 1982 година"; тоа би биле 100 до 200 илјади убиени луѓе од 1975 до 1982 година, гледано преку конзервативната проценка од 20 илјади убиени за време на "израелската акција". Водечкиот израелски специјалист за оваа тема, Итамар Рабинович, пишува дека данокот во убиени за време на Либанската граѓанска војна пред 1982 година беше "доста над 10 000, според некои проценки"; тоа е околу половина од 20-те илјади или повеќе убиени што се должат на израелската инвазија.[347]

Додека наводите за арапските sверства се нафрлуваат без анализирање или коментирање, не се спомнува данокот во убиени при израелските операции "изгорена земја" во јужен Либан во раните 70-ти. За нив ретко се известуваше на медиумите и беа неинтересни, поради што вообичаениот скептицизам во врска со бројките мора да биде уште поизразен. Оскудните докази сугерираат дека данокот беше многу илјадници убиени и стотици илјади истерани од своите домови.[348] Неспомнато е и неуспевањето на некои медиуми да го наведат мислењето на Либанците - особено објавеното мислење - за време на израелското "навлегување", што е уште една илустрација на она што единствено може да биде наречено расистичка пристрасност. На крајот на краиштата, се работеше за нивната земја што беше "ослободувана", иако секој што ќе се помачеше да проверува откриваше дека тие не беа премногу воодушевени поради својата добра среќа и тоа во значително широк опсег. "Њујорк тајмс" го нарече "ослободување на Либан", но успеа да ја одбегне огорчената осуда на ослободувањето на неговата земја на амбасадорот во ОН, Гасан Туени, конзервативен христијански сопственик на водечкиот либански весник кој зборуваше неколку блокови подалеку од неговите уреднички канцеларии; неговото име не се појавува во индексот на "Тајмс" за овие месеци. И мислењето внатре во Либан, што е лесно достапно на западни јазици или преку интервјуа, беше забележливо отсутно при известувањето на медиумите, исто како што е и во подоцнежната литература во врска со војната.[349] Може тешко да се замисли дека во случај Израел да беше нападнат од Сирија, а Тел Авив да беше бомбардиран и под опсада, дека медиумите нема да успеат да го цитираат израелскиот амбасадор во ОН и дека ќе ги одбегнуваат израелските извори.

Болинг забележува дека медиумите не направија "никаков напор да го споредат страдањето причинето од израелските борбени авиони со уште поголемото уништување и губитоци на живот причинети од Арапите што се бореа меѓу себе за време на Либанската граѓанска војна од 1975-6 година" и од сирискиот масакр во Хама. Дури и ако ова е точно, релевантноста за известувањето на израелската инвазија не е очигледна, поради причините околу кои е расправано во претходниот оддел. Медиумското покривање на Сирија и воопшто на Арапите, оскудно во најдобар случај, е крајно негативно, настрана од неколкуте миленици на САД. Сирија и елементите што ја поддржуваат во Либан никогаш не се претставени како "симболи на човечката пристојност" со возвишени морални стандарди, кои "се грижат за човечкиот живот", ниту пак ги вршеа своите колежи со материјална, дипломатска и идеолошка поддршка од САД. На новинарите што ја покриваат советската инвазија врз Авганистан не

[347] Rabinovich, *The War in Lebanon* (Cornell, 1984, 57). Тој упатува на периодот 1975-6 година, кога се случи уверливото мнозинство од загубите.
[348] *Fateful Triangle,* 188f.
[349] *Ibid,* 243f.,за примерок, делумно од либанскиот печат.Не знам за друг примерок.

им е наложено да ги приспособат своите описи за страдањата причинети од советската војска преку посочување на милионите убиени за време на војните на САД во Индокина или на муслиманските sверства - освен, можеби, во "Правда". Логиката на изјавата на Болинг изгледа дека гласи дека секоја критика на она што Израел им го прави на Арапите мора да биде урамнотежено преку некоја осуда на она што Арапите си го прават едни на други ; таков принцип овде не се сугерира, или било каде - ниту пак, се разбира, треба така да биде. Овој вид на аргумент понекогаш досега до вчудоневидувачко ниво, како во случајот кога Волф Блицер од "Јерусалем пост" го поддржува обвинението на Ватенберг за "двојните стандарди" врз основа на тоа што "Вашингтон пост" не испрати никого да го покрие земјотресот во Северен Јемен. Сепак, поентата на Блицер околу "негативниот расизам што делува и преку кој тежнееме да го намалиме бројот на луѓето од Третиот свет кои се убиени" е добро заснована и веќе неколку декади - иако изгледа дека тој ова не го гледа - е многу добро применлива во однос на медиумската реакција кон израелското насилство. (За повеќе околу овие стандардни неточности, види додаток 1, оддел 1).

Едно поврзано обвинение, кои исто така го повторуваат неколку коментатори, е тоа дека медиумите не успеаја да го прикажат "теророт на шесте година живот под ПЛО" (Едвард Александер, кој верува дека главните медиуми "го прикажуваат Израел како станица за експерименти на ѓаволот, со главен град ниту Ерусалим ниту Тел Авив, туку Содома и Гомора", што е правилен показател за хистеријата создадена помеѓу апологетите на израелското насилство при времениот слом на вообичаените норми врз кои тие се потпираат). Вистината е многу поразлична. Угнетувањето и sверствата на ПЛО во Либан беа нагласени.[350] Но не најдов никакви референци во американските медиуми за заклучоците на израелските новинари кои пропатуваа низ Либан за да ги испитаат овие многу објавувани наводи, наоѓајќи многу докази за израелскиот и христијанскиот терор, но далеку помалку докази со кои би можела да биде обвинета ПЛО. Особено раскринкувачки беше извештајот во водечкиот израелски весник "Хаарец" на Атала Мансур, христијански маронит и почитуван израелски новинар, кој беше добро сместен за да даде прецизна критичка оценка. Неговиот опис на sверствата на христијанските сојузници на Израел контрастирани со далеку помалку репресивното однесување на "лево-муслиманско-палестинскиот камп" извлече целосно погрешни заклучоци и беше игнориран. Истото важи и за описите на водечките израелски новинари Евреи, кои објавуваат на англиски јазик и кои се лесно достапни, но со погрешни заклучоци.[351]

Александер го осудува "Њусвик" поради известувањето дека војната на Израел против ПЛО "болно ги ослабна нејзините поумерени елементи", што е уште еден доказ дека медиумите водат "пропагандна борба против Израел." Сепак, тој не нé потсетува дека угледни израелски научници тврдат дека главниот мотив за инвазијата уште од почетокот беше токму ослабнувањето на

[350] За референци околу малкуте примери од "Лос Анѓелес тајмс", "Кришчан сајанс монитор" и "Вашингтон пост", види ги повторно печатените коментари од страна на омбуцманот на "Пост" Роберт Меклоски, кој сепак чувствува дека извештајот на "Пост" беше задоцнет. Исто и David Shipler, *NYT,* July 25, 1982.

[351] Mansour, *Ha'aretz,* July 27, 1982. Види и Benny Morris and David Bernstein, *Jerusalem Post,* July 23, 1982. И двете статии се прегледани во *Fateful Triangle,* 186f., помеѓу останатите извори. Види Shipler, *op. cit.,* за време на истите денови, за извештај во американскиот печат од многу поинаков вид, кој се фокусира на репресијата на ПЛО.

поумерените елементи во ПЛО. Умереноста на ПЛО се сметаше "за вистинска катастрофа во очите на израелската влада", бидејќи тоа ја носеше заканата од политички договор; надежта беше дека ПЛО ќе биде натерана на тероризам, што ќе ја ослабне опасноста од "идни политички прилагодувања" (Јехошуа Порат, водечки израелски академски специјалист за палестинскиот национализам и политички центрист). "Работењето на главно уништувањето на ПЛО како политичка сила беше raison d'etre на целата операција", заклучува израелскиот стратегиски аналитичар Авнер Јанив (одобрувајќи). Нужно беше да се примени "најжесток воен притисок... за да се поткопа позицијата на умерените внатре во редовите" на ПЛО, да се блокира "'мировната офанзива' на ПЛО", да се спречи Арафат да добие поддршка во ПЛО за квалификуваното прифаќање на резолуцијата 242 на ОН и "да се запре растот (на ПЛО - Н. Ч.) кон политичка одговорност." Перцепираниот проблем беше тоа што "умерената - политичка повеќе отколку терористичка - ПЛО... може да стане далеку поопасна од насилната ПЛО од претходните години." Воената акција ѝ служеше на "задачата за ослабнување на умерените во ПЛО и зајакнување на нивните радикални ривали." Јехошафат Харкаби (поранешен директор на израелското воено разузнавање, бивш советник на Бегин, професор по меѓународни односи и блискоисточни студии на Хебрејскиот универзитет и еден од најмногу ценетите специјалисти во Израел за овие прашања) пишува дека "основниот мотив на Бегин за започнување на војната е неговиот страв од сподвижувањето на мировниот процес"; војната од 1982 година треба да се нарече "војна за зачувување на окупацијата на Западниот брег", окупација на која ѝ се заканува палестинската умереност, а не палестинскиот тероризам, како што се разбираше од сите страни и особено сериозна закана поради неуспехот на Израел да предизвика насилен одговор на своите провокации во Либан од средината на 1982 година. Началникот на Главниот штаб, Рафаел ("Рафул") Ајтан искрено наведува дека акцијата беше успешна: "ја уништивме ПЛО како кандидат за преговори со нас во врска со Земјата Израел."[352] Антисемитизмот длабоко навлегува во израелските етаблирани кругови, според сплеткарските стандарди на Александер.

Не е неопходно да се коментира за статиите на Мартин Перец и Норман Потхорец, повторно печатени од весниците кои тие ги уредуваат ("Њу рипаблик" и "Коментари").[353]

Поентата повторно е дека агендата ја поставуваат бранителите на американското и израелското насилство, кои ги осудуваат медиумите поради нивната наводна анти-естаблишментска пристрасност. Најневообичаените обвинувања против медиумите страсно се напуштаат, а понекогаш и се побиваат. Но постојат малку обиди за сериозно анализирање на настаните за кои се расправа или на медиумската изведба, а идејата за истражување на можната произраелска, проамериканска пристрасност не е на агендата, настрана од внимателна анализа на Хуглунд.

---

[352] Porath, *Ha'aretz,* June 25, 1982; Yaniv, *Dilemmas of Security* (Oxford, 1987, 52-3, 67ff., 100-101). Harkabi, *Israel's Fateful Hour,* 100-1. Eitan, цит. сп. Rafi Ga'on, *Ha'aretz,* Dec. 27, 1983. Ајтан ги отфрла и протестите на Јеш Гвул и другите, прашувајќи ги каде беа кога Израел помина 6 години на Суецкиот канал, каде што "уништивме 3 нивни градови (Суец, Исмаилија и Порт Саид), презедовме двабоко-продирачко бомбардирање, убивавме цивили, па дури и соборивме цивилен либиски авион кој скршна од курсот и неговите патници беа убиени." За позадината на израелските провокации што водеа кон инвазијата од 1982 година врз Либан, види *Fateful Triangle* и Schiff and Ya'ari, *Israel's Lebanon War*.

[353] Види *Fateful Triangle* за одредена расправа околу првиот.

Последното поглавје, "Размислувања околу медиумското покривање на Третиот свет", започнува со амбасадорот Дејвид Њусом, кој кажува дека "денес во печатот има силна тенденција кон скептицизам во однос на официјалната американска политика и оние странски службени лица кои се идентификуваат со неа." Тој прашува "кој е ефектот кај јавниот ум околу контрастот помеѓу револуционерот со искината и отворена кошула и добро облечениот олигарх при спротивставените сцени од Средна Америка емитувани преку телевизиите?" Поради ова, тој сака да веруваме дека телевизиите прикажуваат симпатизирачка слика за герилата во Ел Салвадор и Гватемала. Одговорот на Дејвид Лихтенштајн од десничарската организација за мониторинг на медиумите АИМ* ги осудува медиумите поради нивната "директна морална осуда" на американската политика во Виетнам и Ел Салвадор и на Израел за време на "навлегувањето во Либан". Голем дел од критиките на печатот, чувствува тој, "произлегува од овој вид на... проарапска или произраелска пристрасност - од чувствата во корист на Хо Ши Мин или во корист на комунистичките герилци." Тој не спомнува примери за критичари во печатот што го фаворизираат Хо или комунистичката герила и не објаснува зошто тие не се претставени на ваквите семинари штом се толку влијателни и бројни. Заклучува дека "во медиумите има идеолошки судири кои се одвиваат преку целиот политички спектар", што е позиција што може да се одржи ако сметаме дека политичкиот спектар е одреден од потребите на моќните елити. Во однос на Ел Салвадор тој пишува дека "целата врева околу човековите права, на пример, често ја претставуваат врескавите повици на не многу добро информираните новинарски посетители на кои им недостига историска перспектива и кои не се запознати со латино-американската култура или со тоа како се разви целосно поразлична култура од целосно поразличните општествени услови." Оставајќи ја настрана неговата оцена во врска со "вревата" во медиумите што редовно ги потиснуваат поддржаните од САД sверства во Ел Салвадор, истовремено фалејќи го "умереniот" режим на Дуарте кој нив ги извршува, тој не покажува дали сличните обsири се применливи и кон sверствата извршени од официјалните непријатели. Преостанатата расправа останува без исклучок во предвидените граници.

Сумарно кажано, од 155 страни, помалку од 4 се надвор од границите предвидени од моделот на пропагандата: статијата на Анти-дискриминацискиот комитет за произраелската пристрасност и неколкуте расфрлани реченици. Природно, се работи за оцени, но се сомневам дека другите стандарди би воделе кон материјално поразлична проценка. Заклучокот е дека моделот на пропагандата повторно е многу добро потврден во своето предвидување од втор ред. Понатаму нема да коментирам околу запрепастувачките белешки на некои од учесниците, како оние што се овде прегледани, или околу она што тие го покажуваат, освен за да забележам дека оправдувањето на масивните sверства се смета за доста нормално и достојно за почит.

Сетете се дека основното прашање истакнато на семинарот беше проблемот со кој се соочуваат "'слободниот печат', демократското општество" што дозволуваат "отворено покривање на настаните за време на војна" (Болинг). Нема алузии на фактот дека дозволувањето на "отвореното покривање" е релативно без ризик кога може да се верува дека медиумите ќе ги прифатат основните принципи (ако не секогаш тактичките оцени) на државната

* Accuracy in Media (AIM) - "Прецизност во медиумите" (заб. на прев.).

пропаганда и дека верно ќе се држат внатре во нејзините граници при она што го емитуваат и при начинот на кој тоа ќе го толкуваат и дека ќе известуваат од гледна точка на одобрените елементи: клиентските влади на Јужен Виетнам и Ел Салвадор, но не и домородните герилци; герилците во Авганистан, но не и советскиот клиентски режим; никарагванската опозиција поддржана од САД и граѓанскиот фронт за контрата управуван од ЦИА, но не и избраната влада (опишана преку едикт од Вашингтон како неизбрана) итн.

Болинг расправа во врска со еден главен исклучок од оваа политика на дозволување "отворено покривање", оној за кој медиумите главно сметаат дека е навредувачки: забранувањето на дописниците за време на првите денови од инвазијата на Гренада, првата прилика при која успехот при нашата благородна кауза не "нè заобиколи", според неговата оцена. Болинг очигледно го смета "соборувањето на бездушната и ненародна малечка марксистичка диктатура и протерувањето на кубанските советници, работници и војници" како заслужено, иако цензурата истакнува сериозни прашања. Можеме да ја оставиме настрана неговата карактеризација на овие настани и да се осврнеме кон прашањето кое овде е посоодветно. Точно, медиумите беа накратко исклучени и го осудија ова кршење на нивните прерогативи. Но што е поважно, тие применуваа толку остра автоцензура што настаните беа неразумно претставувани и го штитеа американското стојалиште, факт што не е спомнат во волуменот расправи, а ретко се спомнува на други места.

Едвај да се известуваше за дејствијата на САД од претходните години за поткопување на владата на Морис Бишоп.[354] Масивните воени операции со кои се симулираше инвазија на "Амбер и на Амбердинците" и кои беа со јасна намера да ја вознемират владата на Гренада и Гренадинците, поминаа без да бидат спомнати во "Њујорк тајмс". Единствено посочување беше една малечка белешка за обвинувањето на Гренада дека е мета на "надоаѓачки напад" од САД, што беше отфрлено од Стејт департментот како "смешно", без да бидат наведени други подробности или истражување.[355] Немаше извештаи за одбивањето на Картеровата администрација да обезбеди помош кога ураганот од август 1980 година уништи 40% од жетвата на банани на Гренада и за понатамошното условување на Картер Гренада да биде исклучена од помошта за закрепнување која беше обезбедена за погодените земји преку Западно-индиската асоцијација за извоз на банани (Асоцијацијата го одби условувањето, па не дојде никаква американска помош).[356] Немаше извештаи ни за прекинувањето на американската помош и за притисокот врз Заедничкиот пазар да ја прекине помошта на почетокот од 1981 година. Не беше известено и за другите мерки чија цел беше прекинување на напредокот и развојот под владата за која сега се признава дека беше популарна и релативно успешна во почетните обиди. Така, медиумите осигураа дека малкумина ќе го разберат она што се случи во октомври 1983 година, кога беше убиен Бишоп и кога беше извршена инвазијата, а и она за важната позадинска улога на САД.

Свртувајќи се кон самата инвазија, владината улога во цензурирањето го претставуваше она најмалку важното во приказната. Далеку поважен беше фактот дека најклучните информации околу инвазијата беа во голема мера

[354] Информацијата тука е од базата на податоци на "Тајмс".
[355] *NYT,* March 29, 1983.
[356] Council on Hemispheric Affairs, *Washington Report on the Hemisphere,* Nov. 23, 1988; контекстот е одбивањето на Вашингтон да обезбеди помош за Никарагва при разрушувачкиот ураган од октомври 1988 година.

потиснати преку изборот на медиумите, иако тоа се случуваше додека медиумите ја осудуваа владината цензура.

Инвазијата на Гренада се случи утрото на 25 октомври. Понудени беа разни спротивставени оправдувања кои не мораме да ги прегледуваме. Приказната која владата конечно ја утврди беше дека американските трупи водеа огорчена битка во "спасувачка мисија" со кубанските воени сили кои се бореа да ја одржат оваа истурена позиција на советскиот империјализам. Медиумите им дадоа енормно покривање на настаните, држејќи се во основа до оваа верзија додека поставуваа прашања околу мотивите на инвазијата и додека се жалеа поради цензурата. Познатите извештаи ги прикажуваа битките со кубанските сили, обидите да се уништи кубанскиот отпор, користењето на американската војска итн. Но има и повеќе од сторијата.

Кога САД нападна, Куба објави во печатот серија на официјални документи. Според овие документи, кога на 20-ти октомври беше известено за убиството на Морис Бишоп,* кубанската влада објави дека е "длабоко огорчена" поради убиството и изрази "длабока почит" кон убиениот лидер. Истата официјална изјава извести за упатствата до Кубанците на Гренада дека "тие треба апсолутно да се воздржат од било какво мешање во внатрешните работи на Партијата и на Гренада", истовремено обидувајќи се да ја одржат "техничката и економската соработка што може да влијае врз суштествените услуги и виталната економска помош за народот на Гренада." На 22 октомври Кастро испрати порака до кубанските претставници на Гренада, нагласувајќи дека тие не треба да преземаат никакви дејствија при инвазијата на САД, освен ако не се "директно загрозени." Ако американските сили "слетаат на секторот (од аеродромот што Кубанците го градеа со британска помош - Н. Ч.) близу универзитетот или во неговата околина за да ги евакуираат своите граѓани", на Кубанците им беше наредено "целосно да се воздржат од попречување." Воените владеачи на Гренада беа информирани дека "испраќањето на засилување е невозможно и незамисливо", поради дејствијата на Гренада за кои жали Куба и народот на Гренада и Куба ги убедуваше да обезбедат "целосни гаранции и средства за сигурноста и евакуацијата на американските, англиските и другите државјани." Пораката беше повторена на 23-ти октомври, при што беше наведено дека засилувањето би било политички погрешно и "морално невозможно пред нашиот народ и пред светот" по атентатот врз Бишоп. На 24-ти октомври Куба повторно го информира режимот на Гренада дека Кубанците единствено ќе се бранат себеси ако бидат нападнати и го советуваше да нема воен персонал на секторот за слетување на аеродромот.

Вашингтон сигурно знаеше за ова комуницирање, без оглед на колосалната некомпетентност. Но не мораме да шпекулираме околу ова. На 22 октомври Куба испрати порака до Вашингтон за да ја објасни својата политика "на немешање во внатрешните работи" на Гренада и да сугерира САД и Куба "да бидат во контакт околу оваа работа со цел да се придонесе кон погодно решавање на сите тешкотии што можат да се појават или околу дејствијата што можат да се преземаат во однос на безбедноста (на американските или било кои други државјани во Гренада - Н. Ч.) без насилство или интервенција врз таа земја." На оваа порака немаше одговор сè до 25 октомври, доста време *по*

* Бишоп, кој беше под влијание на идеите на Кастро и на Даниел Ортега, беше убиен од хунтата на чело со Бернард Коард, кој беше министер за финансии во владата на Бишоп и екстремен комунист (заб. на прев.).

инвазијата на САД и нападот врз кубанскиот персонал. На таа точка САД изјави дека "се согласува со кубанскиот предлог од 22 октомври за одржување контакти во врска со сигурноста на персоналот на двете страни." Неколку часови подоцна, САД испрати порака до Куба, изразувајќи го своето "жалење" поради вооружените судири кои ги припиша на "конфузијата и несреќите." Куба веднаш одговори, повикувајќи повторно на соработка за решавање на проблемите "без насилство или интервенции."[357]

Овие факти веднаш им беа познати на медиумите па дури беше нешто и спомнато за нив, иако беа потиснати до опскурност и не попречуваа при следењето на патриотската агенда. Сервисот за вести "Најт-рајдер" извести за изјавата на Кастро од 26 октомври дека Куба го отфрли барањето на Гренада за засилување и дека понуди "кубанска соработка за гарантирање на сигурноста на 1.000 Американци на островот", иако Вашингтон не одговори сè до "90 минути по инвазијата на американските трупи на Гренада и откако тие почнаа да се борат со Кубанците на островот." Алма Хиљермоприето на 26-ти октомври извести во "Вашингтон пост" дека на "конференцијата за печатот по полноќ" со "скоро 100 странски и локални новинари", Кастро "објави текстови на она за што тој рече дека е дипломатска кореспонденција помеѓу Куба, Гренада и САД", што ги даваат суштинските факти. Изворите на САД "ја потврдија размената на пораки", додава таа, но кажа и дека тие не можеа веднаш да и' одговорат на Куба, зашто телефонските врски во интересниот сектор на САД во Хавана не работеа од вечерта на 23 октомври до доцна во ноќта на 24 октомври; колку е несреќно што американската влада, која толку нема технички средства, не можеше да изнајде некој начин за да одговори на пораката од 22 октомври, можеби дури и гулаб писмоносец, правејќи ја така инвазијата ненужна (според владино-медиумското оправдување за неа) и осигурувајќи дека ќе нема судири со Кубанците. Додека пак гласноговорникот на Белата куќа Лари Спикс, извести таа, кажа дека "САД ги игнорираше кубанските и гренадинските уверувања дека американските граѓани во Гренада ќе бидат безбедни, бидејќи 'тоа беше игра на предлагање глупости и не знаевме кој е на чело'." Читателите на "Њујорк тајмс" можеа да научат за фактите од платениот оглас на кубанската влада од 20 ноември, без сомнение во залуден обид да се надмине медиумската автоцензура. Истиот ден Алан Бергер правилно извести за фактите во "Бостон глоуб".[358]

Накратко кажано, сторијата за кубанскиот отпор кон американската "спасувачка мисија" беше чиста измама и уште од почетокот се знаеше за овој факт. Сепак, медиумите се држеа до официјалната линија со само безначајно признавање на вистинските факти, што брзо беше напуштено. Понекогаш беа цитирани кубанските службени лица кои го обвинуваа САД за "манипулирање на информациите", но без упатување на овие клучни факти (Џо Томас, "Њујорк тајмс"). Уводниците поставуваа различни прашања околу "орвеловските аргументи" понудени од Регановата администрација, но сепак ги избегнуваа откритијата што би ја разоткриле целата операција како измама на односите со јавноста.[359] Шемата беше сеопфатна.

---

[357] Center for Cuban Studies, New York, Oct. 28, 1983.

[358] Knight-Ridder Service, *BG,* Oct. 27; *WP,* Oct. 27; *NYT, BG,* Nov. 20. Исто и *Latin America Regional Reports Caribbean,* Nov. 4, 1983; Michael Massing, *Atlantic Monthly,* Feb. 1884, две реченици на една внатрешна страница.

[359] Thomas, *NYT,* Nov. 1; уводник, *NYT,* Nov. 10, 1983.

Тешко дека постои сериозна основа за американската влада да се обвини за цензура кога самите медиуми се покажуваат вешти за овој процес, без упатства или притисок - како и при останатите примери, толку чести што можат правилно да се наречат норма.

Втор додаток

1. Доктрината на задржувањето[360]

Проектот за задржување на Советскиот сојуз и на неговите сојузници е предоминантна тема на современата историја, поради што заслужува одреден коментар.

Во научната литература признат е, се разбира, фактот дека реториката на "задржувањето" со себе носи доста значајни претпоставки. Во една од водечките студии за задржувањето, Џон Луис Гадис забележува дека "терминот 'задржување' поставува одредени проблеми, зашто имплицира постојано одбранбена ориентација на американската политика." Сепак, тој наоѓа дека терминот е соодветен, бидејќи "американските водачи постојано се *перцепираа* себеси на начин дека повеќе одговараат отколку што иницираат предизвици на постојниот меѓународен поредок" и всушност беа зафатени со "одржување на глобалната рамнотежа на силите пред перцепираниот московски предизвик на тој еквилибриум" во Западна Европа.[361] Водачите на другите сили имаат слични перцепции, но ние не дозволуваме овој факт да го води нашето толкување на историјата.

Што беше "постојниот меѓународен поредок" кој мора да се "брани"? Американските планери намераваа да го конструираат она што го нарекуваа Велика област, глобален поредок подреден на потребите на американската економија и предмет на американска политичка контрола. Регионалните системи, особено британскиот, требаше да се отстранат, додека оние под американска контрола требаа да се прошират, врз принципот, искажан од Ејб Фортас при интерна дискусија, дека овие чекори беа "дел од нашата обврска за безбедност на светот... што беше добро за нас, беше добро за светот."[362] Британскиот форин офис не ја ценеше оваа алтруистичка загриженост. Неговата перцепција беше дека "економскиот империјализам на американските бизнис интереси, кој е доста активен под маската на беневолентниот и патронатски интернационализам", се "обидува да нè истисне." Државниот министер во Британскиот форин офис, Ричард Лоу, пред своите колеги во кабинетот коментираше дека Американците веруваат "дека САД стои во прилог на нешто во светот - нешто што му треба на светот, нешто што ќе му се допадне на светот, нешто, на крајот, што светот ќе го прими, сакал тој или не."[363] Што не е неточна перцепција.

Против кои непријатели беше нужно да се брани Великата област, настрана од Британците и останатите трговски ривали? На реторичко ниво, непријателот беше Советскиот сојуз и постоеја малку причини за сомневање дека чувството беше изворно, иако, како што се признава во научната

[360] Додаток кон Втора глава.

[361] John Lewis Gaddis, *Strategies of Containment* (New York, 1982, viiin), негово подвлекување; *The Long Peace,* 43.

[362] Wm. Roger Lewis, *Imperialism at Bay: the United States and the Decolonization of the British Empire, 1941-1945* (Oxford, 1978, 481). За планирањето на Великата област, види Shoup and Minter, *Imperial Brain Trust*. За забелешки околу ова и за соперничките модели и за применувањето на Далечниот исток, види Bruce Cumings, вовед во Cumings, ed., *Child of Conflict* (Washington, 1983).

[363] Lewis, *op. cit.,* 550; Christopher Thorne, *The Issue of War* (Oxford, 1985, 225, 211).

литература, се претеруваше околу него. Но искреноста на загриженоста не е многу релевантна; лесно е некој да се убеди себеси во она што е прикладно за верување и државните управители подготвено ја прифатија стварноста на заканите што самите ги измислија поради доста поразлични причини.

Советскиот сојуз навистина е закана за Великата област, зашто одби да биде инкорпориран во нејзините рамки и зашто им помага на останатите што се непокорни. Но советската закана се смета за далеку потемелна, оправдувајќи ги цврстите мерки за одбрана. Вудроу Вилсон "и неговите сојузници гледаа на овие дејствија повеќе во дефанзивен отколку во офанзивен контекст", кога по Болшевичката револуција го нападнаа Советскиот сојуз, забележува со одобрување Џон Луис Гадис. Вилсон беше "решен пред сето останато да обезбеди самоопределување во Русија", преку напаѓање на земјата и инсталирање на оние за кои ние ќе одлучиме дека се вистински владеачи; преку истата логика, САД беше посветен на самоопределувањето на Виетнам, Гватемала, Никарагва и на останатите што искористија поради нашата загриженост, а СССР е посветен на самоопределување во Чехословачка и Авганистан. Но подлабоко, продолжува Гадис, "интервенцијата во Русија се случи како одговор на темелната и потенцијално далекусежна интервенција на новата советска влада во внатрешните работи не само на Западот, туку на скоро секоја земја во светот." Оваа советска "интервенција" во внатрешните работи на другите беше "предизвикот на Револуцијата - кој тешко дека можеше да биде покатегоричен - на самиот опстанок на капиталистичкиот поредок." Поради тоа, "безбедноста на САД" во 1917 година беше "во опасност", па така дефанзивните дејствија беа целосно оправдани; можеби ова важи и за првата употреба на гасните бомби од авион што британскиот генералштаб го сметаше за главен фактор за своите почетни воени успеси во 1919 година, истата година кога државниот секретар Винстон Черчил препорача да се употребува "отровен гас" "против нецивилизираните племиња" во Месопотамија (Ирак) и Авганистан.[364]

"Намера што" Советскиот сојуз "сам ја објави дека ќе бара соборување на капиталистичките влади во целиот свет", објаснува Гадис понатаму, ја оправдуваше инвазијата врз СССР во одбрана на оваа објавена намера, а по Втората светска војна "растечките успеси на комунистичките партии во Западна Европа, Источниот Медитеран и Кина" оправдано предизвикаа обновени "сомненија околу однесувањето на Советскиот сојуз", иако нивната популарност "главно изникна поради нивната успешност како борци на отпорот против Оската."

Гадис ги критикува советските историчари кои на западната интервенција по револуцијата гледаат како на "шокантна, неприродна, па дури и како кршење на правните норми што треба да постојат помеѓу нациите." "Не може да се имаат и двете работи", одговара тој, да се стават забелешки поради западната инвазија, додека "се поставуваше најтемелен револуционерен предизвик против Западот": преку промена на општествениот поредок во Русија и преку објавување на револуционерните намери.[365]

Преку ваквата широка концепција за "одбраната", искажана овде од еден високоценет историчар на дипломатијата, може лесно да се конструира оправдување за дејствијата на Хитлер во доцните 30-ти за "одбрана" на Германија од она што нацистичките идеолози го нарекуваа тероризирање и

[364] Gaddis, *The Long Peace,* 10-11, 21; Andy Thomas, *Effects of Chemical Warfare* (SIPRI, Taylor & Francis, 1985, 33f.), кој ги прегледува британските ново-објавени државни архиви.
[365] Gaddis, *The Long Peace,* 37, 11.

агресија на Чесите и на Полјаците и од обидите за задушување од страна на непријателските сили. И преку истата логика, би било легитимно СССР (или Куба итн.) да го нападне САД "за да обезбеди самоопределување" во одбрана од јасно искажаниот американски предизвик кон "самиот опстанок на советскиот и кубанскиот општествено-политички поредок."

Политиката на САД кон Советскиот сојуз флуктуираше низ годините помеѓу два концепта на "задржување": тркалањето назад и детантот. Флуктуациите во значителна мера го одразуваа проблемот на контрола на оддалечените области кои ги "бранеше" американската моќ и потребата за уверлива закана за јавноста да се убеди да обезбеди субвенции за напредната индустрија преку воениот систем.[366] Вториот проблем беше увиден во документот 68 на Советот за национална безбедност. Документот ја процени економската моќ на советскиот блок како приближно иста со онаа на Западна Европа, со тоа што советскиот БОП беше околу четвртина од оној на САД, а неговите воени издатоци околу половина од американските.[367] Сепак, тој повика на големо проширување на воената потрошувачка, предупредувајќи дека Западот ќе се соочи со "пад на економската активност во сериозни размери" без овој кејнзијанистички стимул; воениот буџет кратко време потоа се зголеми за четири пати, при што Корејската војна беше изговор за тоа. Документот го прави нејасно значењето на бројките расеани низ неговата содржина, но очигледно дека беше предвидено дека некој бирократ би можел да пресмета и да ги извлече очигледните заклучоци. Авторот, Пол Нице, го одбива нападот на ова потенцијално согледување, бележејќи дека бројките не значат ништо, зашто како сиромашно и недоволно развиено општество, "советскиот свет може да направи повеќе со помалку" - нивната слабост е нивна сила, што е постојан рефрен и во останатите случаи кога го браниме Слободниот свет од "внатрешни агресии."[368] Можеме да видеме колку страшна е заканата по нашиот опстанок штом непријателот е толку изопачен за да ја искористува предноста на слабоста со цел да нè надвладее.

Стравот од советската слабост низ годините беше скоро исто толку силен колку и загриженоста поради исклучителната советска моќ. На крајот, задачата што му се дава на одговорниот стратегиски аналитичар е да го утврди заклучокот дека САД се соочува со закана по својот опстанок за да биде нужно

---

[366] Во претходните години воената потрошувачка се одбираше како главно средство за надминување на "доларскиот јаз" на сојузниците на САД и за осигурување дека тие искрено ќе останат внатре во светскиот систем доминиран од САД, откако програмите за помош не успеаја да ги постигнат овие цели. Види Borden, *Pacific Alliance,* за опсежна расправа околу овие теми, кои за прв пат сеопфатно ги анализираа Joyce and Gabriel Kolko, *The Limits of Power* (Harper & Row, 1972).

[367] Поблиското испитување покажува дека бројките беа погрешно протолкувани за да се преувеличи впечатокот за советските воени издатоци и за слабоста на Западот, што исто така е позната шема со години.

[368] Сумирајќи една конференција на воздухопловното разузнавање, стратегискиот аналитичар Вилијам Кенеди предупредува за ужасните откритија на разузнавањето по земјотресот во Ерменија. Со години се претпоставуваше дека Советскиот сојуз има величествена способност за цивилна одбрана, така што тој можеше да изврши нуклеарен напад врз нас и да биде безбеден од последиците. Но од земјотресот се дозна - не на изненадување на оние што имаат било какво познавање на Советскиот сојуз - дека неговата способност скоро и да не постои. Недостигот на способност за цивилна одбрана претставува "поголема закана за светскиот мир отколку заканата од калкулираната советска агресија што беше портретирана во последните 40 години", тажно заклучи конференцијата на разузнавањето преку еден аргумент што нема да се обидам да го повторам. *Christian Science Monitor,* Dec. 28, 1988.

да го држиме горе нашиот гард - и, попатно, да се гарантира дека системот на Пентагон ќе продолжи да ги извршува своите клучни домашни и меѓународни улоги. Кога е тешко да се посочи јазот во бомбардери, јазот во проектили, процепите на ранливост, заканите по нашиот опстанок од суперсилите како Гренада и сличните на неа, мора да бидат доволни други средства, како идејата дека советскиот свет може да направи повеќе со помалку.

Проблемот повторно се појави кон крајот на 1988 година, кога аналитичарите бараа начин за детектирање на закана по нашиот опстанок во иницијативите на Горбачов за унилатерално намалување на вооружувањето. Конференцијата за советски работи на американското воздухопловно разузнавање во Вашингтон можеби го најде клучот. Коментирајќи за конференцијата, стратегискиот аналитичар Вилијам В. Кенеди од Воениот колеџ на американската војска предупреди на ужасното откритие кое покажува дека проценките на разузнавањето за последните 35 години беа далеку од вистината и остро ја потценија советската закана. Американското разузнавање цело време веруваше дека Советскиот сојуз има "најсофистициран, најдобро организиран систем на цивилна одбрана во светот - толку софистициран што може да му обезбеди на Советскиот сојуз голема, можеби и одлучувачка предност при нуклеарен судир." Но земјотресот во Ерменија покажа дека проценката е погрешна. Тој откри "толку голема неефикасност што секој гувернер на држава во САД или федерален службеник кој би управувал со таков хаос, би бил среќен ако до сега би избегнал бесење" - што очигледно е големо изненадување за американското разузнавање, иако тешко дека тоа важи и за било кој што има и најмало познавање за Советскиот сојуз. Ова откритие, продолжува Кенеди, "е запрепастувачко според своите импликации". Еден документ што беше презентиран на конференција на разузнавањето, шест недели пред земјотресот, предупреди дека "советското внатрешно лошо управување и национализмот што повторно се појави можат да бидат поголема закана за светскиот мир отколку заканата од калкулирана советска агресија каква што се портретираше во последните 40 години." Опасноста е во тоа што "советското водство што гледа како внимателно поставените планови одат накриво и како низ областа се шират огновите на национализмот, може да се испаничи, превземајќи очаен меѓународен ризик" - теоријата на "ранетата мечка", како што некои ја нарекуваат. Земјотресот во Ерменија ги потврди нашите најлоши стравувања: Советскиот сојуз воопшто нема способност за цивилна одбрана, а оттука нема и способност за прв удар со релативна неказнивост, на која со години јастребите злокобно предупредуваа. Сега сме во вистинска опасност: ранетата мечка може да нападне. Сигурно дека во вакви моменти на сериозна национална криза не треба да им подлегнеме на бесмислените идеи за ослабнување на нашите "одбранбени" способности.[369]

Таквите аргументи се предвремени во моменти кога е итна задача соочувањето со цената за воените кејнзијанистички испади. Нивното време ќе дојде кога ќе биде нужно да се преземат повоинствени авантури во странство за да се зачуваат областите на американската моќ или за да се обезбеди свежа крв за високо-технолошката индустрија. Сепак, наивно би било да се претпостави дека стратегиската теорија е неспособна да излезе со аргументи како потрепа на заклучокот што би се барал во даденият момент, кои и да се објективните факти.

[369] Kennedy, "Tremors that should be felt in Washington," *Christian Science Monitor,* Dec. 28, 1988.

Гадис забележува: "Задржувањето во значителен степен е производ, не толку на она што Русите го направиле, или на она што се случило на другите места во светот, колку на внатрешните сили кои делуваат внатре во САД." "Она што е изненадувачко", продолжува тој, "е *примарноста* која им се дава на економските обзири (имено, на државното економско управување - Н. Ч.) при обликувањето на стратегиите за задржување, *исклучувајќи ги останатите обзири*."[370] Всушност, за целиот период, политиките на воен кејнзијанизам, оправдувани преку советската закана, посредуваа во развојот на високо-технолошката индустрија и во почетните години на Реган уште еднаш послужија како механизам за државно економско управување преку придружната провокативна реторика за "империјата на злото" што е "фокус на злото во нашето време" и извор на сите проблеми во светот. Овие клучни работи едвај да влегуваат во јавните расправи. Нема лесно да избледнат, и покрај многуте невнимателни говорења околу крајот на Студената војна.

2. Црвеното застрашување[371]

Црвеното застрашување на Вудроу Вилсон беше најрано и најекстремно средство на државната моќ во Америка од 20-от век за потиснување на трудот, политичкото дисидентство и независната мисла. Тоа се покажа како модел за подоцнежните напори и ја остави националната политичка полиција како еден клучен институционален резидуум, која фрли долга сенка во годините што следеа.

Директорот на ФБИ, Џ. Едгар Хувер, се извиши до национална слава кога во август 1919 година беше назначен на чело на одделот за општо разузнавање во департментот за правда. Ова се случи кратко пред "Палмеровите рации" од јануари 1920 година, кога во многу делови од земјата беа уапсени илјадници наводни радикали (стотици странци подоцна беа депортирани). Во меѓувреме, "Вашингтон пост" преку уводниците тврдеше дека "нема време за фрлање за да се цепидлачи околу прекршувањето на слободата" во очи на болшевичката закана, а еден уводник на "Њујорк тајмс" објави: "Ако некои или сите ние, нестрпливи поради брзата конфузија на Црвените, било кога се сомневавме во итроста, решителната волја и верната, интелигентна енергија на департментот за правда за уловување на овие непријатели на САД, сега оние што се сомневаа се предизвикани да одобруваат и да ракоплескаат... Овие рации се само почеток... понатамошните активности (на департментот - Н. Ч.) треба да бидат далекусежни и корисни." "Овие комунисти", забележа "Тајмс" истиот ден, "се штетна банда" што "на многу јазици... ја осудуваат блокадата на Русија", како и што повикуваа на подобри надници и работни услови. Извештајот на "Тајмс" за рациите беше насловен "Црвените коваа заговор за штрајк во целата земја."

"Вашингтон пост" го величаше Домот на претставниците поради тоа што го исфрли социјалистичкиот конгресмен Виктор Бергер, забележувајќи дека не можел да даде "подобра или повпечатлива демонстрација на американизмот".

[370] *Strategies of Containment,* 356-57, негово подвлекување.
[371] Додаток кон Втора глава.

Известувајќи за депортацијата на Ема Голдман,* "Пост" го фалеше "најсовесниот" налог на Хувер против Голдман, поради неговите докази дека таа "посредуваше во развојот на неприродните идеи" на атентаторите на претседателот Мек Кинли во 1901 година. "Тајмс" го опиша исфрлувањето на социјалистичките пратеници како "целосно американско гласање, патриотско и конзервативно гласање" кое "огромно мнозинство од американскиот народ ќе го одобри и ќе го потврди", што и да верува непросветениот електорат. Уредниците продолжуваат со зборовите дека исфрлањето "беше исто толку јасно и демонстративно мерка на национална одбрана колку и објавата на војна на Германија", повикувајќи се на познатиот концепт на "одбраната" во уводникот од 7-ми јануари 1920 година, долго време од крајот на војната. Еден месец претходно, "Тајмс" го поддржа законот за повикување на бунт предложен од државниот обвинител Палмер и неговиот помагач Хувер, со кој се повикуваше на судско гонење на оние што се виновни за помагање или поттикнување на "правење, покажување, пишување, печатење или ставање во оптек на било каков знак, збор, говор, слика, цртеж, аргумент или учење што советува, брани, учи или оправдува било каков чин на бунт", "или било кој чин што намерава да покаже бунтовност." Предмет на судско гонење беа и оние што на било каков начин беа поврзани со била која организација "без разлика дали истата е формално организирана или не, а која за своја цел има, целосно или делумно, советување, бранење, учење или оправдување на било каков чин на бунт", при што последната одредба беше дефинирана доста широко за да ги задоволи многуте тоталитарци.[372] Овие идеи имаат свои претходници, меѓу нив и Актите за туѓинци и бунтови од 1798 година преку кои "федералистите гледаа да ја потиснат политичката опозиција и да ги отстранат задржаните симпатии за принципите на Француската револуција" и законитото убиство на четворица анархисти поради тоа што бранеа доктрини кои наводно стоеја зад експлозијата на бомбата на Хајмаркетскиот плоштад во Чикаго во мај 1886 година, откако еден штрајкувач беше убиен од страна на полицијата. За властите "бунтовните говори" на анархистите од Хајмаркет беа доволни за да им се припише "морална одговорност" за фрлањето бомба во што немаа удел и да се оправда нивното судско гонење и бесење.[373]

За време на Црвеното застрашување на Вилсон, државниот обвинител Палмер продолжи, како што самиот објасни, "да ја чисти земјата скоро без помош од било каква цврста легислатива." Тој ги оправда репресивните дејствија врз основа на неуспехот на Конгресот "да ги сузбие овие бунтовнички друштва при нивната непокорност кон законите преку различни облици на пропаганда." Тој објасни: "Врз основа на овие две основни сигурности, прво дека 'Црвените' се криминални туѓинци и второ дека американската влада мора да го спречи криминалот, беше решено дека не може да има фини дистинкции

---

* Ема Голдман (1869-1940) - истакната анархистка и поборничка за правата на жената, која живееше во САД од 1886 година (заб. на прев.).

[372] Види Murray B. Levin, *Political Hysteria in America* (Basic Books, 1972); Richard G. Powers, *Secrecy and Power* (Free Press, 1987); Aronson, *The Press and the Cold War*.

[373] David Brion Davis, ed., *The Fear of Conspiracy* (Cornell University Press, 1971). Петтиот анархист изврши самоубиство пред да биде спроведена смртната казна. На казна бесење беа осудени уште тројца, но не беа обесени. Не беше понуден никаков доказ дека било кој од осумминатa беше вмешан во фрлањето на бомбата. За "моралната одговорност", види го извадокот од Michael J. Schaack, *Anarchy and Anarchists* (Chicago, 1889), во збирното дело на Дејвис. Капетанот во чикашката полиција, Шак, "нашироко го почитуваа поради откривањето на анархистичкиот заговор"(Дејвис).

што би се повлекле помеѓу теоретските идеали на радикалите и нивните фактички прекршувања на нашите национални закони.” Палмер продолжува со зборовите дека неговите “информации покажаа дека во оваа земја комунизмот беше организација од илјадници туѓинци, кои беа директни сојузници (на Троцки - Н. Ч.). Така, “владата сега ја претура нацијата, чистејќи ја од таквите туѓински валканици.” Сето ова ја имаше преовладувачката поддршка на печатот, сè додека тој не забележа дека можат да бидат загрозени неговите сопствени интереси.[374]

Потиснувањето на овие криминалци со сигурност беше правилно, поради причините што Палмер ги сумира во конгресното сведочење подготвено од Хувер. Помеѓу водачите на овие штетни движења, тој објасни, спаѓаа “идеалисти со искривени умови, од кои многумина дури се и нездрави; многумина се професионални агитатори кои очигледно си гледаат за себе, а голем број се потенцијални или фактички криминалци, чија карактерна основа ги води кон прифаќање на незаузданите и груби теории и тактики на овие организации.” Сите сомнежи околу нивната криминалност брзо ќе се распрснат преку “испитување на нивните фотографии”: “Од подмолните и лукави очи на мнозина од нив извира алчност, суровост, нездравост и криминалност; од нивните изобличени лица, остри чела и искривени црти може да се препознае непогрешлив криминален тип.” И се опасни. “Како прериски оган, пламенот на револуцијата се шири во сите американски институции на законот и поредокот”, пишува Палмер, правејќи ги субверзивни работниците, црквите, па дури и “се испика во светите катчиња на американските домови, сакајќи да ги замени брачните заклетви со слободнички закони, рушејќи ги темелите на општеството.”[375]

Само помислете колку забавно ќе им беше на Канцеларијата за јавна дипломатија и на ордата од апаратчици во владата, новинарството и поширокаата интелектуална заедница ако сандинистите би ги услужиле со изјави кои приближно би биле слични на оние на Департментот за правда на САД и на печатот од времето на експанзивната американска моќ, 140 години по Американската револуција и еден век по последната уверлива закана по безбедноста.

Палмер беше либерален и прогресивен. Неговата намера беше “да ги уништи радикалните семиња кои со своите отровни теории ги ставија во замка американските идеи.” Тој беше особено импресиониран од тоа што “резултатот на апсењата од 2 јануари 1920 година беше забележлив прекин на радикалните активности во САД. Што се однесува до комунистичките тенденции, по многуте недели на апсења, радикалниот печат скоро да исчезна”; и воопшто организациите “целосно беа скршени.”[376] Помеѓу познатите успеси од тој период беше казнувањето на 10 години затвор на претседателскиот кандидат Јуџин Дебс* во март 1919 година поради противење на мобилизацијата и “дивјачките казни за приватното изразување на критики” за војната заедно со “потиснувањето на јавната дебата околу прашањето за војна и мир”, како што подоцна регистрира ACLU.[377] **

[374] Види ги извадоците од Палмер во Davis, *op. cit* За улогата на печатот, види Levin, *op. cit.*
[375] Powers, Aronson, *op. cit.*
[376] Davis, Powers, *op. cit.*
* Јуџин Дебс (1855-1926) беше долгогодишен лидер на СП на Америка кој на претседателските избори од 1912 година освои 900.000 гласови (заб. на прев.).
[377] Robert J. Goldstein, *Political Repression in Modern America* (Schenkman, 1978).

Палмер веруваше дека државата поседува авторитет за да ги спречи овие семиња да се развијат во општата американска традиција. Мас-медиумите, училиштата и универзитетите ја бранеа идеолошката ортодоксија на свој, главно успешен, начин. Кога ќе се перцепира закана за владејачката доктрина, државата е овластена да делува.

По Првата светска војна, воинственоста на трудот ја ужаснуваше етаблираната привилегираност. Ц. Едгар Хувер го портретираше штрајкот во челичната индустрија од 1919 година како "црвен заговор". Подоцнежниот штрајк на рударите претседателот Вилсон го опиша како "еден од најострите чекори што кога и да е се случил во оваа земја", "сериозно морално и законски погрешен." Во меѓувреме печатот предупреди дека рударите, "црвено-зафатени со доктрините на болшевизмот", "почнуваат општа револуција во Америка."[378] Црвеното застрашување, забележува Мјурej Левин, "во голема мера беше поткрепено од главните бизнис групи, кои се плашеа дека нивната моќ е загрозена од трендовите кон лево во работничкото движење"; и тие имаа "причина да се радуваат" во врска со неговиот суштествен успех, имено, "ослабнување и конзервативизирање на работничкото движење, распуштање на радикалните партии и вознемирување на либералите." Тоа "беше обид - во главно успешен - да се реафирмира легитимитетот на капиталистичките елити на моќта и да се потпомогне слабеењето на работничката класна свест." Печатот и воопшто елитите силно го поддржуваа црвеното застрашување, сè до моментот кога увидоа дека нивните сопствени интереси можат да бидат повредени со излегувањето од контрола на десничарското беснеење - особено анти-имигрантската хистерија што се закануваше обезбедувањето на ефтин труд.

Црвеното застрашување служеше и за поставување на темелите на интервенционистичката надворешна политика. Историчарот на дипломатијата Фостер Рија Далс забележа дека "владините агенции создадоа најголем дел од овие стравувања и го одржуваа баражот на анти-болшевичка пропаганда преку целата 1919 година, што барем делумно беше инспирирано од потребата за оправдување на политиката на интервенции како во Архангелск така и во Сибир." Во линија со својот концепт за самоодбраната, Џон Луис Гадис ја става поентата малку поразлично: "Црвеното застрашување, со своето сугерирање дека можеби дури ни САД нема да биде имун на бацилите на револуцијата" беше еден од факторите што го создаде "американското непријателство кон комунизмот." Ова размислување е поучно.[379]

Тогаш воспоставената шема на многу начини се одржа и до денес. Во 60-тите, како што опаѓаа ефектите на репресијата по Втората светска војна и како што почнаа да се развиваат народните движења, ФБИ започна една од своите главни програми на репресија (COINTELPRO) за нивно попречување преку разгорување на насилството во гетата, директно учество во полициското атентат врз организаторот на Црните пантери, долгогодишно ограбување и

** ACLU – Американска унија за заштита на граѓанските права, основана во времето на Црвеното застрашување (заб. на прев.).

[378] Levin, *op. cit.*

[379] Dulles, *The Road to Teheran* (Princeton, 1945), цитиран од Levin, *op. cit*; Gaddis, *The Long Peace,* 37.

вознемирување на Социјалистичката работничка партија и други методи на клеветење и попречување.[380]

Овие програми беа разоткриени токму во времето кога нацијата беше скандализирана од палавостите на Никсоновиот Вотергејт и кога печатот се поздравуваше, или се осудуваше, поради својата агресивност при следењето на неговите лоши дела, кои едвај да беа чајна забава во споредба со програмите на водечката национална субверзивна организација управувана од Кенедиевата, Џонсоновата и Никсоновата администрација. Повторно историјата беше љубезна да создаде контролиран експеримент што ни дозволува да ја оцениме реакцијата на Вотергејт. Заклучоците се недвосмислени. Вниманието беше ограничено на сразмерно малите прекршувања на правата на луѓето и огранизациите со моќ и влијание; за далеку посериозните злодела врз немоќните беше оскудно известено и тие никогаш не влегоа во конгресна процедура.[381]

Лекцијата од Вотергејт е силна и јасна: моќните се способни да се бранат себеси, а печатот може да им понуди одредена помош, при што едни ракоплескаат, а други се ужаснуваат, во зависност од степенот на својата посветеност кон владиното право на контрола врз јавноста. Одлуката за фокусирање врз Вотергејт, поздравена од медиумите како нивни најгорд момент, беше уште едно цинично делување во служба на моќта.

[380] За продолжителната политика на субверзија и репресија на ФБИ, на која често наводно ѝ беше ставан крај, види Ward Churchill and James Vander Wall *Agents of Repression* (South End, 1988) и *Cointelpro Papers* (South End, 1989).

[381] Бомбардирањето на Камбоџа навистина влезе во процедура, само не како конечна тужба, туку преку една специфична форма: не како убиство на десетици илјади луѓе и уништување на руралната Камбоџа, туку како неуспевање правилно да се извести Конгресот. Повторно, критериум се прерогативите на моќните.

Трет додаток

1. Светоста на границите[382]

Кога никарагванската војска ќе се обиде да ги истера ополномоштените сили на САД од националната територија, при што понекогаш преминува преку необележаната граница во областите на Хондурас кои веќе долго време им се отстапени на контристите под американски диктат, хорот за злоупотребување на ова прекршување на светоста на границите е драматичен по својот интензитет. Можеме да го поставиме вообичаеното прашање: дали ова е редовен рефрен заснован врз цврстата посветеност на правото и на светоста на границите или врз доктрината дека никоја земја нема право да се брани себеси пред нападот од САД? Второто јасно дека е оперативниот принцип. Дека тоа е така покажува реакцијата на обидите на Никарагва уште од 1981 година да следи мирољубиви средства што ги бара правото со цел да ги помири разликите, да го реши конфликтот и да договори меѓународен надзор на границите. Останатите тестови го даваат истиот заклучок.

По еден ваков граничен инцидент од март 1988 година, уредниците на "Глоуб енд мејл" од Торонто забележаа дека кога никарагванските сили ја преминаа "границата во остра потера по контристите", "САД одговори само селективно при овој привиден бес, при што одлучувачки фактор очигледно беше тоа дали гласањето за контрата е иманентно", како во овој случај, кога "г-ин Реган беше нестрплив да побара од Конгресот нова помош за бунтовниците." Тие додаваат дека мировниот договор што го потпиша Хондурас "му забранува на Хондурас и на било која друга земја да им дава помош на странските востаници какви што се и контристите" и дека е далеку од јасно дека Никарагва го прекрши меѓународното право "преминувајќи ја границата во остра потера по контристите", навлегувајќи веројатно неколку километри во јужен Хондурас, каде што контристите воспоставија свои бази откако истераа илјадници хондураски селани. Политиката на САД, а не никарагванската одбрана на својата територија е она што "предизвикува бес", или така би било, продолжуваат уредниците, "ако не беа исклучителните страдања што ги предизвикува политиката на САД во регионот."[383] Ова е согледување што му е туѓо на Слободниот Печат јужно од канадската граница, кој исто така не може да си дозволи да забележи дека она што е јасно кршење на меѓународното право е поддршката на САД за силите на контрата што ја напаѓаат Никарагва од странски бази. Владејачката догма смета дека САД стои над правото, дека е слободен да употребува насилство кога ќе посака и дека тоа е праведно и правилно. Согласно со тоа, медиумите ги одбегнуваат постојаните понуди на Никарагва за мониторинг на границата од страна на меѓународните власти, кои САД секогаш ги отфрла поради очигледни причини; и малку внимание може да му се даде на барањето на Меѓународниот суд САД да ја прекине својата агресија и да ги гледа своите обврски од договорот, или на неговата поддршка за никарагванското барање за репарации од најпобожниот бранител на владеењето на правото во светот.

---

[382] Додаток кон Трета глава.
[383] Уводник, *Globe and Mail,* March 18, 1988.

Одговорот на никарагванските навлегувања е значително поселективен отколку што покажува "Глоуб енд мајл", како што откриja израелските операции во јужен Либан токму во истото време. Реакцијата на овие настани може да се процени преку прегледот на извештаите на "Њујорк тајмс".

Израелските авиони на 12 март ги бомбардираа палестинските бегалски кампови во близина на Сидон, за што не беше известено. На 18 март, една реченица во статија на друга тема забележа дека "воените авиони на Израел погодија мети во Либан јужно од Бејрут... веројатно како одмазда поради слабиот ракетен напад врз северен Израел." Неколку денови подоцна, израелските трупи им се придружија на платениците на Јужно-либанската војска во нападите северно од "зоната за безбедност", за што исто така не беше известено. На 24 март "Тајмс" донесе кратка белешка за еден друг напад, известувајќи дека според либанската полиција 15-мина беа убиени или ранети. Другите "се скрија од страв под разрушените sидови", некои беа убиени кога "се вратија авионите и фрлија уште бомби... додека хуманитарните работници копаа по рушевините" од првиот напад, што е стандардно средство за да се зголеми бројот на жртвите. Извештајот од 24 март даде и прва попатна белешка за бомбардирањето од 12 март. Израелскиот напад од следниот ден во близина на Сидон со 5 жртви заслужи 12 реда. Кратка белешка од 31 март извести за петминатa убиени и неколкуте запалени куќи при израелскиот напад врз едно друго село северно од зоната за безбедност под заштита од баражот на тешката артилерија, кога либанските муслимани спроведуваа генерален штрајк како поддршка на арапската комеморација на Денот на земјата во Израел.[384]

Радиодифузните сервиси додадоа уште малку подробности на ова досие со жртви, известувајќи дека помеѓу жртвите од нападот на 23 март се и четири деца од 7 до 10 години кои се хоспитализирани со "критични повреди" и дека најголем број од жртвите се должат на третата серија на бомбардирања, за време на хуманитарните дејствија. Тие ги опишаа "чадот и правот" што ги "опфатија" четирите села следниот ден по нападите и известија за деветмина убиени, со што вкупниот број на убиени од израелски воздушни напади за таа година се искачи на 47. При нападот од 30 март најмалку седуммина беа убиени, меѓу кои и двајца Египќани и тројца либански цивили. "Десетици убиствени гранати и ракети паднаа врз и во околината на пазарниот град Набатијех" и четири блиски села, при што сериозно беа оштетени најмалку 15 куќи, кога "израелските хелихоптери за време на повлекувањето со машинки ја решетаа каменестата територија."[385]

Ништо ни оддалеку споредливо не се случи во Хондурас. Израелските сили не беа во остра потера, туку се движеа надвор од "зоната за безбедност", која Израел скоро ја анектира во јужен Либан и која е контролирана од израелските сили и терористичката, платеничка војска. Правото на анексија како и на уништување и убивање надвор од границите му е подарено на Израел поради доблеста на неговиот статус како водечка клиентска држава на САД. Значењето на наводната грижа за светоста на границите драматично е откриено.

Подоцнежниот развој на настаните јасно ја потврди оваа поента, исто како и израелското бомбардирање на Либан уште од раните 70-ти. Израелското бомбардирање од октомври 1988 година уби 15, а повреди 35, извести полицијата. Според неа, најголемиот дел од 20-мината повредени во Мешгара,

[384] AP, March 17; Alan Cowell, Jerusalem, *NYT,* March 18; UPI, *Boston Globe,* March 20; *NYT,* March 24; *NYT,* March 25; AP, March 24; *NYT,* March 31, 1988.
[385] UPI, *BG,* March 24; AP, March 24; UPI, *BG,* March 31, 1988.

град во Бека долината, беа цивили од една клиника, меѓу кои и либански лекари и медицински сестри. "Лелеци излегуваа од градите на жените, додека работниците ги извлекуваа жртвите од рушевините на клиниката на Хезболах." "Нападите очигледно беа одмазда за седумминатa израелски војници убиени при самоубиствениот напад со автомобил-бомба претходно во оваа недела" од страна на еден либански шиит - што беше поставување бомби *внатре во Либан*, каде што војниците на окупациската војска обезбедуваа поддршка за платеничките сили најмени за да ја контролираат таканаречената зона на безбедност. Гласноговорникот на Стејт департментот "повика на прекинување на насилството *помеѓу Израел и Либан*", урамнотежена и промислена проценка.[386]

Неколку дена подоцна, без никаков изговор, израелските авиони го бомбардираа бегалскиот камп Мих Мих во близина на Сидон, повредувајќи според полицијата 41 човек; "шесточлено семејство и три други лица се изчезнати и се стравува дека се мртви под рушевините." Нападот погоди "палестинско бедно гратче уништено од бомбардирањата." При нападот врз Мих Мих и две други села, беше известено за 17 убиени. Мешгара беше повторно погоден од "тешки баражи на гранатен оган, од артилериските батерии стационирани во Израел." Истите села но и други беа нападнати неколку дена подоцна, при што беа убиени четворица а ранети 23-ца. По кратко време израелски хелихоптерски оган ги погоди палестинските бегалски кампови и другите мети, вклучувајќи ја и продавницата на трговецот со чамци за кого "се мислеше дека им изнајми два моторни чамци на палестинските герилци и за кого постоеше сомнение дека им продава резервни делови на герилците." Израелското бомбардирање на бегалскиот камп Ајн ел Хилвех подоцна во ноември, за кое колку што знам не е известено, уби 6 Палестинци, меѓу кои и една жена и нејзината четиригодишна ќерка, кои беа затрупани под рушевините."Полицијата кажа дека од преполниот град се креваше чад, кога амбулантните возила се тркаа од Сидон за да ги евакуираат жртвите" на ова бомбардирање "во времето кога земјата ја одбележуваше 45-годишнината од својата независност од Франција." Другите напади во близината на Сидон убија петмина а ранија 15, вклучувајќи 9 цивили. Последниот од нив, оној од 25 ноември, беше 23 израелски воздушен напад врз Либан во текот на ноември, со што данокот за 1988 година се искачи на 119 убиени и 333 повредени.[387]

Конечната годишна пресметка на полицијата беше 128 убиени и 356 повредени во израелски воздушни напади врз Либан во 1988 година, кои се случуваа во периодот кога секој гест и исказ на Арафат се иследуваше за да се одреди дали тој навистина мисли да се откаже од тероризмот.[388]

Во истиот период, Израел ги засили своите терористички активности и во "зоната за безбедност". Радиодифузните сервиси известија дека во јануари 1989 година терористичките платеници на Израел депортираа најмалку 76-мина од регионот, а потоа во Израел беше предизвикана "тревога" кога еден норвешки офицер од силите на ОН што патролираат во регионот ја спореди израелската практика на протерување со методите што ги употребуваа нацистите при обидот да ги протераат Евреите од окупираната Норвешка; никаква тревога не беше предизвикана поради протерувањата, ниту во Израел

[386] AP, *BG,* Oct. 22, 1988 (мое подвлекување); *NYT,* истиот ден.
[387] AP, *BG,* Oct. 27; *NYT,* Oct. 27, Nov. 2, Nov. 7; AP, Nov. 22, 25, 1988.
[388] AP, *NYT,* Jan. 12, 1989, кратка белешка која известува за нови напади "чија цел е да се нападне пред да биде нападнат Израел", кажа војската.

ниту во земјата што ги финансира операциите. Џули Флинт извести во "Гардијан" (Лондон) за протерувањето на десетици старци, жени и деца од градот Шеба, поради "нивното одбивање да ја поддржат контролираната од Израел Јужно-либанска војска" (ЈЛВ), според кажувањето на жртвите. Норвешките трупи се обидоа да го спречат протерувањето преку блокирање на главната улица со џип, но тој беше "здробен" од еден оклопен автомобил на ЈЛВ. Израелските трупи "беснееја во градот пред изгрејсонце, извлечкаа 48-мина од нивните кревети, ги истераа од регионот и го блокираа градот", информирајќи ги жителите дека "опсадната состојба ќе биде подигната само откако ќе се согласат да основаат 'координативно биро' и и' се придружат на ЈЛВ." Израелските трупи го опколија градот, "лишувајќи ги од храна неговите жители поради одбивањето да соработуваат со локалната администрација спонзорирана од Израел, изјави еден извор на ОН." 10 % од 15.000 жители на Шеба се "принудени на егзил" поради ваквата практика. Младите се информирани дека "мораат да бидат војници на ЈЛВ или ќе ве отсечеме од вашиот град." Депортираните известуваат дека раководителот на училиштето беше "удиран и тепан", кога израелската војска го задржа поради одбивањето да соработува. Една друга жртва извести за електрично мачење врз прстите и тестисите. Една жена која беше протерана заедно со нејзиното осумгодишно дете извести дека "израелските трупи им ја растурија куќата во 5 часот наутро. Ги извадија децата надвор во нивните пижами, иако беше исклучително ладно. Нè ставија во џип, нè покрија со цирадата и тргнаа. Потоа, сите нè ставија во камион. Таму беа и таткото и мајката на мојот маж. Тој има 90 години." Гласноговорникот на ОН, Тимур Гоксел извести дека "многу од оние што се протерани се жени и деца", а норвешкиот командант на УНИФИЛ ги осуди протерувањата како "нечовечни чинови". Израел на протестите реагира единствено преку продолжување на протерувањата. Директорот за политички работи во министерството за надворешни работи на Либан рече дека Либанците "се плашат дека можеби целта на израелската полиција на окупираниот југ е постапно празнење на таа област од оние што се противат на израелската хегемонија врз зоната и дека тоа можеби ќе се претвори во некој вид на прикриена израелска колонизација."[389]

Овие настани, за кои понекогаш се известува, не предизвикаа одговор настрана од повремените изрази на жалење во врска со "насилството помеѓу Израел и Либан." Реакцијата на бомбите на ПЛО во Израел, или на никарагванските обиди да ги истераат ополномоштените сили на САД од својата територија е нешто поразлична.

[389] AP, Feb. 1, 5; Julie Flint, *Guardian* (London), Jan. 26, Feb. 9; Jim Muir, *Christian Science Monitor*, Feb. 9, 1989.

Четврт додаток

1. Вештината на "историски инженеринг"[390]

Вокацијата "историски инженеринг" е стара колку и историјата и беше призната како професионална одговорност кога САД влезе во Првата светска војна. Во текстот и во додатоците се дадени примери, а има многу други и во цитираните референци. Еден поглед од поблиску врз посебните случаи фрла светло врз тоа како работи системот. Тука како илустрација ќе бидат испитани два случаи, извлечени од главниот владино-медиумски проект на 80-тите: "демонизирањето на сандинистите" со истовременото бранење на државите на теророт на Вашингтон.

Еден од доказите дека Никарагва е рак што предизвикува ширење на субверзијата низ хемисферата, веродостоен колку и останатите, е дека сандинистите ги снабдија со оружје герилците на М-19* за терористичкиот напад врз Палатата на правдата во Колумбија во ноември 1985 година. "Њујорк тајмс" на 5 и 6 јануари 1986 година објави сторији за колумбиското обвинување на Никарагва и за одрекувањето на Никарагва. Следниот ден, 7 јануари, Колумбија официјално го прифати никарагванското одрекување. Министерот за надворешни работи на Колумбија на прес конференција изјави дека "Колумбија го прифаќа објаснувањето на никарагванскиот министер за надворешни работи Мигел Деското и го смета инцидентот за затворен." Оваа вест успеа да биде на 81-та страна на "Бостон глоуб", во одделот за спорт. "Тајмс" воопшто не извести за овој факт; напротив, неговиот уводник од следниот ден тврдеше дека "стрпливоста на Колумбија е пред крај поради доказите - што Никарагва ги оспорува - дека сандинистите ги снабди со пушки терористите што го исценираа" инцидентот во ноември. На 15 јануари "Тајмс" извести дека "американските службеници ја поврзаа Никарагва со тероризмот во Богота - обвинение што никарагванската влада го одрекува" и објави колумна со мислење од Елиот Абрамс, кој ги повторува обвиненијата за кои и тој и уредниците знаеја дека немаат вредност. Ова беше повторено во колумната со вести од 26 февруари, при што повторно се игнорираше фактот дека Колумбија официјално ги отфрли обвиненијата и го сметаше инцидентот за затворен. И "Вашингтон пост" не успеа да извести за прифаќањето на никарагванското отфрлање на одговорноста од страна на Колумбија.[391]

Уводникот на "Тајмс" од 18 март насловен "Никарагванскиот ужас покажува" расправа за Регановиот "апел за 100 милиони долари за да се помогнат 'контристите' наспроти левичарските тирани на Никарагва." Уводникот беше критичен кон Регановиот говор, кој беше толку презаситен со невистини и неиздржани наводи што предизвикуваше одредена неудобност. Уредниците убедуваа дека "г-ин Реган требаше да се држи до неодречливите прекршоци" на сандинистите; тој требаше да праша како тие можат да бидат

---

[390] Додаток кон Четврта глава.

[*] Движење 19 април (Movimiento 19 de Abril, M-19) – вооружена организација во Колумбија, која така се нарече според датумот на претседателските избори во 1970 година, кога преку лажирање на изборите, нивниот кандидат загуби. М-19 делуваше до 1991 година (заб. на прев.).

[391] AP, *NYT,* Jan. 5; Stephen Kinzer, *NYT,* Jan. 6; AP, *BG,* Jan. 8; уводник, *NYT,* Jan. 8; Bernard Weinraub, *NYT,* Jan. 15; Abrams, отворено писмо, *NYT,* Jan. 15; David Shipler, *NYT,* Feb. 26, 1986.

“задржани и што може САД да направи за да ја унапреди демократијата во Никарагва”, издигајќи ја до стандардите на државите на теророт на Вашингтон. Тие прикажаа листа на “вистинските страдања на хемисферата”, имено, “тоталитарните” домашни политики на Никарагва и компликацијата на “безбедносните проблеми во регионот” поради градењето на најголемиот воен аеродром во Средна Америка и на пристаниште на длабоки води на Карибите, со помош од советскиот блок, и нејзината поддршка за “другарите герилци во Ел Салвадор”. Листата на “неодречливи прекршоци” се заклучува со следново: “повеќе од пиететот објаснува зошто Томас Борхе, министерот за внатрешни работи, учествуваше во мисата за герилците од М-19 кои пукаа врз Палатата на правдата во Богота, Колумбија”, што е сигурен доказ за сандинистичката вмешаност во терористичкиот напад.

И останатите беа импресионирани од овој доказ за сандинистичката изопаченост. Вилијам Бичер, дипломатски дописник на “Бостон глоуб”, го нагласи присуството на Борхе на “меморијалната служба за герилците од М-19”, кои употребија “оружје со кое наводно ги снабди Никарагва”; ова е вид на “грешка” за која “сериозните аналитичари” се надеваат дека ќе предизвика “растечки воен притисок” врз Никарагва, забележува тој, очигледно заборавајќи дека неговиот весник пред 9 дена извести за отфрлањето на наводите од страна на Колумбија.[392]

Еден читател од Аризона, др. Џејмс Хамилтон, беше љубопитен да дознае за основата за обновеното обвинение на уредниците на “Тајмс”, за кое знаеше дека е отфрлено од колумбиската влада. Тој му пиша серија на писма на уредникот на “Тајмс”, Макс Франкел, а откако доби отфрлувачка форма на писмо од уредникот за странство, Ворен Хоџ, му пиша и нему. По многу обиди да добие одговор на ова просто прашање, во средината на јули конечно доби писмо од Хоџ. “Како одговор на вашето прашање во врска со Томас Борхе”, пишуваше Хоџ, “г-ин Борхе присуствуваше на мисата во Манагва на која служеше пречесниот Уриел Молина во комеморација на првата годишнина од смртта на Енрике Шмит, министер за комуникации, кој беше убиен во битка со контрата. За време на службата, член на конгрегацијата повика на молитва за М-19 и го рашири нивното знаме.”[393] Хамилтон пишува: “Така, меморијалната служба за поранешниот член на сандинистичкиот кабинет стана, преку перото на пишувачот на уводникот, 'миса за герилците од М-19', дозволувајќи му на 'Тајмс' погрешно да го толкува Борхе и да имплицира поврзаност помеѓу сандинистите и М-19, користејќи го однесувањето на еден поединец во црквата тој ден како поткрепа за ова спорење.” Некои приказни едноставно се премногу корисни за да се напуштат.[394]

Остатокот од “неодречливите прекршоци” од листата на “Тајмс” не поминуваат подобро и всушност се од некој интерес во однос на хистеријата што е предизвикана во етаблираните кругови околу неволноста на Никарагва да ги следи наредбите и нејзините несвесни обиди да го преживее нападот од САД.

Поважно барање беше воспоставувањето на “симетрија” помеѓу контристите и салвадорските герилци. Оваа “симетрија” беше клучна за пропагандата на американската влада, а оттука и медиумска константа. Таа

[392] Beecher, "Pressuring Nicaragua," Jan. 17, 1986.
[393] Hamilton, ms., 1987.
[394] За опсежна документација околу тоа како поради пропагандни цели се одржуваат обвинението за кои се знае дека се погрешни и за интересната реакција кон разоткривањето на овие факти, види ги наведените референци во додаток 1, оддел 1.

лесно се воспоставува преку игнорирање на степенот и карактерот на американската помош за контрата и на директната вмешаност во нивниот терор и преку непопустливото тврдење дека иако бунтовниците во Ел Салвадор одрекуваат дека добиваат поддршка од Никарагва, "изобилни докази покажуваат дека таа постои и дека е прашање колку долго тие би можеле да опстанат без неа", како што извести Џејмс Лемојн, откако во август 1987 година беше потпишан средно-американскиот мировен договор.[395] Лемојн не прикажа докази, тогаш или било кога, за да го поткрепи ова тврдење. Тој треба уште и да прокоментира околу неуспевањето на владата на САД, на која целосно не ѝ недостигаат средства, да обезбеди било каков веродостоен доказ уште од почетокот на 1981 година - а тогаш беа малку доволни - како што забележа Меѓународниот суд, кој ги прегледа јавните материјали што ги продуцира американската влада за да го утврди својот случај, отфрлајќи ги врз основа на недостиг на суштествена втемеленост.[396] Тврдењето е пропагандна неопходност и поради тоа е точно.

Обидите на "Тајмс" да ги заштити потребните факти се просветлувачки. По појавувањето на изјавата на Лемојн, организацијата за мониторинг на медиумите, ФАИР, му пиша на "Тајмс", барајќи да ги сподели со своите читатели "изобилните докази" на Лемојн. Нејзиното писмо не беше објавено, но таа доби приватна порака од уредникот за странство, Џозеф Леливелд, со која се дава до знаење дека Лемојн бил "непрецизен."[397]

По давањето до знаење од септември 1987 година дека обвинението биле "непрецизни", "Тајмс" имаше многу можности да ја поправи непрецизноста, а ги употреби нив - за да ги повтори обвинението за кои приватно се признава дека немаат вредност. Така, при својот прилог кон медиумскиот бараж, организиран во декември во врска со отпадникот од сандинистите, Роџер Миранда, Лемојн објави дека одговарајќи на обвинувањата на Миранда, министерот за одбрана Ортега "изгледа дека индиректно го потврди постоењето на сандинистичката помош за салвадорските бунтовници." Ова е толкувањето на Лемојн на изјавата на Ортега дека Регановата администрација нема право да изнесува такви обвинение, имајќи го во предвид нејзиното вооружување на контрата. Она што Ортега понатаму го кажа, а за што не беше известено, е дека "салвадорските герилци поседуваат одредени извори и начини за добивање на оружје" и дека тие "во основа се вооружуваат преку своите сопствени напори", не зависејќи "од надворешни извори; тие се самодоволни." Така, одрекувањето на Ортега за никарагванската поддршка на салвадорските герилци Лемојн и "Тајмс" го претворија токму во "потврда" на таквата поддршка.[398]

И колегите на Лемојн од "Тајмс" му се придружија на судирот. Стивен Енгелберг напиша дека обвинението на американската влада "изгледа дека е потврдено" од Миранда, кој "кажа дека сандинистите испорачуваа оружје за Ел Салвадор по море", односно, преку заливот Фонсека.[399] Заливот е широк 30

---

[395] *NYT,* Aug. 13, 1987.

[396] За подробен преглед на главните наводи на Стејт департментот, види Morley and Petras, *The Reagan Administration and Nicaragua*.

[397] *Extra!,* Oct.-Nov. 1987. Во писмото од 11 март 1988 година, Леливелд ја информира ФАИР дека му дал инструкции на Лемојн "да посвети цела статија за она што го покажуваат тековните докази во однос на оваа поента (*Extra!,* Sept./Oct. 1988, при што се истакнува дека "и по шест месеци , таква статија се нема појавено."). Види подолу.

[398] Humberto Ortega, FBIS-LAT-87-239, Dec. 14, 1987; LeMoyne, Dec. 20, 1987.

[399] *NYT,* Dec. 18, 1987.

километри, низ него патролираат многу поморски пловила на САД и екипи на СЕАЛ и е опфатен од радарската опрема на Тигарскиот остров во Заливот, која може да лоцира и да следи чамци не само во областа, туку и далеку надвор од неа, како што расправаше при сведочењето пред Меѓународниот суд Дејвид Мекмајкл, специјалист на ЦИА одговорен за анализирање на релевантните материјали во периодот на кој упатува Енгелберг. И покрај овие опсежни обиди, не можеше да се изнесе никаков доказ, иако Никарагва, интересно, немаше тешкотии да обезбеди докази за снабдувањето од страна на ЦИА во претпоставената "симетрична" ситуација. Потребни се мерки на самоконтрола за воздржување од исмевање на оваа поента.

Откако во јануари 1988 година мировниот договор конечно беше расклопен, Џорџ Волски напиша дека одредбата на договорот што ги повикува "сите земји да го одбијат користењето на својата територија од востаниците во соседните нации... се однесува главно на Никарагва, за која е речено дека ги помага бунтовниците во Ел Салвадор, и на Хондурас, чија територија наводно е важен дел од напорите управувани од САД за снабдување на контрата."[400] Ова сигурно е правилно сумирање на расположливите докази околу поддршката за нерегуларните и востанички сили кои преку договорот се ставени вон закон.

Волски не објасни зошто истата одредба од договорот не е применлива врз Ел Салвадор, кој исто така "наводно" е вмешан во структурата на САД за поддршка за контрата или врз Костарика, која "долго време е база за полиберална фракција на никарагванските бунтовници" и каде што "контристите со костарикански бази" продолжуваат да делуваат, за што редовно дознаваме кога извештаите со вести ќе наведат некој "извор на контрата во Костарика" и за што поподробно ќе дознаевме ако постоеше одредено интересирање за фактите.[401]

Лемојн подоцна предупреди дека ако во иднина "се открие дека сандинистите сеуште им помагаат на салвадорските герилци", мировниот договор ќе пропадне; тој не спомнува за сличен проблем на друго место. Што се однесува до Хондурас, по неколку месеци Лемојн претпазливо забележа дека неговата поддршка за контрата "*изгледа* дека е директно кршење на договорот."[402] Неговиот колега, воениот дописник на "Тајмс", Бернард Трејнор, забележа: "Големината на поддршката што сандинистите им ја обезбедија на салвадорските герилци до денес никогаш не била конечно утврдена" - што е жаргонски израз на "Тајмс" за да се искаже фактот дека не е изнесен никаков веродостоен доказ од времето кога пред седум години неколку месеци течеа капки на помош, по доста време откако силите за безбедност поддржани од САД започнаа "војна на истребување и геноцид врз немоќното цивилно население" (бискупот Ривера и Димас, наследник на убиениот надбискуп Ромеро).[403]

И така е воспоставена бараната доктрина.

Не помалку интересен е фактот што и јастребите и гулабите го земаат здраво за готово, а дека снабдувањето на немоќното цивилно население со средства за одбрана при војната на истребување и геноцид е голем злостор - барем кога војната се спроведува од клиентите на САД, со поддршка од САД и,

---

[400] *NYT,* Jan. 18, 1988.
[401] J. D. Gannon, *Christian Science Monitor,* Aug. 26, 1988.
[402] *NYT,* Feb. 7, July 4, 1988; мое подвлекување.
[403] Trainor, *NYT,* April 3, 1988; Rivera y Damas, Oct. 26, 1980, цитиран од Bonner, *Weakness and Deceit,* 207.

кога таа го достигнува својот врв, со директно организирање и учество. Снабдувањето со оружје на жртвите на Пол Пот со цел тие да се бранат себеси, ако тоа беше можно, би се сметало за знак на вистинска благородност. Поучно е тоа што ваквите едноставни опсервации и нивното очигледно значење се блиску до неразбирливост.

Кон крајот на 1988 година Лемојн ја заврши својата четири-годишна служба како дописник на "Њујорк тајмс" од Ел Салвадор и ја искористи приликата да објави сеопфатна анализа за поддршката за салвадорските герилци.[404] Поминаа 15 месеци откако тој напиша, кратко по потпишувањето на мировниот договор, за "изобилните докази" дека никарагванската помош за герилците во Ел Салвадор беше толку опсежна што "е прашање колку долго тие би можеле да опстанат без неа." Поминаа 14 месеци од времето кога уредникот за странство на "Тајмс" се согласи дека не постојат "изобилни докази" и 9 месеци од неговите инструкции до Лемојн да посвети цела статија на фактичките докази, какви и да се тие (види забелешка 8). Резултатите на ова девет-месечно истражување заслужуваат внимателни погледи.

Целосно ги нема "изобилните докази" за помошта на Никарагва од која зависеше самиот опстанок на салвадорските герилци. Лемојн не упатува на своите тврдења од минатото, ниту на барањето да ги изнесе своите "изобилни докази", ниту на прилогот што неговите неиздржани наводи го направија кон проектот за "демонизирање на сандинистите", штитејќи ги убиствените клиенти на САД и поткопувајќи го мировниот договор.

Сега излегува дека доказите "во голема мера се попатни и се отворени кон различни толкувања." Нема "изобилни", туку доста "ограничени докази", од кои ништо веродостојно не е обезбедено. Понатаму, овие "ограничени докази" покажуваат дека испораките "се мали и веројатно спорадични", а не дека се големи и дека ги одржуваат во живот салвадорските герилци, според верзијата од август 1987 година и потоа - заклучоци што тешко би ги изненадиле оние што во минатите години ја проучуваа пропагандата на американската влада околу овие работи. Тој тврди дека "ограничените докази" се поврзани со претоварот на испораките од советскиот блок, во прв ред од Куба - повторно без докази. Читајќи понатаму, наоѓаме дека изгледа има барем исто толку докази за директните трансфери на оружје од контристите до салвадорските герилци и за вмешаноста на хондураската војска во претоварот на испораките до нив. И ова не е изненадувачко за оние што се помачиле да ја *прочитаат* владината пропаганда наместо едноставно да известуваат за соопштенијата за печатот; така, еден документ за позадината на Стејт департментот од 1984 година презентира сведоштво на еден отпадник од сандинистите, кој не обезбеди веродостојни докази за снабдувањето со оружје од страна на сандинистите, но наведе дека оружјето доаѓа од Мексико и Гватемала[405] (исто така е можно, но не е испитано, кога ополномоштениците на САД во февруари 1988 година ја фатија границата, откако беа прекинати нивните летови за снабдување трипати на ден, да почнале да им го продаваат своето оружје на корумпираните хондураски офицери, кои потоа им го продаваа на салвадорските герилци, на што директно ќе се навратиме). Главниот придонес на сандинистите за салвадорските герилци, Лемојн сега го информира читателот, е "безбедното

[404] "Salvador Rebels: Where Do They Get the Arms?", *NYT,* Nov. 24, 1988. Дали случајно или не, оваа статија се појави месец дена по објавувањето на ФАИР за неуспехот на "Тајмс" да се справи со прашањето и покрај ветувањето на уредникот за странство; види забелешка 8.

[405] Види го мојот вовед во Morley and Petras, *Reagan Administration and Nicaragua.*

засолниште" во Никарагва за офицерите, логистиката и комуникациите и можноста за патување преку Никарагва до другите земји. Истото важи и за многу други земји надвор од САД или од неговите зависни држави; и сите земји во регионот, вклучувајќи ја и Костарика, секогаш им давале таква поддршка - всушност и далеку поголема - на ополномоштените сили на САД што ја напаѓаат Никарагва.

Поради тоа внимателниот читател ќе открие дека пропадна целата долгогодишна шарада. Како што секогаш беше очигледно, приказните за "симетријата" едвај да се достојни за исмејување. Измамата успешно се одржуваше сè додека поддршката за контрата беше важна и изводлива стратешка опција; потоа беше нужно ополномоштените сили на САД да се прикажат како автентична герила за така да се инсистира на "симетријата" помеѓу контристите што ја напаѓаат Никарагва и домородните герилци во Ел Салвадор, при што и двете страни се зависни од надворешна помош за да опстанат. На крајот на 1988 година, опцијата на контрата го губеше своето преостанато пледирање, делумно бидејќи повеќе не беше потребна како средство за постигнување на целта на максимализирање на цивилното страдање и незадоволство во Никарагва и на сведување на земјата на урнатини, а делумно бидејќи се покажуваше дека е невозможно ополномоштените сили да се одржат на бојното поле. Поради тоа на приказната можеше да и' се дозволи да избледне - сепак, без било какво признавање на она што се случило претходно. Тоа треба да биде отстрането од историјата и сигурно дека ќе биде.

Правилата на играта се дека етаблираната моќ ги одредува условите на дебатата. Владино-медиумскиот систем произведува тврдења во врска со помошта на сандинистите за салвадорските герилци и настојувачки ги преповторува, целосно знаејќи дека тие се неосновани, сé додека се потребни за каузата. Повремено му се дозволува на некој скептик да се наметне со опсервацијата дека доказите навистина се оскудни. А пак прашањето за салвадорската помош за контристичките сили управувани од САД е надвор од агендата и не се испитува дури иако нема сомнение дека во целата 1986 година Ел Салвадор се користеше за напади врз Никарагва, а истите извори што тогаш ја кажаа вистината, но кои беа игнорирани, наведоа дека процесот продолжува и беа игнорирани (види Четврта глава). Сè додека беше употреблива, тезата за бесмислената "симетрија" се одржуваше, а доктрината за клучната надворешна помош што сега се става настрана може да биде обновена било кога тоа би можело да биде потребно, зашто е положена основата во општата свест и покрај тивкото порекнување.[406] Етаблираната расправа е затворена за мислата дека Никарагва и останатите влади - и поединци, ако тоа е можно - *треба* да им испратат помош на луѓето што се обидуваат да се одбранат од жестоките војски и одреди на смртта на воениот режим имплантиран од странска сила. Повнимателниот поглед кон забранетото прашање ќе покаже некои интересни заклучоци околу преовладувачката морална и интелектуална клима, но тоа толку далеку би застранило од консензусот на моќта што е незамисливо.

[406] И останатите ја ставија настрана оваа доктрина. Дописникот на "Њусвик" од Средна Америка, Чарлс Лејн, напиша во "Волстрит џурнал" (секогаш гневен на сандинистичките обиди да ја соборат владата на Ел Салвадор и другите) дека салвадорските герилци "освојуваат или изработуваат голем дел од своето оружје." Сепак, историјата нив ги одмина, пишува тој, делумно поради "разочарувачкиот експеримент на сандинистите", "некогаш ветувачката револуција" (читаме сега) што поради ненаведени причини "се претвори во засрамувачки економски инвалид од кубански стил и американско-советско бојно поле"(*WSJ,* Dec. 23, 1988).

Конечно можеме да забележиме дека не сите отпадници го уживаат кралскиот третман што му се укажува на сандинистичкиот отпадник Миранда, критично темпиран во завршната фаза од владино-медиумската кампања за уништување на несаканиот мировен договор. При употребата на Миранда, медиумскиот бараж започна со две долги статии на насловната страна на "Вашингтон пост" (од 13 декември 1987 година) и продолжи со недели, при што медиумите ја поврзаа пропагандата на Стејт департментот заснована врз неговите сведоштва со неговото злокобно предупредување дека Никарагва би можела да се обиде да ја брани националната територија од летовите за снабдување на ЦИА за ополномоштените сили на САД; со наводите дека Никарагва си го пика палецот во носот пред импотентната морнарица на САД, весело испраќајќи оружје во Ел Салвадор, што не е откриено, преку заливот Фонсека; и со извештајот дека сандинистите планираат да ги намалат своите регуларни воени сили и да им обезбедат лесно оружје на граѓаните за да се бранат од можната инвазија од САД, извештај кој независните медиуми го претворија во закана за "надвладување и тероризирање" на нивните соседи.[407]

Како спротивност на ова, споредете ја медиумската реакција на отпаднишството на Орасио Арсе, началник на разузнавањето на FDN (главната контристичка сила) од 1985 година. Откако доби азил од мексиканската амбасада во Тегусигалпа, Арсе во ноември 1988 година замина во Сјудад Мексико, а оттаму во Манагва, според владината програма за амнестија. Додека беше во Сјудад Мексико, беше интервјуиран и имаше доста интересни работи за кажување.

Началникот на разузнавањето на контрата обезбеди подробности за поддршката на Пентагон за контрата, со која се кршеа рестрикциите на Конгресот и која вклучуваше обучување во текот на целата 1986 година од американски воени инструктори во една воена база во една јужна држава, полутајна база со 17 писти до која дојдоа преку транспортерите Херкулес С-130 без, се разбира, да поминат низ службата за имиграција и низ царината. Обучувачите беа од Форт Браг. По Фокландската/Малвинската војна од 1982 година, контристите во Хондурас ги загубија своите аргентински обучувачи и советници, но во американската база во која незаконски се обучуваа (вклучително и самиот Арсе) инструкторите вклучија еден специјалист за психолошка војна од Чиле, така што врските со неофашистичките држави од орбитата на САД останаа.

Арсе беше и меѓу оние што беа обучувани во воздушната база Илопанго близу Сан Салвадор од страна на салвадорски и американски инструктори. Во Хондурас непосредно ги обучуваше хондураската војска, која обезбедуваше базична обука и логистика уште од 1980 година и која обезбедуваше и пилоти за снабдувачките летови во Никарагва. Вклучени беа и хондураските власти за имиграција преку помагање контристите да добијат пристап до бегалските кампови за да регрутираат, некогаш и со сила. Регрутите Мескитци одвоено ги обучуваше еден јапонски офицер. Најголем дел од надзорниците на обуката беа од хиспанско потекло - Кубанци, Доминиканци, Порториканци, Јужноамериканци и неколку Шпанци. Вооружувањето главно беше од Израел, како што "сите знаат", при што најголемиот дел беше освоено во Либанската војна

[407] За сведоштвата на Миранда и за верзијата на медиумите и Стејт департментот околу нив, види ја мојата статија во *Z Magazine,* March 1988; Sklar, *Washington's War on Nicaragua,* 383f.

од 1982 година. "Кубанците во ЦИА беа насекаде", а беа вмешани и во опсежна корупција. Контрата делумно се финансираше од трговија со дрога.

САД е глобална сила и поради тоа е кадра да изгради разработени системи на терор и корумпираност, употребувајќи ги своите клиентски и платенички држави и своите долготрајни врски со меѓународниот тероризам и криминалните картели.

Службениците од американската амбасада во Тегусигалпа, продолжува Арсе, и' обезбедуваа на контрата разузнавачки информации и друга помош. Неговите контакти во американската амбасада ги вклучуваа и "Роберт Мекхорн од ЦИА и Александер Цунерман кој божемно е со АИД но е и од ЦИА." Арсе имаше и директни контакти со магацинот на АИД во Тегусигалпа, врз основа на спогодбата со компанијата "Електропура". Признато е дека АИД служеше како маска за терористичките операции на ЦИА, особено во Лаос за време на "прикриената војна".

Самиот Арсе побегна од Никарагва заедно со својот татко, мајор во Националната гарда на Сомоза, на денот на победата на сандинистите, 19 јули 1979 година. Во 1980 година беше регрутиран од контристите, прифаќајќи го nom de guerre* "Mercenario" ("платеник"). Во јануари 1981 година, операцијата стана "нешто сериозно и нешто големо." Тој достигна до чинот comandante, станувајќи началник на разузнавањето откако беше отпуштен претходниот началник, Рикардо Лау (и веројатно беше убиен од контристите, верува Арсе). Лау стана засрамување на почетокот од 1985 година, кога поранешниот началник на салвадорското разузнавање, Роберто Сантивањес, го вплетка во уредувањето на атентатот врз надбискупот Ромеро и му даде да игра "клучна улога" во организирањето и обучувањето на одредите на смртта во Ел Салвадор и Гватемала, како и во политичките убиства во Хондурас. Тој беше "крадец помеѓу крадците", известува Арсе.

"Не се изнајмуваат" сите контристи, продолжува Ел Мерсенарио; некои им се лојални на своите газди. Сепак, тие се добро платени според регионалните стандарди. Платата на Арсе, кој нема семејство, беше околу 500 долари месечно.

Вооружените сили на Хондурас "учествуваа во секоја операција што се случуваше блиску до границата", истовремено обезбедувајќи разузнавачки податоци "за воените и не-воените цели во Никарагва." Втората услуга е особено важна, продолжува Арсе, бидејќи: "Напаѓаме многу училишта, здравствени центри и такви работи. Се обидовме да направиме да изгледа како никарагванската влада да не може да обезбеди социјални услуги за селаните, да го развие својот проект... тоа е идејата." Очигледно, американската обука беше успешна во пренесувањето на основната идеја.

Арсе расправа и за раширената корупција во контристичката организација од командантот Енрике Бермудес па надолу и тие американското оружје и залихи го продаваат "во голема мера... при што тоа завршува во рацете на герилците во Ел Салвадор." Во соработка со хондураските офицери, кои си земаат дел за себе, контристите му продаваат јуришни пушки и опрема за радио комуникации на FMLN во Ел Салвадор - кој оттука и покрај сé прима помош од Никарагванци, за што Џејмс Лемојн и "Тајмс" би биле среќни да слушнат.[408]

---

* Nom de guerre (фра.) - воено име, или поточно, партизанско име (заб. на прев.).

[408] Marcio Vargas, Mexico City, интервју со Arce, *Central America Information Bulletin,* Dec. 21, 1988; Rubén Montedonico, *El Día* (Mexico City), Nov. 6, 7, 1988, преведено и повторно печатено во *Honduras Update,* Nov./Dec., 1988. За Лау, види *Turning the Tide,* 104.

Арсе имаше далеку позначајни работи за известување од Миранда и имаше поважна улога во контристичката организација од онаа што ја имаше Миранда во Никарагва. Понатаму, како што видовме, контристите се фаворизираа преку енормниот публицитет, главно добивајќи повеќе од владата. Но во овој случај немаше начин сведоштвото да се деформира во оружје за кампањата на "демонизирање на сандинистите" и за мобилизирање на поддршка за државите на теророт; напротив, пораката беше целосно погрешна. Уредниците го направија својот избор соодветно на тоа.

2. Обврската за молчење[409]

Како што претходно беше расправано, доктрината која општо држи е дека "тежнееме да се стигматизираме себеси како Американци во врска со разни аспекти на нашите сопствени политики и дејствија кои не ги одобруваме." Стварноста е доста поразлична.

Преовладувачката шема е индигнираниот бес во врска со злоделата на непријателот со многу себе-честитачки повикувања на високите принципи, комбиниран со исклучителната способност "да не се гледа" во случајот на злоделата за кои ние сносиме одговорност. На Запад постои обилна литература - голем дел од неа е измамнички - што презирливо ги осудува апологетите и наводните апологети на Советскиот сојуз и на жртвите на американските интервенции во Третиот свет, но малку за однесувањето што е норма: молк и апологетика за злоделата на сопствената држава и на нејзините клиенти, кога волјата на едноставно соочување со фактите би можела да направи суштинска разлика во ограничувањето и прекинувањето на овие злоупотреби. Ова е стандардна процедура и на другите места. Во советската сфера, дисидентите се оцрнуваат како апологети на западните злодела кои остро се осудени од право-мислечките комесари, што е токму шемата што тука се имитира.

Спомнат е одреден број на примери, а за многу се расправа на други места. За оценување на американската политичка култура и на медиумите, случаите кон кои веднаш ќе се сврти еден сериозен аналитичар, настрана од злоделата на самиот САД, се оние на неговите главни клиенти: во последните години, Ел Салвадор и Израел. Вториот случај е посебно поучен уште од времето кога покажувањето на моќта на Израел во 1967 година предизвика ласкања и почит, кои се задржаа помеѓу американските интелектуалци. Апологетската литература често е малку повеќе од пародија на сталинистичкиот период.[410]

Разработените кампањи на клеветење што се превземаат против оние што не ги задоволуваат условите на верните исто така удираат на познат акорд. Ефектот, како и на другите места, е вознемирување на критичарите и

[409] Додаток кон Четврта глава.

[410] За расправа околу еден пример, види го мојот преглед на Saul Bellow *To Jerusalem and Back,* препечатен во *Towards a New Cold War,* преглед што предизвика таква лутина и што предизвика суспензија на весникот во кој прв пат се појави, како што бев информиран. За многу други примери, види ги другите поглавја во истата книга, моите *Peace in the Middle East?* (Pantheon, 1974, глава 5), и *Fateful Triangle*.

олеснување на практикувањето на насилството, а и подигање на бариери на патот на политичкиот договор што веќе долго време е изводлив.[411]

Израел може да биде сигурен дека сè додека во него се гледа "стратегиски квалитет", ќе остане "симбол на човечката пристојност", како што го опиша "Њујорк тајмс" во времето кога израелските sверства на окупираните територии достигна такво ниво што медиумите накратко почнаа сериозно да бележат. Израел може да се потпре на бирократијата на американското работничко движење за оправдување на што и да направи, за објаснување дека иако "при своите напори да го одржат редот, одбранбените сили на Израел повремено одбираат ненужна сила... нема сомнение дека таквите инциденти можат да му се припишат на неискуството на израелската војска за контрола на немири и други полициски функции и на фрустрациите на израелските војници кога ќе се соочат со младите Палестинци кои фрлаат камења и молотови коктели."[412] За целосно да се процени оваа изјава и што таа значи, мора да се има на ум дека таа следеше еден од ретките периоди кога медиумите всушност даваа одредена слика за sверствата од оној вид што се случуваше долги години на окупираните територии, на пониско но сепак скандалозно ниво. Извештаите на Џон Кифнер во "Њујорк тајмс" особено беа добар пример за професионално новинарство, конзистентни со неговото долгогодишно исклучително досие.

Апологетите од типот на AFL-CIO 20 години служат за одобрување на острата репресија и бескрајното понижување, кои на крајот го достигнаа нивото на редовни погроми при што војниците упаѓаат во куќите, го уништуваат мебелот, кршат коски и ги тепаат до смрт тинејџерите откако ќе ги извлечат од домовите; насилството на доселениците се врши скоро неказниво, а колективното казнување, депортирањето и систематскиот терор е по наредба на министерството за одбрана. Како што се менува модата, водечките фигури во кампањата за заштита на државното насилство од испитување без сомнение за себе ќе си создадат поинакво минато, но досието е тука за оние што ќе одберат да видат.

Секогаш имало некој Ели Визел за да го убедува читателот дека постојат само одредени "жалосни исклучоци - кои израелските власти веднаш ги поправаат", додека грми против вистинскиот злостор: осудата на израелските sверства од јавното мислење. Тој ни кажува за "очите од соништата" на израелските војници, можеби истите оние што неколку недели претходно беа опишани од резервистите што се враќаа од служењето на територииte. Тие известија за "актите на понижување и насилство врз палестинските жители што станаа норма и кои никој не гледа да ги спречи", вклучувајќи ги и "срамните акти" на кои лично беа сведоци, додека воените власти гледаа на другата страна.[413] Или можеби Визел ги имаше на ум војниците што фатија 10-годишно

[411] Види додаток 5, оддел 4.

[412] Изјава на Извршниот совет на AFL-CIO за Израел од 16 февруари 1988 година.

[413] Wiesel, отворено писмо, *NYT,* June 23; Reuven Padhatzur, *Ha'aretz,* May 16, 1988. За долго застапуваната доктрина на Визел дека е обрзно да се одржи молкот во поглед на sверствата на државата што ја љуби и дека само оние што се на власт се во позиција да знаат, поради што тој мора да се воздржи од коментари, види ги *Fateful Triangle* и *Turning the Tide*. За неговото повторување на обврската за молчење при врвот на неодамнешната репресија, види ја неговата статија во *Yediot Ahronot,* Jan. 22, 1988, каде објаснува: "Одбивам да го критикувам Израел, секогаш сум одбивал тоа да го направам", меѓу другите слични чувства, познати за апологетите на други земји од поранешните времиња. Сепак, не би било фер да се забележи практикувањето на Визел без упатување на оние што сега го осудуваат поради неговиот молк, истовремено бришејќи ги своите далеку полоши досиеја во текот на многу години. За неприфатливите факти,

момче и, кога тоа не одговори на нивното барање да посочи на децата што фрлаа камења, пристапија "кон смачкување на неговата глава", оставајќи го "да личи како стек", како што се изразија војниците, при што ја претепаа и мајката на момчето кога таа се обиде да го заштити, дури тогаш дознавајќи дека момчето беше глувонемо и ментално ретардирано. Тоа "не им пречеше" на војниците, рече еден учесник во тепањето, а командантот на водот им нареди да преминат на следна задача, зашто "немаме време за игри." Или можеби поентата на Визел е дека "сликата на израелскиот војник што удира еден арапска старица повеќе не е вест", како што огорчено коментира хебрејкиот печат, зборувајќи за оние што ги прифаќаат sверствата исто толку лесно како и авторот на "Против молкот", чии зборови всушност можат да го ублажат страдањето и злоупотребите ако тој не беше посветен на молкот како правилен курс.[414] Фактот дека ваквото со години конзистентно однесување се третира со почит, па дури и се смета за свето, зборува многу за западната култура.

Имајќи ги овие привилегии, Израел е слободен да ја употреби феноменалната американска помош за него за да ги испрати воени сили да ги спроведуваат редовните операции, кои се опишани во израелскиот печат (но ретко и тука) во времето кога се појавија мислите на Визел за "жалосните исклучоци": Забранувањето на снабдувањето за бегалските кампови каде што има "сериозен недостиг од храна". Толку острите претепувања на младите затвореници што воениот лекар во кампот за притвор Ансар 2 одби да ги признае, при што еден лежеше "претепан и неподвижен час и половина, опкружен од војници, без да добие било каков медицински третман", а потоа беше "исфрлен" од џипот на патот кон болницата и повторно беше "брутално претепан" "пред десетици војници" (еден наводно беше укорен). Упаѓањето во домовите и извлекувањето надвор на 7-годишно момче кое се криеше под својот кревет, а кое потоа "дивјачки беше тепано пред неговите родители и семејството", по што беа тепани неговиот татко и брат, зашто не го откриваа скривалиштето на детето, додека другите деца хистерично врескаа, а "мајката не можеше да ги смири, зашто ѝ е кажано да не се мрда"; и немилосрдното претепување на деца на возраст од 5 години и постари понекогаш од тројца или четворица војници со стапови "сè додека не им ги скршат рацете и нозете" или прскањето гас директно во нивните очи; овие се помеѓу хорор приказните за кои известија војниците од бедниот бегалски камп Џабалија, каде војската "успеа да ги скрши", така што "тие се целосно скршени, слаби и уморни." Врзувањето со тељ на момче од 12 до 15 години "со цел да се повреди" при пристигањето на затворениците во затворот Дахарија, без да реагира офицерот што тоа го забележа, откако за време на патувањето сурово беа претепувани со палки, пластични пендреци и со лисиците, додека нивниот командувачки офицер тоа го гледаше ("Израелските автобуси станаа комори за мачење", известува членот на Кнесетот, Деди Цукер, при што ги наведува овие и другите sверства). Слободното беснеење низ Ерихон, упаѓањето во куќите, брутално тепајќи ги и

види ги референците во забелешката 21. Барем Виизел имаше интегритет да биде привржан кон позицијата што долго ја застапуваше, кога таа стана непопуларна.

[414] Ze'ev Sachor, "Getting Accustomed to Atrocities," April 1, 1988, *Hotam*, еден од многуте преведени прилози од израелскиот печат во "Извештајот за 1988 година" на Израелскиот сојуз за човекови права од Тел Авив, што додаде зачин на погромите организирани од министерството за одбрана за да им се одржи лекција на sверовите што досадуваат. Овој многу информативен материјал скоро да не е познат во САД, иако можеби има одредена релевантност за оние од кои се очекува да ги платат сметките.

понижувајќи ги жителите. "Спроведувањето на лудачки напади" во бегалскиот камп Амари, "кршејќи врати, упаѓајќи во куќите, уништувајќи го мебелот и тепајќи ги жителите, вклучително и децата", а потоа претепувајќи еден возач на амбулантно возило кој дојде на местото на настанот, откако беше извлечкан за коса - во овој случај се работеше за една елитна десантна единица, која според сведоците пљачкосуваше без провокација. Затворањето на еден затвореник "со совршено здравје" што го направи "парализиран и нем", "очигледно резултат на острите претепувања и мачења... што ги претрпе додека беше уапсен" во центарот за испрашување во Џенин. Ослободувањето на еден млад Арап затворен поради палење на автомобилот на осомничен полициски шпион, кога се откри дека одговорен за тоа е некој друг и дека неговото признание беше извлечено преку мачење, при што обласниот адвокат или судот воопшто не го прибележија лажното "признание извлечено преку остро тепање" или она што тоа значи. И така натаму и така натаму.[415]

Постојат и други варијанти. Командантот на една елитна единица, Вили Шлап, ја опиша својата прва недела во бегалскиот камп Ел Бурџ близу Џабалија. Едно 11-годишно момче беше фатено како фрла камен и беше однесено дома, каде на неговиот татко му беше наредено да го натепа. Таткото го удри, но офицерот врисна: "Ова е тепање? Натепај го! Натепај го!" Тензијата се зголеми и таткото "стана хистеричен", почнувајќи сурово да го тепа детето, удирајќи го од подот и мавајќи го во ребрата онолку силно колку што можеше. Војниците очигледно беа задоволни. Кога во летото 1988 година, во времето кога Визел ги објави своите рефлексии, сверствата станаа уште поостри, "Јерусалем пост" извести дека, според хуманитарните работници и лекари на UNRWA од клиниките, жртвите на наглото зголемување на бруталните претепувања главно се "мажи (sic - Н. Ч.) на возраст од 15 до 30 години", но клиниките во минатите недели "третираа и 24 момчиња и 5 девојчиња на возраст од 5 години и помали", како и многу повозрасни деца, како 7-годишното момче што беше донесено на клиника "со раскрвавен бубрег и со знаци од палка." Војниците рутински тепаат, удираат и маваат со палки деца, според лекарите и хуманитарните службени лица.[416]

Во еден случај што всушност дојде и до суд, поради што се здоби со значително внимание (во Израел), четворица војници од елитната единица на Гивати бригадата беа уапсени и обвинети зашто на 22 август претепаа до смрт еден жител на кампот во Џабалија. Прв за случајот извести "Хаарец" еден месец подоцна. Откако едни деца фрлаа камења, 20 војници влегоа во нивниот дом и почнаа да го тепаат таткото на едно од осомничените каменофрлачи, Хани ал Шами. Тој беше удиран и тепан со палки и оружје. Војниците скокаа врз него од креветот, додека лежеше на подот, неговата глава крвавеше од ударите со палките. И неговата жена беше претепана од војниците. Еден офицер дојде, го најде сериозно повредениот човек како тешко крвави и нареди да биде пренесен во канцеларииите на Воената администрација, а не во болница; тоа е рутинска

---

[415] *Ha'aretz,* July 15, 4; *Jerusalem Post,* July 6; Ya'akov Lazar, *Hotam,* July 15, известувајќи од Џабалија; William Montalbano, *Los Angeles Times,* May 31, 1988, AP, May 30, за Дахарија, едно од сверствата за кои извести Деди Цукер е засновано врз сведочење на резервистите, *Yediot Ahronot,* June 10; *Yerushalayim,* June 17, за Ерихон; *JP,* June 24, 22, кој ги наведува обвиненијата на членот на Кнесетот, Ран Коен; *JP,* Aug. 3, 1988, за пуштањето на Мохамед Дари по 3 месеци затвор. За опсежна документација, види *Punishing a Nation: Human Rights Violations During the Palestinian Uprising, December 1987 December 1988* (Al Haq -- Law in the Service of Man, Ramallah, December 1988).

[416] Yizhar Be'er, *Kol Ha'ir,* Aug. 26, 1988; Joshua Brilliant, *JP,* Aug. 26, 1988.

процедура. Подоцна, семејството беше информирано дека ал Шами е мртов. Двајца војници од истата единица рекоа: "точно е дека ги претепавме и тоа многу силно, но подобро е да се кршат коски отколку да се убиваат луѓе", одгласувајќи го министерот за одбрана. "Ја изгубивме нашата човечка слика", рекоа тие.[417]

Откако беа објавени апсењата, станаа јавни и други sверства на бригадата: на пример, сторијата на еден новинар од бегалскиот камп Ел Буреиц, хоспитализиран откако во неговиот дом упаднаа војници, принудувајќи го да клекне на раце и на колена и да рика како магаре, додека тие половина час го удираа по тестисите, стомакот и го тепаа со палки и со електрични жици и му ги скршија очилата, викајќи "сега ќе бидеш ќоро магаре". Војниците ја опишаа Гивати како "бригада без закон", обвинувајќи го командантот и "десничарската ориентираност", со многуте единици од Хесдар Јешивот, воено-религиозни центри за обука познати по својот ултрадесничарски фанатизам.[418]

Судот ги ослободи четворицата војници обвинети за убиство, додека судењето продолжи, како што без коментар кратко забележа "Јерусалем пост". Хебрејскиот печат ја кажа сторијата што беше испуштена од верзијата за читачката публика во странство. Еден војник при сведочењето на судењето кажа дека "понижувањето и тепањата беа поради потребата да помине времето." Еден друг додаде дека подуениот мев на ал Шами особено ги развесели војниците и беше "цел на тепањето". Еден офицер сведочеше дека се заканил дека ќе го убие ал Шами, бидејќи "неговото стенкање ме вознемируваше"; "Му свикав дека треба да замолкне или ќе го убијам." Тој понатаму сведочеше дека во воениот логор во кој по тепањето беше донесен ал Шами, побара лекар за да го прегледа ал Шами, но лекарот одби, единствено наложувајќи да му се избриши крвта од лицето. Тој ден, продолжи сведокот, на командното место пристигнаа многу Арапи со врзани раце и со покриени очи, кои офицерите и војниците сурово ги тепаа. Запрашан зошто не се погрижи за ал Шами, сведокот одговори дека "повредениот Арап не ме интересираше, зашто тие се Арапи и сакаат да нé убијат." Војниците сведочеа дека "во моментот кога ќе фатиш демонстрант, почнуваш да го тепаш... дури и ако не пружа отпор. Тоа е за да се одвратат." На трупите им е наредено "да им ги кршат нозете за да не можат да одат и да им ги кршат рацете за да не фрлат камења." Еден командант на чета извести за "недвосмислените наредби да се тепа било кој осомничен", така што "тој месец или два не би бил способен за делување"; тоа е "нужно", сведочеше тој, зашто ставањето на осомничените во затвор е "како да се носат на семинар за обука на ПЛО." Тепањата внатре во куќите се "секојдневна работа" во Газа.

Воениот суд го прифати пледирањето на одбраната, донесувајќи одлука дека "има основа во тврдењето дека починатиот беше претепан во воената тврдина од војници кои, за наша жалост, истрагата не успеа да ги идентификува." Понатаму, фактот дека војниците беа задржани 83 дена носи "правилна рамнотежа помеѓу потребите на војската и природата на нивната невиност и природата на правдата." Расправаме за војници кои "ја вршеа својата воена должност, а не за криминалци", пресуди судот. "Никој не одрекува дека тие сурово претепаа невооружан Арап внатре во неговиот дом, дека пред неговите деца скршија палка или две од неговата глава или дека скокаа врз него со своите чизми" коментираше Зива Јарив, но нема правна одговорност, бидејќи

[417] Eitan Rabin, *Ha'aretz,* Sept. 23, 1988.
[418] Shimon Elkavetz, *Hadashot,* Sept. 28; Tali Zelinger, *Jerusalem Post,* Sept. 29, 1988.

ова претепување можеби не е вистинската причина за смртта, "како да нема закон што го забранува бруталното тепање на цивили, или кршењето на палки од телото на невин човек, како да нема закон против суровите напади ниту против сериозните телесни повреди."[419]

Воениот дописник на "Хаарец" забележа дека постои намалување на бројот на "исклучоци" што се изнесени пред судовите, за што причината е тоа што "исклучоците станаа норма." Војниците на Гивати, како и членовите на елитна десантна единица судени за беснеење во бегалскиот камп Каландија, "не разбираа околу што се крева врева." Тие не се однесуваа различно од војниците во другите единици и ги извршуваа наредбите, правејќи го токму она што се очекуваше од нив. Суровото тепање на затворениците или на арапските цивили во нивните домови или на улиците едноставно е дел од секојдневниот живот, па така тие беа неправедно судени. Очигледно, судот се согласуваше. Хебрејскиот збор "хариг", буквално "исклучок", до сега изгледа дека се употребува во значење што е малку поразлично од "sверство".[420]

Властите ги сметаат sверствата за доста рутински. Др. Маркус Левин, кој беше повикан како резервист на воена служба во Медицинскиот центар на кампот за притвор Ансар 2, извести дека му беше наложено да ги прегледува затворениците "пред и по испрашувањето." Кога праша зошто тие мораат да бидат прегледувани "по испрашувањето", одговорните лекари го информираа Левин дека "тоа не е ништо посебно, некогаш има одредени скршени раце или нозе. На пример вчера донесоа 12-годишно момче со две скршени нозе" - по испрашувањето. Тогаш Левин, 16 години воен ветеран, отиде кај командантот за да му каже дека "моето име е Маркус Левин, а не Јозеф Менгеле и поради приговор на совеста одбивам да служам на место што ме потсетува на јужноамериканските диктатури." Сепак, најголемиот дел немаат проблеми со совеста, или гледаат на другата страна. Еден лекар го информира дека "на почетокот се чувствуваш како Менгеле, но по неколку денови се навикнуваш."[421]

Израелскиот писател Дан Алмагор потсети на еден телевизиски филм што го гледал во Англија на 30-годишнината од избувнувањето на Втората светска војна, во кој неколку германски офицери што беа ослободени од затвор откако ги излужија своите казни како воени злосторници беа запрашани зошто со таква внимателност ги снимаа sверствата во кои учествуваа. "Ние не снимавме многу од нив за историјата", рече еден офицер, туку "за да има нешто со што децата ќе се занимаваат кога ќе одевме дома за викендите. Беше многу забавно за децата", кои поради војната беа лишени од филмови со Мики Маус. Алмагор се потсети на овој филм кога ги читаше сведоштвата на војниците на Гивати кои ја опишаа забавноста што ја чувствуваа во врска со "атрактивниот" подуен мев на Хани ал Шами, кој обезбеди така добра "мета за тепање". Алмагор продолжи со опишување на една посета на Западниот брег заедно со еден бригадирски офицер за обука, мајор, кој со гордост опиша како тепа луѓе со палки и дека и' се придружил на група од други офицери и регрутирани мажи и жени кои се превиткуваа од смеа поради приказните што ги кажуваше еден човек од религиозната ултрадесница со сплетена капа за тоа како ги

---

[419] *JP,* Nov. 17; *Ha'aretz,* Dec. 2, Nov. 15, 16; Yariv, *Yediot Ahronot,* Nov. 18, 1988. Michal Sela, *JP*, Jan. 26, Feb. 3; *JP*, Feb. 10, 1989. Види и Glenn Frankel, *WP*, Feb. 12; George Moffett, *CSM*, Feb. 15, 1989.

[420] Reuven Padhatzur, *Ha'aretz,* Nov. 30, 1988. Види и Eitan Rabin, *Ha'aretz Supplement,* Dec. 2, 1988, при што ја дава истата поента.

[421] *Hadaf Hayarok,* додаток кон *Al Hamishmar,* Aug. 23, 1988.

срушил со булдожер домовите што му ги одреди тајната полиција, вклучувајќи еден што не беше обележан, но беше помеѓу два кои беа за рушење, а и дека уништил една продавница што му стоеше на патот кога сакаше да сврти со булдожерот. Огорчените зборови на Алмагор и мене ме потсетија на минатите настани, меѓу кои и незаборавниот инцидент пред 40 години, кога во "борбената зона" во центарот на Бостон се прикажуваше еден ужасен јапонски документарец за бомбардирањето на Хирошима, на голема уживање, како некој порнографски филм. И на сторијата на "Њујорк тајмс" од март 1968 година, веднаш по Тет офанзивата, што со одредено досадување опишуваше како демонстрантите попречија една изложба во Музејот на науката во Чикаго каде децата можеа "да влезат во хелихоптер и од автоматската пушка да испалат симулиран оган врз цели во диорамата на Средната висорамнина во Виетнам", вклучувајќи и една селанска колиба, што особено ги вознемири пацифистите.[422]

"Изгледа дека веќе не е возможно да се поврзат овие приказни, да се праша за објаснување, да се бараат оние што се одговорни. Секој ден има нова приказна." Ова се очајните зборови на Зви Гилат кој грижливо и посветено ги бележи сверствата на територииte, откако вооружените сили одбраа уште подивјачки мерки за потиснување на палестинското востание. Тој го опишува селото Бејта, кое стана познато бидејќи таму на почетокот од април 1988 година беше убиено едно еврејско девојче. Него го уби еден полуден израелски чувар кој придружуваше излетници, откако уби уште двајца селани. Сестрата на еден од убиените, бремена во трет месец, беше затворена поради фрлање еден камен врз убиецот на својот брат и беше држана во затвор сè до времето кога требаше да се роди нејзиното дете; израелскиот чувар кој уби тројца не беше обвинет, бидејќи, според зборовите на гласноговорникот на војската полк. Ранан Гисен, "Верувам дека трагичниот инцидент и неговиот резултат веќе се казна." Едни други жители на Бејта беа 8 месеци без казна во затвор и само на еден член на семејството му беше дозволено да присуствува на сесиите на воениот суд. Осудувањето на четири селани на 3 години затвор поради наводно фрлање на камења пред еврејското девојче да биде убиено од својот чувар заслужи неколку зборови во единаесеттиот пасус од еден извештај на АП во "Тајмс"; 10 дена претходно, "Тајмс" извести за осудувањето на еден еврејски доселеник на две години, минимална казна според законот, поради убиство на еден арапски овчар што пасеше овци близу неговата населба. Жители на Бејта беа протерани од земјата, куќите им беа демолирани, вклучувајќи многу кои не беа посебно обележани за рушење, сопственоста им беше уништена, на селото не му беше дозволено да го извезе во Европа маслиновото масло, неговиот главен извор на приход, а Израел одби да го купи. Две недели пред Гилат повторно го посети селото, израелските војници од блиску застрелаа едно 12-годишно момче во задниот дел од главата, убивајќи го додека бегаше од војниците кои ги виде кога излегуваа од неговата куќа и оставајќи го најмалку пет часа да крвави на земјата, според сведоците. Но иако нема "повеќе ни сила ни волја", Гилат продолжува со сè повеќе и повеќе приказни за ужаси, суровости и понижувања, истовремено чувствувајќи дека тие стануваат досадни дури и за оние што ги читаат, меѓу кои се многу малку од оние што ги плаќаат сметките.[423]

---

[422] Almagor, *Ha'ir,* Dec. 16, 1988; *NYT,* March 18, 1968.

[423] Gilat, *Hadashot,* Dec. 16; Gissen, Joel Brinkley, *NYT*, April 28; AP, *NYT*, Dec. 15; special, *NYT*, Dec. 5, 1988. Eiran Taus, *Al-Hamishmar,* Nov. 19; Judith Green, *News from Within,* Dec. 14, 1988. Грин, архитект од Ерусалим кој работи со "Комитетот на Бејта" што се надева дека ќе ги обнови куќите уништени од војската, заедно со еден член на американскиот конзулат го посети селото

Наведувам само мал примерок од "жалосните исклучоци" што "без сомнение" се должат на "неискуството" и "фрустрираноста", од sверствата што се зголемија на половината од 1988 година како што американските медиуми го намалуваа своето покривање поради баражот на критики на нивниот нефер третман на беспомошниот Израел, ако тоа веќе не и нивен прикриен антисемитизам. Во меѓувреме се шират тивки ламенти за страданијата на Израел, и за повремените испади, од некои од оние што помогнаа да се создаде основата за она од што сега се плашат. Sверствата продолжуваат, додека печатот гледа на другата страна, а оние што можат да помогнат за нивно ублажување си го гледаат својот завет за молчење, уверувајќи нè дека не се случува ништо сериозно, наместо да предупредат на проблемите со кои Израел ќе се соочи ако не превземе одредени чекори кон признавање на човековите права на Палестинците, кои досега не биле предмет на загриженост.

Ужасните приказни ретко излегуваат на површината во израелскиот (главно хебрејски) печат. Еден службеник од израелското министерство за надворешни работи, кој се врати од своето служење како резервист, извести дека "преовладувачкото мнозинство од суровите и насилни настани на територииte воопшто не доаѓаат до јавноста." Тој процени дека за време на ескалацијата на насилството што станува "вистинска војна" само околу една десетина од настаните доаѓаат до јавноста - кои во голема мера се држат настрана од очите на американскиот даночен обврзник кои ги финансира, што е понатамошно придонесување кон државниот терор.[424]

Во голема мера настрана од оние што ја плаќаат сметката се држат и тековните предлози дека решението на крајот можеби лежи во едноставниот "трансфер" на тврдоглавото население од окупираните територии, почитувана идеја која сега повторно влегува во главното ниво, при што противниците често ставаат забелешки, во етаблираните коментари и дебата, врз основа дека тоа е неизводливо. До средината на 1988 година, околу 40% од израелските Евреи го претпочитаа протерувањето на арапското население, додека 45% го сметаа Израел за премногу демократичен, а 55% се противеа на давањето на еднакви права на израелските арапски граѓани (спротивно на голем дел од пропагандата, лишувањето од еднаквите права, како во однос на пристапот кон голем дел од земјиштето на државата, секогаш било сурово). Голем дел од ционистичката литература долго време ги сметаше Палестинците за времени посетители на Земјата Израел, а можеби и за скорешни имигранти привлечени од еврејките обиди за обнова; ова е популарна сказна и помеѓу американските интелектуалци. На растечките ултраортодоксни религиозни групи, со силна база во САД, тешко дека би им пречело отстранувањето на луѓето кои се инфериорни во однос на Евреите според својата суштествена природа; така, според зборовите на почитуваниот Рав Кук, врховен ашкенашки рабин од 1921 до 1935 година, "разликата помеѓу израилската душа... и нееврејската душа, на било кое ниво, е поголема и подлабока од разликата помеѓу душата на човекот и

истиот ден кога детето беше убиено и извести за оваа сторија како и за уништувањето предизвикано од разулавените војници во селото кое беше мирно и каде што скоро и да немаше селани по улиците кога војниците влегоа со опрема за контрола на нереди. Види ја мојата статија во *Z Magazine,* July 1988, за повеќе околу позадината, делумно заснована врз лична посета една недела по инцидентот со излетниците во април, кога селото сеуште беше под воена опсада.

[424] Gad Lior, *Yediot Ahronot,* July 10, 1988.

душата на животното, зашто помеѓу вторите (две категории - Н. Ч.) постои само квантитативна разлика, додека помеѓу првите разликата е квалитативна."[425]

Оние што веруваат дека дури ни решението со трансферот нема да наиде на прифаќање во некои северно-американски четврти, сериозно грешат. Угледни фигури од социјалдемократската левица во САД пред долго време имаат објаснато дека домородното население на поранешната Палестина се "маргинални за нацијата", така што проблемот би можел да биде "изгладен" преку "помагање на луѓето да заминат ако мораат да заминат." Ниту шепот не се слушна, забележа Александер Кокбурн, кога платформата на Републиканската партија од 1988 година "отиде толку далеку што кротко го охрабруваше поимот на трансфер" преку зборовите: "Поголемата работа и поголемите можности во придружените земји можат да ја привлечат енергијата на повеќе млади луѓе кон изградба на свет за себе наместо кон уништување на оној на другите"[426] - преку борење за своите права против суровиот воен режим одобрен и финансиран од САД.

3. Самитите[427]

Во подготовка на средбите од Вашингтонскиот самит на Реган и Горбачов од декември 1987 година, вестите внимателно се обликуваа за да се осигура дека до јавноста ќе допрат само правилните мисли. Исклучени беа уверливите гласања во ОН што се противеа на ескалирањето на трката во вооружувањето кого САД го бранеше скоро изолиран, а што дефинитивно не беше корисна порака во моментот кога целото внимание требаше да се фокусира врз Регановите постигања во донесувањето на светскиот мир. Не беше само светското мислење она што независните медиуми обзирливо мораа да го цензурираат. Домашното мировно движење не е помалку невредно. Во завршниот извештај за медиумското покривање, организацијата за мониторинг ФАИР забележа дека "само десничарските критичари на НССД договорот се сметаа за вредни за известување." Острата критика на Регановата администрација поради лекомисленото нуклеарно ширење од страна на републиканскиот сенатор Марк Хетфилд беше "избришена од националните медиуми", како што беше и САНЕ/Фриз, најголемата мировна група во Америка. Нејзината прес конференција за улогата на мировното движење во поставувањето на основата за НССД договорот беше игнорирана, но онаа што истиот ден ја свика Алијансата против помирувањето, каде што Реган беше осуден како "кремљски идиот", "стана голема новинарска сторија." Беше известено за осудата на мировното движење од страна на државниот секретар

[425] За неколку референци околу тековната расправа за транферот, види ја мојата статија во *Z Magazine,* May 1988. Poll, *Ha'aretz,* June 8, 1988; анкетата, што ги исклучуваше доселениците и членовите на кибуците, најде 41% во прилог на тоа. Анкета што беше спроведена кратко време по тоа, најде 49% во корист на "трансферот" на Арапите од окупираните територии; *JP,* Aug. 12, 1988. Rav Kook, цитиран од Eyal Kafkafi, *Davar,* Sept. 26, 1988. Види Yehoshafat Harkabi, *Israel's Fateful Hour* (Harper & Row, 1988), за првиот лесно достапен извор кој се занимава со овие важни работи.

[426] Michael Walzer, "Nationalism, internationalism, and the Jews," во Irving Howe and Carl Gershman, eds., *Israel, the Arabs and the Middle East* (Bantam, 1972); Cockburn, *Nation,* Nov. 21, 1988.

[427] Додаток кон Четврта глава.

Џорџ Шулц и за неговиот повик до него "да признае дека згреши", но мировниот секретар на САНЕ/Фриз Бригит Шија коментираше: "Не ни се дава ниту инч за да ја кажеме нашата страна на приказната." Советските обвинувања околу американските обиди за поткопување на ПБП договорот* преку продолжувањето на "Војната на ѕвездите" беа отфрлени како "доктринарни" и "непријателски" во телевизиските извештаи, кои нудеа "самитско покривање" прикажувајќи ги Ричард Перле, кој го критикуваше НССД договорот од тврда десничарска позиција и јастребскиот демократ Сем Нан, кој играше гулаб (Том Брокау, NBC). Како и обично, постои дебата, но внатре во соодветните граници.[428]

Официјалната агенда за самитот ја вклучуваше улогата на Реган како миротворец и неговата страст за човекови права. Оттука, задачата за медиумите беше да ги нагласат овие две бележити црти на постигањата на претседателот. Правилното филтрирање овозможи првото барање да биде задоволено. Второто беше исполнето со помала самоувереност. Кога Горбачов пред телевизиските камери стапна на американско тло на аеродромот во Вашингтон, сидреникот на NBC Ден Радер коментираше дека Горбачов ќе се фокусира на намалувањето во вооружувањето, но дека "Реган ќе го притисне Советскиот сојуз во однос на поширокитe прашања како човековите права, Авганистан и Никарагва."[429] Неколкумина беа толку леви што поставија прашања во врска со ѕвезденото досие за човековите права на Реган (на пример, во Средна Америка), иако никој не отиде толку далеку како Ден Радер, кого често го осудуваат поради неговиот "ултралиберализам", при толкувањето дека она што се случува во Никарагва е советски грев.[430]

Во насловната сторија на "Њујорк тајмс", Филип Таубман од Москва забележа дека и покрај своето ветување, Горбачов сеуште има многу за учење. Тој продолжува да "го артикулира ортодоксното советско гледање на животот во САД: владејачката класа, доминирана од воено-индустрискиот комплекс, ја контролира владата и го експлоатира широкото мнозинство на Американци, создавајќи општество на економска нееднаквост и неправда." Ова "идеолошки наклонето" гледиште не е конзистентно со "пософистицираните гледишта на советските аналитичари и постарите колеги кои се запознати со САД" и поради тоа разбираат колку оваа концепција е далеку од стварноста. Истиот број на "Тајмс" вклучува една статија од Адам Валински насловена "Како е да се биде во пеколот", што ја опишува животната стварност во сламовите во Чикаго во ова општество слободно од економската нееднаквост, неправда и експлоатација.[431]

Московскиот самит од јуни 1988 година доби сличен третман. Со ретки исклучоци, коментарите се опсегаа од восхит за Регановото храбро бранење на човековите права (во Советскиот сојуз) до критика на неговата слабост што попуштил пред Русите и на неговото чудно преминување во ленинизам. Беше прикажана средбата на Реган со советските дисиденти; тој е човек што "цврсто верува во неколку едноставни принципи и неговата мисионерска работа за

* Anti-Ballistic Missile (ABM) Treaty – договор против балистичките проектили потпишан од САД и СССР (заб. на прев.).

[428] *Extra!,* Dec. 1987.

[429] CBS News, 6:30 P.M., Dec. 7, 1987. Изразот што е во наводници е или точен цитат или многу блиска парафраза; не ми е достапен транскриптот.

[430] Сепак, тоа многумина го направија; види глава 2.

[431] *NYT,* Dec. 4, 1987.

човековите права и за американскиот начин спаѓа меѓу неговите најтемелни вредности", извести "Њујорк тајмс". Во својот "најдобар ораторски час", додадоа уредниците, неговиот говор пред московските студенти "ги рашири трајните, пофални изрази на грижа на Претседателот за човековите права", грижа која можеби се открива преку неговото огнено восхитување за геноцидните убијци во гватемалската воена команда и преку неговото организирање на државниот терор во Ел Салвадор, а да не зборуваме за неговиот нежен третман на сиромашните дома.[432]

Прес конференцијата во Црковниот центар близу ОН свикана од Коалицијата за човекови права помина поинаку. Националните медиуми го игнорираа нејзиниот апел за посветување внимание на прекршувањата на човековите права во САД и во земјите кои се зависни од американска помош, кој беше презентиран од правниот директор на ACLU, од претставниците на Центарот за уставни права, од Американското индијанско движење, од групите за правата на затворениците и од други.[433]

Некои елементи од странскиот печат беа помалку волни да ја усвојат вашингтонската агенда. Уредниците на "Глоуб енд мејл" од Торонто забележаа дека токму кога Реган "чувствуваше дека е неопходно да му држи предавање на Советскиот сојуз за човековите права" на самитот, "Њујорк тајмс" објави некои од "шокантните откритија" за мачителите во Хондурас кои САД ги вооружува и за преферирањето на ЦИА на нечовечните методи кои не оставаат видлива трага, иако сторијата на "Тајмс" се воздржа од наведување на извештајот на ВВС од пред 6 месеци околу тоа дека американски персонал беше присутен на средбата кога одредот на смртта Баталјон 316, обучуван од САД, нареди да се убие еден американски свештеник, отецот Џејмс Карнеј, фрлајќи го од хелихоптер.[434] Улогата на САД во Хондурас и неговото "тивко 'продолжи'" за "валканата војна" во Аргентина "не се гордо досие за почитта кон човечкото достоинство и слобода", забележуваат уредниците на "Глоуб енд мејл", избирајќи некои од помалку важните примери за да ја илустрираат оваа поента.

Забележете дека "Њујорк тајмс" беше сосема способен да го објави овој опис, истовремено - за разлика од својот канадски пандан - не перцепирајќи судир со Регановите "пофални изрази на грижа за човековите права" во советскиот блок.

"Њу стејтсмен" од Лондон додаде дека "секое тврдење што го прави американскиот претседател за моралната супериорност мора да биде опишано како најмакабејска дволичност", бележејќи ја поддршката на овој "трибун на човековите права" за државните терористи во Ел Салвадор и Гватемала и за "крвавата терористичка кампања" против беспомошните цивили во Никарагва. Уредниците коментираа уште и за "очигледната иронија" на Регановото презентирање видео касета на Горбачов од филмот "Пријателско убедување", единствениот филм во историјата на Холивуд кој беше прикажан без сценариски прилог, бидејќи сценаристот беше ставен на црната листа во деновите кога Реган беше претседател на "Скрин акторс гилд - алиед артистс" бркајќи ги "субверзивците" надвор од здружението за времето на ловот на вештерки на Мекарти и тоа што тој подоцна нé уверуваше дека "не постоеше

[432] Steven Roberts, *NYT,* May 31; уводник, *NYT,* June 1.
[433] Alexander Cockburn, *Nation,* June 18, 1988.
[434] Уводник, *Globe and Mail,* June 10, 1988; James LeMoyne, *New York Times Magazine,* June 5, 1988. Во поглед на отецот Карнеј, Лемојн го бележи единствено извештајот дека тој е егзекутиран. За проследување на описот на Лемојн на мачењето, види додаток 5, оддел 6.

такво нешто како холивудска црна листа.” “Западните медиуми играа на Регановите теми (во Москва - Н. Ч.) онолку колку што тие и вредеа”, забележуваат уредниците; “западните медиуми си го знаат местото.” Тие се во право во поглед на САД, каде што треба многу да се пребарува за да се наиде на слични дисонантни белешки.[435]

4. Медиумите и меѓународното мислење[436]

Гласањата во ОН во времето на вашингтонскиот самит од 1987 година и нивниот третман, прибележен во текстот, илустрираат една поопшта шема. Во последните години САД е далеку во водство во ставањето вето врз резолуциите на Советот за безбедност. САД од 1967 до 1981 година стави вето на 7 резолуции што ја осудуваа израелската пракса во јужен Либан, ги афирмираа правата на Палестинците и го осудуваа менувањето на статусот на Ерусалим од страна на Израел и неговото основање на доселенички населби на окупираните територии. Во сите случаи САД беше сам во својата опозиција. Регановата администрација стави 13 дополнителни вета за слични прашања, при што САД повторно беше осамен.[437] САД беше сам или во мало малцинство и при противењето или ставањето вето на резолуциите на ОН во врска со Јужна Африка, проблемот за вооружувањето и останатите прашања.

За овие гласања често или не се известува или само маргинално се бележат. Повремените извештаи обично се од тој тип каков што може да се најде во државно-контролираниот печат, како што тоа го илустрираат веќе наведените примери. Да спомнеме еден друг, во ноември 1988 година Генералното собрание гласаше 130 наспроти 2 (САД и Израел) за резолуција што го “осудува” Израел поради “убивањето и повредувањето на беспомошни Палестинци” при задушувањето на палестинското востание и “силно го критикува” неговото запоставување на претходните резолуции на Советот за безбедност со кои се осудуваат неговите дејствија на окупираните територии. Ова беше известено во “Њујорк тајмс”. Првите три пасуси ги утврдуваат основните факти. Остатокот од статијата (10 пасуси) се посветени на американската и израелската позиција, на воздржаните и на “релативно слабото покажување” на арапските држави при поранешните резолуции. Сè што слушаме од поддржувачите на резолуцијата се резервите на оние кои неа ја сметаат за “неизбалансирана”.[438]

Изолацијата на САД предизвикува одредена загриженост. “Њујорк тајмс магазин” во 1984 година му ја посвети централната сторија на темата на својот дописник од ОН, Ричард Бернстајн.[439] Тој забележува дека “има многу гласови” што прашуваат “во тонови на скептицизам и болка” дали воопшто постои некоја вредност во ОН. “Постои растечко разбирање”, продолжува тој, “дека ОН станаа здодевни, реторички, екстремистички и антидемократски, место каде што САД се напаѓа со очигледна неказнивост дури и од земји со кои одржува

[435] *New Statesman,* June 3, 10, 1988. За одредени исклучоци, види го истакнатиот уводник во *Boston Globe,* June 1 и Michael Parks, *Los Angeles Times,* May 28, 1988.
[436] Додаток кон Четврта глава.
[437] *American-Arab Affairs,* Winter 1987-88.
[438] Paul Lewis, *NYT,* Nov. 4, 1988.
[439] “The U.N. versus the U.S.," *NYT Magazine,* Jan. 22, 1984.

срдечни билатерални односи.” “Може да има малку сомнение дека со ОН низ годините надвладеа она што може да се нарече третосветска идеологија” - односно од гледиштата на мнозинството од неговите членки - и дека неговите напади врз САД се “прекумерни и едностранu.”

Овој суд држи и покрај секојгодишните осуди на ОН на Советскиот сојуз околу Авганистан и редовните извештаи на ОН за неговото кршење на човековите права таму и покрај гласањето во Советот за безбедност со кое се осудува советското соборување на КАЛ 007 над советската територија. Соборувањето од страна на американската морнарица на ирански цивилен авион над иранските територијални води што уби 290 луѓе не предизвика таква реакција, а и американскиот напад врз Јужен Виетнам, а потоа и врз цела Индокина, ниту беше осуден ниту беше подложен на испитување; всушност, забележа Ширли Хазард, “во текот на тие години, во ОН не се расправаше за војната во Виетнам.”[440]

Продолжувајќи го својот преглед на падот на ОН, Бернстајн забележува дека и Советот за безбедност и Генералното собрание ја осудија американската инвазија на Гренада, вклучувајќи го најголемиот број на НАТО земји и други сојузници на САД. Дури и напорите на амбасадорката во ОН Џин Киркпатрик, “можеби најзасенувачкиот интелект во светското тело” (коментар што таму мора да предизвикал неколку потсмеви), се бескорисни за запирање на напливот на “префабрикуван жаргон за расизам, колонијализам и фашизам” и на “ритуалистички” напади врз САД наместо “разумната дебата” од старите добри времиња кога постоеше “автоматско мнозинство” за поддршка на американските позиции. “Прашањето не е”, заклучува Бернстајн, “зошто американската политика се разликува од онаа на останатите држави членки, туку зошто најмоќната демократија на светот не успева да добие поддршка за своите гледишта од учесниците во дебатите во ОН. Одговорот изгледа дека лежи во два суштински фактори. Првиот и главниот е дека самата структура на политичката култура која се разви во светското тело и која тежнее процесно да го изолира САД и да го портретира како некој вид на идеолошки никаквец. Другиот фактор е американското неуспевање доволно вешто да ја игра играта на мултилатералната дипломатија.” Накратко, прашањето е зошто светот отстапува, а одговорот јасно дека не лежи во политиката на САД, која е пофална по дефиниција, така што аргументирањето за да се утврди оваа поента би било одвишно.

Сенаторот Вилијам Фулбрајт во 1972 година искажа поинакво гледиште, кога стана доста незадоволен од американската политика: “Контролирајќи ги долги години ОН исто толку цврсто и лесно колку и босот од големиот град што ја контролира својата партиска машина”, забележа Фулбрајт, “се навикнавме на идејата дека ОН е место каде што можеме да ја спроведеме нашата волја.” Во својата “Историја на ОН” Еван Луард забележува: “Без сомнение, ако беа во мнозинство, комунистичките држави би се однесувале на многу сличен начин. Однесувањето на Западот... сепак беше злоупотреба на моќта. А тоа беше злоупотреба по која истите (западни - Н. Ч) членки жалеа повеќе од мнозинството кога повторно се промени рамнотежата на силите и кога поинакво

[440] Shirley Hazzard, *Defeat of an Ideal* (Atlantic Monthly Press, Little, Brown, 1973, 201). Таа пишува дека единствени исклучоци беа иницијативата на лаоската влада од 1959 година и инцидентот во Тонкиншкиот залив во 1964 година, кога (тогашниот американски амбасадор во ОН - заб. на прев.) Адлај Стивенсон лажно тврдеше дека наводните напади врз американските бродови беа “пресметан, промислен чин на воена агресија врз САД.”

мнозинство се здоби со контрола врз организацијата", што водеше кон "бес, но сеуште не жалење", како што коментира Ширли Хазард во прегледот на студијата на Лаурд.[441]

Хазард продолжува со опишување на тоа како, со соучество на генералниот секретар Тригве Ли, САД го поткопуваше создавањето на "независна меѓународна цивилна служба" во ОН што "непристрасно би обезбедила излагања и би предложила корективи за одржување на одредбите кои владите формално ги потпишаа во Сан Франциско" кога беа основани ОН. Таа упатува на инсистирањето на САД на ФБИ да му биде дозволено да спроведува "лов на вештерки" за да го контролира одбирањето на персоналот, што би ја отворило "браната... за политичките именувања" и очајно би ја компромитирало организацијата.

Во сопствената студија за "Самоуништувањето на ОН", Хазард подробно го опишува ловот на вештерки, откривајќи како "*мнозинството* од 'меѓународната' работна сила во Секретаријатот на ОН" беше подложено на испитување и одобрување од страна на ФБИ според тајниот договор со Стејт департментот, за што единствен јасен делумен преседан беше еден едикт на Мусолини во врска со Секретаријатот на Друштвото на народите. Овој таен договор беше "меѓник во работите на ОН и разјаснувачка точка на која меѓународниот Секретаријат решително се предаде, уште во почетните години, во рацете на националниот интерес... што беше директно прекршување на Повелбата на ОН." Таа забележува дека во случај да беше откриена слична спогодба со Советскиот сојуз, "меѓународното протестирање ќе беше такво што, со целосна веројатност, ќе ги срушеше самите ОН"; во овој случај, разоткривањето помина во тишина, во согласност со вообичаените конвенции. ОН се покори во страв да не ги изгуби преференциите на САД. "Концепцијата на САД за 'интернационалното'", заклучува Хазард, "беше - и продолжува да биде - во најдобар случај некој вид на беневолентен унилатерализам преку кој американските политики непредизвикано би делувале во корист на сите."[442]

Овој суд го објаснува долгогодишното однесување на артикулираното мислење на САД и на медиумите кон ОН. Кога ОН беше послушно средство на САД, постоеше голема индигнација околу советскиот негативизам, додека истакнатите општествени научници промислуваа околу неговите извори во руската култура и во праксата на воспитување на децата. Кога организацијата потпадна под "тиранијата на мнозинството" - што поинаку се нарекува "демократија" - однесувањето се помести кон тековните "скептицизам и болка" со исто толку темелни размисли околу културните неуспеси на беневолентното мнозинство.

Исто однесување се изразува и кон другите меѓународни организации. Кога латино-американските делегати, на еден состанок на Организацијата на американските држави, одбија да и' се покорат на волјата на САД во врска со несмасните обиди на реганистите за отстранување на генералот Нориега од Панама, откако тој ја оживеа својата корисност, дописникот на "Тајмс" Илејн Скиолино тажно забележа дека "низ годините, ОАС изгуби голем дел од својот авторитет како совест на Латинска Америка" (26 февруари 1988 година) - во превод, повеќе не ги следи наредбите на САД.

---

[441] *Times Literary Supplement* (London), Sept. 17, 1982.
[442] *Defeat of an Ideal,* 9, 14ff., 60f., 65, 71.

Цело време се претпоставува дека е надвор од сомнение дека она што САД го прави и за што се застапува е правилно и добро; ако останатите не успеат да ја признаат оваа морална исправност, јасно дека тие се оние што грешат. Наивноста не е без одредени детинести повици - кои сепак брзо избледнуваат, кога ќе дознаеме дека тие се претвораат во средство за наметнување на страдања и болки.

Како најбогата и најмоќна земја на светот, САД продолжува да го користи камшикот. "Тајмс" известува дека ОАС "веројатно ќе ја суспендира својата програма за помош за остатокот од годината поради најлошата финансиска криза во својата историја. Половина од кусокот од 20 милиони долари за 1988 година беше резултат на кратењето на придонесите на САД; во ноември 1988 година 2/3 од 46-те милиони долари неисплатени долгови беа на САД. "Тоа е толку сериозно што е во опасност суштината на организацијата", истакна генералниот секретар. Службени лица на ОАС предупредија дека фискалната криза ќе предизвика кратење на сите развојни програми, додавајќи дека "кавгата произлегува од остро спротивставените визии за улогата на организацијата во хемисферата", со тоа што САД се противи на развојните програми кои се фаворизирани од нивните корисници. И програмата за дрога "нема да профункционира до крајот на годината", извести началникот на Интерамериканската комисија за контрола на злоупотребата на дрогата, додека Регановата администрација ги напаѓаше латино-американските земји поради нивното неуспевање да го контролираат протекот на дрога во САД. Кратењата на САД дојдоа по критиките кон ОАС од службените лица на администрацијата и од некои членови на Конгресот "поради одбивањето да се преземе поагресивна улога против Никарагва" и генералот Нориега.[443] Еден конгресмен објасни дека "не бевме задоволни од добивањето изведба вредна еден долар за американскиот даночен обврзник." Крутата тактика на Регановата администрација всушност успеа да создаде поддршка широм хемисферата за многу презрениот Нориега, како резултат на здосаденоста од бучниот американски интервенционизам по ненадејното свртување против него.

ОН се соочува со истите проблеми сега кога повеќе нема разум за да функционира како орган на американската моќ. САД е далеку најголем должник, чиј долг во септември 1987 година изнесуваше 412 милиони долари; следен најголем должник беше Бразил со долг од 16 милиони долари. Дотогаш Советскиот сојуз објави дека ќе ги плати своите преостанати долгови. Порано, кога СССР беше виновникот, САД го поддржа барањето до Меѓународниот суд да донесе пресуда за плаќање на долгот и ја прифати пресудата на Судот според која сите членки мораат да си ги платат долговите. Но сега основата се помести и плаќањето на долговите веќе не е свечена обврска. Не е известено за фактот дека, според мисијата на САД во ОН, работењето на ОН "насочува од 400 до 700 милиони долари годишно во економијата на САД и на Њујорк."[444]

И во другите случаи институциите на светскиот поредок не минуваат добро кај медиумите, кога служат за несакани цели. Напорите за решавање на граничните тензии нудат илустрација што паѓа во очи. За нив ретко се известува кога преговарач е некоја непријателска држава, а особено кога тоа е некоја жртва на напад од страна на САД. Никарагванските предлози за мониторинг врз границата е пример како од учебниците. Да наведеме еден додатен пример, во

[443] Тука е наречен "генерал Ортега" поради грешка при пишувањето; David Johnston, *NYT,* June 25, 1988. Lindsey Gruson, *NYT,* Nov. 14, 1988.
[444] Paul Lewis, *NYT,* Oct. 16, 1987; AP, Feb. 28, 1988.

март 1988 година, за време на никарагванскиот напад врз контристите што очигледно се прелеа неколку километри во областите што ги држи контрата во Хондурас, имаше многу индигнирани коментари околу сандинистичката агресија и нивната опасност за мирољубивиот Хондурас. Никарагва побара набљудувачки сили на ОН за да вршат мониторинг врз никарагванско-хондураската граница - со што би им се ставил крај на овие стравувања, ако тие воопшто и беа сериозни. Гласноговорникот на ОН им кажа на известувачите дека Хондурас го отфрли апелот на Никарагва за набљудувачи на ОН. Никарагва побара и од Меѓународниот суд на правдата да ги испита наводните вооружени навлегувања од Хондурас. Изгледа дека овие факти не се спомнати во "Њујорк тајмс", кој преферираше да извести дека три месеци претходно, министерот за надворешни работи на Хондурас, Карлос Лопес Контрерас, предложил мониторинг врз границата.[445]

5. Демолирање на договорот[446]

Имајќи ги во предвид политиките што ги брани во Третиот свет, САД често се наоѓа себеси како политички слаб иако воено силен, како што обично сите страни признаваат во интерните документи. Резултатот е редовно противење на дипломатијата и политичкото договарање. И бидејќи фактите не ја потврдуваат потребната слика, потребна е значителна талентираност за историски инженеринг.[447] Проблемот е тука и за време на конфликтите во Средна Америка од последните години.

САД систематски ги блокира сите напори за употреба на мирни средства за решавање на она што дописникот на "Тајмс", Ширли Кришчан, го нарекува "*наша* никарагванска агонија", опишувајќи ги нашите страдања поради нашите "во основа идеалистички напори да се справиме со ситуацијата", при што "сè на сè, можеби имаме најдобри намери од сите играчи."[448] САД успеа да ги блокира контадорските иницијативи, отстранувајќи го секое обраќање до Меѓународниот суд и до ОН, како што тоа го бара меѓународното право и врвниот закон во земјата, и одбегнувајќи ги повторливите никарагвански обиди за задоволување на легитимните интереси на средно-американските земји - па дури и на наводните грижи околу безбедноста на САД, колку и да се тие смешни. САД во 1987 година се обидуваше да ги блокира предлозите на Аријас,

---

[445] AP, March 22; *Christian Science Monitor,* March 25, 43 збора; Treaster, *NYT,* March 27, 1988. Види и Mary McGrory, *Boston Globe,* March 23, која забележува дека Хондурас одби да го признае тимот за мониторинг на ОН.

[446] Додаток кон Четврта глава.

[447] За расправа околу тоа како му се пристапуваше на проблемот во случајот со Индокина од 1950 година до денес, види го "Произведувањето согласност", глава 5 и 6. За сличните проблеми во однос на арапско-израелскиот конфликт, види додаток 5, оддел 4.

[448] *New Republic,* Aug. 29, 1988; мое подвлекување. Кришчан, која се смета за специјалист за Никарагва, продолжува тврдејќи дека контрата е типично латино-американско герилско движење, "средно-американска творба во голема мера", зашто "настрана од неколкуте американски поединци со небулозни владини врски, клучните играчи се аргентинските полковници" (преобразени во Средно-американци), хондураскиот воен началник Густаво Алварес, познат убиец, "и асортиман на поранешни припадници на никарагванската Национална гарда." Јасно, "класична шема за герилските војски во Латинска Америка", дури и ако ги ставиме настрана неколкуте познати превиди. Таа не елаборира за значењето на овој интересен збир на "клучни играчи". Ваквите прилози очигледно се земаат сериозно.

успевајќи во тоа во јули преку соработката на салвадорскиот претседател Дуарте (види петта глава).

Предлозите на Реган и Рајт од 5-ти август беа краен обид за саботажа на секој значаен договор што би можел да резултира од состанокот помеѓу средно-американските претседатели што беше планиран за следниот ден. Но ова се покажа како "неверојатна тактичка грешка", забележа еден гватемалски дипломат, која ги предизвика "националистичките инстинкти на костариканската и гватемалската делегација", кои се чувствуваа "навредени" од овие методи на цврста рака.[449] На 7 август, на вчудоневиденост на американската администрација, средно-американските претседатели се согласија околу Ескипулас 2 договорот, "инспирирани од визионерската и трајна желба на контадорските и на (латино-американските - Н. Ч.) групи за поддршка."[450]

Неочекуваниот договор од 7 август ги присили медиумите брзо да се повлечат од своето бранење на Реган-рајтовиот план како гест за мир што излегува во пресрет. На 6 август, Џејмс Лемојн лажно извести дека настрана од Никарагва, која ризикуваше изолација поради својата непопустливост, средно-американските претседатели "беа благодарни" поради Реган-рајтовиот предлог - кого Гватемала и Костарика го отфрлија со значителна иритираност како "навреда". Еден ден потоа, откако сега Вашингтон беше изолиран преку мировниот договор на средно-американските претседатели, Лемојн го прикажа договорот како споделување на "главната намера на планот на г-ин Реган, со кој се бараат внатрешни политички промени во Никарагва"; Ескипуласкиот договор не ја споменува Никарагва, туку напротив беше создаден за симултано и споредбено да се применува во сите средно-американски земји. Медиумите продолжија да конструираат толкување со кое му се оддаваше почит на САД поради тоа што преку употреба на сила и преку Реган-рајтовата иницијатива ја натера Никарагва на преговори. Целта, настрана од служењето за прикривање на конзистентното противење на САД на мирното договарање, беше да се легитимизира државното насилство и на тој начин да се подготви почвата за негово обновување кога тоа ќе биде потребно, овде или било каде на друго место.[451]

Некои не можеа да ја прикријат својата вчудоневиденост од развојот на настаните. Поранешниот извршен уредник на "Њујорк тајмс", А. М. Розентал, чии редовни колумни откако се пензионира обезбедуваат многу согледувања околу начинот на мислење што го анимираше "Тајмс" додека тој беше на чело, ги осуди "про-сандинистите во печатот и политиката" - група што би можела да се детектира со доволно моќен микроскоп - поради тоа што не застанаа зад Реган-рајтовиот план откако беше потпишан Ескипуласкиот договор. Тој го уверуваше читателот дека средно-американските претседатели беа "вчудоневидени" од овој неуспех во следењето на предлогот, кого тие според зборовите на Розентал го поздравија, иако во стварниот свет тие го отфрлија со презир. Противниците на Реган-рајтовиот план, напиша тој, помагаат во

[449] Michael Allen, *Wall Street Journal,* Aug. 10; *Central America Report* (Guatemala City), Aug. 14, 1987. Види *Culture of Terrorism,* 141f., 18-19, околу настаните и медиумската реакција.

[450] Тука и понатаму, ја користам гватемалската верзија на англискиот превод; Special Document, Esquipulas II Accord, *Central America Report,* August 14, 1987.

[451] LeMoyne, *NYT,* Aug. 6, 7. За вистинската реакција на претседателите Сересо и Аријас, види *Central America Report,* Aug. 14. Види ја *Culture of Terrorism,* 141f., за понатамошни подробности.

убивањето на "мировните предлози за Никарагва" - односно, на Реган-рајтовиот план, кој, за разлика од Ескипуласкиот договор, се однесуваше само на Никарагва, поради што единствено тој се квалификуваше како мировен предлог од гледна точка на американските џингоисти. Фалејќи го потпирањето врз насилството, Розентал напиша дека "секретарот Шулц и Хауард Бејкер, верувајќи дека сандинистите се доволно сериозно погодени за да ги направат преговорите изводливи, го натераа Претседателот да се согласи." Но сега "про-сандинистите во оваа земја" ги поткопуваат постигањата на Шулц и Бејкер преку бранење на Ескипуласкиот договор, па дури и "се однесуваат како да е проколнат грев да се сугерира дека САД не треба веднаш да ги уништи контристите, чие постоење ја донесе можноста од преговори."[452]

Сепак, мнозинството преферираше помалку сурови средства за преобразба на мировниот договор во основната структура на Реган-рајтовиот план. Ескипуласкиот договор ја стави во движење кампањата на американската влада за негово рушење и за одржување на опцијата за понатамошни напади врз Никарагва придружени со таков државен терор што би можел да ги држи во линија "демократиите во повојници". Воодушевената соработка на медиумите го осигура успехот на овој потфат. Посакуваниот резултат беше постигнат во јануари 1988 година, по брилијантно извршената владино-медиумска операција.

Како што се расправаше во четвртата глава, првата задача беше да се елиминираат одредбите што се однесуваа на САД, имено, "неопходниот елемент" за мир: прекинување на секој облик на помош за домородните герилци или за контристите. Американската помош за контристите што ја напаѓаа Никарагва од Хондурас и Костарика веќе беше криминална, дури и во техничка правна смисла, но Ескипуласкиот договор создаде нова бариера. До август 1987 година летовите за снабдување на контристите го достигнаа нивото од еден дневно, придружени со постојаното надгледување што беше побарано како осигурување дека едвај бранетите мети можат безбедно да се напаѓаат. САД одговори на повикот за прекинување на таквата помош преку нејзино ескалирање. Во септември летовите за снабдување се дуплираа, а следните месеци скоро трикратно се зголемија. Кон крајот на август ЦИА се обиде да ги поткупи лидерите на Мискитите за да ги одбијат обидите на Никарагва за мирно помирување и да ја продолжат војната.[453]

Овие флагрантни кршења на "неопходниот елемент" за мирот ги поткопа темелите на Ескипуласкиот договор. Поради тоа за да ја процениме улогата на медиумите, ќе се запрашаме како тие се справија со овие клучни факти. Ќе продолжам во голема мера да се држам до "Њујорк тајмс", кој е најважен весник и кој обезбедува квазиофицијално досие за историјата; на другите места шемата главно е слична.[454]

Не можев да најдам ниту еден единствен израз во "Тајмс" што би упатувал на поткупувањата, на брзото ескалирање на американските снабдувачки и надгледувачки летови или на нивното успевање да ги ескалираат терористичките напади врз цивилите.

Ескипуласкиот договор пропиша тромесечен период од 7 август до почетокот на ноември за почетните чекори за остварување на неговите одредби

[452] Rosenthal, *NYT,* Aug. 21, 1987.
[453] Brian Barger, UPI, *Philadelphia Inquirer,* Oct. 22, 1987; *Excelsior* (Mexico City), Oct. 22, 1987. За летовите за снабдување и за останатото, види ги верзиите со фусноти на моите статии во *Z Magazine,* January, March, 1988.
[454] За некои исклучоци, види глава 4, забелешки 34 и 37.

и период од 7 август до средината на јануари како прва фаза, по што Меѓународната комисија за верификација и мониторинг (МКВМ) требаше да го презентира својот извештај за она што се постигнало. За време на првиот тромесечен период, дописникот на "Тајмс" од Никарагва, Стивен Кинцер, имаше 41 статија што се однесуваа на Никарагва. Клучните настани кои штотуку беа опишани беа целосно изоставени. Всушност, постоеја само две референци единствено за постоењето на снабдувачки и надгледувачки летови.[455] На 23 септември Кинцер спомна дека "илјадниците контристи внатре во Никарагва сега ги добиваат своите залихи главно преку тајните воздушни снабдувања со кои управува ЦИА." На 15 октомври тој напиша дека "авионите што ноќе летаат над Никарагва за да им испорачаат залихи на контристите, полетуваат од Хондурас." Во следните месеци има неколку расфрлани референци околу овие летови.[456]

Накратко, наоѓаме тотално потиснување на најкритичните факти во врска со судбината на договорот, а да не зборуваме за флагрантното кршење на меѓународното право и за драматичниот доказ околу вештачкиот карактер на имплантираната ополномоштена војска - што е заклучок кој никогаш не е извлечен, колку што можам јас да одредам. Досието обезбедува импресивни докази за посветеноста на медиумите на државната пропаганда и насилство.

"Тајмс" не се задоволи со избегнување на операциите за снабдување и надгледување и со тотално потиснување на ескалирањето на американската помош за своите сили во обид да се поткопа Ескипуласкиот договор. Тој одбра и целосно фалсификување. Претседателот Ортега во средината на ноември присуствуваше на состанокот на ОАС во Вашингтон, на кој САД го донесе и својот цивилен директорат на контрата, финансиран од ЦИА, што многу ги иритира латино-американските делегати. Ортега го осуди наглото зголемување на снабдувачките летови откако тие беа забранети со Договорот, известувајќи за 140 снабдувачки летови од август. Лидерот на контрата Адолфо Калеро ја отфрли оваа проценка како далеку под нивото, тврдејќи дека "неговиот радар не работи многу добро." "Њујорк тајмс" извести за изјавите на Ортега и Калеро, но со едно уредничко прилагодување. Каде што тие зборуваа за снабдувачки летови, новинскиот извештај на "Тајмс" ја сведе референцата на "надгледувачки летови", што сеуште претставува кршење на меѓународното право и на

[455] Имајте во предвид дека овој преглед се темели врз библиотечното издание на "Тајмс". Претходното (Бостонско) издание понекогаш се разликува. Така, во последниот пасус (25-от) од сторијата од 24 октомври за контристичките напади, кој е изоставен во библиотечното издание, Кинцер спомнува дека контристите употребуваат Редеј проектили и други средства, обезбедени преку "тајните" летови на ЦИА од Хондурас, кои Никарагва не може да ги попречи без млазни авиони.

[456] Во интервјуто од 6 декември со еден командант на контрата, Кинцер го цитира кога вели дека контристите не можат самите да се снабдуваат внатре во Никарагва (остриот контраст со Ел Салвадор не е спомнат, следејќи ги стандардните конвенции) и дека имаат добиено 52 недопрени испораки на залихи на ЦИА. Во извештајот од следниот ден, тој го цитира извештајот на никарагванската влада за 82 снабдувачки летови и 21 надгледувачки мисии од 5 ноември до 5 декември. Сторијата од 25 јануари забележува дека "тајните ноќни летови за снабдување во Никарагва се витално јаже за спасување на контристите", при што цитира еден американски службеник кој кажува дека во 1987 година имаше повеќе од 350 такви летови. Краткиот извештај на АП од 30 октомври 1987 година го бележи рушењето на еден авион за снабдување на контрата во Хондурас.

Договорот, но е помалку сериозно кршење, па така очигледно и помалку неприфатливо.[457]

Неколку дена подоцна, никарагванската амбасадорка во ОН, Нора Асторга извести за 275 снабдувачки и надгледувачки летови што беа откриени од 7 август до 3 ноември. Не најдов никаква белешка во печатот во врска со ова не сосема тривијален навод.[458]

Преку вакви средства медиумите успеаја во служењето на целта на Вашингтон за елиминирање на две централни одредби на Договорот: "прекинување на помошта за нерегуларните сили или за востаничките движења" и "некористење на територијата за напад врз други држави." Преку оваа имплицитна ревизија на Договорот, САД беше слободен да делува како сака, при што имаше поддршка барем од претседателот Аријас, според верзијата на "Тајмс".[459]

Ескипуласкиот договор повика на "автентичен плуралистички и партиципативен демократски процес за унапредување на социјалната правда, почитта кон човековите права, суверенитетот и територијалниот интегритет на државите и правото на секоја нација да го одреди, слободно и без било какво надворешно мешање, сопствениот економски, политички и општествен модел" како и на чекори за да се обезбеди "правда, слобода и демократија", слобода на изразувањето и на политичкото делување и отворање на средствата за комуникација "за сите идеолошки групи". Тој повика и на "дијалог со невооружените групи на политичката опозиција внатре во земјата" и на други чекори за постигнување на национално помирување. Понатаму, "ќе се излезе со укази за амнестија преку кои ќе се утврдат чекорите за гарантирање на неповредливоста на сите облици на живот и на слободата, материјалните добра и сигурноста на луѓето што ќе се здобијат со корист од изречените укази."

Ел Салвадор веднаш го прекрши условот за амнестија преку донесување указ за амнестија што ги ослободуваше службите за државна безбедност и нивните соработници од несаканите изгледи од судско гонење поради нивните злодела. Набљудувачите на човековите права го осудија овој чекор, предвидувајќи - точно, како што подоцна се покажа - дека тоа ќе води кон зголемување на државниот терор. Сепак, "Тајмс" ја величаше амнестијата. Во

[457] Neil Lewis, *NYT,* Nov. 12, 1987. Останатите правилно ги наведоа фактите. Види ги референците наведени во забелешката 64.

[458] U.N. General Assembly, A/42/PV.67, Nov. 16, 1987. За известувањето од ова заседание на ОН, види глава 4.

[459] Stephen Kinzer, *NYT,* Oct. 15, 1987. Тој тврди дека претседателот Аријас "рече дека не може да се очекува од Хондурас да ги затвори контристичките кампови и да ги забрани тајните снабдувачки летови ако сандинистите не преговараат за прекин на огнот со контрата и не излезат со широка амнестија." Ескипуласкиот договор не утврдува таков услов за прекинување на помошта за контрата. Ниту Аријас ниту било кој друг не смета дека странската помош за герилците во Ел Салвадор и Гватемала е легитимна сè додека владите не преговараат околу прекин на огнот со овие домородни сили или додека не ги спроведат одредбите на договорот. Ако изјавата на Кинцер е точна, следи дека и Аријас беше посветен на неуспехот на договорот, кој погрешно е наречен "Аријасов план". Во "Тајмс" има повторени референци околу наводните позиции на Аријас кои водат до истиот заклучок, но тешко е да се дознае колку тоа е прецизно, а колку е посакувано размислување. За повеќе околу улогата на Аријас и околу причините за неговата релативна прифатливост во САД, види ја мојата статија во *Z Magazine,* November 1988. За коментар околу неговото "шокантно досие" при "само наизглед промовирањето на сопствениот план", при што истовремено одговараше на притисоците од Вашингтон и од моќните десничарски елементи во Костарика, види Council on Hemispheric Affairs, "News and Analysis," Feb. 10, 1989.

однос на Никарагва, вашингтонско-медиумското толкување беше дека амнестијата мора да се применува далеку пошироко од она што е утврдено со договорот. Ќе се вратиме на ова прашање.

Бараните чекори кон демократија, социјална правда, заштита на човековите права итн. јасно дека не можеа да бидат донесени од државите на теророт на Вашингтон.[460] Поради тоа, одредбите мораа да се елиминираат од оперативната верзија на договорот. Методот што се следеше беше, повторно, потиснување на фактите и фалење на државите на теророт поради нивното придржување кон договорот кого тие сè повеќе и повеќе го прекршуваа.

Интер-американската комисија за човекови права на ОАС во септември излезе со еден извештај кој го бележеше "видливиот пад во почитувањето на човековите права" во Гватемала, изразувајќи загриженост околу "продолжувањето со методите и системите за масовно елиминирање на личности и повторната појава на ужасните одреди на смртта." Комисијата за одбрана на човековите права во Средна Америка со база во Костарика во ноември извести пред ОН за продолжителниот терор на гватемалските служби за безбедност и на одредите на смртта, документирајќи околу 175 случаи на грабнувања, исчезнувања и убиства во периодот од 8 август до 17 ноември 1987 година, придружени со напади со гранати, една бомба што беше фрлена во црква итн. Гватемалската комисија за човекови права утврди 334 вонправни егзекуции и 73 исчезнувања во првите 9 месеци на 1987 година. Еден од нејзините директори извести во Вашингтон дека "договорот се користи како димна завеса и состојбата со човековите права станува многу посериозна... (Договорот служи - Н. Ч.) за да се дозволат прекршувања со многу поголема неказнивост." Тој додаде дека документираните случаи претставуваат само дел од злоупотребите, зашто најголемиот дел од нив се случуваат надвор од главниот град, при што наведува и други владини sверства. И војската презеде нова офанзива во планините во обид преживеаните од скоро геноцидните кампањи од раните 80-ти да се натераат во "селата со развојни парцели", каде што ќе можат да бидат контролирани со сила.[461]

Американските читатели беа поштедени од ваквите факти. "За време на првите 6 месеци по потпишувањето на договорот", забележува латино-американистот Сузан Џоунас "во 'Њујорк тајмс' не се појави ниту една статија околу гватемалското исполнување и скоро ниту една не беше печатена во останатите главни американски медиуми." Во прегледот на "Тајмс", "Кришчан сајанс монитор", "Мајами хералд" и "Волстрит џурнал" од октомври 1987 до март 1988 година, Александер Кокбурн најде малку коментари воопшто за Гватемала при што воопшто не беше спомнат растечкиот наплив на политичкото насилство во ноември. Кога во декември и јануари sверствата и понатаму се зголемуваа, во прегледаните весници имаше две стории за Гватемала, и двете во "Монитор" при што и двете расправаа за злоупотребите на правата. Од октомври до јануари вкупно беа убиени преку 500, исчезнаа 160 лица, а имаше 2 новински стории. Комбинирајќи ги сите листови кои беа

[460] Се поставуваат прашања и околу Костарика, која општо се смета за исклучена од договорот. Така, печатот на шпански јазик е цврсто под десничарска контрола и им го забранува пристапот на "сите идеолошки групи", помеѓу останатите прашања што би се појавиле ако се известува околу работите во Костарика. Види додаток 5, оддел 6. Исто и *Culture of Terrorism,* 243, за еден критичен случај.

[461] COHA, *Washington Report on the Hemisphere,* Feb. 3, 1988; *Update,* Central American Historical Institute, Dec. 28, 1987; *Cultural Survival,* vol. 12, no. 3, 1988.

прегледани за време на целиот период, забележува Кокбурн, "во највлијателните американски весници околу Гватемала постои една критична сторија на секои 154 дена."[462]

Во Ел Салвадор, "Тутела легал", канцеларија за мониторинг на човековите права при архидијацезата на Сан Салвадор, извести дека веднаш по договорот утврди двојно зголемување на убиствата на одредите на смртта на околу 10 месечно, кои продолжија и во јануари; за таа година, бројките на "Тутела легал" беа 88 исчезнати и 96 убиени од одредите на смртта, вооружените сили и цивилната одбрана, како додаток на 280 убиени, најверојатно цивили, за време на воените операции на војската.[463] Амадео Рамос, еден од основачите на индијанското здружение ANIS, извести дека во средината на ноември една индијанска населба беше бомбардирана од војската и "телата на неколку Индијанци беа најдени фрлени во еден процеп во една оддалечена област", а бидејќи тоа не беа Мискити од Никарагва, нивната судбина не побуди интерес. Постоеја многу други драматични случаи, кои беа игнорирани или едвај да беа спомнати. Советот за хемисферски работи процени дека 87 цивили беа убиени или "исчезнаа" од одредите на смртта за време на фазата на договорот од август до јануари. Крис Нортон, еден од неколкуте американски новинари со база во Ел Салвадор, извести во странство дека вистинските бројки се непознати, зашто, како и во Гватемала, најголемиот дел од убиствата на одредите на смртта "се случуваат во руралните области и за малку од нив е известено."[464]

Заштитата на клиентскиот режим во Ел Салвадор е посебен императив што достигнува импресивни нивоа. Судбината на Комисијата за човекови права CDHES е илустративна. Џејмс Лемојн извести за убиството на нејзиниот претседател, Херберт Анаја, со должна почит кон официјалната владина приказна дека за тоа се одговорни герилците. Од неговиот опис беше изоставено сведочењето за спротивното од страна на неговата вдовица, Мирна Анаја, салвадорска судика до 1987 година, која пребегна од земјата по атентатот врз нејзиниот сопруг. Таа изјави дека се одговорни силите за безбедност и дека има сведоци кои ќе сведочат дека тоа е така ако им се даде заштита со канадско присуство, но читателите на "Њујорк тајмс" повторно беа поштедени од ваквите непријатни факти, или од нејзиниот говор пред Собранието за човекови права при ОН во кој таа идентификува како атентатор еден одред на смртта од "членови на хасиендската полиција и националната полиција."[465]

Од мала важност е тоа што поранешниот претседател на CDHES, Маријанела Гарсија Виљас, беше убиена од силите за безбедност под изговор дека била герилец, кога и други членови беа убиени или "исчезнаа" од силите за безбедност. Херберт Анаја го уапси и го мачеше финансовата полиција во мај 1986 година, заедно со други членови на Комисијата. Додека беа во затвор,

---

[462] Jonas, *San Francisco Bay Guardian*; Cockburn, *Anderson Valley Advertiser*; и двете June 8, 1988.

[463] Human Rights Watch (Americas Watch/Asia Watch/Helsinki Watch) and Lawyers Committee for Human Rights, *Critique: Review of the Department of State's Country Reports on Human Rights Practices for 1987,* June 1988. Прегледот посебно ги осудува извештаите на Стејт департментот за средно-американските земји и нивното оцрнување и погрешно претставување на работата на "високо почитуваната" "Тутела легал". Ова се редовни особини на производите на Стејт департментот.

[464] COHA *Washington Report on the Hemisphere,* Feb. 17, 1988; *Latinamerica press* (Peru), Nov. 19, 1987.

[465] Види ја мојата статија во *Z Magazine,* March 1988, за понатамошни коментари; сведочењето пред ОН, *La Voz,* CDHES, March 24, 1988.

продолжија со својата работа, составувајќи сведоштва под заклетва за мачењата на затворениците. Тие успеаја да прошверцуваат надвор од затворот документ со подробни докази околу мачењето на 430 затвореници заедно со видеокасета за сведоштвата. Но ова беа докази за мачењето од страна на американските агенти и клиенти (и на еден американски воен офицер во униформа во еден случај), а не за кубанските или руските затвори. Оттука, овие откритија не предизвикаа интерес и не се појави ништо во националните медиуми (види додаток 1, оддел 1). Откако Анаја беше ослободен при една размена на затвореници, владата го осуди и го информира дека е на чело на една листа од работници на Комисијата што треба да бидат убиени. Немајќи заштита која можеше да му се даде преку одредената медиумска видливост, тој беше убиен, веројатно од силите за безбедност или од нивните соработници, како што посочи надбискупот Ривера и Дамас при една проповед во Метрополитанската катедрала, за што не беше известено во "Тајмс", а во која тој ја наведе информацијата дека "одговорен е одред на смртта."[466]

Систематски избегнувајќи ги непосакуваните факти околу Ел Салвадор, Џејмс Лемојн кон крајот на ноември ги уверуваше своите читатели дека претседателот Дуарте "отиде значително подалеку (од сандинистите - Н. Ч.) во спроведувањето на словото на договорот", иако можеби и тој не е "посебно посветен кон неговиот дух на помирување", бидејќи "се обидува да го подели левичарскиот бунтовнички сојуз" - ништо повеќе. Лемојн го фали Дуарте и поради тоа што им даде на бунтовниците "слободен пристап до печатот"; за разлика од ова, Советот за хемисферски работи известува дека "новинарите спроведуваат автоцензура до таа мера што листовите не печатат изјави на опозиционерските групи критички кон владата."[467]

Лемојн беше импресиониран и од тоа што Дуарте "им дозволи на цивилните водачи на бунтовниците да се вратат дома и активно да ја следат својата политичка визија", прашувајќи дали "како бунтовниците во Ел Салвадор, контристите евентуално би можеле... да го преземат ризикот да испратат претставници назад во Никарагва за да го тестираат ветувањето на сандинистите дека ќе понудат изворна политичка слобода по осумте години еднопартиско владеење" - иако нема причини за "сомневање во нивната искреност" и волност да "толерираат одредена политичка опозиција."[468] Лемојн е доста свесен дека угледни водачи на црквата и интелектуалци кои имаат врски со герилските движења беа принудени да пребегнат од Ел Салвадор и дека не можат да се вратат поради страв од атентат, додека во Никарагва опозицијата никогаш не се соочила со било што и од далеку е споредливо со теророт на Дуартеовите сили за безбедност и нивните соработници и доста отворено ги поддржуваат силите на САД што ја напаѓаат земјата, редовно идентификувајќи се со нив при јавните изјави во "Ла пренса", јавно осудувајќи ја владата и

[466] AP, Nov. 15, 1987; надбискупот спомна и други убиства од страна на одредите на смртта. На 20 февруари "Тајмс" излезе со краток извештај од АП, забележувајќи дека надбискупот им го припиша убиството на одредите на смртта и дека наводниот убиец го повлече своето признание.
[467] LeMoyne, *NYT,* Nov. 29, 1987; COHA *Washington Report on the Hemisphere,* Feb. 17, 1988. Подоцна пристапот кон радиото и телевизијата стана послободен, но да се зборува за "слободен пристап кон печатот" во ноември 1987 година не е реално и никогаш немало ништо што би личело на финансираниот од САД про-контристички весник "Ла пренса". За медиумите во Средна Америка, види додаток 5, оддел 6.
[468] *NYT,* Nov. 29, 1987; June 5, Feb. 22, 1988.

имплицитно повикувајќи на понатамошна воена помош за контрата кога го посетуваат Вашингтон.[469]

Лемојн исто така добро знае дека не само про-контристичката внатрешна опозиција, туку дури и воените лидери на контрата што ќе решат да се вратат во Никарагва, таму живеат и работат без да се грижат за својот живот. Да наведеме само еден од неколкуте случаи, контристичкиот водач Фернандо Чаморо се врати во Никарагва од Костарика и беше именуван за регионален претседател на Конзервативната партија, која отворено ја поддржува контрата.[470] Разгледајте го како спротивност полк. Адолфо Махано, кој не е герилски водач туку армиски офицер кој го предводеше реформистичкиот воен удар од октомври 1979 година и кого американскиот печат го опиша како "симбол на политиката на САД во таа земја", поради неговите обиди да се движи кон демократијата и реформата.[471] Махано беше маргинализан кога со поддршка од САД на чело дојдоа традиционалните репресивни сили и во декември 1980 година беше отстранет од хунтата, кога претседател стана Дуарте за да претседателствува со колежите што тогаш се зголемија. Тој беше принуден да побегне од растечкиот терор, за по 7-годишен егзил да се врати за да ја тестира "новата демократија". При враќањето, тој преживеа барем два обиди за атентат од осомничени одреди на смртта. Третиот обид се случи на 25 август 1988 година, кога две вооружени лица пукаа врз неговиот автомобил во еден трговски центар во Сан Салвадор, убивајќи двајца од неговите телохранители. "Овој криминален обид целеше на мене и нема сомнение дека го извршија одредите на смртта", рече Махано. Надбискупот се согласи, изјавувајќи на неделната миса по три дена дека убиствата ги вршат "зли одреди на смртта."[472] Обидот за атентат се случи веднаш по серијата на убиства од страна на силите за безбедност и претпоставените одреди на смртта. Би можеле да се сомневаме дека "Њујорк тајмс" може да измисли слични настани за во Манагва. Наместо тоа, наоѓаме филозофски размисли околу слободата и отвореноста на Ел Салвадор во споредба со суровата репресија на сандинистите.

Жарот на Лемојн при ракоплескањето за охрабрувачкиот развој на настаните во Ел Салвадор контрастиран со репресивната Никарагва понекогаш беше прекумерен дури и според стандардите на "Тајмс". Така, тој извести за плановите на "цивилните службени лица на бунтовниците" Рубен Самора и Гиљермо Унго да се вратат во Ел Салвадор, каде што се надеваа дека ќе преживеат носејќи панцири, постојано менувајќи го престојувалиштето и внимателно ограничувајќи си го движењето. "Планираното враќање на двајцата", изјави Лемојн, "е во остар контраст со состојбата во соседната Никарагва, каде владејачките сандинисти рекоа дека ќе го стават в затвор секој бунтовнички водач што ќе се обиде да се врати за да спроведува политички активности." Пет дена претходно, Стивен Кинцер извести за изјавата на претседателот Ортега дека "на сите контристи што ќе прекинат да се борат", вклучително и контристичкиот лидер Адолфо Калеро и воениот командант Енрике Бермудес, "ќе им биде дозволено целосно да учествуваат во никарагванскиот политички живот." Тој го цитира Ортега како вели: "Непосредна цел е прекин на огнот, но ако контристите го прифатат тоа, тие

[469] Види додаток 5, оддел 6.
[470] *Ibid.* Околу враќањето на Чаморо, види СОНА, *News and Analysis,* Feb. 20, 1988.
[471] Види *Turning the Tide,* 109-10.
[472] *El Sol* (*El Salvador On Line,* Center for Central American Studies, Washington), Aug. 29, 1988; Sam Dillon, "El Salvador's Violent Past Returns in Poverty, Death," *Miami Herald,* Sept. 6, 1988.

можат да му се приклучат на политичкиот дијалог со останатите партии во Никарагва. Ако Калеро и Бермудес го прифатат ова, ќе можат слободно да шетаат по улиците на Манагва, да одржуваат демонстрации и да ѝ придружат на Конзервативната партија или на било која партија која ќе ја одберат. Никој не мора да потпишува ништо. Преку разоружување, тие автоматски ќе добијат амнестија."[473]

Не е известено за фактите во врска со Фернандо Чаморо, Адолфо Махано, Орасио Арсе и другите, или за реакцијата на салвадорската влада кога герилскиот командант Марио Агињада Каранса ја објави својата намера да се врати во земјата за да земе учество во нејзиниот политички живот. Владата објави дека ќе го забрани неговото влегување, а војската додаде дека ќе биде фатен и суден од судовите поради своите злодела.[474] Состојбата во двете земји е токму спротивна од онаа што ја соопштува Лемојн, за што тој тешко дека не успеал да дознае.

Споредбата на Самора и Унго со Бермудес и Калеро малку е чудна. И Самора (лев домохристијанин)[475] и Унго (социјалдемократ кој во 1972 година настапи заедно со Дуарте) избегаа од Ел Салвадор во страв за сопствените животи откако беа убиени нивни соработници и роднини. Помеѓу жртвите беше и братот на Рубен Самора, демохристијанскиот јавен обвинител Марио Самора. Две недели по убиството на еден негов соработник од страна на еден одред на смртта, Дуарте и' се придружи на хунтата, каде што продолжи со легитимизирање на колежот. Самора и Унго ја одржаа политичката поврзаност со салвадорските герилци, од кои најголемиот дел беа натерани во планините од државниот терор. За разлика од нив, Бермудес е воениот командант на контрата, а порано беше офицер во Националната гарда на Сомоза, додека Калеро, на десното крило од "цивилниот директорат" со кој управува ЦИА, е познат бранител на теророт, кому врз таа основа му е забранет влезот во Костарика. Понатаму, не може да се споредува помеѓу домородните герилци во Ел Салвадор и ополномоштените сили на САД што ја напаѓаат Никарагва. Поточна споредба со Самора и Унго би била внатрешната опозиција во Никарагва, која секогаш била слободна да земе учество во политичкиот живот ако тоа го одбере и која се соочува со вознемирување но не со државниот терор од вашингтонско-дуартеовски стил. Нема да се најде никакво посочување околу овие труизми во "Тајмс" или, според она што го знам, било каде на друго место во естаблишментот, со најретки исклучоци.

За цело време официјалната приказна е дека Дуарте го претставува "умерениот центар" и дека не е кадар да го контролира "насилството како на ултрадесничарите така и на марксистичките герилци" (Џејмс Лемојн); една придружна слика го прикажува градоначалникот на Њујорк, Едвард Коч, како е поздравен од министерот за одбрана на Дуарте, генералот Видес Касанова, кој му кумуваше на голем дел од колежите. Еден уводник на "Тајмс" го забележа

[473] LeMoyne, *NYT,* Nov. 21; Stephen Kinzer, *NYT,* Nov. 16, 1987. Лемојн правилно ги забележува ризиците со кои се соочуваат Самора и Унго од "екстремните левичари и десничари" кои "ги наметнуваат своите погледи со куршуми и крвопролевање", прикривајќи го фактот дека далеку најголемиот ризик секогаш било однесувањето на службите за државна безбедност и нивните соработници. Техниката "терор на левицата и десницата" е познато книжевно средство за прикривање на теророт на "центристите" кои ги поддржува САД.

[474] *El Norte* (Mexico), July 17, 1988; *Central America NewsPak*.

[475] Неговата партија е Социјалното христијанското народно движење. За неговата проценка на тековната состојба, без "функционирачка демократија" па дури и без "демократско отворање", види СОНА *Washington Report on the Hemisphere,* Aug. 31, 1988.

атентатот врз Анаја - како доказ на Дуартеовата "храброст" при "пркосењето" на одредите на смртта. Закопан во една новинска сторија од истиот ден е фактот дека убијците користеа софистицирано оружје кое им е достапно само на "десно-ориентираните одреди на смртта" - со други зборови, на одредите за атентати на Дуартеовите сили за безбедност.[476]

Хондурас скоро и да не се преправаше околу придржувањето до Ескипуласкиот договор. Кршењето на човековите права кое стана сериозен проблем откако САД во 80-те го претвори во воена база, уште повеќе се зголеми по потпишувањето на договорот. Рамон Кустодио, претседател на Комисија за човекови права на Хондурас (CODEH), кон крајот на октомври 1987 година, наведувајќи примери, извести дека убиствата на силите за безбедност стануваат "поочигледни". Откако помина првиот тромесечен период од договорот, тој на меѓународна прес конференција изјави дека влошената состојба со човековите права уште повеќе се влоши по потпишувањето на договорот како во Хондурас така и во Ел Салвадор и Гватемала. Во Мексико и Канада беа објавени овие и другите извештаи за растечкото прекршување на човековите права по потпишувањето на договорот, но тие беа испуштени од "Тајмс" во периодот од август до јануари.[477]

CODEH извести за 263 судски егзекуции во Хондурас во 1987 година, 144 повеќе од 1986 година, од кои 107 им се припишуваат на силите за безбедност, како и за зголемување на мачењата и незаконските апсења. Хондураскиот новинар Мануел Торес Калдерон извести дека економскиот пад во оваа зависна земја на САД "ја принуди државата да интервенира во економијата во поголема мера дури и од својот злонамерен сосед, Никарагва." Бегството на капиталот достигна такво ниво што "парите ја напуштаат земјата толку брзо колку и што доаѓаат", забележа еден хондураски банкар. Половина од населението нема пристап до здравствените служби, а повеќе од милион Хондуранци живеат во пренаселени гета, и покрај опсежната американска помош и непостоењето на герилска опасност или странски напад. Ниту зголемувањето на кршењето на човековите права, ниту последиците на економското управување под влијание на САД не беа на медиумската агенда.[478]

Во голема мера надвор од агендата е и непријателството кон контристите во Хондурас, не само помеѓу илјадниците селани што беа протерани од своите домови од "земјата на контрата" на југот. Радиодифузните сервиси известија дека конзервативниот весник "Ла пренса", "кој објавува неколку страници со информации за Никарагва инспирирани од контрата, кажа дека една анкета што беше спроведена пред да избие најновата криза (од март 1988 година - Н. Ч.) покажа дека 88,5% од Хондуранците сакаат контристите да бидат протерани." Ваквите факти се малку забележани. Слично на тоа, медиумите не можат да го откријат протестот на Националниот сојуз на селаните во Хондурас во врска со регрутирањето помеѓу осиромашените хондураски селани од страна на контрата преку поткупи од 500 долари, што е енормна сума според нивните стандарди, а за што објави главниот хондураски дневен весник "Ел тиемпо". Ваквите факти, иако е јасно дека се важни и вредни за известување, мораат да бидат потиснати, бидејќи не се поволни при портретирањето на непоколебливите селани од

[476] LeMoyne, слика, *NYT,* Nov. 4, 1987; *NYT,* October 28, 1987.
[477] За понатамошни информации, види ги референците во забелешка 64.
[478] *Central America Report,* July 15, 1988; *Latinamerica Press* (Peru), July 21, 1988, напишано во Тегусигалпа.

Никарагва што се организираат за да пружаат отпор на сандинистичкото пустошење.[479]

Растечките хондураски грижи околу губењето на националната независност и интегритет под влијание на САД исто така не се популарна тема. Како што беше расправано претходно, никарагванските операции од март 1988 година против контрата во американските медиуми и во Конгресот предизвикаа иритирани осуди на сандинистичката агресивност и заканата кон Хондурас, како и двопартиски предлог за 48 милиони долари помош, вклучувајќи и оружје, за завојуваните борци за слобода кои така нефер беа нападнати. Кога САД преку авиони испрати средства "за одбрана на Хондурас" од сандинистичката агресија, имаше многу џингоистички фанфари дома и реакција во Хондурас која доби нешто помало внимание. Хондураските медиуми ја осудија "инвазијата" на САД. "Ел тиемпо" го осуди повикот на владата за - или согласувањето со - испраќањето на американски трупи како "не само незаконско туку и срамно. Тоа му кажува на светот дека државата Хондурас не постои." Весникот ги опиша американските трупи како "окупациони сили", додека Демохристијанската партија "кажа дека американските војници треба веднаш да одлетаат дома", а нејзиниот лидер Рубен Палма "им кажа на известувачите дека хондураскиот претседател Хосе Аскона незаконски делуваше кога повика странски трупи без одобрување од парламентот."[480]

Малку може да се дознае во врска со ваквите работи од "Њујорк тајмс"[481] и не многу од другите места. Известувањето на медиумите што би отстапило од агендата на американската влада би го стишало раширениот шок, кога неколку недели подоцна Хондуранците ја нападнаа американската амбасада, додека полицијата стоеше настрана, при експлозијата на анти-американски чувства.

Настрана од бариерите на американскиот терор, кои се надминуваат преку соучеството на медиумите, за што беше претходно расправано, две централни црти на Ескипуласкиот договор Вашингтон не можеше да толерира: улогата што им беше дадена на меѓународните набљудувачи, на МКВМ, и условот за "симетрија" врз кого се засноваше договорот и кој бараше паралелни чекори од сите средно-американски земји. Првиот услов беше неприфатлив, зашто ја попречуваше можноста САД да го прекршува како сака договорот, а вториот, поради истата причина и поради тоа што за државите на теророт на Вашингтон не беше возможно да ги исполнат одредбите за демократизација и човекови права. Оттука, задачата за медиумите беше елимирањето на овие несакани принципи. Договорот според ревидирањето од Вашингтон мораше да се фокусира единствено врз Никарагва, при што меѓународните набљудувачи би биле отпуштени. Преку овие средства, несаканиот Ескипуласки договор можеше да биде донесен во линија со Реган-рајтовиот план, кого средно-американските претседатели го отфрлија во август.

Проблемот со меѓународниот мониторинг стана сериозен во јануари 1988 година, кога МКВМ требаше да им ги презентира своите сознанија на средно-

[479] Reuter и AP, Toronto *Globe and Mail,* March 23; Pamela Constable, *Boston Globe,* March 20, 1988. *El Tiempo,* July 14, 1987.

[480] Toronto *Globe and Mail,* March 23, 1988. Види додаток 3 околу интегритетот на грижите што беа налутено искажани во врска со прекршувањето на границата од страна на сандинистите. За предлогот за помош, види Susan Rasky, *NYT,* March 19, 1988.

[481] Џезеф Тристер од Тегусигалпа извести само дека "обичните Хондуранци" главно чувствуваат дека со контристите надвор од Хондурас, ќе завршат тензиите помеѓу двете земји, при што се посочува на стравот во Хондурас дека тие "ќе заглават со" контристите; *NYT,* March 21, 27.

американските претседатели, откако ги проучи петте земји. Јасно дека ова беше централен дипломатски настан на месецот; исто така јасно, тоа беше неприфатливо, особено кога Комисијата ги презентира своите заклучоци. МКВМ го издвои САД за осуда, поради продолжувањето на неговата помош "за нерегуларните сили што делуваат против владата на Никарагва", прекршувајќи на таков начин "еден неопходен услов за успех на мировните напори и на оваа процедура како целина." Едно службено лице на МКВМ го информира печатот дека латино-американските претставници беа "шокирани од однесувањето со трпелив страв" што го изразуваа синдикалците и опозиционерните личности во Ел Салвадор и Гватемала. Тој додаде дека МКВМ не можеше да обезбеди подробности околу исполнувањето, поради приговорите од Хондурас, Ел Салвадор и Гватемала - јасен показател на она што извештајот би го кажал ако не беше блокиран од САД и неговите клиенти. Извештајот ги фалеше "конкретните чекори" на Никарагва кон демократизација и покрај тешкотиите со кои се соочува.

Неколку весници известија за фактите, но тие беа елиминирани од "Њујорк тајмс", каде Џејмс Лемојн, во една порака што се фокусираше врз Никарагва, го отфрли извештајот на МКВМ преку една реченица, тврдејќи само дека нејзиниот состанок заврши "со малку договорено" (извештајот беше прифатен едногласно). По 9 дена осудата на САД беше накратко забележана во една статија на друга тема од Стивен Кинцер, кој додаде дека "комисијата ја изгуби наклонетоста во одредени кругови, кога извести дека Никарагва презеде 'конкретни чекори кон започување на еден демократски процес'"; така, МКВМ, како и ОАС, "изгуби многу од својот авторитет како совест на Латинска Америка."[482]

Комисијата беше распуштена поради притисокот од САД, што му овозможи на САД непречено да продолжи со својата терористичка практика и му дозволи на Дуарте да продолжи да служи како фронтмен за репресијата и убивањето.

Проблемот со "симетријата" беше надминат преку фокусирање на скоро целото покривање врз Никарагва, заедно со постојаниот изговор дека што и да има во текстот на Ескипуласкиот договор, "нема сомнение дека главните одредби (на договорот - Н. Ч.) во прв ред се насочени кон Никарагва и повеќе ќе влијаат врз Никарагва отколку врз било која друга држава што го потпиша договорот" (Џејмс Лемојн). Тоа е доста точно под условите што ги диктира Вашингтон и до кои се придржува печатот, иако заклучокот нема основа во текстот. Како што понатаму објаснува Џејмс Лемојн, сандинистите се "во нешто изложена позиција", бидејќи тие и само тие "се под близок надзор при своите напори за спроведување на средно-американскиот мировен договор."[483] И повторно ова е точно, врз основа на преќутната претпоставка дека Слободниот Печат мора да ги следи маршевските наредби што потекнуваат од Вашингтон. Неговиот колега Стивен Кинцер понуди иста анализа, како и медиумите доволно општо кажано.

Медиумскиот сојуз од Сан Франциско проучуваше примероци од печатот во текот на два периоди на најголемо покривање на мировниот план (од 5 август до 15 септември 1987 година и од 5 јануари до 7 февруари 1988 година). "Њујорк тајмс" во првиот период посвети 10 пати повеќе стории за

[482] Види погоре. Peter Ford, *Christian Science Monitor,* Jan. 15; Richard Boudreaux, *Los Angeles Times,* Jan. 14; LeMoyne, *NYT,* Jan. 16; Kinzer, *NYT,* Jan. 25, 1988.
[483] *NYT,* Nov. 10, 1987.

Никарагва отколку за сите други земји во регионот заедно, а 11 пати повеќе во вториот период. Останатите испитувани медиуми имаа слични пропорции.[484] Обидите за здобивање со етаблирано покривање на овие извештаи не успеаја.

И квалитетот на покривањето радикално се разликуваше. Така, инцидентот со фрлањето на камења во Никарагва од 23 јануари се здоби со покривање на насловна страна во "Вашингтон пост" и со важно внимание на другите места, при што "Тајмс" предупреди дека инцидентот ќе го "засили аргументот" на Регановата администрација дека Никарагва не го спроведува мировниот план. Слично на ова, опсежно покривање му беше дадено на притворањето од 16 јануари на четворица членови на никарагванската опозиција кои се сретнаа со контристите и апсењето на петмина членови на опозицијата на 19 јануари, од кои сите беа ослободени по неколку часа испрашување без да бидат повредени (во "Тајмс" имаше 19 пасуси и наслов низ целата страница во првиот случај и централна сторија во вториот); со месеци подоцна, упатувајќи на овој инцидент, Рој Гутман забележа во "Вашингтон пост": "Никоја влада обично не дозволува една легална политичка партија да преговара околу заедничка програма со вооружените сили што сакаат да ја соборат таа влада." За разлика од ова, убиството на еден лидер за човекови права и на еден лидер на Демохристијанската партија во Хондурас на 15 јануари доби 160 збора во сторија без наслов, при што не беа извлечени заклучоци околу спроведувањето на договорот. Попречувањето на собирот "Мајките на политичките затвореници" од цивилни поддржувачи на сандинистите заслужи главна сторија и слика во "Тајмс" од 23 јануари; попречувањето на еден марш на "Мајките на политичките затвореници и на исчезнатите" од страна на салвадорската полиција за нереди на 21 декември беше игнорирано.[485] Примерите се типични и повторно лесно објасниви преку моделот на пропагандата.

Читателите на "Глоуб енд мејл" од Торонто и на радиодифузните сервиси можеа да дознаат дека во периодот од една недела во јануари, додека спроведувањето на Договорот беше вест од насловна страна, во Ел Салвадор беа пронајдени 10 убиени лица во стилот на одредите на смртта со знаци на мачење, меѓу кои и две жени кои беа обесени за своите коси на едно дрво, градите им беа отсечени, а лицата им беа бојадисани во црвено. Подоцна во тој месец, имаше уште убиства при што беа пронаоѓани измачувани тела оставени на традиционалниот начин на одредите на смртта. Странските дипломати и водачите на црквата ги обвинија салвадорските вооружени сили. Заменикот надбискуп Роса Чавес при својата проповед од 7 февруари изјави дека "според информациите што ги собра нашата канцеларија ("Тутела легал" - Н. Ч.), заробувачи (на двајца измачувани и убиени работници - Н. Ч.) беа луѓе во цивилна облека и униформирани војници на противвостаничкиот оддел на Првата артилериска бригада" (елитна единица обучена од САД).[486] Читателите на "Њујорк тајмс" беа поштедени од овие факти, исто како што "Тајмс" не беше заинтересиран за телевизиската миса од 3 јануари при која надбискупот Ривера и Дамас уште еднаш ја осуди "практиката на мачење што ја употребуваат

[484] *San Francisco Bay Guardian,* Jan. 6, April 20, 1988.

[485] *Ibid.,* и прашалникот на ФАИР што им беше поднесен на уредниците на "Тајмс" во врска со нивното покривање на Средна Америка, Jan. 23, 1988. Gutman, *WP,* Aug. 7, 1988.

[486] AP, Feb. 2, 3; *Globe and Mail,* Feb. 3, 1988; Amnesty International, *El Salvador: `Death Squads' -- a Government Strategy* (October 1988). Види ја мојата статија во *Z Magazine,* Jan. 1988, за понатамошни подробности.

одредите на смртта против многу Салвадорци", изјавувајќи дека бискупите од неколку провинции известија за зголемување на бројот на убиства од страна на одредите на смртта и повикувајќи на ставање крај на атентатите и измачувањето.[487]

Неколку недели подоцна, откако Дуартеовите сили за безбедност и нивните соработници ја проширија својата мрачна работа додека "Тајмс" соработливо гледаше во друг правец, Претставничкиот дом изгласа резолуција со која се пофалуваше напредокот на Ел Салвадор кон демократија. Предложената резолуција тврдеше дека Ел Салвадор постигна систем "кој ги почитува човековите слободи", но либералниот претставник Тед Вајс од Њујорк успеа тоа да се промени со тоа што ќе се каже само дека земјата "гледа да" воспостави таков систем. "Оддај им малку признание за тоа што се обидуваат, Тед", рече претседавачот со Комитетот за надворешни работи на Домот, Данте Фескал. Во декември, откако теророт се зголеми по потпишувањето на Ескипуласкиот договор, Претставничкиот дом со големо мнозинство изгласа амандман со кој се утврдува долга листа на "дејствија што треба да се преземат" за да се задоволат високите идеали на Конгресот - претставникот Вајс гледаше да воведе неколку измени околу Никарагва, применувајќи ги условите врз "сите земји во Средна Америка" наместо само врз Никарагва. Овој предлог беше отфрлен со големо мнозинство. Конгресот и медиумите споделуваат иста агенда.[488]

Во месеците што следеа, државниот терор во Ел Салвадор ескалира, за што ретко беше известено. Џејмс Лемојн пишуваше многу за *герилскиот* терор, посветувајќи ѝ стории на темата насловени: "Салвадорските бунтовници убија 12-мина при напад врз град", "Герилците во Салвадор го засилуваат предизборниот тероризам" и "Салвадорските бунтовници целат на цивили, убивајќи тројца", секогаш одново упатувајќи на истите наводни sверства.[489] Теророт на американските клиенти не поминува целосно незабележано. Така, тој заклучува една сторија со зборовите: "Таквото насилство на бунтовниците се одразува во растеж на политичките убиства", при што не е именуван неговиот извор. Во една колумна за "прегледот на неделата", тој го опишува герилското поместување кон "терористичка тактика", а потоа додава дека "и герилците и нивните симпатизери сé повеќе и повеќе се мета на насилството." Еден друг извештај се фокусира врз герилскиот терор, забележувајќи и дека "изгледа дека војската се враќа на убивањето на осомничените левичари како одговор на нагло зголемените герилски атентати, фрлање бомби и други видови на напади."[490] Пораката е дека владата инсталирана од САД можеби не е совршена, но нејзините недостатоци се одговор на герилските sверства. Читателите на кои

---

[487] Douglas Farah, *WP,* Jan. 4; COHA *Washington Report on the Hemisphere,* Jan. 20, 1988.

[488] AP, Feb. 26, 23, 1988; *Congressional Record,* House, Dec. 8, 1987, H11037f. Види *Envío,* Jan. 1988, за реакцијата на езуитите во Никарагва.

[489] Feb. 18; March 20; April 20, 1988. За веродостојноста на извештаите на Лемојн околу sверствата на герилците, види додаток 5, оддел 4.

[490] March 20; March 20, "Review of the Week"; Feb. 29, 1988. Наследникот на Лемојн, Линдзи Грасон, главно го следи истото сценарио. Така, пораката насловена "Бунтовничките напади се зголемуваат во Салвадор" започнува со 10 пасуси за насилството на "марксистите посветени на прераспределба на националното богатство и соборување на владата поддржана од Америка", кое вклучува напади врз штабовите на војската, заседи за полицијата и два автомобили-бомби во богати соседства; а во 11-от пасус дознаваме дека набљудувачите на човековите права известија "нагло зголемување на тероризмот и на масакрите што им се припишуваат на десничарските одреди на смртта, на војската и на герилците (*NYT,* Oct. 20, 1988).

им е позната ваквата новинарска практика можат да се обидат да читаат меѓу редови и можат да нагаѓаат дека владата можеби разумно не се придржува до својата посветеност кон човековите права според договорот. Но тие ќе дознаат малку околу сето ова од овој извор. Можеби ќе се свртат кон странскиот печат за да прочитаат, во етаблирани медиуми, дека Европејците "сакаат да видат напредок кон цивилизирана политика не само во Никарагва и Костарика, туку и во Гватемала, Хондурас и Ел Салвадор, кои за жал продолжуваат да бидат синоними за варваризам."[491]

Треба повторно да забележиме дека овие средства за прикривање на sверствата обезбедуваат штит зад кого државните терористи можат да продолжат со својата работа. Придонесот на дисциплинираните новинари кон убиствата, мачењата и општата беда не е мал.

Медиумската кампања, која овде само оскудно е прегледана,[492] до јануари успеа да го уништи она што преостана од Ескипуласкиот договор. Кога под притисок на САД МКВМ беше укината, Ортега се согласи да оди далеку надвор од одредбите на заборавениот договор, целосно напуштајќи го условот за симултаност. "Генијалноста на планот на Аријас", објаснија уредниците на "Тајмс", "е тоа што обезбедува средства за Никарагва да се прилагоди на соседите без да изгледа дека му се покорува на Вашингтон", а не барањето за симултаност за кое се признаваше дека е "генијалноста" на планот кога тој беше потпишан.[493] Тие можеби се многу во право околу она што Аријас го имаше на ум, ако се суди според референците и цитатите, но ако е така, тоа само покажува дека тој не беше повеќе заинтересиран за спроведувањето на Ескипуласкиот договор од "Њујорк тајмс".

Знаејќи дека моќните ги прават правилата, Ортега се согласи Никарагва самата да ги исполнува одредбите од договорот, па дури и повика на формирање на меѓународна комисија, со членови и од двете американски политички партии, која ќе го набљудува единствено само придржувањето на Никарагва.[494] Медиумите известија дека сега Ортега ветува дека "ќе го спроведува" договорот - односно, верзијата што беше создадена во Вашингтон, која има малку сличности со текстот - истовремено предупредувајќи дека е јасно дека не може да им се верува на неговите ветувања. Ничии други ветувања не беа релеванти, сега кога договорот беше предаден на заборавот. Цитирајќи неименуван "службеник", Лемојн ја портретира Никарагва како негативец на мирот, "земјата која нашироко беше обвинета за погрешно верување" сега е "притеснета до sидот од другите четири средно-американски лидери" за да го спроведува мировниот договор. Читателите можат повторно да се свртат кон странскиот печат за да прочитаат дека "Никарагва направи повеќе за спроведувањето на одредбите на Средно-американскиот мировен договор од било кој од останатите 5 потписници, со исклучок на Костарика", што е оцена на уредниците на "Глоуб енд мејл", која јасно е прецизна, но која е сокриена од баражот на американските медиуми со само повремени блеснувања на неприфатливите факти.[495]

Дури и критичарите беа понесени од пропагандната кампања. Така, уводникот на "Нејшн" од 30 јануари тврдеше дека Ортега "направи значајни

[491] Уводник, *Observer* (London), Feb. 7, 1988.
[492] За подробности, види ги моите статии во *Z Magazine,* January, March 1988.
[493] Уводник, *NYT,* Jan. 31.
[494] LeMoyne, *NYT,* Jan. 22, 1988.
[495] LeMoyne, *NYT,* Jan. 18; *Globe and Mail,* Feb. 5, 1988.

отстапки за Средно-американскиот мировен план", имено, преку согласување да го напушти за да се сообрази со барањата на САД. Државите на теророт сега беа исклучени, заедно со својот спонзор.

Во текот на целиот период, постоеше едноставен алгоритам за одредување на тоа кои карактеристики на мировниот план ќе се бројат. Прекршувањата од страна на САД и "демократиите во повојници" се надвор од агендата, каде што е секое барање на кое Никарагва се потчини. На пример, централна карактеристика на договорот беше воспоставувањето на комисии за национално помирување. Ова единствено Никарагва го исполни на позначаен начин, одбирајќи го својот најостар критичар, кардиналот Обандо, да биде на чело на Комисијата. Наспроти тоа, Дуарте го одбра американскиот претседателски кандидат Алваро Магања да биде на чело на Комисијата, која ништо не направи. Во втората зависна држава на САД, Хондурас, едвај да имаше луѓе за основање на Комисијата, иако таа не беше целосно неактивна. Од хондураскиот печат дознаваме дека Комисијата за национално помирување ја надгледуваше дистрибуцијата на залихите на САД до контристите и така "помогна да се сруши" прекинот на огнот од март 1988 година.[496]

Согласно со алгоритамот кој штотуку беше прикажан, одредбите на Договорот во однос на комисиите за национално помирување исчезнаа. Слично на тоа, немаше корист од неизвестениот заклучок на комисијата за бегалци на ОН (УНХЦР) дека репатријацијата на бегалците е поуспешна во Никарагва отколку во другите земји, поради "одличното расположение на сандинистичката влада."[497] Потоа, надвор од агендата е "смислата за итност" со која средно-американските претседатели во Ескипуласкиот договор се посветија на задачата за репатријација на бегалците. Шемата е блиска до непостоење на исклучоци.

Следејќи ја оваа процедура, медиумите, претходно, го сведоа Средно-американскиот договор на "две клучни точки" (Стивен Кинцер). 1) Дали Никарагва ќе понуди амнестија за оние што американската влада и медиумите ги нарекуваат "политички затвореници"?[498] 2) Дали Никарагва ќе се согласи да преговара со цивилниот директорат на контрата?

Во однос на првата точка, малку читатели се свесни дека на почетокот од ноември 1987 година, МКВМ одреди дека одредбите за амнестија ќе стапат во сила кога ќе прекине агресијата врз Никарагва, а дури ни вистинските медиумски зависници не можеа да дознаат дека неколку недели подоцна во ноември Никарагванското национално собрание донесе целосна амнестија и ја поништи вонредната состојба, при што и двата закона "стапуваат во сила на датумот кога (МКВМ ќе потврди - Н. Ч.) исполнување на" обврските од договорот за прекинување на нападот врз Никарагва. Овие закони беа формулирани според одредбите околу условот за симултаност на договорот, за кого Никарагва, во својата наивност, веруваше дека е оперативен.[499] Така, до ноември, Никарагва во голема мера го спроведе договорот, како што тој е

[496] Уводник, *El Tiempo,* May 5, 1988; повторно печатено во *Hondupress,* May 18.

[497] *Central America Report,* June 17, 1988.

[498] Набљудувачите за човекови права постојано ја осудуваат оваа техника на идеолошко војување, но бесполезно. Види ја мојата статија во *Z Magazine,* Jan. 1988, за подробности.

[499] Reuters, *NYT,* Nov. 9, 1987, при што се цитира извештајот на МКВМ од 8 ноември и латино-американски службени лица; Закон за амнестија и Закон за суспензија на вонредната состојба, објавени во ноември 1987 година, неофицијален превод, никарагванско министерство за надворешни работи, а што ми ги даде министерот за надворешни работи, Мигел Деското, кој изгледаше дека искрено верува дека на Договорот ќе му биде дозволено да опстане.

навистина напишан. Беше сама во ова, настрана од Костарика, а и остана да биде така.

Сепак, верзијата на договорот на американската влада беше доста поразлична од онаа на МКВМ и од текстот. Можеме да ја најдеме во пропагандата на Стејт департментот, или индиректно, во новинските извештаи на "Њујорк тајмс", каде Стивен Кинцер на следниот начин ја опишува содржината на договорот: "Според неговите одредби, на никоја земја во регионот не ѝ е дозволено да им помага на контристите штом сандинистите ќе воспостават целосна политичка слобода."[500] Според оваа корисна верзија, сè додека Никарагва не го достигне нивото на скандинавска демократија во мир, САД е овластен да ја одржува на теренот својата ополномоштена војска што ја напаѓа Никарагва. Бидејќи договорот не ја издвојува Никарагва за специјален третман, исто така следи дека според "Тајмсово"-стејтдепартментската верзија на договорот, тој го овластува Советскиот сојуз неколкупати дневно од Куба да испраќа вооружување и залихи за герилците во Ел Салвадор, сè додека целосно не заврши радикалното преструктуирање на државите на теророт на Вашингтон. Сепак, оваа консеквенца не се спомнува.

Како што претходно беше забележано, и Ел Салвадор прогласи амнестија, иако во таков облик што изразито ги кршеше одредбите на Ескипуласкиот договор. "Њујорк тајмс" го величаше указот како "најконкретен чекор кон исполнување на регионалниот мировен договор" од страна на Дуартеовата влада, при што го контрастираше овој исклучителен потег со одбивањето на сандинистите да го спроведуваат, настрана од "претпазливите" и безволни чекори[501] - чекори кои, како што видовме, ги исполнуваа условите на Договорот, иако "Тајмс" никогаш не извести за фактите. "Глоуб енд мејл" од Торонто избра поинакви зборови, опишувајќи го салвадорскиот едикт како "амнестија за војската и одредите на смртта." Овој благороден гест групите за човекови права огорчено го осудија, не само поради тоа што ги ослободуваше од гонење убијците на десетици илјади луѓе (кое гонење е тешко веројатно за било кој случај, кога владата е под фактичка контрола на војската), туку и, како што по уште неколкуте месеци sверства забележа Марија Хулија Ернандес од "Тутела легал", бидејќи "тоа ја направи војската да се чувствува безбедна околу тоа дека нема да има судско гонење во врска со (прекршувањата на - Н. Ч.) човековите права" во иднина. Амнестијата "главно им користеше на одредите на смртта поврзани со војската", точно коментираше "Глоуб енд мејл".[502]

Што се однесува до втората "клучна точка", преговорите, договорот не повикува на дискутирање со фронтовски организации според стилот на комунистичките партии, а кои беа создадени од ЦИА. Дека директоратот на контрата е токму тоа, долго време се знае и е подробно документирано во важната (и неспоменлива) монографија на Едгар Чаморо, кого ЦИА го одбра да служи како гласноговорник на фронтот што беше создаден во прилог на "непријателската територија" дома.[503] Во меморандумот што беше објавен за време на сослушувањето околу Иранско-контристичкиот скандал, Роберт Овен, врската на Оливер Норт со контристите, го опиша цивилниот фронт како "само име", "творба на владата на САД за да добие поддршка од Конгресот"; моќта лежи во рацете на сомозистички управуваниот FDN, на чие чело е Адолфо

[500] Nov. 18, 1987.
[501] Lindsey Gruson, *NYT,* Oct. 29; LeMoyne, Nov. 29, 1987.
[502] Chris Norton, *Globe and Mail,* Feb. 10, 1988.
[503] Chamorro, *Packaging the Contras*.

Калеро, кој е "творба на владата на САД и така тој е коњот кого решивме да го јаваме", иако тој е опкружен со луѓе кои се "лажливци и се мотивирани од лакомоста и моќта", за кои војната е "бизнис" при што се надеваат дека маринците ќе ги вратат на власта што ја загубија.[504]

Сепак, применувајќи го алгоритмот за толкување на договорот, медиумите утврдија дека негова клучна карактеристика се преговорите помеѓу сандинистите и вашингтонската творба на односите со јавноста. "Њујорк тајмс" дури отиде толку далеку што никарагванската влада и контристите ги опиша како "две фракции" кои мораат да преговараат и да се договорат, тешка задача зашто владината "фракција" инсистира на "ставање крај на надворешната поддршка за контристите" - како што е утврдено со Ескипуласкиот договор, што е неспомнат факт.[505] Еден друг новинар, истражувајќи ги проблемите во регионот, ги опишува кандидатите за власта во Никарагва како "две непријателски банди"; наспроти тоа, граѓанската војна во Ел Салвадор ја спротивставува "владата поддржана од САД" против "марксистичките герилци".[506] Соодветната употреба на јазикот има своја улога за играње, заедно со внимателното одбирање, искривувањето и целосните невистини.

Инсистирањето на преговори со широк опсег со директоратот на контрата беше уште еден дел од долгорочниот обид за утврдување на фикцијата дека ополномоштената војска е домородна сила, која може да се споредува со герилците во Ел Салвадор кои во голема мера се мобилизираа поради државниот терор поддржан од САД, секогаш се борат внатре во својата земја, добиваат малку ако воопшто и добиваат воена помош од странство, немаат ништо слично на исклучителниот разузнавачки и поддржувачки систем што го обезбедува суперсилата спонзор на контристите[507] и се соочуваат со воена сила која, барем на хартија, е значително помоќна од војската на Никарагва. Нужно е да потисне запрепастувачката неспособност на САД да конструира герилска војска во Никарагва, и покрај поддршката што на големо го надминува сето она што им е достапно на автентичните герилци, американската доминација врз медиумите што покриваат голем дел од земјата преку моќните радио станици, регрутирањето на платеници во Хондурас и на други места, економијата што пропадна како резултат на американското економско војување и терор и одрекувањето, благодарејќи на американското идеолошко војување, на правото да се употребат домашните мерки кои западните демократии редовно ги прифаќаат при далеку помалку заканувачки околности. Со дел од надворешната поддршка со која изобилуваат ополномоштените сили на САД, салвадорските герилци брзо би ја собориле владата инсталирана од САД, а некој би можел да

[504] *Harper's,* Oct. 1987.
[505] Lindsey Gruson, *NYT,* Dec. 15, 1987.
[506] Tad Szulc, *Parade Magazine,* Aug. 28, 1988.
[507] Џулија Престон забележува дека сандинистите запленија "опрема на ниво на уметност, толку модерна што не ја имаат дури ни сите американски единици" (*WP,* Feb. 4, 1988), доста настрана од очевидната маса на редовно снабдување и од клучната помош преку воздушното и поморското надгледување на САД. За високиот квалитет на воените и комуникациските системи на контрата, исклучителни според стандардите на регионот, види *Culture of Terrorism*, 91. Незаконската "хуманитарна" помош што им се праќа на контристите во нивните хондураски бази, им обезбедува ниво на живеење што не можат да го најдат во Никарагва, не само храна и залихи, туку и првокласна спортска опрема (види Joe Gannon, *Christian Science Monitor*, Feb. 13, 1989). "Хуманитарната" помош веројатно има за цел не само одржување на терористичките сили на теренот, туку и привлекување на луѓето од Никарагва, каде што економската состојба се влошува.

се сомнева дека би било можно успешно да се воспостави герилско движење во граничните региони со САД преку споредлив обид од страна на некоја незамислива суперсила. Овој неуспех на обидите на САД за организирање на герилски сили внатре во Никарагва или дури такви што би можеле да бидат издржувани од странство без надворешна поддршка за која нема преседан е доста значаен и многу информативен, за секого што е подготвен да размисли околу она што тоа значи. Оттука, фактите и нивното значење мораат обзирно да бидат потиснати, каков што и е случајот.

Буџетот за странска помош на САД за фискалната 1989 година содржеше 2 милиони долари за поддршка на опозициските политички групи и медиуми во Никарагва, извести "Конгресионал Кватерли" (CQ) на 25 јуни 1988 година, од кои некои отворено се идентификуваат со нападот на контрата. Никоја од овие "демократски групи во Никарагва", како што ги нарекува CQ, ја нема поддршката на повеќе од 3% од населението; заедно, тие имаат поддршка од 9%, што е помалку од третина од поддршката за сандинистите. Ова се дел од резултатите од анкетите што беа спроведени под покровителство на Centro Interamericano de Investigaciones во Мексико и на Езуитскиот универзитет (UCA) од Манагва. Што се однесува до самиот Ортега, 42% го рангираа со "добар/одличен" и 29% со "доволен". За споредба, во една анкета на UCA во Ел Салвадор што малку беше забележана, 6% од испитаните ги поддржуваа Дуартеовите демохристијани, а 10% ја поддржуваа ARENA,* додека 75% изјавија дека никоја партија не ги претставува.[508]

Други интересни резултати од салвадорската анкета беа 95% што преферираа економска и хуманитарна помош наместо било каков вид на воена помош, 4% што за кризата ја обвинуваа "герилата или комунистичката субверзија" и само 13% што го оценија Дуарте како "добар" или "одличен". Потсетете се дека само 10% од населението гледа било каков знак на демократски процес во Ел Салвадор.[509] Друг контраст помеѓу Ел Салвадор и Никарагва е тоа што спроведувачите на анкетата во првата земја најдоа дека "одредени политички прашања мораа внимателно да бидат поставени на неинкриминирачки јазик. Значителен број на Салвадорци ни кажа дека не расправа за политика - точка - па дури ниту со своите најблиски пријатели и роднини. Наспроти тоа, во нашата анкета во Никарагва во јуни, анкетарите оценија дека 77% од околу 1.129 испитаници од Манагва на прашањата од анкетата одговараа без очигледен страв или недоверба" при што анкетарите известија и дека "нивниот најголем проблем на теренот беше задоцнувањето што беше предизвикано од испитаниците што ги должеа своите одговори", давајќи објаснувања на своите одговори за или против сандинистичкиот режим. Во анкетите во Хондурас од ноември 1987 година, 65% од испитаниците "рекоа дека Хондуранците се плашат јавно да ги искажат своите политички мислења" и "анкетарите оценија дека само 38% од нивните испитаници на прашањата одговараа без страв или недоверба."[510] Разликата во климата помеѓу Никарагва

* ARENA – десничарска партија поврзана со одредите на смртта (заб. на прев.).

[508] *Interamerican's Public Opinion Series,* no. 7, June 4-5, 1988, Interamerican Research Center, Los Angeles. *Alert!* (CISPES), March 1988.

[509] Види Прва глава.

[510] William Bollinger and David M. Lund, *Latinamerica Press* (Peru), Sept. 22, 1988. Болингер е директор на Интерамериканскиот центар за истражување, а Лунд е началник на отсекот за историја на Universidad Autónoma во Сјудад Мексико. И двајцата се вклучени во анкетирања во Средна Америка, вклучувајќи ги и анкетите околу кои расправаат.

и Ел Салвадор секогаш била очигледна, иако медиумите успеаја да пренесат спротивен впечаток.

Една друга информација околу јавното мислење во Ел Салвадор, а за која не беше известено, обезбедува значајно согледување околу политиката на САД и вистинските грижи на медиумите. Во 1988 година, надбискупот на Ел Салвадор организира национална дебата за разгледување на проблемите со кои се соочува земјата. Учество зедоа преку 60 организации, кои го "претставуваа приватниот сектор, професионалните здруженија, образовните и културните тела, работничките организации, хуманитарните групи, раселените, религиозните институции и други."[511] Постоеше скоро еднодушна (95 до 100%) согласност околу "неуспехот на проектот на Регановата администрација за Ел Салвадор"; поддршката за договор преку преговори; растечката загриженост околу кршењата на човековите права и осиромашувањето на мнозинството, "додека неколкумина станаа побогати"; идентификација на "коренитата причина" за конфликтот не во "меѓународната комунистичка агресија", туку напротив во "структуралната неправда, манифестирана во неправедната концентрација на богатството" во земјиштето, индустријата и трговијата и во "исцрпувањето на капиталистичкиот, зависнички агро-извознички модел како дел од неправедната структура на меѓународната трговија."

Истата пропорција (95 до 100%) го осуди:

1. "Потчинувањето на политичките партии на економската моќ";
2. "Директното, постојано мешање на војската во делувањето на државата и општеството со поддршка на олигархијата и доминантните сектори и, на таков начин, поддршка за северно-американските интереси", така што земјата е "подјармена од интересите на меѓународниот капитал";
3. "Ставањето хипотека на националниот суверенитет и на самоопределувањето и енормно мешање на САД во националните работи на Ел Салвадор";
4. Странската воена помош;
5. "Силното противење од страна на САД" и неговите салвадорски десничарски и воени сојузници на Ескипуласкиот договор, за што Ел Салвадор треба да биде притиснат за да се сообрази со него;
6. Законот за амнестија што ги помилува "оние што се обвинети за воеии злосторства и злосторства против човештвото."

Понатаму, 88% гледаат "сериозни ограничувања на демократскиот процес" и ја сметаат "христијанската демократија за маска, додека се засилува северно-американското мешање"; основната одговорност за вооруженият конфликт и' ја припишуваат на "странската интервенција, особено на онаа на САД" и ја опишуваат вооружената борба како одговор на "невозможноста на секој изворен облик на народна партиципација." Поголемиот дел повика на признавање на герилците на FMLN како "претставничка политичка сила" која се појави како одговор на насилството и неправдата (55 до 59%). Многу фалените избори 81% ги опиша како "основно средство на противвостаничкиот проект на САД, што ја легитимизира војната и го неутрализира народното движење."

[511] *Conclusions of the National Debate for Peace in El Salvador,* Called by Archbishop Arturo Rivera y Damas, Sept. 1988. Дистрибуирани од National Agenda for Peace in El Salvador, Box 192, Cardinal Station, Washington DC 20064.

Овој документ има многу што да каже околу "противвостаничкиот проект на САД" и околу веројатните изгледи за оваа намачена земја. Тој беше изгнориран во САД, како што беа игнорирани и анкетите.

Недостигот на внимание кон јавното мислење во Ел Салвадор нуди интересни лекции за американската политичка култура и содружничката функција на медиумите. САД го ослободи енормниот воен и репресивен апарат во Ел Салвадор и истури огромни суми пари во земјата. Ако овие напори имаа дури и најдалечна врска со потребите и грижите на Салвадорците, тогаш, доста очигледно, нивните мислења би биле вести од насловна страна во американските медиуми и предмет на опсежни коментари. Сепак, она што го откриваме е дека нема ни најмал интерес за нивните мислења. Би било заведувачки да се каже дека информациите се потиснуваат, напротив, ирелевантноста на луѓето што се предмет на нашата волја е толку елементарна колку и правилата на аритметиката; разгледувањето на она што тие го мислат би било исто толку бесмислено колку и обидот да се откријат ставовите на кокошките или на магариња.

Заклучокот е јасен: планерите на САД и едуцираните елити што ги коментираат и артикулираат позициите во надворешните работи ниту малку не се грижат за потребите и грижите на луѓето во Ел Салвадор. Единствената нивна грижа е зачувувањето на нивната сопствена привилегираност и моќ. Реториката за "доброќудноста", "добрите намери" што тргнуваат наопаку итн. е јасна измама, а веројатно и удобна самоизмама. Ставовите и мислењата на Салвадорците не само што се игнорираат, како да имаат нулта значење, туку и се случува да бидат дијаметрално спротивни на оние на нивните наводни добротвори во Вашингтон, Њујорк, Кембриџ и на други места. Ова не е предмет на загриженост, па дури ни на ниво на загриженост што би довело до внимание за фактите. Презирот за потчинетите народи е само позадински факт, како воздухот што го дишеме.

Дописниците на "Њујорк тајмс" редовно тврдат дека анкетите се незаконски во Никарагва, при што не наведуваат докази и не известуваат за изјавата на почитуваниот езуитски свештеник кој е ректор на UCA (кој нормално би бил одговорен за анкетирањето) дека анкетите се дозволени, но дека недостасуваат средства, што е веродостојно, знаејќи ги околностите. Интерамериканскиот извештај (види забелешка 119) мисли дека анкетите се дозволени од 1984 година, дека договорот од август 1987 година уште повеќе ги легитимизира анкетите и дека "сегашната анкета го става општото разбирање на тестирање." "Тајмс" не извести за анкетата. Забележав малку спомнување на други места, а и тоа не е веродостојно (види глава 3, забелешка 47).

Да се вратиме на судбината на средно-американските мировни преговори, откако во јануари 1988 година Ескипуласкиот договор фактички беше уништен. Во подоцнежните расправи, одредбите на Договорот конзистентно се разбираа според вашингтонската верзија, која Никарагва беше принудена да ја прифати: широкото толкување што го измисли Вашингтон се однесува единствено на Никарагва. Така, можно е колумните со вести да тврдат дека "другите земји направија нешто подобро" од Никарагва во придржувањето кон договорот со неговото барање за "слобода на печатот и на опозициските партии, прекинување на поддршката за герилците во другите земји и преговори со никарагванските бунтовници", како што извести "Бостон глоуб" во август

1988 година; и навистина, другите земји *не можат* да го прекршат договорот, кои да се фактите, според конвенциите на владино-медиумскиот новоговор.[512]

Оставајќи го настрана вообичаеното занемарување на државниот терор во "демократиите во повојници" и хондураската поддршка за контрата, тука посочувањето на преговорите изгледа доста дрско; тешко дека беше тајна дека само Никарагва постигна договор за прекин на огнот. Но мора да се разбере алгоритмот што веќе беше опишан. Кога Никарагва ги започна преговорите за прекин на огнот и кога постигна договор со контрата, ова "клучно прашање" беше изоставено од агендата како веќе неупотребливо.

Нужно беше и да се елиминира нелагодниот факт дека Ел Салвадор и Гватемала, во спротивност со скоро еднодушната волја на јавноста,[513] одбиваа да преговараат со домородните герилци. "Тајмс" не си попречи на своето секојдневно клеветење на сандинистите во јануари 1988 година, што беше клучен месец за уништувањето на договорот, за да извести дека "според (лидерот на FDR, Гиљермо - Н. Ч.) Унго, разговорите не продолжија, и покрај барањето на FMLN, поради притисокот што врз Дуарте го врши како Регановата администрација така и силите за безбедност во земјата."[514] Повикот за дијалог на Унго од 8 февруари беше отфрлен од владата врз основа на тоа дека таа ќе "разговара само со законски регистрираните политички партии"; за ова беше известено на суштински начин во мексиканскиот печат, но не и во "Тајмс".[515] FLMN/FDR изјави тоа беше трето отфрлање од страна на Дуарте на обновените разговори до ноември. Изгледа дека не е известено ниту за ова ниту за проповедта на надбискупот Ривера и Дамас во која тој изрази надеж дека Дуарте ќе одговори. Напротив, уредниците на "Вашингтон пост", преку каприциозна конструкција, ги осудија герилците, поради тоа што "ги офрлија понудите за преговори" на Дуарте, кои "суштински одеа потаму од обврските што нему му ги пропиша средно-американскиот мировен план." Оскудно се бележеа подоцнежните понуди на бунтовниците за преговори, кои владата ги отфрли. Џин Киркпатрик отиде толку далеку што ги осуди герилците поради отфрлање на сите "дареживи понуди" за преговори на Дуарте.[516] Повторно, фактите се претвораат во својата спротивност, кога ќе поминат низ искривувачката призма на медиумите.

Во Гватемала, бискупската конференција на 29 јануари повика на обновување на преговорите; герилците прифатија, војската одби, поддржана од претседателот Сересо. Кон крајот на февруари, бунтовниците повторно побараа разговори, на кои би посредувал надбискупот, но владата одби. Понудата на бунтовниците за преговори од април, која ја поддржа претседателот Аријас, нудејќи ја својата земја како место за нив, беше отфрлена од Сересо, а неговата

[512] Katherine Ellison, Knight-Ridder Service, *BG,* Aug. 1, 1988. Останатите разбираат дека "Никарагва отиде понатаму во спроведувањето на мировниот план на Аријас од Гватемала, Хондурас и Ел Салвадор", но врските на Никарагва со советскиот блок нудат "причина, ако не и изговор" за игнорирање на фактот, а неговото признавање на никаков начин не влијае врз понатамошното покривање на вестите или врз мислењата; уводник, *NYT,* March 11, 1988.

[513] Барем во Ел Салвадор; за Гватемала не се достапни докази. Извештајот на Елисон не е вообичаен во што барем дава до знаење дека Гватемала "ги прекина разговорите" со герилците.

[514] COHA *News and Analysis,* Jan. 14, 1988. FDR е политичка група поврзана со герилците на FMLN.

[515] *Excelsior,* Feb. 9; *Central America Report,* Feb. 26. Имаше кратки белешки во *BG,* Feb. 9, 11; *CSM,* Feb. 10, 1988.

[516] *El Sol,* Feb. 22; уводник *WP Weekly,* March 28; AP, May 13; *BG,* May 14; Tad Szulc, *LAT,* May 22, 1988.

влада го одби и предлогот за прекин на огнот од јуни.[517] Сето ова не беше вредно за внимание, врз основа на принципите за кои веќе е расправано.

Логиката повеќе ја објасни Џорџ Шулц во едно писмо во кое протестира на конгресниот предлог да се побара од претседателот да поднесе извештај околу напорите на салвадорската влада за постигнување на прекин на огнот пред да може да биде доделена целата помош. Неговите спонзори тврдеа дека така Конгресот би "ја направил јасна својата поддршка за крај преку преговори" на граѓанската војна во Ел Салвадор. Шулц одговори дека "е целосно несоодветно обидувањето да се притисне избраната влада за да преговара или да им направи отстапки на герилците, кои не би биле прифатливи за било која демократска влада." Бидејќи Никарагва, за разлика од Ел Салвадор, нема постигнато демократија и нема избрана влада, доста е правилно да се подложи на терор и на економско војување за да се изврши притисок да преговара со ополномоштениците на САД.[518]

На 23 март во Никарагва беше постигнат прекин на огнот; повторно, Никарагва беше единствената што спроведуваше некој елемент од договорот.[519] Договореното беше веднаш поткопано од конгресната легислатива, а администрацијата отиде уште подалеку, кршејќи ја како легислативата така и договорот за прекин на огнот. Медиумите се придружија, за што беше расправано во текстот. Понатамошните преговори се прекинаа во јуни, кога контрата, во растечка мера под тврдо-линијашко раководство, ја следеше стратегијата на САД за нивно поткопување преку постојано ескалирање на барањата, штом договорот изгледаше блиску.

Советот за хемисферски работи извести дека "прекинот на никарагванските разговори спроведуваше и план на игра на кој пред неколку недели настојуваше помошникот државен секретар Елиот Абрамс: администрацијата да настојува контрата да не потпише мировен договор со сандинистите, но да продолжи со пролонгирање на де факто примирјето, во надеж дека некоја случајна воена акција на сандинистите, како соборувањето на авион за снабдување на контрата или отворањето оган врз една контристичка единица, ќе ѝ овозможи на Белата куќа да побара од Конгресот обновување на убиствената воена помош. Според Абрамс ова беше најмалку од она на што се надеваше. Кога беше запрашан што може САД најмногу да направи ако добие таков изговор, тој одговори: 'Ќе ја срамнеме Манагва.'" Останатите елементи од "планот на играта" беа американските агенции за разузнавање да ги засилат своите активности внатре во Никарагва, "во надеж дека ќе ги употребат силите на внатрешната опозиција за да ги дискредитираат сандинистите и да посеат незадоволство" и да ја постават основата за понатамошни воени акции; она што вообичаено и точно се нарекува, надвор од медиумите, "чилеански модел", при што се мисли на средствата што беа употребени за чилеанската демократија да се замени со воена диктатура. Како еден пример, СОНА го наведува апсењето и краткото притворање на 15 опозиционерски лидери, зашто демонстрираа надвор од зградата на Националното собрание, откако го одбија барањето да добијат дозвола за тоа. "Во Вашингтон нашироко се верува", продолжува СОНА, "дека опозицијата делуваше по налогот на нивната врска од ЦИА за изведување

[517] *Central America Report,* March 4, June 24; AP, Feb. 24, March 30, 1988.
[518] *Congressional Quarterly,* June 25, 1988.
[519] Да бидеме прецизни, сега мислиме на ревидираниот договор, што беше модифициран поради диктатите на американската влада и кого медиумите го пренесоа во сообразност со овие диктати.

демонстрации без одобрување" и судски апсења како доказ за лошата волја на сандинистите.[520]

Во прегледот на состојбата по неколку недели, Стивен Кинцер извести дека "колапсот на преговорите службеници на Администрацијата í го припишуваат на сандинистичката непопустливост", при што не спомнува никакво друго можно објаснување. Уредниците на "Тајмс" додадоа дека "без војната и штетата врз никарагванската економија, прашање е дали Манагва би го потпишала регионалниот мировен план" од август 1987 година. Тие ја убедуваа администрацијата "да работи со Средно-американците" за да се изврши притисок врз сандинистите да прифатат "конкретни цели и временски планови" при закана со понатамошни санкции; не се понудени сугестии за другите учесници во средно-американската драма. Неколку недели претходно, Џејмс Лемојн забележа дека "постои малку сомнение дека притисокот на герилците (во Ел Салвадор - Н. Ч.) е главен стимул за тукашната позитивна политичка промена."[521] Оттука, според логиката на уредниците, треба да ги поддржуваме домородните герилци во Ел Салвадор. Некако, логичката последица не е извлечена.

Со наближувањето на првата годишнина од Ескипуласкиот договор, продолжија прекршувањата во државите кои сега беа исклучени од неговите одредби. Во Ел Салвадор, Канцеларијата на црквата за човекови права документира "запрепастувачко зголемување" на политичките убиства врз цивили во 1988 година. Надбискупот, во неделната проповед, го осуди "враќањето на законот на џунглата" преку зголемувањето на насилството на одредите на смртта; и заменикот надбискуп Роса Чавес, осудувајќи го на националната телевизија убивањето на селани што беа поврзани со синдикатот UNITS, објави дека "сите докази посочуваат само во една насока - кон салвадорските сили за безбедност." Беше известено дека се убиени селани и членови на Националното здружение на домородните Салвадорци, откако биле мачени од војската, а меѓу жртвите беше и еден 99-годишен старец и неговата ќерка од едно неодамна обновено село. На 28 јули силите за безбедност го убија Ригоберто Орељана, лидер на новооснованото "Движење за леб, земја, работа и слобода", според гласноговорниците на организацијата. Кога помина годишнината од Договорот, убивањето продолжи. На 21 август националната полиција го затвори а потоа и го уби швајцарскиот лекар Јург Вајс, при што му беше пукано в лице во очигледен обид да се прикрие неговиот идентитет. Тој намераваше да ги истражи извештаите за бомбардирање на едно село. Војската тврдеше дека тој бил убиен во борба, но неговите колеги наведуваат дека тој беше мета на силите за безбедност поради неговата хуманитарна активност, а при нивната кампања на репресија врз хуманитарните и религиските доброволци. Европскиот парламент го осуди убиството преку една резолуција околу "растечката ескалација на државниот тероризам" во Ел Салвадор. Истиот ден беа пронајдени двајца убиени младинци во Сан Салвадор, со што бројот на убиени за таа недела се искачи на пет; сите 5 жртви покажуваа знаци на мечење, според гласноговорникот на Комисијата за човекови права CDHES, кој ги опиша убиствата како имаат намера да го зголеми "психолошкиот терор помеѓу населението." Обидот за атентат врз полк. Махано се случи по четири дена.[522]

---

[520] COHA press release, June 11, 1988.

[521] Kinzer и уводникот, *NYT,* June 25; LeMoyne, *NYT,* June 7, 1988.

[522] COHA's *Washington Report on the Hemisphere,* July 20, при што се цитира "Тутела легал". Надбискупот Ривера и Дамас, на 29 мај, бискупот Чавес, во осуда на убиствата од 14 април;

Постоеја и помали злоупотреби. Војската и' забрани на црквата да обезбедува залихи за обновените села на бегалците. Во руралните области, полицијата редовно ги растура политичките средби (Рубен Самора). Демонстрацијата од 21 јули со која се повикуваше на ослободување на еден грабнат синдикалец беше нападната од полицијата, која отвори оган од автоматско оружје и употреби солзавец, при што многумина беа повредени. На 12 јули трупите, употребувајќи солзавец, кундаци и палки, нападнаа еден марш на фармерите и задругарите преку кој се намераваше да им се достават залихи на електричарските работници што штрајкуваа; демонстрантите беа притворени од полицијата (извештаите се движат од 1 до 100 притворени). Претходно, во обид да попречи еден собир за Први мај, војската ја бомбардира канцеларијата на UNITS, а финансовата полиција го грабна и сериозно го претепа човекот што работеше на звучниот систем, откако редовниот работник за звук на UNITS беше тргнат настрана преку закана со смрт. Многу организатори и демонстранти беа задржани в затвор, а еден лидер на синдикатот на металците во штрајк, кој ги насочуваше песните на собирот, "исчезна". Во Хондурас војската ги спречи работниците да присуствуваат на демонстрациите за Први мај во Данли, што беа организирани од главниот синдикат во источен Хондурас; во средината на април, полицијата во Тегусигалпа пукаше во воздух и употреби солзавец за да го спречи протестниот марш до американската амбасада при што, според активистите за човекови права, исчезна еден студент, Роџер Гонсалес, уапсен, како и останатите што беа затворени, поради поврзаност со нападот од 7 април врз американскиот конзулат, додека полицијата стоеше настрана. Во Костарика фармерите и задругарите што протестираа беа вознемирувани и притворени од Селската гарда, со тоа што во еден случај беше употребен солзавец и физичка сила за да се спречат да однесат петиција до градската управа.[523]

Ниту продолжителните sверства ниту помалите злоупотреби не добија покривање, настрана од повремените површни белешки. Но осудите на сандинистичката изопаченост продолжија на трескавично ниво, особено кога во средината на јули Никарагва накратко им се приближи на некои од редовните помали злоупотреби во клиентските држави на САД, предизвикувајќи нова рунда на индигнирани осуди преку политичкиот спектар и обновена поддршка на конгресните либерали за помош на контрата.

Во својот преглед на првата година од Договорот во август, Џулија Престон забележа дека беше постигнато малку, настрана од Никарагва. Во Хондурас, Аскона останува "уште еден душегрижнички претседател за моќната војска"; истото важи, иако не е наведено, и во Ел Салвадор и Гватемала. Таа го цитира извештајот за човековите права на "Американс воч" од 4 август кој известува дека "политичките убиства од страна на војската и паравоените сили продолжија на висок степен во Гватемала и Ел Салвадор и на помал степен во Хондурас", заедно со неколкуте "за кои е известено во Никарагва", додава

Alert! (CISPES), July, June. *El Sol,* Aug. 8. Orellana, *El Sol,* Aug. 1; *Guardian* (New York), Aug. 17. *El Sol,* Aug. 29, 1988. European Parliament, *Excelsior* (Mexico), Oct. 7, 1988; *Central America News Update*.

[523] Brook Larmer, *CSM,* Aug. 16. Zamora, NPR, July 19. *El Sol,* July 25; AP, *BG,* June 22, 100 збора. *El Sol,* July 18; AP, *NYT,* July 14, 125 збора. Joel Bleifuss, *In These Times,* May 18. *Hondupress,* May 4; уводник, *El Tiempo,* May 4; *Hondupress,* May 18, June 15; *Central America Report,* Nov. 18, 1988. Марија Вероника Френкел, која известуваше за една посета на фармерите што штрајкуваа во Костарика, *Nicaragua Through Our Eyes* (Americans working in Nicaragua), July 1988.

Престон, "каде што тие не се редовни." "Никарагва на почетокот направи далеку повеќе од било која друга средно-американска држава за да го спроведе" Договорот до средината на јули, односно 10 месеци по неговото потпишување, што е долг "почетен" период, кој заврши по прекинувањето на преговорите за прекин на огнот, кога Никарагва "насилно го растури опозициискиот собир од 10 јули (во Нандем - Н. Ч.) и задржа во затвор шест лидери за време на долго судење, на неодредено го затвори католичкото радио, го протера американскиот амбасадор Мелтон и ја експроприра најголемата приватна плантажа за шеќер во Никарагва." Последните две акции тешко дека се квалификуваат како прекршување на Договорот. Радио католика беше повторно отворено на 18 август, така што само про-сандинистичката "Ла семана комика" беше под владина санкција, поради објавување на материјал што ги деградира жените.[524]

Настаните од средината на јули - се мисли во Никарагва - предизвикаа голем ужас. "Сандинистите ќе си бидат сандинисти", учено забележа еден радио коментатор при една од поблагите реакции, кога полицијата го растури собирот во Нандем, употребувајќи солзавец за прв пат - откако беше "нападната... со стапови и камења", дознаваме во 13-от пасус од извештајот на Стивен Кинцер, факт што исчезна од најголемиот дел на подоцнежни коментари.[525] Имаше стории на насловна страна и редовни извештаи и уводници за сандинистичкиот варваризам при растурањето на собирот во стандарден салвадорски стил, при протерувањето на американскиот амбасадор под обвинение дека е вмешан во организирањето на про-контристичката опозиција и при национализацијата на приватната плантажа за шеќер за која беше наведено дека е непродуктивна, што беше сторија на насловна страна во "Тајмс"; упатувањето на употребата на солзавец за растурање на собирот и на насилството на полицијата со месеци продолжи да се појавува во печатот, со соодветната ужаснатост. Конгресот беше толку разбеснат што, сред обновените повици за вооружување за контристите, и двата дома со надмоќно мнозинство (91 наспроти 4 во Сенатот, 358 наспроти 18 во Домот) донесоа страствени осуди на "суровото потиснување на човековите права" од страна на Манагва, извести печатот со одобрување.[526]

Потсетете се дека "суровото потиснување на човековите права" од страна на сандинистите започна само да се приближува, на краток момент, до некои од *помалите* злоупотреби што се нормална практика за љубимците на САД во регионот и дури не се ни приближуваат до редовното спроведување на нивната "педагогија на теророт". Потсетете се и дека кога Дуартеовите службите на безбедност и нивните одреди на смртта го ескалираа својот терор по потпишувањето на Договорот, во Конгресот немаше осуди, туку напротив фалби за нивниот напредок кон систем "кој ги почитува човековите слободи".

Конгресната дебата околу тоа како најдобро да се казнат сандинистите поради своите јулски гревови не беше помалку интересна, дури и настрана од возбудливата реторика околу нашите возвишени слободарски стандарди и болката што на нашите чувствителни души им ја нанесува секое отстапување од нив - во Никарагва. Сенатот го изгласа Бирдовиот амандман со кој се утврдуваат условите за обновената воена помош за контрата.[527] Зборувајќи во името на своите колеги, вклучувајќи и некои од најпознатите гулаби во Сенатот,

[524] *WP Weekly,* Aug. 15-21; *NYT,* Aug. 19; COHA's *Washington Report on the Hemisphere,* Aug. 31, 1988.
[525] *NYT,* July 11, 1988.
[526] Robert Pear, *NYT,* July 15, 1988 и многу други референци.
[527] Види Трета глава.

лидерот на мнозинството Бирд ги предупреди сандинистите дека "можат или целосно да ги исполнат барањата за демократизација на кои се имаат согласено според мировниот план на Аријас и да се придвижат кон главниот тек на хармонични демократски односи со своите соседи" или можат да продолжат "бучно да ги кршат одредбите на мировниот договор", да ги потиснуваат "легитимните демократски аспирации на никарагванскиот народ" - и да се соочат со последиците: "враќање на воениот притисок", што значи, на спонзорираниот од САД меѓународен тероризам. Бирд беше загрижен и во врска со неуспехот на реганистите "да го притиснат советското раководство да прекине и да се откаже од својата воена помош за владата на Никарагва" за така единствената земја во регионот што е подложена на странски напад да биде и единствената земја што е целосно разоружена. Сенаторот Дод, можеби водечки сенатски гулаб во однос на Средна Америка, беше длабоко импресиониран од овие забелешки и предлози па побара "да се додаде мојот глас во пофалбите за нашиот лидер", сенаторот Бирд. Тој не помалку ги излеа своите чувства при фалењето на "храброто водство на претседателот Аријас од Костарика, на претседателот Сересо од Гватемала, на претседателот Аскона од Хондурас и на претседателот Дуарте од Ел Салвадор, кој е голем пријател на овој Конгрес" - ако не е пријател на народот на Ел Салвадор, кој на него гледа со страв и презир и кој во земјата не гледа знаци на демократски процес, како што покажуваат анкетите што се потиснати како бескорисни. Сенаторот Дод и другите спонзори на Бирдовиот амандман се доста свесни за постигањата на воените режими на државите на теророт на САД и за ескалацијата, како одговор на Ескипуласкиот договор, на теророт за кого официјалните "умерени" обезбедуваат покритие во корист на Конгресот и медиумите. Тоа едноставно не е важно.

За Конгресот е "во ред" "да се удрат сандинистите со добар кроше удар поради враќањето кон диктаторските облици" и "да се потсетат дека Американците не се поделени околу она што е демократски правилно и погрешно", коментираа уредниците на "Њујорк тајмс", укажувајќи им на демократите "да дозволат сандинистите јавно да ги знаат опасностите од своите дејствија на лоша волја." Уредниците не се "поделени околу она што е демократски правилно и погрешно" во Ел Салвадор; тие имаат краен презир за демократските права во Ел Салвадор, како што покажува нивниот молк, а да не зборуваме за нивните постојани пофалби за напредокот на демократијата во оваа држава на теророт. Стивен Кинцер, кој добро ја познава Гватемала, отиде толку далеку што цитира еден висок гватемалски службеник во врска со "забележливата несреќност" на неговата влада околу презирното однесување на сандинистите. "Во целиот свет постои ослободувачки тренд и Никарагва практично е единствената нација што пружа отпор на тоа", кажува тој, зборувајќи во името на владата што навистина ослободува со тоа што нејзините убиства и исчезнувања се сведоа на стапката од само неколку дневно, според групите за човекови права, што дефинитивно е бележит напредок во споредба со претходните години.[528]

Уредниците на "Вашингтон пост" ги повикаа "средно-американските демократии" и "критичарите помеѓу демократите на помошта за контрата" "со целото срце" да се придружат во осудата на кршењето на сандинистите на "нивните свечено ветени демократски заложби", кога се однесуваат "многу како комунистичка полициска држава, разбивајќи глави, фрлајќи луѓе по затворите,

[528] Уводници *NYT,* July 18, Aug. 7; Kinzer, *NYT* "Week in Review," July 17, 1988.

цензурирајќи ги медиумите"; замислете кои термини би се применувале за Ел Салвадор или Израел поради нивните акции во истото време, според овие стандарди. Сигурно дека е доста правилно американскиот претседател да понуди "дополнителна помош, која ја бара опозицијата", продолжуваат уредниците. Како што забележа Советот за хемисферски работи, малку нации би толерирале такво однесување; "Вашингтон би гледал на финансирањето од странска влада на американските дисиденти како на непријателски, ако не и целосно незаконски чин" и не е веројатно дека би "го трпел советскиот амбасадор да присуствува на собир во Вашингтон на некоја локална левичарска група која повикува на ставање крај на тековната влада", да го земеме само учеството на германскиот или јапонскиот амбасадор во 1942 година, како поблиска аналогија. Помалку од веројатно е и дека амбасадор од некоја непријателска сила, вмешана во непријателства со САД, воопшто и би бил примен, особено оној што би ја копирал изведбата на Мелтон при неговото полагање заклетва во Вашингтон, кога објави: "Сакам да биде кристално јасно за што се залага Америка и за вредностите на демократијата и како сандинистите не ги исполнуваат дури ни минималните стандарди." "Повеќе нема да има компромиси" со сандинистите според овој протеже на Елиот Абрамс, архитект на терористичкиот напад врз Никарагва.[529] Но во случајот со официјалниот непријател се применуваат уникатни стандарди.

Неколку месеци претходно, Сингапур протера еден американски дипломат "врз основа на тоа дека неправилно се мешал во внатрешните работи на земјата", пишува Овен Харис во десничарскиот весник што го уредува.[530] "Според Виенската конвенција во врска со дипломатските односи, таквото мешање е недозволиво", продолжува, па "САД нема друга опција освен да се потчини", кога Сингапур обвинуваше дека дипломатот "ги охрабруваше незадоволните Сингапурци за противвладини активности." Харис пишува во одбрана на Сингапур против обвинувањата за неправилно однесување и полициско-државната репресија. Сингапур е полуфашистичка земја што нуди поволна инвестициона клима, така што Виенската конвенција се применува. Сепак, тоа не е така во случајот со Никарагва, која властите ја обележаа како непријател.

Коментирајќи понатаму, Советот за хемисферски работи забележува дека иако Мелтон и членовите на неговиот персонал беа протерани поради "нескриено мешање во внатрешните работи на Никарагва, употребата на американската амбасада за финансирање, насочување и координирање на попречувачките активности на цивилната опозиција во Никарагва е во склад со акциите на контрата... продолжува", вклучувајќи скоро 700.000 долари од фондовите на американската влада со назнака за опозициските елементи. Владата на САД "прави јасен обид да создаде паралелна влада во Никарагва" што би можела да ја превземе власта при ескалиран напад или при општествен колапс.[531]

Во октомври 1988 година, Амнести интернејшнл (АИ) објави еден документ насловен "Ел Салвадор: 'Одреди на смртта' - стратегија на владата", во кој извести дека во претходните 18 месеци десничарските одреди на смртта грабнаа, мачеа и убија стотици Салвадорци, при што често им ги сечеа главите

[529] *WP Weekly,* July 18-24, 25-31; COHA press release, July 14; *Update,* Central American Historical Institute (Georgetown U., Washington), Aug. 17, 1988.
[530] *The National Interest,* Fall 1988.
[531] COHA, "News and Analysis," Sept. 8, 1988.

на жртвите за да шират страв.[532] Таканаречените "одреди на смртта" се средство на силите за безбедност на владата инсталирана од САД, кои ѝ служат на нејзината стратегија на злоставување на секоја можна опозиција. "Жртвите обично ги наоѓаат осакатени, обезглавени, расчеречени, задавени или со знаци на мачење... или силување", извести АИ. Стилот на одредите на смртта е да делуваат во тајност, но да ги остават осакатени телата на жртвите како средство за заплашување на населението." Жртвите вклучуваат синдикалци, активисти за човекови права, судии и поротници што работат на случаи со злоупотреби на човековите права, бегалци, членови на црквата, учители и студенти. "Не може да има помош од полицијата или војската кога тие самите ги извршуваат убиствата на одредите на смртта." Убиствата ги извршуваат вооружени луѓе во цивилна облека и униформирани полициски и воени единици со очигледен пристанок на државата: салвадорските одреди на смртта едноставно се употребуваат за заштита на владата од одговарање поради мачењата, исчезнувањата и вонсудските егзекуции што се вршат во нејзино име." Членовите на одредите на смртта, од кои некои живеат криејќи се во САД, ѝ кажаа на АИ дека одредите се регрутираа од специјално обучените полициски единици, од финансовата полиција и од Националната гарда. Црковните групи и оние за човекови права проценуваат дека во 1987 година крај патиштата и во дупки за тела месечно се појавуваа околу десетина тела со знаци од мачење и егзекутирање од страна на одредите на смртта, додека данокот на почетокот на 1988 година се зголеми четирикратно. АИ извести дека повторниот растеж на одредите на смртта делумно може да се следи до владината амнестија од пред една година, како што нашироко се предвидуваше во времето кога "Тајмс" ги поздравуваше идните чекори на Ел Салвадор кон спроведување на мировниот договор.

Извештајот на АИ не беше забележан во "Њујорк тајмс". Сенатот изгласа резолуција, со 54 наспроти 12, со која се предупредува *Никарагва* "дека продолжителното кршење на регионалниот мировен договор од страна на сандинистите 'доста веројатно' би го предизвикало Конгресот да одобри нова воена помош идната година."[533] Повторно ја гледаме познатата шема: sверства поддржани од САД во неговите клиентски држави заедно со остри предупредувања до Никарагва да си го подобри однесувањето под закана со засилување на американскиот терор.

Исто во октомври 1988 година, весникот од Гватемала сити "Централ америка рипорт" го зеде за своја водечка сторија штотуку објавениот годишен преглед на АИ за човековите права во 1987 година.[534] Тој извести дека "некои од најсериозните прекршувања на човековите права се најдени во Средна Америка", а особено во Гватемала и Ел Салвадор, каде "киднапирањата и атентатите и' служат на владата како систематски механизми против опозицијата од левицата, забележува извештајот" на АИ; потсетете се дека состојбата се влоши по Ескипуласкиот договор и стана уште помрачна во текот на 1988 година. Состојбата со човековите права е "помалку драматична" во Никарагва и Хондурас, настрана од "цивилните жртви од рацете на контристичките сили поддржани од САД." Иако има "случаи на киднапирања,

[532] Reuter, Toronto *Globe and Mail,* Oct. 26; *Miami Herald,* Oct. 26; краток извештај се појави во *Boston Globe,* AP, истиот ден. Види и Americas Watch, *Nightmare Revisited,* September 1988.
[533] Pamela Constable, *BG,* Oct. 27, 1988.
[534] *Central America Report,* Oct. 14, 1988.

мачења и вонсудски егзекуции во Хондурас, Панама и Никарагва, овие дејствија не се утврдени како систематски владини механизми."

Еден месец подоцна, "Њујорк тајмс" објави сторија на насловна страна од Линдзи Грасон за sверствата во Гватемала.[535] Во минатото, забележува Грасон, Гватемала сити беше "зона на слободно пукање за политичките екстремисти" кои спроведуваа опсежен терор, при што не е спомнат фактот дека "политичките екстремисти" кои се одговорни за преовладувачкото мнозинство од sверствата беа - и се - посредниците на владата поддржана од САД. Всушност, улогата на САД во Гватемала не е спомната во оваа сторија. Грасон го опишува зголемувањето на киднапирањата, мачењата и убиствата, влошувачката состојба во градовите и "де факто воената диктатура" во селските области (цитирајќи го набљудувачот на "Американс воч", Ен Мануел). Главни мети во градовите се "работничките водачи, синдикалните организатори и левичарите." Гласноговорникот на една независна група за човекови права рече дека "сега има демократска фасада, ништо повеќе. Фасадата скрива дека целата власт ја држи војската и дека состојбата се влошува." Извештајот на "Американс воч" објавен по две недели ја обвинува владата поради примарната одговорност за сериозното зголемување на злоупотребите на човековите права, кои сега достигнаа ниво на две дневно, што веројатно е значително ниска проценка, заклучува "Американс воч".[536]

Кон крајот на 1988 година, се зголемија владините sверства во клиентските држави. Се појавија неколку нови одреди на смртта. На 16 декември беше убиена деканката на Правниот факултет во Санта Ана, Имелда Медрано, откако се враќаше од една универзитетска демонстрација во Сан Салвадор, на која беше главен говорник; нејзината куќа два дена ја надгледуваа луѓе во џип со затемнети стакла, заштитен знак на одредите на смртта. На 22 декември три моќни експлозии ја уништија зградата за биологија на Националниот универзитет. Напаѓачите убија еден чувар; еден друг чувар опиша тешко вооружен одред од околу 50-мина. Ректорот на универзитетот за поставувањето на бомбите ја обвини војската: "Ова е одговор на Вооружените сили на засилената војна и на нивната неспособност да ја задржат", рече тој. Нападот се случи откако војниците го опколија кампусот и само војската може да биде слободна да делува толку отворено, додаде ректорот. Директорот на "Тутела легал" се согласи дека "ова се акции на луѓе со воена обука, тешко вооружени и кои се движат со целосна слобода." Пет дена подоцна, една бомба ги уништи канцеларииte на лутеранската црква, на која војската глада со сомнеж поради нејзината работа со бегалците. Црковните службени лица, кои имаат добиено закани со смрт, приватно ја обвинуваат војската. Западно-германскиот амбасадор, кој ги осуди нападите против лутеранската црква, доби закана со смрт и ја напушти земјата. Еден западен дипломат забележа дека "гледам воена рака" позади бомбардирањата. Еден извор со блиски контакти со војската кажа дека војската чувствува дека може да им се спротивстави на герилците само преку "селективен терор".[537] Постоеше мало покривање во вестите, а уште помалку загриженост, освен од можната закана за Регановиот проект на носење "демократија" во Ел Салвадор.

Во клиентските држави продолжија и помалите злоупотреби. На 13 септември, војниците и полицијата нападнаа една студентска демонстрација во

[535] *NYT,* Nov. 13, 1988.
[536] *LAT-BG,* Nov. 25, 1988.
[537] Chris Norton, *CSM,* Jan. 13; *El Sol,* Jan. 9, 1989.

Сан Салвадор и растурија една друга во Санта Ана, додека силите за безбедност ги опколија канцелариите на UNITS. Уапсени беа околу 250 студенти и универзитетски работници; ректорот на универзитетот тврдеше дека се уапсени 600 студенти и дека не се знае каде се наоѓаат преку 400 лица. "За време на демонстрацијата полицијата за нереди истрела плотуни и канистри со солзавец во толпата од 3000 луѓе", повредувајќи "мноштво демонстранти" и веројатно убивајќи го операторот на полицискиот воден топ ("Централ американ рипорт"). На 30 локални и странски новинари "агентите за безбедност им наредија да легнат на земја, предупредувајќи ги да не мрдаат и да не сликаат" и беа притворени најмалку 10 странски набљудувачи. Сем Дилон извести во "Мајами хералд" дека "бесната полиција за нереди" фрлаше канистри со солзавец врз студентите и работниците, "пукајќи во воздух со пушките", "тепајќи ги демонстрантите со палки и уапсувајќи 230." Директорот на "Тутела легал" "рече дека акциите на полицијата изгледа дека имаат цел вознемирување на урбаните протестанти на почетокот од клучниот изборен период." "Трпеливост на безбедносните тела има свои граници, кога ќе се соочат со улични провокации", им кажа на репортерите министерот за одбрана Видес Касанова. "Нема да толерираме повеќе насилство." Претходниот ден, извести СОНА, воените сили "нападнаа 500 демонстранти во Усулутан, кои мирно протестираа во врска со недостигот на владина помош по тешките поплави", при што повредија 15, а уапсија осуммина.[538]

Како и порано, овие помали злоупотреби избледнеа во значајноста пред владината стратегија на вознемирување преку краен терор.

Ништо од ова не предизвика интерес или загриженост, за разлика од настаните во Нандем кои накратко се приближија до некои од редовните помали злоупотреби. Овие настани, како што видовме, предизвикаа таква ужаснатост што конгресните гулаби беа принудени да ја обноват помошта за своите терористички сили за да ги казнат сандинистите. Понатаму, европските сојузници на САД се воздржаа од повеќе од симболична помош, откако ураганот Џоун во октомври уништи голем дел од Никарагва. Причината беше нивното темелно негодување поради репресијата во Нандем, врз која "многу европски влади гледаа... како на отворено пркосење на регионалниот мировен процес од страна на сандинистите", извести Џулија Престон, бележејќи го "тековното незадоволство во Европа со сандинистите" - иако не и со Ел Салвадор и Гватемала, кои продолжија да ја заслужуваат нивната поддршка.[539] Повторно гледаме дека дволичноста нема граници, а и дека Европа е далеку повеќе колонизирана отколку што сака да верува.

Како што веќе е забележано, Сем Дилон во "Мајами хералд" извести за помалите злоупотреби во клиентските држави, кои обично се игнорираат. Во една подоцнежна статија, тој ја прегледува растечката репресија во целиот регион, издвојувајќи ја Никарагва како најлош прекршувач, при што нејзината најсериозна повреда е "фрлањето гас на мирен собир и затворањето на врвни политички лидери" во Нандем. Тој продолжува со опис на тоа како салвадорската војска ги напаѓаше "големите но мирни урбани протести", кои "разлутената полиција за нереди... ги растури... со солзавец, палки и повеќе од 250 апсења" заедно со апсењето на многу други "во ноќните напади врз канцелариите на два левичарски синдикати и селански групи." Накратко го

[538] UPI, *BG,* Sept. 14; *El Sol,* Sept. 19, *Central America Report,* Sept. 23; Sam Dillon, *MH,* Sept. 20; COHA "News and Analysis," Oct. 19, 1988.
[539] Preston, *WP,* Nov. 8, 1988.

спомнува "драматичното" зголемување на "политичките убиства од страна на војската и одредите на смртта - како и од страна на герилците." Јасно дека тој е свесен за фактите, но, откако фактите ќе поминат низ идеолошкиот филтер, колежите, теророт и репресијата во широки размери како владина стратегија за вознемирување во клиентските држави на САД стануваат незначајни кога ќе се споредат со вистинските но помали злоупотреби во земјата што е подложена на американскиот терор и економско војување. Забележете дека разгледуваме известувач и весник кои барем се волни да известат за некои од фактите.[540]

Клиентските држави продолжија да ги отфрлаат преговорите, додека владата на САД и медиумите беснееја против сандинистите поради нивниот неуспех да ги оживеат преговорите закочени поради опструкционистичката тактика на американските ополномоштеници. Од мексиканскиот печат дознаваме дека претседателот Сересо "го повтори своето одбивање на можниот дијалог со герилската војска", додавајќи дека сè додека "субверзивците... не се откажат од својата завојувачка позиција, нема да отпочнеме директни разговори со нивните лидери... Никаков дијалог не може да се случи сред оружје." Во Ел Салвадор, илјадници селани, студенти и работници маршираа низ главниот град до хотелот каде што беше во тек еден состанок на ОАС за да побараат владата да преговара со герилците. Герилците објавија едностранo примирје во текот на состанокот и "го обновија повикот за преговори со владата", извести АП. Претседателот Дуарте, во своето обраќање до делегатите на ОАС, "рече дека искажаната желба на герилците за повторно отпочнување на преговорите е само 'тактичка'. Тој ги обвини бунтовниците дека следат 'стратешки маневар за уништување на демократијата преку сопствените слободи на демократијата.'"[541]

Состаноците на ОАС за "Њујорк тајмс" ги покриваше Линдзи Грасон. Грасон мрачно упатуваше на "перверзијата" на мировниот процес во Средна Америка. Како што можеше да се предвиди, наведен е само еден пример: собирот во Нандем и апсењето на никарагванските селани под сомнение дека ги помагаат контристите. Овие акти на репресија "ги поткопаа напорите повторно да се оживеат преговорите", известува Грасон, цитирајќи американски дипломати. Што се однесува до Ел Салвадор, нејзиниот единствен коментар е дека амнестијата од октомври 1987 година ги затвори книгите на претходните атентати од страна на војската; не се спомнати гватемалските и хондураските злоупотреби и ништо не е кажано околу преговорите во Ел Салвадор и Гватемала, или зошто тие не се "оживеани".[542] Накратко, селективен филтер дизајниран за потребите на владината пропаганда, кој ја одразува незначајноста на теророт, мачењето и репресијата кога тие не им служат на овие цели.

Грасон бележи и дека на датумот на планираниот средно-американски самит не можеше да се постигне никаков договор, поради непознати причини. Превезот го подига мексиканскиот печат, кој извести дека салвадорската влада го откажа средно-американскиот самит кој требаше да се случи во Сан Салвадор, бранејќи се со "недостигот на економска способност". Откажувањето "дојде само неколку часа по посетата на таа земја на специјалниот амбасадор на САД за Средна Америка, Морис Базби" и по неговата средба со претседателот Дуарте. Се цитираат аналитичари како му ги припишуваат тешкотиите околу

[540] Sam Dillon, *MH,* Oct. 1, 1988.
[541] *Excelsior* (Mexico City), Aug. 31, *Central America NewsPak*. AP, Nov. 15; во "Бостон глоуб" имаше извадок од неколку зборови, при што беше забележано дека имало марш поради ненаведени цели, Nov. 16, 1988.
[542] Lindsey Gruson, *NYT,* Nov. 18, 1988.

самитот на "бојкотот од САД, во што Морис Базби нема да биде исклучен од 'можноста за обвинување' и што можеби е замислено како одговор на одбивањето на Сересо да поддржи завојувачка акција против Никарагва." За претседателот Сересо "е витално да се случи претседателскиот самит, посочуваат набљудувачите, зашто со ова тој се обидува да го одврати вниманието од насилните проблеми на неговата земја и да го зголеми меѓународниот углед со кој се здоби поради неговата политика на активна неутралност."[543]

Шемата е онаква каква што постојано ја гледаме: иницијативи на САД за опструирање на политичкиот договор, согласност на Дуарте и молк на медиумите.

Изборот на прашањата и стилот на коментирање ги илустрираат средствата што се користат за во главите да се влеат правилни навики на мислење. Особено корисна техника е некритичкото цитирање на одобрените лидерски елементи. Кога владата и медиумите во летото 1988 година гледаа да го оживеат антисандинистичкиот ентузијазам, Стивен Кинцер извести за една средба на САД и неговите четири средно-американски сојузници. "Сите четири држави не ги одобруваат сандинистите и ги убедуваат да го либерализираат својот режим", забележува тој, "но тие не се согласуваат околу тоа како најдобро да се спроведе таквиот притисок." Претседателот Аријас е цитиран како вели дека "Никарагва за жал нè изневери", изразувајќи ја "мојата разочараност, мојата болка, мојата тага" кога расправаше за злоупотребите во Никарагва со своите колеги од државите на теророт; околу нивните практики не искажа ниту разочараност, ниту болка ниту тага, барем според она што го известија американските медиуми. Претседателот Сересо додаде дека е "многу вознемирен поради тоа што сандинистите не ги следат правилата на демократијата." Џорџ Шулц ја осуди "комунистичката влада на Никарагва - и комунистичките герилци во Ел Салвадор и Гватемала" како "деструктивна и дестабилизирачка сила во регионот", поради тоа што "сандинистичкиот режим продолжува да се потпира врз советското вооружување и да ја омасовува воената машина далеку преку мерата на своите одбранбени потреби." "Г-ин Шулц и министрите за надворешни работи на Хондурас, Гватемала, Ел Салвадор и Костарика ја искажаа 'својата почит за принципите на мирот, демократијата, безбедноста, социјалната правда и економскиот развој'", извести Кинцер без коментар и без забележливо згрозување.[544]

Една придружна статија од Вашингтон го опишува консензусот на сенаторите околу одобрувањето на понатамошна помош за контрата и загриженоста на демократите дека тоа ќе му наштети на "имиџот на нивната партија" ако сандинистите ја потиснат внатрешната опозиција или ако "започнат воена офанзива против контристите"; на "имиџот на нивната партија" не му штети нивната поддршка за продолжителните sверства во државите на теророт. Неколку денови подоцна, сенатските гулаби изгласаа легислатива со која се дозволува нова воена помош ако подмолните сандинисти ги нападнат контристите внатре во Никарагва или ако добијат повеќе воена помош од она што Конгресот го смета за соодветно.[545] АП го цитира либералниот сенатор од Масачусетс, Џон Кери, кој ја поддржува "хуманитарната помош за бунтовниците", гласајќи да следи и вооружување при "продолжување на

[543] *Excelsior,* Oct. 19, 21, 1988; *Central America NewsPak*.
[544] Kinzer, *NYT,* Aug. 2, 1988.
[545] Види забелешка 138.

протекот на советско оружје во Никарагва, прекршување на регионалниот мировен договор од минатата година од страна на сандинистите и било каков обид на никарагванската влада воено да ги 'збриши' бунтовничките сили, рече Кери."[546]

Сето ова спаѓа во рамките на стандардите на компетентното известување. Цитатите се по претпоставка прецизни, какви што се и описните изјави. Она што лежи зад одбирањето на фактите и начинот на презентирање се одредени недвојбени претпоставки, вклучувајќи го следново. Само Никарагва не успева да се "либерализира" и да се придржува до Ескипуласкиот договор; фактите се поразлични, но недобродојдени и поради тоа едвај да се известува за нив. За Никарагва е нелегитимно да се брани од терористичкиот напад на ополномоштените сили на САД со бази во Хондурас преку извршување на воени операции внатре во својата сопствена територија, или преку примање на оружје од единствениот снабдувач што САД ќе го дозволи; но е легитимно сојузниците на САД да одбијат било каква зделка со домородните герилци (за што обично не се известува) и да се обидат да ги уништат со американско оружје и советници. Претседателот на Костарика, чија демократија водена од бизнисот опстанува поради порциите милостина на САД и кој, ако прецизно е цитиран, малку се грижи за продолжителните sверства во "демократиите во повојници" или за нивните крупни прекршувања на минималните предуслови за демократија и на мировниот договор што во медиумите го носи неговото име, е арбитер за придржувањето кон неговите одредби и за демократската практика. Претседателот на воденатa од војската држава Гватемала, која продолжува да ги тероризира и убива своите граѓани, иако во помала мера од претходните години, е во позиција да ги осудува далеку помалку репресивните и поотворени општества од неговото поради неуспехот да се движат кон "демократија". Службеното лице на САД, што ја сноси главната одговорност за нападот врз Никарагва, за трауматизирањето на Ел Салвадор и за поддршката за скоро геноцидниот колеж во Гватемала, слично на претходното, е во позиција да одредува кој ја "дестабилизира" Средна Америка и што е соодветно ниво за одбрана за владата што е подложена на вооружен напад од САД. Помошта за ополномоштените сили на САД е "хуманитарна", иако меѓународните конвенции, повторени во пресудата на Меѓународниот суд која владата на САД ја отфрла а медиумите ја игнорираат, се доста изречни во ограничувањето на концептот на "хуманитарна помош" на помошта за *цивилите* и тоа на цивилите *од двете страни*, без дискриминација. Единствено е правилно и праведно за една "неутрална агенција" како Стејт департментот да ја администрира таквата "хуманитарна помош" и , ако Никарагва се обиде со мерки на самоодбрана што би биле нормални и недвојбени во секоја западна демократија, правилно е ЦИА да ги снабдува своите терористички сили на теренот во Никарагва - освен ако тие не се покажат како "несовршено средство" и ако придонесат на тој начин за "нашата никарагванска агонија".

Некој може да замисли поинаков стил на известување, не прифаќајќи ги овие претпоставки на американската пропаганда, цитирајќи други извори (Меѓународниот суд, на пример) и одбирајќи релевантни факти според поинакви критериуми (човековите права и потреби, демократијата и слободата, владеењето на правото и останатите вредности што обично се проповедаат). Но во медиумите ретко може да се најде волја за ова. Постојаниот бараж на

[546] Rasky, *NYT,* Aug. 2; AP, *BG,* Aug. 3, 1988.

правилно одбран материјал, со едвај некој критичен збор или аналитичен пасус, цврсто ги инсталира претпоставките што лежат зад него, обликувајќи ги перцепциите на аудиториумот во рамките на прифатената доктрина поуспешно од производите на било кое Министерство на вистината.* Во меѓувреме, медиумите можат да се бранат дека тие само чесно си ја исполнуваат својата должност - што тие и го прават, иако не баш во смислата на која намераваат.

Во целата оваа ужасна декада, најлошите прекршувачи на човековите права во Средна Америка со голема разлика се целосно американските креации - владата на Ел Салвадор и контрата - и режимот поддржан од САД во Гватемала. Ако во етаблираните медиуми и весници е расправано за очигледната важност на овие факти, јас тоа не го имам најдено. Природата на овие режими понекогаш делумно се открива; никакви заклучоци не се извлекуваат во врска со улогата на САД во Средна Америка, американската политичка култура и моралните стандарди на привилегираните класи што ги создаваат и поддржуваат овие политики.

Заклучоците што *се* извлекуваат се доста поинакви. Дипломатскиот дописник на "Њујорк тајмс", Роберт Пир, пишува за изгледите за "нова политика на дипломатијата во Средна Америка" на Бушовата администрација. Оваа надежна нова политика на претседателот Буш и на неговиот прагматичен државен секретар Џејмс Бејкер ќе го нагласи работењето "потесно со Конгресот и со латино-американските нации за да се изврши притисок врз сандинистите да дозволат избори (немало избори во Никарагва според Вашингтонскиот едикт - Н. Ч.), слобода на изразувањето и други права што се гарантирани според регионалните мировни договори." За да се осигура дека читателот ја разбира Партиската Линија, Пир додава: "Никарагва ги потпиша овие договори во 1987 и 1988 година, но САД и другите нации велат дека сандинистите презираат многу одредби." Нема посочување дека било што можеби е накриво во клиентските држави на САД или дека дејствијата на самиот САД би можеле да постават одредени прашања.

Изведбата за целото време би ги импресионирала владеачите во тоталитарните држави. Страдањето што резултираше од ова, и што сеуште е пропратно, не се мери.

* Министерство на вистината - еуфемизам на тоталитарната власт од Орвеловата "1984-та" за нејзиното министерство за пропаганда, како алузија на преименувањето на министерствата за војна во министерства за одбрана по Втората светска војна (заб. на прев.).

Петти додаток

1. САД и костариканската демократија[547]

Како што беше забележано во петтата глава, костариканскиот систем, кој беше воспоставен со ударот од 1948 година предводен од Хосе (Дон Пепе) Фигерес, ги задоволуваше основните услови што ги бара американската глобална политика и идеологија. Фигерес недвосмислено се поврза со САД. Неговата влада обезбеди поволна клима за странските инвестиции, ја гарантира домашната предоминантност на бизнис интересите и постави соодветна основа за репресија на трудот и на политичките дисиденти, ако тоа е потребно, па дури и ја стави вон законот Комунистичката партија во својот Устав од 1949 година. Сепак, САД остана незадоволен.

Сомневањата во врска со Костарика рано беа искажани, како што покажуваат веќе наведените разузнавачки извештаи.[548] Во 1952 година, ЦИА предупреди дека Гватемала "неодамна суштински ја засили својата поддршка за комунистите и антиамериканските активности во другите средно-американски земји", при што еден основен пример беше наводното подарување на 300 000 долари на Фигерес, кој тогаш беше кандидат на изборите. Се разбира, состојбата во самата Гватемала се сметаше за "спротивна на американските интереси", поради "комунистичкото влијание... засновано врз милитантното бранење на социјалните реформи и националистичките политики што се идентификуваат со Гватемалската револуција од 1944 година", која го започна 10-годишниот демократски интеррегнум прекинат од ударот на ЦИА. Уште полошо, "радикалните и националистички политики" на демократската капиталистичка влада, што вклучуваше "прогонување на странските економски интереси, особено на 'Јунајтед фрут компани'", се здоби со "поддршката или согласноста на скоро сите Гватемалци." Владата продолжуваше да создава "масовна поддршка за сегашниот режим" преку работничките организации и аграрната реформа и "да го мобилизира досега политички инертното селанство", истовремено поткопувајќи ја моќта на големите земјопоседници. Понатаму, "гватемалската официјална пропаганда, со своето нагласување на конфликтот помеѓу демократијата и диктатурата и помеѓу националната независност и 'економскиот империјализам', е вознемирувачки фактор во карипската област"; позадина за оцената е поддршката на Вашингтон за диктатурите и неговиот природен страв од независните демократски тенденции. Вознемирувачка беше и гватемалската поддршка за "'демократските' елементи од другите карипски земји при нивната борба против 'диктатурата.'" Револуцијата од 1944 година предизвика "силно национално движење за ослободување на Гватемала од воената диктатура, општествената заостанатост и 'економскиот колонијализам', што беше шема во минатото" и "ја инспирира лојалноста и се сообрази со личниот интерес на најголем дел од политички свесните Гватемалци." Оттука, "ниту земјопоседниците ниту ('Јунајтед - Н. Ч.) фрут компани' не можат да очекуваат било какви симпатии од гватемалското

[547] Додаток кон Петта глава.

[548] Освен ако не е назначено поинаку, материјалот што следи е извлечен од *Foreign Relations of the United States,* 1955-7, VII, 2ff., 198f.

јавно мислење.” “Комуњарското покажување на силата” при “гигантната прослава на Први мај” беше особено вознемирувачко, знаејќи дека разузнавањето сметаше дека тие имаат водечка улога во овој злокобен развој на настаните.[549] Постоеше стравување дека Фигерес да им се продаде на сличните шеми на комуњарите.

Американскиот амбасадор Роберт Вудвард во 1955 година извести во Вашингтон дека владата на Фигерес е “контроверзна” и дека не може целосно да ѝ се верува. Точно е дека Фигерес само што “изрази ценење за активностите на 'Јунајтед фрут компани'“ и дека “ги истера комуњарите од нивните моќни позиции” од владата пред ударот. Но “се направи себеси сомнителен кога продолжи да го поддржува режимот на Арбенц во Гватемала долго време откако тој беше завладеан од комунистите”; односно, долго време откако оваа капиталистичка демократија за ЦИА стана цел за елиминација.

До тој момент “комуњарите не претставуваат сериозен проблем” во Костарика, продолжи амбасадорот Вудвард, забележувајќи дека “Уставот ја става вон закон Комунистичката партија.” Но комуњарите претставуваат “потенцијална опасност”, зашто не се искоренети од “трудбеничката класа”, а сомнителната влада “нема направено чекор за целосно збришување на движењето” како што тоа го бара солидната посветеност на демократијата. Бидејќи “комунистите” не се целосно елиминирани, би можело да има проблеми при контролирањето на бананските работници и на останатите опасни елементи. Кој може да каже кога овие субверзивци би можеле да се обидат да организираат борба за своите права? Триесет години подоцна, “Фондот на 20-от век” предупредува на проблемите “што ги донесе радикализацијата на бананските синдикати под водство на комунистите”, вклучувајќи го и “долготрајниот штрајк од 1984 година кој резултира со насилство - и со неколкумина мртви.” Овие и другите проблеми ја натераа “Јунајтед фрут компани” “дел од своето земјиште да го преориентира на палмово масло - помалку трудово-интензивна култура” со цел вакви потешкотии да не се појавуваат.[550]

Понатаму, продолжи амбасадорот Вудвард, силите за безбедност “се хендикепирани при апсењето комунисти, поради заштитата што му се дава на поединецот во Уставот на Костарика.” Но и покрај овие несреќни девијации од демократијата, “потиснувањето на комунистичките изданија не треба да биде премногу тешко“, дури и иако тоа ризикува “врева од другарите околу потиснувањето на слободата на изразувањето”, а “употребата на ограничена сила” треба исто така да биде можна ако би можеле да и’ обезбедиме соодветно разузнавање на владата и ако и’ помогнеме да ја убеди јавноста дека “комунизмот претставува присутна закана”. Овој напор на односите со јавноста бара јавноста да биде “обликувана” за “употреба на сила од страна на властите” преку средства на “силна пропагандна кампања.” Повторно ја гледаме важноста на нужните илузии за поставување на темелите за успешната употреба на насилството.

Потоа, препораките за политиката се дека “владата треба да настојува да одржува потесно надгледување на комунистите и пожестоко да ги гони” (преку средства кои остануваат цензурирани) и дека “треба да се влијае врз владата за да донесе амандмани на Уставот за да го ограничи патувањето на комунистите,

[549] Memorandum by the Director of Central Intelligence (Smith) to the Under Secretary of State (Bruce), Dec. 12, 1952; NIE-84, May 19, 1953. *FRUS* 1952-1954, vol. IV, 1055, 1061ff.
[550] Sol W. Sanders, *The Costa Rican Laboratory* (Twentieth Century Fund, Priority press, 1986).

да ги зголеми казните за субверзивните активности и да ја донесе предложената легислатива за елиминирање на комунистите од синдикалните раководства", додека програмите на разузнавачката агенција на САД "за обликување на јавноста во насока на комунистичката закана" треба да се одржат. "Јунајтед фрут компани", која доминира со голем дел од економијата, треба да продолжи да го носи Фигерес "до точката при која тој ќе стане агент за односи со јавноста на компанијата ширум Хемисферата." Тоа не треба да биде тешко, зашто тој веќе станува "најдобар маркетиншки агент што 'Јунајтед фрут компани' може да го најде во Латинска Америка."

За понатамошно спроведување на овие напори, амбасадорот препорачува "Јунајтед фрут компани" да биде наговорена да воведе "неколку релативно едноставни и површни екстраваганции од човечки интерес за работниците што може да имаат голем психолошки ефект." Овие препораки треба да ја стават во мирување клеветата дека владата на САД не е загрижена за работничката класа и за сиромашните.

Советот на амбасадорот Вудвард до "Јунајтед фрут компани" потсетува на приватната порака на државниот секретар Џон Фостер Далс до претседателот Ајзенхауер околу тоа како Латино-американците да се доведат во линија со плановите на САД за нивната иднина како снабдувачи на репроматеријали и профит за американските корпорации: "мораш малку да ги потупкаш по рамо и да ги натераш да мислат дека си наклонет кон нив."[551]

Стејт департментот гледаше "слабости" во Костарика "при откривањето и испитувањето на комунистичките активности" и "отсуство на правен авторитет за чекори против комунистите." Друг проблем беа несоодветните извори на службите за безбедност, кои "поради тоа можат малку да придонесат кон надгледувањето и контролата на меѓународното комунистичко движење." Иако медиумите "вршат опсежна употреба на вестите и специјалните статии" од пропагандните сервиси на САД, може да се направи повеќе во оваа насока "за да се охрабри довербата во демократијата и слободното претприемништво" - при што двете оперативно се еквивалентни - и за да се надмине тековниот "индиферентен... став на владата кон потиснувањето" на комунистите. Стејт департментот препорача да се убеди владата да преземе мерки за "ограничување на меѓународното движење на комунистите, зголемување на казните за комунистичко делување, отстранување на комунистите од синдикалните раководства, ограничување на комунистичката пропаганда" со истовремено продолжување на пропагандните програми на САД "за да се зголеми јавната поддршка за антикомунистичките мерки."

На кратко, САД треба да ја промовира демократијата.

Не треба да се смета дека ова се мисли само на републиканската Ајзенхауерова администрација. Ако не ништо друго, Кенедиевите либерали беа дури и позагрижени да осигураат дека демократските облици ќе останат во соодветните граници.[552]

Во подоцнежните години, Дон Пепе продолжи да ѝ служи на каузата на САД, како предводник на Слободниот свет, истовремено бранејќи ја чесноста во владеењето, класната соработка и економскиот развој сензитивен кон потребите на бизнисот и странските инвеститори. Во Кенедиевиот период тој повлече тајно финансирање од ЦИА за проектите на "демократската левица" и ги

[551] Feb. 26, 1953; цитирано од Stephen G. Rabe, *Eisenhower and Latin America* (North Carolina, 1988, 33).
[552] Види Трета глава и референците во забелешка 58.

отфрли подоцнежните откритија за финансирањето од ЦИА како "смешни и адолесцентски", истовремено фалејќи ја ЦИА поради "деликатните политички и културни задачи" што ги изведува "благодарение на посветеноста на либералите во организацијата." Тој особено го ценеше придонесот на Џеј Лавстоун и на другите американски работнички бирократи, кои составија импресивното досие за поткопувањето на работничкото движење во Латинска Америка и на други места со помош од ЦИА.[553] Тој ја поддржа инвазијата во Заливот на свињите, предвидувајќи "брза победа на демократските сили што заминаа во Куба", а потоа изрази жалење поради нивниот "тажен" пораз. Тој беше загрижен само поради тоа што прво ќе биде отстранет неговиот непријател Трухиљо, по што Доминиканската република би можела да се користи како база против Кастро. Кога Џонсоновата администрација ја нападна Доминиканската република за да го спречи повторното воспоставување на уставната влада на демократскиот капиталистички реформист Хуан Бош, според серија на фабрикувани изговори вклучувајќи ја и вообичаената реторика во врска со преземањето од комунистите, Дон Пепе реагира амбивалентно, повикувајќи на разбирање за Џонсоновите акции кои, сметаше тој, беа нужни за да се избегне неговиот импичмент.[554]

Како што САД во 80-те се подготвуваше за својот напад врз народните организации и општествената реформа во Средна Америка, така Костарика продолжуваше да соработува, но со недоволен ентузијазам според реганистичкото гледиште, особено за време на Аријасовата влада. Аријас ги прифати темелните норми, славејќи ги државите на теророт на Вашингтон како "демократии", осудувајќи ги сандинистите бидејќи не успеаја да се придржуваат до регионалните стандарди кон кои се сообразуваат американските клиенти и уверувајќи го печатот дека "му кажав на г-ин Шулц дека сандинистите денес се лошите момци и дека вие сте добрите момци, дека тие се демаскираа себеси" при репресијата во Нандем.[555] Но ова ниво на поддршка за теророт поткрепен од САД не беше доволно за џингоистичката десница, која беше навредена од фактот дека Аријас му се придружи на општото латино-американско мислење во спротивставувањето на отвореното насилство на САД во регионот. Во 1987 година, според Советот за хемисферски работи (СОНА), тој беше повикан во Белата куќа да добие "остра лекција" од Реган, кого го подготви Елиот Абрамс, предупредувајќи го директно да не апелира до Конгресот да ја прекине помошта за контрата. Во претходните месеци, доцнењето на помошта за Костарика и другите притисоци служеа како предупредување на она што би можело да следи. Кога Аријас одговори со критички забелешки околу американската политика, СОНА извести дека "разлутениот Реган беше слушнат како извикува откако Аријас си замина: 'Кој е тој кепец?'" Оттогаш, Аријас "немаше нерви да ги пречекори границите што за него ги утврди Вашингтон" и да ризикува губење на американската економска помош што ја одржува "илузијата за просперитетот" што "е критична за зачувувањето на растечки кршливата демократија на земјата."[556]

---

[553] Види Tom Barry and Deb Preusch, *AIFLD in Central America* (Resource Center, Albuquerque, 1986); Daniel Cantor and Juliet Schor, *Tunnel Vision* (South End, 1987); Al Weinrub and William Bollinger, *The AFL-CIO in Central America* (Labor Network on Central America, Oakland, 1987). Види ги и референците во *Turning the Tide,* 273, забелешка 61.

[554] Ameringer, *Don Pepe*.

[555] Richard Boudreaux, *Los Angeles Times,* Aug. 5, 1988.

[556] СОНА "News and Analysis," Aug. 18, 1988.

Во меѓувреме, Хосе Фигерес стана не-личност - настрана од ритуалното повикување на неговото име при медиумските осуди на Никарагва - поради неговите целосно неприфатливи реакции околу Сандинистичката револуција и американскиот терористичка напад врз Никарагва, за што претходно беше расправано. Се признава дека тој "сеуште е најпопуларен и најмоќен поединец во земјата", но и дека е "нестабилен мислител и личност" - како што сега покажува неговата одбрана на сандинистите и "грлестото" противење на "американската интервенција против марксистичкиот режим во Манагва."[557] Оттука, единствено разумно е американската јавност да биде заштитена од забуната што може да биде посеана преку изложеноста на мислите на водечката фигура на капиталистичката демократија во Средна Америка.

Надворешниот долг на Костарика се зголеми трикратно од 1977 до 1981 година и оттогаш скоро се удвои на преку 4 милијарди долари, со нови заеми од 500 милиони долари во 1988 година и со трговски дефицит од 200 милиони долари годишно. Тековниот долг кон приватните банки се искачи на 200 милиони долари само во камати, но иако плаќањето е во голема мера суспендирано, меѓународните трговски институции ги остават фондовите да течат. "Костарика ја изгуби способноста да ја одредува својата економска иднина", заклучи во средината на 1988 година весникот од Сан Хосе "Месоамерика", известувајќи дека во претходните 5 години реалните наемнини паднаа 42 %, додека цените се зголемија а субвенциите за храната и лековите се намалија или исчезнаа. Во одредени области, стапката на смртност кај новороденчињата нагло се зголеми, главно поради економската криза и растечкиот глад, според Институтот за здравствено истражување на Универзитетот на Костарика. Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) бараше понатамошни кратења во социјалната потрошувачка, намалување на минималната наемнина и кратење на вработените во администрацијата, "ставајќи го на таков начин во опасност она што беше еден од најпросветените програми на социјалните служби во Латинска Америка", известува "Месоамерика". Порано самодоволна во земјоделието, сега Костарика ги увозува основните намирници со тоа што се поместува кон извозот кој е во голема мера контролиран од странство, вклучувајќи ги извозните култури, во линија со традиционалните ММФ-Светска банка- УСАИД директиви, што е познат рецепт за катастрофа во земјите од Третиот свет. "Економската стратегија на Аријас што оди во прилог на големиот бизнис", забележува COHA, може да претвори голем број на некогашни самодоволни фармери во наемни работници на плантажите на агробизнисот, додека профитите во голема мера одат надвор од земјата, што е "голема промена во филозофијата во земјата што имаше силна државно-насочувана социјална ориентација."[558]

Постои и растечко граѓанско незадоволство. Селаните без земја предводени од свештениците ја заседоа напуштената земја, што водеше до апсења и насилно протерување. Извештајот на Комисијата за човекови права на Костарика документира десетици жалби за незаконско протерување и злоупотреба на власта во текот на последните две години, вклучувајќи и неколку атентати во кои се замешани силите за безбедност, особено Селската

[557] Sanders, *Costa Rican Laboratory*.

[558] LaFeber, *Inevitable Revolutions*; *Mesoamerica,* July 1988; *Central America Report,* Nov. 1988; COHA's *Washington Report on the Hemisphere,* Nov. 23, 1988. Види и Donald Dye, *In These Times,* Nov. 23, 1988. За некои од овие бројки е известено дека се само проценки, зашто на почетокот на 80-те надворешниот долг беше прогласен за државна тајна.

гарда, при насилството врз селаните. Отецот Елијас Аријас, свештеник затворен со уште 100 сквотери,* изјави дека "на Костарика итно ѝ е потребна земјишна реформа, но законодавците не се волни да го спроведат овој вид на реформа кој е против нивните сопствени лични интереси. Наместо да им помагаат на селаните, тие ја штитат сопственоста на Џон Хал", богатиот американски земјопоседник и помошник на ЦИА кој беше активно вмешан во нападите врз Никарагва од костариканските бази.[559]

Цело време во текот на 80-те, Костарика беше способна да ги одложи овие проблеми благодарение на растечката американска помош, за која се разбираше дека е условена од нејзината општа поддршка за целите на САД во регионот. Единствено енормниот протек на помош го одржа "животниот стандард на Костарика уште покатастрофално да не опадне и нејзиното општество од колапс", забележува Сандерс, пишувајќи дека тоа е веројатно втора помош по Израел, уникатен случај според странското издржување во споредба со странската задолженост по глава на жител. "Единствено масивниот протек на американска помош... ја одвратува катастрофата." Економските проблеми се зголемија поради масивното бегство на капиталот и себе-богатењето на приватниот сектор. Тој предупредува дека постојат остри опасности за "националистичко возвраќање што може да биде искористено од оние што прават проблеми, особено од далечната левица", која е охрабрувана од злите сандинисти што опако гледаат преку границата. Оваа закана е помалку загрозувачка од порано; осакатувањето на никарагванската економија и "политичкото потиснување на сандинистичкиот режим" може "засега да ги имунизира Костариканците против поместувањето в лево" - барем, оние Костариканци кои можат да видат што им подготвува Големиот брат.[560]

Не оставајќи ништо на случајот, САД ги поддржува "паралелните структури во Костарика, особено во службите за безбедност", тврди СОНА, наведувајќи воени и паравоени програми за обука поддржани од САД и чести извештаи, од кои еден лично беше верификуван од член на персоналот на СОНА во јануари 1988 година, за "спонзорирани од САД тајни испораки на вооружување за... приватните паравоени групи" поврзани со десничарските организации и со Граѓанската гарда, преку вашингтонски врски во позадина.[561]

Хосе Фигерес забележа дека "прогонувањето на сандинистите е само еден елемент од овој тренд" на реганистите што тој го осудува. "Другиот е обидот за расклопување на социјалните институции на Костарика, за предавање на целата наша економија на бизнисмените и за уништување на нашето социјално осигурување, нашата национализирана банка, нашите национализирани електрични постројки - неколкуте компании што ги имаме се премногу големи за да бидат во приватни раце. САД се обидува да нè присили да им ги продадеме на т.н. приватно претприемништво, што значи да му го

* Сквотер - оној што немајќи сопствен дом или земја зазема нечиј стан или земја што не се користат од страна на нивните сопственици (заб. на прев).

[559] Linnea Capps, *Links,* Central America Health Report (NCAHRN), Summer 1988. За Хал, види Leslie Cockburn, *Out of Control* (Atlantic Monthly Press, 1987). Хал во јануари 1989 година беше уапсен во Костарика и беше задржан за да биде испрашуван во врска со неговата наводна улога во шверцувањето на наркотици и оружје; Stephen Kurkjian, *Boston Globe,* Jan. 14, 1989.

[560] Sanders, *Costa Rican Laboratory*.

[561] СОНА "News and Analysis," Aug. 18, 1988.

предадеме на локалната олигархија или на американските или европските компании. Возвраќаме најдобро што можеме", со несигурни изгледи.[562]

2. "Злата клетва на тероризмот"[563]

Постои стандардно средство домашното население од било која земја да се втера во линија за да ги поддржи политиките на кои се противи: предизвикај страв од некој застрашувачки непријател што е на работ да го уништи. Како што беше расправано во петтата глава, "злата клетва на тероризмот" во 80-те беше природен избор за оваа улога, кога САД гледаше да измисли доволно слаб непријател што би бил нападнат неказниво, но кој би бил доволно загрозувачки за да го мобилизира општото население за да ја поддржи реганистичкото проширување на државната моќ дома и на насилството во странство. Заканата избледе кога по неколку години стана нужно соочувањето со трошоците на овие политики. Медиумите ентузијастички се здружија за потфатот.[564]

Значењето на терминот "тероризам" не е сериозно спорно. Тој е дефиниран со доволна јасност во официјалниот законик на САД и во бројните владини публикации. Еден прирачник на американската војска за спротивставување на напаста го дефинира тероризмот како "пресметана употреба на насилство или закана со насилство за постигнување на цели што се политички, религиозни или идеолошки по природа. Ова се прави преку заканување, присилување или предизвикување страв." Уште поконцизна е карактеризацијата во студијата што ја побара Пентагон од познатиот тероролог Роберт Куперман, која зборува за заканата или за употребата на сила "за постигнување на политички цели без целосно посветување на ресурсите."[565]

Куперман сепак не го дефинира "тероризмот", туку напротив "конфликтите со низок интензитет" (КНИ), што е облик на меѓународен тероризам, како што покажува дефиницијата и како што потврдува фактичката пракса. КНИ е доктрината кон која САД е официјално посветен и која ја докажа својата вредност при спречувањето на успешниот независен развој во Никарагва, иако запна во Ел Салвадор и покрај својот исклучителен данок. Мора да се нагласи дека КНИ - доста слично како и неговиот претходник, "контра-востаништвото" - тешко дека е нешто повеќе од еуфемизам за меѓународниот тероризам т.е. за потпирањето врз силата што не достигнува до нивото на военото злосторство агресија, што спаѓа под пресудите од Нирнберг.

Во светот постојат многу терористички држави, но САД е невообичаен во тоа што е *официјално* посветен на меѓународниот тероризам и на скалата на која ги става своите соперници за срамотење. Земете го Иран, кој со сигурност е терористичка држава, како што правилно објавија владата и медиумите. Неговиот главен придонес кон меѓународниот тероризам за кој се знае беше

[562] Интервју, *World Policy Journal,* Spring 1986.
[563] Додаток кон Петта глава.
[564] Види ги изворите што се наведени во глава 5, забелешка 25, за далеку поопширна расправа и за посебни референци ако тие не се дадени овде.
[565] *US Army Operational Concept for Terrorism Counteraction* (TRADOC Pamphlet No. 525-37, 1984); Robert Kupperman Associates, *Low Intensity Conflict,* July 30, 1983. И двете се наведени во Michael Klare and Peter Kornbluh, eds., *Low Intensity Warfare* (Pantheon, 1988, 69, 147). Вистинскиот цитат од Куперман посебно упатува на "заканата со сила"; и нејзината употреба јасно се намерава.

откриен за време на иранско-контристичкиот скандал: имено, можеби ненамерното вмешување на Иран во ополномоштената војна на САД против Никарагва, тема од големо внимание за медиумите, кои успеаја да не го забележат овој нелагоден но совршено очигледен факт. Посветеноста на САД на меѓународниот тероризам досега до фините подробности. Така, ополномоштената сила што ја напаѓа Никарагва се насочува кон напади врз земјоделските задруги - точно она што со ужас го осудуваме кога се работи за Абу Нидал. Во овој случај, директивите ја имаат изречната авторизација од Стејт департментот и одобрувањето од медиумските гулаби. Организираните од САД сили за безбедност во Ел Салвадор ја следат истата политика.[566]

"Тероризмот е војна против обичните граѓани"; "терористите - и другите држави кои ги помагаат и ги поттикнуваат - служат како мрачни потсетници дека демократијата е кршлива и дека треба будно да се чува." Така грмеше Џорџ Шулц во истиот момент со терористичкиот напад на САД врз Либија. "Преговорите се еуфемизам за капитулацијата ако сенката на моќта не се надвиснува над преговарачката маса", додаде тој, при што ги осуди оние што ги бранат "утописките, легалистички средства како надворешното посредување, ОН и Меѓународниот суд, истовремено игнорирајќи го елементот на моќта во равенката." Чувствата не се без преседан во модерната историја.[567]

Бара значителна дисциплина од "специјализираната класа" за одржување на сопственото намерно незнаење, додека на знак и по команда се осудува тероризмот на другите.

Дознаваме колку импресивно е ова постигање, кога ќе се свртиме кон главните примери на напаста. За да избегнеме задачата да биде премногу лесна, да го оставиме настрана исклучителниот изблик на тероризмот во 80-те во целата Средна Америка - што преовладувачки беше државно-насочен меѓународен тероризам, знаејќи ја клучната улога на САД, па така и случај на главното злодело во тој период, според реториката во 80-те, всушност далеку најекстремен пример.

Разгледајте ја 1985 година, кога медиумската загриженост околу тероризмот беше на врвот. Главниот поединечен терористички чин беше експлодирањето на леталото на "Ер Индија", што уби 329 луѓе. Терористите беа подучени за својата вештина во еден паравоен камп во Алабама што го водеше Френк Кампер, каде што платениците се обучуваа за терористички акти во Средна Америка и на други места. Според бивши платеници, Кампер имаше тесни врски со американското разузнавање и беше лично вмешан во бомбардирањето на "Ер Индија", наводна операција "за учење памет" што излезе надвор од контрола. При посетата на Индија, јавниот обвинител Едвин Миси на посреден начин призна дека терористичките операции потекнаа од американски терористички камп за обука, во изјавите за кои печатот едвај да извести.[568] Било каква врска на некој терорист со Либија, колку и да е трошна, е доволна за да покаже дека Гадафи е "бесно куче" кое мора да биде елиминирано.

Свртувајќи се кон Блискиот исток, главниот локус на меѓународниот тероризам според државната доктрина и медиумите, главниот поединечен терористички чин во 1985 година беше автомобилот-бомба во Бејрут во март

[566] Види ја *Culture of Terrorism,* 77, и мојата статија во *Z Magazine,* January 1988.
[567] Shultz, "Moral Principles and Strategic Interests," U.S. Department of State, Current Policy No. 820, говор од 14 април 1986 година.
[568] *Pirates and Emperors,* 136; Cockburn, *Out of Control,* 26.

што уби 80 луѓе и повреди 200. Мета беше шиитскиот водач шеикот Фадлалах, кој беше обвинет за соучесништво во тероризам, но кој избега. Нападот го уреди ЦИА и нејзините саудиски клиенти со помош на либанското разузнавање и еден британски специјалист, а посебно беше одобрен од директорот на ЦИА, Вилијам Кејси, според описот на Боб Вудвард во неговата книга за Кејси и ЦИА.[569]

Следи дека САД лесно ја освојува наградата за поединечните акти на меѓународен тероризам во врвната година на официјалната напаст. Американската клиентска држава Израел е веднаш зад петиците. Неговите операции "Железна тупаница" во Либан немаа паралела во годината како продолжителни акти на меѓународен тероризам, а бомбардирањето на Тунис (со преќутна поддршка на САД) ја освојува втората награда за поединечни терористички акти, освен ако не земеме дека ова е случај на фактичка агресија, како што одреди резолуцијата на Советот за безбедност на ОН, при што САД се воздржа.[570]

Во 1986 година, главен поединечен терористички акт беше американското бомбардирање на Либија - претпоставувајќи повторно дека не го подведуваме овој напад под категоријата агресија. Ова беше брилијантно изведен медиумски настан, прво бомбардирање во историјата кое беше испланирано за најгледаните часови на телевизиите, токму за моментите кога мрежите ги отвораа своите национални програми за вести. Овој погоден аранжман, кого медиумите се преправаа дека не го разбираат, им овозможи на репортерите моментално да се вклучуваат во Триполи за нивните гледачи да можат да ги гледаат возбудливите настани во живо. Следниот акт на оваа извонредно мајсторска ТВ драма беше серијата на прес конференции и изјави од Белата куќа кои објаснуваа дека тоа беше "самоодбрана од идните напади" и пресметана реакција на поставувањето бомба во диското во Западен Берлин пред 10 дена за што треба да се обвини Либија. Медиумите беа доста свесни дека доказот за ова обвинување е тенко, но фактите беа потиснати при општото ласкање за решителниот став на Реган против тероризмот, што одекна преку политичкиот спектар.

Медиумското потиснување започна уште од првиот момент, кога новинарите на прес конференцијата пренесувана на телевизиите верно ги свртија очите од доказите што им беа при рака што предизвика многу сериозни сомнежи околу тврдењата што ги слушаа, како извештајот од Берлин, половина час пред американскиот напад врз либиските градови, дека американските и западно-германските службени лица немаат докази за вмешаноста на Либија во поставувањето на бомба во диското во Берлин, туку само "сомневања", спротивно на тврдењата на администрацијата за сигурните сознанија од пред 10 дена; на прес конференцијата никој од бестрашните членови на новинарските трупи во Белата куќа не праша како е можно Вашингтон да има сигурни сознанија пред 10 дена за она што останува непознато за американското и западно-германското разузнавање. По неколку недели, истакнато беше објавено во Германија - а опскурно тука - дека разузнавачкиот тим на западно-германската полиција што го истражуваше поставувањето бомба немаше сознанија, и никогаш немал, за било каква "либиска врска". Повторно, фактите беа потиснати, дури и од новинарите што интервјуираа високи германски

[569] Woodward, *Veil* (Simon & Schuster, 1987, 396f.).

[570] Види глава 5. Потсетете се дека агресијата е далеку посериозно злосторство од меѓународниот тероризам.

службеници, кои обезбедуваа информации за секого што сакаше да ги слушне. Во странство беа објавени и други докази за лагите на американската влада, но тие беа замолкнати тука, настрана од маргиналните публикации. Така, за драматичните стории на високите службеници на администрацијата околу узбуната што беше кренатa во Западен Берлин по наводните либиски "пречки", што не успеа само за 15 минути да ги спаси жртвите на диското каде што беше поставена бомбата, беше откриено дека се целосни фабрикации; не беше кренатa узбуна, го информира BBC полицијата на Западен Берлин. На крајот тивко се призна дека обвиненијата за либиската вмешаност имаат малку ако и воопшто имаат некоја основа, иако тие продолжија да се презентираат како факти; така, дописникот од Вашингтон на "Бизнис вик" пишува дека "преку наредувањето да се постави бомба во една западно-берлинско диско во 1986 година, при што беа убиени двајца американски војници, Гадафи испровоцира насилен одговор - масивен воздушен напад"; практиката е доста вообичаена. Но и покрај повремените отстапки со мали букви дека нема основа за приказните врз кои сеуште постои широко потпирање, не се извлекуваат никакви заклучоци околу самото американско бомбардирање, кое удираше врз цивилни мети и што резултираше, според извештаите, со околу 100 убиени како "одмазда" за поставувањето бомба при кое двајца беа убиени, од кои еден беше американски војник. Ниту пак се извлекоа заклучоци околу свесната завера на медиумите при овој акт на тероризам од големи размери, што оди доста подалеку од она што е овде прегледано.[571]

И во овој случај, дисциплината на специјализираната класа цело време беше импресивна, особено ако имаме на ум дека медиумите самите се подложија на дезинформациските кампањи во врска со Либија уште од првите месеци на Регановата администрација,[572] секој пат признавајќи дека биле "излажани", но и нестрпливо враќајќи се за да вкусат искуството во следната рунда.

Исто така за 1986 година, САД изгледа дека ја освои наградата на меѓународен тероризам, дури и настрана од сеопфатниот тероризам што го спонзорира во Средна Америка, вклучувајќи го и она што бившиот директор на ЦИА, Стенсфилд Тарнер, го опишува како наш "државно-поддржан тероризам" во Никарагва.[573]

Целиот опсег на терористички акции од страна на САД и на неговите клиенти во 80-те е исклучителен. Само во Средна Америка, десетици илјади убиени, измачувани и осакатени жртви можат да одат директно на сметка на реганистите и на нивните соучесници. Оттука, единствено може да се очекува дека Реган треба да биде фален поради неговиот придонес кон каузата на човековите права, еден од неговите главни "триумфи", читаме во "Њу

---

[571] За подробности, види ја мојата "Libya in U.S. Demonology," *Covert Action Information Bulletin,* Summer 1986, проширена во *Pirates and Emperors,* глава 3; William Schaap, *CAIB,* Summer 1988. Dave Griffiths, *Business Week,* Sept. 19, 1988. Иако на повидок нема никаква веродостојна информација околу терористичкиот напад врз диското, во Германија се искажани сомневања дека поставувањето бомба во овој бар од Третиот свет, при што беше убиена една Турчинка и еден американски регрут црнец (подоцна умре уште еден американски војник црнец), може да има врска со дрогата, па дури можеби да е и операција на Кланот (Кју клукс кланот - заб. на прев.).

[572] Првото разоткривање на "дезинформациската" кампања беше во *Newsweek,* Aug. 3, 1981.

[573] Тарнер, сведочење пред Поткомитетот на Претставничкиот дом за западно-хемисферски работи од 16 април 1985 година, наведено од Peter Kornbluh во Walker, *Reagan vs. the Sandinistas.*

рипаблик" - без големо изненадување, имајќи го во предвид значењето на изразот "човекови права" во весникот што го убедува Реган да го поддржи државниот терор во Ел Салвадор "без оглед на тоа колкумина се убиени за да не победат марксистичко-ленинистичките герилци." На либералниот екстрем, уредникот Хендрик Херцберг наведува листа на "работи во врска со Регановата ера што не се така привлечни, како немарноста, бездомништвото, Либан (веројатно мисли на мртвите маринци, а не на мртвите Либанци и Палестинци - Н. Ч.), јапиевските никаквеци" и други облици на грдотии и недостиг на вкус. Десетиците илјади измачувани и осакатени тела во Средна Америка не се квалификуваат како "не така привлечни".[574]

Меѓународниот тероризам не е, се разбира, пронајдок на 80-те. Во претходните две декади, негови главни жртви беа Куба и Либан.

Антикубанскиот тероризам беше насочуван од тајната Специјална група што беше воспоставена во ноември 1961 година за да спроведува тајни операции против Куба под шифрираното име "Мунгос", која вклучуваше 400 Американци, 2000 Кубанци, приватна морнарица на глисери и 50 милиони долари годишен буџет и беше делумно управувана од станицата на ЦИА во Мајами која функционираше кршејќи го Актот за неутралност и, веројатно, законот што забрануваше операции на ЦИА во САД.[575] Овие операции вклучуваа бомбардирање на хотели и индустриски инсталации, потопување на рибарски чамци, прскање со отров на културите и на животните намирници, контаминирање на изворот на шеќер, експлодирање на цивилни авиони итн. Не секоја од овие акции беше директно одобрена од ЦИА, но ние не дозволуваме таквите педантерии да ни попречуваат кога ги осудуваме официјално обележаните терористички држави.

Неколку од овие терористички операции се случија за време на кубанската криза со проектилите од октомври-ноември 1962 година. Во претходните недели, Рејмонд Гартхоф извести дека една кубанска терористичка група што делува од Флорида со одобрување од американската влада спроведе "смел решетирачки напад со глисери врз еден кубански хотел на брегот близу Хавана каде се знаеше дека се собраа советските воени техничари, убивајќи бројни Руси и Кубанци"; а кратко време потоа нападнаа британски и кубански товарни бродови и повторно ја нападнаа Куба помеѓу останатите акции што беа засилени на почетокот од октомври, додека Конгресот донесе резолуција "со која се санкционира употребата на сила, ако е тоа неопходно, за да се спречи кубанската агресија и субверзија во Западната хемисфера" и гласаше за задржување на помошта за било која земја што тргува со Куба. При еден од најнапнатите моменти од кризата со проектилите, на 8 ноември, еден терористички тим испратен од САД крена во воздух една кубанска индустриска постројка, откако операциите "Мунгос" официјално беа суспендирани. Во писмото до генералниот секретар на ОН, Фидел Кастро наведе дека беа убиени 400 работници во оваа операција, која беше водена од "фотографиите што беа сликани од шпионски авиони" (упатувајќи на сведочењето на фатениот "водач на група на шпиони обучени од ЦИА и насочувани од неа"). Овој терористички

[574] Fred Barnes, *TNR,* May 30, 1988; уводник, *TNR,* April 2, 1984. За подолг извадок, види *Turning the Tide,* 167-68 и забелешките, околу обидите на уредникот Хендрик Херцберг да ги избегне фактите. Hertzberg, *TNR,* Feb. 6, 1989. Потсетете се и на фалбените коментари околу посветеноста на Реган на човековите права за време на пропагандното практикување при самитите, за што веќе е расправано.

[575] Raymond L. Garthoff, *Reflections on the Cuban Missile Crisis* (Brookings Institution, 1987, 17).

напад, што можеше да започне глобална нуклеарна војна, се сметаше за доволно важен за да заслужи попатна референца во фуснота во една статија за кризата со проектилите во весникот "Интернејшнал секјурити", но не и медиумско внимание, според она што го знам. Обидите за атентат врз Кастро и другиот терор продолжија веднаш по завршувањето на кризата и беа ескалирани од страна на Никсон во 1969 година.[576] Нема познат пример на кампања што толку неконтроверзно се квалификува како терористичка што ѝ се приближува на оваа според степенот и насилството.

Свртувајќи се кон вториот главен пример од предрегановиот период, од раните 70-ти населението во јужен Либан се држеше во заложништво со "рационални изгледи, на крајот исполнети, дека засегнатото население ќе врши притисок за прекинување на непријателствата" и прифаќање на израелските аранжмани за регионот (Аба Ебан, кој коментираше во врска со описот на премиерот Менахем Бегин на sверствата во Либан што беа извршени од лабуристичката влада во стилот "на режимите што ниту г-ин Бегин ниту јас не би се осмелиле да ги спомнеме по име", забележа Ебан, признавајќи ја прецизноста на описот).[577] Забележете дека ова оправдување, што е понудено од почитуван гулаб од Лабуристичката партија, ги сместува овие акции директно во рубриката за меѓународен тероризам според секоја разумна дефиниција, освен ако, повторно, не сметаме дека потпаѓаат под посериозното злодело агресија - како што, се разбира, би постапиле ако некоја непријателска држава беше спроведувач на злоделата.

Илјадници беа убиени и стотици илјади беа истерани од своите домови при овие терористички напади. Малку се знае за нив, зашто беше работа на незаинтересираност тоа што беа убивани Арапи и што беа уништувани нивни села од страна на една западна држава која е вооружена и поддржана од САД. Дописникот на ABC, Чарлс Глас, кој тогаш беше новинар во Либан, најде "малку американски уреднички интерес за условите во јужен Либан. Израелските напади и бомбардирање на нивните села, нивниот постепен егзодус од јужен Либан кон растечките сламови на периферијата на Бејрут не беа ништо во споредба со грозните приказни за 'терористите' што го загрозуваа Израел, грабнуваа авиони и завземаа амбасади." Реакцијата во голема мера беше иста, продолжува тој, кога израелските одреди на смртта оперираа во јужен Либан по израелската инвазија од 1982 година. Некој би можел да прочита за нив во лондонски "Тајмс", но американските уредници не беа заинтересирани. Ако медиумите известеа за операциите на "овие одреди на смртта од луѓе на Шин Бет (тајната полиција - Н. Ч.) во цивилна облека кои убиваа сомнителни во селата и камповите на јужен Либан", "провоцирајќи го шиитското муслиманско население и правејќи го неодржливо присуството на маринците", можеби ќе имаше одредено почитување за проблемите на американските маринци што беа разместени во Либан. Тие изгледа дека не сфаќаа зошто беа таму настрана од "црнечките регрути: скоро сите тие рекоа, иако за жал никогаш пред камерите, дека се испратени да ги штитат богатите од сиромавите." "Единствените луѓе во

[576] *Ibid*., 16f., 78f., 89f., 98; *International Security,* Winter 1987-88, 12. За повеќе околу овие терористички операции, види ги референците во глава 5, забелешка 25; исто и капетанот во американската војска Bradley Earl Ayers, *The War that Never Was* (Bobbs-Merrill, 1976); Warren Hinckle and William Turner, *The Fish is Red* (Harper & Row, 1981); William Blum, *The CIA* (Zed, 1986); Morris Morley, *Imperial State and Revolution* (Cambridge, 1987).

[577] *Jerusalem Post,* Aug. 16, 1981; види го *Fateful Triangle,* глава 5, оддели 1, 3.4 за понатамошни цитати, позадина и опишување.

Либан со кои се идентификуваа беа бедните шиитски бегалци кои живееја насекаде околу нивната база на бејрутскиот аеродром; тажно е што веројатно беше еден од тие бедни шиити... што уби 241 од нив на 23 октомври 1983 година." Ако беше известено за било што од ова, можеби ќе беше можно да се одврати, или барем најмалку да се сфати, поставувањето бомба при што беа убиени маринците, жртви на политиката што "печатот не можеше да ѝ ја објасне на јавноста, а нејзините службеници за информации не можеа да им ја објаснат на самите маринци" - и која сега Џорџ Шулц и коментаторите што му се восхитуваат на неговиот "интуитивен презир за тероризмот" ја осудуваат како неиспровоциран арапски тероризам.[578]

Ефектот од отстранувањето на Египет од конфликтот во Кемп Дејвид беше тоа дека "Израел ќе биде слободен за ги одржи воени операции против ПЛО во Либан како и доселеничките активности на Западниот брег", забележа израелскиот стратегиски аналитичар Авнер Јанив по 10 години; поентата беше очигледна на времето, но останува неприфатливо согледување при еуфоријата околу американското "миротворство".[579] Оттука беше предвидливо што по договорот од Кемп Дејвид израелскиот терор во Либан продолжи, а веројатно и ескалира, иако известувањето беше толку оскудно што никој не може да биде сигурен. Доволно беше да се знае дека Палестинците и Либанците претрпеа многу жртви. Израелските операции понекогаш беа возвраќања или наводни возвраќања; често немаше изговор. Од почетокот на 1981 година, Израел започна неиспровоцирани напади кои конечно предизвикаа одговор во јули, што доведе до размена на оган при што беа убиени 6 Израелци и неколку стотици Палестинци и Либанци при израелското бомбардирање на густо населените цивилни мети. Од овие инциденти, сé што остана во колективното паметење на медиумите е трагичната судбина на жителите на северна Галилеја, кои беа истерани од домовите од ракетите "катјуши".[580]

Откако беше уреден прекин на огнот под американско спонзорство, Израел продолжи со своите напади. Грижата на Израел, според Јанив, беше дека ПЛО ќе се придржува кон договорот за прекин на огнот и дека ќе продолжи со своите обиди да постигне дипломатски договор за две држави, на што Израел и САД силно се противеа. Во следната година, Израел со растечки очај се обиде да предизвика некаков одговор од ПЛО што би можел да биде употребен како изговор за планираната инвазија врз Либан, чија цел беше уништување на ПЛО како политичка сила, воспоставување на израелска контрола врз окупираните територии и - во својата најширока визија - воспоставување на "Новиот поредок" на Ариел Шарон во Либан а можеби и потаму. Овие обиди не успеаја да предизвикаат одговор од ПЛО. Медиумите реагираа преку настојување да се

[578] Glass, текст од говорот на конференцијата на Асоцијацијата за блиско-источни студии, Лос Анѓелес, 4 ноември 1988 година; објавен во *Index on Censorship* (London), January 1989.

[579] Yaniv, *Dilemmas of Security,* 70. Војната од октомври 1973 година дома ја донесе лекцијата дека Египет не може да се занемари. Тогаш САД се сврти кон очигледната стратегија: отстрани го од конфликтот. Види ја мојата статија од 1977 година, која беше повторно печатена како глава 11 во *Towards a New Cold War.* Со Кемп Дејвид беше комплетирана оваа стратегија.

[580] Види ги *Towards a New Cold War* и *Fateful Triangle* околу овие настани и *Pirates and Emperors* околу тоа како тие влегоа во меморијата. За краток преглед од експертска израелска перспектива, види Schiff and Ya'ari, *Israel's Lebanon War*. Тешко е да се дознае што точно содржеше нивниот оригинален ракопис, зашто голем дел беше отстранет од израелскиот цензор; 20% според Еуд Јаари, 50% според еден "угледен дописник" што го наведува историчарот на Блискиот исток, Аугустинус Ричард Нортон од Воената академија во Вест поинт (*Kol Ha'ir,* Feb. 10, 1984; *Middle East Journal,* Summer 1985).

“почитуваат страданијата на Израел” наместо “да му се проповеда на Израел”, кога Израел бомбардираше мети во Либан со многу цивилни жртви.[581] Израел конечно го употреби обидот за атентат врз амбасадорот Аргов од страна на Абу Нидал - кој со години е во војна со ПЛО и дури нема ни канцеларија во Либан - како изговорот за да ја започне операцијата “Мир за Галилеја”, додека “Њујорк тајмс” ракоплескаше поради “ослободувањето на Либан”, внимателно избегнувајќи го либанското мислење. “Нарекувањето на Либанската војна 'Војна за мир во Галилеја' е повеќе од погрешно именување”, пишува Јехошафат Харкаби. “Би било почесно таа да се нарече 'Војна за зачувување на окупацијата на Западниот брег.'“ “Главниот мотив на Бегин за започнување на војната беше неговиот страв од поттикнувањето на мировниот процес.”[582]

На времето беше доволно јасно дека перцепираната закана од ПЛО беше нејзината посветеност на политичкиот договор и откажувањето од теророт. За разлика од тоа, теророт на ПЛО не беше проблем и всушност беше посакуван како средство за избегнување на политичкиот договор.

САД ја поддржа оваа политика; соодветно на тоа, вистинските причини и нивната позадина се целосно страни за медиумите, кои нè убедуваат дека американско-израелската потрага по мир е попречена од теророт на ПЛО. По израелската инвазија, со можеби 20.000 или повеќе цивилни жртви, израелските терористички акции во Либан продолжија, сè до денес, иако тие не се дел од “злата клетва на тероризмот”. Повремено можеме да прочитаме дека либански фармери “што работеа на полињата близу Ајн Килве беа убиени, кога израелските авиони фрлија потпалувачки бомби”, но ништо не се сугерира при ова попатна забелешка во последната реченица на кратката статија за бомбардирањето на бегалскиот камп кај Рашидија од страна на израелските воени чамци, еден ден по убивањето на 41 човек и ранувањето на 70 при бомбардирањето на бегалскиот камп кај Ајн Килве.[583] Другите терористички напади против Арапите, па дури и против американските инсталации во арапските земји и на еден американски брод во меѓународни води со многу жртви (“У.С.С. Либерти”) исто така лесно се преголтуваат кога извршителот е некоја клиентска држава.

Во светлината на фактите какви што се овие, како е можно научниците и медиумите да ја одржат потребната теза дека напаста на модерното време ја спроведува советски заснованата “сесветска терористичка мрежа чија цел е дестабилизација на западното демократско општество”, како што објави Клер Стерлинг, која, Валтер Лакур нè уверува, понуди “изобилни докази” дека тероризмот се случува “скоро исклучливо во демократските или релативно демократските земји”? Како е можно медиумите да продолжат да ги идентификуваат Иран, Либија, ПЛО, Куба и другите официјални непријатели како водечки практикувачи на меѓународниот тероризам? Одговорот е едноставен сам по себе. Единствено е нужно, уште еднаш, да се потсетиме на “корисноста на толкувањата”. Тероризмот е тероризам само кога го спроведуваат официјалните непријатели; кога САД и неговите клиенти се спроведувачи, тоа е одбрана на демократијата и на човековите права.

Од медиумите не се бара да ја бранат доктрината, туку само да се придржуваат до неа. Научната литература има потешка задача. Како пример,

[581] Уводник *Washington Post,* April 22, 1982; види го *Fateful Triangle* за понатамошна позадина и Yaniv, *op. cit.,* за оправдување на овие операции. Види и додаток 1, оддел 2, погоре.
[582] Harkabi, *Israel's Fateful Hour,* 100-1. Види додаток 1, оддел 2.
[583] *NYT,* Sept. 7, 1987.

разгледајте ги прилозите на високопочитуваниот тероролог Валтер Лакур[584] - почитуван научник чие гледање на меѓународните работи го илустрира неговата објава дека "за разлика од Советскиот сојуз, САД не сака никого да преобрати во некој посебен политички, општествен или економски систем."[585]

Главната грижа на научната студија за тероризмот на Лакур е "меѓународниот државно-спонзориран тероризам". Неговата студија содржи многу инсинуации и обвинувања за кубанското спонзорирање на тероризмот, со малку преправање за докази. Но нема ниту збор за терористичките операции на САД против Куба. Тој пишува дека во "последните декади... поугнетувачките режими не само што се слободни од терор, туку и помагаат тој да започне против попермисивните општества." Неговата намера, се разбира, е да имплицира дека САД, "пермисивно општество", е еден од жртвите на напаста на меѓународниот државно-спонзориран тероризам, додека Куба, "угнетувачки режим", е еден од неговите спроведувачи. Она што всушност следи од неговите изјави е дека САД е "поугнетувачки режим", а Куба "попермисивно општество", имајќи го во предвид тоа дека САД непобијно започна големи терористички напади против Куба, а самиот е релативно слободен од терор. Внимателното одбирање на доказите и наводите имаат за цел да го спречат разбирањето на овие едноставни факти.

Користејќи ги истите доктринарни филтри, Лакур изјавува дека израелската инвазија на Либан од 1982 година беше одговор на "нападите врз Израел" од страна на ПЛО; вистинските факти околу ова, како што видовме, се радикално поинакви. Во претходните години, тврди тој, ПЛО "го опустоши Дамур", убивајќи "околу 600 цивили", откако реши, поради ненаведени причини, да го поддржи Либанското национално движење против маронитите. Терористичките напади на маронитите поддржани од Израел кои ја вовлекоа ПЛО во граѓанската војна и кои водеа до возвраќачкиот терор во Дамур поминаа без да бидат спомнати; напротив, Лакур пишува дека "и ако (ПЛО - Н. Ч.) обѕирно се држеше неутрално, што сигурно не го правеше, нејзиното јасно физичко присуство би... делувало како провокација." Тој не елаборира околу тоа како таа би можела да се држи "обѕирно неутрално" по убиствените напади врз Палестинците и врз Либанците што беа во сојузништво со нив.[586] Но како што пропагандниот агент за САД нема да види американски терор врз Куба, туку само кубанска поддршка за теророт, така и израелскиот пропагандист разбира дека задачата е да се демонизира ПЛО и на таков начин да се обезбеди имплицитно оправдување за продолжителната израелска контрола врз окупираните територии - оние што Лакур ги нарекува "лев брег".

Лакур забележува дека тероризмот "е фактор со одредена важност во Ел Салвадор и Гватемала", упатувајќи не на исклучителното изложување на државен тероризам оркестриран и поддржан од САД, туку на теророт на герилата - кој е реален, но ни од далеку не е споредлив со "меѓународниот државно-спонзориран тероризам" кого тој го избегнува кога спроведувачите се оние погрешните за неговите цели. Лакур спомнува дека шест Американци "исчезнаа во граѓанската војна во Ел Салвадор." Тие понатаму не се идентификуваат, но тој веројатно ги има на ум четирите американски црквено-служителки кои беа силовани и убиени од Салвадорската национална гарда

[584] Laqueur, *The Age of Terrorism*. Цитатите што следат се од страните:. 8, 91-92, 218, 215, 139, 166, 232, 141, 106, 21-22, 291-92, 204, 262, 245, 296-97, 310, 300.
[585] Laqueur and Charles Krauthammer, *New Republic,* March 31, 1982.
[586] За фактите и за играта со бројките, види додаток 1, оддел 2.

поддржана од САД и раководена од генералот Видес Касанова, кој беше унапреден во министер за одбрана во владата на Дуарте во "демократијата во повојници"; и двајцата Американци што работеа на земјишната реформа, кои беа убиени во еден ресторан од војници по наредба на офицери на Националната гарда и на началникот, кои никогаш не беа обвинети. Никој од овие факти не е спомнат и тие не побудуваат мисли околу изворот на тероризмот во таа трауматизирана земја. Некој би можел да праша и дали изразот "исчезнати во граѓанската војна" праведно го третира елементот на "меѓународен државно-спонзориран тероризам" при овие sверства. Но задачата е да се обезбеди покривка за sверствата поддржани од САД за така тие да можат неказниво да продолжат, истовремено демонизирајќи ги непријателите на државата, што се факти кои можат да се отфрлат како јасно додевање.

Лакур упатува на шеикот Фадлалах, иако не на иницираната од ЦИА автомобил-бомба од март 1985 година што уби 80 цивили во неуспешен обид за атентат врз него. Автомобилите-бомби во Либан и на другите места се во рамките на неговиот концепт на тероризмот. Така, "нападите со автомобили-бомби врз американските маринци во Либан" спаѓаат во рамките на канонот на тероризмот, но не и нападот со автомобил-бомба иницран од ЦИА што беше главен поединечен акт на меѓународен тероризам на Блискиот исток во врвната година на напаста. Слично на тоа, се расправа за употребата на писма-бомби и на "примитивни книги-бомби", но не се спомнува софистицираната книга-бомба што ја употреби израелското разузнавање за да го убие египетскиот генерал Мустафа Хафез во 1956 година во Газа, во времето кога тој беше одговорен за спречувањето на палестинските федаини да се инфилтрираат за да напаѓаат израелски мети.[587] Прегледот на Лакур за употребата на писмата-бомби не го вклучува ни сведочењето на Јаков Елијав, командант на терористичката група на чие чело беше тековниот премиер на Израел, Ицак Шамир ("*Lehi"*, "суровата банда"). Во книгата од 1983 година Елијав тврди дека е првиот што употребил писма-бомби. Делувајќи од Париз во 1946 година, тој уреди 70 такви бомби да бидат испратени во официјални пликови на британската влада до сите членови на британскиот кабинет, до водачите на торијевската опозиција и до неколку воени команданти, означени со "лични и тајни" за намераваните жртви самите да ги отворат. Во јуни 1947 година, тој и еден негов соучесник беа фатени од белгиската полиција додека се обидуваа да ги испратат овие писма-бомби и сè беше осуетено.[588]

Лакур упатува на водениот од Северен Виетнам тероризам во Јужен Виетнам во доцните 50-ти и во раните 60-ти, одбегнувајќи ги основните факти околу тоа, а кои се достапни во секоја респектабилна научна студија: дека Ханој го одобри насилството дури по неколкуте години на апелирање од страна на јужнаците, кои беа уништени од американско-Диемскиот терористички напад што го десеткува анти-францускиот отпор, дека "владата тероризираше далеку повеќе отколку што правеше револуционерното движење" и доста пред насилството да биде одобрено како одговор на теророт спонзориран од САД и дека ова одобрување на силата дојде доста време по поткопувањето на

[587] Ehud Ya'ari, *Egypt and the Fedayeen* (Hebrew) (Givat Haviva, 1975, 27f.), студија заснована врз запленети египетски и јордански документи. Во истото време, Салах Мустафа, египетски воен аташе во Јордан, беше сериозно повреден од писмо-бомба испратено од Источен Ерусалим, веројатно од истиот извор, *ibid.*

[588] Израелскиот воен историчар Uri Milshtein, *Hadashot,* Dec. 31, 1987, упатувајќи на книгата на Елијав од 1983 година *Hamevukash*.

Женевскиот договор од страна на САД и неговиот клиент, со кој се утврди времена демаркациона линија помеѓу Северен и Јужен Виетнам.[589]

Лакур расправа и за нарко-тероризмот од страна на земјите на советскиот блок, особено Лаос, кој дури одгледува и опиум, што е екстремен доказ за советската злоба, треба да разбере читателот. Тој признава дека "има одредени гласини - и можеби повеќе од гласини - околу врските помеѓу производството на дрога во 'златниот триаголник' на Југоисточна Азија и разноразните локални воени господари и востаници." Но неговата расправа за нарко-тероризмот внимателно ја заобиколува водечката улога на ЦИА во трговијата со дрога, особено во Лаос и во златниот триаголник. Фактите би биле бескорисни за намерувaните цели, па така тие повторно се фрлаат во дупките за сеќавањата, а Лаос станува пример за нарко-тероризмот поддржан од *Советите*. Мора барем да ѝ се восхитуваме на дрскоста. Лакур не е единствениот научник што изразува загриженост во врска со можната советска улога во трговијата со дрога. Да спомнеме друг, професорот по историја на Оксфорд, Норман Стоун, предупредувајќи дека Западот не треба да биде занесен од Горбачовите трикови, злокобно упатува на "наводната советска вмешаност во трговијата со дрога за да го деморализира Западот", но не и на добро-утврдената вмешаност на американската влада во трговијата со дрога кратко време по Втората светска војна.[590]

Тероризмот стана проблем во западните демократии во 60-те, продолжува Лакур, кога "политичкото насилство стана интелектуално почитувано... во одредени кругови", а терористичките групи, во главно лево-ориентирани, започнаа "терористички бран" со странска помош. Тој навистина признава дека постоеше десно-ориентиран тероризам, дури забележува и дека "терористичките беснеења кои вклучуваа најголем дел од жртвите во Европа", еден во Минхен и два во Италија, "не беа извршени од лево-ориентирани групи" - негов начин на кажување дека тоа беше десно-ориентиран терор. Тој додава дека "бомбата во Минхен скоро сигурно експлодира поради невнимание", па така на десницата веројатно барем делумно ѝ е простено; лево-ориентираните бомби секогаш целат директно врз цивили. Покрај фактот дека најлошиот терор во Европа се должеше на десното крило, "сеуште може да се тврди", продолжува тој, дека десно-ориентираниот терор "беше далеку помалку чест и систематски." Овој услужлив аргумент е олеснат преку целосното игнорирање на подвизите на десно-ориентираните екстремисти, на пример во Италија, каде фашистичките елементи интегрирани со војската и со службите за безбедност можеби дојдоа на досегот на превземање на државата во текот на еден период на "терористичко беснеење" за кое во голема мера беше одговорна десницата.[591]

Левичарскиот терор во САД, настрана од Црнците, беше аполитички, објаснува Лакур. Тој се појави од "кризата на идентитетот, предградиската здосаденост, желбата за возбудувања и акција, одредената романтична жичка - накратко, како лек за проблемите на личноста." Така одреди Лакур, без сомнение врз основа на темелно психолошко проучување на учесниците.

---

[589] Види го, меѓу останатите, Jeffrey Race, *War Comes to Long An* (California, 1972, 197 и особено глава 3).

[590] Види Alfred W. McCoy et al., *The Politics of Heroin in Southeast Asia* (Harper & Row, 1972). За поскорешна расправа, види Jonathan Kwitny, *The Crimes of Patriots* (Norton, 1987). Stone, "Is the Cold War really over?," *Sunday Telegraph* (London), Nov. 27, 1988.

[591] Околу овие работи, кои исто така се скоро игнорирани во американските медиуми, види Herman and Brodhead, *Rise and Fall of the Bulgarian Connection,* 81f.

Особено, ова важеше за ведерманите.* Тие сигурно само страдаа од "лични неврози" засилени од "исклучителната интелектуална збунетост" и од "отсуството на вредности", не реагирајќи на таквите тривијалности како третманот на Црнците, војните на САД во Индокина или на оној тип на вредности што ги покажуваат Лакурците, кои ја поддржуваа агресијата и масивните sверства сè додека тие не станаа премногу скапи за престапникот, или пак си молчеа.[592]

Проблемот со справувањето со тероризмот е што медиумите обезбедуваат така поволна слика за терористите, на кои тие им се восхитуваат. Така, "ставот на телевизијата кон тероризмот се простира по целиот опсег од претерана почит до подлизурништво", очигледно не вклучувајќи критички зборови. Како и целото време, доказите се избегнуваат во прилог на *obiter dicta* што се корисни за идеолошко војување.

"Не постои западен еквивалент на тероризмот од типот што го практикуваат разноразните Абу Нидали и Карлоси" и другите официјални терористи; сигурно ништо како автомобилот-бомба во Бејрут од март 1985 година, нападите врз земјоделските задруги во Никарагва или како постигањата на операцијата "Мунгос" во Куба, на пример. Напротив, "државно-спонзорираниот тероризам" е насочен против демократските општества. Причините за отсуството од тероризмот од страна на САД и на неговите сојузници се што "западните земји се ориентирани кон статус квото" и "сакаат да ги спречат востанијата и другите облици на дестабилизација." Ова објаснува зошто САД е толку обsирен при зачувувањето на статус квото во Куба, Чиле под Аљенде и Никарагва, помеѓу многуте други случаи, и зошто се воздржуваше од интервенции и други облици на дестабилизација во текот на својата историја. Понатаму, Советскиот сојуз може да употреби ополномоштеници, "како Куба или Бугарија", но Америка "нема такви замени" и поради тоа е сведена на рангот "аматер(изам - Н. Ч.)" во споредба со "професионалците" од советскиот блок. САД не може да им се обрати на неонацистичките генерали во Аргентина, или на Тајван, Израел и останатите клиентски држави за да им помогне на контристите (можеби ова беше лекцијата од иранско-контристичките сослушувања) или за да го поддржи државниот тероризам во Гватемала и на тој начин не е кадар да се натпреварува со својот советски противник.

Ако меѓународниот тероризам се зголемува, за што тешко дека треба експертски совети, "очигледен начин да се возврати е, се разбира, на спонзорите да им се плати со нивните сопствени пари", па колку и да е тежок таквиот легитимен одговор во западните општества кои толку тешко сфаќаат дека другите не ги споделуваат нивните "стандарди за демократија, слобода и хуманизам." Сепак, легитимниот одговор не го вклучува бомбардирањето на Вашингтон или на Тел Авив, благодарение на познатата корисност на толкувањата.

Нужно е да се потсетиме дека сето ова се зема доста сериозно во медиумите и во главната интелектуална култура. Во стварноста, научната студија на Лакур, која не е нетипична за својот род, е идеолошка конструкција,

* Weather Underground – група на комунистички екстремисти во САД основана во 1969 година, кои го добија своето име според стихот од една песна на Боб Дилан: "Не ти треба прогнозер за времето за да знаеш од каде дува ветрот" (заб. на прев.).

592 За критичка анализа на ведерманите на времето, види Harold Jacobs, ed., *Weatherman* (Ramparts, 1970).

која само повремено е флекосана од светот на фактите. Не за изненадување, таа е високо добродојдена поради своите прилози кон утврдувањето на потребните слики за државната пропаганда. Потоа медиумите можат да упатуваат на научната литература и да ги повикуваат практикувачите на уметноста за сериозни коментари и совети, служејќи ѝ на својата сопствена функција.

3. Херои и ѓаволи[593]

Како што разбираат авторите на приказните за деца, животот е едноставен кога има херои за да им се восхитуваме и да ги сакаме и ѓаволи од кои се плашиме и кои ги презираме. Една цел на добро-изградениот пропаганден систем е да им досадува на менталните способности, сведувајќи ги своите мети на ниво на кое тие ќе одговараат со соодветен ентузијазам на слоганите што носат патриотска порака. Согласно на тоа, прикажувањето на карактерите во меѓународните работи вклучуваа херои, кои стојат зад слободата, демократијата, реформата и сите добри работи, и ѓаволи, кои се насилни, тоталитарни и обично одвратни. Голем дел од играчите се ирелевантни, дел од позадинската сценографија. Влегувањето во двете важни категории е одредено од придонесите кон елитните интереси, или од штетата што ним ќе им биде нанесена.

Иран нуди интересен пример.[594] За време и по Втората светска војна се развија националистички струења, кога Британија и Советскиот сојуз маневрираа за влијание, а САД го прошири своето присуство како дел од својата растечка улога во регионот, при што контролата на нафтата беше главен фактор. Американските притисоци беа инструментални за во 1946 година Советскиот сојуз да биде протеран од северен Иран на советската граница. Нафтените ресурси на земјата останаа британски монопол, иако Британците беа претпазливи околу американските намери. Националистичкото движење се кристализира околу Мухамед Мосадек, кого Џејмс Бил го опишува како "старомоден либерал", "сакана фигура со енормна харизма за Иранците од сите општествени класи."[595] Мосадек стана премиер во 1951 година, бидувајќи на чело на националистичкиот блок, кој беше посветен на национализацијата на иранската нафта. До 1953 година, САД се согласи со Британија дека тој мора да си замине. Ударот на ЦИА го собори парламентарниот режим, враќајќи го шахот. Една последица од ударот беше тоа што американските компании зедоа 40% од иранските концесии, што беше дел од општото преземање на главните енергетски резерви во светот од страна на САД.[596] Шахот остана на власт, со постојана американска поддршка што достигна исклучително ниво во годините на Никсон и Кисинџер, до 1978 година, кога беше соборен од народното масовно движење.

Нашите претпоставки би нè воделе да предвидиме дека Мосадек би преминал од неважност до ѓаволската категорија, кога САД реши да го собори, додека шахот, кој во главно ги поддржуваше американските цели, би бил херој сè додека Паунскиот трон не почна да се тресе, на која точка би се појавиле

[593] Додаток кон Петта глава.
[594] За американско-иранските односи, види James A. Bill, *The Eagle and the Lion* (Yale, 1988).
[595] *Ibid.,* 55-56.
[596] Маневрирањето е од одреден интерес; види *Towards a New Cold War,* 313f.

други ѓаволи. Накратко, тоа е сторијата што ја раскажаа Вилијам Дорман и Мансур Фарханг во својот преглед за покривањето во печатот на Иран во текот на овој период.[597]

Кога во 1951 година Мосадек стана премиер, САД "главно ги поддржуваше иранските барања" во врска со нафтената политика, забележуваат Дорман и Фарханг, можеби бидејќи "американските службеници гледаа можност да се здобијат со потпора за американските компании за сметка на британските интереси." Согласно на тоа, печатот "ја портретираше иранската позиција преку релативно непристрасни термини." Но по национализацијата, американската влада го промени своето стојалиште и " во печатот почна да се обликува нова рамка." "Потоа, во текот на околу двегодишен период, портретот на Мосадек ќе се промени од оној на препреден националист преку оној на скоро лудак до оној, конечно, на комунистичка будалетинка." Всушност, тој остана анти-империјалистички националист што гледаше да ја одржи иранската независност. Американските планови, а не Мосадек, беше она што се промени; медиумите го променија курсот, бидувајќи едвај чекор зад државната политика.

"Њујорк тајмс" забележа дека има лекции за учење од реставрирањето на шахот во 1953 година и утврдувањето на американските концесии. Важното е дека "недоволно развиените земји со богати ресурси сега имаат конкретна лекција за високата цена што мора да ја плати оној од нивните редови што ќе полуди од фанатичен национализам", обидувајќи се да ги контролира своите сопствени ресурси. "Можеби е претерана надежта дека искуството на Иран ќе го спречи растежот на Мосадесите во другите земји, но тоа искуство може барем да ги зајакне рацете на поразумните и подалекугледи водачи."[598] Мудро предупредување од независните медиуми.

Како што САД се подготвуваше за соборувањето на владата на Мосадек, така неговата медиумска слика се влошуваше и тој рутински беше осудуван како диктатор. Сепак, шахот скоро никогаш не беше опишуван преку таквите термини сé додека неговата моќ држеше. Од неговата реставрација преку ударот на ЦИА од август 1953 година до револуцијата од 1978 година, "Њујорк тајмс" го искористи изразот еднаш, упатувајќи на шахот како на "доброќуден диктатор" во 1967 година и "не објави главна сторија за прекршувањата на човековите права во Иран" за време на периодот кога Амнести интернејшнл и другите го идентификуваа шахот како еден од најголемите кршители на човековите права во светот. За време на револуцијата во 1978 година, Дорман и Фарханг најдоа *една* референца за шахот како диктатор, а и таа во позитивен контекст, кога уводникот на "Вашингтон пост" се чудеше зошто тој не ја употреби моќта со која располагаше како "диктатор" за уште понасилно да го потисне населението.

Иако Масадековиот "стил на владеење беше далеку подемократски од сето она за што Иран знаеше", забележуваат Дорман и Фарханг, и сигурно подемократски од оној на шахот, Мосадек беше оној што беше нарекуван "апсолутен диктатор", додека шахот беше доброќуден напреден реформист, кој "ја покажуваше својата грижа за масите" ("Њујорк тајмс"). "Не е претерано да се каже", продолжуваат тие, "дека 'Тајмс' покажа поголема загриженост за уставниот систем на Иран за време на само еден месец во август 1953 година

[597] Dorman and Farhang, *The U.S. Press and Iran*. Цитатите подолу се од оваа книга, освен ако не е поинаку назначено.

[598] Уводник, *NYT,* Aug. 6, 1954; за подолг цитат и повеќе контекст, види *Towards a New Cold War,* 99 и расправата таму и во глава 11.

(кога САД тргна за да го "спаси" преку воен удар - Н. Ч.) отколку во текот на следната четвртина век." Позната приказна.

Плебисцитот што го распиша Масодек "Њујорк тајмс" го осуди како "пофантастичен и пофарсичен од било кој што кога и да е бил одржан под Хитлер или Сталин." Плебисцитот што шахот го спроведе по 10 години "под далеку посомнителни околности" со 99-процентно гласање во корист на шахот, беше величан од "Тајмс" како "емпатички доказ" дека "иранскиот народ несомнено е зад шахот при неговите нови смели реформски обиди." Лажираните избори на шахот беа величани со ист ентузијазам.

Иако "Тајмс" по само една година беше целосно свесен за улогата на ЦИА во ударот од 1953 година, заклучуваат Дорман и Фарханг, поминаа 17 години пред овој факт да добие попатно спомнување. "Јасно е дека Мосадек беше поединечно најпопуларниот водач до растежот на Хомеини", забележуваат тие, но за американскиот печат беше јасно дека "големото мнозинство од Иранците единствено само го обожаваат" шахот ("Вашингтон пост"). Додека штрајковите во Полска добија ентузијастички аплауз, Дорман и Фарханг не можеа да најдат ниту "еден единствен уводник или колумна" што "коментираше поволно за штрајковите" во Иран во истото време, а при народниот бунт против шахот.[599]

Падот на шахот ја предизвика првата сериозна загриженост во 25 години за граѓанските и човековите права во Иран, со страсни конгресни и медиумски коментари, и првата резолуција на Сенатот со која се осудува репресијата; "долгогодишните апологети на шахот и на неговата влада" како сенаторите Џејкоб Џевитс и Хенри Џексон беа особено отворени во осудата на прекршувањата на човековите права - откако бруталниот тиран беше симнат.[600] Медиумската реакција беше иста.

Во овој поглед, шемата е скоро идентична со Никарагва. Од 1960 година па сè до 1977 година, "Њујорк тајмс" имаше само три уводници околу Никарагва (во 1963 и 1967 година) па дури и крајниот пароксизам на теророт во 1978-79 година доби малку коментари. Останатото медиумско покривање беше слично, како што веќе видовме. Во текот на 80-те, шемата се промени драстично, кога "за прв пат" Никарагва доби "влада што се грижи за својот народ", според зборовите на неизвестливиот Хосе Фигерес од 1986 година. Во согласност со диктатите на Кацеларијата за латино-американска јавна дипломатија на Стејт департментот, сандинистите се тоталитарни чудовишта кои мораат да бидат отстранети или барем да бидат "задржани", додека ние "ја обновуваме демократијата" и ги браниме човековите права, исполнувајќи ја нашата мисија - која по чудо беше активирана на 19 јули 1979 година.

---

[599] *U.S. Press and Iran,* 33ff., 123, 164, 91f., 120, 54, 148, 157. За опис на еден инсајдер за тоа како "Тајмс" гледаше на другата страна околу улогата на ЦИА во ударот и за "санитетизирачката" копија за Виетнам во која лично беше вклучен како постар уредник за препишување, види John Hess, *Grand Street,* Winter 1989. Интересните коментари на Хес откриваат илузии и околу самите себеси. Така, тој пишува дека додека дописниците на "Тајмс", Дејвид Халберстам и Нил Шихен, на почетокот врз тактичка основа го критикуваа спроведувањето на американската војна во Виетнам, "постепено дојдоа до гледањето на војната како лоша сама по себе и помогнаа во убедувањето на многу сонародници Американци дека таа е таква." Во стварноста, тие беа далеку не само зад мировното движење (што ја изврши работата што тие не успеаја за да извршат), туку дури и зад мнозинството од нивните сонародници Американци во овој поглед и барем нивните објавени критики останаа добро во рамките на гулапско-јастребскиот консензус што беспоговорно ги прифати темелните доктрини на пропагандниот систем.

[600] Bill, *op. cit.,* 283-84.

Шемата е карактеристична. Овие брзи премини и нивните очигледни причини едвај да предизвикуваат замислување, што е уште една илустрација за успешноста на индоктринацијата помеѓу едуцираните класи.

Ненадејното откривање на проблемите со човековите права во Иран во 1979 година, кога американскиот клиент беше заменет, имаше други последици. Прегледувајќи го медиумското покривање на Курдите, Вера Боден Саедпур забележа дека "почнувајќи од 1979 година, Курдите од Иран го привлекоа вниманието на 'Тајмс'", откако се фатија за оружјето против режимот на Хомеини.[601] Подоцнежното покривање на печатот го третираше курдскиот проблем како "варијабла во борбата за власта." Основното прашање беше дали ќе им користи или ќе им штети на американските интереси ако Иран се распадне; покривањето на правата и на маките на курдскиот народ растеше и паѓаше во согласност со овој критериум.

Сепак има уште еден услов според кој угнетувањето на Курдите станува легитимен предмет на загриженост: ако може да се искористи за поддршка на израелската моќ. Така, колумнистот на "Тајмс" Вилијам Сафаир поволно пишуваше за курдските аспирации за автономија и почитување на нивната култура, а потоа дојде до поентата: "Водачот на ПЛО, Јасер Арафат, кој не сака само суверенитет врз Западниот брег, туку го бара целиот Израел, го прегрна Ајатолахот во Иран" и не ги бранеше Курдите; и "поддржаните од Советите" Ирачани се подеднакво дволични, напаѓајќи ги "неарапските Курди", но и повикувајќи на независност за палестинските Арапи. "Курдските права се игнорираат онаму каде што се величат поддржувачите на ПЛО", заклучува Сафаир, а тоа е вообичаена тема и во "Њу рипаблик" и другите изданија на израелското лоби.

Сафаир "ги поддржуваше Курдите од Ирак" од 1976 година, забележува Саедпур, пишувајќи за предавството на "неарапските Курди" и за дволичноста на Арапите кои "зборуваат за 'легитимни права' за Палестинците", но "запаѓаат во молк кога ќе се спомнат Курдите." Во 1980 година, тој го бранеше вооружувањето на Курдите против режимот во Иран. Дури ни Израел не направи ништо за страдните Курди, протестираше тој. "Сепак, до денес", Саедпур продолжува, "г-ин Сафаир не продуцира ниту еден единствен есеј за Курдите во Турција", каде тие се подложени на крајно угнетување од страна на режимот кој е поддржан од САД (и од израелскиот сојузник). Само нивната судбина во непријателскиот Иран и во арапскиот Ирак предизвикува индигнација и хуманитарна загриженост.

Покривањето на Курдите во Ирак доби кратка белешка во 1975 година, кога циничната манипулација на нивната борба од страна на Никсон и Кисинџер и нивното препуштање на ирачкиот терор кога веќе не беа потребни беа откриени во тајниот извештај што протече од Пајковиот комитет на Претставничкиот дом. Оттогаш, ирачкиот терор против Курдите е наизменична тема, во голема мера во зависност дали нивната беда може да се искористи како анти-арапско оружје. И угнетувањето на Курдите во Иран повремено се појавува како прашање во контекст на стратешките интереси на САД.

Суровиот третман на Курдите во Турција, која е американски сојузник, нема таква вредност или корисност. Поради тоа покривањето е забележително поразлично, како што покажува Саедпур. Во Турција, курдскиот сепаратизам не

[601] Saeedpour, "Kurdish Times and the New York Times," *Kurdish Times* (Brooklyn), објавено од Cultural Survival, Summer 1988. Прегледани се и други весници.

е за бранење; всушност, таму не постојат Курди, наведуваат нашите турски сојузници, па дури и употребата на јазикот е злодело. Медиумите тесно се придржуваат до перспективата на турската влада. Иако имаше одредени ограничени белешки за анти-курдската репресија по воениот удар од 1980 година кој беше поддржан од САД, подоцна Курдите беа осудени како "марксисти и терористи", додека бруталната турска држава беше прикажана како "секуларна демократија" загрозена од тероризмот. Приказните што беа исплетени во врска со КГБ-бугарскиот заговор за убиство на папата, употребувајќи еден турски фашист кого пропагандниот систем го преобрази во комунистички агент, помогнаа оваа слика да се утврди. "Пристанокот од страна на американскиот печат за турските толкувања на настаните", пишува Саедпур, се покажува во извештаите за турските напади врз Курдите во Ирак при прекугранични напади, наводно како возвраќање против "неидентификуваните агресори". Сличните извештаи во врска со насилството во курдските области на Турција, засновани врз турските новински агенции, даваат на знаење дека Курдите убиваат Турци. Печатот, со одглас од неколку научници, наведува дека Курдите во Турција не ги поддржуваат "милитантите", што е тврдење што "се граничи со бесмисленост", коментира Саедпур, зашто за еден турски Курд отворено изјавување на таква поддршка би било "рамно на извршување самоубиство." Курдското мислење не може да биде испитано во земјата каде нивниот етнички идентитет е незаконски.

Накратко, sверствата против Курдите и нивното барање на самоопределување се соодветни теми - но само кога тие се корисни за други цели.

4. "Мировниот процес" на Блискиот исток[602]

Задачата "историски инженеринг" се исполнува со единствена ефикасност во случајот на арапско-израелскиот конфликт, кој можеби е најхазарден проблем во светските работи, со постојана закана од опустошувачка регионална војна и конфликт на велесилите. Задачата е САД и Израел да се прикажат дека "копнеат по демократија" и дека следат "мировен процес", додека во стварноста тие го водат кампот на одбивање и ги блокираат мировните иницијативи што имаат широка меѓународна и регионална поддршка. Ова остана вака и на крајот на 1988 година со дипломатскиот наплив за што беше расправано во четвртата глава, а на што ќе се вратиме подоцна.

Од доцните 60-ти постои суштински консензус во прилог на политичкиот договор врз меѓународно признатите (од пред јуни 1967 година) граници, со можеби минорни модификации. Во раните фази, одредбите на овој широк консензус беа ограничени на правата на постоечките држави и всушност беа многу блиску до општите линии на официјалната американска политика, каква што беше изразена во Роџеровиот план од декември 1969 година. Од средината на 70-те одредбите на консензусот се поместија за да го вклучат концептот за палестинска држава на Западниот брег и на појасот Газа, со признавање на границите, гаранции за безбедност и други аранжмани за штитење на правата на сите држави во регионот. На оваа точка, ПЛО и

[602] Додаток кон Петта глава.

најголемиот дел од арапските држави му се приближија или му се придружија на меѓународниот консензус. Претходно, консензусот беше стриктно отфрлувачки, одрекувајќи го правото за самоопределување на една од двете спротивставени страни, на домородното население од бившата Палестина.

За да одбегнам недоразбирања, треба да нагласам дека отстапувам од стандардната конвенција и го користам терминот "отфрлувачки" во неговото вистинско значење, кое упатува на позицијата што го отфрла правото на самоопределување на една од спротивставените страни. Така, не ја прифаќам конвенционалната употреба, која го применува терминот "отфрлувачки" само врз оние што им го одрекуваат правото на самоопределување на Евреите. Стриктно расистичката конвенционална употреба има за цел да го зацврсти, преку прекутна претпоставка, доктринарното барање дека Палестинците немаат такви права. Забележете исто така и дека оценувањето на статусот на таквите права, во едниот или другиот случај, е посебна работа, со која нема да се занимавам овде.

САД се противи на сите аранжмани на меѓународниот консензус, како на поранешниот план што се сообразуваше со официјалната американска политика и не им нудеше ништо на Палестинците така и на подоцнежната неотфрлувачка алтернатива што им признаваше паралелни права и на израелските Евреи и на палестинските Арапи. САД преферираше да го блокира политичкиот договор што би можел да биде изводлив и (настрана од реториката) да ја финансира и поддржува израелската експанзија на територииите. И двете главни политички групирања во Израел секогаш непопустливо се противат на било каков политички договор што на Израел не му подарува ефективна контрола врз ресурсите и голем дел од земјата на окупираните територии; тие се разликуваат само во модалитетите на ова отфрлувачко стојалиште, што му го одрекува правото на самоопределување на домородното население.[603] Американските администрации обично ја поддржуваа позицијата на израелскиот лабуристички сојуз, кој повикува на еден облик на "територијален компромис" кој би ги задоволил овие основни барања. Американско-израелската политика на отфрлање е толку екстремна што на Палестинците дури и им се одрекува правото да ги одберат сопствените претставници на евентуалните преговори. Така, САД и Израел усвоија позиција што е споредлива со одбивањето во 1947 година да им биде дозволено на Евреите да бидат претставени од ционистичките организации при преговорите од тоа време, позиција што би се сметала за враќање кон нацизмот ако беше истакната.[604] Тешко дека некој би

[603] Во САД постои многу значајна кампања за оправдување на ова стојалиште преку одрекување дека Палестинците се нешто повеќе од скорешни имигранти, предизвикана од книгата на Џоан Питерс што доби скоро еднодушен аплауз при еуфоричното прифаќање од страна на американските интелектуалци. За расправа околу оваа многу просветлувачка епизода на скорешната интелектуална историја, што всушност заслужува многу поблиско проучување, види ги есеите на Norman Finkelstein и Edward Said во Said and Hitchens, *Blaming the Victims*. Важната студија на Финкелстејн што ја разоткрива измамата, која беше добро позната на почетокот од пропагандната кампања, беше необјавлива во САД. Дури откако книгата се појави во Англија и беше до крај уништена од прегледувачите (делумно потпирајќи се врз необјавливата анализа на Финкелстејн), нејзините американски ентузијасти, или барем помалку смелите од нив, ги растурија редовите и се откажаа од работата, при што некои погрешно тврдеа дека претходно не знаеле за измамата што беше извршена со нивна помош. Ова е откривачка приказна што мора во иднина соодветно да биде раскажана.

[604] Како и секоја историска споредба и оваа е непрецизна на одреден начин. Да ја спомнеме само најочигледната дискрепанса, и онаа за која е најмалку веројатно дека ќе биде признаена,

нашол било какво испитување во медиумите на американско-израелската позиција во овој поглед, што е факт од немал интерес за оние што ги интригира примитивната природа на современата западна култура.

Медиумите имаа задача да ја прикажат екстремната политика на отфрлање како прилагодување и како душа на умереноста и да ги потиснат обидите на арапските земји и на ПЛО за унапредување на неотфрлувачкото договарање, посебно сликајќи ја ПЛО како насилно екстремистичка. Овие одговорности се исполнуваат со посветеност, вештина и голем успех.[605]

Обидите на САД за исфрлување од колосек на политичкиот договор може да се следи до 1971 година, кога администрацијата ја избра политиката на Кисинџер за "безизлез" и го поддржа отфрлањето на Израел на сеопфатниот мировен предлог на претседателот Садат од Египет, кој беше врамен во условите на меѓународниот консензус и на официјалната американска политика. Поради тоа, овие настани мораа да бидат отстранети од историјата. Следствено на тоа, стандардната доктрина смета дека дури по шест години, во 1977 година, "египетскиот претседател Анвар Садат го проби ѕидот на арапската политика на одбивање за да одлета во Ерусалим и да му понуди мир на Израел во израелскиот Кнесет"[606] - според услови кои беа помалку прифатливи за Израел од оние од неговиот отфрлен предлог пред шест години, кој не им нудеше ништо на Палестинците. Тешко би било да се открие некој кој би бил волен да ги напушти редовите во однос на оваа клучна доктрина на пропагандниот систем.

Во годините помеѓу ова, војната од октомври 1973 година ги поучи Кисинџер и израелското раководство дека Египет не може едноставно да биде одбиен со презир, како што се претпоставуваше сред расположението од пост-1967 триумфализам. Поради тоа, тие се поместија на следната најдобра политика на исклучување од конфликтот на главниот арапски загрозувач за Израел да биде слободен, со американска поддршка која достигнуваше феноменални нивоа, да интегрира голем дел од окупираните територии и да го нападне својот северен сосед, истовремено служејќи му на САД како "стратегиски квалитет". Оваа политика беше постигната - кои и да биле намерите на учесниците - во Кемп Дејвид во 1978-79 година. Во овој контекст, мировната иницијатива на Садат од 1977 година беше прифатлива.

Поврзана доктрина е онаа дека Садатовиот "прекин со арапската политика на отфрлање" во 1977 година останува уникатен. Поради тоа е нужно да се избришат од досието настаните како заседанието на Советот за безбедност на ОН од јануари 1976 година, кога САД стави вето на резолуцијата која ја застапуваа Јордан, Сирија и Египет, која беше поддржана од ПЛО, па дури и беше "подготвена" од нејзина страна, според Израел, а која повикуваше на

поддршката за ПЛО помеѓу Палестинците, според сите достапни докази, е далеку над поддршката помеѓу Евреите за ционистичките организации во средината на 40-те.

[605] За понатамошни подробности и за позадинските фактори, види ги *Fateful Triangle*; *Pirates and Emperors* и моите статии "The Palestinian Uprising," *Z Magazine,* May 1988, и "The U.S. and the Middle East" (види глава 3, забелешка 23). Втората статија прегледува и одредена важна документација од израелските дипломатски досиеја. Види ги истите извори за референци ако тие не се наведени подолу.

[606] Mary Curtius, *Boston Globe Magazine,* Aug. 14, 1988. Примерот е поинтересен од многу други, зашто Картиус е независна и запозната дописничка од Блискиот исток. За примерок околу многуте други примери, види *Fateful Triangle* глави 3 и 2.4.2. Главните весници дури и ги одбиваат писмата до уредникот преку кои се коригираат погрешните изјави во врска со оваа работа.

дипломатски договор за две држави според условите на меѓународниот консензус, со територијални и безбедносни гаранции. Околу правата на Израел, предлогот на арапските "конфронтирачки држави" и на ПЛО ги повторуваше зборовите на резолуцијата 242 на ОН, што повикуваше на "соодветни аранжмани... за гарантирање... на суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независност на сите држави во областа и на нивното право да живеат во мир во рамките на безбедни и признати граници." Ова е првото од многуте прифаќања на резолуцијата 242 од страна на ПЛО, со поддршка од главните арапски држави.

Овие факти се неприфатливи. Согласно на тоа, тие брзо исчезнаа од официјалната историја и останаа неспоменливи. Истото важи и за еднодушното прифаќање од страна на Палестинскиот национален совет (ПНС) во април 1981 година на советскиот мировен предлог со два "темелни принципи": (1) правото на Палестинците да постигнат самоопределување во независна држава; (2) "Суштествено е да се осигура безбедноста и суверенитетот на сите држави во регионот вклучувајќи ги и оние на Израел." Исто така беше нужно да се потисне серијата од иницијативи низ годините од страна на ПЛО и другите за да се пробие дипломатската блокираност и да се придвижи мирниот договор за две држави што би им го признало правото на национално самоопределување на израелските Евреи и на палестинските Арапи, а што редовно ги блокира американско-израелската политика на отфрлување.

Општата вашингтонско-медиумска позиција е дека Палестинците мораат да се задоволат со политиката на отфрлање на Лабуристичката партија, што на Израел му дава контрола врз окупираните територии и врз нивните ресурси, истовремено исклучувајќи ги областите со густа арапска населеност за на тој начин Израел да не се соочи со "демографскиот проблем", термин чија цел е да ги прикрие очигледните расистички претпоставки. Во овие области, населението ќе остане без држава или ќе биде администрирано од Јордан. Луѓето на териториите преовладувачки ги отфрлаат овие опции, но тој факт се смета за ирелевантен врз основа на традиционалниот принцип дека луѓето кои ни стојат на патот се помалку од луѓе и немаат права.

Во текот на овие години, отфрлувачкото стојалиште на САД се земаше како историска даденост од страна на медиумите и општо од интелектуалната заедница и оттука не беше подложено на расправа. Така, дописникот на "Тајмс", Томас Фридман, пишува дека Арафат "мора да се соочи со изборот или да влезе во историјата како палестински водач кој го призна Израел за возврат, најмногу, од само најголемиот дел од Западниот брег или да си ја натовари целосната одговорност поради палестинското продолжително недобивање воопшто ништо."[607] Ова е единствениот избор, поради едноставната и доволна причина што САД ги дозволува само овие опции. Во една статија во "Тајмс магазин" од октомври 1984 година која жали над растечката сила на "екстремистите и на сите оние на Блискиот исток што ги отфрлаат компромисните решенија", Фридман ја лоцира главната вина кај Арапите, а особено кај Јасер Арафат: "Преку одбивањето да го признаат Израел и директно да преговараат со него, Арапите само ги зајакнаа израелските фанатици како рабинот Кахан, овозможувајќи им да играат врз легитимните стравови и безбедносните грижи кај израелската јавност", која сеуште е "во мнозинство за компромис." Ова беше неколку месеци откако Арафат доста изречно повика на преговори со Израел

[607] Friedman, *NYT,* Aug. 7, 1988.

што би воделе до взаемно признавање, кој повик Израел официјално го отфрли, САД го одби без коментар, а "Њујорк тајмс" не извести за него, при што дури и одби да објавува писма што упатуваа на него.[608] Но без разлика: повикот на Арафат за преговори и взаемно признавање е "екстремистичко" одбивање "да се признае Израел и директно да се преговара со него", а одбивањето од страна на Израелската лабуристичка партија да ја разгледа оваа можност е умереност и потреба по компромис. Следејќи ги познатите конвенции, Фридман пишува дека "требаше еден Анвар Садат за да го изнесе умереното во Моше Дајан и Менахем Бегин", упатувајќи не на неговата отфрлена мировна понуда од 1971 година, што е идеолошки неприфатлива и поради тоа и непостоечка, туку на помалку пресретливите предлози од 1977 година, кои беа прифатливи за историското досие, бидејќи беа предложени откако САД и Израел осознаа дека нивните поголеми цели не можат да се исполнат.[609]

За уредниците на "Тајмс", волноста за пристанување кон еднакви права на двата противници се дефинира како "политика на отфрлање"; односно неотфрлањето е отфрлање, што е уште еден пример на корисноста на толкувањата. Фер е, велат тие, да се критикува "израелската репресија на цврста рака", но е нужно "да се комплетира досието" и да се потсети на позадинските причини, особено на "стерилната политика на отфрлање" на Палестинците и воопшто на Арапите, што на Израел му остава малку избор. Жалејќи за "непопустливоста" на "арапските државни челници" од јуни 1988 година, уредниците пишуваат дека "иако тие целосно не го отфрлија Шулцовиот мировен план или не инсистираа на палестинската државност, тие го втврднаа своето стојалиште околу потребата од израелско повлекување од сите окупирани територии." Ова е несреќно: "Политиката на отфрлање е формула за бесконечна парализа." Овде "политика на отфрлање" значи не отфрлање на правото на самоопределување на едната или на другата противничка национална група, туку напротив отфрлање на Шулцовиот мировен план, кој им го одрекува ова право на Палестинците, но кој е по дефиниција умерен и пресретлив, зашто е застапуван од САД. Уредниците ги повикуваат "Западно-бреганците" кои "се злоупотребени од егзилците на ПЛО и нивните 'ајде да се преправаме' декларации" со кои се повикува на палестинско самоопределување, да го надминат "пркосењето на окупаторските војници" и "да го преземат потешкиот чекор", односно, да ја прифатат американско-израелската концепција за мир *без* палестинско самоопределување. Уредниците дури и наведуваат дека "не може да се обвинува Израел за тоа што Палестинците ги одбиваат мировните планови на Советот за безбедност"; на пример, резолуцијата на Советот за безбедност за две држави што ја поддржа (или што ја "подготви") ПЛО во јануари 1976 година и на која САД стави вето - но која е непостоечка, зашто не е во согласност со идеолошките барања.[610]

Ставот потсетува на некое тврдоглаво тригодишно дете. Не ми се допаѓа, па така тоа не постои. Разликата е што во овој случај, тригодишното дете се информациските сервиси на владејачката суперсила.

Опцијата за неотфрлувачки договор што им припишува еднакви човекови права на Палестинците како на Евреите не постои, зашто САД и Израел се противат на неа; тоа е едноставен, недвојбен факт, основа за

[608] За подробности види *Pirates and Emperors,* глава 2, забелешка 58 и текстот и наведените извори.
[609] Friedman, "The Power of the Fanatics," *NYT Magazine,* Oct. 7, 1988.
[610] Уводник, *NYT,* June 13, 1988.

понатамошната расправа. Слично на ова, се зема здраво за готово дека Палестинците, за разлика од Евреите, немаат право да си ги одбираат сопствените претставници, што е особено екстремен облик на политиката на отфрлање. "Мировниот процес" мора така да биде изделкан за да ги штити овие принципи од испитување и свесност. Успехот е брилијантен, како што надолго имам документирано на други места.[611]

Како квазиофицијален службен весник, "Њујорк тајмс" мора да биде повнимателен од главнината при чувањето на преферираната верзија на историјата. Како што веќе е забележано, кога во април-мај 1984 година Јасер Арафат излезе со повик за преговори што би воделе до взаемно признавање, "Тајмс" одби да ги печати фактите па дури и писмата што упатуваа на нив. Кога по неколку месеци неговиот дописник од Ерусалим, Томас Фридман ги прегледа "Двете декади на барање мир на Блискиот исток", исклучени беа главните арапски (вклучително и на ПЛО) иницијативи во овие две декади, а вниманието беше фокусирано врз разноразните отфрлувачки американски предлози: официјалниот "мировен процес". Четири дена подоцна, уредниците на "Тајмс" објаснаа дека "најмногу важната реалност е дека Арапите на крајот ќе мораат да преговараат со Израел", но Јасер Арафат стои на патот "и сеуште зборува за непостигливата независна држава" наместо да усвои "автентичен пристап кон Израел" за "да го зајакне здравиот прагматизам на израелскиот премиер Перес" преку согласувањето да го прифати кралот Хусеин како гласноговорник "за Палестинците од Западниот брег" - без оглед на нивното преовладувачко противење на овој избор, што е ирелевантно во случајот со луѓето што немаат човекови права, зашто им стојат на патот на американските планови. Тоа што Пересовиот "здрав прагматизам" на Израел му дарува контрола врз голем дел од територииите и од нивните ресурси исто не е спомнато. Кратко потоа, во уште еден преглед на "мировниот процес" под наслов "Дали Палестинците се подготвени да бараат мир?", дипломатскиот дописник Бернард Гверцман тврдеше - и пак погрешно - дека ПЛО секогаш го одбивала "секој разговор за договорен мир со Израел."[612]

Забележете дека Гверцман не мора да праша дали Израел или САД е "подготвен за мир". За САД тоа е точно по дефиниција, зашто "мирот" се дефинира како сé она што Вашингтон е подготвен да го прифати. И бидејќи Израелската лабуристичка партија, со својот "здрав прагматизам", е главно согласна со американската политика на отфрлање и таа автоматски е "подготвена за мир".

Посветеноста на фалсификување на досието во врска со оваа клучна работа достига импресивни нивоа. На 10 декември 1986 година Фридман напиша дека израелската група "Мир сега" "никогаш не била повознемирена", поради "отсуството на било каков арапски партнер за преговори."[613] Неколку месеци подоцна, тој го цитира Шимон Перес како жали поради немањето на "мировно движење помеѓу арапскиот народ" какво што "имаме помеѓу еврејскиот народ" и како вели дека не може да има учество на ПЛО на преговорите "сè додека останува стрелечка организација и одбива да

[611] Види ги референците во забелешката 59.
[612] *NYT,* March 17, 21; June 2, 1985.
[613] "Мир сега" никогаш јасно не се има одделено од политиката на отфрлање на Лабуристичката партија. За нејзините нејасни и колебливи позиции, кои значително се погрешно протолкувани во САД, види подолу.

преговара."[614] Потсетете се дека ова е скоро три години по отфрлувањето од страна на израелската влада на Арафатовата понуда за преговори што би воделе до взаемно признавање.

Шест дена пред статијата на Фридман за "отсуството на било каков арапски партнер за преговори", еден наслов во израелскиот весник во масовен оптек "Маарив" гласеше: "Арафат му посочува на Израел дека е подготвен да влезе во директни преговори." Понудата беше дадена за време на мандатот како премиер на "здравиот прагматист" Шимон Перес. Советникот за печат на Перес го потврди извештајот, коментирајќи дека "постои принципиелно противење на секој контакт со ПЛО, што произлегува од доктрината дека ПЛО не може да биде партнер за преговори." Функционерот на Лабуристичката партија Јоси Бејлин забележа дека "предлогот... беше отфрлен, бидејќи излезе дека е препредан обид за воспоставување на директни контакти кога ние не сме подготвени за било какви преговори со било кој ПЛО фактор." Јоси Бен Ахарон, раководител на канцеларијата на премиерот и политички советник на Ицак Шамир, објасни: "Нема место за било какви поделби во израелскиот камп помеѓу Ликуд и Лабуристичкиот сојуз. Всушност постои соработка и општо разбирање, сигурно во однос на фактот дека ПЛО не може да биде учесник во расправите или во било што... Никој што е поврзан со ПЛО не може да го претставува проблемот на Палестинците. Ако има некоја надеж за аранжмани што би го решиле овој проблем, тогаш претходен услов мора да биде уништување на корените на ПЛО во овој регион. Политички, психолошки, општествено, економски, идеолошки. Не смее да задржи ниту трага од влијанието... Израелското противење на било какво договарање со ПЛО ќе има за последица нејзино ослабнување и на крајот исчезнување... Ова во значителна мера зависи од нас. На пример, никој новинар не може да поставува прашања околу ПЛО или нејзиното влијание. Идејата дека ПЛО е тема за дискусија во израелскиот печат - веќе е неправилна. Тука мора да има консензус и никаква дебата дека ПЛО не може да биде фактор со кого Израел може да развие било каков контакт.[615]

Ништо од ова не беше известено во етаблираните американски медиуми, иако Фридман беше осамен при искористувањето на приликата за да покрене еден од своите периодични ламенти во врска со горката судбина на единствените мировни сили на Блискиот исток, на кои им недостига арапски партнер за преговори.

Услугите на Фридман многу се ценат. "Тајмс" го унапреди во главен дипломатски дописник и во април 1988 година тој ја доби Пулицеровата награда за "урамнотеженото и информирано покривање" на Блискиот исток, за што овие се неколку примери. Ова е негова втора ваква награда. Првата ја доби за својата работа во Либан, но тој забележа дека во тоа време задоволството беше расипано, зашто наградата дојде токму по поставувањето бомба во американската амбасада во Либан, во "момент на голема ожалостеност." Сепак, овој пат наградата беше "непопречена, нефлекосана од било каква трагедија", што е интересна реакција од страна на еден новинар што го покрива Ерусалим и

[614] Friedman, *NYT,* Dec. 10, 1986; March 27, 1987.
[615] Yitzhak Ben-Horin, *Ma'ariv,* Dec. 4; *Ma'ariv,* Dec. 5; Eyal Ehrlich, *Ha'aretz,* Dec. 19, 1986.

окупираните територии, каде изгледа дека сé беше во ред во претходните месеци на насилна репресија на палестинското востание.[616]

Во врска со своето добивање на Пулицеровата награда, Фридман имаше неколку долги интервјуа во израелскиот печат,[617] при што тој повтори некои од фабрикациите за кои помогна да се утврдат, на пример, дека Палестинците "одбиваат да се согласат со постоењето на Израел и преферираат да се понудат себеси за жртвување." Тонот на расистички презир не е помалку бележит од лажливоста. Тој продолжува фалејќи си ја брилијантноста при "целосното предвидување на востанието на територииte" - што тешко дека е нешто изненадувачко за неговите редовни читатели - додека пишуваше "стории какви што никој не пратил" со единствена внимателност и перцептивност; пред неговите согледувања, објасни тој, Израел беше "најцелосно известена земја во светот, но најмалку разбрана во медиумите." Фридман го понуди и своето решение за проблемот со територииte. Модел треба да биде јужен Либан, кој е контролиран од терористичка платеничка војска што е поддржана од израелската моќ. Основниот принцип мора да биде "безбедност, а не мир." Сепак, на Палестинците не треба да им се одрекува сè: "Само ако им дадеш на Палестинците нешто, постои надеж дека тие ќе се согласат да ги ублажат своите барања" - што значи, потаму од "барањето" за взаемно признавање при договор за две држави, што е долготрајна позиција за која Фридман одбива да извести и која конзистентно ја одрекува. Тој продолжува: "Верувам дека штом Ахмед добие место во автобусот, ќе си ги ограничи барањата."

Овој последниов израз е интересен. Некој би можел да помисли на сличен коментар од некој јужначки шериф од Мисисипи од пред 30 години ("дај му на Самбо место во автобусот и тој ќе може да се смири"), иако е тешко да се поверува дека еден американски репортер би можел денес да даде таква изјава во врска со било која група освен Арапите. Всушност, анти-арапскиот расизам е доминантен во угледните кругови во САД, што е работа на која ќе се вратиме.

Откако беше унапреден во главен дипломатски дописник на "Тајмс" како признание за неговите постигања при обезбедувањето на "урамнотежено и информирано покривање" на Блискиот исток, Фридман се сврти кон поширокиte одговорности на оваа нова позиција, информирајќи го читателот, на пример, дека во Средна Америка "по 8 години на неуспешниот пристап на Регановата администрација, Вашингтон има една реалистична опција - да бара промена преку дипломатската иницијатива што ја отворија лидерите на Костарика, Гватемала, Ел Салвадор и Хондурас" - и на која цело време и' се спротивставуваат, треба, се разбира, да сфатиме, само тоталитарните сандинисти.[618] Импресивно е да се види колку малку напор му е потребен на добро истрениранот интелектуалец за да ги научи своите редови. Без сомнение, го чека уште една Пулицерова награда.

Една година по отфрлањето на "директните преговори" од страна на Шимон Перес, хебрејскиот печат во Израел ја стави како наслов изјавата на Арафат: "Подготвен сум за директни преговори со Израел, но само како еднаков меѓу еднаквите" и извештајот на Шимон Перес дека "ПЛО е подготвена за

[616] AP, April 1, 1988. Во "Њујорк тајмс" точно беше известено за овие настани од страна на Џон Кифнер, кој долги години е добар новинар, а и од другите медиуми, во раните месеци на востанието.
[617] "The Man who Foresaw the Uprising," *Yediot Ahronot,* April 7; *Hotam,* April 15.
[618] Friedman, *NYT News in Review,* Jan. 29, 1989.

директни преговори со Израел без меѓународна конференција."[619] Израел повторно ја одби понудата. Неколку дена подоцна, Арафат го повтори повикот на ПЛО за "независна палестинска држава во секој дел од територијата на Палестина што ќе биде евакуиран од Израелците или што ќе биде ослободен од нас", додавајќи дека оваа држава тогаш ќе треба да формира "конфедерација со Јорданците, Египќаните, Сиријците и, зошто да не, со Израелците."[620] Повторно, северно-американскиот читател беше поштеден од знаењето на овие факти.

На 14 јануари 1988 година Арафат изјави дека ПЛО "ќе го признае правото на постоење на Израел ако тој и САД го прифатат учеството на ПЛО на една меѓународна мировна конференција за Блискиот исток" заснована врз сите резолуции на ОН, вклучително и на резолуцијата 242.[621] Уште еднаш "Њујорк тајмс" одби да ја објави изјавата на Арафат, или барем да дозволи писма кои упатуваат на неа - иако по девет дена фактите беа закопани во една статија на друга тема. Арафат многу пати има изразено слични позиции, на пример, неколку месеци претходно во едно интервју за "Њујорк ривју оф букс" и во говорот од септември на состанокот на невладините организации (НВО) на ОН, за кој исто така не беше известено во Службениот весник, а во кој повика на "меѓународна конференција под патронат на ОН и врз основа на меѓународната законитост како и на меѓународните резолуции кои се одобрени од ОН а кои се релевантни за палестинската кауза и за кризата на Блискиот исток и на резолуциите на Советот за безбедност, вклучувајќи ги резолуциите 242 и 338."[622]

Во март 1988 година, "Њујорк тајмс" најпосле им дозволи на читателите краток поглед врз фактите,[623] но на интересен начин. Насловот на почетната страна гласи: "И Шамир и Арафат - со презир кон потезите на САД за блиско-источен мир." Следеа две стории за никаквеците што го презираат мировниот процес. Едната се занимава со Ицак Шамир, кој вели: "Единствениот збор во Шулцовиот план што го прифаќам е неговиот потпис"; другата, со Јасер Арафат, кој го повторува неговото прифаќање на сите резолуции на ОН вклучувајќи ги 242 и 338, уште еднаш го прифати постоењето на Израел во замена со повлекувањето од окупираните територии и повика Палестинците да бидат претставени во преговорите преку нивните избрани претставници.[624] Џорџ Шулц трезвено и со почит го следи мировниот процес; екстремистите од двете страни ги презираат неговите обиди.

На сличен начин, печатот во 1984 година извести дека израелскиот Врховен суд ќе им дозволи на "две екстремистички политички партии" да учествуваат на изборите, едната од нив е Ках партијата на рабинот Кахан, која "го брани евентуалното протерување на сите арапски жители од Израел и од Западниот брег на реката Јордан", а втората, Прогресивната листа, "сака Израел

---

[619] *Hadashot,* Jan. 7, 1988; *Ha'aretz,* Dec. 31, 1987.
[620] Интервју, *Nouvel Observateur,* Jan. 7, 1988.
[621] AP, Jan. 15; Toronto *Globe and Mail,* Jan. 15, 1987; објавено и во неколку локални весници во САД.
[622] *NYRB,* June 25, 1987. Англискиот превод на ОН е цитиран во *The Other Israel,* билтен на Израелскиот совет за израелско-палестински мир" ноем-дек. 1987 г.
[623] Да бидам прецизен, беше известено за поддршката на ПЛО за неотфрлувачкото политичко договарање врз кое САД стави вето во ОН во јануари 1976 година (*NYT,* Jan. 27, 1988), но оттогаш исчезна од историјата.
[624] *NYT,* March 12, 1988.

да ја признае Палестинската ослободителна организација и да се формира палестинска држава на Западниот брег" - што се два облици на екстремизам.[625]

Во април 1988 година, Арафат повторно ја поддржа поделбата, изречно упатувајќи на *принципот* на политички договор за две држави, а не на границите од изворната резолуција на ОН од 1947 година.[*] Следниот ден, министерот за одбрана Рабин (од Лабуристичката партија) објави дека Палестинците мораат да бидат исклучени од секој политички договор и дека дипломатијата може да продолжи само на "ниво држава со држава." Неколку дена претходно, премиерот Ицак Шамир (од Ликуд) го информира Џорџ Шулц дека "резолуцијата 242 на ОН не содржи територијални одредби во однос на Јордан", што значи дека го исклучува Западниот брег; така, владата на Израел решително ја отфрла резолуцијата 242, како што се разбира на сите други места во светот. Во февруари, Платформскиот комитет на Херут, сржта на владејачката коалиција на Ликуд, ја повтори својата долготрајна позиција дека правото на еврејскиот народ врз Земјата Израел, вклучувајќи го целиот Јордан, е "трајно" и "не е подложно на било каков повисок авторитет", иако тој "не предложи да се оди во војна со Аман", барем не сега. Заменик премиерот Рони Мило (од Ликуд) претходно објави дека "никогаш не сме рекле дека се откажуваме од нашето право (на Јордан - Н. Ч.), иако во контекстот на преговорите со Јордан би можеле да се согласиме на одредени отстапки во Источна Трансјорданија,"[*] дарувајќи му на Јордан дел од неговата постојна територија (веројатно се упатува на пустинските области кои во голема мера не се населени). Подоцна во април 1988 година, Лабуристичката партија повторно усвои платформа за кампањата со која се отфрла израелското повлекување од окупираните територии, а Рабин појасни дека планот е да се дозволи 60% од Западниот брег и од појасот Газа да биде дел од Јорданско-палестинската држава, со главен град во Аман. Така, и двете главни политички групирања во Израел ја потврдија својата екстремна политика на отфрлање, иако преку нивните карактеристично различни пројави. Угледниот израелски дипломат Аба Ебан, застапник на видот на политиката на отфрлање на Лабуристичката партија, коментира околу "непријатниот факт дека израелската влада воопшто не ја поддржува" резолуцијата 242, а особено што "воопшто нема ни трага (од резолуциите 242 и 338 - Н. Ч.) во израелскиот коалициски договор, зашто преговарачите на Ликуд во 1984 година пружаа отпор на лабуристичкиот предлог за вклучување на резолуцијата 242 како еден од изворите на израелската владина политика."[626]

---

[625] "Israeli Supreme Court lets two extremist parties run," *Christian Science Monitor,* June 29, 1984.

[*] Со резолуцијата на ОН од 1947 година на Евреите кои беа 30% од населението им се даваше 55% од тогашната Палестина, а по војната од 1948 година Израел беше основан на 78% од тогашната Палестина, со тоа што останатите 22% отпаѓаат на Западниот брег и на појасот Газа (заб. на прев.).

[*] Под "Источна Трансјорданија" се подразбира територијата на Јордан од источната страна на реката Јордан т.е. денешен Јордан, а "Западна Трансјорданија" е територијата на Јордан што Израел ја окупира во војната од 1967 година, односно т.н. Западен брег (заб. на прев.).

[626] *Ha'aretz,* April 12; *Jerusalem Post,* April 13; Shamir, *Ha'aretz,* April 7; Herut, Dorit Gefen, *Al-Hamishmar,* Feb. 29, 1988; Milo, тогашен претседавач на блокот на Ликуд во Кнесетот, *Maariv,* Jan. 3, 1984; *Globe and Mail,* April 26; Rabin, Tony Banks, *Jane's Defence Weekly,* May 7; Eban, *Jerusalem Post,* Dec. 3, 1988.

Сето ова помина без да биде забележано во етаблираниот печат.[627] Сепак, печатот извести дека Џорџ Шулц, следејќи ја својата "мировна мисија" во Јордан, објави дека ПЛО или другите "што имаат извршено акти на тероризам" мораат да бидат исклучени од мировните разговори, што би ја оставило преговарачката маса празна и со сигурност би го исклучило спикерот. Тој иста така "го објасни своето разбирање за аспирациите на Палестинците", напиша дописничката на "Тајмс", Илејн Скиолино, наведувајќи го примерот со САД, каде тој, Шулц, е Калифорниец, а Џорџ Буш - Тексашанец, но немаат проблеми живеејќи во хармонија. Со палестинските аспирации, за кои покажа толку темелно согледување, може да се справи на истиот начин.[628]

На Алжирскиот состанок на Арапската лига од јуни 1988 година, ПЛО пушти во оптек еден документ кој беше напишан од личниот гласноговорник на Арафат, Басим Абу Шариф, а кој им беше поднесен на главните американски медиуми и за кого преку телеграма беше известен Стејт департментот на 8 јуни. Документот повторно изречно ги прифати резолуциите 242 и 338 на ОН, објаснувајќи зошто ПЛО не ги прифаќа изолирано. Причината, долго време разбрана, е дека "никоја резолуција не кажува ништо за националните права на палестинскиот народ, вклучувајќи го неговото демократско право на самоизразување и на неговото национално право на самоопределување." "Поради таа причина и само поради неа", продолжува Абу Шариф, "постојано кажуваме дека ги прифаќаме резолуциите 242 и 338 во контекст на резолуциите на ОН што ги признаваат националните права на палестинскиот народ." Истите размисли се она што го мотивира настојувањето на САД и на Израел ПЛО изолирано да ги прифати резолуциите 242 и 338 за така имплицитно да го напушти своето право на самоопределување. Изјавата на Абу Шариф беше објавена во еден мал демократско-социјалистички неделник, "Ин дис тајмс". "Вашингтон пост" го одби објавувањето. "Њујорк тајмс" објави извадоци како колумна со мислење, придружени со сторија на насловна страна насловена "Помошникот на Арафат дојде под оган: тврдо-линијашките палестински групи го критикуваат повикот на советникот за разговори со Израелците." Статијата се фокусира врз осудата на Абу Шариф од страна на Народниот фронт за ослободување на Палестина на Жорж Хабаш и од групите што ѝ се противат на ПЛО, едвај спомнувајќи ја содржината на предлогот. Можно е "Тајмс" да го задржа објавувањето сé додека тие не успеаја да ја врамат сторијата на ваков начин.[629]

Потсетете се дека ова беше *откако* сето тоа уредниците на "Тајмс" го осудија како "стерилна политика на отфрлање" и "непопустливост" на Палестинците и општо на Арапите, во својот уводник од 13 јуни, кој беше наведен погоре. Неколку недели подоцна, Фејсал Хусеини, водечки умерен лидер од Западниот брег, повторно беше ставен под административен притвор, овој пат поради јавното бранење на предлогот на Абу Шариф на состанокот на "Мир сега", премногу безначаен факт за да заслужи сторија во "Тајмс" (види подолу). Врските на "Мир сега" со Хусеини во средината на 1988 година можат да се толкуваат во насока на покажување индиректна поддршка за

[627] Види ги моите статии во *Z Magazine,* May, July 1988. Немам најдено никакво друго спомнување.
[628] Sciolino, *NYT,* April 6, 8, 1988.
[629] *In These Times,* June 22, кој беше дистрибуиран неколку дена претходно; *New York Times,* June 22, 1988. Во следните недели имаше продолжителни индикации на контроверзата внатре во ПЛО околу иницијативата на Абу Шариф.

неотфрлувачкиот предлог за две држави кого Хусеини го брани, иако подоцнежните изјави на "Мир сега" го стават ваквото толкување под сомнеж.[630] Хусеини нагласи - точно - дека ја зазеде позицијата која долго време ја застапува ПЛО. Ако "Мир сега" навистина намераваше да ја сигнализира на недвосмислен начин својата поддршка за нешто слично на позицијата на Хусеини, тогаш можеме да заклучиме дека за прв пат Израел има неотфрлувачко мировно движење што е споредливо со ПЛО, настрана од маргините на политичкиот систем. Овие зборови, иако се точни, би биле скоро несфатливи во угледниот политички дискурс во САД.[631]

Настаните од крајот на 1988 година повторно ја откриваат корисноста на оваа опсежна владино-медиумска кампања за елиминирање од историското досие на арапските и ПЛО иницијативите, истовремено прикажувајќи ги американско-израелските обиди за исфрлање од колосек на политичкиот договор како "мировен процес", а нивната политика на отфрлање како умереност. Како што е забележано во текстот, Палестинскиот национален совет, што се сретна во Алжир, повика на меѓународна конференција заснована врз резолуциите 242 и 338 на ОН (кои ги признаваат израелските права, но кои не кажуваат ништо за Палестинците), заедно со палестинското право на самоопределување. Некој би можел да помисли дека оваа многу јасна реафирмација како на правата на Израелците така и на Палестинците би предизвикала одредени проблеми за американско-израелската политика на отфрлање. Очекуваната објава на ПНС всушност навистина предизвика такви стравувања. Тие беа изразени, на пример, во насловот од погулапскиот дел од американско-еврејскиот печат кој гласеше: "Израел е стегнат од арапската мировна понуда", при што секое преправање дека палестинските чекори кон мирот ќе бидат добродојдени беше напуштено како што се приближуваше ужасниот момент.[632]

Но стравувањето од мирот брзо беше ставено во мирување, откако мировниот предлог на ПНС помина низ медиумскиот филтер. За уредниците на "Тајмс" тоа едноставно беше "истото старо лажење што Јасер Арафат го нуди со години", "пропуштена можност", уште едно одбивање да се напуштат "отфрлувачките формули". Повторно, јасното неотфрлувачко стојалиште е

[630] До 1988 година, "Мир сега" - за разлика од ПЛО - никогаш нема предложено неотфрлувачки мировен договор. Поединци кои се поврзани со групата го имаат тоа направено, но другите (особено Аба Ебан) ги одржуваат врските со неа, истовремено јасно бранејќи ја политиката на отфрлање на Лабуристичката партија (види го, на пр., неговото "The Central Question," *Tikkun* 1.2, 1986). До април 1988 година, водечките активисти во Израел не беа способни да ме снабдат со еден единствен текстуален пример на поддршка за договор за две држави и јас не можам да најдам ниту еден. Темелната литература од ноември 1988 година ја наведува волноста на "Мир сега" да "разговара со Палестинците" кои го бранат неотфрлувачкиот политички договор, за така останатите Палестинци да бидат "охрабрени за да се откажат од насилството и да ги одвратат отфрлувачите." Но нема ниту збор што ќе покаже дека "Мир сега" им се придружува на своите палестински соговорници (посебно на Фејсал Хусеини) во прифаќањето на неотфрлувачката позиција. Види подолу за понатамошна потврда на овој заклучок.

[631] Во интелектуалната клима на САД, која е често полу-хистерична околу овие прашања, можеби е вредно да се додаде дека прегледот на фактичкото досие не наложува дека ПЛО е организација за восхит. Всушност, низ годините таа се покажа како некомпетентна, корумпирана, глупава и често убиствена, особено во раните 70-ти. Ова се работи во врска со кои често расправам во последните 20 години. Тие не се релевантни во сегашната врска, исто како што дебелото досие на ционистичкото насилство не беше релевантно за вреднувањето на правото на Евреите во 1947 година да бидат претставени од ционистите, или за нивното право за национално самоопределување во Палестина.

[632] *Jewish Post and Opinion,* Nov. 16, 1988.

“политика на отфрлување”, зашто не е во согласност со американско-израелската позиција што ги отфрла палестинските национални права. Во однос на повторувањето на ПЛО на позицијата околу тероризмот што е прифатена од целиот свет настрана од САД, Израел и Јужна Африка, тоа е само “старото лажење на Арафат”, забележуваат со презир уредниците.[633]

Неколку недели подоцна, вечно досадниот Арафат во Стокхолм изречно изјави дека декларацијата на ПНС “го прифаќа постоењето на Израел како држава во регионот”, повторувајќи во заедничката декларација со американските Евреи дека ПЛО го потврдува “принципот што е инкорпориран во оние резолуции на ОН што повикуваат на решение со две држави Израел и Палестина” и дека повикува на меѓународна конференција која “ќе се одржи врз основа на резолуциите 242 и 338 на ОН и на правото на палестинскиот народ на самоопределување без надворешно мешање.” “Тајмс” повторно реагираше со презир, како што направија и двете главни политички групирања во Израел и американската влада. Уредниците уште еднаш објаснаа дека “прифаќањето на резолуциите 242 и 338 содржи и нејасни алузии на другите декларации на ОН, не исклучувајќи ги оние што му се спротивставуваат на израелскиот легитимитет.” Оваа изјава е целосно погрешна: единствените резолуции на ОН на кои упатува Арафат се 242, 338 и оние што им го признаваат правото на Палестинците на самоопределување. Уредниците ја повторија и официјалната позиција дека Арафат не отиде доволно далеку во “отфрлањето на тероризмот”, што значи дека тој не им се придружи на американската влада и на “Тајмс” во нивната сјајна изолираност од спектарот на светското мислење, а што е едноставна работа околу фактите кои Службениот весник одбива да ги објави.[634]

Уредниците на “Тајмс” продолжија кажувајќи дека ПЛО “изгледа дека доползи поблиску до прифаќањето на правото на Израел на постоење”, иако “е тешко да се каже колку далеку се придвижи ПЛО.” Поради тоа САД мора да остане цврст и “да го задржи притисокот” врз Арафат “за поголема јасност.” Значењето е видливо. Само кога Палестинците изречно и без ескивирање ќе го напуштат своето барање за човекови и национални права, во согласност со директивите на Стејт департментот и на медиумите, нивната позиција ќе биде доволно јасна за да заслужи разгледување.

“Лос Анџелес тајмс” ја опиша Алжирската декларација како “прво официјално посочување за интересирањето на ПЛО” за напуштање на своето барање на “суверенитет врз целата Палестина”, иако “би било растеглива работа ако се употреби некој посилен збор од 'посочување' за да се опише она што произлезе од состанокот на ПЛО во Алжир.” Предлозите на ПЛО за договор за две држави кои го инкорпорираат правото на сите држави да живеат во мир во безбедни и признати граници, на преговори со взаемно признавање итн. доста повеќе од една декада не се квалификуваат за “посочувања”, зашто се отстранети од историското досие. Особено проблематично беше, продолжуваат уредниците тоа што “изјавата на ПЛО не ги дефинира границите на палестинската држава”; одбивањето на Израел да го направи истото уште од самото свое основање никогаш не било проблематично. “Вашингтон пост”, предвидувајќи ја изјавата на ПНС, беше полн со надеж, зашто “за прв пат разумните луѓе можат да прашаат дали Палестинците барем се движат кон

[633] Види глава 4. Уводник, *NYT,* Nov. 16, 1988.

[634] Уводник, Dec. 8, 1988; Steve Lohr, "Arafat says P.L.O. Accepted Israel, *NYT,* истиот ден; официјалната изјава, истиот ден.

мирот"; доволно фер, врз основа на претпоставката дека историските факти не постојат ако не нè принудуваат да ги признаеме непријатните вистини во врска со нас.[635]

Помеѓу колумнистите, спектарот се протегаше од гулабите кои ја опишуваа Алжирската декларација како "несмасен но потенцијално значаен потег" (Џудит Кипер од "Брукинг институшн") до Џорџ Вил, кој објасни дека германскиот збор за "договор за две држави" е " Endloesung, што значи 'конечно решение.'" На гулапската крајност, Ентони Луис му ракоплескаше на овој потег "во конструктивна насока", дури иако резолуцијата "не беше онолку јасна колку што сакаме" и ПЛО сеуште мора да биде исклучена од преговорите, поради неуспевањето "недвосмислено да се откаже од секој тероризам" - односно, да им се придружи на САД и на Израел (и, се разбира, Јужна Африка) во пркосењето на светот. Професорот по историја на Бостонскиот универзитет Ален Вајнштајн, кој е претседател на Центарот за демократија, запраша дали можеме да веруваме во наводната "умереност" на Арафат. Можеме да ја тестираме, предложи тој, повикувајќи го да нареди унилатерална пауза на палестинското востание (интифадата) "како вреден гест на добра волја при обликувањето на идниот американски одговор околу легитимните барања на палестинскиот народ"; Вајнштајн не покажува што потоа САД и Израел би направиле за да ги исполнат овие "легитимни барања", или зошто тие не одговорија на нив пред интифадата.[636]

Една од најинтригантните реакции беше во "Кришчан сајанс монитор", кој е невообичаен со својата повремена волност да признае дека и Палестинците би можеле да имаат човекови права, вклучувајќи го и правото на национално самоопределување што им е дадено на израелските Евреи. "Монитор" прикажа две колумни: претседателот на Американскиот еврејски комитет го прикажа случајот со недавањето виза на Арафат за така да í се прати порака на ПЛО дека "мора да престане со обидите да го уништи Израел", додека дописникот на "Монитор" Скот Пенделтон, кој го претставуваше спротивниот пол на изразливото мислење, го убедуваше Шулц повторно да ја разгледа одлуката на Арафат да му се забрани да зборува во ОН. На крајот на краиштата, тврдеше Пенделтон, "со охрабрување од САД, умереноста на ПЛО научи да ползи напред. Нашата крајна цел, наводно, беше да í се помогне да оди." Настрана од фактите, вреди да се забележи расистичката ароганција на формулацијата. Пенделтон продолжува со скицирање на контурите на фер договорот. Бидејќи "наша примарна грижа е безбедноста на Израел", единственото прашање е: "Колку далеку можеме да одиме во справувањето со палестинските страдања?" Тогаш основниот принцип е дека домородното население едноставно ги нема човековите права на Евреите. "Ако им се даде на Палестинците нешто, ќе се гарантира нивното добро однесување", убедува Пенделтон, прифаќајќи го стојалиштето на Томас Фридман. Така, ним треба да им се подари некаков вид на "држава", но "Израел треба да очекува дека ќе ги задржи воените бази на Западниот брег и во Газа, правото за прелети и многу други работи"; овие "работи" остануваат ненаведени, освен дека ќе им дозволат на Израел "да си замине со сè што му е потребно", како додаток на мирот. Што се однесува до Палестинците, тие треба да разберат дека ако "постапат така што ќе си праваат мајтап со Израел, ние ќе се повлечеме и ќе му дозволиме на Израел да ја

[635] Уводник, *LAT,* Nov. 16, *WP,* Nov. 15, 1988.
[636] Will, *BG,* Nov. 20; Kipper, Lewis, *NYT,* Dec. 1, 1988; Weinstein, *BG,* Dec. 4, 1988.

анектира вашата нова држава и да го втера целиот ваш народ в море." "Ако Арафат се согласи на таков брутално директен услов", тогаш тој дал изјава со "чесни намери" која е доволно јасна за нас, заклучува застапникот на гулабите.[637]

Накратко, чиста, со ништо неизмешана политика на отфрлување за цело време, проткаена со расистички презир за пониските раси. Целиот спектар му е пандан на екстремистичките елементи помеѓу Арапите.

Цело време и' се дава големо внимание на реакцијата на американските еврејски лидери и организации. Гулабите меѓу нив го опишаа изречното прифаќање на Израел од страна на Арафат при договор за две држави за "понатамошен мал чекор на патот, иако има причини за стравување дека искажаните ставови нема да го преживеат политичкиот договор" (Артур Херцберг). Директорот на Анти-клеветничката лига ја критикуваше изјавата на Арафат како "оптоварена" и "условна", кога она што треба е "крајна јасност" (Абрахам Фоксман). Претседавачот со "Конференцијата на претседатели на главните американско-еврејски организации" ги опиша декларациите на Арафат како "слабо прикриена верзија на истата стара пропагандна линија" и го отфрли неговото прифаќање на Израел како "беззначајно" признавање на постоечката стварност; неговата желба да го уништи Израел е "неублажена", а тоа е она што се смета (Морис Абрам).[638] Накратко, единствениот задоволувачки чекор за Палестинците е националното самоубиство, со "крајна јасност". Не се расправа за значењето на овие позиции.

Во Израел, "Мир сега" реагира на овој развој на настаните преку заземање на "нова позиција" што "изненади многумина", коментираше израелскиот печат: имено, "Мир сега" објави еден платен оглас преку кој повика на преговори со ПЛО и на таков начин го напушти екстремниот облик на политиката на отфрлување, кој на Палестинците им го одрекува дури и правото да си ги одберат сопствените претставници за преговорите. Сепак, "Мир сега" не се придвижи кон политичка позиција од видот кон кој ПЛО напредна во јануари 1976 година и постојано оттогаш, повикувајќи на мирен политички договор за две држави. Платениот оглас на "Мир сега" погрешно тврдеше дека "ПЛО во Алжир го напушти патот на отфрлување... и го прифати патот на политичкиот компромис"; тој чекор беше направен пред 13 години, кога ПЛО ги поддржа (или, ако може да му се верува на израелскиот претседател, "ги подготви") предлозите кои Израел и САД ги отфрлија, а овој чекор сеуште треба да биде превземен од "Мир сега". Платениот оглас го убедуваше Израел "да разговара со ПЛО" за да одреди "дали ПЛО навистина го усвои патот на мирот како што објави во Алжир." Советот е правилен, освен што го изостава главното прашање: дали Израел, или "Мир сега" конечно го усвои патот на мирот? Гласноговорникот на "Мир сега", Цали Решеф, изјави дека "не сме ние тие што сме се преобразиле колку што е ПЛО", преку својата "револуционерна промена" во Алжир, признавајќи ја резолуцијата 242 и договорот за две држави. Промената во Алжир беше сè само не револуционерна, како што досието јасно покажува. Она што се промени е што сега "Мир сега" делумно се оддели од политиката на отфрлање на Лабуристичката партија, движејќи се заедно со мнозинското мислење - кое, неколку месеци подоцна и не по понатамошна значајна промена на позицијата на ПЛО, како што ќе видиме,

[637] *CSM,* Dec. 8, 1988.
[638] Peter Steinfels, Dec. 8, 1988.

регистрира поддршка за преговорите со ПЛО со разлика од 54 наспроти 44 проценти.[639]

Додека некој може, доста правилно, да посочи на двосмисленостите на формулациите на ПЛО, на нејзината корумпираност, мамење, глупавост и терор, тоа срамно досие е за фалење во споредба со она на Израелската лабуристичка партија и на "Мир сега", кои сеуште не го достигнале нивото на посветеност на мирниот договор што беше артикулирано од ПЛО и "конфронтационите држави" доста повеќе од пред една декада.

Забележително фали од расправата во американските медиуми некаков предлог САД или Израел да отстапат од нивното јасно и недвосмислено отфрлување на палестинските права, или дека треба да се откажат од тероризмот.[640] Нема мислења дека одрекувањето на палестинското самоопределување е облик на "Endloesung." Единственото прашање што може да се разгледа е дали Палестинците се придвижија доволно кон нашата позиција, која по дефиниција е онаа правилната и поради тоа е недвојбена. Гулабите велат дека Палестинците учат и дека ние треба да ги наградиме поради нивниот болно бавен напредок; јастребите предупредуваат дека сето ова е измама и заблуда. Попресретливите тврдат дека за прв пат Палестинците произведуваат звуци што разумните луѓе можат да ги слушнат, отстапувајќи од "старото лажење на Арафат": имено, од прифаќањето на договорот за две држави заснован врз правото на самоопределување и на двата народи, од повикот за преговори и взаемно признавање и од другите предлози што не се квалификуваат ни како "посочувања". Тврдокорните одбиваат да го признаат дури и ова. Добро срочената историја е моќно средство.

Декември 1988 година донесе серија на настани што обезбедија уште еден драматичен показател за способноста на медиумите миговно да се прилагодат кон потребите на државната пропаганда. Медиумскиот консензус, како што е изразен од уредниците на "Њујорк тајмс", е дека во средината на декември ПЛО презеде "сеизмичко поместување во ставот" за прв пат "напредувајќи кон сериозна преговарачка позиција." Признавајќи дека ПЛО сега ги исполни сите барања на САД, Вашингтон донесе "важна одлука" да разговара со неа. Сега е "време за реалноста" на Блискиот исток, додаде Томас Фридман; дали ќе има некаков напредок зависи "во голема мера од тоа како водството на ПЛО ќе одговори на дозата реалност што се очекува дека ќе ја добијат при нивните разговори со американските дипломати."[641]

Да се свртиме сега кон она што навистина се случи.

Пред сé, не смееме да го превидиме поширокиот контекст. Палестинското востание од декември 1987 година ја поткопа претпоставката дека Палестинците можат едноставно да бидат запоставени. Нивниот отпор стануваше скап за Израел на многу нивоа, што беше закана за неговите услуги за САД па можеби дури и за неговиот општествен и економски интегритет.

---

[639] Aryeh Dayan, *Kol Ha'ir,* Nov. 25; платениот оглас на "Мир сега", Nov. 23; анкетата, *Yediot Ahronot,* Dec. 23, 1988.

[640] Еден исклучок е колумната на Вилијам Распбери што посочува дека несмалено продолжува посветеноста на Израел на теророт и дека "вистинската точка која му пречи на Израел не е 'двосмисленоста' на ПЛО, туку настојувањето дека Палестинците не помалку од Израелците имаат право на татковина" (*WP,* Dec. 14, 1988). Што се однесува до теророт, истото може да се каже и за САД. Тешко е да се превиди фактот дека ова скоро уникатно признавање на стварноста го напиша еден од неколкуте црнечки колумнисти во САД.

[641] Уводник, *NYT,* Dec. 21, 1988; Friedman, "Reality Time in Mideast," *NYT,* Dec. 19, 1988. За верзијата на Фридман на "реалноста", види подолу.

Израелските отфрлувачи и од Лабуристичката партија и од Ликуд почнаа да сфаќаат дека Палестинците не можат лесно да бидат потиснати, придружувајќи им се на неколкуте други кои веќе дојдоа до овој заклучок. Американските аналитичари го извлекуваа истиот заклучок. Политиката на отфрлање на американската интелектуална заедница, преовладувачки доминантна, исто така почна да еродира, забрзувајќи се кога трошоците од интифадата станаа јасни. Дури и некои од водечките хушкачи, кои со години ги осудуваа застапниците на политичкото договарање како леви фашисти, себе-мразечки Евреи и слично на тоа, истовремено произведувајќи постојан наплив на апологетика за израелската репресија и sверства, почнаа да си кројат улога за себе како долгогодишни застапници на политичкото договарање и критичари на недостигот на сочувствување од страна на Израел (типично обвинувајќи ја владата на Лукуд и оправдувајќи ја Лабуристичката партија, чие досие е споредливо, а во некои аспекти и полошо).[642] Скапите неуспеси на Израел во Либан од 1982 година водеа до слични преоценувања, како што беше случајот и со арапските воени успеси во војната од октомври 1973 година, која стави јасно до знаење дека арапските држави не можат едноставно да бидат игнорирани и дека би било најдобро за Израел и за САД да уредат договор околу Синај. Поради тоа одредена промена во политиката кон Палестинците, барем на симболичко ниво, беше веројатна, врз основа на преоценувањето на трошоците. Против оваа позадина, стануваше растечки тешко да се одржат илузиите кои толку долго служеа. Согласно на тоа, од почетокот на 1988 година, почна да се известува за арапските мировни иницијативи, иако сепак измамнички, и да се предизвикува некој вид на ограничена реакција.

Свртувајќи се кон настаните од декември 1988 година, по Алжирската декларација од ноември САД одби да му дозволи на Арафат да му се обрати на Генералното собрание на ОН во Њујорк, што беше јасно кршење на правото. Заседавањето на Собранието беше преместено во Женева, каде Арафат суштествено ги повтори позициите кои веќе беа искажани. Одговорот на Вашингтон беше дека Арафат не ги исполни неговите услови, кои повторно кажано, беа јасно утврдени:

1. "Прифаќање на резолуциите 242 и 338";
2. "Признавање на правото на постоење на Израел";
3. "Отфрлање на тероризмот во сите негови форми".

Овие позиции на САД ПЛО мора да ги прифати "јасно, директно, без двосмисленост", продолжува Стејт департментот. Медиумите го прифатија ова стојалиште. "Њујорк тајмс магазин" донесе кавер сторија насловена "Двосмисленият Јасер Арафат", а и другите жалеа за неговото избегнување. Концептот на "двосмисленост" го објасни Џон Ченселор од NBC: "Маката со Јасер Арафат е што неговиот мајчин јазик изгледа дека е двосмислен. Тој никогаш не го кажува она што ти сакаш да го каже."[643] Колку неразумно.

Потсетете се за што се работи при овие три услови. Резолуциите 242 и 338 повикуваат на правото на сите *држави* во регионот "да живеат во мир во

[642] За вистинското досие на апологетика за Израел и за пакосниот напад врз секого што отстапува од партиската линија, при што брзо се брише од историјата кога ќе се променат условите на респектибилност, види *Peace in the Middle East?,* глава 5; *Fateful Triangle,* 146f., 263f., 378f. Некои од преминте се запрепастувачки.

[643] Условите на Стејт департментот, *NYT,* Dec. 14; Marie Colvin, *NYT Magazine,* Dec. 18; Chancellor, вечерни вести на NBC, Dec. 13, 1988, за кои ме извести Мерилин Јанг. За концизна правна анализа на обврските на САД кон ОН, види Alfred P. Rubin, *CSM,* Dec. 15, 1988.

безбедни и признати граници". Овој услов ПЛО го прифати во јануари 1976 година токму со тие зборови и постојано оттогаш. Но ПЛО секогаш додава една "ограда". Инсистира и на оние резолуции на ОН што го признаваат правото на Палестинците на национално самоопределување во држава покрај Израел. Првото од барањата на Стејт департментот е ПЛО да ја напушти оваа "ограда" и така да го напушти правото на самоопределување.

Втората точка е малку поинаква. На никоја држава во меѓународниот систем не и' се дава апстрактно "право на постоење", иако им се дава на државите право на постоење во мир и безбедност. Разликата е темелна. Така, САД изречно му го одрекува "правото на постоење" на Советскиот сојуз во неговата сегашна форма (како што се покажува, на пример, преку Неделата на заробеничките нации,* или во документите од планирањето на високо ниво како оној на Советот за национална безбедност број 68). Но се согласува дека СССР има право да биде слободен од надворешен напад или од терор, што значи, да живее во мир и безбедност. За Палестинците да се согласат на израелското апстрактно "право на постоење" би било да го прифатат не само *фактот*, туку и *легитимитетот* на одземањето на нивната земја и домови. Тоа е причината зошто Израел и САД инсистираат на овие прецизни зборови: "Суштествено е овие зборови да бидат изречени", тврди еден експерт за Блискиот исток на Стејт департментот. Не се работи за "постоењето" на Израел, туку за "правото" на постоење, инсистира советникот за национална безбедност Колин Пауел: "Правото на постоење на Израел е она суштинско признавање кое ни треба."[644] Израел природно дека се согласува. И американските медиуми и интелектуалната заедница постапуваат на ист начин, бидејќи само такво тотално понижување и откажување дури и од апстрактните права од страна на Палестинците ќе ги оправдаат ставовите што интелектуалните кругови многу декади ги изложуваат кон нив.

Веќе расправавме за третата точка. Не е доволно ПЛО да ја заземе позицијата кон тероризмот што ја држи скоро целиот свет; мора да им се придружи на САД, Израел и Јужна Африка надвор од спектарот на светското мислење, јасно и недвосмислено откажувајќи се од правото на народот да се бори за самоопределување против расистичките и колонијалистичките режими или против странската окупација. И повторно, медиумите се согласуваат со скоро еднодушност, истовремено продолжувајќи да го потиснуваат фактот дека се работи токму за тоа.

Наводните причини за американско-израелското стојалиште се "безбедносни"; само ако Арафат ги каже магичните зборови, Израел ќе биде безбеден, според владино-медиумската доктрина. Бесмисленоста е очигледна. Да претпоставиме дека Арафат треба да танцува во Кнесетот носејќи јармулка и пеејќи ја "Хатиквата,"* а потоа да продолжи со заклетва за бесмртна верност на Државата Израел, истовремено осудувајќи ги Палестинците како незаслужни грешници, времени посетители на Земјата Израел кои ќе бидат вечно благодарни ако вистинските сопственици на целата земја им подарат мини-држава на Западниот брег и во Газа како дар. Безбедноста на Израел нема да се унапреди ниту за јота. Безбедноста се заснова врз фактите, а не врз зборовите.

---

* "Captive Nations Week" – во 1959 година Конгресот на САД ја прогласи третата недела од јули за недела посветена на народите што живееја под комунистичка власт (заб. на прав.).

644 Richard Strauss, *BG,* Dec. 14; Charlotte Saikowski, *CSM,* Dec. 15, 1988.

* Јармулка - мала капа што ја носат ортодоксните Евреи; Хатиква (во превод, надеж) - национална химна на Израел (заб. на прев.).

Всушност, идејата дека Палестинците ја загрозуваат безбедноста на Израел едвај да може да се земе сериозно; ако беа прифатени долгогодишните предлози на ПЛО за дипломатски договор за две држави, палестинската држава ќе беше таа што ќе се соочуваше со безбедносни проблеми, втеснета помеѓу традиционалниот преќутен сојуз помеѓу Јордан и Израел, регионалната суперсила. Израел без сомнение се соочува со остри безбедносни проблеми, кој делумно сам си ги создаде поради тоа што од 1971 година ги отфрла можностите за дипломатски договор. Но Палестинците претставуваат закана за безбедноста само поради тоа што способноста на Израел да се брани од навистина опасните непријатели без сомнение ќе се разјаде со тоа што неговите воени сили се обучуваат не за водење војни, туку за кршење на коските на децата. Израелските воени специјалисти ја разбираат заканата и тоа е една од причините зошто интифадата ги води повторно да ја разгледаат мудроста од задржувањето на територииите. Еден добропознат воен историчар, Мартин ван Креверт, забележува: "Она што порано беше една од светски најдобрите борбени сили брзо дегенерира во полициска организација од четврта класа. За да сфати како една таква сила ќе се бори кога ќе се судри со вистинска војска, некој не треба да гледа подалеку од случајот со Аргентинците на Фокландските острови."[645]

Прашањето со одбивањето на Арафат да ги изговори зборовите што за него ги напиша Стејт департментот - а што медиумите го нарекоа негова "двосмисленост" - воопшто не е "неважно", како што правилно проценија уредниците на "Вашингтон пост", додека погрешно ги утврдуваа причините.[646] Ако ПЛО јасно и недвосмислено ја прифатеше позицијата на Стејт департментот, ќе паднеше во дипломатска стапица. Ќе се откажеше од своето право на национално самоопределување ("оградата" на резолуцијата 242), ќе го прифатеше легитимитетот на сето она што во минатото им се случуваше на Палестинците и ќе се откажеше од секое право на борба за самоопределување - на пример, од правото да ги поддржи народните комитети во "ослободените села", или од правото да го одобрува тоа што жителите на селата фрлаат камења на воените единици што напаѓаат за да ги спречат обидите како самоуправата и за да ги апсат, мачат, тепаат или убиваат извршителите на таквите злодела. Согласноста на ПЛО со ваквите услови би бил суштествен успех за американско-израелската политика на отфрлување. Тоа би значело дека штом Палестинците направат било каков потег во насока на самоопределувањето, или дури и штом искажат зборови во таа насока, би можеле да бидат обвинети за кршење на нивните свечени ветувања, докажувајќи дека се само варвари, како што САД и Израел долго знаат, и напуштајќи го секое право. Тогаш тие би

[645] За раните фази на израелско-јорданскиот сојуз, види Avi Shlaim, *Collusion across the Jordan* (Columbia, 1988). Van Creveld, *Jerusalem Post,*, Feb. 1, 1989.

[646] Уводник, *WP Weekly,* Dec. 19, 1988, кој го фали Шулц поради тоа што "цврсто се држеше до принципиелните услови од 1975 година" и поради тоа што не му даде виза на Арафат, што е "корисен сигнал". Уредниците тврдат дека "условите од 1975 година беа скицирани во време кога Израел имаше влада која беше подготвена да размени територија за мир ако постоеше некој партнер за преговори." Сепак, фактите се дека Израелската лабуристичка влада изречно одби да има работа со било кои Палестинци околу било кое политичко прашање и дека САД и Израел ја одбија понудата земја за мир во Советот за безбедност на ОН. Види го *Fateful Triangle,* а за повеќе подробности за тогашниот став на израелската влада, *Towards a New Cold War,* 267f. Реакцијата на Израел на заседанието на ОН беше неоснованото бомбардирање на Либан, со преку 50 убиени. Реакцијата на САД беше ставање вето на резолуцијата. Медиумската реакција беше одрекување на фактите, како и во овој уводник.

можеле да бидат "втерани в море" или во пустината, согласно со упатствата на гулабите, како што веќе видовме. Што и да одберат тогаш да направат САД и Израел, ќе биде легитимно, по оваа демонстрација на нивната безвредност. Оружјето секогаш ќе биде достапно, ќе се држи во резерва, ако ПЛО ги прифати барањата на американската влада и медиуми.

До средината на декември 1988 година, американската влада стануваше предмет на исмевање надвор од САД поради своето инсистирање Арафат не само да ги прифати позициите што долго време во меѓународната заедница се сметаат за разумни, туку и да ги изговори точните зборови што за него ги напиша Стејт департментот. Втеснет во неодржлива позиција, Вашингтон се сврти кон вообичаената техника на моќниот: "Тролопов маневар" (види глава 4, забелешка 40): Кога противникот одбива да ја прифати твојата позиција, преправај се дека тој тоа го сторил, верувајќи им на медиумите дека ќе го држат чекорот. Тогаш, во светот на нужните илузии противникот навистина ја прифатил твојата позиција и ти можеш да продолжиш како тоа да се случило, казнувајќи го како што треба поради секое отстапување од свечените ветувања што ти си ги измислил за него. Додатна корист е психолошката сатисфакција што произлегува од тврдењето дека се понижени трето-светските гњаватори, додека ние за возврат им го подаруваме големиот дар на примање во коморите на господарот за одредена безначајна конверзација. Понатаму, ова преправање ја има практичната предност на засилување на доктрината дека цврстото и бескомпромисно стојалиште е единствениот начин за справување со нижите раси. Потсетете се на реинтерпретацијата на дипломатскиот пораз на САД во август 1987 година како доказ дека нашето одбирање на насилството конечно ги принуди неволните сандинисти да ги прифатат условите на САД. Вистинските факти се доста ирелевантни ако може да му се верува на информацискиот систем дека ќе се покорува и ако неговата моќ за обликување на мислењето е доволна во земјите што се важни (западните сојузници). Ова е средството што во 1973 година го употребија Никсон и Кисинџер за да ги уништат Париските мировни договори и тоа беше она што Регановата администрација го прифати за да го поткопа Ескипуласкиот договор. Всушност, тоа е скоро рефлекс и типично делува како шарм.

Прифаќајќи ја оваа процедура, Стејт департментот објави дека на прес конференцијата на која во ниту еден момент не кажа ништо ново, Арафат конечно ја прифати американската позиција по сите три прашања, така што сега, при нашата великодушност, ќе се согласиме да разговараме со ПЛО (и да ги информираме, учтиво, дека Палестинците немаат никакви права или барања). Како што забележаа поперцептивните аналитичари, ова "ненадејно и драматично свртување во политиката на САД... ја извлече Регановата администрација од аголот во кој самата се втера", со тоа што администрацијата "ја зграпчи давеничката сламка со прес конференцијата на Арафат во Женева како елегантен начин за излегување од растечки неодржливата позиција."[647] Сепак, стандардното медиумско толкување беше доста поразлично: САД не ја промени воопшто својата позиција: напротив, цврстината се исплати и го принуди двосмисленият г-ин Арафат да се согласи на праведните барања на Вашингтон, што докажува дека САД треба да продолжи "да се држи цврсто", како што се изразија уредниците на "Вашингтон пост".

[647] H.D.S. Greenway, *BG,* Dec. 15; види и Randolph Ryan, *BG,* Dec. 16, 1988, единствениот пример што го најдов каде што се признати елементарните факти за условите на Стејт департментот.

Колумните со вести во "Њујорк тајмс" известија дека "службени лица од Стејт департментот одбија да шпекулираат околу она што го убедило г-ин Арафат да ја прифати американската формула по толку години на одбивање да постапи на тој начин." Одново и одново, тие повторуваат дека ПЛО ги исполни американските услови "преку откажувањето од тероризмот, признавањето на правото на постоење на Израел и прифаќањето на важните резолуции на ОН за Блискиот исток." "Вашингтон пост" ја фалеше Регановата администрација што "постигна неочекуван дипломатски поен преку наведувањето на Палестинската ослободителна организација формално да ја прифати државата Израел." Постоеше многу презир за "палестинската семантика". Приказната беше дека Арафат се обидел да ги избегне цврстите американски барања, но на крајот подлегна, кога веќе немаше каде да бега. Така, по многу превиткувања, Арафат конечно ги изговори зборовите што на ПЛО ѝ ја дадоа привилегијата на понуда за ручек со американски службени лица. Овој "вчудоневидувачки пробив" е триумф за американската дипломатија, објавија уредниците на "Тајмс", упатувајќи го секретарот Шулц "да го држи Арафат одговорен" за било какво "насилство во Израел и на окупираните територии." Уредниците на "Бостон глоуб" тврдеа дека "Јасер Арафат ги изговори зборовите што мораше да ги каже со цел да ги исполни американските услови за отворени контакти со ПЛО", вклучувајќи ја "неговата прва задоцнета декларација за правото на Израел да постои во мир и безбедност." "Отсега па натаму", предупредија уредниците, "ПЛО може да се држи за заложбите што ги направи." Колумнистите додадоа дека САД треба да истрае во "цврстиот пристап" кој "го доведе г-ин Арафат толку далеку преку повторување на истите три услови со години"; оваа непоколебливост треба да го присили г-ин Арафат да го дооди остатокот од патот, согласно со "легитимните интереси" на Израел и Јордан, напуштајќи ги дури и маргиналните барања за самоопределување (Даниел Пајпс). Томас Фридман ја изговори "реалноста": Арафат конечно го призна "правото на постоење на Израел" и сега мора со Израелците да зборува како Садат "за време на неговите први преговори со Израел по војната од 1973 година", конечно разбирајќи дека Египет "ќе мора да разговара со Израел директно и на јазик за кого Израелците ќе сметаат дека е искрен" (потсетете се дека Египет понуди целосен мировен договор во *1971* година, кој беше признат како таков од Израел, но беше отфрлен бидејќи лабуристичката влада чувствуваше дека можат да добијат територијални отстапки ако истраат, како што искрено објаснаа). Како што САД продолжува да администрира "доза на реалност" до ПЛО, продолжува Фридман, така треба да ги советува Палестинците "да се согласат на двомесечно примирје во востанието во замена со израелската согласност да им дозволи да одржат локални избори." Забележете дека *Палестинците* се оние што мораат "да се согласат на примирје" на окупираните територии, од што читателот треба да разбере дека Палестинците се оние што "пукаат" врз израелската војска.[648]

Подоцнежните коментари продолжија по истите линии, скоро (или можеби дури и целосно) без исклучок. Претседателот Буш, на својата прва прес конференција, објасни дека се согласуваме да "комуницираме" со ПЛО (но не

[648] Alan Cowell, *NYT,* Dec. 19; Robert Pear, *NYT,* Dec. 15; уводник, *WP Weekly,* Dec. 19; "Palestinian Semantics: Arafat's Changing Words," *NYT,* Dec. 15; уводник, *NYT,* Dec. 16; уводник, *BG,* Dec. 16; Pipes, "How the U.S. Should Handle Arafat," Dec. 20; Friedman, "Reality Time," *NYT,* Dec. 19, 1988. За фактите во врска со преговорите од 1971 година, кои Фридман секогаш ги потиснува или ги негира, види *Fateful Triangle,* глава 3.

“да работиме со” нив, како што побрза да нагласи, поправајќи го испуштањето од јазикот), поради “нејзиното прифаќање на трите принципи”, оние што ние ги формулиравме за неа; “сè додека се држат и се посветени на тие три принципи, ќе имаме доста соодветни состаноци со ПЛО.” Она што се промени е тоа што ПЛО “драматично, би рекол, се согласи на принципите што се дел од нашата политика”, кажувајќи ги магичните зборови. Дописникот на “Тајмс” Џоел Бринкли, заедно со многу други, отиде подалеку, додавајќи дека “Јасер Арафат, водачот на ПЛО, отворено кажува дека сака да го реши палестинскиот проблем преку преговори”, што претставува вистински пробив, понуда што САД и светот “претпазливо ја прифатија”. Потсетете се дека коментарот на Бринкли е доста точен во светот на нужните илузии кого “Тајмс” толку внимателно го создава долги години; повторените предлози на Арафат за решавање на арапско-израелскиот конфликт преку преговори постојат само во ирелевантниот свет на реалноста, од кого читателите на “Тајмс” обѕирно се заштитени.[649]

Свртувајќи се кон фактите, кои, како што е предвидено, брзо исчезнаа од сцената, при своите магични зборови Арафат го призна “правото на сите страни што се засегнати во блискоисточниот конфликт да постојат во мир и безбедност и, како што имам спомнато, вклучувајќи ја државата Палестина, Израел и другите соседи, според резолуциите 242 и 338”; така, тој “ја прифати државата Израел” според условите што тој ги понуди пред 13 години и повеќепати оттогаш, со истата “ограда” како и секогаш и без прифаќање на апстрактното “право на постоење” на Израел. Тој “се откажа” од тероризмот во сите негови форми (Стејт департментот инсистираше само на “отфрлување”), додека во придружните изјави тој и другите службени лица јасно дадоа до знаење дека ПЛО “нема да ги напушти ниту нападите врз воени цели во Израел ниту едногодишното востание на окупираниот од Израел Западен брег и појас Газа.”[650]

Накратко, Арафат ги повтори поранешните позиции на ПЛО. Единствената измена е што додека во јануари 1976 година (и често оттогаш) ПЛО ја прифати формулацијата од резолуцијата 242, прифаќајќи го правото на сите страни “да живеат во мир во безбедни и признати граници”, сега Арафат зборува за нивното право “да постојат во мир и безбедност”; измената е нула. Како и порано, тој инсистираше на “оградата” дека Палестинците имаат право на самоопределување, јасно мислејќи на “државата Палестина” покрај Израел. Тој одби да го прифати апстрактното “право на постоење” на Израел, врз кое САД инсистираа како на клучна точка. Наместо да го “осудува” и да го “отфрла” тероризмот како порано (види глава 4), тој “се откажа” од тероризмот, истовремено задржувајќи го меѓународно признатото право на борба за самоопределување против расистичките и колонијалистичките режими и странската окупација.

Верзијата што ја прикажа Стејт департментот и медиумите е неточна во скоро секоја поединечност. Сепак, тој факт не прави ни најмала разлика. Нужните илузии се воспоставени. Согласно на тоа, Арафат може да се држи за збор околу “заложбите” што не ги направи, а Палестинците можат да бидат казнети ако не успеат да се однесуваат според овие свечени заклетви. Забележете ја повторно блиската сличност со техниките што беа усвоени за да се поткопа Ескипуласкиот договор, меѓу останатите познати случаи.

---

[649] Прес конференцијата на Буш, *NYT,* Jan. 28; Brinkley, Jan. 29, 1989.
[650] "Palestinian Semantics," *NYT,* Dec. 15; Alan Cowell, *NYT,* Dec. 19, 1988.

Барајќи да ги издвои предностите што некој би можел да ги има од овој развој на настаните, Вилијам Сафаир опширно зборуваше за клучната разлика помеѓу зборовите "осудува" и "се откажува". Точно е, признава тој, дека Арафат претходно "го осуди" тероризмот (исто како што и "го отфрлуваше" тероризмот, не успеа тој да додаде), но сега тој ги следеше нашите наредби и "се откажа" од него, прекутно признавајќи дека претходно го прифаќал. Од гледна точка на безбедноста на Израел - наводната грижа на Сафаир - или од било кој друг предмет на можна човечка важност, разликата е толку малечка што е скоро невидлива. Сепак, она што го импресионира Сафаир е дека САД наметна задоволувачки облик на понижување врз жртвите на американско-израелската репресија и политика на отфрлање, правилно присилувајќи ги да признаат дека тие и само тие грешеле.[651] На другата крајност од прифатливиот политички спектар, Пол Берман го убедува Израел: "земи ги водникавите зборови на твојот непријател и ископај водено опкружување околу тврдината и... обиди се да го затвориш твојот непријател преку каналот на неговите сопствени ветувања. Преку тоа што ќе го натераш да ги повторува своите зборови без крај и преку поврзување на големите зборови за малите мерливи заложби и на малите за големите." Ќе има напредок "само ако лагите на Арафат денес течат во подобра насока од времето кога тој го заслепуваше својот сопствен народ со вести за секуларната демократска држава што ќе дојде", продолжува Берман, истовремено величајќи го Аба Ебан ("големиот ветеран на израелскиот лабуризам" и долгогодишен застапник на неговата политика на отфрлување) и Ирвинг Хов ("лесен и со тежина, највистински глас на социјализмот", кој е долго време познат поради молчењето околу израелските sверства или нивното одрекување и поради пакосната осуда на Даниел Бериган, на новата левица од Пало Алто до Скерсдејл и на сплетот од разноразни никаквеци чиј злостор е што ги кажуваа вистините кои тој преферираше да не бидат слушнати). Ниту Сафаир ниту Берман ниту спектарот помеѓу нив не ги повика Израел и САД да се "откажат" од нивниот тероризам и од нивното отфрлање на секое политичко договарање; нема наложувања овие режими да мораат да бидат затворени преку каналот на нивните сопствени ветувања, да бидат принудени без крај да ги повторуваат своите зборови на покајување и откажување и да ги насочат своите лаги во подобра насока. А нужните илузии за дипломатската историја остануваат цврсто на место. Империјалната ароганција и расистичкиот презир за оние што ни се на патот паѓаат во очи исто како и лесното отфрлување на неприфатливите факти.[652]

Додека сите очи беа фокусирани врз палестинската двосмисленост, печатот извести дека "војниците го нападнаа селото на Западниот брег Дејр ал Гусан", пукаа и убија еден Арап, помеѓу многуте што беа убиени и ранети при новиот изблик на израелско насилство со секојдневни убивања. За уште повеќе да го истакне американско-израелскиот став кон тероризмот, САД стави вето на

[651] Сафаир тврди дека "г-ин Арафат, преку прифаќањето на омразениот збор "откажување", вети дека ќе прекине со она што неговата организација го правеше во минатото", под што очигледно мисли дека Арафат вети дека ќе прекине со она што тој, Сафаир, го смета дека е тероризам. Сепак тоа јасно дека не следи; единствено следи дека Арафат вети дека ќе прекине со она што тој, Арафат, го смета за тероризам. Прашањето повторно се претвора во право на борба против колонијалистичките и расистичките режими и странската окупација, што е прифатено од целиот свет настрана од САД и Израел. Извртениот аргумент на Сафаир ја испушта оваа поента и така пропаѓа.

[652] Safire, *NYT Magazine,* Jan. 1; Berman, "What is a Jew?," *Village Voice,* Jan. 3, 1989. За вистинската улога на Хов долги години, види ги референците во забелешка 96.

резолуцијата на Советот за безбедност со која се осудуваше крупниот воен напад на Израел во близината на Бејрут. Шимон Перес, кој е фален во медиумите како водечки гулаб на Израел, објасни дека не постои палестински партнер за преговори и дека Палестинците немаат право на самоопределување, зашто Израел одредува дека нивните културни врски со Јордан го забрануваат секој "поим за вештачка поделеност на палестинскиот народ" - иако Израел ќе им дозволи "слободни и тајни избори" на луѓето на Западниот брег и во Газа, без израелско мешање, штом тие однапред го напуштат принципот што би го поткрепиле, скоро еднодушно, на слободни избори. Израел формира коалициона влада заснована на познатите барања на двете главни политички групации: "Со сигурност нема да има разговори со ПЛО, нема да има палестинска држава помеѓу Јордан и Медитеранот и нема повлекување на границите од 1967 година." Коалицискиот договор повикува и на до осум нови населби годишно на окупираните територии, со финансирање од САД.[653]

Тука нема двосмислености. Слично на тоа, медиумите остануваат непоколебливи во своето служење за исфрлување од колосек на секој можен мировен процес сè додека Вашингтон истрајува на сопствената недвосмислена политика на отфрлање.

Еден аспект на ова служење е потиснувањето на позицијата на САД по спектакуларниот успех на американската дипломатија. Според израелскиот печат, Вашингтон го советуваше Израел да престане да бара од САД да го прекине својот дијалог со ПЛО, зашто овие барања "само му даваат на значење на дијалогот." Министерот за одбрана Рабин го изрази своето големо задоволство од дијалогот кон крајот на февруари, зашто тоа беше задоцнета акција со цел да му се даде на Израел барем една година за да ја потисне интифадата преку "остар воен и политички притисок". Ова толкување е зацврстено со протоколите од првиот состанок помеѓу САД и ПЛО во Тунис. Тие протекоа до египетскиот весник "Ал Мусавар кој е близок до претседателот Мубарак и беа објавени во превод од страна на "Јерусалем пост", кој едвај да можеше да го задржи своето задоволство во врска со фактот дека "американскиот претставник ја прифати израелската позиција." Американскиот амбасадор во Тунис Роберт Пелетро утврди два клучни услови: ПЛО мора да ја отповика интифадата и мора да ја напушти идејата за меѓународна конференција, прифаќајќи го американското барање за директни преговори помеѓу ПЛО и Израел (кои, попатно кажано, Израел ги одбива). Во однос на интифадата, позицијата на САД е: "Несомнено дека интерните борби на кои сме сведоци на окупираните територии целат на поткопување на безбедноста и стабилноста на Државата Израел и поради тоа бараме прекинување на овие нереди, *на кои гледаме како на терористички акти против Израел*. Ова посебно важи бидејќи знаеме дека вие управувате, надвор од територииите, со тие нереди, кои се нешто многу насилно."[654]

---

[653] *BG,* Dec. 19; *NYT*; Peres, отворено писмо, *NYT,* Dec. 21; John Kifner, *NYT,* Dec. 20, 1988. За жртвите, види Daoud Kuttab, *Middle East International,* Jan. 20, 1989, кој наведува бројка од 31 убиен (вклучително и деца) од средината на декември до средината на јануари, што е највисок месечен збир од претходниот март, и 1000 повредени. Во хебрејскиот печат редовно се известува за застрашувачките подробности. Види, на пример, Yizhar Be'er, *Kol Ha'ir,* Dec. 30, 1988, кој известува за резултатите од едно интензивно истражување на "денот на колежот" во Наблус на 16 декември, два дена откако Арафат наводно ги кажа магичните зборови. За одредени подробности, види ја мојата статија во *Z Magazine*, March 1989.

[654] *Hadashot*, Feb. 14; Rabin, Nahum Barnea, *Yediot Ahronot,* Feb. 24; *JP,* Jan. 6, 1989. Подвлечено во *JP*. Не е невозможно американското и израелското разузнавање навистина да веруваат дека

Оттука, позицијата на САД е дека палестинското востание е тероризам што цели на уништување на Израел и ПЛО мора да нареди да биде прекинато. Штом интифадата биде доведена до прекин, работите ќе се пресвртат до состојбата што преовладуваше претходно, кога владата на САД навивачки ја поддржуваше и обилно ја финансираше брутална репресија на населението од страна на Израел и неговите чекори кон интегрирање на територииte во рамките на Израел, додека медиумите систематски ги одбегнуваа продолжителните sверства, фалејќи ја "доброќудната" окупација и поздравувајќи ги окупаторите како "општество во кое моралната чувствителност е принцип на политичкиот живот" ("Њујорк тајмс", веднаш по масакрот во Сабра-Шатила); а и лево-либералната интелигенција ја фалеше оваа "бодра демократија", која со крупни чекори се движи кон демократски социјализам (Ирвинг Хов), истовремено клеветејќи ги оние што повикуваат на политичко договарање и што поседуваат дрскост и смелост да забележуваат, доста несоодветно, дека сето тоа не е така прекрасно како што е насликано.[655]

Што се однесува до директните преговори, работата тешко дека е посуптилна. Меѓународната заедница поддржува политички договор, а САД не. Поради тоа, меѓународната заедница мора да биде исклучена од било каква улога, зашто би била раздразнувач, притискајќи за оној тип на политички договор што САД долги години го отфрла. Поопшто кажано, како што видовме и во други контексти, меѓународната заедница мора да биде исклучена колку што е можно повеќе од мешањето во американските полјани - голем дел од светот, вклучувајќи го и Блискиот исток - иако САД е волен да се сврти кон неа кога претпочитаните методи на спроведување контрола ќе пропаднат. Во "директните преговори" без мешање на оние што би можеле да притиснат за мир, Израел може да продолжи (со американска помош) да го отфрла секој предлог за значајни преговори или за политички договор, дури и ако Израел би можел да биде убеден да земе учество во шарадата.

Поради тоа, "дозата на реалност" што беше администрирана до ПЛО се држи исклучително многу до линиите кои главниот дипломатски дописник на "Тајмс" ги смета за неопходни и точно се сообразува со барањата на израелската политика на отфрлување, како што ликуваа уредниците на "Јерусалем пост". САД успеа, уште еднаш, во фрлањето во грч на "мировниот процес" и во блокирањето на изгледите за кои се чинеше дека се развиваат, на голем ужас на Вашингтон и Тел Авив.

Сите вакви работи мораат да бидат исклучени од расправата во медиумите, дури и при блесокот на публицитет околу значајните и спектакуларни дипломатски успеси на САД во декември 1988 година.

Иако САД извојува голема дипломатска и пропагандна победа, можат да бидат ставени во движење сили кои Вашингтон не може да ги контролира, токму како и во другите случаи за кои расправавме. Со светот не се управува толку лесно како со медиумите. Тоа сепак е друга тема.

ПЛО ја започна интифадата и дека таа управува со неа. Постојат изобилни докази од документационото досие за неспособноста на разузнавањето, на националната политичка полиција, или на политичкото водство да ја разберат реалноста на народните движења и на народните борби. Идејата едноставно е премногу заканувачка и со неа не можат да се соочат или да ја разберат. Исто така е неопходно да се има на ум идеолошкиот фанатизам што често ги обојува разузнавачките извештаи и нивното толкување на високо ниви, а што исто така е изобилно документирано.

[655] Види ги референците кои беа претходно наведени; *NYT,* Nov. 6, 1982.

Ова е само краток примерок од многу големото досие. Вакви услуги моат да се очекуваат од страна на "Њујорк тајмс", кој, забележува дописникот на "Бостон глоуб" за Блискиот исток, Кертис Вилки, "историски е главен канал за вести за американска потрошувачка на Израел."[656] Но шемата е далеку посеопфатна, скоро и да нема исклучоци.

Претходно спомнав дека не треба да се отфрла скриениот расизам што се практикува во расправите за израелско-арапскиот конфликт. Тоа е значењето на преќутната претпоставка дека домородното население нема човекови и национални права што ние природно ќе им ги дадеме на еврејските доселеници кои во голема мера дојдоа на негово место. Претпоставката ретко е предизвикана, или очигледно дури и забележана. Тоа е точно кога одрекувањето на арапските права само се претпоставува и останува такво дури и кога изразувањето на расистички ставови е недоделкано и изречно. Спомнати се бројни примери. Би било грешка за нив да се мисли дека се само расфрлани случаи.

Разгледајте ја, на пример, статијата на Томас Фридман во "Њујорк тајмс магазин" насловена "Предлози за мир", која ги прикажува во главни црти неговите идеи околу мирното решавање на арапско-израелскиот конфликт. Тој започнува со претставување на "стариот мумлач по име Сасон", претставник на "израелското тивко мнозинство." Статијата прашува што ќе го убеди овој тивок но разумен обичен човек - чии наводни погледи излезе дека се исклучително слични на оние на Фридман - да се согласи на политичкото договарање. "Сасон е клучот за палестинско-израелскиот мировен договор", смета Фридман. Понудени се два предлози што би можеле да го задоволат Сасон; тие се прикажани како говори на некои израелски политички фигури, кои би биле доволно далекувиди за да го слушнат советот на Фридман. Првиот е јужно-либанскиот предлог на Фридман, за кој веќе е расправано: ставете ги територииите под контрола на платеничка сила што е поддржана од израелската моќ и предупредете ги Палестинците дека ако "стават некој од нашите во болница, ќе ставиме 200 од нивните во гробница" и Израел ќе го "збрише" сето она што Палестинците ќе го изградат ако "на било кој начин" му се заканат на Израел. Вториот е "дипломатското решение" што ја следи линијата на политиката на отфрлање на Лабуристичката партија, со доволно распоредена сила за Израелците да се убедат "да ја игнорираат палестинската поезија" која не ја сакаат.[657] Повторно, познатата расистичка ароганција.

Она што забележливо недостига е некаков палестински Сасон, или всушност било какво признавање дека она што Палестинците го мислат или го сакаат би можело да биде важно. Расправата за предлозите за мир е заснована врз претпоставката дека важно е само она што е добро за Евреите. Фридман со големи маки им ги објаснува на американските читатели еврејските ставови за кои чувствува дека има многу согледувања: ставовите на Сасон, или на Зеев Чафетс, роденият во Америка поранешен директор на Канцеларијата за печат на израелската влада, кој сочувствително е портретиран како мирно објаснува дека неговиот син би фрлил нуклеарна бомба врз бегалскиот камп Рашдие "без многу да му ја мисли " ако почувствува дека безбедноста на Израел е загрозена. Нема индикација дека Фридман разбира било што во врска со Палестинците, или дека му е гајле за тоа. Тие се гњаватори од кои Израел не може да се откачи и, за

[656] Wilkie, *BG,* Dec. 1, 1985.
[657] *NYT Magazine,* Oct. 30, 1988.

сопственото добро, Израел треба да му даде место во автобусот на Ахмед за да го замолкне. Со ова завршува расправата.

Расизмот често воопшто не е суптилен. Читаме дека дописникот на "Тајмс" Стивен Кинцер е навреден од волноста на сандинистите "да изразат солидарност со Палестинците, со М-19 и другите трето-светски отпадници" (Џои Клајн); заменете ги "Палестинците" со "Евреи" и никој нема да не успее да ги препознае одеците на *Der Stuermer*. Би се предизвикала иста реакција при жалењето дека Њујорк е "недоволно населен", што значи дека има премногу Црнци, Хиспанци и Евреи и премалку васпи,* но нема реакција при упатувањето на "недоволно населената Галилеја", што значи дека таму има премногу Арапи и премалку Евреи (уредникот на "Дисент", Ирвинг Хов во "Њујорк тајмс"). Либералните интелектуалци не изразуваат никакви грижи за весникот чиј уредник размислува за "арапската култура" во која "нема никакво ограничување на лажењето", за "полудениот Арап", но "полуден на дистинктивните начини на неговата култура. Тој е затруен од јазикот, не може да разликува фантазија од реалност, чувствува одвратност кон компромисот, секогаш ги обвинува другите за своите непријатности и на крајот го задоволува болното вриење на своите фрустрации преку бесмислена, иако краткотрајно исплатлива, жед за крв" (уредникот на "Њу рипаблик", Мартин Перец). Споредливите изјави во врска со "еврејската култура" би се сметале за враќање кон нацизмот. Гери Харт беше принуден да и' стави крај на својата претседателска кандидатура, поради наводните индискретности, што не вклучи негово повлекување на парите од една банка, кога дозна дека таа има арапски инвеститори: "Не знаевме дека тоа е арапска банка", рече Кенет Гидо, специјален советник на Хартовата кампања. 'Го повлековме (Харт) од тоа веднаш штом дознавме."' Ниту пак Волтер Мондејл беше обвинет за расизам кога ги врати прилозите за кампањата што ги доби од арапските Американци или, во еден случај, од една жена со арапско-американско презиме, "од страв да не ги навреди американските Евреи", извести "Волстрит џурнал"; или кога тој ја прифати поддршката од "Њу рипаблик". Променете неколку имиња и значењето на овие факти ќе биде доволно евидентно. Во "Њујорк тајмс", Вилијам Сафаир ги осудува "светските филмски екипи" поради нивното покривање на "востанието создадено за телевизиите на новиот 'народ'... во Западниот брег на Израел"; ваков презир за еврејскиот отпор би бил незамислив за споредливи злоупотреби, настрана од неонацистичките изданија, но ова поминува без да биде забележано. Бескорисно е да се расправа за весникот на Американскиот еврејски комитет, сметан за еден од најпочитуваните гласови на конзервативното мислење, каде една водечка статија врие од огорчено омаловажување на "палестинските Арапи, народ кој ја одгледува, ја окрвавува и ја рекламира својата беда"; ова е "очигледен клуч за успехот на арапската стратегија" Евреите да се втераат в море при обнова на нацистичкиот лебенсраум концепт, продолжува авторот на овие шокантни зборови. Можеме, повторно, да ја замислиме реакцијата ако некој угледен професор на некој од главните универзитети би ги изустил истите зборови, мислејќи на Евреите.[658]

---

* WASP (White Anglo Saxonian Protestant) – формула за "расен квалитет" на белците протестанти со англосаксонско потекло во САД, кои исклучиво себеси се сметаат за вистински Американци (заб. на прев.).

[658] Klein, "Our Man in Managua," *Esquire,* Nov. 1986; Howe, *NYT Book Review,* May 16, 1982; Peretz, *New Republic,* Aug. 29, 1983, May 7, 1984, помеѓу многуте примери; Brooks Jackson, *Wall*

Нема простор тука за да се коментира околу суровото расистичко сликање на Арапите во новелите, на телевизија, во стриповите и кината, или за клучната поддршка на американската еврејска заедница за рабинот Кахан, кој обично се осудува како нацист во израелските коментари, и за другите групи во Израел кои се само маргинално помалку екстремни во своите намери кон арапското население и во ставовите кон него.

Оние што ги искажуваат своите стравови и грижи во врска со појавите на антисемитизам кај Црнците и останатите би можеле да бидат земени сериозно ако им посветуваат дури и најмало внимание на она што го кажуваат нивните пријатели и соработници. Но тие тоа не го прават.

Прашањето за расизмот и арапско-израелскиот конфликт е посложено. Антиарапскиот расизам, кој стана премногу вообичаен за да биде забележан, е придружуван со очигледна загриженост околу антисемитизмот; дека оваа квалификација е точна е очигледно од поблискиот поглед кон ревизијата која ја доживеа концептот на антисемитизам во процесот. Постојат обиди за идентификување на антисемитизам и антиционизам во обид да се искористат антирасистичките чувства за политички цели; "една од главните задачи на секој дијалог со Благородниот свет е да се докаже дека дистинкцијата помеѓу антисемитизмот и антиционизмот воопшто не е дистинкција", тврди израелскиот дипломат Аба Ебан, во типичниот исказ на оваа интелектуално и морално озлогласена позиција.[659] Но тоа веќе не е доволно. Сега е нужно критиката на израелската позиција да се идентификува како антисемитизам - или во случајот со Евреите, како "себе-мразечка", за така да бидат покриени сите случаи.

Водечкиот официјален монитор на антисемитизмот, Анти-клеветничката лига на Бнај Брит, го толкува антисемитизмот како неволност за сообразување кон нејзините услови во поглед на поддршката за израелските власти. Овие концепции се јасно образложени од националниот директор на АДЛ, Натан Перлмутер, кој напиша дека иако опадна старомодниот антисемитизам, постои нов и поопасен вид помеѓу "миротворците од виетнамската сорта, претворачите на мачевите во плугови, кој навиваат за терористичката ПЛО" и помеѓу оние што ја осудуваат американската политика во Виетнам и Средна Америка, додека "го кратат американскиот буџет за одбрана." Тој се плаши дека "во денешно време војната добива лошо име, а мирот премногу поволно во печатот" при растежот на овој "вистински антисемитизам". Логиката е едноставна. Антисемитизмот е спротивставување на интересите на Израел (онака како што АДЛ гледа на нив), а овие интереси се загрозени од "либералите", црквите и останатите што не се предани кон политичката линија на АДЛ.[660]

АДЛ скоро ја напушти својата поранешна улога како организација за граѓанските права, станувајќи "еден од главните столбови" на израелската пропаганда во САД, како што невнимателно ја опишува израелскиот печат, вмешана во надгледување, пишување црни листи, составување на досиеја од стилот на ФБИ кои циркулираат помеѓу приврзаниците на целта на клеветење, лути јавни одговори на критиките на израелските дејствија итн. Овие напори, поткрепени од инсинуациите за антисемитизам или директни обвинувања,

---

Street Journal, March 23, 1984; Matt Moffett, *WSJ,* Aug. 30, 1984; Safire, *NYT,* Sept. 5, 1988; Ruth Wisse, професор по литература на јидиш на Мекгил универзитетот, *Commentary,* May 1988.

[659] Eban, *Congress Bi-Weekly,* March 30, 1973.

[660] Nathan and Ruth Perlmutter, *The Real Anti-Semitism in America* (Arbor House, 1982); види *Fateful Triangle,* 14f., за поопсежни цитати и расправа.

имаат намера да го одвратат или да го поткопаат противењето на израелските политики, вклучувајќи го одбивањето на Израел, со поддршка на САД, да се придвижи кон општ политички договор. АДЛ беше осудена од страна на Асоцијацијата за блиско-источни студии по циркулирањето на една црна листа на АДЛ помеѓу еврејските лидери во кампусите, со печат "доверливо". Дејствијата од ваква природа беа огорчено осудени од израелските гулаби - делум поради тоа што се плашеа од последиците од овој хистеричен шовинизам врз Израел, делум бидејќи и самите беа подложени на стандардните процедури, а делум како природно негодување.[661]

Антисемитизмот, накратко, не е само споен со антиционизмот, туку дури и ги опфаќа оние ционисти што се критични кон израелските дејствија. Согласно на тоа, не се смета автентичниот антисемитизам од страна на оние чии услуги за израелската моќ се сметаат за соодветни.

Овие два аспекти на "вистинскиот антисемитизам", од стилот на АДЛ, беа илустрирани за време на претседателската кампања во САД од 1988 година. Демократската партија беше осудена за антисемитизам врз основа на тоа дека нејзината конвенција се осмели да дебатира за резолуција со која се повикува на политички договор за две држави во израелско-палестинскиот конфликт. Наспроти тоа, кога во август 1988 година беше разоткриен сплет од нацистички симпатизери и антисемити во Бушовата претседателска кампања, главните еврејски организации и лидери беа, во најголемиот дел од времето, "чудно апатични и околу разоткривањата и околу одговорот на Буш на нив", во голема мера игнорирајќи ја работата, коментира Џон Џадис.[662] "Њу рипаблик" ги отфрли како минорна работа "античките и анемични облици на антисемитизам" на огорчените антисемити и нацистички и фашистички симпатизери на високите нивоа во републиканската организација на кампањата. Наместо тоа, уредниците го нагласија "удобниот рај за јудомразачите на левицата, вклучувајќи го левото крило на Демократската партија", деловите на Џексоновата* кампања и "редовите на растечки добро-организираните арапски активисти", кои сите го поддржуваа решението со две држави на партиската конвенција и на тој начин се квалификуваат за "јудомразачи".[663]

Поентата е дека за ултрадесничарските републиканци се смета дека правилно го поддржуваат Израел според тврдолинијашките стандарди, додека Демократската партија го открива своето "јудо-мразење" преку толерирање на елементите што веруваат дека Палестинците се човечки суштества со исти права како и Евреите, вклучувајќи го и правото на национално

[661] Colin Campbell, *NYT,* Jan. 30, 1985. Види *Fateful Triangle* (11f.) и *Pirates and Emperors* (29f., 46n) за некои референци околу осудите од страна на израелските гулаби на хистеријата, фанатизмот, методите од сталинистички стил и крајниот цинизам кои ги сметаат - правилно, според мене - за темелно штетни по интересите на нивната земја.

[662] Отпуштени беа седуммина од Бушовата кампања по овие разоткривања, четворица од нив ги задржаа своите раководни позиции во Советот на наследничките групи, етничка продолжена рака на Републиканскиот национален комитет. Види Russell C. Bellant, "Will Bush Purge Nazi Collaborators in the G.O.P.?," отворено писмо, *NYT,* Nov. 19, 1988.

* Чомски овде мисли на Џеси Џексон, црнечки свештеник и познат бранител на човековите права, кој во 1988 година неуспешно се кандидира за претседателски кандидат на Демократската партија (заб. на прев.).

[663] Judis, *In These Times,* Sept. 28; *New Republic,* Oct. 3, 1988. Види David Corn, *Nation,* Oct. 24, 1988, за повеќе околу "рајот" за "антисемитите и фашистичките симпатизери" во Републиканската партија. Види и Holly Sklar, *Z Magazine,* Nov. 1988; Charles Allen, *Village Voice,* Nov. 1, 1988. За намалувањето на значењето на сторијата од страна на "Њујорк тајмс", види FAIR, *Extra!,* Sept./Oct. 1988.

самоопределување покрај Израел. Следејќи го посочувањето на водечките еврејски организации, демократите внимателно го одбегнаа откривањето на антисемити и нацисти во републиканскиот главен штаб на кампањата и продолжителните блиски врски и по разоткривањето.

Истата поента беше илустрирана од откривањето, во истото време, дека Регановиот департмент за образование повторно го одби федералното финансирање за многу фалената училишна програма по историја за холокаустот. Прв пат беше отфрлена во 1986 година "откако еден член од групата што ја прегледуваше ја пожали дека не се претставени погледите на Нацистичката партија и на Клу клукс кланот." Републиканските верници ја обвинија програмата за "психолошка манипулација, наговорена промена на однесувањето и третман што ја нарушува приватноста" (Филис Шлафли), наведувајќи "левичарски авторитети" како колумнистот на "Њујорк тајмс" Флора Луис, британскиот историчар А. Ј. П. Тејлор и Курт Фонегут, кои "темелно ги напаѓаат фундаменталистите и евангелистите" и кои дури се и "антивоено, антиловечки" настроени и веројатно ќе "предизвикаат патување на вината." Еден висок службеник во департментот за образование им го припиша отфрлањето на "оние на крајното десно крило на Републиканската партија." Во 1986 и 1987 година, оваа програма посебно беше "издвоена за одбивање." Во 1988 година, кога програмата "беше највисоко котиран проект во категоријата (историја, географија и граѓанство - Н. Ч.), создадена од тогашниот секретар за образование Вилијам Ј. Бенет", целата категорија беше елиминирана.[664]

Но "крајното десно крило на Републиканската партија", кои и да биле неговите ставови кон нацистите и кон холокаустот, е соодветно про-израелско. Немаше видливи протести и прашањето не се појави во последните фази на изборната кампања.

Обезвреднувањето на концептот на антисемитизмот и подготвената толерантност за анти-арапскиот расизам одат рака под рака, изразувајќи ги истите политички заложби. Сето ова, повторно, е само "антички и анемичен антисемитизам".

Медиумските услуги за Израел отидоа многу подалеку од фалењето на "бенигната" окупација, додека Палестинците беа подложени на мачење, секојдневно понижување и колективно казнување, потиснувајќи го досието на израелскиот терор во Либан и на други места и неговите свесна цел за блокирање на чекорите кон политичко прилагодување од страна на ПЛО, поздравувајќи го "ослободувањето на Либан" во 1982 година и правилно дизајнирајќи го историското досие во работите како дипломатијата и теророт. Медиумите беа и "изненадувачки нељубопитни" за израелската нуклеарна закана, како што забележа Леонард Спектор, специјалист за ширењето на нуклеарното оружје на Карнегиевата фондација за меѓународен мир. Тие останаа такви дури и по обилните докази што се појавија во врска со нуклеарните сили на Израел и неговото тестирање на проектил што може да носи нуклеарка со досег доволен за "да достигне до Советскиот сојуз". Во 1984 година, студијата на Карнегиевата фондација на Спектор за ширењето на нуклеарното оружје го идентификува Израел како "далеку најнапреден од осумте 'надоаѓачки' нуклеарни сили, надминувајќи ги нуклеарните способности

[664] Ed Vulliamy, *WP Weekly,* Oct. 24-30. Види и Christopher Kenneally, *BG,* Oct. 16; David Korn and Jefferson Morley, *Nation,* Nov. 7, 1988.

на претходните кандидати како Индија и Јужна Африка", известија "Лос Анџелес тајмс" и "Бостон глоуб".

Насловот од "Бостон глоуб" гласи: "Израел можеби има 20 нуклеарни орудија, вели извештајот." Извештајот од истиот ден на "Њујорк тајмс" за студијата на Спектор од страна на Ричард Халоран е насловен "Трката со нуклеарното оружје во Третиот свет плаши." Го спомнува Израел еднаш, имено, дека помогнал да се *намали* опасноста од ширење на нуклеарното оружје преку бомбардирање на ирачкиот нуклеарен реактор во 1981 година. "Бостон глоуб" извести за студијата на Спектор од 1987 година на 67 страна, во одделот за забава, под наслов "Извештајот вели дека Израел би можел 'да срамнува' градови", при што го цитира како вели дека Израел можеби се стекна со доволно нуклеарно оружје "за да го срамни секој урбан центар на Блискиот исток со население повеќе од 100.000 жители." Извештајот од истиот ден на "Њујорк тајмс" од страна на Мајкл Гордон не го спомнува Израел. Започнува предупредувајќи на либиските напори за стекнување со нуклеарна способност, а потоа се свртува кон сомневањата околу Пакистан, Иран и Индија.[665]

Откривањето од страна на лондонски "Сандеј тајмс" на сведочењето на Мордехај Вануну за израелскиот нуклеарен арсенал со наслов преку целата насловна страница на 5 октомври 1985 година едвај да беше забележано во американскиот печат. "Њујорк тајмс" го елиминира од своето национално издание краткиот извештај преку радиодифузните сервиси, објавувајќи неколку зборови за одрекувањето на Израел на обвинувањата од следниот ден, а и другите главни весници тешко дека беа поразлични. Прегледувајќи го медиумското покривање, Набел Абрахам не најде "уводник или коментар, про или контра... за новиот статус на Израел како шеста нуклеарна сила во светот" во следните шест месеци и само неколку референци со вести, кои главно го намалуваа значењето на сторијата или ги потхрануваа сомневањата во врска со нејзината автентичност (наведувајќи го Томас Фридман од "Њујорк тајмс", од 9 ноември).[666]

Исто така неспомнато беше и едно интересно забележување на научниот челник на управата за атомска енергија на Франција во текот на периодот кога Франција му помагаше на Израел да ја изгради својата фабрика за нуклеарно оружје во Димона, за кое извести лондонски "Сандеј тајмс" на 12 октомври 1986 година. Тој коментираше: "Мислевме дека израелската бомба целеше на Американците, не дека ќе беше лансирана против Америка, туку за да каже 'ако не сакате да ни помогнете во критичната ситуација, ние ќе бараме од вас да ни помогнете, инаку ќе ги искористиме нашите нуклеарни бомби'" - концепција што е од одреден интерес за американската јавност, некој би можел да помисли, особено во светлината на нејзините поранешни корени, што одат назад многу години.[667]

Грабнувањето на Вануну од страна на израелското разузнавање и неговото тајно судење исто така доби малку белешки. Кога неговото судење беше отворено по три недели откако лондонски "Сандеј тајмс" бележито извести за подробностите околу неговото грабнување во Европа, "Њујорк тајмс" извести само дека "сеуште не е целосно јасно како г-ин Вануну, кој минатиот

[665] Spector, отворено писмо, *NYT,* March 17, 1988, забележувајќи дека на премиерот Шамир не му беше поставено ниту едно единствено прашање околу ова при неговата прес конференција во Вашингтон и при телевизиските интервјуа; *LAT-BG, NYT,* Oct. 31, 1984; *BG, NYT,* Feb. 25, 1987.
[666] Abraham, AAUG *Mideast Monitor,* April 1987.
[667] Види *Fateful Triangle,* глава 7, оддел 4.2.

септември исчезна во Лондон, беше доведен назад во Израел за да се појави пред суд."[668]

Постојат многу слични случаи на штитење на Израел во медиумите, од кои за некои беше расправано; да додадеме уште еден, разгледајте ја изјавата од септември 1987 година на главниот директор на министерството за надворешни работи, Јоси Бејлин (лабуристички гулаб), дека санкциите на Израел против Јужна Африка се "симболични, психолошки" и нема да ѝ наштетат на трговијата од 240 милиони долари годишно помеѓу двете земји, за што "Њујорк тајмс" не извести.[669] И Јужна Африка има корист од селективното внимание. Така, кога во јуни 1986 година јужно-африканските поморски сили нападнаа три руски бродови во анголското пристаниште Намибе, потопувајќи еден од нив, употребувајќи проектили "Скипион" конструирани во Израел, тоа не беше спомнато во "Њујорк тајмс", "Волстрит џурнал", "Кришчан сајанс монитор", неделниците со вести или другите списанија што се наведени во индексот за магазини; "Вашингтон пост" објави единица од 120 зборови од Москва која известува за советската осуда на нападот, на 17 страна.[670] Реакцијата би можела да биде поинаква ако либиските поморски сили нападнеа американски трговски бродови во пристаништето Хаифа, потопувајќи еден од нив и употребувајќи проектили конструирани во Источна Германија.

5. Најдобрата одбрана[671]

И покрај исклучителната заштита што медиумите му ја даваат на Израел од 1967 година и демонизирањето на неговите непријатели, многумина не се задоволни и огорчено ги осудуваат медиумите поради нивниот нефер третман на Израел и нивната наклонетост кон ПЛО и кон Арапите воопшто (види додаток 1). Потоа, овие напади водат до промислени рефлексии околу "двојните стандарди" од кои Израел мора да страда и околу причините за тоа. Ова е скоро рефлекс кога некое израелско sверство, како војната во Либан или насилната репресија на палестинското востание од декември 1987 година, ќе стане невозможно да биде предвидено, па така медиумите прикажуваат кратки погледи врз она што тие главно го отфрлаат или го негираат, додека продолжуваат да ја игнорираат (а понекогаш и ја фалсификуваат) позадината и причините.

Аргументите што се понудени во врска со "двојните стандарди" често се запрепастувачки. Во "Јерусалем пост", Елијаху Тал ("можеби водечки масовен комуникатор на Израел"), ја опишува работата што ја заврши во соработка со Анти-клеветничката лига и која покажува како Израел ја губи пропагандната војна поради "анти-израелската пристрасност и двојните стандарди" на медиумите и поради "паметната финта" што ја измислија арапските пропагандисти: "намерното користење на жени и деца како мети на камерите" -

---

[668] *Sunday Times,* Aug. 9, 16; *NYT,* Aug. 31, 1987. Исто и *Jerusalem Post,* Aug. 9, кој известува за сторијата на "Сандеј тајмс". За неволноста на медиумите да известат за "неповолните стории во врска со Израел кои рутински се прикриваат" во израелскиот печат и за причините во врска со тоа, види Robert I. Friedman, *Mother Jones,* Feb.-March, 1987.

[669] AP, Sept. 19, 1987.

[670] Victoria Brittain, *Guardian* (London), June 6; Anthony Robinson, *Financial Times,* June 7; *Economist,* June 14, 1987; и светскиот сервис на BBC.

[671] Додаток кон Петта глава.

забелешка што потсетува на согледувањето во "Коментари" во врска со "палестинските Арапи, народ кој ја одгледува, ја окрвавува и ја рекламира својата беда."[672] Друг типичен рефрен е тоа дека оние кои не живеат во Израел и кои не страдаат од неговите проблеми од прва рака се нечесни и нефер кога се мешаат во неговите работи преку критикување на неговите политики - иако ним им е дозволено да го величаат и да му се восхитуваат јавно на Израел и нема слични ограничувања во однос на критиките кон ПЛО или на Советскиот сојуз од страна на луѓето што не живеат во бегалските кампови или во Ленинград. Исто така исклучени од доктрината се и екстремните притисоци врз Израел од американската еврејска заедница, која по израелските избори од ноември 1988 година дури и го блокира на неколку недели формирањето на функционална влада и значително влијаеше на нејзиниот карактер, кога изгледаше дека владата би можела да ја промени формулацијата во својот Закон за враќање на начин што би бил неприфатлив за еврејството во дијаспората.

Реакцијата на медиумското покривање на Израел има одредена смисла: нападот секогаш е најдобра одбрана, особено кога некој може да очекува дека ќе ги контролира условите на расправата и обвинувањата, кои колку и да се невтемелени ќе им се даде одредена веродостојност.

Веќе беше расправано за бројни примери. Друг типичен пример е едно "гледиште врз вестите" на ABC телевизијата, што беше водено од Питер Џенингс.[673] Во согласност со редовната шема, претставени се две позиции: медиумите се напаѓаат како премногу противнички, во овој случај како нефер кон Израел и се бранат дека вршат работа за пофалба под тешки околности. Едвај да и' се климнува на можноста дека тие би можеле да бидат водени од една поинаква пристрасност. При едно прашање од публиката, медиумскиот аналитичар Денис Перин го праша челникот на израелското биро на АБЦ, Бил Симанс, зошто медиумите продолжуваат да тврдат дека ПЛО одби да ги признае правата на Израел, кога има серија на изјави на Арафат, кои тој ги наведува, "со кои се повикува на взаемни безбедносни гаранции и взаемно признавање." Одговорот на Симанс е дека Арафат "нема дадено јасна, дефинитивна изјава со која го признава правото на Израел на постоење", туку секогаш додава огради. Учесникот во расправата Хауард Скуадрон од Американскиот еврејски конгрес тогаш ги отфрли коментарите на Перин како "крајна бесмисленост" и тука сè се заврши.

Коментарот на Симанс е доста точен. Арафат ја додаде оградата дека Палестинците треба да имаат права што се споредливи со оние што им се даваат на израелските Евреи. Исто така е точно дека американско-израелските изјави немаат ни дамка на двосмисленост, бидувајќи цврсто отфрлувачки. Тоа стојалиште, по дефиниција, е сообразно со условите за мир, со умереноста и со правдата, така што ништо не е потребно да се каже во врска со него.

Но не може да се очекува никаков преглед на вистинските факти за да се намали татнежот на критиките на про-ПЛО-овските медиуми", кои, на голем "скандал", на ПЛО и' даваат "морален и политички престиж" (Леон Визелтир) и ја обезбедуваат организацијата со "своето ѕвездено медиумско присуство" (Даниел Пајпс). Ласкањето на ПЛО и на нефер двојните стандарди што му се наметнуваат на беспомошниот Израел треба да бидат објаснети, можеби, врз основа на "ирационалниот став на западниот свет кон Евреите" што лежи

[672] Види погоре. Sarah Honig, *JP Magazine,* Sept. 23, 1988.

[673] Транскрипт, ABC NEWS VIEWPOINT Show #1794, ABC, April 7, 1988. Спомнато е покривањето на Јужна Африка и некои други работи, но фокусот е врз покривањето на Израел.

“длабоко во психата” на христијанската цивилизација, како што размислува израелскиот претседател Хаим Херцог.[674]

Ваквите перцепции имаат познат одглас. Режимот на шахот доби доминантно позитивно покривање, но тоа не го спречи да ги обвини западните медиуми за “двојни стандарди околу меѓународната моралност: сé што е марксистичко, без разлика колку тоа е крваво и ниско, е прифатливо, додека политиките на социјалистичките, центристичките или десничарските влади не се прифатливи.” Слично на тоа, при интерните владини расправи во предвечерјето на соборувањето на владата на Гватемала во 1954 година, државниот секретар Џон Фостер Далс “изрази многу голема загриженост околу комунистичката линија што ја следи Сидни Грасон во неговите пораки до 'Њујорк тајмс'“, кого тогаш претседателот Ајзенхауер го опиша како “весник кому најмалку може да му се верува во САД.” Директорот на ЦИА, Ален Далс, “истакна некои многу вознемирувачки карактеристики на досегашната кариера на Сидни Грасон”, па насобраните достоинственици решија “неформално да разговараат со управата на 'Њујорк тајмс'“ - со успех, по сé изгледа; Грасон беше испратен во Мексико откако Ален Далс на врвната управа на “Тајмс” ѝ ги соопшти сомневањата дека Грасон и неговата жена, колумнистот на “Тајмс” Флора Луис, се комунистички агенти или симпатизери, барајќи од “Тајмс” да го отстрани од Средна Америка за време на ударот. Ова беше во текот на периодот кога “Тајмс” и другите медиуми беа хранети со лажичка со соодветни материјали од специјалистите за односи со јавноста на “Јунајтед фрут компани”, иако, како што подоцна напиша нејзиниот директор за односи со јавноста, Томас Меккан: “Тешко е да се направи убедлив случај за манипулирање на печатот кога жртвите се покажуваат толку желни за искуството.”[675]

Можат да се најдат слични перцепции помеѓу угледните политички фигури, научници и новинари. Збиднев Бжежински пишува дека “е скандалозно што толкав дел од конвенционално либералната заедница, која секогаш е многу подготвена да ги прегрне жртвите на американскиот или израелскиот или било кој друг 'империјализам' кој не е во мода, е толку воздржана во врска со предметот” Авганистан. Некој сигурно би можел да очекува дека либералите во Конгресот или во печатот доволно долго ќе го прекинат нивното бесконечно работење во корист на ПЛО и на герилците во Ел Салвадор за да забележат некои советски злодела; тие дури и би можеле да го следат Бжежински до Киберскиот премин* за таму да заземат херојски пози пред камерманските екипи. Политикологот Роберт Такер пишува дека “бројни јавни личности на западот, дури и одреден број на западни влади... ја охрабруваат ПЛО при нејзиниот максималистички курс” од типот “на победникот му припаѓа сè”, што значи, уништување на Израел; и тој не успева да наведе имиња и референци, поради причини кои не изненадуваат. Еден од најдрските примери беше еден медиумски триумф на новинарот Вилијам Шоукрос, кој успеа - лесно, имајќи ја во предвид услужливоста на мислењето - да ја утврди доктрината дека имаше

[674] Wieseltier, *New Republic,* Sept. 23, 1981; Pipes, *NYT,* Aug. 3, 1988; Herzog, *LAT,* July 9, 1988.

[675] Шахот е цитиран во Dorman and Farhang, *The U.S. Press and Iran,* 24; *FRUS,* 1952-1954, vol. IV, 1132, Memorandum of NSC discussion, May 27, 1954; Harrison E. Salisbury, *Without Fear or Favor* (Times Books, 1980, 479); Thomas P. McCann, *An American Company* (Crown, 1976, 47). Види ги Меккан и *Turning the Tide,* 164f., за покривањето и коментирањето на “Тајмс” во текот на тој период.

* Киберскиот премин - стратешки премин помеѓу Пакистан и Авганистан, кој истовремено е и еден од најпознатите планински премини во светот (заб. на прев.).

релативен молк на Западот за време на sверствата на Пол Пот, кога всушност имаше пространхор на индигнација, и дека овој молк се должи на алармантното левичарско влијание врз медиумите и владите, што е толку истакната карактеристика на западните општества. На мојот коавтор Едвард Херман и мене ни беше дадена магична моќ во конструкцијата на Шоукрос: тој наведува наводни наши коментари што отидоа на печатење во февруари 1979 година и кои се појавија во ноември како извор и причинител на ова влијание од 1975 па сè до декември 1978 година.[676] Ништо од ова ни најмалку не влијаеше врз почитувачкото прифаќање на овие промислени согледувања.

Една варијанта на ова е дека универзитетите се превземени од марксистите и (другите) левичарски фашисти. Коментирајќи околу "новата генерација" на полето на советските студии, социологот од Универзитетот на Масачусетс, Пол Холандер, член на Харвардскиот центар за руско истражување, пишува дека "многу академци од оваа генерација веруваа дека ниту еден општествено-политички систем не може полош од нивниот... За нив, полесно беше да распознаат политички плурализам во СССР отколку во САД." Историчарот Џон Дигинс смета дека марксизмот "дојде блиску до тоа да стане доминантна идеологија во академскиот свет." Историчарот од Универзитетот во Њујорк, Норман Кантор, жали за неуспехот на реганистите да ја надминат доминацијата врз академскиот живот од страна на "радикалната левица", која ги "индоктринира" децата на средната класа "во европската социјалистичка теорија." Ова е симптом на подлабокиот неуспех да се развие "сеопфатна десничарска доктрина", објаснува тој. "Состојките" за една таква доктрина постоеја "во европскиот фашизам помеѓу војните", но "никогаш немало обиди за свртување кон овој интелектуален резервоар", поради "дискредитирањето на интелектуалниот фашизам од страна на Втората светска војна, Виши, Мусолини, нацизмот и холокаустот" - кои, очигледно дека ние треба да разбереме, немаат ништо заедничко со наследството на интелектуалниот фашизам. Каква штета што реганистите ја пропуштија можноста да ги оживеат овие вредни идеи.[677]

Има многу слични примери, поединости кои постојано се изоставуваат поради разбирливи причини. Одвишно е да се коментира за врските со стварноста на ваквите изјави за левичарското преземање на академскиот свет (или можеби и на целиот свет). Сепак, може и тоа како да биде дека тие сериозно се намераваат; очигледно е дека тие се примаат со почит. Поентата е дека за оние што бараат стриктно покорување на авторитетот, дури и најмалиот знак на независност на мислата е доволен да го предизвика стравот дека сè е загубено.

6. "Ла пренса" и нејзините колеги[678]

[676] Brzezinski, *The National Interest* (Fall, 1985); Tucker, *Commentary,* Oct. 1982. За интригантните конструкции на Шоукрос и за нивното влијание, види *Manufacturing Consent,* глава 6, оддел 2.8. Наводниот цитат не беше идентификуван и не беше датиран за да се помрачи очигледната бесмисленост на обвинението и фактот дека тој беше фабрикуван за оваа прилика. *Ibid.,* за подробности.

[677] Hollander, *Wall Street Journal,* Dec. 24, 1985; Diggins, *NYT Book Review,* Oct. 20, 1985; *NYT,* отворено писмо, Aug. 22, 1988

[678] Додаток кон Петта глава.

Во текот на 80-те, Никарагва беше доста невообичаена според отвореноста на своето општество во време на криза. Противничките новинари, кои тешко дека се нешто повеќе од агенти на големата сила што ја напаѓа Никарагва, слободно патуваат и известуваат од целата земја.[679] На огорчено антисандинистичките американски службени лица и на другите бранители на терористичкиот напад на САД им е дозволено да влезат и да одржат јавни говори и прес конференции, повикувајќи на соборување на владата, и да се сретнат со политичката опозиција финансирана од САД, од кој дел ги декларира истите цели и едвај ја крие својата поддршка за контрата. Домашните медиуми што се идентификуваат со нападот врз Никарагва и што им служат на своите цели и кои се финансирани од странската сила што ја напаѓа земјата, се подложени на вознемирување, цензура и периодични суспензии, но ниту тие, нивните уредници и персонал, ниту опозиционерните личности со исти заложби не се имаат соочено со ништо ни оддалеку слично на репресијата на медиумите и на дисидентите во "демократиите во повојници" поддржани од САД, а досието е поволно и при споредба со она на сојузниците на САД или на самиот САД, колку и да може да биде изненадувачки овој заклучок за луѓето што не гледаат да ги одредуваат фактите.

Понатаму, при многу исклучително изразување на ароганција и тврдоглаво незнаење, ништо од ова ниту е забележано во САД. Слично на тоа, се смета за очигледно прикладно - и поради тоа не бара коментар па дури ни известување во националните медиуми - САД да наметнува бариери на слободата на патувањето, што е непознато во слабата и малечка земја под напад од САД: да им забрани влез на измачуваните мајки од Ел Салвадор кои беа поканети да говорат во малите градови, или на парламентарците од опозицијата во Никарагва кои се противат на помошта на контрата, или на критичарите на Виетнамската војна, со години по нејзиниот крај.

Од повторното свое отворање во октомври 1987 година според Ескипуласкиот договор, опозицискиот весник "Ла пренса" стори малку напори да ја прикрие својата улога како агенција на американската пропаганда, посветена на соборување со сила на владата на Никарагва. Весникот објавува бизарни приказни за сандинистичките зверства (споредувајќи ги сандинистите со нацистите), скоро повикува на отпор на мобилизацијата и е полн со фалби за контристите, кои се портретирани како борци за слобода според стилот на Реган.[680]

Ја прегледав "Ла пренса" од нејзиното отворање во октомври 1987 година до 23 декември.[681] Нема преправање дека се исполнуваат минималните новинарски стандарди. Напротив, весникот ги следи стандардните процедури на

---

[679] Од ЦИА назначениот гласноговорник за контрата пред печатот, Едгар Чаморо, го опишува Стивен Кинцер како "сличен на трчкало" на Регановата администрација, "градејќи ги тие стории што одговараат на Регановата агенда", "само одговарајќи на она што го вели Белата куќа." Во својата монографија за контристите, ЦИА и медиумите, Чаморо ги опишува случаите во кои дописниците подготвено ја прифаќаа контристичката манипулација и го цитира Џејмс Лемојн како му вели: "Лидерите на контрата нема да те поканат на патувањата, нема да те однесат во нивните кампови и нема да зборуваат со тебе ако твоите статии се премногу критички" (интервју, *Extra!* (FAIR), Oct./Nov. 1987; *Packaging the Contras*).

[680] Michael Massing, *Columbia Journalism Review,* July/August, 1987. Исто и *Update,* Dec. 29, 1987 (Central American Historical Institute, Georgetown University, Washington).

[681] Единаесет единици фалат од колекцијата.

психолошкото војување на САД до степен што е скоро смешен, прикажувајќи ја општата слика според следните линии.

За цело време позадинска тема е дека има блиска аналогија помеѓу тековниот конфликт и борбата против Сомоза. Во тековниот конфликт, сандинистите (FSLN) ја играат улогата на Сомоза, но се многу полоши, зашто тој барем беше роден Никарагванец, додека сандинистите се агенти на советскиот империјализам (САД е беневолентен, иако понекогаш и збунет аутсајдер). Контристите се герилците кои се бореа против Сомоза, а внатрешната опозиција е опозицијата на Сомоза, при што "Ла пренса" си ја зема наметката на весникот со исто име од годините на Сомоза. Во најголем дел, темата е инсинуирачка; понекогаш директно е изразена, под наслови како "Заканите на FSLN потсетуваат на сомозизам" (15 декември). Сандинистите, новата клика на Сомоза, напаѓаат, мачат, ограбуваат и го експлоатираат народот, живеејќи во луксуз додека народот гладува под нивното угнетувачко владеење. САД скоро целосно фали од сликата, иако обезбедува херои: на пример, ненаситната контристичка ентузијастка Џин Киркпатрик, која во водечката сторија од 12 октомври објави дека "Никарагванците не се сами", таа е со нив; и Елиот Абрамс, кој повикува на "целосна демократизација или бесконечна борба" (23 октомври и 11 ноември). Помеѓу останатите херои се вклучени Сенатот на САД, кој обезбеди 250 милиони долари за "демократските институции" во Никарагва, вклучувајќи ја "Ла пренса" (7 октомври) и делови од американскиот печат, на пример, уредниците на "Балтимор сан", кои повикуваат на помош за контрата како "разумно и скромно" средство за одржување на "анти-сандинистичкиот отпор" (17 декември). Посетата на американските конгресмени што ги поддржуваат контристите, со аплаузи и овации на јавните митинзи, се поздравува како "историски момент" во борбата за слобода (16 и 18 декември).

Дополнителен аспект на оваа конструкција на ЦИА е дека народот "еднодушно" се противи на сандинистите, осудувајќи го Ортега "еднодушно" (сите општествени класи итн.) поради неуспехот да го спроведе договорот, при што сето ова потсетува на сличните услови под диктатурата на Сомоза (6 ноември). Ортега се осудува и поради навредување на Реган (уште еден херој) и на американските војници што загинаа во странските војни (вклучувајќи ги оние што помогнаа "СССР да се ослободи од Хитлер", додава уредникот, при една интересна верзија на историјата). На почетокот на декември читаме дека селаните се жалат поради неправдите на сандинистите, граѓаните на репресивните службени лица на сандинистите, мајките за синовите по затворите и во војската, затворениците за мачењето и ужасните услови, работниците на страдањето и угнетувањето. Има оган, несреќи, катастрофи, инфлација, полудени војници, протести против воената служба. Селаните протестираат што владините агенции не им продаваат леб, постои глад, тие се премногу сиромашни за да купуваат на црниот пазар. И така натаму, без варијации. Накратко, слика на ненарушено угнетување на општото население кое еднодушно се противи на диктатурата наметната од странство, која го мачи страдалниот народ без причина, настрана од нејзината сопствена лакомост или служењето на нејзиниот странски господар, додека профитира од рекетот од дрогата (24 ноември).

Линијата е токму онаа што е пропишана од американската амбасада. Така, спроведувањето на мировниот договор се дефинира стриктно според одредбите определени од САД. Водечкиот наслов на 30 октомври гласи "FSLN

му вели не на мирот", со сторија од AFP што известува дека FSLN одбива да разговара со цивилното водство на контристите и дека ќе ја задржи вонредноста сè додека не запре агресијата - и двата чекори се во согласност со договорот, како што веќе е расправано.[682] САД ги дефинира работите поинаку и за "Ла пренса", како и за американските медиуми, таму тие завршуваат.

Сумарниот преглед на мировниот договор (4 декември) е целосно негативен, обвинувајќи ги сандинистите за сè. Има само една добра карактеристика на развојот на настаните од август: преговорите за прекин на огнот "го легитимизираа никарагванскиот отпор" (контристите) и на тој начин ѝ дозволија на внатрешната опозиција да влезе во "отворени преговори со никарагванскиот отпор без опасност да се делегитимизира себеси." Програмата на контристите "целосно се совпаѓа со позицијата на 14-те политички организации на цивилната опозиција во националниот дијалог."

За цело време, "Ла пренса" се идентификува со контрата, често доста отворено. При едно интервју со Педро Хоакин Чаморо околу "неговото искуство како член на никарагванскиот отпор" (12 декември), тој е претставен како "кодиректор на 'Ла пренса', кој избра да се бори надвор од земјата против сандинистичката диктатура"; тој во тоа време беше член на воспоставениот од ЦИА "цивилен директорат". Интервјуто ги опишува неговите борби за поддршка на демократијата и неговите меѓународни награди за неговата смела борба против сандинистичката диктатура. Тој реши "да се држи до граѓанскиот конфликт на поразлично ниво, во поразличен контекст." Накратко, нема разлика помеѓу "Ла пренса" и контрата, настрана од тактичките одлуки.

Слично на ова, статијата од 13 ноември тврди дека сандинистите "ги признаа контристите" преку согласувањето на разговори за прекин на огнот. Лидерот на Конзервативната партија, Марио Рапасиоли, истиот ден изјавува дека согласноста да се преговара со контрата преку кардиналот Обандо достигнува до "признавање на нејзината легитимност" и ја прави контрата "легитимен дел од никарагванската заедница со сите права", што е работа од "енормна важност." Контристите сега го имаат правото политички да делуваат во Никарагва, а опозицијата може отворено да се идентификува со нив без делегитимизација. Накратко, внатрешната опозиција е про-контристичка целото време, но сега може да биде таква отворено, поради ова "признавање на контрата" од страна на сандинистите.

На 30 октомври, од лидерот на контрата Адолфо Калеро беше побарано да коментира во врска со овие забелешки на Рапасиоли, во едно интервју. Тој силно ги поддржува и предлага "главните политички струи што постојат во Никарагва" (кои тој ги идентификува како опозициски политички партии, додека сандинистите не се политички елемент, туку напротив се диктатура наметната од странство) да работат заедно со контристите за демократија и слободни избори; ова е доста во линија со искажаното гледање на работите на Педро Хоакин Чаморо дека по контристичката победа, сандинистите не треба да имаат "претставници во владеачката хунта" во "демократијата" што ќе биде воспоставена.[683] Контристите и внатрешната опозиција имаат иста цел, продолжува Калеро, и "Ла пренса" очигледно ја прифаќа оваа позиција, повторно идентификувајќи се себеси со контристите, всушност со нивните

[682] Нема извештај за прифаќањето од страна на Меѓународната верификациона комисија (МКВМ), неколку дена подоцна, на сандинистичката позиција дека вонредната состојба може да се задржи сé додека не запре агресијата.
[683] AP, Nov. 24, 1986.

најекстремни терористички елементи. На 3 декември, генералниот секретар на Социјалната христијанска партија ја изнесе истата поента, нагласувајќи дека предлозите на отпорот кореспондираат со оние на 14-те внатрешно-опозициски групи.

Тешко дека беше точно тоа што Стивен Кинцер подоцна извести дека "барем за момент изгледа дека скоро секоја критика ќе се толерира во Никарагва, сé додека таа не го прифаќа она гледиште што сеуште официјално е табу: поддршката за контрата."[684] Таквата поддршка е доста отворена во "Ла пренса" и во изјавите на политичката опозиција, која отворено се идентификува со ополномоштената сила на една странска сила што од странство ја напаѓа земјата, при што на полето се одржува преку постојаните снабдувачки летови, кои ја нарушуваат националната територија.

Оваа војна едвај да е покриена во "Ла пренса", иако ова беше период на зголемени напади на контрата врз цивилите, како што САД очајно гледаше да го поткопа Ескипуласкиот договор преку ескалирање на војната. Понекогаш се известуваше за борбите со искривување што имплицираше дека областа е нападната од сандинистите, кои го плашат населението (водечки наслови, 18 ноември; "Бомбардирањето ги плаши селаните", 19 декември, итн.). Постојат и наводи за употреба на касетни и фосфорни бомби против контристите во Хондурас. Не најдов спомнување на зголемувањето на снабдувачките летови на ЦИА, единствено посредно во контекст на извештајот на говорот на Ортега пред ОАС во ноември.

Сето ова не се разликува од известувањето во САД. Всушност, напати "Ла пренса" е почесна. Така, како што видовме, "Њујорк тајмс" едноставно ги фалсификуваше референците на Ортега и на Калеро за снабдувачките летови; "Ла пренса" за нив извести точно. На 17 декември, има еден уводник што го осудува САД поради испраќањето на напредни млазни авиони Ф-5 за Хондурас; ова не беше осудено, всушност не беше дури ни известено за него во "Њујорк тајмс" - токму во моментот кога статија по статија ги осудуваше сандинистите поради наводното барање на млазни попречувачи од сортата од 50-те за одбрана на својата територија од незаконските летови на ЦИА и на американската војска што обезбедуваа вооружување и разузнавачки податоци за контристите кои напаѓаа "меки мети".

"Ла пренса" повеќе или помалку точно извести за фактите кога министерството за внатрешни работи утврди дека "Радио католика може да емитува вести, но мора да аплицира за законски потребната дозвола за програмата и мора да го регистрира името на својот директор, времето на емитување и другите информации."[685] За разлика од тоа, Стивен Кинцер погрешно извести дека "гласноговорникот на министерството за внатрешни работи немаше коментар" во статијата насловена "Сандинистите го забранија планот на станицата за радио вести", која започнува изјавувајќи дека "денес владата ѝ забрани да емитува вести на неодамна повторно отворената римокатоличка радио станица во Никарагва." Два дена подоцна, Кинцер погрешно извести дека "владата одби да и' дозволи на неодамна повторно отворената римокатоличка радио станица да емитува вести. Владата не даде знаци дека намерава да го отвори емитувањето за дисидентски погледи, иако ова се бара од мировниот договор." Во неделната колумна "преглед на

[684] *NYT,* Jan. 31, 1988.
[685] AP, Oct. 20, 1987; *BG* и "Ла пренса" истиот ден.

седмицата" по три дена, Кинцер погрешно тврдеше дека "министерството за внатрешни работи и' забрани на радио станицата на црквата да емитува вести", повторно одбивајќи да извести за изјавата на министерството. Погрешното тврдење го повтори и неговиот колега Џејмс Лемојн.[686]

Веројатно, оние што го подготвуваат материјалот за "Ла пренса" разбираат дека весникот мора да одржува одреден степен на веродостојност во Никарагва за проектот на дезинформирање и попречување да успее. Во самиот САД задршките се далеку послаби.

Додека страданијата на "Ла пренса" добиваат опсежно и болно покривање во САД и во Европа, медиумите на другите места во Средна Америка заслужуваат малку внимание; цврсто под десничарска контрола преку делувањето на пазарот воден од државниот терор кога тоа е потребно, тие им предизвикуваат малку проблеми на посветените бранители на слободата на печатот.

Уредникот на "Харперс", Франсиско Голдман, во август 1988 година објави преглед на средно-американскиот печат.[687] Како што и другите имаат забележано, тој пишува дека во Гватемала и Ел Салвадор, цензурата едвај да е неопходна: "треба да бидеш богат за да поседуваш весник и политички на десницата за да го преживееш искуството. Листовите во Ел Салвадор не мораат да бидат цензурирани: сиромаштијата и смртниот страв ја вршат работата. Согласно на тоа, силите за безбедност се имуни на било каква критика, иако политичките личности кои целосно не се сообразуваат со агендата на десничарската бизнис класа и олигархија се добра игра, често со "халуцинантни дезинформации" од видот што е познат и во никарагванската "Ла пренса". Новинарските стандарди се бесконечно ниски. Војната и теророт едвај да постојат. Настрана од "повеќе-страните спортски додатоци во боја... овие весници изгледаат како скоро целосно да се составени од друштвени страници: целата земја се облекува добро и го поминува целото свое време носена од еден бебешка забава до друга."

И во Хондурас, "војската е над критиката или испитувањето". И при задржувањето на статусот на Хондурас како клиентска држава под фактичка воена власт, "на хондураските репортери одамна им е забрането известување од прва рака во јужниот крај на нивната земја што е окупиран од контристите."

На друго место дознаваме дека тоа им е дозволено на американските репортери, но тие избираат да не известат за стотиците илјади луѓе што гладуваат до смрт или за многуте што се истерани од нивните домови и покрај апелите од црквата и хуманитарните работници. Наместо тоа, тие известуваат за состојбата на "демократскиот отпор" што "изведе бројни сцени во своја корист" и им обезбеди снимање што нуди "повозбудливи сегменти со вести" и што создава "добар впечаток за контристите", вклучувајќи лажни борбени сцени, испораки на залихи од воздух и поставување мини (при што вистинските мини подоцна ги поставуваше ЦИА). Исто така, беше "вообичаена тактика за FDN (контристите - Н. Ч.) да ги носат репортерите на тури по околината, кажувајќи им дека патуваат низ Никарагва, дури сеуште беа во Хондурас." Друго средство беше "да повлекуваат паралели со салвадорската герилска опозиција" за да "се збуни јавноста и силите на FDN да изгледаат отприлика исти со салвадорските герилци", истовремено криејќи го фактот дека тие беа "ополномоштена војска

[686] Kinzer, *NYT,* Oct. 20, 22, 25; LeMoyne, Nov. 5, 1987.
[687] "Sad Tales of La Libertad de Prensa," *Harper's,* Aug. 1988.

(на ЦИА - Н. Ч.)... која работи за *американски* цели." Овие и другите механизми на медиумска манипулација ги опиша Едгар Чаморо, одбран од ЦИА гласноговорник на контрата за печатот, во неговата неспоменлива студија за тоа како се справуваа со американските медиуми.[688]

"Во овој момент Никарагва има најслободен печат во Средна Америка", продолжува Голдман; во текот на 80-те нејзините медиуми се неспоредливо послободни од оние во Ел Салвадор и Гватемала, ако не ништо друго тогаш поради тоа што новинарите не мораат да се плашат од одмаздувањето на силите за безбедност. "Општата задушувачка ревност" на сандинистичкиот весник "Барикада" "има одредена врска со стварноста: тука често постојат вистински обиди да се објаснат можеби необјаснивите сандинистички политики (ако нема место за нивно побивање)... при што повремено се нафрлаат лесни потези за да го потсетат читателот дека дури и партиските милитанти се нескротливо никарагвански." Всушност примерите не се невообичаени во "Барикада", иако во трите месеци на "Ла пренса" не најдов такви оддалечувања од својата мисија. "Ла пренса" е "неумоливо идеолошка, пропагандистичка, едностранa, сензационалистичка, негативна па дури и нечесна." Исто така е и уникатна: "Ла пренса" "како единствена помеѓу сите средно-американски весници може да печати што сака против 'владејачката сила' на својата земја", иако "не изгледа попросветена, или попросветувачка од гватемалската 'Пренса либре' или било кој од салвадорските политизирани листови." Прегледувајќи некои од фабрикациите во врска со сандинистите, Голдман забележува дека ниту еден друг весник во Средна Америка не би можел да опстане по "насочувањето на такви обвинениј против својата национална војска." Тешко дека некој може да го игнорира фактот дека "'Ла пренса' е блиска на нашите напори (на ЦИА, на Националната фондација за демократија, на Оли Норт) за соборување на никарагванската влада." Во стварноста, таков весник долго не би преживеал не само во Средна Америка, под такви услови. Не е лесно да се најде аналогија во историјата на западните демократии; јас не знам за никоја.

Согласно на тоа, на страниците на "Вашингтон пост" и на "Њујорк тајмс", "Ла пренса" е образец за доблесност, Никарагва е репресивна диктатура што ја забранува слободата на изразувањето, а слободниот печат во демократскиот Ел Салвадор ги прикажува сите гледишта.[689]

Во Костарика, владата има систем на задолжителни дозволи за печатот, кого го осуди Интер-американскиот суд за човекови права во 1985 година. Претседателот Аријас не се согласи со пресудата дека државните дозволи ја ограничуваат слободата на изразувањето и одби да ја спроведе. Иако медиумите се слободни од цензура или од државен терор, "сепак во праксата Костарика често може да ја добие само едната страна од приказната, зашто богатите ултраконзервативци ги контролираат главните дневни весници и радиодифузни станици."[690] Особено, главниот весник, "Ла насион", и другите се вклучени во

[688] Chamorro, *Packaging the Contras*.

[689] Иако Голдман не расправа за оваа поента, вреди да се забележи дека до средината на 1988 година, телевизијата и радиото во Ел Салвадор беа доста отворени за еден опсег на позиции поширок од оној во САД, според моето мислење, и дека делови од печатот би печателе платени огласи од широк спектар. Се разбира, состојбата е радикално поинаква од Никарагва, каде еден главен весник, финансиран од странската сила што се обидува да ја собори владата, отворено ги поддржува тие обиди.

[690] Council on Hemispheric Affairs and The Newspaper Guild, *A Survey of Press Freedom in Latin America 1985-1986* (Washington, Dec. 1986).

трескавична анти-сандинистичка кампања на искривувања и дезинформации - со значителен ефект, според неизвестливиот Хосе Фигерес.[691]

"Ла пренса" употребува доста сирови методи при портретирањето на владата како нов сомозистички режим кому еднодушно му се противи населението, што тој го ограбува и угнетува. Во САД, проектот на "демонизирање на сандинистите" согласно со директивите на Канцеларијата за латино-американска јавна дипломатија се врши на посуптилен начин. Едно од средствата е внимателното одбирање на изворите. Една статија на Стивен Кинцер во врска со отворањето на "Ла пренса" и на католичката радио станица во октомври 1987 година прикажува примерок од јавното мислење: сопственичка на продавница "во сиромашниот дел од градот" која вели: "Вистината е она што го сакам, а 'Ла пренса' е вистината"; трговец со банани кој предвидува дека весникот наскоро ќе биде затворен "и ние ќе бидеме под двапати поголем притисок од порано"; работник што гласно им ја чита "Ла пренса" на пријателите и ја чува за своите внуци; возач на камион кој нема прочитано весник откако беше суспендирана "Ла пренса", но се сомнева дека оваа добра среќа ќе трае. Накратко, Народот, обединето.

Средството потсетува на стандарден агитпроп на некоја комунистичка партија. Знаејќи ги резултатите од анкетата (за кои Кинцер не извести) што покажуваа дека поддршката за сите опозициски партии заедно достигнува 9%, што претставува помалку од третина од поддршката за сандинистите (и многу помалку од личното одобрување за претседателот Ортега), некој би можел да претпостави дека би имало и некои други реакции, но ако е така, за нив не е известено - исто како што не беа цитирани никакви мислења кога беше отворена "Ла епока" во Гватемала или кога беше уништена преку терор неколку недели подоцна, или кога независниот салвадорски печат беше демолиран преку убиства и насилство, при што причинители беа силите за безбедност поддржани од американската влада, Конгресот, медиумите и интелектуалната заедница доста општо кажано.[692] Во некои варијанти, гласот на "народот" се урамнотежува со цитирање на некои владини службеници, повторно помагајќи да се утврди потребната слика за угнетувачката влада против страдалното население.

Всушност, читателите на "Тајмс" можат разумно да заклучат дека поддршката за сандинистите скоро не постои, надвор од самата влада. Во примерокот од 49 статии на Кинцер од потпишувањето на мировниот договор во август 1987 година па до средината на декември, најдов две референци за можното постоење на такви луѓе. Првата е во 18-от пасус на една од многуте статии што ги осудуваат сандинистите во врска со амнестијата, при што се цитира мајката на еден сандинистички војник кој беше убиен во акција како се спротивставува на амнестијата за "луѓето што ги убија нашите синови." Втората е едно вметнување во истражувањето на земјишната криза во Средна Америка, која цитира членови на задругите што изразуваат ценење за мерките на аграрна реформа.[693] Статиите во голема мера се посветени на дипломатските маневри и

[691] За расправа во врска со многу примери, види Mario Zeledón, ed., *La Desinformación de la Prensa en Costa Rica: Un grave peligro para la Paz* (Istituto Costarricense de Estudios Sociales, Costa Rica, 1987).

[692] Кinzer, *NYT,* Oct. 3, 1987; за анкетите, види Четврт додаток.

[693] "Full Amnesty Seen as Test for Managua," Sept. 10, 1987; "Life on a Cooperative: `A Little Better Off'," Sept. 7, 1987. За фактите и за фантазиите околу политичките затвореници, види ја мојата статија во *Z Magazine,* Jan. 1988.

на страданијата на внатрешната опозиција, која е претставена како вистински глас на Никарагва. Скоро ништо не може да се дознае за земјата, што не е нетипична карактеристика на медиумското покривање.

Процедурата на високо селективно избирање на изворите е втора природа дури и за новинарите кои се мачат по малку да се држат независни од владината пропаганда. Така, Рој Гутман од "Њусдеј", во една книга што е критичка кон политиката на Регановата администрација во Никарагва како манлива и некомпетентна, ги реконструира настаните на високо контроверзниот собир во Чинандега од 1984 година, кога субвенцираниот од ЦИА кандидат Артуро Крус наводно беше вознемируван од страна на сандинистичката толпа. Ова беше земено за критичен настан за да се покаже сандинистичката непопустливост, ако веќе не нивната тоталитарна посветеност, од страна на советникот на Крус и контристичкиот лобист Роберт Лајкен, кој беше коментатор за Никарагва за "Њујорк ривју оф букс" и "Њу рипаблик", и воопшто од страна на реганистичката пропаганда. Во фуснота, Гутман тврди дека неговиот опис е заснован на интервјуа со Крус и други пет членови на политичката опозиција поддржана од САД, со американскиот амбасадор и со советникот за национална безбедност и со неименуван висок американски службеник во Средна Америка.[694] Не на изненадување, неговиот опис - наведен како факт, без ограда - е многу поволен за Крус и критички кон сандинистите. Ваквите дејствија би предизвикале бура од протести и презир ако изборот на изворите беше обратен, при некој опис што би бил неповолен кон САД и неговите клиенти. Во овој случај, ова помина без воопшто да биде забележано од страна на прегледувачите кои го фалат критичкото и независно стојалиште на Гутман - суд кој е точен, имајќи го во предвид дозволливиот спектар.

Во уште една варијанта, една фотографија на "Тајмс" за собирот во Манагва од 7 ноември 1987 година за комплетирањето на првиот период од договорот е придружена од текстот: "Никарагванците го поздравуваат претседателот Даниел Ортега Саведра кога тој објави дека неговата сандинистичка влада ќе се согласи на посредни преговори со контрата за прекин на огнот." Оттука читателот треба да разбере дека луѓето на Никарагва е пресреќен поради она што придружната сторија на Џејмс Лемојн го претставува како голема победа за контрата и за САД.[695] Луѓето навистина поздравуваа, но, ако судиме според знаците и блузите, тие беа ентузијастички поддржувачи на сандинистите. Питер Форд, кој го покриваше собирот, извести дека "десетици илјади сандинистички поддржувачи на Плоштадот на револуцијата не понудија одговор кога претседателот објави... разговори со контристичкото водство", а и другите чекори што тука високо се проследуваат, беа "пречекани со збунувачка тишина", иако неговото непокорно предизвикување на "агресијата против никарагванскиот народ" доби "ентузијастичен аплаус."[696] Службениот весник избра да пренесе поинаква слика.

Слично на тоа, во саркастичниот извештај за тоа како "во обид да се убеди Конгресот да го порази барањето на претседателот Реган за нова помош за контрата, сандинистичката влада започна кампања на добри дела", Кинцер пишува дека "кампањата на владата против помошта за контрата добива силна поддршка од *еден кварт* - проценетите две илјади Американци што живеат во Никарагва" (мое подвлекување). Тој продолжува цитирајќи бројни Американци

[694] Gutman, *Banana Diplomacy* (Simon and Schuster, 1988, 371).
[695] *NYT,* Nov. 8, 1987.
[696] *Christian Science Monitor,* Nov. 9, 1987.

што работат во Никарагва, при што инсинуацијата е очигледна, иако Кинцер знае дека противењето на помошта за контрата е преовладувачка; анкетите за кои тој не извести, откако долго време тврдеше дека анкетите се незаконски, покажуваат 85% противници на помошта за контрата и 9% во нејзин прилог - можеби истите 9% што ги поддржуваат сите опозициски партии.[697]

Во Ел Салвадор, каде сликата што треба да се пренесе е спротивна, методот на примери е обратен. Така, расправајќи за растечкото неспокојство во Ел Салвадор, Џејмс Лемојн цитира владини службеници, еден воен офицер, еден млад бизнисмен, еден неидентификуван посетител, гостите на "вечерата на бизнисмените од високата класа и на нивните жени", еден сликар "во неговото пространо студио" и еден американски службеник - но никого од сламовите, бегалските кампови, или од селата кои би можеле да имаат доста поинакви грижи во "демократиите во повојници". Нивните вистински грижи можат да се откријат надвор од границите на Слободниот Печат, во анкетите на јавното мислење и во одговорите на националната дебата организирана од црквата, за што не беше известено, како што веќе видовме.[698]

Често можат да се најдат доста слични концепции за "народот" во домашното известување. Клајд Фарнсворт известува од Вашингтон во врска со ембаргото на САД против Никарагва, кое "изгледа дека има малку ефект", нé уверува насловот; во стварноста, тоа ги постигна своите предвидени успеси за уништување на приватните претпријатија и за сведување на економијата на гол опстанок, но Партиската линија бара сите проблеми да им се припишат на сандинистичката некомпетентност и пакосност. "Оние што се противат на ембаргото", известува Фарнсворт, велат дека тоа нема да ги постигне целите на САД. Но сите се согласуваат дека санкциите "долго време ќе бидат на место", зашто "општо кажано, водечките мултинационални компании не се засегнати." "Никое важно домашно (американско - Н. Ч.) избирачко тело не е сериозно повредено од трговскиот прекин и поради тоа *никој* енергично не тврди дека тоа треба да биде поправено" (мое подвлекување). Тука изразот "никој" треба да се разбере во конвенционалната смисла како "никој што се брои." Многу луѓе повикуваа на ставање крај на овие - буквално убиствени - мерки, не врз основа на штетата врз себе и тоа го правеа доста енергично. Тие продолжија да го прават тоа и откако Меѓународниот суд го прогласи ембаргото за незаконско, а што немаше ефект и што малку беше забележано. Но тие не се сообразуваат со диктатите на моќните, па така тие за независните медиуми спаѓаат во категоријата на не-личности.[699]

Поврзана техника е селективното цитирање на личности како Оскар Аријас. Тој добива широко покривање кога ги осудува сандинистите. Сепак, понекогаш тој му се придружува на Хосе Фигерес надвор од границите. За време на владино-медиумската кампања за фокусирање на мировниот план врз преговорите на оние што "Тајмс" ги нарекува две никарагвански "фракции", Стивен Кинцер извести дека никоја страна не покажува "волност за компромис", бележејќи го инсистирањето на Ортега дека "преговорите би ги покриле само техничките аспекти за тоа како контристите би го предале своето оружје и би примале залихи додека се подготвуваат да престанат да се борат" - точно како што се бара според мировниот договор, не успеа да додаде. Тој не извести за ставот на Аријас дека "агендата треба да биде ограничена на

[697] Kinzer, *NYT,* Jan. 31, 1988.
[698] Види додаток 4, оддел 5. LeMoyne, *NYT,* June 15, 1988.
[699] *NYT,* Nov. 10, 1985.

постигнување на прекин на огнот. Тоа нема да биде политички дијалог при кој можеш да воведеш било која тема.” Кинцер, се разбира, е свесен дека “средно-американскиот мировен договор потпишан во август не бара од владите да преговараат за политички прашања со вооружените групи”, како што тој забележа неколку недели претходно, но овие факти доста редовно се испуштаа при коментирањето околу сандинистичката “непопустливост.”[700]

Широкиот сплет на секојдневни примери за релативно суптилните средства што се употребуваат за да се воспостави потребната верзија на стварноста не треба да ги засени подиректните прилози, како при фабрикациите околу никарагванската поддршка за колумбиските терористи или при случајот со Радио католика и бројни други случаи. Да земеме само уште еден дополнителен случај, разгледајте го извештајот на Кинцер за обидот за атентат врз лидерот на контрата Еден Пастора во Ла Пенка на 30 мај 1984 година. Во својот извештај од 1 јуни за поставувањето бомба, Кинцер го цитира Пастора како ги обвинува сандинистите. Сепак, Пастора кажува дека ја обвинува ЦИА: “Никогаш не кажав дека тоа беше владата на Никарагва. Би се срамел ако би го кажал тоа.”[701]

Известувањето на Џејмс Лемојн во “Тајмс” нуди многу примери, а за некои од нив веќе расправавме.[702] Друг пример е неговиот извештај за нападите на контрата врз три рударски градови во североисточна Никарагва кон крајот на декември 1987 година, близу до линиите за снабдување на контрата во Хондурас. Овој опис се појави додека се правеа големи напори контристите да се претстават како сериозна воена сила со растечка политичка поддршка. Лемојн беше еден од неколкуте новинари што долета на местото. Неговата верзија на инцидентот, кој се случи во согласност со потребите на пропагандата на Стејт департментот, беше предизвикана во сторијата на новинарот Марк Кук, кој беше на истата забава. Описот на Кук не наиде на медиумска отвореност, но делови од него се појавија во колумната на Александар Кокбурн. Лемојн одговори на критиките од страна на “некој со име Марк Кук” (кого тој совршено добро го познава) преку едно долго писмо, наведувајќи очевидец кој, тврди тој, го поткрепи неговиот опис. Сепак, овие извори изречно ја *одрекуваа* верзијата на Лемојн на она што се случи и она што тие рекле.[703]

Известувањето на Лемојн од Ел Салвадор, каде приоритетите се обратни (ја поддржуваме “демократската” влада и им се спротивставуваме на терористичките герилци), не е помалку сомнително. Веќе спомнав бројни примери, вклучувајќи ја неговата верност кон пропагандата на Стејт департментот околу “симетријата” помеѓу контристите и FMLN во Ел Салвадор,

---

[700] Kinzer, Dec. 4; Jonathan Steele, интервју со Аријас, *Guardian* (London), Nov. 17; Kinzer, Nov. 15, 1987.

[701] Michael Emery, *San Francisco Bay Guardian,* Dec. 3, 1988, цитирајќи ја статијата на Tony Avirgan и Martha Honey *La Penca: Pastora, the Press and the CIA*, при што се известува за нивните двегодишни истражувања околу поставувањето бомба при кое беше повреден Авирган и беа убиени осуммина. “Иронично”, забележува Емери, “сторијата на Хани за Пастора, што го наведува притисокот на ЦИА, се појави на насловната страна на 'Њујорк тајмс' од 31 мај” 1984 година.

[702] За многу други, види *Culture of Terrorism* и моите статии во *Z Magazine,* January, March 1988.

[703] *NYT,* Dec. 25, 1987; Cook, "Nicaragua: the Show Goes On," ракопис, Managua, Dec. 28, 1987; Cockburn, *Nation,* Jan. 30, 1988. Писма, *Nation,* July 2/9, 1988. Позадината за овој оддалечен регион, каде војната принуди 17 000 луѓе да пребегнат во градовите што беа нападнати и каде пропагандното радио од Хондурас што е управувано од САД е скоро единствениот извор на информации, се појави во *Excelsior* (Mexico), Dec. 12, 1987; *Central America NewsPak*.

за кого тврди дека тешко дека би опстанал без постојаниот протек на (неоткривливо) оружје од Никарагва; и неговите обиди да го прикрие и да го редуцира државниот терор било преку одбивање да извести за него или преку неговото припишување на десничарските екстремисти или преку негово опишување како одговор на герилскиот терор врз кого тој го фокусира вниманието. За да ја покаже политичката слабост на салвадорските герилци, Лемојн извести дека парадата на работничката организација UNITS за Први мај во 1988 година нагло се намали од 40.000 во 1986 година на "можеби 3.000 приврзаници". Тој ја даде бројката од околу 20.000 присутни, а не 40.000, во својот извештај за маршот од 1986 година, а новинарите од AP, UPI, PBS *Frontline* (јавна телевизија) и од весникот на Езуистичкиот универзитет ја проценија масата на 20.000, а не на 3.000, во 1988 година, за половина повеќе од онаа во 1987 година. Сторијата на Лемојн го заобиколи и фактот дека војската ги блокира главните патишта за селаните да се држат настрана и насилните напади на владата врз трудот во претходните месеци, вклучувајќи го бомбардирањето на канцеларијата на UNITS два дена пред маршот. Прецизниот наслов би гласел "Поддршката за синдикатот поврзан со бунтовниците несомнена и покрај застрашувачката тактика на војската", забележува Александер Кокбурн, при прегледот на овие факти.[704]

Систематското одбегнување на владината репресија е најистакната карактеристика на известувањето на Лемојн за Ел Салвадор, но и неговите описи за герилските sверства заслужуваат одреден скептицизам. Ретко се нудат директни докази, а обидите да се проверат неговите стории предизвикуваат прашања, најблаго кажано. При својата кампања за докажување дека герилците ги попречуваа изборите од 1988 година во Ел Салвадор, Стејт департментот ја пушти во оптек сторијата на Лемојн од 29 февруари во која тој извести дека "селаните велат дека герилците јавно егзекутираа двајца селани... поради тоа што се пријавија и добија нови картички за регистрација на гласачите... Според селаните, герилците им ги ставија гласачките картички на Хуан Мартин Портиљо и на Исмаел Портиљо во нивните усти откако ги егзекутираа како предупредување за другите да не земаат учество во изборите."

Во овој случај имаше независно истражување од страна на новинарот Крис Нортон, кој откри дека инцидентот никогаш не се случил. Тој беше "измислен од еден специјалист за пропаганда на салвадорската војска... кој му го довери на еден од неговите контакти во локалните салвадорски медиуми", од кого Лемојн ја подигна сторијата без да наведи од каде му е. Потоа, Стејт департментот ја вклучи сторијата на "Тајмс" во предизборната брошура за нагласување на герилската "кампања на застрашување и тероризам". Брошурата беше испратена до Конгресот, уредниците на весниците и другите творци на мислења. Канцеларијата на црквата за човекови права испрати тим за да ја истражи приказната, известувајќи дека само еден од двајцата што беа прогласени за мртви навистина е мртов, додека другиот е жив и здрав, според локалните извори. Така, имаме навод од војската, веројатно фабрикуван, кој е претворен во авторитативен опис за герилскиот тероризам преку "Њујорк тајмс", а потоа е пуштен во оптек како пропаганда на Стејт департментот.[705]

---

[704] LeMoyne, *NYT,* June 26, 1988; Cockburn, *Nation,* July 30/Aug. 6, 1988.

[705] Chris Norton, *Extra!* (FAIR), July/August 1988. Alexander Cockburn, *Nation,* Aug. 27/Sept. 3, 1988, кој ја наведува сторијата на новинарот Marc Cooper, *Los Angeles Weekly,* May 27-June 2. Откако се појави колумната на Кокбурн, "Тајмс" објави "забелешка на уредниците" (15 септември) преку која се тврди дека сторијата "потфрли под стандардите за известување и

Уште еден пример се појавува во писмото до "Њујорк тајмс магазин", каде Инес Муриљо, хондураска жртва на мачење, одговара на верзијата на Лемојн на интервјуто со неа, а кое беше основа за една негова статија за мачењето. Таа забележува серија на искривувања и невистини, кои "ми имаат нанесено голема штета мене и на моето семејство" и кои "би можеле да се употребат за да се оправда киднапирањето, исчезнувањето и убивањето на стотици луѓе" во Хондурас, што е доста сериозна работа. Одговорот на Лемојн не прифати ниту една од нејзините посебни поенти.[706]

Ваквите особени примери можат да се стават веднаш до систематските крстоносни војни, какви што се прилозите на Лемојн за поткопување на Ескипуласкиот договор и историјата на "изобилните докази" за сандинистичкото оружје до салвадорските герилци врз кое тие се потпираат за да опстанат, а за што веќе е расправано.

Она што допира до општата јавност и што ја воспоставува рамката за толкувањата и расправата е верзијата на фактите што ја прикажуваат Кинцерците и Лемојнците; побивањата и клучните изоставувања можат да се откријат само од оние што гледаат од другата страна, што не е лесна задача.

Пораката е caveat emptor* особено кога некој весник е горливо посветен на некоја кауза: во овој случај на "демонизирањето на сандинистите" и на штитењето на државата на теророт на САД, Ел Салвадор.

7. "Храброста за зачувување на граѓанските слободи"[707]

Расправајќи за провалијата помеѓу вистинските и проповеданите грижи околу слободата на изразувањето помеѓу политичките коментатори во глава 5, ја споредив реакцијата на правните структури и практики во непријателската Никарагва и во државата што ги надвиснува сите други според степенот на

уредување на 'Тајмс'", зашто дава впечаток за интервјуирање од прва рака, додека всушност "беше заснована врз извештај во 'Ел мундо', десно-центристички весник, кој му ја припиша информацијата на салвадорската воена команда" и на "една претставничка од една водечка организација за човекови права", која не е идентификувана ниту пак е спомната во сторијата на Лемојн (и веројатно не ни постои) и која наводно рекла дека верува дека извештајот е точен, а подоцна ја повлече оваа оцена. Забелешката на уредниците упатува на неименувани "новинари слободни стрелци во Средна Америка" кои утврдија дека сторијата е погрешна и на описот на "ЛА викли". При интервјуто за "Њусдеј" (од 21 септември), уредникот за странство, Џозеф Леливелд вели дека корекцијата беше мотивирана од сторијата на Кокбурн, а што не е спомнато во забелешката на уредниците. Тој го обвини Кокбурн поради тоа што "отпочна вендета против Лемојн". Самиот Лемојн призна дека во тоа време не беше во земјата, но при враќањето "забележа стравотен број на политички убиства и од страната на герилците и од страната на она што го нарекуваат одреди на смртта." За своето фалсификување на бројките на собирот на Први мај, Лемојн вели дека неговата проценка "дојде од еден член на про-герилска група", кого не би го именувал, зашто Кокбурн би го осудил овој наводен информатор за "предавство на каузата".

[706] LeMoyne, "Testifying to Torture," *NYT Magazine,* June 5; писма, Sept. 18, 1988. Види го и придружното писмо на Муриљо до уредниците на "Њујорк тајмс" со понатамошни појаснувања, во кое таа нуди да се појави на лична дискусија за да се решат проблемите, а кое беше печатено во *Honduras Update,* June/July 1988. Уредниците на "Тајмс магазин" заслужуваат признание поради објавувањето на писмото на Муриљо. Често весниците не им дозволуваат право на одговор на дисидентите, па дури ни како одговор на личните напади.

[*] Caveat emptor! (лат.) - Чувај се, купувачу! Повик за заштита на правата на потрошувачите (заб. на прев.).

[707] Додаток кон Петта глава.

американска помош и поддршка, "симболот на човечката пристојност", како што го опишуваат уредниците на "Њујорк тајмс" додека војниците и населениците спроведуваа погроми во селата и бегалските кампови под официјалната политика на "сила, моќ, претепувања". Државата Израел е таа, забележува судијата на Врховниот суд, Вилијам Бренан, што "нуди најголема надеж дека ќе изгради јуриспруденција што ќе може да ги штити граѓанските слободи пред барањата на националната безбедност" и што ни нуди "екпертиза за отфрлање на барањата за безбедност кои Израел ги разоткри како неосновани и храброст за зачувување на граѓанските слободи кои Израел ги зачува без да ѝ наштети на својата безбедност."

Веќе се прегледани некои примери од израелското досие и американската реакција на нив. Поблискиот поглед обезбедува понатамошни согледувања околу вистинските ставови кон слободата на изразувањето помеѓу оние што најмногу се истакнуваат при осудата на официјалните непријатели.

Израелската цензура е многу широка. Прислушувањето од страна на војската и цензурирањето на писмата се рутински и неприкриени. Луѓето известуваат за вистински попречувања на телефонските повици од страна на цензорите; едно мое писмо дојде до адресантот со зборот "нивдак" ("испитано") отпечатен на пликот, со дата. Цензурата на печатот се шири надвор од безбедносните работи, вклучувајќи го покривањето на она што се нарекува "непријателски организации", снабдување со вода, услови на патиштата, заеми за Израел, нуклеарно истражување, договарање за границите и воздушни фотографии; покрива и претходно печатен материјал.[708]

Цензурата е особено остра на окупираните територии, каде достигнува такви крајности како забранувањето на белешките и соопштенијата за печатот на угледната група за човекови права "Законот во служба на човекот" (Ал-Хак) и на статиите што ја опишуваат нејзината хуманитарна работа, врз основа на тоа дека тие "веројатно ќе го нарушат јавниот мир"; апсењето на синдикалните водачи поради памфлетите што ги едуцираа Палестинците околу нивните трудови права и затворањето на една печатница врз основа на потребата "да се гарантира јавната сигурност" (генералот Амрам Мицна, 28 јули 1987 година); притворањето на новинари без обвинение, или нивно протерување; ставањето в затвор на еден палестински уметник поради тоа што наслика една слика што ги употребува боите на палестинското знаме итн. Слични мерки се применуваат во Источен Ерусалим, кого Израел го анектира и кој теоретски е подложен на израелските закони. Телефонските врски често се пресекуваат, а дистрибуцијата на весници се забранува како средство на колективно казнување и како контрола на информациите. Кога Палестинскиот национален совет во ноември 1988 година во Алжир излезе со својата декларација за независност, владата ги пресече телефонските и електричните линии до Западниот брег и до Газа за да спречи пристап до радио и телевизиските станици и забрани јавни прослави, додека американските медиуми се потсмеваа дека декларацијата целеше на американската јавност. Во таа прилика, владата го цензурира и емитувањето на вести во Израел за да ја заштити јавноста од слушање на Алжирската декларација и на изјавите на Арафат, а на барање на министерот за одбрана

[708] Види го додатокот, *NYT,* Oct. 26, 1988, каде фактите се признати во сторијата за суспензијата на новинарските акредитиви на тројца странски дописници кои известија за операциите на израелските ордеди на смртта на окупираните територии.

Рабин, иако Израелската телевизија го прикажа арабистот Ехуд Јари за да го побие забранетиот материјал.[709]

Арапските новинари рутински се апсат и се затвораат со месеци без обвинение, понекогаш во грозниот затворенички камп Кециот Ансар 3 во Негев. Апсењата често изгледаат дека се каприциозни. Еден од многуте арапски новинари што беше затворен беше Нахида Назал, жителка на селото Калкилија (што е подложено на редовен терор и полициски часови). Таа беше уапсена во ерусалимската канцеларија на Ал Авдах, каде што пишуваше за општествени и семејни работи. Не се занимаваше со никакви политички теми и никогаш не беше вмешана во никаква политичка активност. По петмесечен затвор под ужасни услови, таа сеуште немаше поим што би можело да биде обвинението. Лесно може и да нема обвинение, а намерата да е општо заплашување. Посебна мета се новинарите, адвокатите и останатите што имаат контакти со израелските гулаби и кои бараат политички договор. Од друга страна, фундаменталистичките религиозни водачи не се допираат, што е резидуум од политиката на поддршка за бескомпромисните религиозни фундаменталистички елементи кои се преферираат пред секуларните националисти што бараат политички договор. Во 1988 година, Институтот за семејна благосостојба во Ел Бирех, кој работи 20 години, беше затворен од силите за безбедност, а неговата 65-годишна претседавачка, Самика Халил, беше уапсена и обвинета за "наведување против државата, обид за влијаење врз јавното мислење на начин што би нанесол штета на мирот и јавниот ред и поседување и растурање на непријателски материјал." Посебните обвинениja поднесени пред воениот суд во Рамалах беа дека при церемониите внатре во нејзината институција го направила знакот "V" и дека "одржуваше говори во кои ја нагласуваше врската помеѓу палестинскиот народ и неговата земја со надеж дека ќе се воспостави независна палестинска држава." Беше обвинета и поради учество во пишувањето на книгата насловена "Интифада", која не беше објавена, и поради поседувањето на копија од еден кипарски весник со широк оптек.[710]

Мерките на принуда и контрола безмилосно се применуваат, како во случајот со Махмуд ал Хатиб, уредникот на ерусалимскиот весник "Ал шаб", "надарен новинар" кој беше протеран во 1974 година, известува Пинхас Инбари. Неговите синови го основаа ерусалимскиот весник "Ал Митак", кој оттогаш е затворен од државните власти и кој беше критички кон политиките на Израел, Јордан и ПЛО. Ал Хатиб живееше во Аман, каде што "се воздржа од секоја политичка активност, надевајќи се дека некој ќе се сожали на него" и дека ќе му дозволи повторно да го види своето семејство. Во ноември 1987 година му беше дозволено да се врати дома во Ерусалим на една недела, кога

[709] Al-Haq *Newsletter,* March/April 1987, July/August 1987; Marty Rosenbluth, "Harassing Palestinian unions," *Middle East International,* Nov. 7, 1987; Amnon Barzilai, "Danger: a Painter," *Ha'aretz,* Dec. 21, 1984. Види, меѓу другото, и Shirley Eber, "Censorship in the Middle East," *Third World Affairs,* 1988, со многу примери. Shyam Bhatia, *Observer* (London); *Jerusalem Post,* Nov. 17; Avigdor Feldman, *Hadashot,* Nov. 18; Daniel Williams, *LAT,* Nov. 20, 1988. Види и Committee to Protect Journalists, *Journalists Under Occupation* (New York, 1988).

[710] Irit Nahmani, *Hadashot,* Aug. 29, 1988; Khaled Abu-Tuama, *Yerushalayim,* Nov. 11, 1988. Политиката на поддржување на фундаменталистичките екстремисти дојде под остра критика. Пинхас Инбари пишува дека Израел ја прави истата грешка на окупираните територии што ја направи во јужен Либан, каде "исцрпувањето на силата на палестинскиот национализам водеше кон појава на исламски фундаментализам", што е далеку поопасна сила. На окупираните територии, предупредува тој, Израел може да ја поткопа ПЛО, но "оние што не сакаа да зборуваат со Арафат, ќе мораат да се борат со Хомеини." (*Al Hamishmar,* Sept. 15, 1988).

умре неговата сопруга. Потоа повторно беше протеран во Јордан, каде "стариот татко живее изолиран и сам, без семејство", без можност да ги посети своите деца во Ерусалим, на кои исто така им е забрането да го посетат. Сите апели се отфрлаат.[711]

И во рамките на границите пред 1967 година се применуваат драконски закони, обично против Арапите, како во неколкуте случаи кои веќе беа спомнати, а понекогаш и против Евреите, што во последните години вклучува и забранување на театарски продукции. Долго време се предвидуваше дека репресивните практики на суровата воена окупација ќе се прелее и врз Евреите и со зголемувањето на палестинскиот отпор знаците почнаа да се појавуваат. Во март 1987 година, Американско-израелската коалиција за граѓански слободи се обрати со писмо до премиерот Ицак Шамир преку кое протестираше поради "затворањето на Алтернативниот информативен центар (од страна на полицијата на 16 февруари - Н. Ч.), суспензијата на (нивната публикација - Н. Ч.) "Њус фром витин", апсењето на нејзиниот персонал и продолжувањето на затворот за (уредникот - Н. Ч.) Мајкл Вашавски", на почетокот "во самица без да чита или да пишува материјали." Писмото понатаму забележува дека "веројатно не е нерелевантно што Мајкл Вашавски е во брак со Леа Цемел, една од двете жени израелски адвокати кои редовно ги застапуваат Палестинците и што Центарот ширеше информации до израелскиот и странскиот печат за владините акции на територииите кои на друг начин се недостапни." Израелската амбасада во Вашингтон одговори на прашањата со писма преку кои тврдеше дека Центарот "цинично ја употребуваше маскарадата на 'новинарството' единствено за да прикрие својата функција на собирање на разузнавачки податоци во прилог на злогласниот 'Народен фронт за ослободување на Палестина', терористичка банда на ПЛО, водена од Жорж Хабаш." Затворањето на "терористичкиот фронт" и на неговиот директор "не е кршење на 'граѓанските слободи'. Никој нема граѓанска слобода да го помага насилното уништување на Државата Израел." Вистинското обвинение беше дека Вашавски уреди сложување за печатење на еден ракопис на НФОП" со кој членовите на НФОП се советуваат како да го поднесат притворот и испитувањата на службите за безбедност" (т.е. мачењето) и на статии за "списанијата на НФОП што незаконски се дистрибуираа на територииите" и други работи што не се одредени; и дека тој имаше во свој посед неодредени документи на НФОП.[712] Судското гонење не е завршено додека пишувам. Затворањето на канцелариите заслужи кратка белешка во "Њујорк тајмс".[713]

Во 1988 година беше затворен хебрејскиот весник "Дереч Ханицоц", а неговите уредници беа уапсени. Не беше дозволена кауција врз основа на тоа дека тие "ја поминаа границата на националниот консензус" (судијата Барак), за разлика од војниците од Гивати бригадата кои го претепаа до смрт Хани ал Шами или блиску до смрт во неговиот дом, но кои беа ослободени, зашто не ги преминаа овие граници. Затворен беше и неговиот сестрински весник на арапски јазик. Неговиот уредник, Риби ал Арури, беше прифатен како "затвореник на свеста" на Амнести интернејшнл, откако беше притворен на шест месеци без обвинение и беше мачен при испитувањето, како што тој

[711] Inbari, *Al-Hamishmar,* Nov. 27, 1987.
[712] Апел, адвокатот Авигдор Фелдман.
[713] *NYT,* Feb. 18, 1987.

наведе; и притворените еврејски уредници наведоа мачење и нечовечки третман.[714]

Едно од обвинението против уредниците е "контактот со еден странски агент", што е назаконско според израелскиот закон. Во јуни 1988 година беа осудени четворица израелски Евреи според овој закон, обвинети дека во Романија спроведоа политичка расправа со Палестинци. Судот се согласи дека средбата беше единствено "посветена на предметот мир", но сметаше дека "една земја при вонредна состојба има право" да им ги ускрати правата на граѓаните преку забрана на политичките расправи за постигнување мир со членови на организација што се смета за "терористичка".[715] Расправите за политички договор всушност се сметаат за особено загрозувачки.

Согласно на истата логика, Израел во јули 1988 година повторно го казни палестинскиот интелектуалец Фејсал Хусеин на шест месеци затвор без судење, веднаш откако се појави како главен говорник на средбата организирана од "Мир сега" за испитување на можностите за мирно решавање на израелско-палестинскиот конфликт и само неколку часа пред планираната средба со активистите на "Мир сега" за спроведување на предлозите за кои се расправаше. Израелскиот печат забележа дека Хусеини, водечкиот (неофицијален) гласноговорник на ПЛО на окупираните територии и еден од најугледните палестински интелектуалци, сигурно се појави со претходно одобрување од страна на ПЛО. На средбата на "Мир сега", Хусеини го прифати предлогот за договор за две држави, што го истакна гласноговорникот на ПЛО, Абу Шариф, и повика на "взаемно признавање на двете страни", предложувајќи Палестинците да создадат демилитаризирана држава на тековно окупираните територии. "Њујорк тајмс" не ги сметаше овие настани за доволно значајни за новинска сторија, но сепак донесе слика придружена со текст што известуваше за неговото апсење и за затворањето на Центарот за арапски студии, со кого тој раководеше.[716]

Ова беше трето административно притворање на Хусеини за две години. Првото беше една недела по средбата со советскиот дисидент Натан Шарански, кому Хусеини му пристапи врз основа на прашањето за граѓанските права. Второто беше кратко време по средбата со активистот на Ликуд, Моше Амирав, со кого Хусеини подготви план за мирен политички договор. Професорот Јехошуа Порат, водечки специјалист на Израел за палестински национализам, коментираше дека Хусеини и неговиот центар беа сами помеѓу палестинските интелектуалци и институции во барањето контакти со израелските истражувачки институции и научници и во повикувањето на соработка помеѓу Израелците и Палестинците. Владината реакција е типична за официјалниот одговор кон заканата од умереноста и од политички договор.[717]

Тука не може да се дознае скоро ништо околу овие работи и тие не ја засегаат доктрината дека Израел и САД не можат да најдат ниту еден Палестинец кој ќе ја споделува нивната длабока посветеност на мирот.

Размената на Хусеини и Шаранси заслужува и понатамошно внимание. Хусеини му пристапи на Шаранси за да побара негова помош во врска со

[714] Oren Cohen, *Hadashot,* March 24; Peretz Kidron, *Middle East International,* May 14; AP, May 25; *News from Within* (Jerusalem), July 10, 1988.
[715] Изјава на бранителите, јули 1988 година.
[716] Aryeh Dayan, *Kol Hair,* Aug. 5, 1988; *LAT,* Aug. 1; *NYT,* Aug. 1; Joel Greenberg, *Christian Science Monitor,* Aug. 3; Geraldine Brooks, *Wall St. Journal,* Aug. 26, 1988.
[717] Dayan, *op. cit.*; *The Other Israel,* Nov./Dec. 1987; Porath, *Ha'aretz,* Aug. 9, 1988.

Акрам Хание, уредник на ерусалимскиот весник "Ал Шаб", за кого воените власти наредија да биде протеран од земјата. Меѓународниот црвен крст и 12-те земји на Европската заедница протестираа поради протерувањето, осудувајќи ги акциите на Израел како кршење на меѓународното право. Но сепак не и Шарански. Откако беше нападнат од страна на израелската десница поради средбата со Хусеини во врска со Хание, Шарански објави платен оглас преку кој ја изразуваше својата "полна доверба" во дејствијата на израелската влада и сили за безбедност, вклучувајќи го и протерувањето на уредникот. Тој ги прифати овие дејствија како "на никој начин прекршување на човековите права" и како унапредување на "највисоките цели на човештвото при зачувувањето на нацијата Израел и при борењето со чумата што им се заканува на сите цивилизирани народи"; изразувањето е интересно, имајќи ги во предвид сеќавањата што паѓаат на ум кај секој еврејски читател. Неколку недели подоцна, тој го опиша Израел како "апсолутно слободно општество". Истата недела, тој ја доби "Наградата на еврејските населби во областа Газа" на Ешиват Хесдер Јамит, десничарско воено-религиозно училиште, наречено според градот Јамит, кого Израел го воспостави во североисточен Синај откако беа протерани илјадници Бедуини, а нивните домови, училишта земјишта, гробишта и џамии беа уништени; за придонесот на овие институции кон воениот терор, види четврт додаток. На церемонијата, Шарански повика на "слобода за населување било каде во Израел", мислејќи на окупираните територии.

По пристигнувањето во Израел по 9 години храбар отпор во советските затвори, Шарански го уверуваше печатот дека "неговата широка грижа за човековите права останува несмалена" и "неговиот сензибилитет за човековите права... неизбежно ќе го води кон поблиско проучување на придржувањето кон нив овде." Во однос на Арапите, тој рече дека "дали тоа го сакаме или не, има многу Арапи во Израел и мислам дека мораме, од време на време, да се обидуваме да разговараме со нив" - добар показател за она што следеше. Еден прегледувач во "Њујорк тајмс" ја фали неговата "високо продуховена и великодушна верба" и неговата "политичка инволвираност во вклучувањето на каузата на човековите права насекаде", при што "насекаде" веројатно има намера да го вклучи и местото на кое тој живее. Предлогот тој да се назначи за израелски амбасадор во ОН наиде на големо одобрување. Тој би бил "инспиративен избор", чувствуваа уредниците на "Њу рипаблик": "Тој можеби е морално најбудната поединечна јавна личност на нашето време и тој е енергично буден за страдањата на Палестинците."[718]

Какви и да биле судовите на било кого во врска со израелското право и редовната практика, една работа е јасна. Ако Никарагва ги следеше правните принципи и редовната практика на Државата Израел под далеку помалку загрозувачки околности, внатрешната политичка опозиција одамна би била затворена или протерана, а сите нејзини изданија би биле затворени. Ако четворица анти-контристички никарагвански дисиденти беа осудени, казнети и оглобени "поради прекршување на законот што забранува контакти со контристите", по средбата во странство за дискутирање околу можностите за мирен политички договор, "Њујорк тајмс" би можел да помисли дека таа работа

[718] Reuters, *NYT,* Nov. 13, 1986; EEC reaction, *Manchester Guardian Weekly,* Jan. 4, 1987; "Natan Sharansky Clarifies," advertisement, *Jerusalem Post, Ma'ariv,* Nov. 13, 1986; Интервју со Louis Rapoport, *JP,* Dec. 5, 1986; Award, Samson Krupnick, *Jewish Post & Opinion,* Dec. 3, 1986; William Claiborne, *Washington Post,* Feb. 19, 1986; Robert Stone, *NYT Book Review,* June 5, 1988. *New Republic,* Feb. 27, 1989.

заслужува повеќе од забаталената единица од сто збора која им е посветена токму на овие случувања, со тоа што "Никарагва" и "контристите" се заменети со "Израел" и "ПЛО".[719] Истото во голема мера важи и за останатите наведени примери и за многуте како нив.

Слично на тоа, ако Никарагва бомбардираше контристичка радио станица во некој бегалски камп длабоко во Хондурас, "истрелувајќи 30 проектили во 15 напади за два часа", убивајќи тројца и зголемувајќи го данокот во убиени од такви бомбардирања на 60 за 1988 година до средината на август, "Тајмс" би можел да посвети повеќе од 190 зборови за точно да ги опише овие случувања, освен тоа дека израелските млазни авиони беа оние што бомбардираа "место во Мих Мих (бегалски камп во Либан - Н. Ч.) што се користи за емитување од страна на 'Гласот на Палестина', радио станица на ПЛО" што "емитува извештаи наменети за да се провоцира она што (гласноговорникот на - Н. Ч.) Израелците го нарекува 'терористичка активност' на Западниот брег и во појасот Газа"[720] - односно, интифадата, која е исклучителна според тоа колку малку насилство е предизвикано од крајната бруталност на окупаторските воени сили и која, понатаму, е невообичаен израз на храброст, интегритет и волја за слобода. Споредбата е далеку од точна; "Гласот на Палестина" не е радио станица која е водена од Советите и која е толку моќна за да доминира со радио брановите на окупираните територии и на голем дел од Израел, а "терористичката активност" на интифадата делумно заостанува зад однесувањето на оние што себеси гордо се назначија за "синови на Реган" кога се нафрлаа врз цивилните населби за да убиваат, пљачкосуваат, мачат, силуваат и киднапираат. Сепак, во овој случај нема белешки или реакции.

Се разбира, незамисливо е дека Израел би дозволил слободен влез на новинарите и политичките личности на ПЛО и од арапските земји, што е во остар контраст со практиката на "тоталитарните сандинисти". Ниту пак кога и да е нешто слично било толерирано во САД, дури и при далеку помала закана. Барањата од сандинистите што се стандардни за коментарите во САД се сообразни со слободарските стандарди кои се соодветни, според моето мислење, иако до нив не се држи скоро никој, а сигурно не оние што по медиумите со индигнација се повикуваат на нив во случајот на официјалните непријатели, како што решително покажува тестот на искреноста за кого претходно се расправаше. Примената на овие стандарди врз Никарагва од страна на западните елити е покажување на сирова дволичност, уште еден придонес кон успешноста на контролата на мислата и кон вулгарноста на интелектуалната култура.

Ваквите разгледувања се надвор од агендата на коментарите во САД. Така, при едно отстапување од линијата на Вашингтон, Стивен Кинцер забележува дека "за време на неодамнешните преговори во Манагва, лидерите на контрата доминираа со радио брановите, појавувајќи се на утринските и вечерните програми со вести и давајќи изјави во живо во текот на преговорите. Славенички беа применети во канцеларииите на 'Ла пренса'. Тоа до пред неколку месеци би било незамисливо и би било нечуено за еден вистински марксистички режим."[721] Оттука, ние треба да претпоставиме дека во западните демократии

[719] *NYT,* July 1, 1988.
[720] Ihsan Hijazi, *NYT,* Aug. 10, 1988, 190 збора.
[721] *NYT,* April 24, 1988.

тоа би било стандардна процедура кога се нападнати од терористичките сили на една суперсила, или дури и при помала закана - што е очигледна бесмисленост.

Доста општо кажано, никаква белешка не се дава и никаква грижа не се раѓа во случајот со репресијата во западните демократии од видот што предизвикува многу бес кога ќе биде спроведен во Никарагва, која е под закана дека ќе биде уништена. Во 1988 година, кога либералите во Конгресот и медиумските гулаби ги прекоруваа сандинистите поради вознемирувањето на медиумите и на политичката опозиција и повикуваа на ескалирање на воените напади ако веднаш не престане ова изложување на комунистичкиот тоталитаризам; француската влада, под никаква закана, "ја забрани продажбата, оптекот и дистрибуцијата" на една баскиска книга врз основа на тоа дека тоа "му се заканува на јавниот ред", а го забрани и издавањето на весникот "Ел бадил демократик", кој ги поддржува алжирските дисиденти, врз основа на тоа дека "тоа издавање би можело да им наштети на дипломатските односи на Франција со Алжир." Француските судови го казнија директорот на баскискиот весник "Абил" на 20 месеци затвор поради објавување на "апологија за тероризмот", додека шпанските судови парично казнија една баскиска радио станица поради емитување на навреди на кралот во едно радио шоу со телефонски повици, а владата донесе пред суд тројца активисти на една политичка група под обвинение за "објавување, оптек и репродукција на лажни информации што би можеле да го нарушат јавниот ред", помеѓу многуте случаи на казнувања на јавните изјави и откажувања на мирни демонстрации.[722] Ваквите настани не ги предизвикуваат страстите за граѓанските слободи кај западните елити, ниту пак повиците за сурова одмазда кај чуварите на демократските принципи.

8. Борбата што продолжува[723]

Како што е најавено преку забелешките на судијата Бренан, кои претходно беа наведени, слободата на говорот никако не е длабоко вкоренета традиција дури ни во САД, кој според споредбените стандарди е доста напреден во оваа смисла.[724] Истото важи и за другите права. Пред половина век, анархистичкиот писател Рудолф Рокер забележа: "Политичките права не потекнуваат од парламентите; напротив, тие им се наметнати од надвор. Па дури и нивното изгласување за закони долго време немаше гаранции за својата безбедност. Тие не постојат зашто законски се запишани на лист хартија, туку само тогаш кога ќе станат стекната навика на еден народ и кога секој обид да се нарушат ќе се соочи со насилниот отпор на масите."[725] Историјата обезбедува обилни потврди за овој заклучок.

Како што е добро познато, во САД дури и правото на глас беше добиено само преку постојана борба. Жените немаа право на глас 130 години, а на оние

[722] *El Pais* (Madrid), May 3; *Egin* (San Sebastian), June 28, August 2, June 22, July 24, 28, 1988.
[723] Додаток кон Петта глава.
[724] Без да го следиме овој предмет, треба овде барем да забележам дека во другите индустриски демократии, состојбата често е далеку полоша.
[725] Rocker, "Anarchism and Anarcho-Syndicalism," во Paul Eltzbacher, ed., *Anarchism* (Freedom Press, 1960). Ова е извадок од важната книга на Рокер од 1938 година *Anarcho-Syndicalism* (Pluto Press, London, 1989).

кои Американскиот устав ги нарече три петтини луѓе во голема мера им беше негирано ова право сè додека народните движења од минатата генерација не ја промениja културната и политичката клима. И додека гласачкото право полека се шириле преку народните борби, гласањето продолжува да паѓа и да станува придружник на привилегијата, што во голема мера е одраз на општата деполитизација на општеството и на дезинтеграцијата на независната култура што ја предизвикува доминацијата на бизнисот, заедно со народното групирање за нејзино одржување. Она што останува од формалното учество често едвај е нешто повеќе од гест на ратификација со само ограничена содржина, особено на повисоките нивоа на политичката моќ.

Истото важи и за слободата на говорот. Иако Првиот амандман изгледа дека го дава ова право, како што се толкува во практиката, давањето е ограничено. На својата слободарска крајност, правната доктрина остана онаа на Блекстоун, повторена во 1931 година од судијата на Врховниот суд Хаџис во пресудата што се смета за меѓна победа за слободата на изразувањето: "Секој слободен човек има несомнено право да положи какви сака чувства пред јавноста; да се забрани ова е да се уништи слободата на печатот; но ако објави нешто што е несоодветно, злонамерно или незаконско, мора да си ги преземе последиците за сопствената смелост." Претходното ограничување е забрането, но не и казнувањето за неприфатливите мисли.[726]

Во прегледот на "историјата и стварноста на слободниот говор во САД", Дејвид Кејрис истакнува дека "никое право на слободен говор, било во правото или во практиката, не постоеше сè до темелната преобразба на законот што го уредуваше говорот во периодот од околу 1919 година до 1940 година. Пред тоа време, некој говореше јавно само по одлука на локалните, а понекогаш и на федералните власти, кои често го забрануваа она што тие, локалниот бизнис естаблишмент или другите моќни делови од заедницата не сакаа да го слушнат." Тој мисли не на посуптилните средства за контрола за кои цело време расправам, туку на законското право на слобода на говорот, кршлива конструкција што не го издржа тестот дури и на многу ограничената закана, која заостанува зад една криза.[727]

Мерило за тежината на загриженоста околу слободата на говорот дава фактот дека од 1959 до 1974 година Врховниот суд решаваше повеќе случаи во врска со Првиот амандман отколку во целата своја претходна историја, при што процесот на утврдување во закон на овие права сериозно започна по Првата светска војна. Актот за бунтовите од 1798 година не беше ставен под знак прашање во судовите до 1964 година, кога беше прогласен за "несообразен со Првиот амандман." Мислењето на судијата Бренан во овој случај ја поништи одлуката со која се осудуваше "Њујорк тајмс" поради објавување на платен оглас под спонзорство на една група за граѓански права, која наводно го клеветеше полицискиот началник од Монтгомери, Алабама. Така, во 1964 година, за прв пат, Врховниот суд "го направи експлицитен принципот дека субверзивното клеветење - критиката на владата - не може да биде злодело во Америка и во оваа врска зборуваше за 'централното значење на Првиот амандман.'"[728] Коментирајќи околу оваа пресуда, Хари Калвен забележува дека

[726] Hughes, во *Near v. Minnesota,* 1931, цитирано од Jerome Barron, "Access to the Press."
[727] Kairys, "Freedom of Speech," во David Kairys, ed., *The Politics of Law* (Pantheon, 1982).
[728] Jamie Kalven, вовед на уредникот кон Harry Kalven, *A Worthy Tradition: Freedom of Speech in America* (Harper & Row, 1988); Мислењето на Бренан е наведено на 66 страна. Забележете дека

субверзивното клеветење е "жиг на затворените општества во целиот свет" и неговиот статус во правото "го дефинира општеството"; ако "на критикувањето на владата се гледа како на клеветење и се казнува како злодело", тогаш "тоа не е слободно општество, без разлика на неговите останати карактеристики."[729] Според ова разумно мерило, САД помина на еден од клучните тестови за "слободно општество" кога се приближуваше двовековната прослава на неговата Декларација за независноста.

Актот за шпионажата од 1917 година го направи федерално злодело за времетраење на војна "намерното создавање или пренесување на погрешни извештаи или погрешни изјави со намера да се попречат операциите или успехот на воените или поморските сили на САД или да се поддржува успехот на неговите непријатели", "намерното предизвикување или обидите за предизвикување на непотчинување, неверност, бунтување или одбивање на должноста" во вооружените сили или "намерното опструирање на регрутирањето или на регрутните служби на САД."[730] Во 1918 година беа додадени уште повреди, вклучително и "изразување, печатење, пишување или објавување на било каков неверен, профан, непристоен или злоупотребувачки јазик, или на јазик што намерава да предизвика презир, потсмевање, понижување или непочитување во однос на обликот на владеење во САД, Уставот, знамето, униформата на Војската или Морнарицата, или било каков јазик чија намера е да предизвика отпор кон САД или да ја прифати каузата на неговите непријатели."[731]

Началникот на поштата, Алберт Барлесон, задолжен за одговорноста на прочистување на писмата, објави дека никој не може да пишува "дека оваа влада погрешно влезе во војната, дека во неа е поради погрешни цели, или било што ќе ги осудува мотивите на владата за одење во војна. Не може да се каже дека владата е орудие на Волстрит или на производувачите на муниција" или "да се води кампања против мобилизирањето и Законот за мобилизација." Неговите одлуки судовите постојано ги одобруваа, сметајќи дека "мораме со добра волја и со храброст да ги прифатиме причините кои властите ги сметаат за доволни за да ја оправдаат војната" (судијата Олдрич, Њу Хемпшир дистрикт). Барлесон забрани еден памфлет за страдањето под британската власт во Индија и отстрани од еден католички весник една изјава на папата во која тој рече дека "никој не може да биде верен на својата земја, освен ако прво не ѝ е верен на својата совест и на својот Бог." На Вашингтонскиот комитет за јавно информирање, пропагандното биро на владата, му беше дозволено "да го пушти во оптек официјалниот портрет на Ленин", но на Ранд училиштето во Њујорк не му беше дозволено "да го пушти во оптек самиот Ленин", помеѓу многуте други случаи.[732]

Оваа државна репресија беше придружена со опсежно толпесто насилство од страна на јавноста потпалена од џингоистичките повици и

интересната книга на Калвен е погрешно насловена; вистинската традиција која тој ја истражува е далеку од вредна.

[729] *Ibid.,* 63.

[730] "Espionage Act of 1917," повторно печатен во Harold L. Nelson, ed., *Freedom of the Press from Hamilton to the Warren Court* (Bobbs-Merrill, 1967, 247f.)

[731] Цитирано од Kairys, *op. cit.*

[732] Burleson, цитиран во воведот, Nelson, *op. cit.*; William Hard, *New Republic,* May 10, 1919, во Nelson, 253f.

охрабрена од државните власти.[733] Истиот период беше сведок на наглото слабеење на синдикатите и политичките организации, на казнувањето на претседателскиот кандидат Јуџин Дебс (во 1919 година) на 10-годишен затвор поради еден пацифистички говор, на интернација на диригентот на Бостонскиот синфониски оркестар поради одбивањето да ја свири националната химна, на забранувањето на десетици весници од праќањето преку пошта и така натаму, при што сето ова е минорно во споредба со "Црвеното застрашување" на Вудроу Вилсон.[734]

Имаше околу 2000 кривични гонења поради неприфатливо дисидентство. Прегледувајќи ги нив, професорот на Харвардскиот правен факултет Закарија Чафи забележа дека "судовите ги третираа мислењата како изјави за фактите и потоа ги осудуваа како погрешни, зашто се разликуваа од говорот на претседателот или од резолуцијата на Конгресот со која се објавува војна... Стана злодело да се брани повисокото оданочување наместо договорните прашања, да се изјави дека мобилизацијата е неуставна..., да се убедува дека на нашата објава на војна требаше да ѝ претходи референдум, да се каже дека војната е спротивна на учењето на христијанството. Казнети беа луѓе за критикување на Црвениот крст и на YMCA*."[735]

"Ниту една од осудите според Актот за шпионажа не беше преиначена од страна на Врховниот суд врз основа на Првиот амандман", забележува Кејрис.

Оваа исклучителна повреда на слободата на изразувањето, треба да се потсетиме, се случи во моментот кога земјата имаше неспоредливо богатство и растечка моќ и кога не се соочуваше со никаква закана.

Во прегледот од 1943 година, ACLU ја фалеше "состојбата со граѓанската слобода" за време на Втората светска војна за разлика од Првата светска војна, кога владините и другите притисоци "резултираа со толпесто насилство против несогласните, со стотици судски гонења поради изјави; со создавање на универзален доброволен систем на будност, официјално признат, за да го пријавува несогласувањето на ФБИ; со хистерична омраза на сè што е германско; со дивјачки казни поради приватно изразување на критики; и со потиснување на јавната дебата околу прашањето на војната и мирот."[736] Но оваа позитивна оцена на состојбата со граѓанската слобода за време на Втората светска војна треба да се приспособи во светлината на (одобреното од судот) испраќање на 110.000 јапонски Американци во концентрациони логори; Актот за шпионажа од 1940 година и Смитовиот акт,[737] започнувањето на репресивните дејствија на ФБИ што се одржаа на високо ниво барем 30 години;

---

[733] За преглед на стотиците случаи од април 1917 до јуни 1918 година, види го извештајот од 1919 година на Бирото за национални граѓански слободи, која по една година стана ACLU, што повторно беше печатен во Nelson, *op. cit.,* 307f.

[734] Robert J. Goldstein, *Political Repression in Modern America* (Cambridge: Schenkman, 1978). Види и додаток 2, оддел 2.

[*] Young Men Christian Associaton (YMCA) – Младинска христијанска асоцијација (заб. на прев.).

[735] Chafee, *Free Speech in the United States* (Harvard, 1941), цитирано од Kairys, *op. cit.*

[736] ACLU *Review of the Year* (to June 1943), повторно печатено во Nelson, *op. cit.,* 264.

[737] "Сеопфатниот федерален закон за бунт", забележува Хенри Калвен, според кој се прогласуваше за злодело "свесното и намерното бранење, помагање, советување или учење за должноста, нужноста, пожелноста или правилноста од соборување или уништување на било која влада во САД преку сила или насилство", организирањето или помагањето да се организира било која група што учи, брани или охрабрува такви доктрини или "да се биде или да се стане член или да се биде поврзан со било кое такво друштво, група или здружение на лица, знаејќи ги неговите цели." Клаузулата за членството во 1961 година беше поткрепена од Врховниот суд во *Scales v. United States*. Kalven, *op. cit.*

владиното сузбивање на штрајковите и уништувањето на Социјалистичката работничка партија; потполната воена состојба на Хаваи со која се забрануваше судење пред порота, habeas corpus и другите процедурални права; затворањето на десетици луѓе поради такви заведувачки дејствија како советување на противниците на мобилизацијата; забранувањето несогласниот печат да се праќа преку пошта и запленувањето на весници и други публикации; надгледувањето на целото меѓународно сообраќање со пораки под военовременска цензура; суровиот третман на приговорачите на совеста итн.[738] Во меѓувреме, лево-либералното мислење повика на ограничување на Билот на правата на "пријателите на демократијата" и на "истребување" на "предавничкиот печат", додека Рајнхолд Нибур нагласи дека се потребни "поголеми мерки на принуда" за време на национална вонредна состојба и го одобри кршењето на "слободата на организациите да шират субверзивна пропаганда" и хајките на заедниците "за елиминирање на непослушните па дури и предавнички елементи."[739]

Сето ова беше во време кога противењето на војната беше микроскопска, САД беше далеку најбогатата и најмоќна држава во светот, а неговата национална територија не беше загрозена од напад од Војната од 1812 година.

Мислењата на Холмс и Брандајс по Првата светска војна го претставуваа првиот значаен прекин во шемата на државна контрола на изразувањето, но на ограничен начин. Во 1919 година, судијата Холмс го формулира тестот на "јасна и присутна опасност", кој се смета за значајна победа за граѓанските слободи. Доктрината тешко дека е непосредна одбрана на слободата на говорот, особено кога се разгледуваат околностите. Преку ова мислење Холмс го потврди осудувањето на еден лидер на Социјалистичката партија, чие злодело беше растурање на леток помеѓу мобилизираните во кој се критикува Првата светска војна и со кој тие се убедуваат да се спротивстават на своето мобилизирање, за кое тврди дека е неуставно, врз правна основа и со правни средства. Дури во 1969 година Врховниот суд прогласи дека тестот на "јасната и присутна опасност" е несоодветен, усвојувајќи го наместо него критериумот на директно поттикнување за забранување на говорот од страна на државата.[740]

Имплицитно прифаќајќи ја перспективата што во главни црти ја прикажа Рокер, а која беше наведена погоре, Кејрис истакнува важна поента дека "периодите на строга заштита и ширење на граѓанските права и граѓанските слободи кореспондираат на периодите во кои масовните движења што претставуваат вродостоен предизвик за постојниот поредок бараа такви права", односно дека бараа спроведување на теоретското право на слободно изразување: во прв ред левицата, трудот и другите народни движења, повторно во 60-те.

Кон оваа анализа треба да се додаде дека доминантните класи имаат свои сопствени причини да и' се спротивставуваат на државната моќ што може да ги прекрши нивните права и често ќе ги штитат правата кои ним најмногу им користат. Другите, особено оние што ја споделуваат привилегираноста, тогаш ќе имаат корист и од овие ограничувања на државната моќ, вклучувајќи ги и дисидентите. Во едно добро-функционирачко капиталистичко општество сè станува стока, вклучувајќи ја и слободата; некој може да има онолку колку што

[738] Goldstein, *Political Repression*.
[739] *Ibid.,* цитирајќи ги *New Republic, New Leader, Nation*; Fox, *Reinhold Niebuhr,* 293.
[740] Richard Polenberg, *Fighting Faiths* (Viking, 1987, 367).

може да купи, а оние што можат да купат многу ја имаат секоја причина да го зачуваат обилното снабдување.

Целото време во голема мера се држам до либералната страна на спектарот, која тежнее да го прифати барем апстрактното право на слобода на изразувањето, и до посуптилните - иако многу успешни - мерки за контрола на мислата и изразувањето кои резултираат од нормалното функционирање на општествено-политичкиот систем. Но, како што покажува американската историја до ден денес со голема јасност, постои еден упорен сој на опозиција кон целиот концепт на слободата на говорот и на здружувањето. Тоа јасно го гледаме од искуството со двете светски војни и од повоената репресија, од бранот на политички отпуштања на универзитетите во обид да се задржи предизвикувањето на елитниот авторитет што се појави во 60-те, од COINTELPRO операциите на ФБИ што го достигнаа својот врв за време на либералните администрации во 60-те и од доста ограничената загриженост што беше предизвикана кога тие беа разоткриени за време на бранувањата околу Вотергејт и многу други работи. Тоа повторно го гледаме во вулгарната џингоистичка реторика на Бушовата претседателска кампања од 1988 година (барањето дека државата треба да ги принуди децата свечено да се обврзат на приврзаност кон знамето, на пример, што енергично беше прифатено од многу противници на слободата во естаблишментот), во значителното влијание на религиозниот фундаментализам и во другите злогласни појави.

Продолжува да има и такви што не се задоволуваат со видот на народна будност спонзориран од владата за време на Првата светска војна и што сакаат самата држава да ги регистрира и да ги идентификува оние мисли за кои е недозволливо да се мислат. Важно е да се има на ум дека тие во никој случај не се сметаат за квази-фашистички екстремисти. За да го илустрирам ова, ќе прегледам само еден неодамнешен интересен пример.

Разгледајте го историчарот Џентер Леви, чиј концепт на пишување на морално-историски трактати, кои високо се фалат како "софистицирани и темелни", е погрешно толкување на документите, некритичко прецвакување на владините тврдења и отфрлање на досадувачките факти што ним им противречат и чиј концепт на моралноста е таков што е легитимно скоро секое зверство врз цивили штом државата излезе со своите наредби.[741] Пишувајќи за "темелните основни правила" што ги бара пазарот на идеи за правилно да функционира, тој го уверува читателот во својата поддршка за слободата на говорот и на слободната размена на идеи, а потоа скицира како овие вредности треба да се разберат. Неговата основна концепција е дека поради заканата од субверзија, несоодветноста на приватната будност и ограничувањата што им се наметнати на државните власти, државата мора да ја заштити јавноста од заразување од страна на субверзивците и да "ги енергизира демократските сили". Без натурањето на државата за да го држи пазарот во ред, а натпреварот рамноправен, смета тој, "демократските сили" од естаблишментот немаат средства за да "делуваат против невистините што ги пропагираат екстремистичките групи" и нивните "измами".[742]

Проблемите што го мачат Леви растеа со намалувањето на државната и народната будност во доцните 50-ти. Земјата "комплетно го изгуби интересот околу прашањето за комунистичката субверзивност", Конгресот "повика на

[741] Види го прегледот на неговата *America in Vietnam,* кој е повторно печатен во *Towards a New Cold War* (во заедничко авторство со Едвард Херман).
[742] Lewy, "Does America Need a Verfassungsschutzbericht?," *Orbis,* Fall 1987.

напуштање на терминот 'субверзивност'", а "јавниот обвинител Едвард Х. Леви ја ограничи внатрешната разузнавачка функција на ФБИ на активностите што вклучуваат прекршување на федералните закони." Сомничаво е, предупредува тој, дека ФБИ "соодветно ги следи (групите различни од Комунистичката партија - Н. Ч.) кои делуваат директно или индиректно под директива на Куба, Никарагва, комунистичката Кина или другите непријателски држави" (цитирајќи "еден добро-информиран проучувач на предметот").

Од 60-те, продолжува Леви, "САД мораше да се справува со новата левица", која е широка категорија во неговиот опис и очигледно не е дел од САД; "САД" имплицитно се идентификува со државните власти кои мораат "да се справат" со неправилните мисли и кои мораат да имаат средства за така да постапат.

Решително обраќајќи им се на проблемите што ги предизвикува толеранцијата и наивниот либерализам на постмекартистичката ера, државата мора да преземе дејствија против "вечно менливата сцена на лабаво организираните групи" што ја сочинуваат новата левица. Овие организации, тврди Леви, имаат "прикриена агенда" која "ги прави субверзивни и поради тоа неприфатливи." "Наместо да ја признаат својата поддршка за комунизмот од кубански стил или својата солидарност со марксистите-ленинисти во Средна Америка, групите на новата левица се преправаат дека го бранат мирот и правдата и зборуваат за прогресивен општествен и економски поредок. Некои зборуваат за употребување на марксистичката парадигма, иако тие всушност се целосно посветени на комунизмот (или на марксизмот-ленинизмот, моментално модерен термин што изгледа дека звучи побенигно)." Отворената поддршка за марксизмот-ленинизмот е "неприфатлива" во едно демократско општество, па дури е и "субверзивна", а оние што ја скриваат оваа "прикриена агенда" се уште поопасни. Можно е, признава тој, некои нови левичари "да делуваат повеќе поради длабоката отуѓеност отколку поради приврзаност кон комунизмот, но тоа е ирелевантно од гледна точка на надгледувањето" од страна на државните власти. Тоа што овие субверзивци би можеле да имаат некои мотиви поинакви од прикриената приврзаност кон комунизмот или психички пореметувања јасно дека е незамисливо. Оттука, очигледно е дека новите левичари кои ја осудуваат марксистичко-ленинистичката теорија и пракса на далеку посериозен и попродорен начин од оној што ќе се најде во прогласите на Леви мора да се трудат да ја скријат својата "прикриена агенда".

Ваквите техники на штраусијански толкувања, што ги распознаваат прикриените агенди без разлика на она што вистинските текстови го кажуваат, се многу корисно средство за чуварите на авторитетот и на сопственоста. Овие методи обезбедуваат автоматски "доказ" за скоро секој посакуван заклучок. Ако заклучокот не е поткрепен со било каков текстуален доказ, или дури и е директно отфрлен од текстовите, тоа јасно покажува дека авторите се дури и полоши криминалци, кои не само што ги следат своите зли патишта, туку и се обидуваат да ги прикријат преку преправање и мамење. Не смееме да бидеме заведени од триковите на овие подмолни кучиња, кои веднаш се разјаснуваат во умот на комесарот. Преку логиката на Леви, би било детска игра да се покаже дека тој и неговите издавачи се агенти на Третиот рајх, кои работат на преиначување на неговиот несреќен пораз.

Некои од овие субверзивци, продолжува Леви, се вистински странски агенти. Тој го цитира социологот Џејмс К. Вилсон околу "полудувачки тешкиот" проблем на одредување кои "дисидентски групи" спаѓаат во оваа

категорија; кога, на пример, треба да се вклучи некој "што патува во странска земја за да добие обука, или што прима странски пари за да ги покрие трошоците на својата организација, или што тајно соработува, без да биде платен, со странски сили во следењето на целите на својата политика?" Задачите на комесарот навистина се обесхрабрувачки. Попатно, некој би се посомневал дека Леви и Вилсон ги имаат на ум поочигледните случаи што спаѓаат во рамките на нивните параноидни конструкции, на пример, американските ционисти.

Уште еден проблем, според гледањето на Леви, е тоа што ФБИ "сега го игнорира целиот опсег на субверзивни активности кои не се ниту незаконски ниту се поврзани со некоја странска сила." Така, "САД" е лишен од средствата што претходно му беа достапни за да "се справи" со непријателите кои се толку измамнички што делуваат во рамките на законот и кои се "политички нечесни поради криењето на вистинските политички цели и поради намерното всадување на лаги и дезинформации." Во оваа категорија истакнати се групите засновани врз црквата и групите што се противеа на Виетнамската војна и што превземаат слична "пресметана политичка измама" во однос на нашата крстоносна војна за слободата во Средна Америка. "Лагите и дезинформациите" на овие субверзивни елементи во служба на нивните прикриени агенди или странски господари "можат да го затрујат пазарот на идеи и посериозно да му наштетат на демократското општество од отвореното бранење на насилното соборување." Навистина сериозен проблем, за оние што се посветени на "демократијата".

"Приватните иницијативи" за контрола на овие субверзивци и странски агенти се несоодветни за исклучителната задача, заклучува Леви. Ова е така и покрај придонесот на групите што "ја разоткриваат манипулацијата спонзорирана од левицата", вклучувајќи ги Џон Бирч друштвото, "Американскиот совет за безбедност, воспоставен во средината на 50-те за да им помогне на корпорациите да ја проверат политичката позадина на можните вработени" (што очигледно е вредна цел во едно слободно општество) и "Линдон Ларуш, основачот на Американската лабуристичка партија."[743] Поради тоа е нужно самата држава да го преземе "вредниот потфат" на "фрлање светлина врз субверзивните планови."

Државата мора директно да биде вклучена во еден вид на "заштита на потрошувачот" за да осигура дека јавноста ќе "знае кога некој поединец или организација фактички е агент на некоја странска држава" и да ја заштити јавноста "од измамите на пазарот на идеите". "Идеите треба да се натпреваруваат отворено и чесно", но "со потполно достапни информации во врска со мотивите на оние што би управувале со политичкото тело", информација што мора да биде обезбедена од државните власти. Оттука, државата мора да регистрира што е Вистина и да ги идентификува оние што ја одрекуваат Официјалната Вистина како субверзивци, ако веќе не како странски агенти, разоткривајќи ги нивните прикриени мотиви и измамнички дејствија и

[743] Помеѓу нивните драматични разоткривања е фактот дека Маркус Раскин од Институтот за студии на применетата политика и јас сме "терористички команданти" што, работејќи со ЦИА, КГБ и другите кохорти, ја контролираме меѓународната мрежа на теророт, планираме да поставиме атомски бомби во американските градови за да ја попречиме двовековната прослава итн., додека нашите колеги како англиската кралица го контролираат меѓународниот бизнис со дрога, поврзани се со меѓународниот ционизам и со другите порочни елементи. Сето ова, се разбира, е "прикриена агенда", иако е провидна за вештиот испитувач.

дозволувајќи и' на јавноста "да знае кога некој поединец или организација фактички е агент на некоја странска држава." На овој начин, таа може да штити против "субверзијата на демократскиот процес."

Имајќи во предвид дека државата е сезнајна и мудра, не мораме да бидеме загрижени дека таа ќе згреши при своето формулирање на Официјалната Вистина и при разоткривањето на "измамите", "субверзивните планови", "дезинформациите" и останатите средства на оние што ги следат своите злонамерни "прикриени агенди", додека јавно проповедаат загриженост за мирот, правдата, меѓународното право, човековите права и останатите вредности. А оние што се посветени на (одредена концепција на) демократијата поради тоа мораат да и' го дадат на државата правото, па дури и должноста, за спроведување на овој потфат.

Но идентификувањето на прикриените странски агенти и субверзивци кои се осмелуваат да го испитуваат она што државата ќе одреди дека е Вистина не е доволно. Леви убедува државата да одржува и надгледување и "собирање на податоци за *потенцијално субверзивните групи*", овозможувајќи ѝ на таков начин "да ги штити граѓаните од погрешно наведените идеи како што веќе ги штити од погрешно наведените комерцијални производи" (со сигурност, "без прекршување на поединечните права", барем според неговата концепција на таквите права). Тој го предлага моделот на западно-германскиот Основен закон од 1949 година, кој им дозволува на државните власти "да го фокусираат болскотот на публицитетот врз анти-демократските политички сили - иновативна и успешна карактеристика на западно-германската 'милитантна демократија' што заслужува поблиско проучување. Иако ФБИ "веројатно" не може слободно да употребува техники како кражби, провалувања и електронско надгледување, сепак може да најде начини "да ги направи јавни активностите на екстремистите" и така "да ги провери махинациите на непријателите на демократскиот систем *пред* тие да претставуваат 'јасна и присутна закана.'"[744]

За да се гарантира функционирањето на слободниот пазар, мора да има "прецизни етикети на пакувањата" (се цитира Морис Ернст), а одговорност на државата е да ги обезбеди овие етикети за идеите. Неопходно е да се разоткрие прикриената комунистичка агенда на оние делови на "радикалната левица" како "Клерот и лаиците загрижени околу Виетнам", кои тајно бараа "победа за Северен Виетнам" и кои "работеа за создавање на политичка клима во која врз САД се гледаше како на агресор и извршувач на злото во Виетнам", заклучоци кои мораат да бидат етикетирани од страна на државните власти како Погрешни, бидејќи Леви ги смета за погрешни. Отстапувајќи од својата општа процедура, Леви всушност обезбедува докази за своите обвинениј околу прикриената агенда на "Клерот и лаиците загрижени околу Виетнам" и на Индокинескиот ресурсен центар со база во Вашингтон. Доказите се дека "Фред Халстид, член на (троцкистичката) Социјалистичка работничка партија и една од водечките фигури на движењето, подоцна откри дека цело време 'нашата централна задача... беше да се изврши максимален притисок врз САД да се повлече од Виетнам'" и на тој начин "да се помогне Виетнамската револуција". Халстид и СРП го кажаа токму истото, доста отворено, долго време пред "сé да биде готово" и всушност тоа секогаш го кажувале; а "Загриженият клер и лаиците", Индокинескиот ресурсен центар и останатите криминалци од "новата левица" би ги заинтригирало да дознаат дека Халстид беше еден од нивните

[744] Подвлекувањето е додадено.

водачи - или барем ќе симулираат изненаденост, следејќи ја својата прикриена агенда.

Слично на тоа, оние што "наведуваат дека сандинистите се демократски социјалисти и дека се посветени на христијанството... не се држат до некоја друга легитимна политичка позиција, туку манипулираат со една невистина", а таквите лоши дела државните власти мораат да ги разоткријат за да ја заштитат демократијата и слободниот пазар на идеи; државните агенции за "заштитата на потрошувачите" мораат да делуваат, на пример, кога Конор Круз О'Браен, во "Атлантик мантли", измамнички се преправа дека распознава христијански елементи во Сандинистичката револуција. Истото важи и за оние што "ја одрекуваат или ја минимизираат поддршката на советскиот блок за марксистичко-ленинистичките герилци во Средна Америка" (придружувајќи им се на поранешниот аналитичар на ЦИА Дејвид Мекмајкл и на Меѓународниот суд на правдата, помеѓу останатите субверзивци), истовремено "оцрнувајќи ја американската помош за демократските режими" во Средна Америка, исто како што нивните претходници тврдеа дека "бараат мир додека крадешкум работеа за комунистичката победа" во Виетнам (целата нова левица). Помеѓу оние што тајно следеа вакви субверзивни планови се либералната лоби група "Коалиција за нова надворешна и воена политика", истражувачката организација NACLA, "Женскиот удар за мир" и другите што се обидуваат да ги скријат своите "прикриени агенди" преку своите "махинации". Државните власти треба да ги идентификуваат сите овие елементи во "еден американски извештај за екстремизмот и субверзивноста без оглед на тоа дали тие имаат формални врски со Советскиот сојуз или со другите комунистички режими."

За тоталитаристот, забележува Леви, "противникот е по дефиниција субверзивен" (цитирајќи го Жан Франсоа Ревел). Оваа поента барем е точна, како што тој покажува цело време, очигледно без да знае.

Ваквите мисли не предизвикуваат ниту презир ни исмевање. Напротив, тие се појавија во угледниот весник на Истражувачкиот институт за надворешна политика од Филаделфија, под уредништво на Даниел Пајпс, со истакнат борд на уредници.

Спомнав само еден случај, кој е признато екстремен. Но постојат суштествени струи што ги одгласуваат истите чувства, а и другите облици на напад врз слободното изразување можат лесно да се илустрираат. Победите за слободата на говорот што се извојувани се далеку од стабилни.

Сепак, има победи. И во другите области има забележителен напредок во гарантирањето на основните човекови права, колку и да е тешко да се изговорат ваквите зборови во векот што ни ги даде Хитлер и Сталин и колку и да е агонизирачки бавен процесот. Напред останува долг пат и без постојана будност и народна решеност, нема "гаранција за безбедноста" на она што веќе е постигнато.

Поговор
Медиумите и контролата на мислата во демократските општества

Имаме технички можности да го изразиме своето мислење, поседуваме уставни гаранции дека нема да бидеме гонети поради изразувањето на своето мислење, поминуваме значителен дел од животот стекнувајќи знаења - сите предуслови се тука, а сепак толку ретко имаме изразување на мислења, настрана од папагализирањето на прописните етаблирани ставови. Зошто е тоа така? Нели луѓето, во прв ред интелектуалците, поседуваат интелектуален капацитет за да имаат свое мислење, нели нема зошто во демократските општества да се плашат од последиците за искажаното мислење, нели во ова време на комуникации соопштувањето на мислењето до другите треба да биде најмал проблем? Да не случајно живееме, без да знаеме, во најдобриот од сите светови, па е сосема беспредметно да изразуваме несогласност со етаблираното мислење?

Малкумина ќе најдат дека фрапира оваа дискрепанца помеѓу можностите и реалноста. Најголемиот дел чувствува задоволство во циничната незаинтересираност во однос на ваквите и сличните факти - без разлика дали тоа оди на нивна штета или не. Но во секој случај вреди да се објаснат причините за молкот што се крие зад вревата и за перцепирањето на нијансирањето на една боја како разнобојност.

Да почнеме со образованието. Унапредувањето на знаењето е нож со две острици. Тоа поседува креативен, но и деструктивен потенцијал. Може да придонесе кон ослободувањето на човекот, но и да има за цел зацврстување на контролата врз луѓето. Денес нечуени пари се слеваат во индустријата за односи со јавноста, која го користи расположливото знаење за манипулирање со масите. А нејзиниот успех е дотолку поголем што успева да манипулира не само со неписмените, туку и со сеопфатно образованите луѓе. Долги години се трошат по училишните клупи без да се успее да се изградат интелектуални механизми за самоодбрана од манипулациите. Тоа, пак, доаѓа од насоченоста на образованието кон развивање на инструменталниот, а не на критичкиот ум кај учениците и студентите. Имено, насоченоста е кон акумулирање на знаења наместо кон развивање на способноста за критичко промислување на стварноста, а целта - опремување на луѓето со знаења што ќе им овозможат правилно да функционираат како запчаници во системот, а не да се интересираат дали системот правилно функционира. Понатамошни механизми за превенција на несаканите промислувања се развивањето на љубовта кон конформизмот и на стравот да се биде сам кога шиба ветрот (“овца што се дели од стадото, волкот ќе ја јаде”), како и потиснување на свеста дека бидувањето интелектуалец со себе носи одредена морална одговорност. Добра илустрација за последново е споредбата на ставовите на Визел и Чомски кон Израел. Несомнено е дека овие двајца универзитетски професори, Евреи по националност, имаат симпатии кон Израел. Но колку дијаметрално спротивно е нивното однесување! Визел (добитник на Нобеловата награда за мир!) љуби да молчи и да не ја гледа грдата вистина за недостојното однесување на оние чии предци го доживеаја холокаустот, додека Чомски чувствува морална одговорност да застане на страната на угнетените, да го искористи своето реноме да апелира да се стави крај на угнетувањето - без разлика што во случајот угнетувачи се токму неговите сонародници. Малкумина, за жал, се

подготвени хуманизмот да го сметаат за поважен од "патриотизмот"; малкумина чувствуваат морална одговорност своето знаење да го употребат за разоткривање на манипулациите на власта, без разлика која е таа.

Уставните гаранции за слободата на изразувањето е неопходен, но често не и доволен услов за слободното изразување. Демократските системи во врска со ова суштинско човеково право гарантираат дека никој нема да биде лишен од слобода поради изразувањето на своето мислење, но тоа го решава само едниот дел од проблемот. Постојат и други санкции, а постојат и недржавни центри на моќ. Така, работодавецот може да го отпушти работникот поради изразувањето на несоодветно мислење во врска со некој аспект од работниот однос, а професорот може да го паѓа на испити студентот ако тој изрази сомневање во познавањето на материјата од страна на професорот. Поради ваквите санкции (кои само по исклучок се забранети и тоа главно на формален начин без фактички ефекти) чест е случајот на практикување на автоцензура при вршењето на интелектуални работни задачи. Тоа, пак, од своја страна, поради потребата од поволна автоперцепција, многумина ги тера вистински да поверуваат во работите што претходно ги застапувале без да веруваат во нив.

Тука доаѓаме до медиумите. Ако некој стекнал способност да може да развие свое гледање на работите и ако е подготвен да го изрази своето мислење, доста веројатно е дека нема да може да го соопшти своето видување пред поширокиот аудиториум, ако тоа, се разбира, се покаже штетно за интересите на моќните и привилегираните. Важноста на медиумите за демократските процеси со право се нагласува, но при тоа често се превидува нивната темна страна, нивната злоупотреба на моќта. Во таа насока, трудовите на Чомски во врска со медиумите сметам дека можат да им понудат многу корисни сознанија на оние што се волни да не ја игнорираат темната страна на медиумите. Тука во прв ред мислам на "Произведувањето согласност" (во коавторство со Е. Херман) и на "Нужните илузии". Во "Произведувањето согласност" Чомски и Херман го развиваат моделот на пропагандата, чија срцевина ја претставуваат петте филтри[745] кои го објаснуваат пристрасното покривање што се крие зад објективистичката реторика. Првиот филтер е концентрацијата на медиумите во рацете на богатите (поради растечките трошоци за влез и одржување на медиумскиот пазар); вториот - влијанието на оние што рекламираат врз уредувачката политика (засновано врз претворањето на рекламирањето во главен извор на приходи за медиумите); третиот - потпирањето врз информациите што ги обезбедува владата, бизнисот и "експертите" (поради потребата од имање постојан извор на информации и заштеда на време, пари и енергија потребни за самостојното барање и проверување на фактите); четвртиот - произведувањето "шум" (вознемирување на медиумите поради непридржување кон интересите на моќните и влијателните); петтиот - антикомунизмот како национална религија и контролен механизам (можноста уверливо да се дискредитира секое отстапување од линијата преку неговото жигосување како "комунизам").[746] Во "Нужните илузии" Чомски продолжува да фрла светлина врз темната страна на медиумите, разобличувајќи го нивното користење на дисторзните методи како стимулирање на расправата, но само во утврдените граници, употребата на казуистичкиот метод, "Тролоповиот

[745] Според моето мислење, поточно е да се зборува за дисторзни фактори наместо за филтри.

[746] Падот на комунизмот ја оневозможи употребата на петтиот филтер, но по терористичките напади од 11. 9. 2001 тероризмот и борбата против тероризмот доста успешно го зазеде местото на комунизмот и борбата против комунизмот.

маневар", свесното одбирање на изворите на информации и другите методи чија цел е "контрола на мислата во демократските општества".

Застрашувачки делува помислата дека се врши контрола на мислата не само во тоталитарните режими, туку и во системите на либерална демократија, но тоа не ја намалува нејзината вистинитост. Уште повеќе, оваа тоталитарна карактеристика не само што е реалност за либералната демократија, туку е и суштински фактор за превенција од појавата на "криза на демократијата", стабилизирачки фактор par exelence што е исто толку функционален за системите на либерална демократија колку што се дисфункционални барањата за нивна суштинска демократизација. Парадоксалноста тука не завршува. Тоталитарниот стремеж за контрола на мислата е поефикасен во либералните демократии отколку во тоталитарните режими, а истовремено е и поважен за првите отколку за вторите. Причината за поголемата ефикасност на демократскиот систем на контрола на мислата лежи во фактот што тој не е очебиен, што е доста посуптилен. Или како што забележа К. П. Отеро: "Тоталитарниот систем на контрола на мислата е далеку помалку успешен од демократскиот систем, бидејќи официјалната доктрина што ја папагализираат интелектуалците во служба на државата лесно се препознава како чиста пропаганда и ова помага за ослободување на умот", за разлика од ситуацијата со демократскиот систем. Коментирајќи во врска со овој став на Отеро, Чомски кажува зошто контролата на мислата е поважна во демократските отколку во тоталитарните системи. Имено, за разлика од тоталитарните системи, либералните демократии не можат опсежно да се потпрат врз силата за да го спречат антисистемското делување, поради што ако не сакаат да настане "криза на демократијата" мораат да му посветат поголемо внимание на контролата на мислата.[747] Се разбира, нивото на демократија што е извојувано ги принудува "реалдемократиите" да се ограничат на посуптилните облици на манипулација, но ова "ограничување" повеќе е причина за нивните успеси на ова поле отколку нивни хендикеп.

Сепак, успешноста на контролата на мислата не се должи само на софистицираноста на манипулативните техники, туку и на подложноста на манипулација на огромен дел од граѓаните. Свесен сум дека е непријатно да се прочита едно вакво тврдење, но колку што тоа е непријатно толку, за жал, е и точно тврдење. Обвинувањето само на манипулаторите за контролата на мислата не е ништо друго освен рационализација и како такво е контрапродуктивно. Контрапродуктивно е и да се ласка, без тоа да има основа во стварноста, зашто тоа успива наместо да ги отвора очите. Непобитен факт е незрелиот начин на размислување на огромното мнозинство на луѓе и најдобар начин тоа да остане така е да се однесуваме како овој факт да не постои. Би било убаво да беше поинаку, но Е. Фром сосема е во право кога напиша: "Човекот во толкава мера го користи својот ум за рационализација на своите ирационални страсти и за оправдување на постапките на својата група што сеуште е далеку денот кога со право ќе смее да се нарече homo sapiens."[748] Илузиите што ги произведуваат "експертите за легитимизација" (А. Грамши) успеваат, зашто паѓаат на плодна почва.

Основоположникот на разобличувањето на контролата на мислата, Џ. Орвел, во својата "1984-та" продре до суштината на несоодветното користење

[747] Види Noam Chomsky "Chronicles of Dissent; interviews with David Barsamian", "Common Courage Press" & "AK Press", 1992, pp. 62-5.
[748] Erich Fromm "Psihoanaliza i religija", "Naprijed", Zagreb, 1986, 318 str.

на умствените капацитети, односно на користењето на умот за заробување на умот. Имено, луѓето при оценувањето на работите во голема мера применуваат двојни стандарди: еден за идејниот систем што го поддржуваат, за својата татковина, за својата политичка партија, за личностите што ги ценат, а друг за останатите идејни системи, за непријателските земји, соперничките политички партии и за личностите што ги мразат. Свеста за применувањето на двојните стандарди како неугодна се потиснува, а тоа создава соодветна ментална подлога, која ќе ја овозможи перцепцијата дека се мисли рационално. Менталната издресираност за примена на двојните стандарди, која е conditio sine qua non за некој да може да биде успешно манипулиран, Орвел ја објаснува преку три "новоговорни" поими: злостоп, црнбел и двомисла.[749]

- "Злостопот значи способност да се прекине, како по инстинкт, уште во самиот корен, секоја опасна мисла. Тоа подразбира способност да не се сфаќаат аналогиите, да не се забележуваат логичките грешки, погрешно да се разбираат и наједноставните докази ако се спротивни на Ангсоцот (тоталитарното општество од "1984-та" - З. С.) и да се чувствува здодевност или одбивност кон секој тек на мисли што би можел да води кон ерес. Злостопот, накратко, значи заштитна глупавост." Ова "затнување на ушите", ова блокирање на аргументите да не дојдат до умот е причината за слабата убедливост и на најдобрите аргументи. Поради употребата на злостопот дури и најочигледните докази кои се посочени без задна намера можат да се перцепираат како свесна измама што a priori е погрешна и чија единствена цел е да го извалка имиџот на застапуваниот идеен систем, политичка партија итн. На злостопот манипулаторите треба да му бидат благодарни што и најтенките нишки од нивната пропагандна мрежа тешко се кинат.

- Црнбел се нарекува "постојаната еластичност во третирањето на фактите": "Како и многу новоговорни зборови и овој има две меѓусебно спротивни значења. Кога се однесува на противникот, тој означува човек кој без стеснување тврди дека црното е бело, спротивно на очигледниот факт. Кога се однесува на член на Партијата, означува верна подготвеност да се каже дека црното е бело кога партиската дисциплина тоа го бара. Но тој збор ја означува и способноста *да се верува* дека црното е бело и, уште повеќе, *да се знае* дека црното е бело и да се заборави дека се верувало поинаку." Во "Нужни илузии" Чомски повеќепати упатува на овој селективен далтонизам кога посочува на леснотијата со која се забележува провидноста на непријателската пропаганда, додека истовремено провидноста на пропагандата во врска со истите работи но на сопствената страна е вон видното поле.

- Двомислата е способност истовремено да се имаат две спротивни уверувања, кои меѓусебно се исклучуваат, но поради чудната поврзаност на знаењето со незнаењето и на цинизмот со фанатизмот можно е напоредното верување и во двете. "Нужни илузии" нуди изобилни примери за двомислата според која можеш "... да ја отфрлиш моралноста и истовремено да полагаш право на неа, да веруваш дека демократијата е невозможна и дека Партијата (или било кој објект на верување - З. С.) е чувар на демократијата; да заборавиш сé што е потребно да се заборави, потоа сето тоа повторно да го вратиш во сеќавањето кога тоа е потребно, а потоа брзо повторно да го заборавиш..."

За да ја илустрира контролата на мислата, Чомски главно се користи со примери од надворешната политика на САД. Имајќи во предвид дека таа

[749] Види Џорџ Орвел "1984", "Детска радост", Скопје, 1998, 256-63 и 46 стр.

проблематика, по лингвистиката, му е најблиска на Чомски, илустрирањето е очекувано и не може да изненадува. Сепак, овде сме должни да одговориме на една веројатна забелешка на читателите: дека "Нужни илузии" можеби добро ја илустрира својата поента, но дека примерите се застарени - кога Чомски го пишуваше ова дело СССР сеуште постоеше, додека сега СССР и комунизмот веќе одамна се минато, а случувањата во Средна Америка во 80-те не само што одамна се минато, туку и никогаш не и' биле блиски на македонската јавност. Сето ова е точно, но на читателите би им предложил во тоа да гледаат предност, а не недостаток. Споредбата на она што се случувало во 80-те со она што се случува денес го нуди сознанието дека работите на сцената на светската политика воопшто не се промениле драстично. Главно само жртвата е различна. Во 80-те тоа беше Никарагва (помеѓу останатите), денес е Ирак (помеѓу останатите). Ако Чомски се решеше денес да ја пишува "Нужни илузии", тоа многу лесно ќе го направеше црпејќи примери од Ирак, Авганистан, Југославија. И уште повеќе. Секој што сака, може да изврши "update" на "Нужни илузии", додавајќи само современи примери на теоретските сознанија од ова дело. Со еден збор, читателот не губи поради потпирањето врз примери што денес се застарени; напротив, го добива корисното сознание дека некои работи имаат континуитет, а што немаше да биде толку јасно забележливо ако беше преведено некое од поновите дела на Чомски.

За крај, би си дозволил едно посочување кон првиот дел од филмот "Матрикс" или поточно кон сцената кога Морфеус му нуди две таблети на Нео: едната таблета е таблета на заборавот и ја нуди илузијата дека сé е во ред, а другата е таблета која ја нуди вистината, но, како што инсистира Морфеус, само вистината и ништо повеќе - значи вистината без сите нејзини разубавувања и, уште поважно, без можноста да се употребат психолошки механизми за нејзино разубавување. Делата на Чомски и на другите разоткривачи на контролата на мислата им го нудат на читателите истиот избор што му го понуди и Морфеус на Нео. До читателите е дали ќе одберат да ги држат очите отворени и да бидат свесни за непријатната вистина, или ќе ја потиснат таа свест и ќе сметаат дека "не е сé така црно", дека "чашата не е полупразна, туку полуполна", дека пријатната илузија е подобра од грдата вистина. Некој ќе рече дека ваквото претставување на работите е премногу песимистичко, а мојот одговор на оваа забелешка би бил: оптимизмот не се состои во тоа што ќе го активираме целиот арсенал на психолошки механизми за да се убедиме дека лошата стварност и не е така лоша, туку напротив во тоа што осознавањето на лошата стварност нема да нè разочара во залагањето за нејзино подобрување. Потребно е, како што велеше Грамши, песимизам на разумот, а оптимизам на волјата - не самозалажување на разумот и пасивизација на волјата. "Нужни илузии" ја објаснува контролата на мислата во демократските општества, но не со цел место илузии да понуди нихилизам, туку со цел да ги отрезни оние во чие име се владее во демократиите за да ги искористат можностите што им се пружаат "за да се помогне создавањето на почовечен и подостоен свет".

Здравко Савески